
МАРАНАТА

(Господ доаѓа)



Елена Вајт

Вовед

„Мараната — Господ доаѓа“ содржи 365 дневни читања од списите на Елена Вајт, посветени на надежта во второто Христово доаѓање. Низ библиски стихови и избрани извадоци, книгата го насочува погледот кон Христос и кон животот што се подготвува за средба со Него.

Читањата се движат од ветувањето за Неговото доаѓање и потребата од лична подготовка, преку знаците и настаните поврзани со крајот, до воскресението и обновената земја. Нивната порака не е повик да се одредуваат датуми, туку да се живее со вера, будност и доверба во Божјите ветувања.

Подготовката за Христовото враќање е поврзана со секојдневниот живот: со молитвата, проучувањето на Светото писмо, односот кон ближните и верноста во малите одговорности. Надежта за иднината добива видлив израз во карактерот и во делата на човекот денес.

Секое читање може да биде почеток на лично размислување или на разговор во семејството. Прочитајте го библискиот стих, разгледајте ја пораката на дневното читање и размислете како таа се однесува на вашиот живот. Наведените извори овозможуваат темата да се проучи и во поширокиот контекст на книгата од која е земена.

Во средиштето на овие страници стои ветувањето дека злото и страдањето нема да траат засекогаш. Христос повторно ќе дојде. Таа надеж го охрабрува верникот да истрае, да љуби и да служи, додека со доверба го очекува исполнувањето на Божјите ветувања.

Содржина

Јануари — Царот доаѓа!

Февруари — Дали сме подготвени за Неговото доаѓање

Март — Подготвеност за небото

Април — Пораката за Неговото доаѓање

Мај — Знаците на Христовото враќање

Јуни — Настаните што му претходат на второто Христово доаѓање

Јули — Огненото искушение и сведоштвото на црквата

Август — Посветувањето, запечатувањето и светилиштето

Септември — Настаните поврзани со крајот на времето на проба

Октомври — Настаните поврзани со второто Христово доаѓање

Ноември — Небото и Земјата во текот на милениумот

Декември — Конечниот суд и новата земја

1 јануари

Првото Христово доаѓање

„Но, кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, Кој се роди од жена и се потчини на Законот, за да ги откупи оние што се под Закон, та да го примиме посинувањето.“ (Галатјаните 4:4,5) {МАР 9.1}

„Доаѓањето на Спасителот било претскажано во Едем. Кога Адам и Ева првпат го слушнале ветувањето, очекувале дека тоа брзо ќе се исполни. Тие радосно го поздравиле раѓањето на својот првенец, надевајќи се дека можеби тој ќе биде Избавителот. Но исполнувањето на ветувањето се одложило. Оние што први го примиле умреле без да го видат неговото исполнување. Почнувајќи од деновите на Енох, патријарсите и пророците го повторувале ова ветување, одржувајќи ја жива надежта во Неговото доаѓање, но Тој сè уште не доаѓал. Пророштвото на Даниел го открило времето на Неговото доаѓање, но не ја разбрале сите правилно пораката. Минувал век по век, гласовите на пророците замолкнале. Раката на угнетувачот тешко го притискала Израел и многумина биле готови да извикаат: ’Деновите минуваат, а пророчките виденија не се извршуваат!‘ (Езекиел 12:22) {МАР 9.2}

Но, како ѕвездите што се движат по определени патеки низ бескрајниот простор, Божјите намери не познаваат ниту брзање ниту задоцнување. Со симболите на голема темнина и печка што чади, Бог му го открил на Авраам израелското ропство во Египет и му објавил дека нивниот престој ќе трае четиристотини години. ’Потоа‘, рекол Тој, ’тие ќе излезат оттаму со големо богатство‘. (Создавање 15:14) Против тој збор залудно се борела сета сила на гордото фараоново царство. ’во истиот ден‘, определен со божественото ветување, ’излезе сета Господова војска од земјата египетска‘. (Излез 12:41) Така и мигот на Христовото доаѓање бил определен на небесниот совет. Кога големиот часовник на времето го покажал тој миг, Исус се родил во Витлеем. {МАР 9.3}

’Но, кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син.‘ Провидението управувало со движењето на народите и со текот на човечките побуди и влијанија, сè додека светот не созреал за доаѓањето на Избавителот. ... {МАР 9.4}

Тогаш Исус дошол да го обнови во човекот ликот на Создателот. Никој друг освен Христос не можел повторно да го обликува карактерот расипан од гревот. Тој дошол да ги истера демоните што управувале со човечката волја. Дошол да нè подигне од правот, повторно да го обликува разурнатиот карактер според примерот на Својот божествен карактер и да го разубави со Својата слава.“ (Копнежот на вековите, стр. 31, 32, 37, 38) {МАР 9.5}

2 јануари

Порака од Витлеем

„Така и Христос, откако еднаш се принесе Самиот Себе како жртва, за да ги однесе гревовите на мнозина, вторпат ќе им се јави не веќе како жртва за грев на оние што Го очекуваат, туку за нивно спасение.“ (Евреите 9:28) {МАР 10.1}

„Во времето на првото Христово доаѓање, свештениците и книжевниците на Светиот град, луѓе на кои им бил доверен светиот залог на Божјите пророштва, можеле да ги препознаат знаците на времето и први да го проповедаат доаѓањето на ветениот Месија. Пророштвото на Михеј го означило местото на Неговото раѓање; Даниел го објавил времето кога Месијата ќе се појави (Михеј 5:2; Даниел 9:25). И двете пророштва Бог им ги доверил на еврејските водачи; и тие со ништо не можеле да се оправдаат, затоа што не знаеле и што не му објавиле на народот дека доаѓањето на Месијата е пред вратата. Нивното незнаење било само последица на грешното занемарување на пророштвата. ... {МАР 10.2}

Сиот народ требало да биде буден и да чека за да биде меѓу првите што ќе му посакаат добредојде на Откупителот на светот. Но што гледаме? Во Витлеем двајца уморни патници, пристигнати од назаретските ритчиња, напразно бараат одмор и преноќиште долж тесната улица, сè до источниот крај на градот. Ниедна врата не се отворила да ги прими. Најпосле наоѓаат прибежиште во едно бедно засолниште наменето за добиток и тука се родил Спасителот на светот. ... {МАР 10.3}

Никаде не можело да се забележи никаков знак дека се очекува Христовото доаѓање; никој не се подготвувал да го прими Кнезот на животот. Изненаден, небесниот весник штотуку се подготвувал да се врати на небото со срамен извештај, кога наеднаш забележал група пастири како ноќе ги чуваат своите стада и кои, посматрајќи го ѕвездената небо, разговарале за пророштвата за Месијата кој треба да дојде на земјата и копнееле за доаѓањето на Откупителот на светот. Тоа биле луѓе кои биле подготвени да ја примат веста од небото. Одненадеж им се појавил ангелот и им ја објавил радосната вест. ... {МАР 10.4}

О, колку поуки содржи оваа прекрасна историја за Витлеем! Каков укор за нашата неверност, гордост и себичност! Какво предупредување да не бидеме рамнодушни и поради тоа неспособни да ги разликуваме знаците на нашето време и на тој начин да не го препознаеме денот на нашата посета!“ (Големата борба, стр. 313–315) {МАР 10.5}

3 јануари

Кога се роди Исус...

„А кога се роди Исус во Витлеем Јудејски, во времето кога царуваше Ирод, ете, дојдоа во Ерусалим мудреци од исток и рекоа: 'Каде е новороденият Јудејски Цар? Ја видовме Неговата ѕвезда на исток, па дојдовме да Му се поклониме.'" (Матеј 2:1,2) {МАР 11.1}

„Царот на славата се понизил земајќи човечка природа. Ангелите, кои биле сведоци на Неговиот сјај во небесните дворови, додека сите небесни војски Му се поклонувале, биле разочарани кога го виделе својот божествен Заповедник во толку понизна положба. {МАР 11.2}

Евреите толку се оддалечиле од Бога со своите грешни дела што ангелите не можеле ним да им ја објават веста за доаѓањето на новороденият Откупител. Бог ги избрал мудреците од исток да ја исполнат Неговата волја. ... {МАР 11.3}

Овие мудри луѓе виделе како светлина ја обвива небесната војска што им го објавила Христовото доаѓање на скромните пастири. ... {МАР 11.4}

Таа светлина била далечна група блескави ангели што се појавила како сјајна ѕвезда. Необичната појава на голема, сјајна ѕвезда, каква што дотогаш не виделе, го привлекла нивното внимание. ... Мудреците тргнале во правецот по кој очигледно ги водела ѕвездата. Но, како што се приближувале кон Ерусалим, ѕвездата потемнела и повеќе не ги водела. Тие сметале дека е невозможно Евреите да не знаат за големиот настан — доаѓањето на Месијата — па се распрашувале во Ерусалим и неговата околина. {МАР 11.5}

Мудреците биле изненадени кога виделе необична незаинтересираност за доаѓањето на Месијата. ... Се чуделе што Евреите не покажуваат интерес и не се радуваат очекувајќи го овој голем настан — Христовото доаѓање. {МАР 11.6}

Денешните цркви бараат светот да ги возвишува. Тие не сакаат да ја видат светлината на пророштвата и да ги прифатат доказите за нивното исполнување, кои зборуваат дека Христос наскоро треба да дојде, токму како што постапувале Евреите во времето на Неговото прво доаѓање. Тие очекувале земно и победоносно владеење на Месијата во Ерусалим. Таканаречените христијани на нашето време очекуваат световен напредок на црквата преку обраќањето на светот и радостите на милениумот на Земјата." (Review and Herald, 24 декември 1872) {МАР 11.7}

4 јануари

Надежта во второто доаѓање

„Зборува оној што го сведочи ова: ’Да, ќе дојдам скоро!‘ – Амин! ’Да, дојди, Господи Исусе!‘“ (Откровение 22:20) {МАР 12.1}

„Доаѓањето на Господ во сите векови било блажена надеж на Неговите вистински следбеници. Ветувањето што го дал Спасителот при разделбата на Маслиновата Гора дека повторно ќе дојде, на Неговите ученици им ја расветлуваше иднината, нивните срца ги исполнуваше со радост и надеж кои никаква жалост не можеше да ги угаси ниту прогонство да ги затемни. Среде страдањата и прогонствата, ’да се јави славата на великиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос‘, претставуваше ’блажена надеж‘ (Тит 2:13). Кога солунските христијани ја оплакувале загубата на своите мили, кои се надевале дека ќе останат живи до Христовото враќање, апостол Павле ги тешел зборувајќи им за воскресението што ќе се случи при Христовото доаѓање. Тогаш ќе воскреснат мртвите во Христа и заедно со живите ќе бидат земени во пресрет на Христа на небото. ’и така‘, кажува тој, ’секогаш ќе бидеме со Господ. Па затоа, утешувајте се еден со друг со тие зборови‘ (1. Солунјаните 4:16-18). ... {МАР 12.2}

Од затворите, кладите, и губилиштата, каде светите и маченициte храбро сведочеле за вистината, одекнува во сите векови овој ист извик на вера и надеж. ’Цврсто осведочени дека Христос навистина воскреснал, и дека според тоа и нив ќе ги повика од гробот при Своето второ доаѓање‘, еден од таквите христијани рекол дека ’тие ја презреле смртта и се издигнале над неа‘. Биле готови да слезат во гроб за да можат од него ’да излезат слободни‘ во мигот на воскресението. Сите тие очекувале ’на облаците да дојде Господ во славата на Неговиот Отец‘ и да ’настапи времето светите да го преземат царството‘. Истата вера ја негувале и Валденжаните. Виклиф доаѓањето на Спасителот го сметал за надеж на црквата. ... {МАР 12.3}

На карпестиот Патмос, љубениот ученик го слушнал ветувањето: ’Да, ќе дојдам скоро!‘, а неговиот одговор, полн со копнеж, ја изразува молитвата на црквата низ сите векови: ’Да, дојди, Господи Исусе‘ (Откровение 22:20).“ (Големата борба, стр. 302–303) {МАР 12.4}

5 јануари

Главната мисла на Светото писмо

„Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја.“ (Јов 19:25) {МАР 13.1}

„Една од најсвечените и најславни вистини откриени во Библијата е вистината за второто Христово доаѓање, кога Тој ќе дојде да го доврши големото дело на откупувањето. Ветувањето за доаѓањето на Оној кој е ’воскресението и животот‘, Кој ’се грижи да не го отфрли од Себе и отфрлениот‘, на Божјиот патнички народ, кој мора толку долго да патува низ ’долината на смртната сенка‘, му дава славна и блажена надеж. Учењето за второто Христово доаѓање е главна наука на Светото Писмо. Почнувајќи од денот кога првиот човечки пар со жално срце го напуштил Едем, децата на верата го чекале доаѓањето на Ветениот, Кој ќе ја скрши моќта на непријателот и повторно ќе ги врати во изгубениот рај. ...

Енох, седмиот од Адам, кој живеел ’според волјата Божја триста години‘, ја имал таа чест оддалеку да го посматра доаѓањето на Ослободителот. ’Ете‘, рекол тој, ’доаѓа Господ со илјадници Свои свети ангели, за да изврши суд над сите‘ (Јуда 14,15). А патријархот Јов, во ноќта на своите маки извикал со непоколеблива сигурност: ’Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја. И кога ќе се распадне кожата моја, во телото мое ќе Го видам Бога. Јас сам ќе Го видам; моите очи, не очите на друг, ќе Го видат Него‘ (Јов 19:25-27).“ (Големата борба, стр. 299) {МАР 13.2}

„Милостивиот Бог нека го просветли вашиот разум за да го разберете она што има вечна вредност. Со светлината на вистината нека ви ги открие вашите многубројни недостатоци онакви какви што се, за да го вложите потребниот напор да ги отстраните и, наместо зли и горки плодови, да донесете драгоцен плод за вечен живот. {МАР 13.3}

Понизете ги пред Бога своите бедни, горди срца кои се сметаат за праведни; наведнете се длабоко пред Неговите нозе, скршени поради својата грешност. Посветете се на подготовката. Не мирувајте сè додека не можете да кажете: Мојот Откупител е жив, и затоа што Тој живее, и јас ќе живеам. {МАР 13.4}

Ако го изгубите небото, губите сè; ако го добиете небото, добивате сè. Ве молам, немојте да погрешите во ова. Тука станува збор за вечни интереси.“ (2. Сведоштво, стр. 88) {МАР 13.5}

6 јануари

Верата на реформаторите

„А како последен непријател ќе биде уништена смртта,“ (1 Коринтјаните 15:26) {МАР 14.1}

„Лутер изјавил: ’Јас навистина сум убеден дека до судниот ден нема да поминат ниту триста години. Бог не сака и не може да го трпи овој расипан свет многу подолго‘. ’Се приближува големиот ден кога царството на гнасотиите ќе биде соборено‘. {МАР 14.2}

’Овој остарен свет не е далеку од својот крај‘, рекол Меланхтон. Калвин ги повикувал христијаните ’да не се двоумат и со сето срце да копнеат за денот на Христовото доаѓање како за најсвет настан‘, и изјавил дека ’целото семејство на верните очите ги насочило кон тој ден‘. ’Мораме да копнееме за Христа, да Го бараме, да размислуваме за Него‘, рекол тој, ’до разденувањето на оној голем ден, кога нашиот Господ целосно ќе ја открие славата на Своето царство‘. {МАР 14.3}

’Нели нашиот Господ Исус се вознел на небото во наше тело?‘, рекол шкотскиот реформатор Нокс, ’и зарем нема пак да дојде? Ние знаеме дека Тој пак ќе дојде и тоа мошне бргу‘. Ридли и Латимер, кои ги положиле своите животи за вистината, исто така со вера го гледале Господовото доаѓање. Ридли напишал: ’Без сомнение - јас во тоа верувам, и затоа зборувам - светот се приближува кон својот крај. Да извикнеме заедно со Божјиот слуга Јован во нашите срца кон нашиот Спасител Исус Христос: Дојди, Господи Исусе, дојди!‘ {МАР 14.4}

’Мислата за Господовото доаѓање‘, рекол Бакстер, ’помила ми е од сè друго‘. ’Дело на верата и одлика на Неговите свети е да го сакаат Неговото доаѓање и желно да го очекуваат остварувањето на таа блажена надеж‘. ’Ако смртта е последниот непријател кој ќе биде уништен при воскресението, тогаш можеме да разбереме зошто верните треба да копнеат и да се молат за Христовото доаѓање кога и оваа последна победа ќе биде извојувана‘. Тоа е ден кој сите верни треба да го очекуваат и за кој треба да копнеат, зашто тогаш целосно ќе се оствари делото на нивниот откуп и ќе се исполнат сите нивни желби и стремежи. ’Побрзај, о Господе, со овој благословен ден‘. Таква била надежта и на апостолската црква, ’црквата во пустината‘ и на реформаторите.“ (Големата борба, стр. 303–304) {МАР 14.5}

7 јануари

Клучот на историјата

„Пророштво за Едом. – Ми викаат од Сеир: ’Стражару, кое време е во ноќта? Пазачу, кое време е ноќва?‘ Чуварот рече: ’Наближува утрото, но и ноќта. Ако упорно прашувате – прашувајте; вратете се и дојдете.‘“ (Исаија 21:11,12) {МАР 15.1}

„Разбирањето на надежта во второто Христово доаѓање е клучот што ја отклучува целата историја што следува и ги објаснува сите поуки што следуваат.“ (Evangelism, стр. 220) {МАР 15.2}

„Гласот на вистинскиот стражар треба да се слушне насекаде: ’Наближува утрото, но и ноќта‘. Трубата мора да даде јасен звук, зашто живееме во големиот ден на Господовата подготовка. {МАР 15.3}

Вистините на пророштвата се поврзани една со друга и, додека ги проучуваме, тие образуваат прекрасна целина на практичната христијанска вистина. Сите наши проповеди треба јасно да покажуваат дека чекаме, работиме и се молиме за доаѓањето на Божјиот Син. Неговото доаѓање е наша надеж. Таа надеж треба да ги проникнува сите наши зборови и дела, како и сите наши дружења и меѓусебни односи. ... {МАР 15.4}

Второто доаѓање на Синот Човечки треба да биде величествена тема што им се изнесува на луѓето. Ова е предмет што не би смеел да се изостави од нашите разговори. Вечните вистини треба постојано да ни бидат во мислите, а уживањата што ги нуди светот ќе се покажат онакви какви што се — празнина и суета. Што треба да правиме со суетата, славата, богатството, почестите или уживањата на овој свет? {МАР 15.5}

Ние сме поклоници и странци кои чекаат, се надеваат и се молат за исполнување на таа блажена надеж — славното доаѓање на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Ако веруваме во ова и го спроведеме во секојдневниот живот, какви силни дела ќе ги придружуваат таа вера и надеж; колку срдечна ќе биде нашата меѓусебна љубов; колку свет ќе биде нашиот живот за Божја слава; колку јасна ќе биде линијата што нè разделува од светот со оглед на наградата што ја очекуваме. ... {МАР 15.6}

Вистината дека Христос доаѓа треба постојано да биде пред очите на сите.“ (Evangelism, стр. 218–220) {МАР 15.7}

8 јануари

Слично разочарување

„Ете, блажени се оние што истрајаа. Сте чуле за трпението на Јов и узнавте каков крај му даде Господ, затоа што Господ е многумилостив и се смилува на него.“ (Јаков 5:11) {МАР 16.1}

„Често човечкиот ум, дури и умот на Божјите слуги, е толку заслепен од човечки мислења, преданија и погрешни учења што само делумно може да ги разбере големите вистини откриени во Божјата реч. Така било и со Христовите ученици, дури и кога Спасителот лично бил со нив. Нивните мисли биле исполнети со прифатеното сфаќање дека Месијата, како земен кнез, ќе го издигне Израел на престолот на светско царство, па не можеле да го разберат значењето на Неговите зборови со кои ги претскажал Своето страдање и смрт. ... {МАР 16.2}

Уште од раѓањето нивните мисли биле насочувани кон очекувањето на славата на земното царство, а тоа ги заслепило и за самото пророштво и за Христовите зборови. ... {МАР 16.3}

Искуството на учениците, кои за време на првото Христово доаѓање го објавувале ’евангелието за царството‘, личи на искуството на оние што ја проповедаа веста за Неговото второ доаѓање. ... {МАР 16.4}

Слично на првите ученици, Милер и неговите соработници и самите во потполност не го сфатиле значењето на пораката што ја носеле. Заблудите кои долго време биле вкоренети во црквата, ги спречуваа исправно да толкуваат една важна точка од пророштвото. Затоа, иако ја проповедале пораката која по Божјиот налог требало да му ја пренесат на светот, сепак морале да доживеат разочарување поради погрешното сфаќање на нејзината смисла. ... {МАР 16.5}

Кај тие верници, како и кај првите ученици, она што во часот на искушението изгледало неразбирливо, подоцна ќе биде разјаснето. Кога ќе видат ’каков крај му даде Господ‘, ќе знаат дека, и покрај тешкотиите предизвикани од нивните заблуди, Неговите намери на љубов кон нив непрекинато се остварувале. Преку благословено искуство ќе дознаат дека Господ е ’многумилостив и се смилува‘ и дека сите Негови патишта се ’милост и вистина за оние, кои го пазат заветот Негов и уредбите Негови‘.“ (Големата борба, стр. 345, 351, 352, 354) {МАР 16.6}

9 јануари

Понизни луѓе ја објавуваат пораката

„А освен тоа, ние имаме нешто уште поверно, а тоа е пророчкото слово; и добро правите што нему му обрнувате внимание, како на светило што свети на темно место, додека денот осамне и Деницата засвети во вашите срца.“ (2 Петрово 1:19) {МАР 17.1}

„За оваа порака (Откровение 14:6,7) е речено дека претставува дел на ’вечното евангелие‘. Проповедањето на евангелието не им е доверено на ангелите, туку на луѓето. Небесните ангели управуваат со тоа дело; тие водат големо движење наменето да му донесе спасение на човечкиот род, но самото проповедање го вршат слугите на живиот Бог што живеат на земјата. {МАР 17.2}

Ова предупредување требало да му го објават на светот верните луѓе кои ги прифатиле упатствата на Светиот Дух и учењата на Неговото слово. Тие внимавале на пророчкото слово, кое е ’нешто уште поверно‘ и кое апостол Петар го споредува со ’светило што свети на темно место, додека денот осамне и Деницата засвети во вашите срца‘ (2 Петрово 1:19). Тие барале знаење за Бога повеќе отколку сите закопани богатства и истото го ценеле повеќе ’отколку ризници со сребро и злато‘ (Изреки 3:14). Ним Господ им открил големи работи за Своето царство. ’Близок им е Господ на оние што имаат страхопочит кон Него; ним им го открива заветот Свој‘ (Псалм 25:14). {МАР 17.3}

Учените теолози ниту ја познавале ниту ја проповедале таа вистина. Кога би биле верни стражари, кога трудољубиво и со молитва би го проучувале Писмото, тие би го запознале времето на ноќта; од пророчкото слово би ги запознале настаните што треба да се одиграат. Но тие тоа не го сториле и поради нивната рамнодушност веста им е доверена на понизните луѓе. Исус рекол: ’одете додека има Светлина за да не ве опфати темнина‘ (Јован 12:35). Тие што ќе ја напуштат светлината што им ја дал Бог или што ќе занемарат да ја бараат додека им е при рака, ќе бидат оставени во темнина. Исус изјавува: ’кој врви по Мене нема да оди во темнина, а ќе ја има светлината во животот‘ (Јован 8:12). Оној што искрено ја бара волјата Божја и живее според светлината што ја има, ќе прими уште поголема светлина; на таа душа ќе ѝ биде пратена небесна ѕвезда со посебен сјај да ја води во секоја вистина.“ (Големата борба, стр. 312) {МАР 17.4}

10 јануари

Вистината ќе победи

„И ангелот, кого го видов како стои над морето и над земјата, крена рака кон небото и се заколна во Оној Кој живее во вечни векови и Кој го создал небото и сè што е на него, земјата и сè што е на неа, и морето и сè што е во него – дека не ќе има веќе време,“ (Откровение 10:5,6) {МАР 18.1}

„Пораката од Откровение 14, дека дошол часот на Божјиот суд, се објавува во времето на крајот. Ангелот од Откровение 10 е прикажан како стои со едната нога на морето, а со другата на земјата, покажувајќи дека пораката ќе биде однесена во далечни земји, дека ќе ги премине океаните и дека морските острови ќе ја слушнат објавата на последната предупредувачка порака. ... {МАР 18.2}

’И ангелот, кого го видов како стои над морето и над земјата, крена рака кон небото и се заколна во Оној Кој живее во вечни векови и Кој го создал небото и сè што е на него, земјата и сè што е на неа, и морето и сè што е во него – дека не ќе има веќе време‘ (Откровение 10:5,6) Оваа порака го објавува крајот на пророчкото време. Разочарувањето на оние што очекувале да го видат нашиот Господ и толку сесрдно го чекале Неговото враќање во 1844 година било навистина горчливо. Според Господовата одлука, требало да дојде до ова разочарување. ... {МАР 18.3}

Никаква темнина не ја покрила црквата без Бог да ја подготви за тоа; не се подигнала никаква противничка сила за да го попречи Божјото дело без Тој однапред да ја предвиди. Сè се случувало онака како што Тој претскажал преку Своите пророци. Тој не ја оставил Својата црква во темнина и заборав, туку преку пророците објавил што ќе се случи. Преку Своето провидение, кое дејствувало во определеното време во светската историја, Тој го остварил она што Неговиот Свет Дух ги вдахновил пророците да го претскажат. Сите Негови намери ќе се исполнат и остварат. Неговиот закон е поврзан со Неговиот престол, а сатанските и човечките сили не можат да го уништат. Бог ја вдахнува и ја чува вистината. Таа ќе живее и ќе напредува, иако понекогаш може да изгледа дека е покриена со темнина. Христовото евангелие е закон што се огледува во карактерот. Измамите што му се противат, секое средство што ја брани лагата и сите заблуди што ги создаваат сатанските сили на крајот засекогаш ќе бидат скршени, а победата на вистината ќе биде како сонце што блеснува напладне. Сонцето на правдата ќе засвети со исцеление во Своите зраци и целата земја ќе се исполни со Неговата слава.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 107–108) {МАР 18.4}

11 јануари

Да го забрзаме враќањето на нашиот Господ

„Зашто ќе го заврши делото и ќе реши по правда: ’Господ ќе го изврши во потполност словото на земјата.‘“ (Римјаните 9:28) {МАР 19.1}

„Во пророштвото за уништувањето на Ерусалим Христос рекол: ’и бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади. А кој ќе издржи до крај, тој ќе биде спасен. И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот.‘ Тоа пророштво повторно ќе се исполни. Беззаконијата кои изобилувале во тоа време се повторуваат и во ова поколение. Така е и со пророштвото за проповедање на евангелието. Пред падот на Ерусалим, Павле, пишувајќи според вдахновението на Светиот Дух, објавил дека евангелието му е објавено ’на секое поднебесно создание‘. (Колосјаните 1:23) Така и денес, пред доаѓањето на Синот Човечки, вечното евангелие мора да се проповеда ’на секое племе и колено, јазик и народ‘. (Откровение 14:6, 14) Бог ’определи ден кога праведно ќе му суди на светот‘. (Дела 17:31) Христос ни кажува кога ќе дојде тој ден. Тој не рекол дека сиот свет ќе се обрати, туку дека ’И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот.‘ Проповедајќи го евангелието по светот, ние сме во можност да го забрзаме доаѓањето на Господа. Ние не треба само да го очекуваме, туку и да го забрзаме доаѓањето на Божјиот ден. (2 Петрово 3:12) Кога Христовата црква би го извршила делото кое Господ ѝ го наменил, сиот свет би бил опоменат, а Господ Исус Христос веќе би дошол на нашата Земја со сила и голема слава.“ (Копнежот на вековите, стр. 633–634) {МАР 19.2}

„Неверувањето, световноста, непосветеноста и неслогата меѓу оние што тврдат дека се Господов народ нè задржуваат толку многу години во овој свет на грев и тага. ... {МАР 19.3}

Поради нашата непокорност, можеби ќе треба да останеме уште многу години во овој свет, како што им се случило и на Израеловите деца. Но, заради Христос, Неговиот народ не треба да додава грев на грев обвинувајќи го Бога за последиците од својот погрешен начин на постапување.“ (Evangelism, стр. 696) {МАР 19.4}

12 јануари

Последните опомени на третиот ангел

„А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот.“ (Откровение 18:1) {МАР 20.1}

„Ангелот кој се придружува во објавувањето на третата ангелска вест ќе ја осветли целата земја со својата слава. Овде е најавено дело со огромни размери и со невообичаена сила. Адвентното движење од 1840 до 1844 година претставуваше прекрасна манифестација на Божјата моќ; првата ангелска вест беше однесена до секоја мисионерска станица во светот, и во некои земји настана толку голем интерес за верата каков што не се видел ниту во една земја од реформацијата во шеснаесеттиот век; но сето тоа ќе биде надминато со силното движење предизвикано од последната опомена на третиот ангел. ... {МАР 20.2}

Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат со позниот дожд и при неговото завршување. ... {МАР 20.3}

Божјите слуги, со лица осветлени од свето помазание, ќе брзаат од едно до друго место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13:13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат. ... {МАР 20.4}

Списите што ги распространиле мисионерските соработници го извршиле своето влијание, но мнозина врз кои вистината имала длабок впечаток, биле спречени вистината потполно да ја сфатат или да ја послушаат. Меѓутоа, сега зраците на светлината проникнуваат насекаде и вистината се гледа кристално јасна, а искрените Божји деца ги кинат врските што ги задржувале досега. Семејните и црковните врски сега се немоќни да ги задржат. Вистината им е подрагоцена од сè друго. И покрај силите што се здружиле против вистината, голем е бројот на оние што ќе застанат на Господова страна.“ (Големата борба, стр. 610–612) {МАР 20.5}

13 јануари

Тој ќе царува вечно

„Затруби и седмиот ангел, и по небото одекнаа силни гласови, кои викаа: ’Царството на светот стана царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос, и Тој ќе царува во сите векови!‘“ (Откровение 11:15) {МАР 21.1}

„Христовото доаѓање, со кое ќе биде воспоставено царството на правдата, ги инспирирало авторите на светите книги на највозвишени и најогнени зборови. Библиските поети и пророците пишувале за тоа со зборови што гореле со небесен жар. Пеејќи за моќта и величината на Израелскиот Цар, Псалмистот вели: ’Нека се развесели небото и да се возрадува Земјата... пред лицето на Господ, зашто иде, зашто Тој иде да ѝ суди на Земјата. Тој ќе ѝ суди на вселената по правда, и на народите – според Својата вистина‘ (Псалм 96:11–13). {МАР 21.2}

Пророкот Исаија вели: ’Смртта ќе биде проголтана засекогаш, ќе ги избрише Господ Бог солзите од сите лица, и ќе го симне срамот од Својот народ во целата земја, зашто така вели Господ‘ (Исаија 25:8,9). ... {МАР 21.3}

Пред да се раздели со Своите ученици, Спасителот ги тешел со уверување дека повторно ќе дојде: ’Да не се плаши срцето ваше... Во домот на Мојот Отец има многу места за живеење... Одам да ви приготвам место. Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе‘ (Јован 14:1–3). ... {МАР 21.4}

Ангелите, кои им се јавиле на учениците на Маслиновата Гора по Христовото вознесение, им го повториле ветувањето за Неговото враќање: ’Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што Го видовте да оди на небото‘ (Дела 1:11). А апостол Павле, инспириран со Светиот Дух, сведочи: ’Бидејќи Сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото‘ (1. Солунјаните 4:16). Пророкот од Патмос вели: ’Ете, иде со облаци, и ќе го види секое око‘ (Откровение 1:7). {МАР 21.5}

Од Неговото славно доаѓање зависи воспоставувањето на сè ’што беше рекол Бог преку устата на сите Свои пророци од создавањето на светот‘ (Дела 3:21). Тогаш ќе се скрши долготрајното владеење на злото. ’Царството на светот‘ ќе стане ’царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос, и Тој ќе царува во сите векови‘ (Откровение 11:15).“ (Големата борба, стр. 300–301) {МАР 21.6}

14 јануари

Пророштвото на Илија

„Ете, Јас ќе го пратам кај вас пророкот Илија, пред да настапи денот Господов – голем и страшен.“ (Малахија 3:23) {МАР 22.1}

„Верниот Илија ги претставува оние што треба да го подготват патот за второто Христово доаѓање, како што Јован дошол во духот на Илија да го подготви патот за првото Христово доаѓање.“ (3. Сведоштво, стр. 62) {МАР 22.2}

„Делото на Јован Крстител и делото на оние што во последните денови одат напред во духот и силата на Илија за да ги разбудат луѓето од нивната рамнодушност во многу погледи се исти. Тоа дело треба да се изврши и во нашево време. Христос треба да дојде по втор пат за праведно да му суди на светот.“ (Southern Watchman, 21 март 1905) {МАР 22.3}

„Јован се одвоил од пријателите и од раскошот на животот. Едноставноста на неговата облека, исткаена од камилски влакна, постојано ги укорувала нескромноста и разметливоста на еврејските свештеници и на другите луѓе. Неговата чиста вегетаријанска исхрана — рогач и див мед — била прекор за попуштањето на апетитот и алчноста која преовладувала насекаде. ... На големото дело на реформата треба да му се даде замав и да се разбуди јавниот интерес. Умереноста во сè треба да биде дел од пораката, за Божјиот народ да се одврати од идолопоклонството, лакомоста и претерувањето во облекувањето и во другите нешта. {МАР 22.4}

Самооткажувањето, понизноста и умереноста што Бог ги бара од праведните, кои Тој посебно ги води и благословува, треба да им се покажат на луѓето како спротивност на раскошот и навиките што го нарушуваат здравјето во ова изопачено време. Бог покажал дека здравствената реформа е тесно поврзана со третата ангелска вест како што раката е поврзана со телото.“ (3. Сведоштво, стр. 62) {МАР 22.5}

„Како што Јован Крстител ... им го насочувал вниманието на Десетте заповеди, така и ние треба решително да ја објавуваме пораката: ’Имајте страхопочит кон Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд‘ (Откровение 14:7). Со сериозноста што ги одликувала пророкот Илија и Јован Крстител, треба да настојуваме да го подготвиме патот за второто Христово доаѓање.“ (The SDA Bible Commentary, том 4, стр. 1184) {МАР 22.6}

15 јануари

Да го воздигнеме Исус како средиште на нашата надеж

„Јас, Исус, го испратив Својот ангел да ви го посведочи ова по црквите. Јас сум корен и род Давидов, сјајната ѕвезда Деница.“ (Откровение 22:16) {МАР 23.1}

„Пред нас се ужасите на последните денови. Во нашата работа треба да ги предупредиме луѓето за опасноста во која се наоѓаат. Да не дозволиме свечените вистини објавени преку пророците да останат занемарени. Кога нашите верници барем делумно би се разбудиле и би сфатиле колку се блиску настаните опишани во Откровението, во нашите цркви би настапила реформа и многу повеќе луѓе би поверувале во пораката. Немаме време за губење. ... Изнесувајте нови начела и давајте ѝ што повеќе место на јасно изложената вистина. Таа ќе биде како меч со две острици. Внимавајте да не заземете непромислено непријателски став. Ќе дојде време кога ќе треба мирно да стоиме и да го гледаме Божјото избавување. Нека зборува Даниел, нека зборува Откровението и нека ја кажат вистината. Во секој настан што го изложувате, воздигнете го Христос како средиште на сета наша надеж, и претставувајте Го како ’корен и род Давидов, сјајната ѕвезда Деница‘ (Откровение 22:16). {МАР 23.2}

Во потрагата по вистината не одиме доволно длабоко. Секој што верува во вистината за сегашното време ќе се најде во положба во која од него ќе се бара да ја образложи својата надеж. Божјиот народ ќе биде повикан да застане пред цареви, кнезови, владетели и земски великодостојници. Божјите луѓе мора навистина да знаат што е вистината. Тие мора да бидат обратени мажи и жени. Бог преку Својот Свет Дух може за миг да ве научи повеќе отколку што би можеле да научите од најголемите луѓе на земјата. Вселената ја набљудува борбата што се води на Земјата. По бескрајно висока цена Бог му дал на секого можност да го стекне знаењето што ќе го направи мудар за спасение. Со каков жар ангелите гледаат кој ќе ја искористи оваа можност! Кога на Божјиот народ му се изнесува порака, тој не треба веднаш да ѝ се спротивстави. Треба да ја земе Библијата и да ја испита пораката според законот и сведоштвата. Ако не ја издржи таа проверка, пораката не е вистинита. Бог сака нашите умови да бидат отворени. Тој сака да ни ја даде Својата благодат. Секој ден можеме да изобилуваме со добри нешта, зашто Бог може да ни ги отвори сите небесни ризници.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 118–119) {МАР 23.3}

16 јануари

Светот е полето за работа

„Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух,“ (Матеј 28:19) {МАР 24.1}

„Додека престојував во Калифорнија во 1874 година, сонував сон што остави длабок впечаток врз мене. ... {МАР 24.2}

Сонував дека неколку браќа на состанок на одборот го бараа најдобриот план за работа во претстојниот период. ... {МАР 24.3}

На состанокот влезе еден млад човек што често го гледав во своите соништа. Со големо внимание ги слушаше зборовите што се изговараа, а потоа промислено и со авторитет рече: {МАР 24.4}

’Градовите и селата се дел од Господовото лозје. И тие мора да ги слушнат предупредувачките пораки. Непријателот на вистината вложува крајни напори да ги одврати луѓето од Божјата вистина кон лагата. ... Сејте покрај сите води. {МАР 24.5}

Можеби нема веднаш да го видите плодот од својата работа. Тоа не треба да ве обесхрабри. Земете го Христос за пример. Тој имаше многу слушатели, а малку следбеници.‘ ... {МАР 24.6}

Гласникот продолжи: ’Вашите замисли за делото во ова време се премногу тесни. Се обидувате да го испланирате така што ќе можете сами да го опфатите. Треба да гледате пошироко. Вашата светлина треба да стои на светилник, каде што ќе им свети на сите во куќата. Не ставајте ја под сад или под легло. Вашата куќа е светот. ... {МАР 24.7}

Многу земји ја чекаат големата светлина што Господ им ја наменил, а вашата вера е ограничена и премала. Потребно е многу да го проширите својот поглед на работата. ... Одете напред. Бог ќе дејствува со голема сила ако одите понизно пред Него. Не е вера да се зборува дека нешто е невозможно. За Бога ништо не е невозможно. Светлината на обврзувачките начела на Божјиот закон ќе го стави светот ... на испит.‘ ... {МАР 24.8}

Времето е кратко. Сите што веруваат во оваа порака треба да ја почувствуваат светата должност да работат несебично и со своето влијание да застанат на вистинската страна. Со збор или со дело никогаш да не застануваат против оние што се трудат да го унапредат Божјото дело. ... Светлината што Бог ни ја дал ќе има мала вредност за светот сè додека тој не може да ја види пред себе.“ (Life Sketches of Ellen G. White, стр. 208–210) {МАР 24.9}

17 јануари

Божјите судови на Земјата

„Луѓето, пак, ќе умираат од страв и од исчекување на она што ќе го снајде светот, зашто и силите небесни ќе бидат разнишани.“ (Лука 21:26) {МАР 25.1}

„О, кога Божјиот народ би бил свесен колку е блиску уништувањето на илјадници градови, кои сега речиси целосно му се предале на идолопоклонството! ... {МАР 25.2}

Неодамна ми беше покажана потресна сцена. Видов огромна огнена топка како паѓа врз прекрасни градби и за миг ги уништува. Чув некој да вели: ’Знаевме дека Божјите судови доаѓаат на Земјата, но не знаевме дека ќе дојдат толку брзо.‘ Други велеа: ’Сте знаеле? Зошто тогаш не ни кажавте? Ние не знаевме.‘ На сите страни слушав такви зборови. ... {МАР 25.3}

Наскоро меѓу народите ќе се појават страшни неволји што ќе траат до Исусовото доаѓање. Како никогаш порано, мораме да се зближиме и заедно да Му служиме на Оној што го поставил Својот престол на небесата и чие царство владее над сè. Бог не го напуштил Својот народ, а нашата сила е во тоа и ние да не Го напуштиме Него. {МАР 25.4}

Божјите судови се на Земјата. Војните, гласовите за војни и уништувањето од оган и вода јасно покажуваат дека времето на неволјата е на прагот. Неволјите ќе се умножуваат како што се приближува крајот. Немаме време за губење. Воинствен дух го разбранувал светот. Пророштвата од единаесеттото поглавје на книгата на пророкот Даниел се речиси целосно исполнети. ... {МАР 25.5}

Минатиот петок наутро, непосредно пред да се разбудам, ми беше покажана потресна сцена. Ми се чинеше дека се разбудив, но се наоѓав надвор од својот дом. Од прозорецот гледав страшен пожар. Големи огнени топки паѓаа врз куќите, а од нив во сите правци летаа огнени стрели. Огнот беснееше и никој не можеше да го запре. Многу места беа уништени. Стравот на луѓето беше неопислив.“ (Welfare Ministry, стр. 136–137) {МАР 25.6}

„Со градовите на народите ќе се постапи строго. Сепак, Божјиот гнев нема да ги погоди во целост, зашто некои души уште ќе се оттргнат од измамите на непријателот, ќе се покаат и ќе се обратат. Мнозинството, пак, ќе си натрупува гнев за денот на гневот.“ (Evangelism, стр. 27) {МАР 25.7}

18 јануари

Подобар и поблагороден пат

„Измијте се, исчистете се; оставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло; научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица.“ (Исаија 1:16,17) {МАР 26.1}

„Незнаењето, телесното уживање и грешните навики кои ја расипуваат душата, телото и духот, го полнат светот со морална чума; смртоносна морална маларија уништува илјадници и десетици илјади.“ (Адвентен дом, стр. 329) {МАР 26.2}

„Мнозина потонале во грев. Мнозина живеат во душевна мака. Ги притискаат страдањето, сиромаштијата, неверувањето и обесхрабреноста. Разни болести им ги напаѓаат и телото и душата. Сакаат да најдат утеха во својата неволја, а сатаната ги искушува да ја бараат во блудот и во задоволствата што водат во пропаст и смрт. Тој им ги нуди плодовите на Содом, кои ќе се претворат во пепел на нивните усни.“ (Evangelism, стр. 569) {МАР 26.3}

„Покажана ми е страшна слика на состојбата во светот. Неморалот преовладува насекаде. Развратот е грев на нашето време. Порокот никогаш толку слободно не ја кревал својата глава. ... Порочноста која владее со светот не зафаќа само еден круг на луѓе. За жал, многу мажи и жени кои ја исповедаат Христовата вера се виновни за овој грев. Па дури и некои кои тврдат дека го чекаат Неговото доаѓање не се поподготвени од самиот сатана. Тие не се очистуваат од секоја нечистотија. Тие толку долго ѝ служеле на својата страст, што е сосем нормално што нивните мисли се нечисти, а фантазијата расипана. Нивните мисли не можат да се занимаваат со она што е чисто и свето, како што е невозможно да го свртат текот на Нијагара и да направат нејзината вода да тече нагоре. ... Секој христијанин мора да научи да владее со своите страсти и како да го прифати влијанието на начелата. ... {МАР 26.4}

Ако страста, расипаноста, прељубата, злосторството и убиството се вообичаени помеѓу оние кои не ги познаваат начелата на Божјата реч и одбиваат тие да управуваат со нив, колку е важно оние кои тврдат дека се Христови следбеници, да се тесно поврзани со Бог и ангелите, да го покажат подобриот и поблагороден пат! Колку е важно нивната непорочност и нивните доблести да стојат во целосна спротивност со оние со кои владеат животинските страсти.“ (Адвентен дом, стр. 328–329) {МАР 26.5}

19 јануари

Кога ќе одекне силниот вик

„И тоа правете го, знаејќи го ова време: веќе дојде часот да се разбудите од сонот, зашто спасението е сега поблиску до нас отколку кога поверувавме.“ (Римјаните 13:11) {МАР 27.1}

„Крајот е близу и ни се приближува тивко и незабележливо, како крадец во ноќта. Господ нека ни помогне да се разбудиме, да бдееме и да бидеме трезвени. Вистината наскоро славно ќе победи, а со неа ќе победат и сите што ќе изберат да работат со Бога. Времето е кратко. Наскоро доаѓа ноќта кога никој нема да може да работи. ... {МАР 27.2}

Доаѓа време кога во еден ден ќе се обратат мнозина, како на Педесетница, откако учениците го примиле Светиот Дух. ... {МАР 27.3}

Мнозина досега го оставале повикот на евангелието без одзив. Биле проверени и искушани, но им се чинело дека пред нив се издигаат пречки како планини и им го попречуваат напредувањето. Со вера, истрајност и храброст мнозина ќе ги совладаат тие пречки и ќе влезат во прекрасната светлина. {МАР 27.4}

Речиси несвесно биле подигнати пречки на тесниот пат и биле поставени камења за сопнување; сите тие ќе бидат отстранети. Ќе паднат оградите со кои лажните пастири го опкружиле своето стадо. Илјадници ќе зачекорат во светлината и ќе работат на нејзиното ширење. Небесните суштества ќе ги здружат своите сили со луѓето. Така охрабрена, црквата ќе стане и ќе засвети, вложувајќи ја во борбата сета своја посветена сила. Така ќе се исполни Божјата намера. Изгубените бисери ќе бидат пронајдени. ... {МАР 27.5}

За време на силниот вик, црквата, потпомогната од милостивото посредување на својот возвишен Господ, ќе го рашири знаењето за спасението толку обилно што светлината ќе го осветли секој град и секое село. Земјата ќе се исполни со знаењето за спасението. Божјиот Дух, Кој обновува, ќе ги овенча со успех оние што ревносно работат, па сјајот на вистината за сегашното време ќе се гледа насекаде.“ (Evangelism, стр. 692–694) {МАР 27.6}

20 јануари

Верните нема да паднат

„Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус.“ (Откровение 14:12) {МАР 28.1}

„Сега ни треба повеќе од човечка мудрост за да го читаме и проучуваме Светото писмо. Ако пристапиме кон Божјото слово со понизни срца, Тој ќе подигне знаме за нас против беззаконието. {МАР 28.2}

Тешко е да ја зачуваме нашата доверба постојана и цврста од почетокот до крајот. Тешкотиите се зголемуваат кога скриени влијанија постојано се обидуваат да внесат поинаков дух, дух на противење, зад кој стои сатаната. Кога нема прогонство, во нашите редови ќе се вовлечат некои што навидум се цврсти христијани и чија вера никој не ја доведува во прашање. Но ако дојде прогонство, тие ќе нè напуштат. Во кризата ќе им подлегнат на погрешните расудувања што веќе влијаеле врз нивниот ум. Сатаната подготвил разни стапици за различни умови. Кога Божјиот закон ќе биде укинат, црквата ќе биде решетана низ тешки искушенија. Поголем дел отколку што сега очекуваме ќе се сврти кон измамливи духови и демонски учења. Кога ќе дојдат во положба во која би требало да зајакнат, мнозина покажуваат дека не се живи гранки на Вистинската лоза. ... {МАР 28.3}

Кога светот ќе го укине Божјиот закон, како ќе влијае тоа врз вистински послушните и праведните? Ќе ги однесе ли силната буица на злото? Кога мнозина се редат под знамето на кнезот на темнината, зар и Божјиот народ, кој ги држи заповедите, ќе отстапи од својата верност? Никогаш! Никој што се потпира на Христос нема да се сопне ниту да падне. Неговите следбеници послушно ќе се поклонат пред авторитет повисок од оној на кој било земски владетел. Додека непослушните се издигаат над Божјите заповеди и поттикнуваат мнозина да ја потиснат вистината и помалку да ја почитуваат, верните со уште поголема сериозност ќе ги воздигаат вистините по кои се разликуваат од нив. Бог не нè оставил да одиме по свој пат. ... Со понизни срца треба да го бараме одговорот во Неговото слово, да бараме совет од Него и да Му ја предадеме својата волја. Без Бога не можеме да направиме ништо.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 368–369) {МАР 28.4}

21 јануари

Да работиме за да придобиеме барем една душа

„Кој од вас, ако има сто овци, и ако загуби само една од нив, нема да ги остави останатите деведесет и девет во пустината и нема да оди да ја бара загубената, сè додека не ја најде?“ (Лука 15:4) {МАР 29.1}

„За обратувањето на една душа треба да ги вложиме сите средства со кои располагаме. Околу една душа придобиена за Христос ќе засвети небесна светлина што ќе проникне во моралната темнина и ќе спаси други души. {МАР 29.2}

Кога Христос ги оставил деведесет и деветте овци за да може да ја најде и спаси едната изгубена, можеме ли ние да се оправдаме ако правиме помалку? Зар не ја издаваме светата доверба, зар не го навредуваме Бога ако не работиме како што работел Христос, ако не се жртвуваме како што Тој се жртвувал? {МАР 29.3}

Трубете низ целата земја, предупредувајќи на опасност. Објавете му на народот дека Господовиот ден е близу и дека доаѓа многу брзо. Никој не смее да остане неопоменат. Сме можеле и ние да бидеме на местото на тие јадни души кои се во заблуда. Сме можеле да се наоѓаме меѓу дивите народи. Соодветно на вистината што сме ја добиле повеќе од другите, ние сме исто толку должни да им ја пренесеме на другите. {МАР 29.4}

Не смееме да губиме време. Крајот е близу. Патувањето од место во место со цел на ширење на вистината наскоро ќе биде опкружено со опасности од сите страни. Ќе се употреби сè за да се попречи патувањето на Божјите гласници, така што тие нема да бидат во состојба да го направат она што денес можат да го направат. Мораме отворено да погледнеме во лице на своето дело и да напредуваме што е можно побргу во агресивна христијанска борба. Според светлината што Бог ми ја даде знам дека силите на темнината силно дејствуваат одоздола и дека сатаната се приближува со таен чекор за да се дограби до оние кои спијат, како што волкот ја фаќа својата жртва. Ние имаме опомени кои денес сè уште можеме да ги објавуваме, дело кое денес треба да го извршиме зашто наскоро ќе биде потешко отколку што можеме да замислиме. Бог нека ни помогне да опстанеме на каналот на светлината, работејќи со очи постојано вперени во нашиот Водач Исус и залагајќи се трпеливо и истрајно да извојуваме победа.“ (6. Сведоштво, стр. 22) {МАР 29.5}

„Иако овде, во земниот живот, гревот нè ограничува, најголемата радост и највозвишеното образование ги наоѓаме во служењето. Во идниот живот ќе ја најдеме најголемата радост и највозвишеното образование во служењето, ослободени од ограничувањата на грешното човештво.“ (The Faith I Live By, стр. 370) {МАР 29.6}

22 јануари

Проучувајте ги Даниел и Откровението

„Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску.“ (Откровение 1:3) {MAP 30.1}

„Треба да се објави порака што ќе ги разбуди црквите. Треба да се вложи секој напор светлината да стигне и до нашиот народ и до целиот свет. Ми беше покажано дека пророштвата на Даниел и Откровението треба да се отпечатат како мали книги со објаснувања и да се испратат низ целиот свет. И нашиот народ треба да добие светлина што ќе му биде сосема јасна.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 117) {MAP 30.2}

„Оние што го јадат телото и ја пијат крвта на Божјиот Син ќе ја изнесат од книгата на Даниел и од Откровението вистината вдахновена од Светиот Дух. Ќе тргнат на дело со сила што никој нема да може да ја запре. Ќе се отворат устите на децата за да објават тајни што биле скриени од човечките умови. ... {MAP 30.3}

Многу пророштва ќе се исполнат бргу едно по друго. Наскоро ќе се придвижат сите сили. Ќе се повтори искуството од минатото. Старите судири повторно ќе оживеат и опасности ќе го демнат Божјиот народ на секој чекор. Напнатоста го обзема човештвото и проникнува во сè на Земјата. ... {MAP 30.4}

Проучувајте го Откровението заедно со книгата на пророкот Даниел, зашто историјата ќе се повтори. ... Со сите предности што ги имаме во верата, треба да знаеме многу повеќе отколку што знаеме денес. {MAP 30.5}

Ангелите копнеат да проникнат во вистините што им се откриваат на луѓето кои со скрушени срца го бараат Божјото слово и се молат за подолго, пошироко, подлабоко и повозвишено познавање што само Бог може да го даде. {MAP 30.6}

Како што се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, пророштвата за последните денови бараат сериозно проучување. Последната книга на Новиот завет е полна со вистини што треба да ги разбереме. Сатаната им ги помрачил умовите на мнозина, па тие бараат секаков изговор да не го проучуваат Откровението. Но Христос овде, преку Својот слуга Јован, открил што ќе се случува во последните денови и вели: ’Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску.‘“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 116–117) {MAP 30.7}

23 јануари

Нетолеранција и прогонство

„Помнете ги зборовите што ви ги реков Јас: ниеден слуга не е поголем од својот господар. Ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат; ако Моите зборови ги запазија, и вашите ќе ги запазат.“ (Јован 15:20) {МАР 31.1}

„Прогонството во своите разни облици е одраз на еден принцип кој ќе постои сè додека постои сатаната и додека христијанството има животна сила. Ниту еден човек не може да Му служи на Бога, а со тоа да не предизвика против себе отпор кај четите на темнината. Злите ангели ќе го нападнат, вознемирени дека неговото влијание може да им го земе пленот од рацете. Злите луѓе, укорени од неговиот пример, ќе се здружат со нив и со примамливи искушенија ќе се обидат да го одделат од Бога. Ако не успеат со овие средства, тогаш ќе употребат сила да извршат притисок врз совеста. {МАР 31.2}

Но сè додека Исус, како човеков посредник, се наоѓа во небесното Светилиште, ограничувачкото влијание на Светиот Дух ќе го почувствуваат и владетелите и народот. Тој сè уште до извесна мера ги контролира земните закони. Кога би ги немало овие закони, состојбата во светот би била многу полоша отколку што е сега. Додека многу владетели се активни орудија на сатаната, Бог има и Свои орудија меѓу водачите на народите. Непријателот ги инспирира своите слуги да предлагаат мерки кои во голема мера ќе го попречуваат Божјото дело; но под влијанието на светите ангели, државниците кои се бојат од Бога се спротивставуваат на таквите предлози со несоборливи аргументи. На овој начин неколку луѓе ќе ја задржат моќната струја на злото. Противењето на непријателите на вистината ќе биде задржано за да може третата ангелска вест да го изврши своето дело. Кога ќе биде објавена последната опомена, таа на себе ќе го привлече вниманието на овие луѓе поставени на одговорни места преку кои сега Господ работи, и некои од нив ќе ја прифатат, и во времето на неволјата ќе се приклучат кон Божјиот народ. ... {МАР 31.3}

’А и вие, чеда Сионови, радувајте се и веселете се во Господ, вашиот Бог; зашто Тој ви дава умерен дожд, па ќе ви праќа дожд – пролетен дожд и есенски дожд, како и порано.‘ (Јоил 2:23) ’И ете во последните дни, рече Бог, ќе излеам од Мојот Дух на секое тело.‘ ’И тогаш, секој што ќе го повика името Господово, ќе се спаси.‘ (Дела 2:17,21) {МАР 31.4}

Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток.“ (Големата борба, стр. 610–611) {МАР 31.5}

24 јануари

Црквата нема да падне

„А Јас тебе ти велам: ти си Петар и на тој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат.“ (Матеј 16:18) {MAP 32.1}

„Оние што ги држат Божјите заповеди и ја чуваат верата во Исус ќе го почувствуваат гневот на змејот и на неговите војски. Сатаната ги смета луѓето во светот за свои поданици. Тој стекнал власт над отпаднатите цркви, но има и мала група луѓе што ѝ се спротивставуваат на неговата власт. Кога би можел да ги избрише од лицето на Земјата, неговата победа би била целосна. Како што ги поттикнал незнабожечките народи да го уништат Израел, така наскоро ќе ги поттикне злите земски сили да го уништат Божјиот народ. ... Единствената надеж на Божјиот народ е во Божјата милост. Негова единствена одбрана е молитвата. {MAP 32.2}

Искушенијата што го снашле Божјиот народ во времето на Естира не биле својствени само за тоа време. Писателот на Откровението, гледајќи низ вековите до крајот на времето, напишал: ’И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос.‘ (Откровение 12:17). Некои што денес живеат на Земјата ќе го видат исполнувањето на овие зборови. {MAP 32.3}

Сатанскиот гнев расте како што времето се скратува. Неговото дело на измама и уништување ќе го достигне својот врв во времето на неволјата.“ (The Faith I Live By, стр. 289) {MAP 32.4}

„Сатаната ќе прави чуда за да ги измами луѓето и ќе се обиде да ја наметне својата власт како врховна. Ќе изгледа дека црквата ќе падне, но таа ќе опстане. Грешниците во Сион ќе бидат одвоени како плевата од драгоцената пченица. Ова е страшно искушение што сепак мора да се случи. Меѓу оние што останале одани и верни, без дамка од грев и без измама на усните, ќе се најдат само оние што победиле со крвта на Јагнето и со словото на своето сведоштво.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 911) {MAP 32.5}

„’Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам.‘ (Исаија 49:15). ... Бог со најнежна грижа мисли на Своите деца и пред Себе чува книга за спомен, за никогаш да не ги заборави оние за кои се грижел.“ (The Faith I Live By, стр. 280) {MAP 32.6}

25 јануари

Лажно будење

„Но ова знај го: во последните денови ќе настанат тешки времиња. Зашто луѓето ќе станат себељубиви, сребролубиви, самофалци, горделивци, хулители, непокорни кон родителите, неблагодарни, неправедни, безбожници, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле. И од нив бегај!“ (2 Тимотеј 3:1,2,5) {МАР 33.1}

„Пред Бог да ги излее своите судови на светот, меѓу Неговиот народ ќе се јави такво оживување на вистинска побожност, какво што не се видело од времето на апостолите. Врз Божјите деца ќе се излеат Неговиот Дух и Неговата сила. Во тоа време мнозина ќе ги напуштат црквите во кои љубовта кон светот го зазела местото на љубовта кон Бога и кон Неговото слово. Многу проповедници и верници со радост ќе ги прифатат оние големи вистини што ќе ги даде Бог да се објавуваат во тоа време за да го подготват народот за второто Господово доаѓање. Непријателот на душите ќе сака да го спречи ова дело; и пред да настапи времето на тоа движење, ќе се обиде да го осуети со подигање на свои лажни движења. Во оние цркви во кои сатаната ќе може да ја покажува својата лажна моќ ќе предизвика уверување дека врз нив е излеан посебен Божји благослов; во нив ќе се покаже навидум големо религиозно будење. Мнозина ќе ликуваат што Бог работи толку чудесно за нив, а всушност тоа дело потекнува од сосем друг дух. Сатаната ќе се обидува под плаштот на религијата да го прошири своето влијание врз целиот христијански свет. {МАР 33.2}

Во многу будења што се појавија за време на последните педесет години, помалку или повеќе, на дело беше истото влијание што ќе се покаже во иднина во поголемите движења. Ќе се возбудуваат чувствата, вистината ќе се меша со лагата, така што луѓето лесно ќе бидат заведени. Сепак, никој не треба да биде измамен. Во светлината на Божјото слово нема да биде тешко да се утврди каков карактер имаат овие движења. Секаде каде што луѓето ги занемаруваат сведоштвата на Библијата и каде што се презираат јасните вистини што го испитуваат срцето и бараат самооткажување и одвојување од светот, можеме да бидеме сигурни дека тука Бог нема да даде Свој благослов. А според правилото што ни го дал Христос: ’По нивните плодови ќе ги познаете‘ (Матеј 7:16), лесно ќе се утврди дека овие движења не се дело на Божјиот Дух.“ (Големата борба, стр. 464–465) {МАР 33.3}

26 јануари

Дрско и безгрижно одложување

„Ете, Јас доаѓам како крадец; блажен е оној кој бдее и пази на алиштата свои за да не оди гол и да не се гледа срамот негов!“ (Откровение 16:15) {МАР 34.1}

„Лошиот слуга вели во своето срце: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘. Тој не вели дека Христос нема да дојде. Тој не ја исмева идејата за Неговото второ доаѓање. Меѓутоа, во своето срце и со своите постапки и зборови тој зборува дека Господ нема уште долго да дојде. Во душите на другите тој го уништува уверувањето дека Господ брзо ќе дојде. Неговото влијание ги наведува луѓето да станат дрски и безгрижни во доцнењето ... Тој се меша со светот. ... Тоа е страшно прилагодување. Заедно со светот тој запаѓа во стапица. {МАР 34.2}

’Ако не бидеш буден, ќе дојдам против тебе како крадец, и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе‘. (Откровение 3:3) Христовото доаѓање ќе ги изненади лажните учители. Тие зборуваат: ’Мир и безбедност!‘. Како и свештениците и учителите пред падот на Ерусалим, тие сакаат црквата да постигне земен просперитет и слава. Тие ги толкуваат знаците на времето како токму тоа да го претскажуваат. Но, што вели Речта на Вдахновението? ’Тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст‘. (1. Солунјаните 5:3) Денот Господен ќе дојде како стапица за сите што живеат на Земјата, на сите што од овој свет прават свој дом. Тој ќе дојде за нив како крадец што се притајува. {МАР 34.3}

Светот, полн со развратен живот, полн со безбожни задоволства, спие, спие во телесна сигурност. Луѓето го одложуваат Господовото доаѓање. Тие се потсмеваат на опомените. Горделиво се фалат: ’Сè си стои така како од создавањето на светот‘. ’и утре ќе биде истото она што и денес, дури и повеќе отколку денес‘. (2 Петрово 3:4; Исаија 56:12) Сè подлабоко ќе тонат во љубовта кон задоволствата. Меѓутоа, Христос вели: ’Ете, Јас доаѓам како крадец‘. (Откровение 16:15) Знаците се исполнуваат токму во моментот кога светот во исмејување прашува: ’Каде е ветувањето на Неговото доаѓање?‘ Неочекуваната пропаст наидува токму тогаш кога луѓето зборуваат: ’Мир и безбедност!‘. Кога оние што се потсмеваат и ја отфрлаат вистината ќе станат самоуверени, кога рутината на работата во разните методи за заработка на пари се одвива не водејќи сметка за начелата, кога ученикот желно бара знаење насекаде освен во Библијата — тогаш Христос ќе дојде како крадец.“ (Копнежот на вековите, стр. 635) {МАР 34.4}

27 јануари

Да го задобиеме небото

„Бидете будни во секое време и молете се, за да го избегнете сето она што треба да се случи и да застанете пред Синот Човечки!“ (Лука 21:36) {МАР 35.1}

„Деновите во кои живееме се свечени и значајни. Божјиот Дух постепено, но сигурно се повлекува од Земјата. ... {МАР 35.2}

Состојбата во светот покажува дека времето на неволјата е пред нас. Дневните весници се полни со предупредувања за страшен судир во блиска иднина. Често се случуваат дрски грабежи. Чести се и штрајковите. Кражби и убиства има на секој чекор. Луѓе опседнати од демони ги одземаат животите на мажи, жени и мали деца. Луѓето се заслепени од порокот и се оддаваат на секој вид зло.“ (9. Сведоштво, стр. 11) {МАР 35.3}

„Целиот свет е вознемирен. Знаците на времето се застрашувачки. Настаните што следат фрлаат свои сенки пред себе. Божјиот Дух се повлекува од Земјата, а на копно и на море се случуваат несреќи една по друга. На Земјата наидуваат бури, земјотреси, пожари, поплави и убиства од секаков вид. ... Луѓето брзо се редат под знамето кое сами го одбрале. Неспокојно тие чекаат и ги набљудуваат постапките на своите водачи. Има души кои чекаат и стражарат, работејќи на доаѓањето на нашиот Господ. Други се редат под командата на првиот голем отпадник. Малку се оние кои со срце и душа веруваат дека постои пекол што треба да се избегне и небо што треба да се задобие. {МАР 35.4}

Кризата полека ни се прикрадува. Сонцето свети на небото, минувајќи по својот вообичаен пат и небото сè уште ја објавува Божјата слава. Луѓето сè уште јадат и пијат, садат и ѕидаат, се женат и се мажат. Трговците сè уште купуваат и продаваат. Луѓето меѓусебно се судираат, борејќи се за највисоки позиции. Љубителите на задоволства сè уште ги полнат театрите, коњските трки и казината. Насекаде владее голема возбуденост, но времето на милост бргу се приближува кон крајот и секој судбина ќе биде решена за вечност. ... {МАР 35.5}

Низ вековите и до нас допираат опомените на нашиот Господ од Маслиновата Гора: ’Само пазете се: вашите срца да не бидат натежнати од прејадување и пијанство, и тегобни грижи за овој живот, за да не ве затекне оној ден ненадејно‘.“ (Копнежот на вековите, стр. 636) {МАР 35.6}

28 јануари

Благослови за оние што стражарат

„Блазе на оние слуги што ќе ги затече господарот будни, кога ќе си дојде! Вистина ви велам, тој ќе се препаша и ќе им рече да седнат, па ќе пристапи и ќе им служи.“ (Лука 12:37) {МАР 36.1}

„Бог секогаш ги предупредувал луѓето на претстојните казни. Оние кои верувале во Неговата вест за тоа време и кои постапиле според својата вера, во покорност на Неговите заповеди ги избегнувале казните кои ги снашле непослушните и неверните. На Ное му било заповедано: ’Влезете во ковчегот ти и целото твое семејство, бидејќи ти си единствениот праведен пред Мене во овој род‘. Ное послушал и бил спасен. На Лот му била упатена веста: ’Станете, одете си од ова место, зашто Господ ќе го сотре овој град!‘. (Создавање 7:1; 19:14) Лот бил под заштита на небесните гласници и бил спасен. Така на Христовите ученици им била дадена опомена за уништувањето на Ерусалим. Оние што внимавале на знакот на претстојната пропаст и кои побегнале од градот, го избегнале уништувањето. Така и нам сега ни се дава опомена за второто Христово доаѓање, и уништување кое ќе го снајде светот. Оние што ќе ја послушаат опомената, ќе бидат спасени. {МАР 36.2}

Бидејќи не го знаеме точното време на Неговото доаѓање, имаме налог да стражариме. ’Блазе на оние слуги што ќе ги затече господарот будни, кога ќе си дојде!‘ (Лука 12:37). Оние што го очекуваат Господовото доаѓање, не безделничат. Очекувањето на Христовото доаѓање треба да ги наведе луѓето да се плашат од Господа и од Неговата казна за престапите. Тоа треба да им укаже на големиот грев на отфрлањето на Неговата понудена милост. Оние кои Го чекаат Господа, ја чистат својата душа со покорување на вистината. Стражарејќи будно, тие истовремено и вредно работат. Бидејќи знаат дека Господ е пред вратата, нивната ревност е оживеана да соработуваат со божествените претставници, залагајќи се за спасение на душите. Тоа се верни и мудри слуги кои му ја даваат на Господовиот дом ’потребната храна навреме‘. (Лука 12:42) Тие ја објавуваат вистината која особено важи за сегашното време. Како што Енох, Ное, Авраам и Мојсеј ја објавувале вистината за свое време, така Христовите слуги сега ќе ја објават посебната опомена за своето поколение.“ (Копнежот на вековите, стр. 634) {МАР 36.3}

29 јануари

Неволји од сите страни

„Побарајте Го Господа, сите скромни на земјата, вие што ги извршувате законите Негови; побарајте ја правдата, побарајте ја понизноста; можеби ќе бидете заштитени во денот на гневот Господов.“ (Софонија 2:3) {МАР 37.1}

„Нема потажна глетка од луѓе откупени со Христовата крв ... кои почнуваат да ја исмеваат пораката што милостиво им е испратена преку евангелието, ја негираат Христовата божествена природа и се потпираат врз својот ограничен разум и врз неосновани докази. Кога ќе ги снајдат неволји, кога ќе се соочат со смртта, сите тие лаги во кои уживале ќе се стопат како слана на сонце. {МАР 37.2}

Колку е страшно да се стои покрај ковчегот на некој што ги отфрлил повиците на Божјата милост! Колку е болно да се каже дека тука почива еден изгубен живот! Тука лежи човек што можел да ја достигне највозвишената положба и да добие вечен живот, но му го предал својот живот на сатаната. Се фатил во стапицата на суетната човечка филозофија и станал играчка во рацете на злиот! Христијанската надеж е сигурно и цврсто сидро на душата. Таа проникнува зад завесата, каде што Христос влегол како наш претходник. Секој од нас има посебна работа што треба да ја изврши за да се подготви за големите настани пред нас. {МАР 37.3}

Младите треба посериозно да Го бараат Бога. Доаѓа бура и мора да се подготвиме за нејзиниот налет со покајание пред Бога и со вера во нашиот Господ Исус Христос. Господ ќе стане за силно да ја потресе Земјата. Ќе гледаме неволји од сите страни. Илјадници бродови ќе потонат во морските длабочини. Ќе потонат воени бродови и милиони човечки животи ќе бидат жртвувани. Пожари ненадејно ќе се разгорат и никакви човечки напори нема да можат да ги запрат. Земските палати ќе исчезнат во пламен. Железничките несреќи ќе стануваат сè почести. На големите сообраќајници ќе има метеж, судири и смрт без никакво предупредување. Крајот е близу, времето на проба завршува. О, да Го бараме Бога додека може да се најде, да Го повикуваме додека е близу! ’Побарајте Го Господа, сите скромни на земјата, вие што ги извршувате законите Негови; побарајте ја правдата, побарајте ја понизноста; можеби ќе бидете заштитени во денот на гневот Господов.‘ (Софонија 2:3).“ (Messages to Young People, стр. 88, 90) {МАР 37.4}

30 јануари

Посреднички молитви за душите

„Пак ви велам: ако двајца од вас се согласат на земјата да молат за нешто, што и да било, ќе им биде дадено од Мојот Отец небесен;“ (Матеј 18:19) {МАР 38.1}

„Се сеќавам дека во Батл Крик имаше луѓе кои чувствуваа одговорност за необратените и за оние што живееја во темнина и не ја гледаа светлината. Тие организираа молитвени состаноци за тие луѓе да ја примат Божјата сила. Во секој таков случај небесните разумни суштества се придружуваа на нивните напори и души беа спасувани.“ (Manuscript 32, 1893) {МАР 38.2}

„Ако црквата има голем број на членови, тие треба да организираат помали групи кои ќе работат не само за членовите на црквата, туку и за неверниците. Ако во едно место само двајца или тројца знаат за вистината, тие треба да организираат една работна група. Нека бидат сложни, и во љубов и единство нека ѝ се посветат на работата, храбрејќи се еден со друг, секој примајќи храброст и сила од помошта на другите. Нека покажат Христова трпеливост, не зборувајќи непромислени зборови и служејќи се со дарот на говорништво за да се изградуваат еден со друг во пресветата вера. Во Христова љубов нека работат за оние кои се надвор од стадото, заборавајќи на себе во желба да им помогнат на другите. Ако така работат и се молат во Христово име, нивниот број ќе расне.“ (7. Сведоштво, стр. 21) {МАР 38.3}

„Мисионерска работа треба да се извршува и во нашата земја. Го слушаме приговорот дека, со толку многу грев и толкава потреба од работа во нашата земја, нема причина за таква желба да се работи во странство. Одговарам дека светот е нашето поле. ... Спасителот ги упатил учениците да почнат во Ерусалим, потоа да одат во Јудеја и Самарија, а потоа до најоддалечените краишта на Земјата. Само малку луѓе го прифатиле учењето, но гласниците бргу ја носеле веста од место до место. Минувале од една земја во друга, објавувајќи го евангелието во блиските и во далечните краишта. Претходно, сепак, се подготвувале. Спасителот им го дал ветувањето: ’но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата.‘ (Дела 1:8). Оние што бараат совет од Господа и се откажуваат од сопствената волја и желби ќе бидат добри ученици, зашто самиот Господ ќе ги поучува.“ (Letter 42a, 1893) {МАР 38.4}

31 јануари

Да плачеме или да се радуваме?

„Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме.“ (Еремија 8:20) {МАР 39.1}

„Ги повикувам членовите на нашите цркви да внимаваат на исполнувањето на знаците на времето, кои толку јасно укажуваат дека крајот е близу. О, колкумина од оние што не се грижат за спасението на своите души наскоро горко ќе плачат: ’Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме.‘ {МАР 39.2}

О, кога би имале на ум дека над нас се одвива судот и дека се решаваат нашите случаи! Сега е време да бидеме будни и да се молиме, да го отстраниме секое угодување на сопствените склоности, гордоста и себичноста. Драгоцените мигови што мнозина лесно ги расфрлаат треба да ги поминуваат во размислување и молитва. Мнозина што тврдат дека го држат Божјиот закон ги следат сопствените склоности наместо должноста. Во својата сегашна состојба не се подготвени за вечен живот. На овие безгрижни и рамнодушни верници би им порачала дека нивните суетни мисли, нељубезни зборови и себични дела се запишани во небесната книга. Ангелите што биле присутни на идолопоклоничката гозба на Валтазар гледаат како го обесчестувате својот Откупител. Тие тажно се свртуваат, жалејќи што на тој начин повторно сте Го распнале и сте Го изложиле на срам. ... {МАР 39.3}

На денот на Своето крунисување Христос нема да признае никого што носи дамка или нешто слично. На оние што Му останале верни ќе им даде круна на бесмртна слава. Оние што не сакале Тој да владее со нив ќе Го видат опкружен со мноштво откупени, од кои секој го носи знакот ГОСПОД Е НАША ПРАВЕДНОСТ. Ќе ја видат главата што некогаш била крунисана со трње, а сега е овенчана со слава. {МАР 39.4}

Во тој ден откупените ќе блескаат во славата на Отецот и на Неговиот Син. Небесните ангели, свирејќи на своите златни харфи, ќе ги пречекаат Царот и плодовите на Неговата победа — оние што се испрани и обелени во крвта на Јагнето. Ќе одекне победничка песна и ќе го исполни целото небо. Христос победил. Тој влегува во небесните дворови придружуван од Своите откупени, сведоци дека Неговата мисија, страдањето и саможртвувањето донеле плод.“ (Review and Herald, 24 ноември 1904) {МАР 39.5}

1 февруари

Мигот што незапирливо се приближува

„Но кој ќе го издржи денот на Неговото доаѓање, и кој ќе издржи, кога ќе се појави Тој? Зашто Тој е како оган, што растопува, и пепелница што чисти,“ (Малахија 3:2) {МАР 40.1}

„Поради својата грешност, израелскиот народ не смеел да се приближи кон гората кога Бог имал намера да слезе на неа за да го објави својот закон, зашто сите би биле уништени со разгорената слава на неговото присуство. Кога со таква манифестација на неговата сила било обележано местото избрано за објавување на Божјиот закон, колку пострашен ќе биде неговиот суд кога ќе дојде да ги оправда тие свети прописи? А како ќе ја поднесат неговата светост во големиот ден на крајната пресметка оние што го газеле неговиот авторитет? {МАР 40.2}

Кога божественото присуство се покажало на Синај, славата Господова во очите на Израелците изгледала како оган кој уништува сè. Но кога Христос ќе доаѓа во славата на сите свети ангели, сета земја ќе биде како во пламен од неопишаната светлина на неговото присуство. ... {МАР 40.3}

Откако е создаден човекот, никогаш не се видела таква манифестација на Божјата сила како што бил случајот при објавувањето на законот на Синај. ... Среде најстрашни потреси на вознемирената природа се слушнал Божји глас од облакот како звук на труба. Планината се тресела од подножјето до врвот, а илјадници Израелци, пребледени и тресејќи се од страв, паднале ничкум на земја. Оној, чијшто глас тогаш ја потресол земјата, порачува: ’Уште еднаш Јас ќе ја потресам не само земјата, туку и небото‘ (Евреите 12:26). {МАР 40.4}

Кога Мојсеј се вратил од гората каде што бил во Божјо присуство и каде што ги примил плочите на сведоштвото, грешниот израелски народ не можел да ја поднесе светлината што зрачела од неговото лице. А како ќе можат грешниците да гледаат во Божјиот Син кога ќе дојде во слава на Отецот и опкружен со сите небесни чети да им суди на престапниците на својот закон и на сите оние што го презреле и го отфрлиле неговото помирување? {МАР 40.5}

Но среде луњата на божествените казни, Божјите деца ќе немаат причина да се плашат. Господ ’ќе му биде заштита на Својот народ и одбрана за синовите Израелови‘ (Јоил 4:16). Оној ден, кој на престапниците на Божјиот закон ќе им донесе страв и пропаст, на послушните ќе им осамне ’со неискажлива и славна радост‘ (1 Петрово 1:8).“ (Патријарси и пророци, стр. 339–341) {МАР 40.6}

2 февруари

Високи мерила

„Бидете свети пред Мене, затоа што Јас сум свет Господ (Бог ваш); Јас ве одделив од сите народи за да бидете Мои.“ (Левит 20:26) {МАР 41.1}

„Исто така видов дека мнозина не разбираат какви мораат да бидат во времето на неволјите, за да живеат пред Бога, без првосвештеник во светилиштето. Кај оние што ќе го примат печатот на живиот Бог и кои во времето на неволјите ќе бидат заштитени, мора потполно да се огледа Исусовиот лик. {МАР 41.2}

Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека ’освежувањето‘ или ’позниот дожд‘ ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат ’освежувањето‘ кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог. Оние кои ... не ја чистат својата душа покорувајќи се на целата вистина, ќе се разбудат дури во времето на седумте зла и ќе увидат дека тоа ’кастрење‘ и обликување било неопходно за нив за да бидат подготвени за Божјата градба. Меѓутоа, повеќе нема да има ... Посредник да ги застапува пред Бога. Пред тоа време ќе одекне страшната и свечена изјава: ’Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет, нека се осветува уште.‘. (Откровение 22:11). Видов дека во ’освежувањето‘ ќе учествуваат само оние коишто ќе победат и ќе го оттргнат секој вкоренет грев: гордост, себичност, љубов кон светот и секој лош збор и постапка. Заради тоа мораме сè повеќе да се приближуваме кон Господа и сесрдно да настојуваме да извршиме неопходна подготовка којашто ќе ни овозможи да опстанеме во борбата во денот Господов. Да имаме сите на ум дека Бог е свет и дека никој со исклучок на светите битија не може да престојува во Негово присуство.“ (Рани списи, стр. 71) {МАР 41.3} {МАР 41.4}

„Денес мораме да бдееме за да не згрешиме во зборови или во дела. ... Денес мораме да Го бараме Бога и да се одлучиме да не бидеме задоволни без Неговото присуство. Мораме да бдееме, да работиме и да се молиме како тоа да е нашиот последен ден. Колку длабок и сесрден ќе биде тогаш нашиот живот. Како ќе Го следиме тогаш Исуса во сите наши зборови и дела.“ (5. Сведоштво, стр. 200) {МАР 41.5}

3 февруари

Време на испитување

„Не зборувајте повеќе толку горделиво! Зборови дрски нека не излегуваат од вашата уста; зашто Господ е Бог на знаењето, и постапките Негови се одмерени.“ (1 Царства 2:3) {МАР 42.1}

„Видов еден ангел како во своите раце држи вага, мерејќи ја тежината на мислите и интересите на Божјиот народ, посебно на младите. На едниот тас на вагата беа мислите и стремежите насочени кон небото, а на другиот мислите и интересите насочени кон земјата. На тој тас беше ставено читање на секакви книги, мисли за облекувањето, фалбаџиско истакнување, раскош, суета, гордост, и слично на тоа. О, колку сериозен миг беше тоа! Божјите ангели ги одмеруваат мислите и интересите на оние што за себе кажуваат дека се Божји деца, кои тврдат дека се мртви за светот и дека живеат само за Бога. Тасот на кој беа ставени овоземните мисли, суетата и гордоста нагло се спушти. Тасот на кој беа ставени мислите насочени кон небото нагло се подигна горе со иста брзина со која другиот се спушти; и, леле, колку беше лесен! Можам ова да го пренесам онака како што можев да го видам, но сериозноста и незаборавниот впечаток што таа глетка го остави на мојата душа - додека го посматрав ангелот со вагата како ги мери мислите и интересите на Божјиот народ - никогаш не ќе можам да го опишам. Ангелот рече: ’Можат ли ваквите да влезат во небото? Не, не, никогаш! Кажи им дека надежта што сега ја имаат е потполно напразна, и ако со неодложно покајание не го задобијат спасението, тие ќе мора да пропаднат‘. ... {МАР 42.2}

Видов дека мнозина се споредуваат меѓу себе и својот живот го споредуваат со животот на другите. Тоа не треба да се прави. Никој освен Христос не може во сè да ни биде пример. Тој е нашиот вистински Пример и сите треба да се трудиме што посовесно да се угледаме на Него. ... {МАР 42.3}

Покажано ми е дека некои сè уште немаат никаков поим што значи тоа самоодрекување и жртва, и што значи да се страда поради вистината. Меѓутоа, никој нема да влезе во небото, ако не поднел некоја жртва. Духот на самоодрекување и пожртвуваност треба да се негува. Некои не се спремни со целото свое битие да се жртвуваат на Божјиот жртвеник. Тие подлегнуваат на својот избувлив и непостојан темперамент, го задоволуваат својот апетит и себично гледаат само на своите лични интереси, не обрнувајќи внимание на потребите на Божјото дело. Вечниот живот ќе го наследат само оние кои поради тоа се спремни на секоја жртва; за тоа навистина вреди да се страда, да се распне сопственото ’јас‘ и да се жртвува секој идол. Вечната и од сè попретежна слава на Новата земја надминува сè друго и ги става во сенка сите овоземни задоволства.“ (1. Сведоштво, стр. 124–126) {МАР 42.4}

4 февруари

Ќе го издржиш ли искушението?

„И помни го целиот пат, по кој те водеше Господ, твојот Бог, по пустината еве веќе четириесет години, за да те искуша и да дознае што е во срцето твое, дали ги почитуваш заповедите Негови, или, пак, не.“ (Второзаконие 8:2) {МАР 43.1}

„Бог ќе го провери Својот народ. ... Доколку објавувањето на пораката траеше толку кратко како што мнозина од нас претпоставуваа, немаше да има време одредени поединци да го развијат својот карактер. Мнозина од оние што оваа свечена и застрашувачка порака ги поттикна се раководеа од чувствата, а не од начелата и верата. Таа делуваше на нивните чувства и пробуди страв во нив, но не ја оствари својата од Бога одредена цел. ... {МАР 43.2}

Бог ги води припадниците на Својот народ, чекор по чекор. Тој ги доведува во различни положби и околности за да се покаже што им е во срцето. Таквата проверка некои успешно ја издржуваат во еден поглед, но паѓаат на друго место. При следната проверка срцето се изложува на посериозен испит. Но припадниците на Божјиот народ чувствуваат отпор во своето срце кон овој сосем оправдан процес, што треба да ги осведочи дека во тој поглед мора да извршат одлучна промена ... Некои со задоволство прифаќаат една работа, но кога Бог ќе ги стави на проверка во нешто друго, тие застануваат и се враќаат назад, бидејќи тоа го погодува некој нивен омилен идол. Овде им се дава можност да увидат што е тоа во нивното срце што му ја затвора вратата на Исус. Тие нешто друго ценат повеќе од вистината, и не се подготвени да го примат Христос во своето срце. Поединци долго се испитуваат и се проверуваат за да се види дали ќе ги жртвуваат своите идоли и дали ќе го послушаат советот на Вистинскиот Сведок. ... Оние што успешно ќе ги поминат сите проверки, и ќе излезат како победници, без оглед на цената, значи дека го послушале советот на Вистинскиот Сведок, па ќе го примат позниот дожд и така ќе бидат подготвени за преобразување. {МАР 43.3}

Бог го проверува Својот народ во овој свет. ... Овде, на овој свет, секој поединец во овие последни денови покажува која сила делува на неговото срце и ги контролира неговите постапки. Ако е тоа силата на Божјата вистина, таа го поттикнува секој човек што ќе ја прими да прави добри дела, го воздигнува и го прави благороден и великодушен каков што бил и неговиот божествен Учител. ... {МАР 43.4}

Млади и стари, Бог ве проверува сега, во овој живот. Сега носите одлука за вашата вечна судбина.“ (1. Сведоштво, стр. 186–189) {МАР 43.5}

5 февруари

Сигурен водич

„Бидете извршители на словото, а не само слушатели, мамејќи се сами себе.“ (Јаков 1:22) {МАР 44.1}

„Бог ги повикува оние што ја познаваат Неговата волја, Неговата реч да ја спроведуваат на дело. Слабоста, малодушноста и неодлучноста ги предизвикуваат нападите на сатаната и оние кои дозволуваат во нив да се развијат овие особини безнадежно ќе потонат во брановите на искушенијата. Од секој кој го исповеда Христовото име се бара да израсне до висината на Христовиот раст, кој е глава на христијанскиот живот. {МАР 44.2}

На сите нам ни е потребен водач преку животните неволи, како што на морнарот му е потребен кормилар кој ќе го води преку песочните наноси или по карпестата река. А каде ќе го најдеме овој водач? Ние, драги браќа, ве упатуваме на Библијата. Вдахновена од Бога, пишувана од свети луѓе, таа јасно и точно ги покажува должностите на старите и младите. Таа го издигнува духот, го скротува срцето и ѝ дава спокој и света радост на нашата душа. Библијата претставува совршено мерило на карактерот; таа е непогрешлив водач во сите прилики, до самиот крај на животниот пат. Земете ја како свој најдобар советник, како правило на својот секојдневен живот. ... {МАР 44.3}

Во Светото Писмо има илјадници други камења на вистината кои се сокриени за оној кој бара само по површината. Рудникот на вистината никогаш не се исцрпува. Колку повеќе го проучувате Светото Писмо со понизно срце, сè поголем ќе биде вашиот интерес и вие сè повеќе ќе бидете подготвени да воскликнете како Павле: ’О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта!‘ (Римјаните 11:33). Секој ден треба да научите нешто ново од Светото Писмо. Истражувајте го како сокриено богатство, бидејќи тоа содржи зборови на вечен живот. Молете се за мудрост и разбирање за да ги разберете тие свети зборови. Ако постапувате така, ќе почувствувате дека сте примиле нова и драгоцена светлина во поглед на прашањата поврзани со вистината и вие сè повеќе и повеќе ќе го цените Светото Писмо. ... {МАР 44.4} {МАР 44.5}

Вие сега гласно сте повикани ревно да ги искористите сите средства на благодатта за да бидете преобразени по карактерот и да израснете до полна возраст на мажи и жени во Христа Исуса.“ (5. Сведоштво, стр. 263–267) {МАР 44.6}

6 февруари

Подготвени за одговор

„Туку Господ Бог почитувајте Го во срцата свои; а бидете секогаш подготвени со кротост и страхопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж.“ (1 Петрово 3:15) {МАР 45.1}

„Ми беше покажано дека мнозина што тврдат дека ја познаваат сегашната вистина не знаат во што веруваат. Тие не можат да дадат докази за својата вера. Немаат правилно сфаќање за делото за сегашното време. Кога ќе дојде времето на неволи, луѓето што денес им проповедаат на другите, откако ќе ги испитаат своите ставови, ќе видат дека има многу нешта за кои не можат да дадат причина. Додека не се искушаат на тој начин, тие нема да знаат колкаво е нивното незнаење. Во црквата има многу такви кои мислат дека го разбираат она во што веруваат, а всушност не знаат колку се слаби додека не се појават разединувања. Кога ќе бидат разделени од своите браќа во верата и ќе бидат принудени сами да ја објаснуваат својата вера, ќе се изненадат кога ќе видат колку се замрсени нивните поими и идеи за тоа што го прифатиле како вистина. ... {МАР 45.2}

Бог сака да го пробуди Својот народ; и ако тоа не успее со други средства, меѓу нив ќе се појават ереси кои ќе ги изрешетат и ќе ја одвојат плевата од пченицата. Господ ги повикува сите што веруваат во Неговата реч да се разбудат од сонот. Дојде драгоцена светлина која е соодветна за ова време. ... Верниците не смеат и понатаму да останат во двоумење во поглед на тоа што ја сочинува вистината. Нивната вера мора цврсто да се заснова на Божјата реч, така што, кога ќе дојде времето на проба и кога пред судовите ќе мораат да одговараат за својата вера, да бидат подготвени за одговор на секој кој ќе ги запраша за нивната надеж, но тоа да го направат во кротост и со почитување.“ (5. Сведоштво, стр. 707–708) {МАР 45.3}

„Христовите слуги не треба однапред да составуваат говор за сослушувањето на кое ќе бидат изведени поради својата вера. Нивната подготовка треба да се одвива секојдневно, додека ги собираат драгоцените вистини на Божјото слово во своите срца. Треба да се хранат со Христовото учење и со молитва да ја зајакнуваат својата вера. Тогаш, кога ќе бидат изведени пред суд, Светиот Дух ќе ги потсети на вистините што ќе допрат до срцата на присутните. {МАР 45.4}

Бог ќе направи знаењето стекнато со внимателно проучување на Светото писмо да засвети во нивните умови токму во мигот кога ќе им биде потребно.“ (Counsels on Sabbath School Work, стр. 40–41) {МАР 45.5}

7 февруари

Храна што заситува

„Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат!“ (Матеј 5:6) {МАР 46.1}

„Кога таквите мажи и жени кои се задоволуваат со своето слабо, непотполно познавање на божествените работи, одеднаш би биле пренесени на небо и кога за момент би биле сведоци на она свето совршенство коешто секогаш владее таму, би ги виделе душите преполни со љубов, лица блескави со радост. Се прашувам дали тие личности би можеле да влезат во друштвото на светите, да учествуваат во нивното пеење и да ја поднесат онаа чиста, возвишена, преобразувачка слава која доаѓа од Бога и Јагнето? О, не! ... {МАР 46.2}

Единствено оние коишто го воспитале умот да ужива во духовните активности се оние кои ќе бидат преобразени и кои нема да бидат уништени од чистотата и преголемата слава на небото. Можеш да бидеш вешт во своите уметности, можеш да ги познаваш добро науките, можеш да бидеш одликуван во музиката и книжевноста, можеш да придобиваш со своето однесување, - но каква врска има сето ова со подготвувањето за на небо? Дали сето тоа ќе те подготви да опстанеш на Божјиот суд? {МАР 46.3}

Немој да се залажуваш. Со Бога нема шега. Само со светост можеш да се подготвиш за небото. Единствено искрената, делотворна побожност може да ти даде чист, возвишен карактер и да те оспособи да бидеш во Божјото присуство што се наоѓа во непристапна светлина. Небесниот карактер мора да се стекне на земјата, инаку нема воопшто да се стекне.“ (2. Сведоштво, стр. 266–267) {МАР 46.4}

„Правилно е да се тежнее кон добрина и вистинска светост, но ако се остане само на ова, нема да се има многу корист. Убаво е да се има добри намери, но тие не се од никаква корист ако одлучно не се спроведат во дело. Мнозина ќе бидат загубени, иако сакаат и настојуваат да бидат христијани; тие не вложуваат сесрдни напори и според тоа ќе бидат измерени на мерила и ќе се најдат лесни. Волјата мора да се вежба во добар правец. Сакам да бидам целосен христијанин. Сакам да ја запознаам должината и ширината, висината и длабочината на совршената љубов. Чујте ги Христовите зборови: ’Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат!‘. Христос приготвил големи залихи со кои ќе ги насити оние кои се гладни и жедни за правда.“ (2. Сведоштво, стр. 265–266) {МАР 46.5} {МАР 46.6}

8 февруари

Морална независност

„Затоа излезете од нивната средина и одделете се!‘ Вели Господ, и ’Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки‘, вели Господ Седржителот.“ (2 Коринтјаните 6:17,18) {МАР 47.1}

„Денес многумина имаат покривала на своите лица. Ова покривало е наклоност кон навиките и постапките на светот кои ја сокриваат од нив Господовата слава. Бог сака нашите очи да бидат управени кон Него и да ги изгубиме од вид работите на овој свет. {МАР 47.2}

За да им удоволиме на барањата на Библијата треба да ја внесуваме вистината во секојдневниот живот, издигнувајќи го знамето на вистината сè повеќе и повеќе. Поради тоа ќе биде потребно да се спротивставуваме на модата, обичаите, праксата и општите начела на светот. Световните влијанија како морски бранови навалуваат на Христовите следбеници за да ги одбијат од вистинските начела на Неговата кротост и благодат; но ние мораме во овие начела да бидеме цврсти како карпа. Тоа бара морална храброст и оние чии души не се утврдени на Вечната Карпа ќе бидат однесени од струјата на овој свет. Можеме да стоиме цврсто само ако нашиот живот е сокриен со Христа во Бога. Моралната независност е потполно на свое место кога се работи за спротивставувањето на светот. Предавајќи се потполно на Божјата волја, ние ќе дојдеме во поповолна положба и ќе увидиме колку е потребно одлучно одвојување од обичаите и праксата на овој свет.

Не е доволно нашето мерило да биде само малку повозвишено од мерилата на овој свет; разликата помеѓу нас и него мора да биде јасна и очевидна. ... {МАР 47.3}

Не е лесно да се заслужи непроценливото богатство на вечниот живот. Никој не може тоа да го заслужи, ако се препушти по струјата на овој свет. Ние мора да излеземе од светот, да се одвоиме и да не се допираме до ништо нечисто. Никој не може да постапува како светот, а световната струја да не го понесе со себе. Никој не може да се издигне без истрајни напори. Секој кој сака да победи, мора цврсто да се држи за Христа. Тој не смее да гледа наназад, туку својот поглед мора да го држи постојано насочен нагоре, стекнувајќи позитивни особини една по друга. Личната будност е цена на безбедноста. ... {МАР 47.4}

Крајот на сите работи е пред нас. Сега е потребно луѓето да се вооружат и подготват за Господовата битка.“ (6. Сведоштво, стр. 146–148) {МАР 47.5}

9 февруари

Има ли тука идоли?

„Чеда, пазете се од идолите. Амин!“ (1 Јованово 5:21) {МАР 48.1}

„Секое вистинско Божјо дете ќе биде решетано како пченица. Во тој процес мора да се жртвува секое задоволство што ги одвраќа мислите од Бога. Во многу семејства полиците над огништата, шкафовите и масите се полни со украси и слики. ... Поради тоа мислите што треба да бидат насочени кон Бога и кон небесните нешта се свртуваат кон обични предмети. Зар тоа не е идолопоклонство? Зар парите потрошени така не би требало да послужат за благослов на луѓето, да го олеснат страдањето, да ги облечат голите и да ги нахранат гладните? Зар не би требало да се внесат во Господовата ризница за напредување на Неговото дело и за градење на Неговото небесно царство на Земјата? {МАР 48.2}

Ова прашање е многу важно. Ви се поставува за да се избавите од гревот на идолопоклонството. Вашите души ќе добијат благослов ако го послушате зборот на Светецот Израелов: ’Немој да имаш други богови освен Мене!‘ (Исход 20:3). Мнозина непотребно се грижат и се вознемируваат, посветувајќи им време и мисли на непотребните украси со кои ги полнат домовите. Потребна е Божјата сила за да ги ослободи, зашто сето тоа, по својата намера и цел, станало идолопоклонство. {МАР 48.3}

Оној што ги испитува срцата сака да го одвои Својот народ од секој вид идолопоклонство. Божјото слово, благословената книга на животот, нека заземе место на масите каде што сега стојат бескорисни украси. Трошете ги парите за книги што ќе го просветлуваат умот за вистината на сегашното време. ... Држете се цврсто за Господовото слово како за ризница на бескрајна мудрост и љубов. Таа книга е водич што го покажува патот кон небото. ... {МАР 48.4}

О, кога би го истражувале Светото писмо со молитвено срце и со дух предаден на Бога! Кога би ги испитале своите срца како со запалена светилка и би ја прекинале и најтенката нишка што ве врзува со световните навики кои го одвраќаат умот од Бога! Молете Го да ви покаже сè што ги оддалечува вашите мисли и чувства од Него. Бог му го дал на човекот Својот свет закон како мерило за карактерот. Тој закон ќе ви помогне да го согледате и да го победите секој недостаток во својот карактер. Можете да се одвоите од секој идол и со златниот синџир на благодатта и вистината да се поврзете со Божјиот престол.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 317–318) {МАР 48.5}

10 февруари

Испитувајте го своето срце

„Испитувајте се сами себе дали сте во верата! Сами проверувајте се! Или не сте свесни дека Исус Христос е во вас? Освен, само ако сте недостојни.“ (2 Коринтјаните 13:5) {МАР 49.1}

„Ништо не е поподмолно од измамливоста на гревот. Богот на овој свет измамува, заслепува и води во пропаст. Сатаната не настапува со сите свои искушенија одеднаш. Тој ги прикрива искушенијата со привид на добрина. ... Кога измамените души ќе го направат првиот чекор, веќе се подготвени и за следниот. ... О, со какво внимание сатаната набљудува колку лесно ќе ја загризаат неговата мамка, тргнувајќи токму по патеката што тој им ја подготвил! ... {МАР 49.2}

Мора темелно да се испитуваме во светлината на Божјото слово. Дали моето срце е здраво или расипано? Дали сум обновен во Христос или срцето сè уште ми е телесно, а само однадвор носам нова облека? Застанете пред Божјиот суд и во Неговата светлина погледнете дали во вас има скриен грев, некое беззаконие или идол од кој не сте се откажале. Молете се ... како никогаш досега, за сатанските орудија да не ве измамат и за да не им се предадете на непромисленоста, безгрижноста и суетата. ... {МАР 49.3}

Еден од гревовите, кој воедно е знак на последното време, е што оние кои се нарекуваат христијани ги сакаат задоволствата повеќе од Бога. Искрено испитувајте ги своите души. Внимателно истражувајте. Колку малку луѓе по искрено испитување можат да погледнат кон небото и да кажат дека Го сакаат Бога повеќе од задоволствата! Колку малкумина можат да кажат дека се мртви за светот и дека, кога ќе се појави Оној што е нивниот живот, и тие ќе се појават со Него во слава! {МАР 49.4}

Каква Божја љубов и милост! Колку е драгоцена благодатта! Таа вреди повеќе од најчистото злато. Го воздигнува и го облагородува духот над сите други начела. Срцето и чувствата ги насочува кон небото. Додека луѓето околу нас можеби се зафатени со световна суета, со барање задоволства и со безумства, нашиот живот е на небесата, од каде што Го очекуваме Спасителот. Душата се издигнува кон Бога и бара мир и простување, праведност и вистинска светост. Разговорот со Бога и размислувањето за небесните нешта ја преобразуваат душата според Христовиот лик.“ (Messages to Young People, стр. 83–84) {МАР 49.5}

11 февруари

Прашања за преиспитување

„Кој може да излезе на гората Господова и кој ќе застане на Неговото свето место? Оној, чии раце се невини и чие срце е чисто, кој не си ја продава душата своја на лажни работи и не се заколнува лажно.“ (Псалми 24:3,4) {MAP 50.1}

„Душата соединета со Христа ... ќе се бори против сите престапи и приближувања на гревот. Таа секој ден станува сè послична на јасна и блескава светлина и победува. Напредува од сила во сила, а не од слабост во слабост. {MAP 50.2}

Никој нека не ја мами својата душа во ова. Ако негувате гордост, самовозвишување, љубов кон висока положба, суета, несвети стремежи, мрморење, незадоволство, горчина, зли зборови, лажење, измама и клеветење, Христос не престојува во вашето срце. ... Морате да имате цврст христијански карактер. ... {MAP 50.3}

Мора да дојде до целосен пресврт кај оние што велат дека веруваат во вистината, инаку ќе паднат во денот на искушението. Божјиот народ мора да достигне високи мерила. Тој мора да биде свет народ, посебен народ, избран род — ревносен за добри дела. Христос не умрел за вас за да ги негувате страстите, вкусот и навиките на световните луѓе. ... {MAP 50.4}

Никој не влегува низ портите на славата освен оној што го насочува своето срце таму. Затоа прашувам: Дали мислите ви се насочени кон земните работи? Чисти ли се вашите мисли? Ја дишете ли небесната атмосфера? Имате ли врз себе некаква нечистотија? ... Сериозни ли сте и посветени, служејќи Му на Бога во чистотата и убавината на светоста? Искрено поставете си го прашањето: Божјо дете ли сум или не? ... {MAP 50.5}

На сите наши цркви им е потребна темелна промена. Божјата преобразувачка сила мора да дојде во црквата. ...

Не го одложувајте денот на подготовката. Не спијте неподготвени, без масло во своите светилки. ... Не го оставајте ова прашање во погубна неизвесност. Искрено прашајте се: Дали сум меѓу спасените? Ќе издржам ли? Само оној што ги очистил своите раце и своето срце ќе опстане во тој ден.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 441–443) {MAP 50.6}

„Предност на секое Божјо дете е да биде вистински христијанин од миг во миг; тогаш целото Небо ќе застане на негова страна.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 440,441) {MAP 50.7}

12 февруари

Се осмелуваш ли да бидеш поинаков?

„Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина;“ (1 Петрово 2:9) {MAP 51.1}

„Предупредувањето дека Синот Човечки наскоро ќе дојде обвиткан со небесните облаци за мнозина станало обична приказна. Престанале да чекаат и да бдеат. Себичниот, световен дух што се покажува во животот ги открива чувствата на срцето: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘ ... {MAP 51.2}

Во нашите денови постои истиот оној дух на себичност и прилагодување на световните практики како и во Ноевите денови. Мнозина, кои говорат дека се Божји деца, толку ревно се посветуваат на своите земни интереси што со тоа ја порекнуваат својата вера. Тие до последниот момент на своето време на проба (милост) ќе садат и градат, ќе купуваат и продаваат, ќе јадат и пијат, ќе се женат и ќе се мажат. Во таа состојба се наоѓа голем дел на нашиот народ. ... {MAP 51.3}

Мојата душа е обременета кога ќе видам голем недостаток на духовност меѓу нас. Модата и обичаите од овој свет, гордоста, љубовта кон забавувањето, љубовта кон покажувањето, претерувањето во облекување, во куќите и имотите - сето ова ја краде Божјата ризница, бидејќи парите кои би требало да се искористат за светлината на вистината да се испрати во светот, луѓето ги употребуваат за задоволување на своите желби. ... {MAP 51.4}

Децата на светлината и на денот не треба околу себе да ги собираат сенките на ноќта и на темнината која ги опкружува оние што вршат беззаконие. Напротив, тие мора верно да стојат на стражарското место, како оние кои носат светлина, собирајќи светлина од Бога и праќајќи ја на оние кои се во темнина. Господ бара од Својот народ да го одржува својот интегритет, да не се допира - т.е. да не ги имитира - постапките на безбожниците. {MAP 51.5}

Христијаните во овој свет ќе бидат ’свет народ, луѓе придобиени‘, покажувајќи ја пофалбата на Оној што ги повикал ’од темнина во Својата чудесна светлина‘. Оваа светлина не смее да слабее, туку мора да свети сè посилно и посилно, додека не стане целосна како ден. ...

Потресната вистина која многу години одѕвонува во нашите уши: ’Господ е близу; бидете подготвени,‘ не е помалку вистинита денес отколку кога ја слушнавме првпат.“ (5. Сведоштво, стр. 9–14) {MAP 51.6}

13 февруари

Искорнете го секое семе на сомневање

„И така, не напуштајте ја вашата слобода; таа ви носи голема награда. Најнапред ви е потребно трпение, па, откако ќе ја исполните волјата Божја, да го добиете ветеното; зашто уште малку, сосем малку и ’Оној што иде, ќе дојде и нема да задоцни. А праведниот преку верата ќе биде жив; Јас не се радувам за ниеден кој отстапува.‘ Ние, пак, не сме од оние што отстапуваат и гинат, туку од оние кои веруваат и се спасуваат.“ (Евреите 10:35,36,37,38,39) {MAP 52.1}

„Покажано ми е дека ние сега се наоѓаме во времето на решетање. Сатаната работи со сите свои сили да ги оттргне душите од Христовите раце, наведувајќи ги да го исмеваат и навредуваат Божјиот Син. ... {MAP 52.2}

Карактерот секојдневно се развива. Божјите ангели ја одмеруваат неговата морална вредност. Бог на тој начин го испитува и проверува Неговиот народ. Ангелот ми укажа на следните зборови на апостолите: ’Браќа, гледајте, да не би во некого од вас, да има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог. Туку храбрете се секој ден еден по друг додека сè уште се вели: ’Денес‘, та никој од вас да не отрпне преку измамата на гревот; зашто ние станавме соработници на Христос. Само ако ја задржиме цврсто до крај првобитната цврста подлога‘. На Бог не му е по волја некој од оние што ја запознале силата на Неговата благодат да ги искажува своите сомнежи и така да стане орудие во рацете на сатаната, пренесувајќи ги неговите дошепнувања и во мислите на другите. Еднаш засеаното семе на неверување и зло не е лесно да се искорени. Сатаната постојано го потхранува и тоа расте и станува сè посилно. Доброто семе треба постојано да се одгледува, да се наводнува и чува; бидејќи секое отровно влијание на кое може да биде изложено го спречува неговото растење и доведува до негово потполно изумирање. Денес сатаната вложува поголеми напори од било кога порано, бидејќи знае дека има уште малку време. ... {MAP 52.3} {MAP 52.4}

Божјиот народ ќе биде решетан како што се решета пченка во решето, додека потполно не се одвои од плевата и остане само чисто зрно. Ние треба постојано да гледаме на Христос, следејќи го Неговиот пример на смиреност и чистота. ... {MAP 52.5}

Покажана ми е наградата на светите: бесмртното наследство. Потоа видов дека припадниците на Божјиот народ, колку и да поднесат поради Христос, на крајот сепак ќе заклучат дека небото беше доволно евтино. Тие знаат дека страдањата низ кои овде мораат да поминат не се ништо во споредба со славата што на крајот ги очекува. Припадниците на Божјиот народ нема да бидат поштедени од неволји во овие последни денови. Но, наскоро наидува и нивната последна проба, и тогаш ќе го примат дарот на вечниот живот.“ (1. Сведоштво, стр. 429–432) {MAP 52.6}

14 февруари

Духовен џин или џуџе?

„И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, исполнувајќи ја светоста во страв Божји.“ (2 Коринтјаните 7:1) {MAP 53.1}

„Меѓутоа, Господ ги кара и поправа оние кои сакаат да се држат за Неговиот закон. Тој им укажува на нивните гревови и ги открива нивните беззаконија, бидејќи сака тие да се откажат од секој грев и безбожништво за да ја творат Божјата волја, да се подготват и да умрат во Господа и да се вознесат на небото. ... {MAP 53.2}

Бог не прима ништо друго освен чистота и светост; една дамка, една мана во карактерот, ќе им го попречи засекогаш патот кон небото со сета своја слава и блаженства.“ (2. Сведоштво, стр. 453) {MAP 53.3}

„Повеќето таканаречени христијани немаат претстава за духовната сила што можеле да ја добијат кога би биле толку ревносни, срдечни и истрајни во стекнувањето знаење за божествените нешта колку што биле во желбата да ги добијат бедните, минливи нешта на овој свет. Мноштвото луѓе што се претставуваат како христијани се задоволни да бидат духовни џуџиња. Немаат желба најнапред да го бараат Божјото царство и Неговата праведност; затоа побожноста им е тајна што не можат да ја разберат. Не Го познаваат Христа од лично искуство.“ (2. Сведоштво, стр. 453,454) {MAP 53.4}

„Сите оние кои одлучиле искрено, сесрдно и промислено да почнат да ја творат Божјата волја можат да сметаат на изобилна помош. Тие ќе добијат од Христа сила, благодат и слава; сето тоа ангелите чувари ќе им го донесат на наследниците на спасението. Никој не е толку расипан, низок и лош за да не може да најде сила, чистота и правда во Христа Кој умрел за нас, само ако сака да ги отфрли своите гревови, да престане да прави неправда и да се обрати со сето срце на живиот Бог. Тој чека да ги симне од нив од грев извалканите одела, а потоа да ги облече во бели, чисти облеки на правда и да бара од нив да живеат, а не да умрат. Во Него тие можат да пораснат. Нивните гранки нема да овенат ниту ќе бидат без плод. Ако останат во Него, ќе добијат од Него сила и храна, ќе се напојуваат со Неговиот Дух, ќе одат како што одел Тој, ќе победат како што победил Тој и ќе бидат издигнати и поставени од Негова десна страна.“ (2. Сведоштво, стр. 453,454) {MAP 53.5}

15 февруари

Мудри или неразумни?

„Тогаш царството небесно ќе заприлега на десет девојки, кои ги зедоа своите светилки и излегоа да го пречекаат младоженецот. Петте од нив беа мудри, а петте неразумни.“ (Матеј 25:1,2) {МАР 54.1}

„Не смееме да се задоволуваме со мислата дека сме спасени затоа што сме членови на Црквата, додека всушност не даваме никакво сведоштво дека сме го примиле Христовиот лик, туку се враќаме на старите навики и ги ткаеме своите облеки со нишки на световни идеи и обичаи. ... {МАР 54.2}

Десетте девојки бдеат во ноќта на земната историја. Сите велат дека се христијанки. Сите се повикани, имаат име, светилка и сите тврдат дека вршат Божја служба. Навидум секоја од нив го очекува Неговото појавување. Но пет се неподготвени. Тие пет ќе се најдат збунети, потиштени, надвор од салата за гозба.“ (Review and Herald, 31. октомври 1899.) {МАР 54.3}

„Претставени сме или како мудрите или како неразумните девојки. Има мнозина што нема да останат крај Исусовите нозе, ниту да учат од Него. Не ги познаваат Неговите патишта, а не се подготвени ни за Неговото доаѓање. Се преправаат дека го чекаат својот Господ. Не бдееле и не се молеле со вера што дејствува преку љубовта и ја чисти душата. Живееле безгрижно. Ја слушнале и ја прифатиле вистината, но никогаш не ја примениле во својот практичен живот. Нивните светилки не се наполнети со маслото на благодатта и не се подготвени да влезат на свадбената вечера на Јагнето.“ (Review and Herald, 31. октомври 1899.) {МАР 54.4}

„Не бидете како неразумните девојки кои го зеле здраво за готово дека Божјите ветувања им припаѓаат, а не ги послушале сериозните Христови опомени. Христос нè учи дека самото име не значи ништо. ’Ако некој сака да врви по Мене‘, вели Тој, ’нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи‘ ... {МАР 54.5}

Кога ќе ја поминеме Божјата проверка во процесот на чистење и облагородување; кога огнот од печката ќе ја согори згурата и ќе се појави вистинското злато на чистиот карактер, сè уште можеме да кажеме со апостол Павле: ’јас не мислам дека сум го достигнал тоа; но едно правам: го заборавам она што е зад мене, а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта – кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос‘“ (Review and Herald, 31. октомври 1899.) {МАР 54.6}

16 февруари

Сега — секогаш сега

„И така, бидете будни, зашто не го знаете ни денот, ни часот, кога ќе дојде Синот Човечки.“ (Матеј 25:13) {MAP 55.1}

„Христовото доаѓање ќе биде како полноќ, кога сите спијат. Добро ќе биде секој да ги среди своите сметки пред да зајде сонцето. Сите дела на човекот треба да бидат исправни, а сите негови односи со другите луѓе средени. Секоја нечесност, сите грешни постапки мора да се отстранат. Маслото на благодатта треба да биде во нашите светилки. ... Навистина жална ќе биде состојбата на душата која имала изглед на побожност, но се откажала од нејзината сила; која зборувала: ’Христе, Господи, Господи‘, а сепак не го имала Неговиот лик и Неговиот натпис. ... {MAP 55.2}

Бог милостиво определил ден на проверка, време на испитување. Тој повикува: ’Барајте го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу‘ ... {MAP 55.3}

Денес повикува гласот на милоста и Исус ги привлекува луѓето со врвците на Својата љубов. Но ќе дојде ден кога Исус ќе ја облече облеката на одмаздата. ... Грешноста на човештвото расте секој ден и кога ќе ја достигне определената граница, книгите ќе се затворат и ќе се положи сметката. Повеќе нема да има жртва за грев. Господ доаѓа. Долго милоста ја подаваше раката на љубовта, трпението и поднесувањето кон грешниот свет. Беше упатен повикот: ’ако пребегне кон заштитата Моја‘ ... Но луѓето ја презреа Неговата милост и ја отфрлија Неговата благодат. {MAP 55.4}

Зошто Господ толку долго го одложува Своето доаѓање? Целата небесна војска чека да ја изврши последната задача за овој изгубен свет, а сепак работата чека. Тоа е затоа што малкуминатa што велат дека го имаат маслото на благодатта во своите светилки не станале светлина што гори и свети во светот. Тоа е затоа што има малку мисионери. ... {MAP 55.5}

Секоја нова седмица е една седмица помалку, секој нов ден нè приближува кон определеното време на судот. Жално е што има мнозина кои имаат вера ’на мигови‘ — вера што зависи од чувствата и е водена од емоциите. ’А кој ќе издржи до крај, тој ќе биде спасен‘. Затоа проверете дали во вашите срца го имате маслото на благодатта. Неговото поседување ќе ја направи пресудната разлика на судот.“ (Review and Herald, 27. март 1894.) {MAP 55.6}

17 февруари

Последната стража

„Бидете будни, зашто не знаете кога ќе дојде домаќинот на куќата, приквечер ли, или на полноќ, или петлите кога ќе пропеат, или наутро, па да не дојде ненадејно и да ве затече како спиете.“ (Марко 13:35,36) {MAP 56.1}

„Ми беше покажана една група. ... Нивните очи биле вперени кон небото, а на усните им беа зборовите на нивниот господар: ’Што ви зборувам вам, им го зборувам на сите: Бидете будни!‘. ... Господ најавил одолжување пред зори. Меѓутоа, Тој не сака тие да попуштат пред заморот или да престанат со сесрдното стражарење затоа што утрото не осамнало тогаш кога очекувале. ... {MAP 56.2}

Видов дека е невозможно да се подарува љубов и внимание на овоземските работи, да се зголемува земското богатство, а воедно да се чека и да се бдее како што наложил Спасителот. Ангелот рече: ’Тие можат да задобијат само еден свет. Ако сакаат да стекнат небесно богатство, мора да го жртвуваат земното. Тие не можат да ги имаат обата света‘. ... {MAP 56.3}

Видов како во минатото една стража менувала друга. Дали заради тоа денес треба да постои недостаток во будноста? О, не! Сега има уште поголема потреба за непрекината будност, бидејќи има уште помалку време отколку пред поминувањето на првата стража. Кога тогаш толку неуморно стражаревме, колку повеќе тоа е потребно во оваа последна стража! Поминала втората стража, дошла третата и би било непростливо ако сега попуштиме во својата ревност. Третата стража бара трипати поголема сесрдност. Сега да се биде нетрпелив би значело да се изгуби сѐ она што е постигнато со истрајноста од претходните стражарења. Долгата ноќ на стражарење е полна со неволји; но Бог во Својата милост го одложил доаѓањето на утрото, бидејќи кога би дошол сега, многумина би биле неподготвени. Причината за одложување е тоа што Бог не сака Неговиот народ да пропадне. ... {MAP 56.4}

Разликата помеѓу оние што го сакаат светот и помеѓу оние кои Го љубат Христа е јасна и непогрешлива. Додека суетните луѓе се трудат да стекнат земно богатство, Божјиот народ сѐ повеќе се одвојува од светот и покажува со своето сесрдно чекање и стражарење дека се обратил и дека овој свет не е негов дом, бидејќи копнее по подобрата земја, небесната.“ (2. Сведоштво, стр. 192–194) {MAP 56.5}

18 февруари

Единствениот сигурен пат

„Бидете будни и молете се, за да не паднете во искушение: духот е бодар, но телото е слабо.“ (Матеј 26:41) {МАР 57.1}

„Што треба да кажам за да го пробудам остатокот од Божјиот народ? ... Ги предупредувам сите што го исповедаат Христовото име темелно да се испитаат и целосно да ги признаат сите свои гревови, за да можат да опстанат во денот на судот и ангелот што го води извештајот да може покрај нивното име да напише: простено. Брате мој, сестро моја, ако не ги искористите овие драгоцени мигови на милост, ќе бидете без изговор. Ако не вложите посебен напор да се издигнете, ако не покажете желба да се покаете, овие златни мигови наскоро ќе поминат и ќе бидете измерени на мерилото и ќе се најдете лесни.“ (1. Сведоштво, стр. 263) {МАР 57.2}

„Со опомената ’бидете будни и молете се‘, Исус означил еден сигурен пат. Неопходно е да бдееме. Нашите срца се измамливи; ние сме подложни на човечките слабости и мани, а сатаната се напрегнал да уништува. Нашата будност понекогаш може да попушти, но нашиот непријател никогаш не мирува. Знаејќи за неговите неуморни напори, не смееме да спиеме како и останатите, туку треба ’да бидеме будни и трезни‘. Мораме да му се спротивставиме на духот и на влијанието на светот и не смееме да дозволиме да завладеат со нашиот ум и нашето срце.“ (5. Сведоштво, стр. 409) {МАР 57.3}

„Испитувај го внимателно своето срце во светлина на вечноста. Не крај ништо од себе. Истражувај, испитувај, како да ти е во прашање животот, пресуди си самата, а потоа во вера побарај ја Христовата крв која ќе ги исчисти дамките од твојот христијански карактер. Немој да си ласкаш, немој да се оправдуваш, биди строга кон својата душа. И кога ќе увидиш колку голем грешник си, тогаш понизно клекни пред крстот. Исус ќе те прими, колку и да си нечиста, и ќе те испере со Својата крв, ќе ја исчисти секоја нечистотија од тебе и ќе те направи подобна за друштвото на светите ангели во чистото небо кое е исполнето со слога и хармонија. Таму нема никаков раздор и неслога. Има само здравје, среќа и радост.“ (2. Сведоштво, стр. 81) {МАР 57.4}

„Овој свет е училиште во кое се подготвуваме за повозвишеното училиште, овој живот е подготовка за идниот живот. Овде мораме да се подготвуваме за влегување во небесните дворови. Овде мораме да ја примиме вистината, да веруваме во неа и да ја спроведуваме во дело, сè додека не станеме подготвени за домот со светиите во светлината.“ (8. Сведоштво, стр. 200) {МАР 57.5}

19 февруари

Делотворна вера

„Но близу е крајот на сè. Па бидете мудри и бодри во молитвите.“ (1 Петрово 4:7) {МАР 58.1}

„Веруваш ли дека крајот на сè е пред врата, дека настаните на овоземната историја нагло се завршуваат? Ако е така, покажи ја својата вера со соодветни дела. Со својот живот човекот го покажува сето она во што вистински верува. Некои мислат за себе дека се значително напред во верата, додека нивната вера, ако воопшто ја имаат, е всушност мртва, бидејќи нема соодветни дела. ’И така, верата, ако нема дела, сама по себе е мртва‘. Само малкумина навистина имаат вера која работи преку љубовта и ја чисти душата. Сите, меѓутоа, кои сакаат да го наследат вечниот живот, мораат морално да станат достојни за тоа. ’Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е. И секој што ја има таа надеж во Него, се очистува самиот себе, како што е чист Тој‘. Тоа е задача која ти претстои ... {МАР 58.2}

Сопственото ’јас‘ мора во тебе да умре и мораш да живееш во Бога. ’И така, ако сте воскреснале заедно со Христос, барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога‘. Не поведувај се по сопственото ’јас‘. Гордоста, самољубието, себичноста, лакомоста, алчноста, љубовта кон светот, омразата, фрлањето сомневање, завист, лошите претпоставки - сето тоа мора да се победи и да се жртвува засекогаш. Кога Христос ќе се појави, Тој нема да ги отстранува тие зла, притоа давајќи морална подготвеност за Неговото доаѓање. Сите подготовки мораме да ги извршиме пред Тој да се појави. Предмет на нашето размислување и најсесрдното прашање секогаш треба да биде: Што треба да правиме за да се спасиме? Што треба да правиме за да Му угодиме на Бога? {МАР 58.3}

Кога ќе паднеш во искушение да мрмориш, осудуваш и нерасположено да ги рануваш сите околу себе, ранувајќи ја со тоа и својата душа, запрашај од длабината на своето битие: Дали ќе бидам беспрекорен кога ќе се најдам пред Божјиот престол? Таму ќе бидат само оние што се беспрекорни. Никој нема да биде примен во небото додека срцето му е полно со овоземна нечистотија. Секој недостаток во карактерот мора овде да се отстрани, секоја дамка на гревот треба да се испере со Христовата крв, а секоја непожелна и одвратна особина мора да се победи.“ (1. Сведоштво, стр. 704,705) {МАР 58.4}

20 февруари

Чувајте се од сатанските орудија

„А Духот јасно зборува дека во последните времиња некои ќе отстапат од верата, слушајќи измамнички духови и злодуховски учења,“ (1 Тимотеј 4:1) {MAP 59.1}

„Откако помина 1844 година, моравме да се соочиме со секаков вид фанатизам. ...

Искуствата од минатото ќе се повторат. Сатанските празноверија во иднина ќе задобијат нов облик. Заблудите ќе се прикажуваат на угоден и заводлив начин. На Божјиот народ ќе му се прикажуваат лажни теории облечени во облека на светлина. Така сатаната ќе се труди да ги измами, дури и избраните. Ќе се применуваат најзаведувачки влијанија и умовите на луѓето ќе бидат хипнотизирани. {MAP 59.2}

Ќе се појави секаква расипаност, како што било во претпотопниот свет и разумот на луѓето ќе биде заробен. Издигањето на природата како Бог, неограничената слобода на човечката волја, советот на безбожните — сите овие орудија сатаната ги користи за да постигне одредени цели. Тој ја употребува моќта на умот над друг ум за да ги оствари своите намери. Најжалосно од сè е дека луѓето под влијание на неговите измами имаат обличје на побожност, без каква било вистинска врска со Бога. Како што Адам и Ева јаделе од дрвото за познавање на доброто и злото, така многумина и денес се хранат со измамливите залаци на заблудите. {MAP 59.3}

Сатанските орудија ги облекуваат лажните теории во привлечни облеки, како што сатаната во Едемската градина ја криел својата личност од нашите први родители зборувајќи преку змијата. Тие орудија во човечкиот ум го ставаат она што всушност е смртна заблуда. Сатаната ќе врши хипнотичко влијание врз тие што се одвојуваат од јасното Божјо Слово и ги прифаќаат пријатните измислици. {MAP 59.4}

Сатаната најупорно се труди во своите стапици да ги фати токму оние кои примиле најголема светлина. Тој знае дека тие, ако успее да ги заведе, под негова контрола ќе го облечат гревот во облека на праведноста и мнозина ќе одведат на погрешен пат. {MAP 59.5}

Им зборувам на сите: бидете внимателни, бидејќи преправен во ангел на светлина, на секој собир на христијанските работници и во секоја црква доаѓа и сатаната, настојувајќи да ги привлече верниците на своја страна. Ми беше наредено на народот Божји да му ја дадам следната опомена: ’Не лажете се: Бог не е за подигрување‘ (Галатјаните 6:7).“ (8. Сведоштво, стр. 292–294) {MAP 59.6}

21 февруари

Прикриени искушенија

„Бидејќи знам дека по моето заминување ќе се втурнат меѓу вас лути волци, кои нема да го штедат стадото; а и од вас самите ќе произлезат луѓе, што ќе зборуваат искривено, за да ги одвлечат учениците заедно со себе.“ (Дела 20:29,30) {MAP 60.1}

„Бог не го заобиколил Својот народ за да избере еден поединец овде, а друг онде, како единствено достојни да им ја довери Својата вистина. Тој не му дава на еден човек нова светлина спротивна на утврдената вера на Црквата. При секоја реформа се појавувале луѓе што тврделе дека ја примиле тие. ... {MAP 60.2}

Некој прифаќа некоја нова и оригинална идеја, која не изгледа дека ѝ се спротивставува на вистината. Тој зборува за неа и размислува за неа сè додека не му се причини привлечна и значајна, бидејќи сатаната умее да ги прикаже нештата на тој начин. Таа најпосле станува негов единствен предмет на разговор, точка околу која сè се врти; и вистината е искоренета од срцето. ... {MAP 60.3}

Ве предупредувам да се чувате од овие споредни прашања, чија цел е да го одвратат умот од вистината. Заблудата никогаш не е безопасна. Таа никогаш не посветува, туку донесува збунетост и поделба. ... {MAP 60.4}

На оние, кои ја имаат светлината на вистината, им се закануваат илјадници опасности, така што ќе бидеме безбедни единствено ако не прифаќаме никакви нови учења, никакви нови толкувања на Светото Писмо, пред да ги прашаме искусните браќа за мислење. Изложете го тоа пред нив во понизност, со сесрдна молитва и подготвени да примите поука и ако тие не согледуваат никаква светлина во него, прилагодете се на нивното расудување ... {MAP 60.5}

Сатаната постојано е на дело, но мнозина слабо знаат за неговата работа и лукавост. Божјиот народ мора да се подготви за да му се спротивстави на лукавиот непријател. Сатаната најмногу се плаши од отпор. Тој подобро од нас ги познава границите на својата моќ како и фактот дека лесно можеме да го победиме ако му се спротивставиме и се соочиме со него. Со Божја помош и најслабиот светец е посилен од него и од сите негови ангели и ќе биде во состојба да ја покаже својата надмоќност, ако дојде до одмерување на силите. Затоа сатанскиот од е тивок, неговите движења бесшумни, а нападите маскирани. Тој не се осмелува отворено да се покаже, за да не ја пробуди заспаната енергија на христијанинот и да не го натера да Му се обрати на Бога во молитва.“ (5. Сведоштво, стр. 291–294) {MAP 60.6}

22 февруари

Зошто Христос го одложува Своето доаѓање

„Ова ви го велам, браќа, зашто времето натаму е кратко, та оние, што имаат жена, да бидат како да ја немаат;“ (1 Коринтјаните 7:29) {МАР 61.1}

„Божјите ангели во својата порака упатена до луѓето велат дека времето е кратко. Мене тоа отсекогаш ми било покажувано. Точно е дека времето е подолго отколку што очекувавме во раните денови на објавувањето на оваа порака. Нашиот Спасител не се појави толку брзо како што се надевавме. Но дали Господовата реч потфрлила? Никако! Треба да имаме на ум дека Божјите предупредувања и ветувања се условни. {МАР 61.2}

Бог му доверил на Својот народ работа што треба да ја изврши на Земјата. Требало да се објави веста на третиот ангел, а мислите на верниците да се насочат кон небесното Светилиште, каде Христос влегол за да го помири Својот народ со Бога. Требало да продолжи обновувањето на саботата. Пукнатината во Божјиот закон мора да се поправи. Веста мора да се објави со силен глас, за сите жители на Земјата да го примат предупредувањето. Божјиот народ мора да ги очисти своите души со послушност кон вистината и да биде подготвен да застане без грев пред Него кога ќе дојде. {МАР 61.3}

Кога адвентистите по големото разочарување во 1844 година цврсто би се држеле за својата вера и обединето би го следеле божественото провидение, примајќи ја веста на третиот ангел и објавувајќи му ја на светот со силата на Светиот Дух ... Господ силно би дејствувал заедно со нивните напори, работата би била завршена и Христос веќе би дошол да му ја даде наградата на Својот народ. {МАР 61.4}

Но во периодот на сомневање и неизвесност по разочарувањето, мнозина адвентистички верници ја напуштија својата вера. ... Така работата беше запрена, а светот остана во темнина. ... {МАР 61.5}

Четириесет години неверување, мрморење и бунтовнички дух го исклучуваа древниот Израел од хананската земја. Истите гревови го одложија влезот на современиот Израел во небесниот Ханан. Ни во едниот, ни во другиот случај Божјите ветувања не потфрлиле. Неверувањето, световноста, непосветеноста и неслогата меѓу таканаречениот Господов народ нè држат толку многу години во овој свет на грев и тага.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 67–69) {МАР 61.6}

23 февруари

Цел што треба да се достигне

„А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè, и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“ (1 Солунјаните 5:23) {МАР 62.1}

„Кога Павле напишал: ’и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок‘, не ги советувал своите браќа да си постават недостижна цел. Не се молел да бидат обдарени со благослови што не се според Божјата волја. Знаел дека сите што сакаат да бидат подготвени во мир да се сретнат со Христа мора да поседуваат чист и свет карактер.“ (Христијанска умереност и библиска хигиена, стр. 54) {МАР 62.2}

„Кога адвентистите на седмиот ден би го вршеле она што тврдат дека го веруваат, кога би биле искрени здравствени реформатори, навистина би биле чудо за светот, за ангелите и за луѓето. Би покажале многу поголема желба за спасение на оние што не ја познаваат вистината. {МАР 62.3}

Голема реформа треба да се види меѓу луѓето што тврдат дека го чекаат скорешното Христово доаѓање. Здравствената реформа треба да изврши меѓу нашите верници дело што сè уште не го извршила. Има луѓе кои треба да се разбудат пред опасноста од месната исхрана, кои сè уште јадат животинско месо и така го загрозуваат телесното, умственото и духовното здравје. Мнозина кои сега само половично се откажале од месната храна ќе заминат од Божјиот народ и никогаш повеќе нема да му се придружат. {МАР 62.4}

Силата на апетитот ќе одведе илјадници во пропаст, зашто кога би победиле во ова, би имале морална сила да го победат секое друго сатанско искушение. Но оние што се робови на апетитот нема да го усовршат христијанскиот карактер. Постојаните престапи на човештвото во текот на шест илјади години ги донеле како плод болеста, болката и смртта. Како што се приближуваме кон крајот на времето, сатанските искушенија насочени кон попуштањето на апетитот ќе стануваат сè посилни и сè потешко ќе се победуваат. {МАР 62.5}

Одново и одново ми беше покажувано дека Бог се обидува да нè врати, чекор по чекор, кон Својата првобитна намера човекот да живее од природните производи на земјата. Меѓу оние што го чекаат Господовото доаѓање месната храна најпосле ќе биде исфрлена. Месото ќе престане да биде дел од нивната исхрана. Секогаш треба да ја имаме предвид оваа цел и да настојуваме постојано да работиме кон неа.“ (Counsels on Health, стр. 575, 574, 450) {МАР 62.6}

24 февруари

Нема време за ѓаволска работа

„И така, бидејќи сето тоа ќе се разруши, каков треба да ви биде вашиот свет живот и побожноста ваша, додека го очекувате и посакувате скорото доаѓање на Божјиот ден, во кој небесата ќе се разрушат и основите во оган ќе се стопат?“ (2 Петрово 3:11,12) {MAP 63.1}

„Важно е сите да знаат каква атмосфера ги опкружува нивните души; дали соработуваат со непријателот на праведноста и несвесно ја вршат неговата работа, или се соединети со Христа, вршејќи ја Неговата работа. ... {MAP 63.2}

Сатаната би бил задоволен да придобие некого, или сите, како свои сојузници во ослабувањето на довербата меѓу браќата и сеењето неслога меѓу оние што тврдат дека веруваат во вистината. Сатаната може најуспешно да ја оствари својата намера преку таканаречените Христови пријатели кои не одат и не работат во Христовите редови. ... {MAP 63.3}

Ова е денот на Господовата подготовка. Сега немаме време да зборуваме за своето неверување или ... да ја вршиме ѓаволската работа. Секој нека се чува да не ја поколеба верата на другите, сеејќи семе на завист, љубомора и неединство, зашто Бог ги слуша зборовите и суди според плодовите на делата, а не според изјавите за или против. ... {MAP 63.4}

Четирите ветрови сè уште се задржуваат додека Божјите слуги не го добијат печатот на своите чела. Тогаш земните сили ќе ги постројат своите војски за последната голема битка. Со каква сериозност треба да го искористиме малкуто преостанато време на проверка! Колку сериозно треба да се испитуваме себеси! ... {MAP 63.5}

Потребни ни се дисциплина на духот и очистување на срцето и мислите. Тоа вреди повеќе од блескавите таланти, способности или знаење. Еден обичен ум што научил да слуша: ’Така вели Господ‘, е подобро подготвен за Божјото дело од оние што имаат способности, но не ги употребуваат правилно. ... Луѓето можат да се гордеат со своето знаење за световните нешта, но ако не Го познаваат вистинскиот Бог, Христа, Патот, Вистината и Животот, жално е што се незнајковци, и нивното знаење ќе пропадне заедно со нив. Световното знаење донесува моќ, но познавањето на Речта, кое има преобразувачко влијание врз човечкиот ум, е непропадливо.“ (Review and Herald, 27. ноември 1900.) {MAP 63.6}

25 февруари

Последната битка на сатаната

„Чеда, последен час е. И како што сте слушале дека ќе дојде Антихрист, и сега веќе се појавија многу антихристи; од тоа разбираме дека е последниот час.“ (1 Јованово 2:18) {МАР 64.1}

„Непријателот се подготвува за својата последна борба против Црквата. Толку се скрил од погледот што мнозина одвај веруваат дека навистина постои, а уште помалку се свесни за неговата зачудувачка активност и сила. ... {МАР 64.2}

Човекот е пленик на сатаната и по природа е наклонет да се поведува по неговите сугестии и понуди. Тој самиот нема сила да му се спротивстави на злото. Човекот може да се осмели да му се спротивстави на овој страшен непријател единствено ако Христос пребива во него преку жива вера, ако Тој влијае на неговите желби и го крепи со сила одозгора. Секое друго средство за одбрана е целосно напразно. Единствено со Христова помош може да се ограничи моќта на сатаната. Ова е значајна вистина која сите би требало да ја разберат. Сатаната постојано делува, тој е секаде и на секое место, барајќи некого да проголта. Но со сесрдна молитва со вера ќе можеме да им се спротивставиме и на неговите најупорни напори. ... {МАР 64.3}

Сатаната се надева дека и остатокот на Божјиот народ ќе го вовлече во општата пропаст што наидува на земјата; и колку повеќе се приближува Христовото доаѓање, тој е сè поупорен и порешителен во своите напори да го уништи. Ќе се појават мажи и жени кои ќе тврдат дека имаат нова светлина и ново откровение, со намера да ја поколебаат верата на народот во старите меѓи. Нивното учење нема да носи печат на Божјата Реч, но сепак ќе успее да ги измами душите. Ќе се шират лажни извештаи и некои ќе бидат фатени во таа стапица. ...

Не можеме да бидеме премногу внимателни кон сите облици на заблуда, зашто сатаната непрестајно настојува да ги одвои луѓето од вистината. ... {МАР 64.4}

Некои луѓе немаат цврст карактер. Тие како топка глина можат да се обликуваат во секој облик што се посакува. ... Оваа слабост, неодлучност и неделотворност мораат да бидат победени. Несовладливоста на вистинскиот христијанин е токму во тоа што него не го обликуваат околностите. Луѓето мораат да имаат морален ‘рбет, интегритет кој не може да се свитка со ласкања, уцени, подмитувања и закани. ... {МАР 64.5}

Но Бог поставил граници преку кои сатаната не може да помине. Таа бариера е нашата најсвета вера, и ако се развиваме во таа вера, ќе бидеме безбедни под заштитата на Семоќниот.“ (5. Сведоштво, стр. 294–297) {МАР 64.6}

26 февруари

Низ небесните порти

„Преку вера Енох беше преселен за да не види смрт; и не се најде, бидејќи Бог го пресели. Зашто пред преселувањето тој доби сведоштво дека Му угодил на Бога.“ (Евреите 11:5) {MAP 65.1}

„Живееме во зло време. ... Беззаконието се намножува и затоа љубовта се лади во многу срца. Енох одел со Бога триста години. Има малку време и тоа треба да нè поттикне да копнееме по правда. Зар е потребно да ни се изнесуваат стравотиите на Божјиот ден за да бидеме принудени да одиме по правиот пат? Пред нас е Еноховиот пример. Тој живеел во време на расипаност и околу него сè било изопачено, но тој го вежбал својот ум кон побожност и љубов кон чистотата. Зборувал за она што е небесно. Го воспитал својот дух да се движи во тој правец и затоа на него бил печатот на божественото. ... {MAP 65.2}

И Енох имал искушенија како што имаме и ние. Луѓето околу него не биле понаклонети кон праведниците отколку нашата околина. Воздухот што го дишел бил исполнет со грев и расипаност, како што е и денес. Сепак, тој живеел свет живот. Него не го извалкале најголемите гревови од тоа време во кое живеел. Исто така и ние можеме да останеме чисти и неизвалкани. Тој симболично ги претставувал светите кои живеат во опасностите и изопаченоста на последните денови, и бил вознесен на небо заради својата непоколеблива послушност кон Бога. Исто така ќе биде вознесен и оној верен остаток и пренесен од грешниот и расипан свет да ужива во чистите радости на небото.“ (2. Сведоштво, стр. 121,122) {MAP 65.3}

„’Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога‘ (Матеј 5:8). Триста години Енох копнеел за чистота на срцето, за да биде во хармонија со небото. Три столетија одел со Бога. Од ден во ден копнеел за непосредно единство; општењето станувало сè поблиско додека Бог не го земал кај Себе. Тој стоел на прагот на вечниот свет, помеѓу него и земјата на блаженството имало само уште еден чекор. Тогаш вратата се отворила, одењето со Бог, кое толку долго траело на земјата, продолжило и тој поминал преку вратата на светиот град како прв помеѓу луѓето кој таму влегол. ... {MAP 65.4}

На такво општење Бог нè повикува и нас. Како Еноховата, таква мора да биде светоста на карактерот на оние кои ќе бидат откупени помеѓу луѓето при второто Господово доаѓање.“ (8. Сведоштво, стр. 331) {MAP 65.5}

27 февруари

Видението е сигурно

„Зашто видението се однесува на определеното време; тоа зборува за свршетокот и нема да излаже; па, и ако се забави, чекај го, зашто ќе наиде и нема да забави.“ (Авакум 2:3) {МАР 66.1}

„Верата која го крепела Авакум и сите свети и праведни луѓе во тие денови на големи искушенија, е онаа иста која денес го крепи Божјиот народ. И во најмрачни часови и под најтешки околности вистинските христијани треба да ја напојуваат душата на изворот на сета светлина и сила. Нивната надеж и храброст секојдневно ќе се обновуваат преку верата во Бога. ’праведникот ќе живее преку верата‘. Во Божјата служба луѓето не треба да очајуваат, да се колебаат и да стравуваат. Господ и повеќе од тоа ќе ги исполни и најголемите очекувања на оние кои се надеваат во Него. Тој ќе им подари мудрост која е неопходна за нивните разни потреби. ... {МАР 66.2}

Апостол Павле децидно сведочи за тоа дека секоја душа во искушение ќе биде поткрепена. Тој добил божествено ветување: ’Доста ти е Мојата благодат, бидејќи Мојата сила се покажува потполно во слабоста‘. Искушуваниот Божји слуга одговара благодарен и охрабрен: ’Затоа уживам во слабости, во навредување, во маки, во прогонување, во тага за Христос, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен‘. (2. Коринтјаните 12:9,10). ... {МАР 66.3}

Ние мораме во себеси да негуваме и да развиваме вера за која пророците и апостолите сведочеле — верата која се надева на Божјите ветувања и чека на избавување во време и на начин којшто Тој го одредил. Сигурната пророчка реч конечно ќе се исполни во славното доаѓање на нашиот Господ и Спасител, кој ќе дојде како Цар над царевите и Господар над господарите. Можеби времето на чекање ќе изгледа долго, можеби обесхрабрувачки околности некогаш ќе ја потиснат душата, можеби по патот многумина во коишто сме имале доверба ќе паднат; меѓутоа со пророкот којшто сакал да ја охрабри Јудеја во времето на најголемото отпаднишство, мораме доверливо да објавиме: ’А Господ е во Својот свет храм: нека замолкне целата земја пред лицето Негово!‘. (Авакум 2:20) Да ја имаме на ум секогаш радосната вест, ’видението се однесува на определеното време; тоа зборува за свршетокот и нема да излаже; па, и ако се забави, чекај го, зашто ќе наиде и нема да забави ... праведникот ќе живее преку верата‘. (Стихови 3,4)“ (Пророци и цареви, стр. 386–388) {МАР 66.4} {МАР 66.5}

28 февруари

Сигурно засолниште

„Зашто, ете, Господ излегува од Своето живеалиште да ги казни жителите земни за нивното беззаконие, и земјата ќе ја открие голтнатата од неа крв и повеќе нема да ги крие своите убиени.“ (Исаија 26:21) {МАР 67.1}

„Жителите на градовите брзо паѓаат сè подлабоко во грев заради постојаното зголемување на решителното зло. Човечкото перо не е во состојба да ја опише расипаноста која преовладува. Секој ден открива нови судири, подмитувања и измами; секој ден слушаме за нови насилства и беззаконија, за рамнодушност кон човечките страдања, за свирепо уништување на човечките животи, сè што го потресува срцето. ... {МАР 67.2}

Нашиот Бог е Бог на милост. Тој е трпелив и благ кон оние кои го престапуваат Неговиот закон. ... Господ има многу трпение со луѓето во градовите. Тој милостиво ги предупредува за да ги спаси од последиците на гневот. Но, ќе дојде време кога молитвите за милост нема да бидат повеќе примани ... {МАР 67.3}

Состојбата на општествата особено во големите градови, громогласно најавува дека часот на казната дошол, дека крајот на сите земски работи е блиску. Се наоѓаме на прагот на најголемата криза. Божјите казни брзо ќе надоаѓаат една по друга — пожари и поплави, земјотреси, војни и крвопролевања. ... {МАР 67.4}

Се подготвува бура од Божјиот гнев и ќе опстанат само оние кои ќе се одѕват на повикот на милоста, како што тоа го направиле жителите на Ниневија благодарение на Јониното проповедање, оние кои ќе се посветат на послушноста кон законите на божествениот Владетел. Само праведникот ќе биде сокриен со Христа во Бога додека не помине пустошењето. Нека тогаш јазикот на душата биде: {МАР 67.5}

’Друго прибежиште немам,
мојата беспомошна душа само за Тебе се држи;
не оставај ме, о, не оставај ме,
поддржи ме и утеши ме Ти!

Скриј ме, о, Спасителу, скриј ме,
додека не поминат животните бури.
Води ме по сигурен пат кон Небото,
о, прими ме, прими ме во Својата прегратка!‘“ (Пророци и цареви, стр. 275–278) {МАР 67.6}

1 март

Кризата е на повидок

„Страшен ден! Зашто денот Господов е близу; и ќе дојде како запустување од Сесилниот.“ (Јоил 1:15) {МАР 68.1}

„Пророштвата коишто големиот ЈАС СУМ ги дал во Својата Реч, коишто се спојуваат како алка со алка во ланецот на случувања од вечноста во иднината, ни говорат каде се наоѓаме денес во низата од вековите и што можеме да очекуваме во иднината. Сето она што пророштвото најавило дека ќе се случи, сè до денешен ден, веќе е запишано на страниците на историјата, и ние можеме да бидеме убедени дека и она што допрва треба да се случи исто така ќе се исполни. {МАР 68.2}

Знаците на времето денес ни говорат дека се наоѓаме на прагот на големи и свечени случувања. Насекаде во светот владее вознемирување. Пред нашите очи се исполнуваат зборовите на Спасителот за случувањата кои претходат на Неговото доаѓање: ’Ќе слушате за војни и повици на војни ... Зашто ќе се крене народ против народ, и царство против царство, и на разни места ќе има глад, помор и потреси‘. (Матеј 24:6,7). {МАР 68.3}

Денешното време е од големо значење за сите живи суштества. Владетели и државници, личности на позиции на доверба и авторитет, мудри луѓе и жени од сите класи го насочуваат вниманието кон настаните кои се одигруваат околу нас. Тие ги проучуваат односите кои постојат помеѓу народите. Така ја запазуваат силината на секој земен елемент и увидуваат дека се случува нешто големо и одлучувачко, дека светот се наоѓа на работ на голема криза. {МАР 68.4}

Библијата, и единствено Библијата, ни дава исправно гледиште за сите тие појави. Тука се откриени големи завршни случувања на историјата на светот кои веќе ја фрлаат својата сенка, додека од виката на нивното настапување земјата трепери, а човековото срце замирува од страв. ... {МАР 68.5}

И денес луѓето и народите се испитуваат со висулецот во раката на Оној што никогаш не греши. Сите тие со својата одлука ја определуваат својата судбина, а Бог управува над сите за да ги исполни Своите намери. ... {МАР 68.6}

Христијаните мораат да се подготвуваат за она што ненадејно ќе наиде во овој свет, а подготовката треба да се состои од проучување на Божјата Реч и во напорите својот живот да го сообразат со нејзиното учење.“ (Пророци и цареви, стр. 536,537,626) {МАР 68.7}

2 март

Лек за душите заболени од грев

„Каде уште да ве бијат вас, кои сè уште се противставувате? Целата глава ви е во рани, и целото срце ви е изнемоштено. Од главата до петите нема во тој народ здраво место, модрици, гнојни рани, нечистени, непреврзани и неомекнати со масло.“ (Исаија 1:5,6) {МАР 69.1}

„За душата заболена од гревот постои лек. Тој лек се наоѓа во Исус Христос, драгиот Спасител. Неговата благодат е доволна и за најслабиот; но и најсилните без неа ќе мора да пропаднат. {МАР 69.2}

Покажано ми е како може да се добие оваа благодат. Влезете во својата ’тајна соба‘ и кога сте сами, молете се на Господа: ’Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене‘. Бидете сесрдни и искрени. ... Борете се истрајно во молитва како Јаков. Борете се. ... Морате да ги вложите сите свои сили. ... {МАР 69.3}

Барајте го Бога со сето свое срце! Доближете се до Него најсесрдно и кога ќе станете свесни дека без Негова помош сигурно ќе пропаднете, кога ќе копнеете по Него како што еленот копнее по студен извор, тогаш Тој брзо ќе ви притекне во помош и ќе ве засили. Ќе го пронајдете мирот ’што надвишува секој ум‘. Ако навистина сакате да бидете спасени, мора да се молите. Најдете време за тоа. Не брзајте, не бидете површни и невнимателни во своите молитви. Молете се на Бога да изврши во вас потполна промена за да можете да носите духовни родови и да блескате како запалени светилки во овој свет. Не станувајте пречка и проклетство за Божјото дело кога можете да бидете од помош и на благослов. Ако сатаната ви шепоти дека не можете да бидете спасени, не му верувајте. {МАР 69.4}

Видов дека секој христијанин има предност да биде длабоко трогнат со делувањето на Светиот Дух. Тогаш сладок небесен мир ги обзема мислите и вие со љубов размислувате за Бога и за небото. Наслаадувајте се со величествените ветувања на Неговото Слово. ... {МАР 69.5}

Оние христијани што го сакаат Христос повеќе отколку овој свет, со задоволство и зборуваат за Него како за свој најдобар Пријател на кого му ги подаруваат своите највозвишени чувства. Тој им помогнал кога се чувствувале загубени и беспомошни. Кога уморни и обременети од гревот Му се обратија за помош, Тој го отстрани товарот на нивната вина и гревот, ... и сите нивни чувства ги насочи по нов тек. Тие сега го мразат она што некогаш го сакале, а го сакаат она што некогаш го мразеле. {МАР 69.6}

Дали оваа голема промена се случила и во тебе?“ (1. Сведоштво, стр. 158–160) {МАР 69.7}

3 март

Нов живот

„А Исус му одговори: ’Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо; зашто, роденото од тело, е тело; а роденото од Дух, е дух. Затоа, не чуди се што ти реков: вие треба да се родите одозгора.‘“ (Јован 3:5,6,7) {МАР 70.1}

„Оној што мисли со своите дела и со држење на Законот да го стекне Небото се обидува да направи нешто што е невозможно. Нема безбедност за оној, кој поседува само надворешна вера, облик на побожност. Христијанскиот живот не е преобликување или подобрување на стариот, туку преобразување на природата. Своето ’јас‘ и гревот умираат, и потоа настапува целосно нов живот. Таа промена може да се постигне само со делотворното дејствување на Светиот Дух. ... {МАР 70.2}

Човекот можеби не е во состојба точно да го одреди времето и местото или да се сети на сите околности во процесот на обратување, но тоа не значи дека не се обратил. Христос постојано работи врз срцето со сила што исто така е невидлива како ветрот. Малку по малку, можеби несвесно за оној што ги прима, настануваат впечатоци што ја привлекуваат душата кај Христа. ... Одненадеж, кога Духот непосредно апелира, душата радосно се предава на Исуса. Многумина тоа го нарекуваат ненадејно обратување, но тоа е последица на долгото додворување на Божјиот Дух — последица на трпелив, долготраен процес. {МАР 70.3}

Иако сам по себе е невидлив, ветрот предизвикува ефекти што се гледаат и чувствуваат. Така и влијанието на Духот врз душата се открива во секоја постапка на оној што ја чувствува неговата спасоносна моќ. Кога Божјиот Дух презема контрола врз срцето, животот се преобразува. Грешните мисли се отфрлаат, злите дела се оставаат; љубовта, понизноста и мирот доаѓаат на местото на гневот, зависта и кавгата. Радоста го зазема местото на тагата, а на лицето се одразува небесна светлина. Никој не ја гледа раката, која го зема товарот, ниту ја забележува светлината, која доаѓа од небесните дворови. Благословот доаѓа, кога душата преку вера Му се предава на Бога. Тогаш таа сила што ниту едно човечко око не може да ја види, создава ново суштество според Божјиот лик. {МАР 70.4}

Невозможно е ограничените умови да го сфатат делото на избавување. Неговата тајна го надминува човечкото сознание, но сепак оној што преминува од смрт во живот, сфаќа дека тоа е божествена стварност. Почетокот на избавувањето можеме да го дознаеме овде, по пат на лично искуство. Неговите последици достигаат до вечни времиња.“ (Копнежот на вековите, стр. 172,173) {МАР 70.5}

4 март

Најголемата животна потреба

„Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде.“ (Матеј 6:33) {МАР 71.1}

„Првата и најголема цел - небесното царство и Христовата правда - секогаш нека ни биде на прво место. Сите други цели кон кои тежнееме да ни бидат од второстепено значење. {МАР 71.2}

Патот на светоста сатаната секогаш го прикажува исклучително напорен и многу тежок, додека патиштата на овоземните уживања ги опсипува со цвеќе. Светот и неговите задоволства тој секогаш ги прикажува лажно, во измислени најпривлечни бои. Суетата е една од најизразените особини на изопачената човечка природа и тој добро знае дека може со успех да ја искористи. Тој ласкаво ќе ви пријде преку своите агенти. Можеби ќе бидете опсипани со пофалби што ќе ѝ годат на вашата суета, поттикнувајќи ве да си вообразите дека навистина е голема штета, надарени со такви прекрасни особини и предимства - да се одвоите од светот и да станете христијани, да раскинете со своето дотогашно друштво и да станете мртви за неговите пофалби или осуди. ... Но имајте на ум дека овоземните уживања се минливи и дека еден ден ќе мора да го жнеете она што сте го посеале. Зар вашата лична привлечност, способности и таленти се премногу вредни за да ги посветите на Бога кој ве создал и кој будно ве чува секој миг? Зар сè што имате е прескапо за тоа да Му го посветите Нему? {МАР 71.3}

Младите сметаат дека мора да имаат нешто што ќе внесе ведрина и расположение во нивната душа. Покажано ми е дека вистинско и најдобро задоволство можеме да најдеме во трудољубивиот и корисен живот. Некои сепак упорно истакнуваат дека по работните активности им е потребна некоја разонода или забава со која духот би се освежил и растоварил од грижите и тешките напори. Токму тоа може да ни го даде само христијанската надеж. Верата за оној што вистински ја поседува ќе биде утешител и сигурен водач до Изворот на вистинската среќа. Младите треба да го проучуваат Божјото Слово и да се посветат на побожно размислување и молитва и тогаш ќе сфатат дека своето слободно време го поминале на најдобар начин. Млади пријатели, вие треба да најдете време да се преиспитувате самите себе, за да се осведочите дали Божјата љубов е во вас. Заложете се најсердно да го утврдите својот повик и својот избор.“ (1. Сведоштво, стр. 502–503) {МАР 71.4} {МАР 71.5}

„Барајте го најнапред царството Божјо и Неговата праведност. Тоа нека ви биде прво и последно. Настојувајте најсериозно да Го запознаете Оној Кого правилно да Го познавате значи вечен живот. Христос и Неговата праведност ѝ донесуваат спасение на душата.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 484) {МАР 71.6}

5 март

Небесниот беспрекорен бисер

„Царството небесно прилега и на трговец, кој бара убави бисери; па, штом најде едно зрно скапоцен бисер, оди и продава сè што има и го купува.“ (Матеј 13:45,46) {МАР 72.1}

„Христос е бисер со голема вредност. ... Христовата праведност, како чист, сјаен бисер, нема недостиг, нема дамки. Никакво човечко дело не може да го усоврши големиот и скапоцениот Божји дар, зашто тој е без мана. Во Христа се ’скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето‘ (Колосјаните 2:3). Тој ни ’стана мудрост од Бога, и праведност, и осветување, и откуп‘ (1. Коринтјаните 1:30). Сè што може да ги задоволи потребите и копнежите на човечката душа и на овој свет и на светот што ќе дојде, се наоѓа во Христа. Нашиот Откупител е бисер, толку драгоцен, што во споредба со него сè друго може да се смета за загуба. ... {МАР 72.2}

Во оваа парабола бисерот не е претставен како дар. Трговецот го купил давајќи за него сè што имал. Мнозина го бараат значењето на оваа загатка, бидејќи Христос во Библијата е претставен како дар. Тој навистина е дар, но само за оние кои безгранично му се предаваат себеси — душата, телото и духот. Ние мораме себеси да му се предадеме на Христа, да покажеме доброволна послушност кон сите негови барања. Целосно, сите способности и таленти што ги имаме, сè му припаѓа на Господа и треба да биде посветено на неговата служба. Кога така исцело ќе му се предадеме себеси нему, Христос со сето небесно богатство ни се дава нам. Ние добиваме бисер со непроценлива вредност. ... {МАР 72.3}

На пазарот со кој управува божествената милост, скапоцениот бисер е претставен како вредност што се купува без пари и без цена. На тој пазар сите можат да ги набават небесните добра. Ризницата на скапоценостите на вистината е отворена за сите. ... Гласот на Спасителот сериозно и со љубов нè повикува: ’те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш‘ (Откровение 3:18).

Најсиромашните, исто како и најбогатите, се способни да го купат спасението, зашто никакво количество на земни добра не е во состојба да го плати. Тоа се стекнува со доброволна послушност, предавајќи му се себеси на Христа, станувајќи негова откупена сопственост. ... {МАР 72.4}

Ние не можеме да го заработиме спасението, но мораме да го бараме онака копнежливо и истрајно како да мораме да се откажеме од сè на светот за да го добиеме.“ (Христовите параболи, стр. 115–117) {МАР 72.5}

6 март

Христос — единствениот Спасител

„Нè избави од власта на темнината и нè воведе во царството на Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп; и простување на гревовите.“ (Колосјаните 1:13,14) {МАР 73.1}

„Без оглед какви сте или каков бил вашиот живот можете да се спасите само по патот што Бог го одредил. Морате да се покаете; морате беспомошно да паднете на Карпата, Исуса Христа. Морате да почувствувате потреба за лекар, за еден лек кој лечи од гревот – Христовата крв. Тој лек може да се обезбеди само преку покајание пред Бога, и со вера во Господа Исуса Христа. ... Христовата крв нема да му користи на никого, освен на оние што чувствуваат потреба за нејзината сила која чисти од гревот. {МАР 73.2}

Христос бил волен да се заложи за нашето спасение со ненадминлива љубов и снисходливост, иако ние не сме имале никакви права на божествената милост. Тоа е доказ за Неговата неспоредлива љубов и милост. Но нашиот голем Лекар од секоја душа бара безусловна покорност. Ние не смееме никогаш сами да ја лечиме својата болка. Нашата волја и нашиот живот мора во потполност да Му бидат потчинети на Христа. ... {МАР 73.3}

Можеме ... да си ласкаме дека нашиот морален карактер е исправен и дека немаме потреба да се понизиме пред Бога како другите грешници. Но ние мораме да бидеме волни да влеземе во животот на ист начин како и најголемите грешници. Мораме да се откажеме од својата правда и да ја побараме правдата на Христа за да ни биде засметана. За својата сила мораме целосно да зависиме од Христа. ’Јас‘ мора да умре. Мораме да признаеме дека сè што имаме доаѓа од големото богатство на божествената благодат. Говорот на нашето срце нека биде: ’Не нам, Господи, не нам, туку на Своето име дај му слава, заради Твојата милост, заради Твојата вистина‘ (Псалм 115:1). {МАР 73.4}

По вистинската вера следува љубовта, а по љубовта послушноста. Кога еден човек ќе се обрати, сите негови сили и страсти се донесени под Христова власт. Неговиот Дух е сила која обновува и која сите што Го примаат ги преобразува според божествениот лик. ... {МАР 73.5}

’Секој што е роден од Бога, грев не прави‘ (1 Јованово 3:9). Тој знае дека е откупен со Христовата крв и дека најсвечениот завет го обврзува да Го слави Бога со своето тело и дух, кои се Божји. Тој ја задушил својата љубов кон гревот и кон самиот себеси. Тој секој ден прашува: ’Што да Му дадам на Господ за сите Негови добрини што ми ги направи мене?‘. ’Господи, што сакаш да направам?‘ (Псалм 116:12; Дела 9:6).“ (5. Сведоштво, стр. 218–220) {МАР 73.6}

7 март

Проверете сами

„Имајте страхопочит кон Господ, сите праведници Негови, зашто ништо нема да им недостига на оние кои имаат страхопочит кон Него.“ (Псалми 34:9) {МАР 74.1}

„Како ќе ја запознаеме Божјата добрина и Неговата љубов? Псалмистот не ни вели: чуј и знај, читај и знај или верувај и знај, туку: ’Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ‘ (Псалм 34:8). Немој да се потпираш на зборовите на другите, туку сам испробај. {МАР 74.2}

Искуството е сознание кое се добива преку проба. Она што нам сега ни треба е искуствена религија. ... Некои, кои всушност ги има многу, имаат теоретско познавање на вистината, но во своето срце никогаш не ја почувствувале божествената благодат која обновува. ... Веруваат дека ќе дојде Божјиот гнев, но не вложуваат никакви напори за да го избегнат. Тие веруваат во небото, но не прават жртви за да го придобијат. ...

Тие знаат за лекот против гревот, но не го користат. Знаат што е право, но тоа не им годи. Целото нивно знаење само ја зголемува нивната вина. Тие никогаш не пробале ниту почувствувале преку искуство дека Господ е добар. {МАР 74.3}

Да се стане ученик на Христа значи да се одречеме од самите себеси и да одиме по Исуса како во добро така и во зло. Секое попуштање во она што ни е драго, а го попречува нашиот верски живот, мора да се отстрани. ... Ќе вложиме ли соодветен напор и ќе ја поднесеме ли жртвата достојна за целта што треба да ја достигнеме? {МАР 74.4}

Дружењето со секоја личност, колку и да е ограничено, има влијание на нас. До кој степен ќе бидеме под ова влијание зависи од степенот на блискост, од тоа дали постојано сме во нејзино друштво, како и од тоа колку ја сакаме и почитуваме таа личност. Така запознавајќи се и дружејќи се со Христа ние можеме да станеме слични на Него, Кој е совршен пример. {МАР 74.5}

Неискажливо е драгоценото дружење со Исуса! Ние сме во можност да се дружиме со Него — доколку сакаме, доколку сме подготвени да се жртвуваме за да го зачуваме.“ (5. Сведоштво, стр. 221–223) {МАР 74.6}

„Така секој со своето лично искуство ’потврдил дека Бог е вистинит‘ (Јован 3,33). Може да посведочи: ’Помошта ми беше потребна и ја најдов во Исус. Сите мои потреби беа задоволени, задоволена е гладта на мојата душа ... Верувам во Исус затоа што Тој ми е божествен Спасител. Верувам во Библијата бидејќи увидов дека таа е Божјиот глас којшто зборува на мојата душа‘.“ (8. Сведоштво, стр. 321) {МАР 74.7}

8 март

Граѓани на Небото

„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство,“ (Ефесјаните 2:19) {МАР 75.1}

„Исус кажува: ’И еве, ќе дојдам скоро‘. Секогаш треба да мислиме на овие зборови и да постапуваме како навистина да веруваме дека Господовото доаѓање е близу и дека сме патници и странци на земјата.“ (5. Сведоштво, стр. 266) {МАР 75.2}

„Треба повеќе да ја користиме секоја благодат што ни се дарува за душата сè повеќе и повеќе да изобилува со Божјата љубов. ’за да можете да го распознавате најдоброто, та да бидете чисти и беспрекорни во денот на Христос, полни со плодот на праведноста‘ (Филипјаните 1:10, 11). Вашиот христијански живот мора да стане силен и одлучен. Вие сте во состојба да го постигнете високиот степен на совршенство што ви е откриен во Светото Писмо, и вие тоа морате да го постигнете, ако сакате да бидете Божји деца. Не можете да стоите неподвижно, морате да напредувате или да назадувате. ... {МАР 75.3}

Браќа, сакате ли да се ограничите во христијанското растење или ќе напредувате во божествениот живот? Каде што има духовно здравје, тука има и духовен напредок. Божјото дете расте до полна возраст на маж и жена во Христа. Во неговиот развиток нема граници. ... {МАР 75.4}

Некои, кои би требало да бидат јаки и зацврстени во Христа, уште се како деца во поглед на сфаќањето и искуственото познавање на делувањето на Божјиот Дух. После долгогодишно искуство, тие се во состојба да ги сфатат само почетните начела на големиот систем на верата и учењата кои ја сочинуваат христијанската вера. Тие не го сфаќаат совршенството на карактерот на кого ќе му биде упатена пофалбата: ’Убаво‘. ... {МАР 75.5}

Ние треба да задобиваме големи победи, а ако не ги извојуваме ќе го загубиме небото. Телесното срце мора да биде распнато, бидејќи е наклонето на морална расипаност која завршува со смрт. ... Молете се силната енергија на Светиот Дух со Неговата освежувачка, обновувачка и преобразувачка сила да падне како електричен шок на парализираната душа проникнувајќи го со нов живот секој нерв, повратувајќи го во духовно здравје целиот човек од неговата замреност и земска сетилност. На тој начин ќе станете учесници во божествената природа, ... и во вашата душа ќе се огледува сликата на Оној преку чии рани сте излечени.“ (5. Сведоштво, стр. 264–267) {МАР 75.6}

9 март

Поцелосно познавање на Бога

„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос.“ (Јован 17:3) {МАР 76.1}

„Само ако Го запознаеме Бога тука, можеме да се подготвиме за средбата со Него при Неговото доаѓање. ... Но мнозина што тврдат дека веруваат во Христа всушност не Го познаваат Бога. Нивната побожност е само површна. Не Го љубат Бога, не го проучуваат Неговиот карактер и затоа не знаат како да веруваат, да гледаат и да живеат. Не ја познаваат љубовта што носи спокој, ниту што значи да се оди со вера. ... Не сфаќаат дека нивна должност е да примаат за да можат да ги збогатат другите. {МАР 76.2}

Светот со својата мудрост не Го познава Бога. Мнозина многу красноречиво зборуваат за Него, но нивното убедување не ги приближува луѓето кон Него, зашто самите немаат жива заедница со Него. Зборувајќи за себе дека се мудри, стануваат безумни. Нивното познавање на Бога е несовршено.“ (Review and Herald, 3. февруари 1903.) {МАР 76.3}

„Не можеме да Го откриеме Бога само со истражување, но Тој се открил во Својот Син, Кој е одблесок на славата на Отецот и отпечаток на Неговото битие. Ако сакаме да Го запознаеме Бога, мораме да бидеме слични на Христа. ... Чистиот живот, живеан со вера во Христа како личен Спасител, ќе му донесе на верникот појасно, подлабоко познавање на Бога.“ (That I May Know Him, стр. 9) {МАР 76.4}

„Христос е совршено откровение на Бога. ’Бога никој никогаш не Го видел‘, вели Тој; ’Единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот – Тој Го објави‘. Само ако Го познаваме Христа, можеме да Го познаваме Бога. Додека Го гледаме, ќе се преобразуваме во Неговиот лик, подготвени да се сретнеме со Него при Неговото доаѓање. ... {МАР 76.5}

Сега е време да се подготвиме за доаѓањето на нашиот Господ. Подготвеноста за средбата со Него не може да се стекне за еден миг. Подготовката за таа величествена сцена се состои од внимателно чекање и бдеење, соединети со сериозна работа. Така Божјите деца Го прославуваат Него. Среде забрзаните сцени на животот ќе се слуша нивниот глас како упатува зборови на охрабрување, надеж и вера. Сè што имаат и сè што се, посветено е на Господовата служба. Така се подготвуваат да Го сретнат својот Господ, и кога ќе дојде, радосно ќе кажат: ’Еве, Тој е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Тој нè спаси! ... да се радуваме и веселиме за спасението од Него!‘“ (Review and Herald, 3. февруари 1903.) {МАР 76.6}

10 март

Највозвишените размислувања

„Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот – да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не Го спозна Него.“ (1 Јованово 3:1) {МАР 77.1}

„О, колкава е таа љубов, каква беспримерна љубов - иако сме биле грешници и странци можеме да се вратиме кај Бога и да станеме членови на Неговото семејство! Смееме да Му се обраќаме со драгото име ’татко наш‘ ... {МАР 77.2}

Сета родителска љубов која по каналите на човечките срца е пренесувана од поколение на поколение, сите извори на нежност кои се отвориле во човечките души, претставуваат само одвај видливо поточе спрема бескрајниот океан кога ќе се спореди со бескрајната, неисцрпна Божја љубов. Таа со зборови не може да се изрази, ниту со перо може да се опише. Можете за неа да размислувате секој ден од својот живот; можете ревно да го истражувате Светото Писмо со цел за да ја разберете вистината; можете да ги употребите сите сили и способности коишто Бог ви ги дал; но преку сето тоа постои бесконечност. Таа љубов можете со векови да ја проучувате, а сепак никогаш потполно нема да можете да ја сфатите сета ширина и должина, длабочина и висина на Божјата љубов, Кој Го дал Својот Син да умре за овој свет. Дури ни самата вечност никогаш нема да може во потполност да ја открие. Меѓутоа, кога ја проучуваме Библијата и размислуваме за Христовиот живот и за планот на искупувањето, сè повеќе ќе бидеме во можност да ги сфатиме тие големи предмети.“ (5. Сведоштво, стр. 739,740) {МАР 77.3}

„Христос дошол на светот за да Го открие Бога како Бог на љубовта, - полн со милост, нежност и сомилост.“ (5. Сведоштво, стр. 738,739) {МАР 77.4}

„Добро би било секој ден да поминеме барем еден час во сериозно размислување за Христовиот живот од јаслите до Голгота. Би требало во мислите да Го следиме ден за ден, создавајќи жива претстава за секој настан, а посебно за оние на крајот на Неговиот земен живот. Таквото размислување за Неговите поуки и страдања, за неизмерната жртва поднесена со цел на спасување на човечкиот род, би ја зацврстило нашата вера, би ја обновило нашата љубов и би биле подлабоко исполнети со Духот кој го поддржувал нашиот Спасител. За да бидеме спасени на крајот, поуките за покајание и вера сите мораме да ги научиме во подножјето на крстот. ... Размислувањето за Христа и за Неговите страдања на крстот го буди во човекот сето она што е возвишено, благородно и чисто.“ (4. Сведоштво, стр. 374) {МАР 77.5}

11 март

Потребна е бела облека

„Кога влезе царот да ги види гостите, забележа еден необлечен во свадбени алишта. Па му рече: ‚Пријателе, како влезе овде, необлечен во свадбена руба?‘ А тој молчеше.“ (Матеј 22:11,12) {МАР 78.1}

„Со свадбената облека е претставен непорочниот, пречист карактер што ќе го имаат сите вистински Христови следбеници. На црквата ѝ е дадено ’да се облече во чист и светол висон‘; таа е ’која нема осквернување, или порок, или нешто слично‘; ’А висонот е праведноста на светиите‘ (Откровение 19:8; Ефесјаните 5:27). Всушност, тоа е Христовата праведност, неговиот неизвалкан карактер, кој со вера им се дава на сите што ќе го примат како свој Спасител. {МАР 78.2}

Бела облека на невиност носеле нашите прародители кога Бог ги наместил да живеат во светиот Едем. ... Меѓутоа, кога згрешиле, ја прекинале својата врска со Бога и исчезнала светлината што ги осветлувала. ...

Човекот не може ништо да измисли за да ја надомести изгубената облека на невиноста. ...

Само покривалото што ни го подарува Христос може да стори да се појавиме во Божјо присуство. Со тоа покривало, со таа облека на својата праведност, Христос сака да покрие секоја покајничка, верна душа. ...

Таа облека, исткаена на небесниот разбој, нема во себе ниту една нишка на човечка заслуга. Христос во човечки лик изградил совршен карактер и истиот карактер Тој ни го нуди и нам. ’Сите ние станавме како нечист човек, и секоја наша правда – како извалкана облека‘ (Исаија 64:5). Сè што можеме да сториме ние сами е извалкано со грев. Но Божјиот Син ’се јави за да ги земе нашите гревови; а грев во Него нема‘. (1 Јованово 3,5) ... {МАР 78.3}

Со својата совршена послушност Христос на секое човечко суштество му овозможил да ги слуша Божјите заповеди. Кога ќе му се покориме на Христа, срцето се соединува со неговото срце, волјата се слева со неговата волја, умот станува едно со неговиот ум, мислите му се покоруваат нему; ние живееме негов живот. Тоа значи дека сме облечени во облеката на неговата праведност. И тогаш, кога Господ нè гледа нас, не гледа престилка од смоквини лисја, не ја гледа голотијата или изопаченоста на гревот, туку облеката на неговата праведност со која е означена совршената послушност кон Господовиот закон.“ (Христовите параболи, стр. 310–312) {МАР 78.4}

12 март

Радост во послушноста

„Копнеам, Господи, за спасение од Тебе и Твојот закон е мојата наслада.“ (Псалми 119:174) {МАР 79.1}

„Вистинскиот христијанин никогаш нема да се жали дека Христовиот јарем ги притиска неговите рамена. Тој ја доживува службата за Исуса како вистинска слобода. Божјиот закон е негова радост. Наместо да се обидува да ги снижи божествените заповеди и да ги приспособи кон своите недостатоци, постојано се бори да се издигне до нивното совршенство. {МАР 79.2}

Ако сакаме да се подготвиме за да опстанеме на Божјиот ден, мораме да стекнеме вакво искуство. Сега, додека уште трае времето на проба, додека уште се слуша гласот на милоста, време е да ги отфрлиме своите гревови. ... {МАР 79.3}

Бог изобилно се погрижил да можеме да бидеме совршени во Неговата благодат, не оскудевајќи во ништо, чекајќи го доаѓањето на нашиот Господ. Подготвени ли сте? Ја облековте ли свадбената облека? Таа облека нема да ги покрие измамата, нечистотијата, расипаноста или лицемерството. Божјото око е над вас. ... Можеме да ги скриеме своите гревови од човечките очи, но ништо не можеме да скриеме од нашиот Творец. {МАР 79.4}

Бог не го поштедил Својот Син, туку дозволил да умре заради нашите престапи и да воскресне за наше оправдание. Ние можеме да ги поднесеме своите молби на престолот на благодатта преку Христа. Иако сме недостојни, сепак преку Него можеме да ги добиеме сите духовни благослови. Нема ли да Му пристапиме за да добиеме вечен живот?“ (5. Сведоштво, стр. 220,221) {МАР 79.5}

„Божјата волја е изразена во прописите на Неговиот свет Закон, а начелата на Законот се небесни начела. Небесните ангели не постигнуваат никаков повисок степен на знаење од познавањето на Божјата волја, а исполнувањето на Неговата волја е највозвишената служба на која можат да ги посветат своите способности. {МАР 79.6}

Но, на небото, службата не се врши за да го задоволи Законот. Кога сатаната се побунил против Законот на Јехова, мислата дека постои Закон за ангелите била ненадејно соочување со фактот за кој дотогаш не размислувале. Ангелите својата служба не ја извршуваат како слуги, туку како синови. ... Послушноста за нив не претставува никаков товар. Љубовта кон Бога ја прави нивната служба радосна. Така и во секоја душа во која престојува Христос, надеж на славата, повторно одѕвонуваат Неговите зборови: ’со задоволство ќе ја исполнам волјата Твоја, Боже мој; Твојот закон е во срцето мое‘ (Псалм 40:8).“ (Мисли од гората, стр. 109) {МАР 79.7}

13 март

Обликувани во Божјата работилница

„Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји.“ (1 Коринтјаните 6:19,20) {МАР 80.1}

„Ние не сме свои. Ние сме купени скапо, со страдањата и смртта на Божјиот Син. Кога тоа би можеле да го разбереме и во целост да го согледаме, би чувствувале голема одговорност која лежи на нас, за да се одржиме во најдобро здравје и нашата служба на Бога да може да биде совршена. ... {МАР 80.2}

Ние веруваме без никакво сомнение дека Исус наскоро ќе дојде. ... Ние не се сомневаме, ниту сме се сомневале, дека науката која денес ја исповедаме е сегашна вистина и дека ние се ближиме кон страшниот суд. Ние се подготвуваме да го дочекаме Оној Кој во придружба на светите ангели ќе се појави на небесните облаци за да им подари бесмртност на праведните и верните. Кога ќе дојде, Тој нема да нè чисти од гревот, да ги отстранува недостатоците на нашиот карактер ниту ќе нè лекува од нашите слабости и склоности. Ако воопшто тоа дело се изврши за нас, тоа ќе биде завршено пред тоа. Кога Господ ќе дојде, оние кои се свети ќе останат свети. Оние кои го сочувале своето тело и својот дух во светост, ќе добијат бесмртност. Но оние кои се неправедни, непосветени и валкани, ќе останат такви засекогаш. Тогаш за нив нема да се изврши никакво дело за да се отстранат нивните недостатоци и да добијат свет карактер. ... Сето тоа треба да се изврши во овие часови на проба. Сега тоа дело мора да се изврши за нас. ... {МАР 80.3} {МАР 80.4}

Ние сега се наоѓаме во Божјата работилница. Многумина меѓу нас се груби камења од каменолом. Меѓутоа, кога ќе ја прифатиме вистината, таа влијае на нас. Таа нè издигнува и ја отстранува од нас секоја несовршеност и грев, какви и да се. Така ќе се подготвиме да го здогледаме Царот во сета Негова убавина и конечно да се обединиме со чистите и небесни ангели во царството на славата. Овде тоа дело мора да се изврши за нас; овде нашето тело и дух мораат да се подготват за бесмртност.“ (2. Сведоштво, стр. 354–356) {МАР 80.5}

14 март

Телесно здравје и благородни мисли

„Возљубени, ве молам, како придојдени и гости, да се пазите од телесните похоти што војуваат против душата.“ (1 Петрово 2:11) {МАР 81.1}

„Мнозина го сфаќаат овој текст само како предупредување против разузданоста, но тој има пошироко значење. Тој го забранува секое штетно попуштање на апетитот и страстите. Секој изопачен апетит станува похота. Апетитот ни е даден за добра цел, а не, изопачен, да стане орудие на смртта и да се изроди во ’телесните похоти‘ што ’војуваат против душата‘. Петровиот совет е непосредно и силно предупредување против употребата на сите средства за надразнување и наркотици. Овие попуштања сосема оправдано можат да се вбројат меѓу желбите што штетно влијаат врз карактерот.“ (Христијанска умереност и библиска хигиена, стр. 54) {МАР 81.2}

„Никој што тврди дека е побожен нека не биде рамнодушен кон телесното здравје, залажувајќи се дека неумереноста не е грев и дека нема да влијае врз неговата духовност. Телесната и моралната природа се тесно поврзани. Мерилото на доблеста или се издигнува или се снижува преку телесните навики. Претерувањето дури и во најдобрата храна предизвикува нездрава состојба на моралните чувства. Последиците од јадењето нездрава храна ќе бидат уште поштетни. Секоја навика што не придонесува за здравјето на човечкиот организам ги намалува повисоките и поблагородните способности. ... Попуштањето на апетитот ги зајакнува животинските нагони, давајќи им предност над душевните и духовните сили.“ (Counsels on Health, стр. 67) {МАР 81.3}

„Силата на искушението да му се попушти на апетитот може да се мери само со неискажливото страдање на нашиот Спасител за време на тој долг пост во пустината. Тој знаеше дека попуштањето на изопачениот апетит така ќе ја умртви човековата моќ за сфаќање што нема да биде во состојба да го воочи она што е свето. ... Доколку силата за попуштање на апетитот била толку несовладлива за човештвото, така што со цел да го скрши нејзиното упориште, Синот Божји, во полза на човекот, морал да издржи пост од скоро шест седмици, какво ли дело тогаш лежи пред христијанинот! Сепак, колку и да е голема борбата, тој може да победи. Со помош на таа божествена сила која што им се спротивставила на најжешките искушенија, кои што сатаната можел да ги смисли, така и христијанинот може да биде целосно успешен во борбата со злото, и на крајот ќе може да го носи победничкиот венец во Божјото царство.“ (Совети за животот и исхраната, стр. 167) {МАР 81.4}

15 март

Сеидбата и жетвата на животот

„Одбегнувај ги, исто така, и младешките копнежи, и стреми се кон праведноста, верата, љубовта, мирот со оние што Го повикуваат Господ од чисто срце!“ (2 Тимотеј 2:22) {MAP 82.1}

„Драги млади пријатели, она малку време кое ќе пропадне во вашите краткотрајни авантуристички задоволства, донесува жетва која ќе ви го загорчи целиот живот; еден момент на невнимание, едно попуштање на искушението, може целиот ваш живот да го насочи во погрешен правец. Младоста можете да ја имате само еднаш во животот, затоа направете ја корисна. По патот по кој еднаш сте тргнале низ животот, никогаш не можете да се вратите за да ги исправите своите пропусти. ... {MAP 82.2}

Сатаната ... се преправа во ангел на светлината и им приоѓа на младите со своите посебни искушенија, успевајќи чекор по чекор да ги заведе од патеката на должноста. Тој е опишан како обвинител, измамник, лажливец, мачител и убиец. ... Сатанска работа е да ве искушува, но само од вас зависи дали ќе го прифатите искушението. Ни сите сатански војски не можат да го принудат искушуваниот да згреши. За гревот нема оправдување.“ (4. Сведоштво, стр. 622,623) {MAP 82.3}

„Искушението не е грев. Исус бил чист и свет, па сепак бил подложен на сите искушенија како и ние. Но тие искушенија биле со таква сила и моќ на какви што ниеден човек нема да биде ставен. Тој со Својата успешна борба ни оставил светол пример и ние треба да одиме по Неговите стапки. Ако бидеме самоуверени и ако се потпираме на својата правда, ќе бидеме пуштени да паднеме под силата на искушенијата. Но ако гледаме на Христа и ако се надеваме во Него, ќе ни помогне силата која го победила непријателот на полето на битката и која во секое искушение ќе отвори пат за излегување од него. Кога сатаната навалува на нас со поплава од искушенија, мораме да му се спротивставиме со мечот на Духот, а Исус ќе ни помогне и за нас ќе го подигне Своето знаме против него.“ (5. Сведоштво, стр. 426) {MAP 82.4}

„Дури една погрешна црта на карактерот, една негувана грешна желба може по одредено време да ја неутрализира сета сила на евангелието. ... Неволите во вршењето на должноста и задоволствата на гревот се јажиња со кои сатаната ги врзува луѓето во своите стапици. Како верни ќе се покажат само тие што попрво би умреле отколку да направат некое погрешно дело.“ (5. Сведоштво, стр. 53) {MAP 82.5}

„Младите можат да бидат толку цврсти во начелата што ни најсилните сатански искушенија нема да ги одвратат од нивната верност.“ (3. Сведоштво, стр. 472) {MAP 82.6}

16 март

Карактер што Небото го признава

„Никој нека не ја презира твојата младост, туку на верните да им служиш како пример во слово, поведение, љубов, дух, вера и чистота!“ (1 Тимотеј 4:12) {МАР 83.1}

„Исус, Величеството на Небото, им оставил пример на младите. Напорно работел во работилницата во Назарет за секојдневниот леб. Им бил послушен на Своите родители и не барал да располага со Своето време, ниту да ја следи Својата волја. Со немарен живот младите никогаш нема да постигнат вистинско совршенство ниту како луѓе ниту како христијани. Бог не ни ветува удобност, чест или богатство во Неговата служба, но нè уверува дека ќе бидеме обдарени со сите потребни благослови, заедно со прогонства, а во светот што ќе дојде — со вечен живот. Христос нема да прифати ништо помалку од целосна посветеност на Неговата служба. Тоа е поуката што секој од нас мора да ја научи. ... {МАР 83.2}

Ние имаме изразити примери на поддржувачката сила на цврстите верски начела. ... Отворената лавовска јама не го одвратила Даниела од неговите секојдневни молитви, ниту вжарената печка можела да ги наведе Седраха и неговите другари да се поклонат на идолот што го подигнал Навуходоносор. Младите луѓе кои имаат цврсти начела ќе ги избегнуваат задоволствата, ќе одбијат да бидат победени од болката, и ќе бидат смели дури и во лавовската јама и во вжарената печка, попрво отколку да бидат неверни на Бога. Погледнете го карактерот на Јосиф. Неговата доблест беше силно испитана, но нејзината победа беше целосна. Ова благородно момче ја издржало пробата во сите точки. Возвишеното, непоколебливо начело се покажало при секое искушение. Господ бил со него и Неговиот збор бил закон. ... {МАР 83.3}

Оние кои ја проучуваат Библијата, бараат совет од Бога и се потпираат на Христа, ќе бидат во состојба да постапат мудро во секое време и под сите околности. Божјите начела ќе бидат илустрирани во реалниот живот. Ако вистината за ова време срдечно се прифати и стане основа на карактерот, ќе произведе таква решителност на намерата и целите што заводливоста на уживањата, променливоста на обичаите, презирот на луѓето кои го љубат светот и повиците на сопственото срце за самоугодување ќе бидат немоќни да делуваат. Најпрвин мора да се просветли совеста, волјата мора да се потчини. Љубовта кон вистината и праведноста мора да владее во душата и на тој начин ќе се изгради карактерот кој небото може да го одобри.“ (5. Сведоштво, стр. 42,43) {МАР 83.4}

17 март

Искачување по Петровите скали

„Затоа, грижејќи се за ова сестрано, принесете кон верата своја добродетел, а кон добродетелта знаење, кон знаењето воздржување, кон воздржувањето трпение, кон трпението побожност, кон побожноста братољубивост, кон братољубивоста љубов.“ (2 Петрово 1:5,6,7) {МАР 84.1}

„Укажувајте ѝ на младината на Петровите скали со осум скалила (2 Петрово 1:5-7) и тоа не на највисокото, туку на најниското скалило и потоа со најсесрден поттик повикајте ги да се искачат до врвот. {МАР 84.2}

Скалите го претставуваат Христа, Кој ја спојува земјата со небото. Подножјето на тие скали, преку Неговата човечка природа, е цврсто всадено во земјата, додека највисокото скалило, преку Неговото божество, допира до Божјиот престол. Со Својата човечка природа Христос го прегрнал паднатото човештво, додека со Своето божество се држи за Божјиот престол. Ние се спасуваме искачувајќи се скалило по скалило по тие скали, угледувајќи се на Христа, држејќи се цврсто за Него, качувајќи се чекор по чекор до Неговата висина, така што Тој ќе ни стане мудрост, праведност, посветување и откупување. Верата, доблеста, разумот, воздржувањето, трпението, побожноста, братољубието и љубовта кон Бога — тоа се скалила на овие скали. Во христијанскиот карактер треба да се манифестираат сите овие особини и ’ако го вршите тоа, никогаш нема да погрешите, бидејќи по таков начин ќе ви се овозможи слободен влез во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос‘ (2 Петрово 1:10, 11).“ (6. Сведоштво, стр. 147) {МАР 84.3}

„Не мислете дека не можете да почнете да развивате друга доблест сѐ додека не сте ја усовршиле претходната. Не, тие треба да се развиваат заедно. ... Секој ден од својот живот можете да ги усовршувате овие благословени особини, целосно откриени во Христовиот карактер. ...“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 943) {МАР 84.4}

„Не дозволувајте да ве обесхрабрат многуте задачи што треба да ги завршите во својот живот, зашто од вас не се бара да ги завршите сите одеднаш. Употребете ги во секојдневната работа сите свои способности, искористете ги сите можности. Ценете ја помошта што Бог ви ја дава и искачувајте се по скалите скалило по скалило. Запомнете дека вашиот живот е составен од денови што Бог ви ги дава еден по еден и дека небесните извештаи ќе покажат како сте ги користеле тие предности и можности. Добро искористете го секој ден даруван од Бога, за на крајот да ги слушнете зборовите на Господарот: ’Убаво, добар и верен слуго!‘“ (Messages to Young People, стр. 46) {МАР 84.5}

18 март

Здивот на душата

„Молете се постојано!“ (1 Солунјаните 5:17) {МАР 85.1}

„Молитвата е дишење на душата, канал на сите благослови. Кога покајничката душа упатува молитва, Бог ја набљудува нејзината борба, ги гледа нејзините судири и ја гледа нејзината искреност. Тој го става Својот прст врз нејзиниот пулс и го бележи секое отчукување. Нема чувство што затреперува, емоција што се придвижува, тага што фрла сенка, грев што ја валка душата, ниту мисла или намера што се создава, а Тој да не знае за тоа. Таа душа е купена по бесконечна цена и е љубена со непроменлива, посветувачка љубов. {МАР 85.2}

Молитвата упатена кон големиот Лекар за исцелување на душата донесува Божји благослови. Молитвата нѐ соединува едни со други и со Бога. Молитвата Го доведува Исуса на наша страна и ѝ дава нова сила и свежа благодат на слабата, збунета душа. ... {МАР 85.3}

Нашиот Спасител Исус Христос бил искушуван во сѐ како и ние, а сепак бил без грев. Ја зел човечката природа, примил човечки облик; имал човечки потреби. Како човек, имал потреби што морале да бидат задоволени, и телесен умор што морал да биде олеснет. Молитвата што ја упатувал до Својот Отец Го крепела за работа и за искушенијата. Од ден на ден ја извршувал Својата должност, настојувајќи да спаси души. ... Поминувал цели ноќи во молитва за оние што биле искушувани. ... {МАР 85.4}

Ноќите во молитва што Спасителот ги поминувал на гората или во пустината биле од суштинско значење во Неговата подготовка за искушенијата со кои морал да се соочи во наредните денови. Ја чувствувал потребата душата и телото да бидат поткрепени и освежени, за да може да им одолее на сатанските искушенија. Оние што се борат да живеат како Него ќе ја почувствуваат истата потреба. ... {МАР 85.5}

Тој ни вели: ’Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе самиот, нека го земе крстот свој и секој ден нека Ме следи!‘ Само Христос може да нѐ оспособи да одговориме на Неговиот повик: ’Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце‘. Тоа значи дека нашето ’јас‘ секој ден мора да умира. Христос може да ни даде благородна решителност, подготвеност да страдаме и со истрајна сила да ги водиме Господовите битки. Најслабите, потпомогнати од божествената благодат, можат да имаат таква сила што ќе бидат повеќе од победници.“ (Review and Herald, 30. октомври 1900.) {МАР 85.6}

19 март

Тајната на успехот

„Синовите човечки се само суета; синовите човечки се лага; кога би ги ставиле на мерило, тие сите заедно би биле полесни од здив!“ (Псалми 62:9) {МАР 86.1}

„Мораме многу да се молиме ако сакаме да напредуваме во божествениот живот. Колку многу се молевме кога првпат беше објавена веста на вистината. Колку тогаш често се слушаше гласот на молитва во собата, во шталата, градината или овоштарникот. Често поминувавме цели часови во молитва, по двајца или тројца, положувајќи право на ветувањето. Тогаш честопати се слушаше плачење, глас на благодарност и песни на слава. Денес Божјиот ден е поблиску од тогаш кога првпат поверувавме и затоа треба да бидеме посесрдни, поревни од тие први денови. Нашите опасности сега се поголеми од оние тогаш.“ (5. Сведоштво, стр. 161,162) {МАР 86.2}

„И Исус во текот на Својот земски живот примал мудрост и сила токму во часовите на тајна молитва. Младите треба да го следат Неговиот пример и да одделат тивки мигови во зората и самракот за разговор со Својот Татко на небесата. И во текот на денот своите срца треба да ги издигнуваат кон Бога. На секој чекор од нашиот пат, Тој вели: ’зашто Јас сум Господ, Бог твој; те држам за твојата десна рака ... Не плаши се, Јас ти помагам.‘ (Исаија 41:13). Колкава свежина и сила, колкава радост и задоволство би се вселиле во нивниот живот кога нашите деца би ги научиле овие поуки во зората на нивната младост!“ (Воспитување, стр. 259) {МАР 86.3}

„Срцето нека ви биде проникнато со копнеж да излезете пред Бога, пред живиот Бог! Христовиот живот покажал што може да постигне човек кога ќе се здобие со дел од божествената природа. Сè што примил Христос од Бога, можеме да примиме и ние. Според тоа, барајте и ќе добиете. Исполнети со истрајна, Јаковова вера, со нескршлива цврстина на Илија, барајте да добиете сè што ветил Бог. {МАР 86.4}

Во вашиот ум нека се обликуваат славни замисли за Бога. Вашиот живот со скриени врски нека биде поврзан со Исусовиот живот. Оној што ѝ заповедал на светлината да засветли во темнината, копнее да засветли и во вашето срце за да ја запознаете Божјата слава во ликот на Исуса Христа. Светиот Дух ќе ви ги открие божествените вистини, внесувајќи ги како животворна сила во срцето кое е подготвено да ги послуша. Христос ќе ве доведе до прагот на Семожниот. Ќе можете да ја посматрате славата зад завесата и ќе им го откривате на луѓето изобилието на Оној кој вечно живее за да може да се моли за нас.“ (Христовите параболи, стр. 149) {МАР 86.5}

20 март

Непоколеблива вера

„Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура;“ (Јаков 1:6) {МАР 87.1}

„Молитвата и верата се тесно поврзани, и треба заедно да се проучуваат. Молитвата со вера е божествена умешност; таа е умешност со која мора да овладее секој што сака неговото животно дело да биде успешно. Христос вели: ’сѐ што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде‘ (Марко 11:24). Тој објаснува дека нашата молба мора да биде во согласност со Божјата волја; ние мораме да го бараме она што Тој го ветил, и што и да примиме, тоа мора да биде употребено за да се исполни Неговата волја. Ако се исполнат условите, ќе се исполни и ветувањето. {МАР 87.2}

Ние смееме да бараме простување на гревовите, Свети Дух, природа слична на Христовата, мудрост и сила да работиме во Неговото дело, секој дар што Тој ни го ветил; потоа мораме да веруваме дека ќе примиме и да Му заблагодариме на Бога што сме примиле.

Не е потребно да бараме каков било надворешен доказ за благословот. Дарот се наоѓа во ветувањето, и ние треба да продолжиме да ја работиме нашата работа сигурни дека Бог може да го исполни она што го ветил и дека дарот, што веќе го имаме, ќе стане стварност кога ќе ни биде најпотребен. {МАР 87.3}

Да се живее така од секоја Божја Реч, значи да Му се предаде целиот живот. Тогаш постојано ќе ги чувствуваме сопствената беда и зависност, копнежот на срцето за Бога. Молитвата е неопходна; таа е живот на душата. Семејната молитва и јавната молитва имаат свое место, но, тајниот разговор со Бога всушност го одржува животот на душата. ... {МАР 87.4}

Светот го зафаќа напнатост каква никогаш порано не можела да се види. Во задоволствата, трупањето пари, борбата за власт и самата борба за опстанок, постои страотна сила која го окупира телото, умот и душата. Среде ова разбеснето трчање, Бог проговара. Тој нѐ повикува да се повлечеме во самотија и да разговараме со Него. ’Застанете и разберете дека Јас сум Бог‘ (Псалм 46:10). ... {МАР 87.5}

Наша потреба не е кусо застанување во Негова близина, туку лична врска со Христа.“ (Воспитување, стр. 257–261) {МАР 87.6}

21 март

Чисти во срцето и во животот

„Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога!“ (Матеј 5:8) {МАР 88.1}

„Во Божјиот град нема да влезе ништо нечисто. Оние кои сакаат да се населат во него уште овде треба да бидат со чисто срце. Кај оној кој учи од Исуса, сè повеќе ќе се јавува одбивност кон непромислените постапки, непристојните зборови и нечистите мисли. Кога Христос престојува во срцето, мислите и однесувањето секогаш ќе бидат чисти и благородни. {МАР 88.2}

Но Исусовите зборови ... имаат едно подлабоко значење. Не станува збор само за чисто срце во онаа смисла во која светот ја сфаќа чистотата, имено да биде слободно од сè што е сетилно, неизвалкано со телесните уживања, туку да биде искрено и во најскриените намери и мотиви на срцето, без гордост и самољубие, скромно, несебично, слично на дете. {МАР 88.3}

Само сличните можат доволно да се ценат и да се разбираат еден со друг. Сè додека во својот живот не го остваримe принципот на самопожртвувана љубов која е основен принцип на Неговиот карактер, не можеме да го запознаеме Бога. ... {МАР 88.4}

Кога Христос ќе дојде во својата слава, грешниците нема да можат да го издржат Неговиот поглед. Светлината на Неговата присутност која претставува живот за оние што го љубат, за безбожниците значи смрт. ... А кога Тој ќе се појави, тие ќе посакаат да се скријат од лицето на Оној кој умрел за да ги откупи. {МАР 88.5}

Но срцата очистени од Светиот Дух кој престојува во нив, ќе бидат целосно преобразени. Таквите срца можат да го запознаат Бога. Мојсеј бил скриен ’во пукнатината на карпата‘ (Излез 33:22) кога му се открила Господовата слава; така можеме и ние, скриени во Христа, да ја гледаме Божјата љубов. ... {МАР 88.6}

Ние со вера го гледаме уште овде и сега. Во нашето секојдневно искуство ја сфаќаме Неговата добрина и милост кои се откриваат преку делата на Неговото провидение. Го препознаваме во карактерот на Неговиот Син. ... Оние кои се со чисто срце го гледаат Бога во нова, пријатна светлина, како свој Откупител; и додека ја гледаат чистотата и убавината на Неговиот карактер и самите настојуваат да го одразуваат Неговиот лик. Тие во Него гледаат Отец кој копнее да го прегрне синот кој се кае, а нивните срца им се исполнуваат со неискажлива радост и слава. ... {МАР 88.7}

Оние кои се со чисто срце живеат како да се наоѓаат во Божјата присутност уште овде, на овој свет. И тие, исто така, ќе го гледаат лице в лице во иднина, во бесмртна состојба, како што Адам го гледал додека одел и разговарал со Бога во Едем.“ (Мисли од гората, стр. 24–27) {МАР 88.8}

22 март

Објаснување на библиското посветување

„Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина.“ (Јован 17:17) {МАР 89.1}

„Оние што се посветени со вистината се жива препорака за нејзината сила и претставници на својот воскреснат Господ. Христовата вера ќе го облагороди вкусот, ќе го посвети расудувањето, ќе ја издигне, очисти и облагороди душата, подготвувајќи го христијанинот сè повеќе за друштвото на небесните ангели.“ (That I May Know Him, стр. 250) {МАР 89.2}

„’И за нив јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината‘ (Јован 17:17,19).

’Откако ги очиствте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие, сакајте се еден со друг постојано со чисто срце‘ (1 Петрово 1:22).

’И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, исполнувајќи ја светоста во страв Божји‘ (2. Коринтјаните 7:1). ... {МАР 89.3}

Овде е истакнато библиското посветување. Посветувањето, значи, не е само надворешен облик на побожност, туку вистинска светост која се добива со посредство на вистината. Тоа е всушност вистината прифатена со срцето и практично применета во секојдневниот живот. {МАР 89.4}

Оние што отфрлаат и најмал дел од вистината не можат да имаат библиско посветување. Во Божјото слово е дадена доволна светлина, и никој не мора да остане во заблуда. ...

Како човек, Христос бил во сè совршен, а сепак растел во благодатта. Записот во евангелието кажува: ’Исус, пак, напредуваше во мудроста и возраста и во милост кај Бога и кај луѓето‘ (Лука 2:52). Дури и најсовршениот христијанин може постојано да напредува во знаењето и Божјата љубов. ... {МАР 89.5}

Посветувањето не е дело на еден момент, еден час или еден ден. Тоа е непрекинато растење во благодатта. ... Сатаната живее и многу е активен; и затоа секој ден најсесрдно треба да се обраќаме на Бога за сила и помош, за да бидеме во состојба да се спротивставиме на секое искушение. Додека постои владеењето на сатаната, ќе мораме да се бориме со нашето сопствено ’јас‘ и против сите можни искушенија, зашто не постои место каде би можеле да застанеме и да кажеме: Достигнавме сè. ... {МАР 89.6}

Животот на христијанинот претставува непрекинато напредување. Христос седи како оној што ги облагородува и прочистува припадниците на Својот народ, и дури кога Неговиот лик совршено ќе може да се види во нив, тие ќе бидат совршени и свети, подготвени за вознесување.“ (1. Сведоштво, стр. 338–340) {МАР 89.7}

23 март

Внимателност пред сатанските орудија

„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта; спротивете му се со тврда вера, знаејќи дека такви страдања ги снаоѓаат и вашите браќа по светот.“ (1 Петрово 5:8,9) {MAP 90.1}

„Секоја душа треба да внимава. Непријателот ви е зад петиците. Стражарете будно за да не ве изненади некоја внимателно сокриена и вешто поставена мамка. Безгрижните и рамнодушните нека внимаваат Господовиот ден да не им дојде како крадец во ноќно време. Мнозина ќе застранат од патеката на понизност и, отфрлајќи го Христовиот јарем, ќе се упатат кон туѓи патишта. Заслепени и збркани, тие ќе го напуштат тесниот пат што води во Божјиот град. ... {MAP 90.2}

Кој сака да победи мора да стражари, бидејќи сатаната се труди со световни заплетки, заблуди и празноверија, Христовите следбеници да ги одвои од Него. Не е доволно да ги избегнуваме само очигледните опасности и да се оттргнуваме од опасните и недоследни постапки. Мораме цврсто да се држиме за Христа и да одиме по патот на самоодрекување и жртва. Се наоѓаме на територија на непријателот. Тој е исфрлен од небото и дошол на земјата со голема сила. Тој со сите можни вештини и стапици се труди да ги зароби душите. Ако не бидеме постојано внимателни, ќе станеме лесен плен на неговите безбројни измами.“ (8. Сведоштво, стр. 99,100) {MAP 90.3}

„Денес сè е исполнето со сериозност, која треба да ја сфатат сите оние кои веруваат во вистината за ова време. Со своите постапки тие треба да укажуваат на близината на Божјиот ден. На светот наскоро ќе се срушат Божјите казни и ние мораме да се подготвиме за тој голем ден. {MAP 90.4}

Нашето време е драгоцено. Ни преостануваат уште малку, многу малку денови на проба (милост) во кои треба да се подготвиме за идниот, бесмртен живот. Немаме време за непромислени постапки. Треба да се плашиме од површното проучување на Божјата Реч.“ (6. Сведоштво, стр. 407) {MAP 90.5}

„Ако сиот се заземеш за вистината и делото на подготовка за ова време, ќе бидеш посветен со вистината и ќе се оспособиш за бесмртноста. ... Сите оние што ја исповедаат вистината мора да работат на делото на подготовка сè додека не бидат во можност да стојат пред Божјиот престол без мана, дамка, брчка или нешто слично. Бог ќе те прочисти ако се изложиш на процесот на прочистување.“ (2. Сведоштво, стр. 111) {MAP 90.6}

24 март

Постојаност во секое искушение

„Не препуштајте му ги на гревот вашите органи на телото како орудија на неправедноста, туку препуштете Му се на Бога како оние што оживеале од мртвите, и вашите органи на телото како орудија на праведноста. Гревот нема да господари над вас, зашто вие не сте под Законот, туку под благодатта.“ (Римјаните 6:13,14) {МАР 91.1}

„Постои само една сила, која може да ја скрши власта на злото во срцето на луѓето, а тоа е силата на Бога во Исуса Христа. ... Само Неговата милост може да нѐ оспособи да им се спротивставиме и да ги потчиниме склоностите на нашата паднатa природа.“ (Здравје и среќа, стр. 428) {МАР 91.2}

„Неизмерната вредност на жртвата што требало да се поднесе за нашето спасение го открива фактот дека гревот е едно ужасно зло. Преку гревот е упропастен целиот човечки организам, изопачен е разумот и фантазијата е расипана. Гревот ги деградирал способностите на душата. Надворешните искушенија наоѓаат плодна почва во срцето и нозете незабележливо се свртуваат кон злото.

Како што жртвата принесена заради нас била целосна, така и ние мораме целосно да се исчистиме од нечистотијата на гревот. Нема ниедно безбожно дело кое законот нема да го осуди; нема ниедна неправда која ќе ја избегне неговата осуда. Христовиот живот е совршено исполнување на сите прописи на законот. Тој рекол: ’Ако ги запазите Моите заповеди, ќе останете во љубовта Моја, како што Јас ги запазив заповедите на Мојот Отец и останувам во љубовта Негова‘ (Јован 15:10). Неговиот живот за нас претставува пример за покорност и служба.“ (8. Сведоштво, стр. 312) {МАР 91.3}

„И денес сатаната ги поставува истите искушенија што ги поставувал пред Христа, нудејќи ни ги сите царства на овој свет во замена за нашата верност. Но над оној што гледа на Исуса како на почеток и завршител на својата вера, сатанските искушенија немаат сила. Тој не може да го наведе на грев оној што со вера ги прифаќа доблестите на Оној што бил искушуван во сѐ како и ние, а сепак не згрешил.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 224) {МАР 91.4}

„Отфрлањето на гревот е акт кој го врши самата душа. Вистина, ние не можеме сами да се ослободиме од власта на сатаната. Меѓутоа, кога копнееме да се ослободиме од гревот и ако чувствувајќи ја својата голема потреба во молитва бараме сила која е надвор од нас и над нас, божествената сила на Светиот Дух ги исполнува силите на нашата душа и тие се покоруваат на Божјата волја.“ (Копнежот на вековите, стр. 466) {МАР 91.5}

„Бог сака да има еден народ кој копнее по добри дела, кој одлучно се спротивставува на изопаченостите на ова дегенерирано поколение. Вооружени со силата на божествената помош, припадниците на тој народ ќе излезат како победници од секое искушение.“ (3. Сведоштво, стр. 472) {МАР 91.6}

25 март

Зошто се продолжува времето на проверка?

„Господ нема да задоцни со Своето ветување, како што некои мислат за бавењето; но долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат.“ (2 Петрово 3:9) {МАР 92.1}

„Покажана ми беше опасноста која ни се заканува како народ, а тоа е дека повеќе се угледуваме на овој свет отколку на Христа. Се наоѓаме на самата граница на вечниот свет, но непријателот настојува да нè наведе на заклучок дека крајот на сè е сè уште далеку. Оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и го очекуваат скорото доаѓање на Спасителот на небесните облаци со голема сила и слава, сатаната ги облетува со сите можни искушенија. Многумина од нив тој ги наведува да го одложуваат денот на судот во што подалечна иднина и во сфаќањата да стануваат сè послични на светот, поведувајќи се во сè по неговите обичаи. Загрижена сум до вознемиреност кога гледам дека духот на овој свет ги обзема срцата и мислите на многумина кои тврдат дека високо ја ценат вистината. ... {МАР 92.2}

Со оглед на краткото време, ние треба како народ будно да бдееме, не дозволувајќи што било да нè одврати од сериозноста во подготовка за тој голем настан кој е пред нас. Бидејќи времето за тоа е очевидно продолжено, многумина стануваат сè побезгрижни во поглед на своите зборови и постапки. Тие не ја увидуваат опасноста што им се заканува и не сфаќаат дека Бог во Својата милост им ги продолжува деновите на милост и проверка за да имаат време да го изградат својот карактер за идниот, вечен живот. Секој момент е многу драгоцен. Ова време им е дадено не за да си обезбедат себеси лесен и удобен живот на оваа земја, туку да ги победат своите карактерни недостатоци и со пример и лични напори, да им помагаат и на другите да ја сфатат и увидат сета убавина на светоста. Бог има на земјата народ чии припадници со вера и света надеж го следат брзото исполнување на пророштвата и копнеат да ги очистат своите души со покорување на вистината, за да не се најдат без свадбена облека кога Христос ќе се појави. ... {МАР 92.3}

Знаците најавени во пророштвото се исполнуваат насекаде околу нас. Тоа треба да го поттикне секој вистински Христов следбеник на ревносна активност.“ (4. Сведоштво, стр. 306,307) {МАР 92.4}

26 март

Твојот случај доаѓа на ред!

„Тој зборуваше со висок глас: ’Имајте страхопочит кон Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори!‘“ (Откровение 14:7) {МАР 93.1}

„Во 1844 година нашиот Првосвештеник влегол во најсветото место на небесното Светилиште за да го започне делото на истражниот суд.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 125) {МАР 93.2}

„Кога ќе се отворат судските книги, пред Бога ќе се испита животот на секој што верувал во Исуса. Нашиот Застапник ќе почне прво со оние што живееле на земјата на почетокот, потоа ќе оди понатаму од поколение на поколение, и најпосле ќе заврши со живите. Ќе биде споменато сечие име, ќе биде точно испитан случајот на секој поединец. Некои имиња ќе бидат примени а некои отфрлени. Ако во книгите се најдат нечии гревови кои не се ниту признати ниту простени, нивните имиња ќе бидат избришани од книгата на животот. ... {МАР 93.3}

Ние сега живееме во времето на големиот Ден на чистење. Во симболичката служба на Стариот завет, додека Првосвештеникот вршел чистење за Израелците, сите морале да ’ги мачат своите души‘ со исповедање на гревовите и со понизност пред Господа за да не бидат истребени од народот. На ист начин сите што сакаат нивните имиња да останат во книгата на животот треба сега, во овие преостанати дни од времето на милоста што им е дадено, да ја мачат својата душа пред Бога жалејќи поради гревот со искрено покајание. Тие мораат длабоко и свесно да ги преиспитаат своите срца. ... Сите што сакаат да ги победат лошите склоности што настојуваат да завладеат со нив, ги чека уште потешка борба. Подготовката е лична работа. Ние нема да бидеме спасени групно. Побожноста и чистотата на едни не можат да ги надоместат овие доблести кај други. ... Секој ќе биде испитан и ќе мора да биде пронајден без мана и недостаток.“ (Големата борба, стр. 483,489,490) {МАР 93.4}

„Покрај имињата на оние кои вистински се покајале за своите гревови и кои со вера ја признале Исусовата крв како своја жртва на исчистување, во небесните книги ќе биде забележано ’простување‘. Бидејќи станале учесници во Христовата правда и се утврдило дека нивниот карактер е во хармонија со Божјиот закон, нивните гревови ќе бидат избришани, а тие прогласени достојни за вечен живот. Господ кажува преку пророкот Исаија: ’А Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам‘ (Исаија 43:25).“ (Големата борба, стр. 483) {МАР 93.5}

27 март

Мерило на кое можете да му верувате

„Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство;“ (Ефесјаните 6:11) {МАР 94.1}

„Секое оживување на Божјото дело го поттикнува кнезот на злото кон поголема активност. Тој сега ги вложува последните напори за завршната битка против Христа и Неговите следбеници. Наскоро пред нас ќе се покаже последната голема измама. Антихристот пред нашите очи ќе прави чуда. Лажното толку многу ќе наликува на вистинското, што не ќе може да се разликува едното од другото, освен со помош на Светото Писмо. Секое тврдење и секое сторено дело мора да се испитаат со сведоштвата на Писмото. ... {МАР 94.2}

Само оние кои го утврдиле умот со библиските вистини ќе можат да се одржат во последниот голем судир. Секоја душа ќе биде ставена на проба: дали повеќе ќе го слуша Бога или човекот? Решавачкиот час сега е пред врата. Дали нашите нозе се втемелени на карпата на непроменливото Божјо слово? Дали сме подготвени цврсто да застанеме во одбрана на Божјите заповеди и на верата Исусова? ... {МАР 94.3}

Прва и најголема должност на секое разумно суштество е да дознае од Светото Писмо што е вистина и потоа да живее според светлината и други да храбри да го следат неговиот пример. Ние треба секој ден Библијата трудољубиво да ја проучуваме, одмерувајќи ја секоја нејзина мисла и споредувајќи стих со стих. Со Божја помош ние мораме сами да го формираме нашето мислење, зашто пред Бога ќе одговараме сами за себе. ... {МАР 94.4}

Исус им ветил на Своите ученици: ’А Утешителот, пак, Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал‘ (Јован 14:26). Но Христовата наука мора порано да се втисне во нашите умови за Божјиот Дух да може во мигот на опасност да нè потсети на неа. ... {МАР 94.5}

Кога ќе настапи времето на проверка, тогаш оние кои Божјото слово го зеле за свое животно правило јасно ќе се распознаваат. ... Нека се подигнат противниците, нека се распалат пак верскиот фанатизам и нетрпеливоста, нека настанат прогонства - полухристијаните и лицемерите ќе се поколебаат и ќе се откажат од својата вера, а вистинскиот христијанин ќе стои цврсто како карпа со посилна вера и со посветла надеж отколку во деновите на благосостојба.“ (Големата борба, стр. 593–602) {МАР 94.6}

28 март

Светото Писмо е наша заштита

„Нели се тие сите служителски духови, испратени да им служат на оние што ќе го наследат спасението?“ (Евреите 1:14) {MAP 95.1}

„Сè додека Божјиот народ Му останува верен, сè додека со жива вера се држи за Исуса, тој е под заштита на небесните ангели и на сатаната нема да му биде дозволено да ги оствари своите пеколни планови за негово уништување. Но оние што со гревот се одвојуваат од Христа се во голема опасност. ... {MAP 95.2}

Сатаната сега е многу посериозно зафатен во играта за човечките души отколку порано; и ако не бидеме постојано будни, во нашите срца ќе всадува гордост, самољубие, љубов кон светот и многу други зла. Ќе ги употреби и сите можни средства за да ја поколеба нашата вера во Бога и во вистините на Неговото слово. Ако не сме стекнале длабоко искуство со Бога и ако не го познаваме темелно Неговото слово, непријателот со своите заблуди и извртувања на вистината ќе нè заведе во пропаст. Лажните учења ќе ги поткопаат темелите на мнозина затоа што не научиле да ја разликуваат лагата од вистината. Наша единствена заштита од сатанските лукавства е трудољубивото проучување на Светото Писмо, разумното разбирање на причините за нашата вера и верното исполнување на секоја должност. Попуштањето на еден свесен грев ќе предизвика слабост и темнина и ќе нè изложи на жестоки искушенија. ... {MAP 95.3}

Дали ја отвораме вратата на нашето срце за Исуса и ја затвораме секоја можност за влез на сатаната? Дали секојдневно добиваме сè појасна светлина и поголема сила за да останеме во Христовата праведност? Дали ги празниме срцата од себичност, очистувајќи ги и подготвувајќи се да го примиме позниот дожд од небото? ... {MAP 95.4}

Делото на победување е големо дело. Ќе му пристапиме ли со сета сила и истрајност? Сè додека не го сториме тоа, нашата ’валкана облека‘ нема да биде одземена од нас. Да не очекуваме дека насилно ќе ни биде оттргната; најнапред мораме да покажеме желба да се ослободиме од неа. Мораме да настојуваме да го отстраниме гревот од себе, потпирајќи се на заслугите на Христовата крв; тогаш, кога ќе дојдат неволјите и непријателот ќе нè притисне, ќе одиме меѓу ангелите.“ (Review and Herald, 19. ноември 1908) {MAP 95.5}

29 март

Божјото ветување за заштита

„Значи Господ знае како да ги избавува побожните од искушенија, а неправедните да ги држи во маки за судниот ден;“ (2 Петрово 2:9) {МАР 96.1}

„Во времето на проба кое е пред нас, Божјото ветување за безбедноста ќе важи за оние кои ќе ја одржат Речта на Неговото трпение. ... Столбот од облак, кој на престапниците на Божјиот закон им навестува гнев и ужас — претставува светлина, милост и ослободување за оние кои ги држат Неговите заповеди. Раката која е доволно силна да го уништи бунтовникот, ќе биде доволно силна и да го ослободи верниот. Сите верни сигурно ќе бидат собрани. ... {МАР 96.2}

’Каков удел ќе имате во завршните сцени на историјата на овој свет?‘ ... Го сфаќате ли големото дело на подготовка кое се врши на небото и на земјата? ... Сега никој нека не си поигрува со гревот — изворот на сите страдања во овој свет. ... Не ја оставајте во неизвесност судбината на својата душа. Треба да бидете сигурни дека се наоѓате на Господовата страна. Со искрени срца и треперливи усни, поставете си го себеси прашањето: ’кој ќе издржи, кога ќе се појави Тој?‘ (Малахија 3,2) Дали во овие последни драгоцени часови на проба (милост), го вградувате најдобриот материјал во зградата на својот карактер? Дали ја очиствте својата душа од секоја дамка? Дали постапувавте според добиената светлина? Дали вашите дела одговараат на верата која ја исповедате? {МАР 96.3}

Дали влијанието на Божјата благодат, кое го ублажува и потчинува срцето, делувало на вас? ... Дали вашата светлина блеска и ги осветлува народите кои пропаѓаат во своите гревови? Дали сфаќате дека морате да застанете во одбрана на Божјите заповеди пред оние кои ги фрлаат под нозе? {МАР 96.4}

Можно е да се биде делумен, формален верник, а сепак да се биде пронајден лесен и да се изгуби вечниот живот. Можно е некој да се придржува за извесни библиски налози и да биде сметан за христијанин, а сепак да пропадне заради недостаток на битните особини на христијанскиот карактер. ... Додека милоста уште се задржува, додека Спасителот се залага за нас, треба да се подготвиме за вечноста. ... {МАР 96.5}

Големата криза е токму пред нас. За да се соочиме со нејзините проби и искушенија и за да ги извршиме своите должности ќе ни биде потребна истрајна вера. Меѓутоа, ние можеме славно да победиме. Ниту една душа која стражари, се моли и верува нема да биде фатена во стапицата на непријателот.“ (6. Сведоштво, стр. 404,405) {МАР 96.6}

30 март

Длабоко и живо искуство

„Како ли тогаш ќе се извлечеме ако занемариме такво големо спасение кое, најнапред проповедано од Господ, се потврди од оние што го беа чуле од Него,“ (Евреите 2:3) {MAP 97.1}

„Покажано ми е дека доаѓањето на Господ никако не смееме да го одложуваме. ’Бидете подготвени‘, кажа ангелот, ’бидете подготвени за она што скоро доаѓа на земјата. Вашите дела нека бидат во склад со вашата вера‘. Покажано ми е дека сите наши мисли треба да бидат насочени кон Бога, и со сета своја сила и влијание да се заложуваме за ширење на Неговата вистина. Кога сме безгрижни и рамнодушни, ние не придонесуваме да се почитува Божјото име. ... Мораме најсесрдно да се заложуваме за своето лично спасение, но исто така и за спасение на другите. Најголема важност треба да се придаде на тоа, а сето останато нека ни биде од второстепено значење. {MAP 97.2}

Јас ја видов убавината на небото. Ги слушнав ангелите како восхитувачки ги пеат своите милозвучни песни, оддавајќи благодарност, чест и слава на Христовото име. Тогаш можев да сфатам нешто за чудесната љубов на Божјиот Син. Тој ја напуштил сета слава и сета чест со кои бил опкружен на небото, и толку се заинтересирал за нашето спасение што трпеливо и кротко ги поднесувал сите потсмевања и навреди кои луѓето му ги нанеле. Бил ранет, изложен на најтешки навредувања, камшикувања и конечно, распнат на крстот на Голгота, умрел со најстрашна смрт за да нѐ спаси нас од смртта, за сите ние, измиени со Неговата крв, да можеме да станеме и повторно да живееме со Него во дворовите што отишол да ги подготви, за да уживаме во светлината и славата на небото, слушајќи ги песните на ангелите и пеејќи заедно со нив. {MAP 97.3}

Видов дека целото небо е заинтересирано за нашето спасение; зар тогаш ние да останеме рамнодушни? Треба ли да бидеме толку безгрижни како да ни е сеедно дали ќе бидеме спасени или пак изгубени? Треба ли така да ја омаловажуваме жртвата што била поднесена поради нас? ... {MAP 97.4}

Дадена ни е една книга да ни послужи како водич низ опасностите на овој мрачен свет на нашиот пат кон небото. Таа ни кажува како можеме да го избегнеме Божјиот гнев, а кажува и за сето она што го поднел Христос поради нас, за Неговата голема жртва со која ни е овозможено спасение и живот на непоминлива среќа во Божјото присуство засекогаш. ... {MAP 97.5}

Само со обликот на побожноста никој не може да биде спасен. Сите мораат да имаат длабоко и живо верско искуство. Само тоа може да ги спаси во времето на неволја. Тогаш ќе се покаже каков вид материјали биле применети во изградбата на нивното животно дело; ако тие биле

злато, сребро и скапоцени камења, тие ќе бидат заштитени како под покривот на Господовиот шатор.“ (1. Сведоштво, стр. 123–125) {MAP 97.6}

31 март

„Подгответе се, подгответе се, подгответе се“

„Затоа вака ќе постапам со тебе, Израеле; и бидејќи така ќе постапувам со тебе, приготви се да Го дочекаш твојот Бог, Израеле.“ (Амос 4:12) {МАР 98.1}

„Кога Христос денес би се појавил на небесните облаци, кој ... би бил подготвен да Го сретне? Да претпоставиме дека ќе бидеме пренесени во небесното царство токму такви какви што сме. Дали би биле подготвени да се соединиме со Божјите свети, да живееме во хармонија со царското семејство, со децата на небесниот Цар? Како сте се подготвиле за судот? Дали сте се помириле со Бога? Дали работите заедно со Бога? Дали сакате да им помогнете на оние околу вас во вашиот дом, на своите соседи, на оние со кои доаѓате во допир, а кои не ги држат Божјите заповеди? ... Дали се подготвуваме да Го сретнеме Царот? ... {МАР 98.2}

Кога би можеле да бидеме примени на небото такви какви што сме, колкумина од нас би можеле да Го гледаат Бога? Колкумина имаат свадбена облека? Колкумина се без мана, недостаток или нешто слично? Колкумина од нас се достојни да го добијат венецот на животот? ... Положбата не го прави човекот. Христос, оформен во нас, го прави човекот достоен да го добие венецот на животот што нема да овене.“ (General Conference Bulletin, 6. април 1903) {МАР 98.3}

„Од таа глетка на слава мојот поглед беше тогаш вперен кон остатокот на Божјиот народ на земјата. Ангелот одговори: ’Сакате ли да ги избегнете седумте последни зла? ... Ако го сакате тоа, морате да умрете за да можете да живеете. Бидете подготвени, бидете подготвени, бидете подготвени! Морате да поседувате поголема подготвеност отколку што сега ја имате. ... Жртвувајте се за Господа. Ставете се себеси на Неговиот олтар, вашиот имот и сè, како жива жртва. Сè мора да се даде за да се влезе во слава.‘“ (Рани списи, стр. 66,67) {МАР 98.4}

„Христос доаѓа во голема сила и слава, во својата слава и во славата на својот Отец. ... Додека беззакониците бегаат од неговото присуство, Христовите следбеници силно се радуваат. ... На своите верни следбеници Христос им бил секојдневен другар и близок пријател. Тие живееле во тесна врска, во постојана заедница со Бога. Врз нив навистина се покажала Господовата слава. ... А сега се радуваат за блескотните зраци и за славата и величеството на Царот над царевите. Тие се подготвени за заедница со Небото, зашто Небото веќе живее во нивните срца.“ (Христовите параболи, стр. 420,421) {МАР 98.5}

„Ако денес сте исправни пред Бога, би биле подготвени кога Христос би дошол денес.“ (In Heavenly Places, стр. 227) {МАР 98.6}

1 април

Најголемото дело на светот

„Па им рече: ’Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание.‘“ (Марко 16:15) {MAP 99.1}

„Христос им заповедал на Своите следбеници: ’Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание‘ (Марко 16:15). Не се сите повикани да бидат проповедници или мисионери во вообичаената смисла на зборот; но сите можат да бидат Христови соработници во објавувањето на ’радосната вест‘ на своите ближни. Заповедта им е упатена на сите, големи и мали, учени и неучени, стари и млади.“ (Воспитување, стр. 264) {MAP 99.2}

„Врз секого што ја познава вистината за ова време почива одговорноста да ги извести и другите за неа. Христовите слуги во голема мера се одговорни за доброто и спасението на светот. Тие треба да бидат Божји соработници во делото на придобивање души.“ (Review and Herald, 10 март 1904) {MAP 99.3}

„Темата што го привлекува срцето на грешникот е Христос и Неговото распнување. На крстот, на Голгота, Исус му е откриен на светот во Својата неспоредлива љубов. Така претставувајте Го пред гладното мноштво и светлината на Неговата љубов ќе ги привлече луѓето од темнината кон светлината, од гревот кон послушноста и вистинската светост. Размислувањето за Христос на Голгота, како ништо друго, ја продлабочува свеста за тоа колку е одвратен гревот.“ (Review and Herald, 22 ноември 1892) {MAP 99.4}

„Дали членовите на нашата црква постојано ќе го држат својот поглед насочен кон распнатиот и воскреснат Спасител, во Кого се сосредоточени сите наши надежи за вечен живот? Тоа е нашата порака, нашиот доказ, нашето учење, опомена за непокајаните, охрабрување за ожалостените — надеж за секој верник. Ако успееме да разбудиме интерес во срцата на луѓето и да ги наведеме да го насочат својот поглед кон Христос, можеме да се повлечеме настрана, упатувајќи ги да не го одвојуваат погледот од Божјото Јагне. ... Оној чиј поглед постојано е насочен кон Христос ќе биде подготвен да се откаже од сè. Ќе умре за себичноста. Целосно ќе верува во Божјата Реч, која е толку величествена и чудесно возвишена во Христос.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1113) {MAP 99.5}

„Предност на секој христијанин е не само да го очекува, туку и да го забрза доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос. Кога сите што го исповедаат Неговото име би донесувале род во Негова слава, многу бргу целиот свет би бил посеан со семето на евангелието! Наскоро би зреела и последната жетва и Христос веќе би дошол да го собере скапоценото жито.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 22, 23) {MAP 99.6}

2 април

Порака од крстот

„А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот.“ (Галатјаните 6:14) {МАР 100.1}

„Бог ми даде една вест за Неговиот народ. ... Вие сте купени по скапа цена, браќа и сестри, и сè што имате и што сте, мора да се искористи на Божја слава и за добро на вашите ближни. Христос умре на крстот за да го спаси светот од пропаста во грев. Тој ве повикува да соработувате со Него во ова дело. Вие треба да бидете Негова рака помошничка. Со сесрдни и неуморни напори треба да настојувате да ги спасите изгубените. ... {МАР 100.2}

Преобразувачката сила на Христовата благодат го преобразува човекот кој ќе се посвети на Божјата служба. ... Тој повеќе не може да биде рамнодушен кон душите кои пропаѓаат околу него. ... Тој сфаќа дека секој дел од неговото битие Му припаѓа на Христа, Кој го избавил од ропството на гревот; дека секој момент од неговата иднина е купен со драгоцената крв на Единородниот Божји Син. {МАР 100.3}

Дали толку длабоко ја цените жртвата направена на Голгота, за да ги потчините сите свои интереси на делото на спасување на душите? Истата силна желба за спасување на грешниците која го карактеризирала животот на Спасителот треба да го карактеризира и животот на Неговиот вистински следбеник. Христијанинот не копнее да живее за себе. Тој наоѓа задоволство во тоа сè што има и сè што е да го посвети во служба на Господа. Него го поттикнува неискажана желба да придобива души за Христа. ... {МАР 100.4}

Како најдобро можам да Го прославам Оној Кому Му припаѓам по создавањето и откупувањето? Тоа е прашање кое треба да си го поставиме себеси. Човекот што навистина се обратил, се труди со срдечна грижа да ги избави оние кои сè уште се наоѓаат во сатанска сила. ... {МАР 100.5}

Ни останува само уште малку време да се подготвиме за вечноста. ... На народот му е потребна вистината и таа мора да им се донесе со сесрдна и верна работа. Души треба да се бараат; ние треба да се молиме и да работиме за нив. ... {МАР 100.6}

На нас почива тешка одговорност да го опоменеме светот за пропаста која му се приближува. ... Бог ја повикува Својата црква да стане и да се облече во сила. Треба да се придобијат бесмртни круни; треба да се придобие небесното царство; треба да се просветли светот кој пропаѓа во незнаење.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 9–12, 16) {МАР 100.7}

3 април

Поттикнати од љубовта

„И таа заповед ја имаме од Него: кој Го љуби Бога, да го љуби и братот свој.“ (1 Јованово 4:21) {МАР 101.1}

„Љубовта е темел на побожноста. Независно од тоа што зборува, никој нема чиста и вистинска љубов кон Бога ако не покажува несебична љубов кон својот брат. ... Кога нашето ’јас‘ наполно ќе се загуби во Христа, љубовта ќе се појави спонтано, без ние да бидеме свесни за тоа. Тогаш, кога во нашето срце постојано ќе се јавува желба да им помогнеме на ближните, и кога на нашето лице ќе се покаже небесната светлина што ја исполнува нашата душа, ние постигнуваме совршенство на христијанскиот карактер. ... {МАР 101.2}

Поврзани со Христа, ќе бидеме поврзани и со нашите ближни со златните алки на синџирот на љубовта. Тогаш во нашиот живот ќе се покажат истото сочувство и сожалување што ги покажал Христос. Ние нема да чекаме сиромасите и несреќниците да дојдат кај нас. Не е потребно некој да нè преколнува за да почнеме да сочувствуваме со патилата на другите. Ќе ни биде исто толку природно да им дојдеме на помош на сиромасите и настраданите како и на Христа што му било природно да оди и да прави добро. ... Небесната слава ги подига паднатите и ги теши ожалостените. ... {МАР 101.3}

Бог не признава никаква разлика направена по националност, класа или општествен слој. ... Според создавањето сите луѓе се припадници на едно исто семејство. Христос сите ги соединил со својот откуп. Тој дошол да урне секој ѕид на разделба, да отвори секое одделение на храмот, секоја душа да добие слободен пристап кон Бога. Неговата љубов е толку широка, толку длабока, толку сеопфатна, што секаде проникнува. Таа ги извлекува од кругот на влијанието на сатаната бедните души што биле заведени ... и ги става во близина на Божјиот престол, престол опкружен со виножито, со ветување. ... {МАР 101.4}

Христос на секого сака да му овозможи висок степен на заедница со себе — да бидеме едно со него како што е Тој едно со својот Отец. Тој ни дозволува да дојдеме во допир со измачените и настраданите за да нè извлече од нашата себичност, трудејќи се кај нас да ги развие особините на својот карактер: сожалување, нежност и љубов. ... Господ изјавува: ’Ако одиш по патиштата Мои и се придржуваш кон Моите уредби, ќе владееш со Мојот дом... И Јас ќе ти дозволам да одиш меѓу тие луѓе што стојат овде‘ — меѓу ангелите што го опкружуваат неговиот престол (Захарија 3:7). Соработувајќи со небесните суштества во неговото дело на земјата, ние се приготвуваме за дружење со нив на небесата.“ (Христовите параболи, стр. 384–389) {МАР 101.5} {МАР 101.6}

4 април

Местото каде што започнува сведочењето

„Дај синовите наши да се како нови насади во младоста своја, нашите ќерки – накитени и украсени како столбови во храмот.“ (Псалми 144:12) {МАР 102.1}

„Нашата работа за Христа треба да започне во семејството, во домот. ... Не постои мисионерско поле кое е поважно од ова.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 429) {МАР 102.2}

„Среќни се оние родители чиишто животи се вистински одраз на Божеството, така што Божјите ветувања и заповеди кај нивното дете ќе разбудат благодарност и понизност; родителите кои со својата нежност, праведност и долготрпение му ја прикажуваат на детето Божјата љубов, правда и долготрпеливост; и кои, учејќи го детето да ги сака, почитува и слуша, го учат да Го сака, почитува и слуша Небесниот Татко. Родителите што ќе вградат ваков дар во своето дете, му подариле богатство поскапоцено од богатствата на сите векови - богатство, кое е постојано како вечноста.“ (Здравје и среќа, стр. 375, 376) {МАР 102.3}

„Бог сака секое дете уште од најрана возраст да Му припаѓа Нему, да биде посвоено во Неговото семејство. Колку и да се мали, децата можат да бидат членови на домот на верата и да стекнат најдрагоцени искуства. Можат да имаат нежни срца, подготвени да примаат впечатоци што ќе траат вечно. Можат да имаат срца полни со доверба и љубов кон Исус и да живеат за Него. Христос ќе ги направи мали мисионери. Целиот тек на нивните мисли може да се промени, така што нема да уживаат во гревот, туку ќе се одвраќаат од него и ќе го мразат.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 169) {МАР 102.4}

„Родителите треба со поука и со пример да ги учат своите деца како да работат за необратените. Децата треба така да се воспитаат што ќе имаат сочувство кон постарите и оние кои страдаат, трудејќи се да ги олеснат неволјите на сиромашните и оние кои се во неволја. ... Треба уште од најрана младост да им се влева во свеста потребата за самооткажување и жртви поради доброто на другите и ширење на Христовото дело, за да можат да станат Божји соработници. ... {МАР 102.5}

Божја намера е семејството на земјата да биде симбол на семејството на небото. Христијанскиот дом кој се заснова и раководи соодветно на божествениот план е едно од најделотворните орудија во образување на христијанскиот карактер и унапредување на Неговото дело.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 429, 430) {МАР 102.6}

5 април

Светот има потреба

„Затоа е и далеку од нас справедливоста, правдата не стигнува до нас: чекаме видело, а тоа темнина, – светлина, а одиме во мрак.“ (Исаија 59:9) {МАР 103.1}

„Мнозина го читаат Светото писмо, но не го сфаќаат неговото вистинско значење и неговата смисла. Во цел свет луѓето копнежливо го насочуваат погледот кон небото. Молитви, солзи и прашања се издигнуваат од душите кои копнеат за светлина, за Светиот Дух и за Божјата милост. Мнозина се наоѓаат на прагот на небесното царство, чекајќи само да бидат воведени.“ (Делата на апостолите, стр. 109) {МАР 103.2}

„На сите страни наидуваме на човечки битија, чии срца копнеат за нешто што го немаат. Тие копнеат за сила, која ќе им даде победа над гревот, сила, која ќе ги ослободи од ропството на сатаната, сила, која ќе им даде здравје, живот и мир. Многумина, кои некогаш ја запознале силата на Божјиот збор, живееле онаму, каде што Бог не се признава и тие копнеат за Божјото присуство. {МАР 103.3}

Денес, токму како и пред деветнаесет векови, на светот му е потребно Христовото откровение. Неопходна е една голема реформа за обновување на телото, душата и духот, а таа може да се изврши единствено преку Христовата благодат. {МАР 103.4}

Вистински успех може да се постигне само доколку се примени Христовиот метод за допирање до луѓето. Спасителот се дружел со луѓето како Оној, Кој им посакува добро. Тој го покажувал Своето сочувство кон нив, им служел на нивните потреби и ја задобивал нивната доверба. Потоа ги повикувал: ’Појдете по Мене‘. {МАР 103.5}

Ние треба да се приближиме до луѓето преку лични залагања. ... Треба да плачеме со оние што плачат и да се радуваме со оние што се радуваат. Таквото дејствување поткрепено со силата на убедувањето, силата на молитвата и силата на Божјата љубов, не може и нема да остане без плод.“ (Здравје и среќа, стр. 143, 144) {МАР 103.6}

„Небесните битија чекаат да соработуваат со човечките орудија, за да можат да му го откријат на светот, она, што човечките битија можат да станат и она што, соединети со Божјата сила, можат да го сторат за спасението на оние, кои се наоѓаат на работ на пропаста. Не постои граница за полезноста на оној што ставајќи се себеси настрана, ќе дозволи Светиот Дух да дејствува во неговото срце и ќе му го посвети својот живот на Бога во целост.“ (Здравје и среќа, стр. 159) {МАР 103.7}

6 април

Поучување од куќа до куќа

„Дека не пропуштив да ви соопштам ништо од она што е полезно и да ве поучувам на јавни места и по куќите,“ (Дела 20:20) {МАР 104.1}

„Потребно е членовите на црквата да се посветат повеќе на работа од куќа до куќа, давајќи библиски часови и делејќи книги. ... И додека сееме покрај секоја вода, ќе сфатиме дека ’кој богато сее, богато и ќе жнее‘ (2. Коринтјаните 9:6). {МАР 104.2}

Оние кои себеси се нарекуваат Христови деца, мора да го следат Неговиот пример. Олеснувајте го животот на своите ближни и нивната благодарност ќе ги сруши оградите и на тој начин ќе допрете до нивните срца. ...

И жените можат исто како и мажите да се посветат на делото на садење на вистината, таму каде што вистината може да делува и да биде манифестирана. ... Тие во кругот на семејствата можат да вршат дело кое мажите не можат да го извршат; дело кое го допира внатрешниот живот. Тие можат да допрат до срцата на оние до кои мажите не можат да допрат. Нивната работа е потребна. Повлечените и понизни жени, можат да вршат добро дело, толкувајќи ја вистината на членовите на своето семејство. Божјото слово кое тие ќе го изложат, ќе делува како квасец и со своето влијание ќе обрати цели семејства. ... {МАР 104.3}

Во семејниот круг, кај своите соседи, крај болничката постела секогаш можете тивко да го читате Светото Писмо и да кажете некој збор за Исуса и вистината. На тој начин ќе го посеете драгоценото семе кое ќе из’рти и ќе донесе род, можеби по подолго време. ... {МАР 104.4}

Во многу места кои ништо не ветуваат, сепак треба да се изврши мисионерско дело. Нашето срце и душа треба да бидат проникнати со мисионски дух, кој ќе нè поттикне да работиме за оние слоеви за кои не сме ни помислувале да работиме, на сосема нов начин и во нови места. Господ има Свој план за сеење на евангелското семе. Ако сееме во согласност со Неговата волја, на тој начин ќе го умножиме семето, така што Неговата Реч ќе допре до илјадници души ...“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 127–130) {МАР 104.5}

„Илјадници и илјадници, и десет илјади по десет илјади ангели чекаат да соработуваат со членовите на нашите цркви за ширење на вистината, за да се подготви народот за Христовото доаѓање.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 129) {МАР 104.6}

„Нашите сестри, младите, средовечните и оние во поодминати години, можат да учествуваат во завршното дело за ова време; работејќи така додека имаат можност, ќе стекнат искуство од најголема важност за нив самите. Заборавајќи на себе, ќе растат во благодатта.“ (Evangelism, стр. 468) {МАР 104.7}

7 април

Лично сведочење

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.“ (Јован 3:16) {МАР 105.1}

„Зошто сите оние кои полагаат право на Божјата љубов не се трудат да ги просветлат своите соседи и пријатели, за и понатаму да не го занемаруваат ова големо спасение? {МАР 105.2}

Христос се предал Себеси на срамна смрт во агонија, покажувајќи го Своето душевно страдање за да ги спаси оние кои пропаѓаат. О, Христос е во состојба, Христос е волен, Тој копнее за тоа да ги спаси сите кои доаѓаат кај Него! Обратете им се на душите кои се во опасност и укажувајте им на Исуса на крстот, Кој умрел за да биде возможно за Него да прости. Зборувајте им на грешниците со срце преполно со нежна, сочувствителна Христова љубов. Бидете длабоко сесрдни, но ниту еден груб, гласен звук нека не излезе од устата на оној кој се труди да ги придобие душите да погледаат и да живеат. Посветете ја најнапред својата душа на Бога. Гледајќи на нашиот Посредник на небото, вашите срца нека се скршат; тогаш, понизни и потчинети, ќе можете да се обратите на покајничките грешници како оние кои ја чувствуваат силата на откупителната љубов. Молете се со тие души, доведете ги со вера до подножјето на крстот, со своите мисли издигнете ги нивните мисли и насочете ги очите на нивната вера таму каде што и вие ги насочувате своите очи на Исуса, Носителот на гревови. Тие треба да го одвратат погледот од своите јадни, грешни души и да го насочат кон Спасителот и победата ќе биде стекната. Тие сами ќе Го видат Божјото Јагне Кое на Себе ги зема гревовите на светот. Ќе Го видат Патот, Вистината и Животот, Сонцето на праведноста со Своите светли зраци ќе ги осветли нивните срца. Силен бран на откупителната љубов ќе ја напои исушената и жедна душа и грешникот ќе биде спасен преку Исуса Христа. {МАР 105.3} {МАР 105.4}

За распнатиот Христос треба да се зборува, да се споменува во молитвите и песните. Со тоа ќе се скршат и придобијат срца. Тоа е Божјата сила и мудрост со која душите се придобиваат за Христа. Вообичаените формални фрази, како и сувопарното излагање на докази ќе бидат од слаба корист. Омекнувачката Божја љубов во срцата на работниците ќе ја забележат оние за кои тие се заземаат. Душите се жедни за водата на животот. Не бидете празни цистерни. Ако на гладните и жедни души им ја откриете Христовата љубов, ќе ги одведете кај Спасителот и Тој ќе им го даде лебот на животот и водата на спасението.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 66, 67) {МАР 105.5}

8 април

Огласете ја тревогата!

„Трубете со труби на Сион и викајте на Мојата света гора; нека треперат сите жители земни, зашто доаѓа денот Господов, близу е“ (Јоил 2:1) {МАР 106.1}

„Сега нашето внимание треба да го привлечат работите што се однесуваат на нашата вечна благосостојба. Не смееме да дозволиме она што е поврзано со небото да остане во втор план. ... Божјите судови се на земјата. Тие свечено предупредуваат: ’Затоа и вие треба да бидете подготвени, зашто Синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате‘. {МАР 106.2}

Во нашите цркви има многумина што знаат многу малку за вистинското значење на вистината за ова време. Ги повикувам да не го потценуваат исполнувањето на знаците на крајот на времето, кои толку јасно зборуваат дека крајот е близу. О, колкумина од оние што не се интересирале за спасението на своите души наскоро горко ќе плачат: ’Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме‘. {МАР 106.3}

Живееме во завршните сцени од историјата на земјата. Пророштвата се исполнуваат со голема брзина. И часовите на времето на милоста брзо минуваат. Немаме ниту миг за губење. Да не бидеме затекнати како спиеме на стража. Никој да не кажува во своето срце ниту да покажува со своите дела: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘. Пораката за скорото Христово доаѓање нека одзвонува со сериозни зборови на предупредување. Насекаде да ги уверуваме мажите и жените да се покаат и да побегнат од гневот што доаѓа. Да ги поттикнеме неодложно да се подготват, зашто малку знаеме за она што е пред нас. Проповедниците и верниците нека тргнат напред во зрелите полиња. ... {МАР 106.4}

Господ наскоро треба да дојде и ние мораме да бидеме подготвени да Го пречекаме во мир. Да решиме да сториме сè што е во наша моќ за да ја споделиме светлината со оние околу нас. Да не бидеме тажни, туку радосни, и Господ Исус постојано да ни биде пред очите. ... Мораме да бидеме подготвени и да го чекаме Неговото доаѓање. О, колку ќе биде величествено да Го видиме и да бидеме пречекани со добредојде како Негови откупени! Долго чекавме, но нашата вера не смее да ослабне. Кога ќе Го видиме Царот во Неговата убавина, ќе бидеме благословени засекогаш. Морам гласно да извикам: ’На пат сме кон нашиот дом.‘ Близу е времето кога Христос ќе дојде со голема сила и слава за да ги одведе Своите спасени во нивниот вечен дом.“ (Review and Herald, 14 јули 1903) {МАР 106.5}

9 април

Божјата посебна порака за денешното време

„Ноќта одминува, а денот се приближи; да ги отфрлиме, пак, сите дела на мракот и да се облечеме во оружјето на светлината.“ (Римјаните 13:12) {MAP 107.1}

„Во време како ова треба да имаме пред себе само една цел — да го употребиме секое средство што го обезбедил Бог за вистината да се всади во срцата на луѓето. ... Должност на секој христијанин е со сите свои способности да се труди да го шири познавањето на вистината.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 201) {MAP 107.2}

„Бог долго чекал и сè уште ги чека луѓето што се Негови по создавањето и по откупувањето, да го слушаат Неговиот глас, да Му бидат послушни како мили, кротки деца што сакаат да бидат близу до Него и да ја примаат светлината од Неговото лице, која ги осветлува.

Треба да му ја однесеме третата ангелска порака на светот, предупредувајќи ги луѓето да не му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик и упатувајќи ги да го заземат своето место во редовите на оние што ’ги пазат заповедите Божји и верата во Исус‘. Бог не ни го открил времето кога Неговата порака ќе биде довршена или кога ќе заврши времето на милоста. ... Наша должност е да бдееме, да работиме и да чекаме, да го искористиме секој миг за спасување на луѓето што се на работ на пропаста. ... {MAP 107.3}

Сега, токму сега е време да бдееме, да работиме и да чекаме. ... Крајот на сè е близу. ... Господовиот Дух работи на тоа вистината од вдахновената Реч да ја втисне како печат во душата, така што Христовите следбеници ќе имаат света, посветена радост што ќе можат да ја споделуваат со другите. ... Потребно е подлабоко, посилно, помоќно сведоштво за силата на вистината, кое ќе се види во практичната побожност на оние што тврдат дека веруваат во неа.“ (Review and Herald, 9 октомври 1894) {MAP 107.4} {MAP 107.5}

„Вистината треба да биде всадена во нашите срца и треба да ја поучуваме онаква каква што е во Исус. Светот се наоѓа во многу сериозно време, зашто сега се решава вечната судбина на душите. Сатаната и неговите демони постојано коваат заговор против Божјиот закон и така настојуваат да ги заробат човечките души во мрежите на гревот. Темнината што ја покрива земјата станува сè погуста, но оние што понизно одат со Бога немаат причина да се плашат.“ (Review and Herald, 9 октомври 1894) {MAP 107.6}

10 април

Време е за одлука!

„Ако, пак, не ви е мило да Му служите на Господ, одберете си сега, кому да му служите: на боговите ли, на кои им служеа предците ваши, кога беа од онаа страна на Реката, или на боговите на Аморејците, во чија земја живеете, а, пак, јас и домот мој ќе му служиме на Господ, (бидејќи Тој е свет).“ (Исус Навин 24:15) {МАР 108.1}

„Светот денес е зафатен од лудило: кај мажите и жените владее безумност што забрзано ги води кон вечна пропаст. Преовладува секаков вид попуштање, а луѓето станале толку заслепени од гревот што не сакаат да слушаат ниту предупредувања ниту молби. {МАР 108.2}

Господ им порачува на жителите на земјата: ’одберете си сега, кому да му служите‘. Сега секој решава за својата вечна судбина. Луѓето мораат да се разбудат и да ја сфатат сериозноста на времето и близината на денот кога времето на милоста за луѓето ќе заврши. Бог никому не му дава порака дека до крајот на историјата на оваа земја остануваат пет, десет или дваесет години. Тој нема да оправда ничие одложување на подготовката. Не сака никој да каже, како што сторил неверниот слуга: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘, зашто тоа води кон непромислено отфрлање на можностите и предимствата што ни се дадени за да се подготвиме за тој голем ден. Секој што тврди дека е Божји слуга е повикан да ја извршува Неговата служба како секој ден да е последен. ... {МАР 108.3}

Објавувајте го скорото доаѓање на Синот Човечки на небесните облаци со сила и голема слава. Не одложувајте го тој ден за подоцна. ... {МАР 108.4}

Тука се наоѓа големото бреме што секој треба да го понесе. Дали ми се простени гревовите? Дали Христос, Кој ги носи бремињата, ја отстранил мојата вина? Имам ли чисто срце, исчистено со праведноста на Исус Христос? Тешко на душата што не бара прибежиште во Христос. Несреќни се оние што на кој било начин ќе го одвратат својот ум од делото и ќе поттикнат која било душа да биде помалку претпазлива. ... {МАР 108.5}

Големото дело од кое умот не смее да се одврати е размислувањето за нашата лична положба пред Бога. Дали нашите нозе стојат на Живата Карпа? Дали се криеме во нашето единствено Прибежиште? Доаѓа бурата, немилосрдна во својата јарост. Дали сме подготвени да се соочиме со неа? Дали сме едно со Христос како што Тој е едно со Отецот? Дали сме Божји наследници и сонаследници со Христос? ... {МАР 108.6}

Христовиот карактер треба да стане и наш. Треба да бидеме преобразени преку обновувањето на нашите срца. Во тоа е нашата единствена сигурност. Ништо не може да го одвои живиот христијанин од Бога.“ (Review and Herald, 27 ноември 1900) {МАР 108.7}

11 април

Живеј за да ги спасиш другите

„А на сите им зборуваше: ’Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе самиот, нека го земе крстот свој и секој ден нека Ме следи!‘“ (Лука 9:23) {МАР 109.1}

„Гревот во кој најмногу се запаѓа, кој нè одвојува од Бога и нè доведува до вистинска зараза од духовни нарушувања, е себичноста. Никој не може да се врати кај Бога ако не се откаже од себеси. Ние тука не можеме ништо да постигнеме сами; но ако Бог ни подари сила, ќе можеме да живееме за добро на другите и така ќе се спасиме да не западнеме во гревот на себичноста. Не е потребно да одиме во незнабожечки земји за да покажеме колку сакаме да се посветиме на Бога и да живееме корисен, несебичен живот. Треба тоа да го правиме во својот домашен круг, во црквата, меѓу оние со кои се дружиме и со кои работиме. Токму преку своите секојдневни постапки треба да се откажеме од своето ’јас‘ и да го држиме во потчинетост. Павле можел да рече: ’Секој ден умирам‘. Тоа секојдневно умирање на нашето ’јас‘ во ситните работи нè прави победници. Треба да забораваме на себе во желбата да направиме добро на другите. Многу луѓе ја немаат оваа љубов кон ближните. Наместо совесно да ја вршат својата должност, тие гледаат како за себе да стекнат што повеќе задоволства. {МАР 109.2} {МАР 109.3}

Бог јасно им наложува на Своите следбеници да бидат од корист на другите со своето влијание и средства, а од Него да бараат мудрост која ќе ги оспособи да направат сè што е во нивна моќ за да ги воздигнат мислите и чувствата на оние со кои доаѓаат во допир. Правејќи добро на другите, ќе почувствуваме длабоко внатрешно задоволство и спокојство што ќе ни биде доволна награда. Во тоа свое настојување да чиниме добро на другите, ќе најдеме вистинска среќа која извира од совесното исполнување на многубројните должности кои пред нас ги поставува животот. Ова ќе ни донесе и нешто повеќе од земска награда, бидејќи ангелите го бележат секое несебично исполнување на должноста кое свети во записот на нашиот живот. На небото никој нема да мисли на себе ниту да копнее по свое задоволство, туку во чиста вистинска љубов, ќе ја бара среќата на небесните битија што ќе нè опкружуваат. Ако сакаме да бидеме во друштво на небесните суштества на обновената земја, мораме уште овде да се управуваме според небесните начела.“ (Сведоштва за црквата, том 2, стр. 132, 133) {МАР 109.4} {МАР 109.5}

„Најголемо дело кое може да се изврши во овој свет е да се прослави Бог живеејќи го Христовиот карактер во сопствениот живот.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 439) {МАР 109.6}

12 април

Патеката кон животот

„Влезете низ тесната врата; зашто широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив; а тесни се вратите и тесен е патот што водат кон животот, и малкумина ги наоѓаат.“ (Матеј 7:13,14) {МАР 110.1}

„Христос нѐ повикува да одиме по тесната патека, на која секој чекор значи откажување од себе. Нѐ повикува да застанеме на страната на вечната вистина и да се бориме, да, сериозно да се бориме за верата што еднаш им била предадена на светиите. ... {МАР 110.2}

Како што се приближуваме кон времето кога поглаварствата, властите и духовното зло на највисоките места целосно ќе се вклучат во борбата против вистината, кога измамничката сила на сатаната ќе биде толку голема што ќе се обиде, ако е можно, да ги измами и избраните, нашето расудување мора да биде изострено со божествено просветлување за да не бидеме во незнаење за орудијата на сатаната. ... Давајќи ни ја помошта на светите ангели, Бог овозможил нашето дело да постигне ... величествен успех. Но распарчените напори ретко водат кон успех. Потребно е сите членови на црквата да се обединат во заедничко дејствување. {МАР 110.3}

На црквата денес ѝ се потребни луѓе кои, како Енох, одат со Бога и му Го откриваат Христос на светот. Членовите на црквата треба да достигнат повисоко ниво. Небесните гласници сакаат да општат со оние чие ’јас‘ не е на прво место, кои во својот живот ги исполниле зборовите: ’и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене‘. Црквата мора да има такви мажи и жени пред нејзината светлина да може да го осветли светот со чисти, јасни зраци. Нашиот поглед кон Сонцето на Праведноста е затскриен со облаци затоа што сме свртени кон себе. Мнозина повторно Го распнуваат Христос кога, угодувајќи си себеси, му дозволуваат на сатаната да завладее над нив. ... {МАР 110.4}

Божја намера е сите да бидат испитани и проверени за Тој да види дали се верни на законите што владеат во небесното царство. Бог до последниот миг му дозволува на сатаната да се открие како лажливец, клеветник и убиец. Поради тоа конечната победа на Неговиот народ ќе биде уште позначајна, прославна и поцелосна.“ (Review and Herald, 4 декември 1900) {МАР 110.5}

13 април

Во заедница со Христос

„Јас сум лозата, а вие прачките; и кој е во Мене, и Јас во него, тој ќе даде многу плод; зашто без Мене не можете да направите ништо.“ (Јован 15:5) {МАР 111.1}

„Крајот е близу! Бог ја повикува црквата да го доведе во ред она што сè уште преостанало. Божји соработници, Бог ве овластил и други да поведете со себе во царството. Вие треба да бидете живи Божји застапници, канали на светлина на светот, а насекаде околу вас се наоѓаат небесните ангели на кои Христос им дал должност да ве поткрепат, засилат и поддржуваат во вашата работа на спасување на душите. ... {МАР 111.2}

Бидете одвоени и различни од овој свет — бидете во светот, но не од светот, отсјајувајте со светлите зраци на Сонцето на Праведноста, бидете чисти, свети и неизвалкани во верата, ширејќи ја светлината на патиштата и меѓу оградите на оваа земја. {МАР 111.3}

Црквите треба да се пробудат пред да биде вечно предоцна. Секој член треба да ја извршува својата работа и да го оправда Господовото име со кое се нарекол. Здравата вера и сесрдната побожност треба да го заземат местото на мрзливоста и неверството. Кога верата ќе се потпре на Христа, вистината ќе донесе благодат на душата и верските служби нема да бидат досадни и неинтересни. ... Ако го спроведувате на дело христијанството кое го проповедате, секојдневно ќе стекнувате богато искуство. Грешниците ќе бидат обратени. ... {МАР 111.4}

О, кога сите би се пробудиле и би покажале на светот дека нивната вера е жива вера, дека пред светот се поставуваат прашања од животно значење и дека Исус наскоро ќе дојде! Покажете им на луѓето дека ние навистина веруваме дека се наоѓаме на границите на вечниот свет. {МАР 111.5}

Изградбата на Божјото царство заостанува или напредува во склад со неверноста или верноста на човечките застапници. Делото заостанува и е попречувано поради недостаток на соработка помеѓу човечкото и божественото. Луѓето можат да се молат: ’да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата‘; но ако во животот не се спроведе на дело оваа молитва, нивните молби ќе бидат бесплодни.

Меѓутоа, иако можеби сте слаби, заблудени и грешни, Господ ви нуди да соработувате со Него. Тој ве повикува да примите божествени инструкции. Ако се обедините со Христа, можете да вршите Божји дела. ’без Мене‘, вели Христос, ’не можете да направите ништо‘.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 436–438) {МАР 111.6}

14 април

Претставници на Спасителот

„Однесувајте се достојно меѓу незнабошците, па тие, кога ве напаѓаат како злотворци, штом ќе ги видат вашите добри дела, да Го прослават Бога во денот на посетата.“ (1 Петрово 2:12) {МАР 112.1}

„Бог очекува од оние што го носат Христовото име да бидат Негови претставници. ... Тие треба да бидат посветен, облагороден и свет народ, пренесувајќи им светлина на сите со кои доаѓаат во допир. ... {МАР 112.2}

Христовите следбеници треба да бидат одвоени од светот во поглед на начелата и интересите, но не смеат да се изолираат од светот. И самиот Спасител постојано се дружел со луѓето, но никогаш не ги охрабрувал за нешто што не било во согласност со Божјата волја, туку само за она што ги воздигнувало и ги правело подобри. ’И за нив јас се посветувам‘, изјавил Тој, ’та и тие да бидат осветени преку вистината‘ (Јован 17:19). Така и христијаните треба да живеат меѓу луѓето, за нивното влијание, како пријатниот вкус на божествената љубов, да биде како сол што го чува светот од расипаност. ... {МАР 112.3}

Силата на повозвишен, почист и поблагороден живот е нашата најголема потреба. Луѓето од овој свет будно набљудуваат какви плодови носат во својот живот оние што тврдат дека се христијани. ... Во мислите на сите со кои мораме да соработуваме постојано се создаваат поволни или неповолни впечатоци за библиската вера. {МАР 112.4}

Нè набљудуваат и Бог и ангелите. Бог сака Неговиот народ со својот живот да ја покаже предноста на христијанството над световноста, раководејќи се според повозвишени и посвети начела. Тој сака да покажат дека вистината што ја примиле ги направила деца на небесниот Цар. Копнее да ги направи канали преку кои ќе може да го излева врз светот изобилството на Својата љубов и благодат. {МАР 112.5}

Христос со длабок копнеж чека Тој Самиот да се покаже во Својата црква. Кога Христовиот карактер совршено ќе се одрази во припадниците на Неговиот народ, Тој ќе дојде по Своите.

Предност на секој христијанин е не само да го очекува доаѓањето на нашиот Господ, туку и да го забрза. Кога сите што го исповедаат Неговото име би донесувале плодови во Негова слава, колку бргу целиот свет би бил посеан со семето на Евангелието! Последната голема жетва брзо би созреала и Христос веќе би дошол.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 322–324) {МАР 112.6}

15 април

Карактер што светот ќе го препознае

„За да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји, сред изопачено и развратно поколение, во кое светите како светила во светот,“ (Филипјаните 2:15) {МАР 113.1}

„Божја намера е преку припадниците на Својот народ да му ги открие на светот начелата на Своето царство. За да можат да ги откријат овие начела во животот и карактерот, Тој сака да ги одвои од обичаите, навиките и постапките на овој свет. ...

Гледајќи ги Божјата добрина, милост, правда и љубов откриени во Неговата црква, светот треба да стекне претстава за Неговиот карактер. И кога Божјиот закон ќе биде потврден со примерот и животот, дури и светот ќе признае дека оние што Му служат на Бога од љубов и стравопочит се понадмоќни од кој било друг народ на земјата. {МАР 113.2}

Адвентистите на седмиот ден, повеќе од сите други луѓе, треба да бидат пример за побожност, свети во срцето и во однесувањето. Ним им се доверени најсвечените вистини што некогаш им биле дадени на смртниците. Сите дарови на благодатта и силата потребни за успех во духовниот живот им се дадени во најголемо изобилство. Тие очекуваат Христос наскоро да се појави на небесните облаци. Ако пред светот остават впечаток дека верата не е силата што управува со нивниот живот, тие Го срамотат Бога. {МАР 113.3}

Бидејќи силата на сатанските искушенија постојано расте, времето во кое живееме е преполно со опасности за Божјите деца и ние треба постојано да учиме од Големиот Учител за секој чекор да го преземаме во праведност и сигурност. Пред нас се откриваат чудесни сцени. Во ова време животот на Божјиот народ треба да биде живо сведоштво за светот да види дека и во овој век, кога злото преовладува на сите страни, сè уште постои народ што се откажува од сопствената волја и желби во стремежот да ја извршува Божјата волја — народ во чие срце и живот е запишан Божјиот закон. ... {МАР 113.4}

Нивните мисли треба да бидат чисти и свети, а со своите зборови треба да ги облагородуваат другите. Христовата вера треба да биде вткаена во сè што зборуваат и прават. Тие треба да бидат посветен, облагороден и свет народ, пренесувајќи им светлина на сите со кои доаѓаат во допир. Негова намера е тие, применувајќи ја вистината во својот секојдневен живот, да Му служат на слава на земјата. Христовата благодат е доволна за да се постигне тоа.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 321, 322) {МАР 113.5}

16 април

Сведоштвото што му е потребно на светот

„Вие сте нашето писмо, впишано во нашите срца, кое го познаваат и читаат сите луѓе.“ (2 Коринтјаните 3:2) {МАР 114.1}

„Преобразувањето на карактерот треба да биде сведоштво на овој свет за Христовата љубов која престојува во нас. Господ очекува од Својот народ да покаже дека откупувачката моќ на благодатта може да влијае на лошиот карактер и да причини тој да се развие во склад и да стане изобилно плодоносен. {МАР 114.2}

Меѓутоа, за да ги исполниме Божјите намери, мораме да се подготвиме за тоа. Господ нè повикува од своите срца да ја искорениме себичноста, која е корен на отуѓувањето. Тој копнее обилно да го излее на нас Својот Свет Дух и бара од нас преку самооткажување да го израмниме патот за остварување на тоа. Кога сопственото ’јас‘ ќе Му се потчини на Бога, тогаш нашите очи ќе се отворат и ќе го видиме каменот на сопнувањето кој, со своето нехристијанско однесување, сме го ставиле на патот на другите. Господ бара од нас сето тоа да го отстраниме. Тој кажува: ’Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите‘ (Јаков 5:16). Тогаш можеме да го чувствуваме она уверување кое го чувствувал Давид, кога по исповедањето на своите гревови, се молел: ’Врати ми ја радоста на спасението од Тебе и благороден дух зацврсти во мене. Тогаш ќе ги научам престапниците да одат по Твоите патишта, и грешниците кон Тебе ќе се обраќаат‘ (Псалм 51:12,13). {МАР 114.3}

Кога Божјата благодат владее во душата, таа ќе биде опкружена со атмосфера на вера, храброст и Христова љубов, атмосфера која дава животна сила на духовниот живот на сите оние кои ја вдишуваат. ... Секој оној кој станал учесник во Христовата љубов која простува, секој кој е просветлен со Божјиот Дух и кој е вистински обратен, чувствува дека тие благослови го обврзуваат кон секоја душа со која ќе дојде во допир. Господ ги употребува оние кои се понизни во срцето за да стигне до душите на кои не можат да им се приближат ракоположените проповедници. Тие ќе бидат поттикнати да зборуваат зборови кои ја откриваат спасоносната Христова благодат. {МАР 114.4}

Донесувајќи благослов на другите, тие самите ќе бидат благословени. Бог ни пружа можност да ја делиме благодатта за повторно да нè исполни со уште поголема благодат. Кога Божјиот претставник се служи со талантите и можностите кои Бог му ги подарил, надежта и верата ќе зајакнат и со него ќе соработуваат божествените битија.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 43, 44) {МАР 114.5}

17 април

Кога Бог ги надоместува недостатоците

„Како соработници Христови, ние ве молиме да не ја примате напразно благодатта Божја.“ (2 Коринтјаните 6:1) {МАР 115.1}

„Ние треба да бидеме соучесници во Божјото дело во целиот свет; секаде има души кои треба да бидат спасени, треба да ја пружиме нашата помош за да можат синовите и ќерките да бидат приведени кон Бога. Крајот е близу и од таа причина треба во најголема мерка да ја искористиме секоја способност што ни е доверена и секое посредство (човек, институција) кое може да придонесе за напредок на делото. ... {МАР 115.2}

Како мора да се чувствуваат ангелите кои гледаат како се приближува крајот и како во ист момент многумина од оние на кои им е доверена последната вест на милост се збиваат во исти места, доаѓаат на состаноци само поради интерес на своите души и покажуваат незадоволство ако нема многу проповеди, додека носат само мали товари и само малку се трудат за спасување на душите? Сите кои со жива вера се соединети со Христа ќе учествуваат во божествената природа. Тие постојано примаат од Него духовен живот и затоа не можат да молчат. {МАР 115.3}

Животот секогаш се покажува во работата. Ако срцето е живо, тоа со посредство на крвотокот ќе испрати живот во секој дел на телото. Оние чии срца се полни со духовен живот не е потребно да се поттикнуваат тоа да го покажат. Божествениот живот ќе потекне од нив како богати текови на благодат. Кога тие се молат, зборуваат и работат, Бог се прославува. ... {МАР 115.4}

Најголеми и најтрајни резултати не постигнуваат најсјајните и најнадарените. Кои се најделотворни работници? Оние кои сакаат да одговорат на повикот: ’Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце‘ (Матеј 11:29). {МАР 115.5}

Ако луѓето на кои Бог им подарил умни способности не сакаат да ги искористат во Негова слава, по испити и проби, Тој ќе ги остави на нивната сопствена имагинација и ќе земе луѓе кои не изгледаат толку богато надарени, кои немаат толку многу самодоверба и ќе ги направи слабите силни, затоа што тие се надеваат во Господа да го направи за нив она што не можат да го направат самите. Бог прима служба која доаѓа од сето срце и Тој сам ќе ги надополни недостатоците.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 440, 443, 444) {МАР 115.6}

„Ангелите слушаат каков извештај ќе му однесете на светот за својот небесен Господар.“ (Патот кон Христа, стр. 119) {МАР 115.7}

18 април

Проповедање со сила

„Во тие дни дојде Јован Крстител, кој проповедаше во Јудејската пустина и говореше: ‘Покајте се, зашто се приближи царството небесно.‘“ (Матеј 3:1,2) {МАР 116.1}

„Јован Крстител во својот живот во пустината бил поучуван од Бога. Тој во природата го проучувал Божјото откровение. Под водство на божествениот Дух тој ги проучувал списите на пророците. Дење и ноќе Христос бил предмет на неговото проучување и размислување, сè додека визијата на славата не му го исполнила срцето и душата. {МАР 116.2}

Тој Го гледал Царот во Неговата убавина додека себе се губел од вид. Посматрајќи ја величественоста на светоста, ја увидел својата слабост и недостојност. Негова должност била да им ја објави на луѓето Божјата порака. Тој се одржал благодарение на Божјата сила и Неговата праведност. Бил подготвен да стане гласник на небото, не плашејќи се од човечкото, бидејќи го имал пред очите божественото. Тој стоел без страв пред земните владетели, бидејќи со трепет се поклонувал пред Царот над царевите. {МАР 116.3}

Јован ја објавил својата вест без какви било разработени аргументи и фино измислени теории. Силен и строг, но сепак полн со надеж, се слушнал неговиот глас од пустината: ’Покајте се, зашто се приближи царството небесно‘ (Матеј 3:2). Тоа со некоја нова, необична сила влијаело на луѓето. Целиот народ се возбудил. Маси на народ доаѓале во пустината. ... {МАР 116.4}

Во овој век, непосредно пред Христос да се појави на небесните облаци по втор пат, потребно е да се изврши дело слично на Јовановото. Бог повикува луѓе кои ќе го подготват народот да се одржи на големиот Господов ден. ... Како народ кој верува во скорото Христово доаѓање, ние мораме да ја објавиме пораката: ’приготви се да Го дочекаш твојот Бог, Израеле‘ (Амос 4:12). Нашата порака мора да биде исто онака непосредна како што била и Јовановата. Тој ги укорувал царевите заради нивното беззаконие. И иако заради тоа животот му бил во опасност, тој не се воздржувал да го објави Божјото Слово. И нашето дело во овој век мора да биде исто така верно извршено. {МАР 116.5}

За да објавиме таква вест каква што објавил Јован, мораме да имаме духовно искуство какво што имал тој. Во нас мора да се изврши истото дело. Мораме да Го видиме Бога и гледајќи Го Него да се изгубиме од вид себеси.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 331–333) {МАР 116.6}

19 април

„Еве Го Божјото Јагне“

„На другиот ден Го виде Јован Исус како доаѓа кај него и рече: ’Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!‘“ (Јован 1:29) {МАР 117.1}

„Јован по природа имал човечки недостатоци и слабости, но тој бил преобразен од допирот на божествената љубов. Кога неговите ученици дошле кај него и му се пожалиле дека сите одат по новиот Учител, Јован јасно покажал дека го разбира својот однос спрема Месијата и колку е радосен што може да Го поздрави Оној на кого Му го подготвувал патот. {МАР 117.2}

’Не може човек ништо да прими‘, рекол тој, ’ако не му е дадено од небото. Вие самите сте мои сведоци дека реков: ‚Јас не сум Христос, но сум испратен пред Него.‘ ... Оваа моја радост се исполни. Тој треба да расте, а јас да се смалувам‘ (Јован 3:27-30). {МАР 117.3}

Потпирајќи се со вера на Откупителот, Јован се издигнал до самоодрекување. Тој не се трудел да ги привлече луѓето кон себе, туку нивните мисли сè повеќе да ги воздигнува, за да ги насочи на Јагнето Божјо. Тој бил само глас, повик во пустината. Сега со радост прифатил молчење во сенка, за сите очи да бидат насочени кон Виделината на животот. {МАР 117.4}

Тие што верно го извршуваат својот повик на Божји гласници, нема да бараат чест за себе. Љубовта кон Христа ја фрла во сенка љубовта кон самиот себе. Тие ќе увидат дека нивна должност е како Јован Крстител да објавуваат: ’Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе‘ (Јован 1:29). Тие ќе Го воздигаат Исуса, а со Него ќе се воздигне и човештвото. ... {МАР 117.5}

Од душата на пророкот исчезнало сопственото ’јас‘ и таа се исполнила со божествена светлина. ... Тој бил сведок на славата на Спасителот. ... Во таа Христова слава треба да учествуваат сите Негови следбеници. ... Небесната светлина можеме да ја добиеме само ако сме подготвени да ја отфрлиме себичноста и сопственото ’јас‘. Можеме да го запознаеме Божјиот карактер и да Го примиме Христа само ако се согласиме секоја мисла да ја потчиниме на послушност кон Христа. На сите што прават така, Светиот Дух им се дава без мерка. Во Христос ’телесно живее сета полнота на Божеството, и вие да бидете исполнети во Него‘ (Колосјаните 2:9,10).“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 333, 334) {МАР 117.6}

20 април

Божјиот повик за обнова

„И тој ќе оди пред Него во духот и силата на Илија, за да ги сврти срцата на татковците кон децата, и непокорните кон разумот на праведните, па да Му подготви на Господ народ подготвен.“ (Лука 1:17) {МАР 118.1}

„Јован Крстител бил испратен во духот и силата на пророк Илија да подготви пат за Господа и да го обрати народот кон мудроста на Праведникот. Тој бил соодветен претставник на оние на кои Господ во овие последни денови им ги доверил светите вистини да ги изнесат пред народот за да се подготви патот за второто Христово доаѓање. ... {МАР 118.2}

Оние кои треба да го подготват патот за второто Христово доаѓање се претставени како верниот Илија, како што и Јован дошол во Илиин дух за да го подготви патот за првото Христово доаѓање. Големото прашање за значењето на реформата треба да го поттикне и пробуди јавното мислење. Умереноста во сè треба да се поврзе со пораката за наше време за да може Божјиот народ да се сврти од своето идолопоклонство - од незаситното попуштање на апетитот и претерувањето во облекувањето и во други области. {МАР 118.3}

Самооткажувањето, понизноста и умереноста барани од праведниците, кои Бог посебно ги водел и благословил, треба да се истакнуваат пред народот, наспроти претераните и толку нездрави навики на оние кои живеат во овој век на потполна изопаченост. Бог покажал дека здравствената реформа е толку неразделно поврзана со пораката на Третиот ангел, како раката со телото. Запоставувањето на овој значаен предмет е главна причина за физичката и моралната изопаченост. Оние кои попуштаат на апетитот и на страстите и ги затвораат очите пред светлината од страв дека ќе ја увидат грешноста на своето попуштање со кое не сакаат да раскинат, се виновни пред Бога. ... {МАР 118.4}

Во Своето провидение, Бог ги одвојува припадниците на Својот народ од настраните и убиствени навики на овој свет, од попуштањето на апетитот и страстите, за да можат цврсто да стојат на патот на самооткажување и умереност во секој поглед. Оние кои Бог ги води, ќе бидат посебен народ. Тие нема да бидат слични на светот. Следејќи го верно Божјото водство, тие ќе ги остваруваат Неговите намери, потчинувајќи ја во потполност својата волја на Неговата волја. Христос ќе престојува во срцето. ... Вашето тело е, вели апостолот, храм на Светиот Дух.“ (Сведоштва за црквата, том 3, стр. 61–63) {МАР 118.5}

21 април

Унапредувајте го здравиот начин на живот

„Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба.“ (Римјаните 12:1) {МАР 119.1}

„Човекот не може да го принесе своето тело како жива, света и благоугодна жртва на Бога ако упорно им попушта на навиките што го лишуваат од телесната, умствената и моралната сила. Апостолот повторно вели: ’Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено‘ (Римјаните 12:2)“ (Counsels on Health, стр. 23) {МАР 119.2}

„Се наоѓаме во свет што се противи на праведноста и чистотата на карактерот, а особено на растењето во благодатта. Каде и да погледнеме, гледаме осквернување и нечистотија, расипаност и грев. Колку сето тоа е спротивно на делото што мора да се изврши во нас токму пред да го примиме дарот на бесмртноста! Оние што Бог ги избрал мора да останат чисти среде нечистотијата што ги опкружува во овие последни денови. Нивните тела мора да бидат свети, нивниот дух чист. Ако ова дело треба да се изврши, веднаш мораме да му пристапиме сериозно и со разбирање. Божјиот Дух треба целосно да управува, влијаејќи врз секоја постапка. {МАР 119.3}

Здравствената реформа е една гранка на големото дело што треба да ги подготви луѓето за Господовото доаѓање. ... Мажите и жените не можат да ги нарушуваат природните закони, угодувајќи им на изопачениот апетит и на похотните страсти, а притоа да не го кршат Божјиот закон. Затоа Тој дозволил да нè осветли светлината на здравствената реформа, за да ја разбереме грешноста на прекршувањето на законите што Тој ги всадил во нашето битие. ... Јасно да се изложат природните закони и да се повикува на нивно спроведување е задача што ја придружува третата ангелска порака. ... Бог одредил да се покрене прашањето за здравјето и јавноста длабоко да се заинтересира за истражување; зашто невозможно е мажите и жените да ја ценат светата вистина сè додека се под власта на грешните навики што ги уништуваат здравјето и умот. ... Оној што ја цени светлината што Бог му ја дал преку здравствената реформа добива важна помош во посветувањето преку вистината и се подготвува за бесмртноста.“ (Counsels on Health, стр. 20, 22) {МАР 119.4} {МАР 119.5} {МАР 119.6}

22 април

Доблеста на заборавањето на себе

„И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене.“ (Галатјаните 2:20) {МАР 120.1}

„Преку вера апостол Павле ја примил Христовата благодат и таа благодат ги задоволила потребите на неговата душа. Преку вера го примил небесниот дар и го споделил со душите што копнееле за светлина. Тоа е искуството што ни е потребно и нам. ... Молете се за таква вера. Борете се за неа. Верувајте дека Бог ќе ви ја даде. {МАР 120.2}

Во нашиот свет треба да се изврши големо дело. Ова не е земја на соништа. Пред нас стои жива стварност. Насекаде се гледаат манифестации на сатанската сила. Да соработуваме со Оној Кој обновува и воздигнува. Да не заборавиме дека оној што работи со Христос мора да ја црпи својата сила од Изворот на сета сила. ... На христијаните им е потребна сила на мислата, цврста волја и знаење што произлегува од проучувањето на Божјата Реч. Не смеат да си дозволат да го полнат својот ум со празни работи. Секој ден мораат да се обновуваат со духовна сила. {МАР 120.3}

Учете од Оној Кој рекол: ’сум кроток и смирен по срце‘. Учејќи од Него, ќе најдете мир. Од ден на ден ќе стекнувате искуство со Бога, ќе ја сфаќате величината на Неговото спасение и славата на единството со Него. Постојано ќе учите како подобро да живеете како Христос и постојано ќе растете сè повеќе наликувајќи на Спасителот. {МАР 120.4}

Ако умреме за себе, ако го прошириме своето разбирање за тоа што може Христос да биде за нас и што можеме ние да бидеме за Него, ако се обединиме еден со друг со врските на христијанското заедништво, Бог ќе работи преку нас со моќна сила. Тогаш ќе бидеме посветени преку вистината. Бог навистина ќе нè избере, а Светиот Дух ќе управува со нас. Секој ден ќе ни биде драгоцен, зашто во него ќе гледаме можност да ги употребиме даровите што ни се доверени за благослов на другите.“ (Review and Herald, 30 мај 1907) {МАР 120.5}

„Мораме да заборавиме на себе додека со љубов им служиме на другите. ... Можеби не се сеќаваме на некои љубезни дела што сме ги направиле ... но вечноста ќе го изнесе на виделина секое дело сторено за спасение на душите, секој збор изговорен за утеха на Божјите деца; овие дела, сторени во Христово име, ќе бидат дел од нашата радост низ целата вечност.“ (In Heavenly Places, стр. 230) {МАР 120.6}

23 април

Младите — Божји орудија

„Добро е за човекот да го носи јаремот свој во младоста своја.“ (Плачот 3:27) {МАР 121.1}

„Бог ги повикува младите луѓе, во силата и полетот на нивната младост, да учествуваат со Него во самооткажувањето, жртвата и страдањето. Ако го прифатат повикот, ќе станат Негови орудија за спасување на душите за кои Тој умрел. Но Тој сака да бидат свесни за цената и целосно да се запознаат со условите во кои ќе работат додека Му служат на распнатиот Откупител. ... {МАР 121.2}

Но наша прва должност треба да биде своите срца да ги доведеме во хармонија со Бога, бидејќи тогаш ќе бидеме во состојба да работиме за другите. Порано нашите работници ревносно го испитуваа своето срце. Тие се советуваа меѓу себе и се соединуваа во понизна, срдечна молитва, барајќи божествено водство. ... А Христовото доаѓање сега е поблизу од тогаш кога поверувавме. Секој ден што ќе помине нè остава со еден ден помалку за објавување на веста на светот. О, кога денес би имало повеќе срдечно застапување при Бога, поголема понизност, чистота и вера.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 87, 88) {МАР 121.3}

„Ние треба да извршиме едно големо дело за Господа - Божјата Реч да ја направиме пристапна за оние кои се наоѓаат во мракот на заблуди. Млади пријатели, работете како луѓе врз кои почива свечена одговорност. Вие треба да ја проучувате Библијата за да бидете во состојба да му одговорите на секого кој ќе ве запраша за причината за вашата надеж. Со христијанско достоинство на секој покажете му дека имате вистина која сите луѓе треба да ја слушнат. Ако таа вистина се вкорени во вашите срца, тоа ќе се забележи во вашиот живот и во вашите постапки, во вашето владеење со себеси и во мирот кој само христијанинот може да го има.

Оние кои се вистински понизни и чијшто ум е развиен со откриените вистини на евангелието ќе имаат силно влијание врз другите. Тие ќе остават впечаток на умот и на срцата на другите.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 401) {МАР 121.4}

„Немам поголема желба од онаа да ја видам нашата младина проникната со дух на чиста вера која ќе ја наведе да го земе својот крст и да појде по Христа. Млади Христови ученици, тргнете, управувани според начелата, облечени во облека на чистота и праведност. Вашиот Спасител ќе ве постави на место кое најмногу одговара на вашите способности и каде што ќе бидете од најголема корист. Бидете сигурни дека на патот на должноста ќе примите благодат доволна за вашиот ден.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 87) {МАР 121.5}

24 април

Работа за секоја возраст

„Ви напишав вам, чеда, бидејќи го познавте таткото. Ви напишав, вам, татковци, бидејќи Го познавте Оној Кој е од почеток; ви напишав вам, момчиња зашто сте силни, и словото Божјо пребива во вас, па го победивте лукавиот.“ (1 Јованово 2:14) {МАР 122.1}

„Има многу подрачја каде што на младите може да им се даде можност за полезни напори. ... Во завршувањето на евангелското дело сè уште треба да се освои големо подрачје, и повеќе од кога и да е порано треба да бидат повикани на работа помошници од редовите на обичните луѓе. И младите и постарите ќе бидат повикани од нивите, од лозјата и од работилниците за да ја објават пораката на својот Господар. Мнозина од нив можеби имале малку можности за образование, но Христос гледа во нив особини што ќе ги оспособат да ја исполнат Неговата намера. Ако ги посветат своите срца на службата и продолжат да бидат ученици, Тој ќе ги подготви да работат за Него. ... {МАР 122.2}

Колку и да се големи или мали вашите таланти, знајте дека она што го имате ви е доверено. Така Бог ве испитува, давајќи ви можност да се докажете. Нему Му ги должите сите свои способности. Нему Му припаѓаат силите на вашето тело, ум и душа, и тие треба да се употребуваат за Него. Вашето време, влијание, можности, способности — за сè мора да Му дадете сметка на Оној Кој дава сè.“ (The Youth’s Instructor, 3 март 1908) {МАР 122.3}

„Младите кои наоѓаат среќа и радост во читањето на Божјата реч и во часовите на молитва, постојано се освежуваат на Изворот на животот. Тие достигнуваат висина на морална возвишеност и широчина на мислите кои другите и не ги насетуваат. ... Оние кои во душата така се поврзуваат со Него, Бог ги признава како Свои синови и ќерки. Тие постојано се издигнуваат сè повеќе и повеќе, стекнувајќи сè појасна претстава за Бога и за вечноста, така што Господ може да ги направи канали на светлината и духовно спознавање за оние кои сè уште се наоѓаат во темнината на заблудата.“ (Сведоштва за црквата, том 4, стр. 624) {МАР 122.4}

„Со таква војска правилно извежбани работници каква што би можела да биде нашата младина, колку бргу би можела да му се однесе на светот веста за распнатиот и воскреснат Спасител Кој наскоро ќе дојде! Колку бргу би можел да дојде крајот - крајот на страдањата и жалостите и гревот!“ (Воспитување, стр. 271) {МАР 122.5}

25 април

Зошто има толку многу безделници?

„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата.“ (Дела 1:8) {МАР 123.1}

„Во задачата што им е доверена на првите ученици треба да учествуваат верниците од сите времиња. Секому што ќе го прифати евангелието му е дадена света вистина да му ја објавува на светот. Верниот, и на Бога предан народ, секогаш претставувал активен мисионер кој своите средства ѝ ги посветувал на честа на неговото име и мудро ги употребувал своите лични способности во Неговата служба. ... {МАР 123.2}

Верниците на Божјата црква мора да бидат ревносни во добри дела, слободни од земно славољубие, следејќи ги стапките на Оној кој поминал правејќи само добро. Со срце полно со љубов и сочувство, тие мора да им служат на оние на кои им е потребна помош и на грешниците да им дадат сознание за љубовта на Спасителот. Тоа дело бара истрајни напори, но донесува богата награда. Тие што прават така, посветувајќи ѝ се искрено на целта, ќе видат души придобиени за Спасителот ... {МАР 123.3}

’И Духот и невестата велат: ‘Дојди!’ И кој ќе чуе, нека каже: ‘Дојди!’‘ (Откровение 22:17). Со налогот да се упатува овој повик е опфатена целата црква. Секој поединец што ќе го слушне овој повик треба да го пренесува понатаму одгласот на пораката носена преку планините и долините – ’Дојди!‘ ... {МАР 123.4}

Стотици и илјадници кои ја чуле пораката на спасението сè уште безделничат на улица без работа, а всушност би можеле да извршуваат некоја корисна должност. Ним Христос им порачува: ’Зошто стоите тука цел ден без работа?‘ И додава: ’Одете во моето лозје‘ (Матеј 20:6,7). Зошто повеќе луѓе не го прифаќаат овој повик? Дали затоа што не се во проповедничка служба? Сите тие нека имаат на ум дека постои едно големо дело кое не се завршува од проповедална и во кое се повикуваат илјадници посветени и предани верници. {МАР 123.5}

Бог одамна чека дух на ревносна служба да ја проникне целата црква и секој верник да работи за него според своите способности. Ако верниците на Божјата црква го исполнуваат налогот на евангелието, ако ја извршуваат должноста што им е наменета, таму каде што е потребно, во својата земја или во странство, набргу цел свет ќе биде предупреден и Господ Исус повторно ќе дојде со голема сила и слава. ’И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот‘ (Матеј 24:14).“ (Делата на апостолите, стр. 109–111) {МАР 123.6}

26 април

Сето наше богатство Му припаѓа на Бога

„Болни лекувајте, лепрозни очистувајте, мртви воскреснувајте, демони изгонувајте! Бесплатно добивте, бесплатно давајте!“ (Матеј 10:8) {МАР 124.1}

„Сè што добиваат луѓето од Божјото изобилство сè уште Му припаѓа на Бога. Сите драгоцени и убави нешта на земјата Тој ги става во нашите раце за да нè испита - да ја испита длабочината на нашата љубов кон Него и да испита колку го цениме Неговото одобрување. Без разлика дали се работи за земно богатство, или за нашите интелектуални способности, треба сè како доброволна жртва да го положиме пред нозете на Исуса.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 736) {МАР 124.2}

„Давајќи им го на Своите ученици налогот: ’Одете и научете ги сите народи‘, Христос на луѓето им доверил дело да го запознаат светот со Неговата благодат. Меѓутоа, додека едни заминуваат да проповедаат, Тој ги повикува останатите да приложуваат дарови со кои ќе се поддржува Неговата работа на Земјата.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 255) {МАР 124.3}

„Не можат сите да принесуваат големи дарови, не можат сите да прават големи, величествени дела, но сите можат да негуваат самоодрекување, сите можат да се угледаат на несебичноста на нашиот Спасител. Некои можат да даваат големи прилози во Господовата каса, некои само по некоја лепта, но Господ ја прима секоја жртва која е принесена искрено.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 54, 55) {МАР 124.4}

„Многу ќе се изненадат кога ќе видат колку може да се заштеди за Бога, благодарение на самоодрекувањето. Малечки суми заштедени преку жртвување ќе направат повеќе за унапредување на Божјото дело отколку поголеми дарови кои не биле дадени преку самоодрекување.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 157, 158) {МАР 124.5}

„Духот на дарежливост е небесен дух. На крстот се покажало колку Христос бил самопожртвуван во Својата љубов. За да го спаси човекот, Тој дал сè што имал, а на крајот се дал и Самиот Себеси. Христовиот крст го повикува секој Негов следбеник да прави добри дела. Начелото откриено на крстот гласи: давајте, давајте. ... Начелото на светот е што повеќе да се зема, зема. ... {МАР 124.6}

Светлината на евангелието која светли од Христовиот крст претставува укор за себичноста. ... Мнозина во Божјиот народ се наоѓаат во опасност да паднат во стапицата на лакомство и светски желби. Тие мораат да сфатат дека Неговата милост упатува сè почести повици да приложуваат од своите средства. ... На тој начин човекот станува посредник преку кој Божјите благослови се излеваат на Земјата. Бог предвидел систем на добродетелство за човекот да може да стане сличен на својот Творец, милосрден и несебичен според карактерот, и најпосле со Христа да биде соучесник во вечната славна награда.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 254, 255) {МАР 124.7}

27 април

Двоен живот

„Она што го видовме и го чувме, тоа ви го навестуваме, та и вие да имате заедништво со нас; а нашето заедништво е со Отецот и Неговиот Син, Исус Христос.“ (1 Јованово 1:3) {МАР 125.1}

„Во нашата служба ништо не ни е потребно повеќе од практичните резултати на нашата заедница со Бога. Нашиот секојдневен живот треба да покажува дека имаме мир и спокој во Спасителот. Неговиот мир во нашето срце ќе го осветлува нашиот лик. ... Заедницата со Бога ќе ги облагороди и карактерот и животот. Луѓето ќе знаат за нас, како за првите ученици, дека сме биле со Христа. Тоа во работникот ќе вгради сила, која ништо друго не може да ја даде. Тој не смее да си дозволи да биде лишен од оваа сила.

Ние мораме да живееме двоен живот - живот на размислување и дејствување, на нема молитва и сериозна работа.“ (Здравје и среќа, стр. 512) {МАР 125.2}

„На сите, кои се поучуваат од Бога, им е потребен тивок час за заедница со нивните сопствени срца, со природата и со Бога. ... Секој од нас мора лично да го слушне Божјиот глас како му зборува на срцето. Кога сите други гласови ќе замолкнат, а ние чекаме пред него во тишина, молкот на душата дава поголема јасност на Божјиот Глас. Тој ни заповеда: ’Застанете и разберете дека Јас сум Бог‘. (Псалм 46:10) Ова е делотворната подготовка за сите служби за Бога. Оној, кој е освежен на ваков начин, ќе биде опкружен со атмосфера на светлина и мир, дури и среде забрзаната толпа и напорите на секојдневието. Тој ќе прими нов дар на телесна и ментална сила. Неговиот живот ќе одишува со пријатен мирис и ќе ја открива Божјата моќ, која ќе допре до срцата на луѓето.“ (Здравје и среќа, стр. 58) {МАР 125.3}

„Мнозина, дури ни во миговите на молитва, не го примаат благословот на вистинска заедница со Бога. Тие премногу брзаат. Со брзи чекори минуваат низ кругот на Христовата возљубена присутност, застанувајќи можеби само за миг во нејзините свети граници, но не за да чекаат совет. Тие немаат време да останат со Божествениот Учител, и заедно со своите товари, и се враќаат на својата работа. {МАР 125.4}

Ваквите луѓе нема да можат да постигнат вистински успех сè додека не разберат во што е тајната на силата. Тие мораат да одвојат време да размислуваат, да се молат, да очекуваат од Бога обновување на својата физичка, ментална и духовна сила. Ним им е потребно закрепнувачкото влијание на Божјиот Дух. Кога ќе го примат, ќе бидат проткаени со нов живот.“ (Воспитување, стр. 260, 261) {МАР 125.5}

28 април

Погрешна ревност

„Јас им сведочам дека тие имаат ревност за Бога, но не според сознанието.“ (Римјаните 10:2) {МАР 126.1}

„Постои бучна ревност, без цел и смисла, која не е во склад со науката, слепа во своите постапки и деструктивна по своите последици. Тоа не е христијанска ревност. Со вистинската ревност управуваат начела и таа не е повремена. Таа е искрена, длабока и силна и ја проникнува целата душа. Спасувањето на душите и интересите за Божјото царство - тоа се прашања од најголем интерес. Дали во што било е потребна толкава сесрдност како што е потребна за спасување души за слава на Бога? Тоа се предмети преку кои не може површно да се помине. Тие можат да се мерат со вечноста. Во прашање е вечната судбина. Мажите и жените се одлучуваат за блаженство или јад. Христијанската ревност не се пресликува само на зборови, туку во силните и делотворни чувства и постапки. Сепак, таа не се покажува со цел другите да можат да ја забележат. Понизноста мора да го обележува секој напор и мора да се забележува во секоја работа. Христијанската сесрдност наведува на искрени молитви и понизност и верно исполнување на домашните должности. Тогаш, во семејниот круг ќе се одразуваат наклонетост и љубов, добрина и сочувство, а сето тоа е плод на христијанската ревност. ... {МАР 126.2} {МАР 126.3}

О, колку малкумина се такви коишто ја чувствуваат важноста на душата! Колку малку се тие кои доброволно поднесуваат жртви за другите да ги запознаат со Христа! Мнозина само зборуваат, само тврдат дека чувствуваат; зборовите ништо не значат. Потребна е искрена христијанска сесрдност која ќе се види во делата. Сите мораат најпрво самите себе да се изградат, а кога ќе Го имаат Исуса во своите срца, тогаш и на другите ќе Го предадат. Душата којашто Го поседува Христа не може а да не зборува за Него, токму како што водите на Нијагара не можат да се запрат да не течат преку водопадите.“ (Сведоштва за црквата, том 2, стр. 232, 233) {МАР 126.4}

„Секој христијанин треба да посвети најголемо внимание на вечниот живот. Да се биде соработник на Христа и небесните ангели во големиот план на спасението, тоа е дело кое не може да се спореди со ниту едно друго! Секоја спасена душа ја зголемува Божјата слава и таа слава ја осветлува како спасената душа така и орудието на нејзиното спасение.“ (Сведоштва за црквата, том 2, стр. 232) {МАР 126.5}

29 април

Сигурен темел

„Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: ’Ги познава Господ оние кои се Негови‘ и ’Да отстапи од неправда секој што го изговара името Господово!‘“ (2 Тимотеј 2:19) {МАР 127.1}

„Господ сака припадниците на Неговиот народ да бидат цврсти како челик и во верата постојани како гранитна карпа. Тие треба да бидат Негови сведоци во овој свет, Негови орудија преку кои Тој сака да заврши едно посебно, величествено дело во деновите на подготовка за Христовото доаѓање. ... {МАР 127.2}

Проповедниците кои верно и сесрдно ја проповедале вистината можат да станат отпадници и да се придружат во редовите на непријателот; но дали поради тоа Божјата вистина станува лага? ’Но‘, вели апостолот, ’Божјата цврста основа стои непоколебливо‘. Верата и чувствата на луѓето можат да се променат, но Божјата вистина - никогаш. ... {МАР 127.3}

Ние ја имаме вистината - тоа е толку сигурно како што е сигурно дека Бог постои; и сатаната со сите вештини и лукавства на својата пеколна сила, не е во состојба да ја претвори Божјата вистина во лага. Иако големиот противник со сите свои сили ќе настојува да го неутрализира влијанието на Божјата реч, вистината мора да се објавува и држи високо како запалена светилка. {МАР 127.4}

Господ нè издвоил од останатите и нè направил предмет на Својата чудесна милост. Треба ли да се занесуваме со бесмислените приказни на отпадниците? Зар ќе застанеме на страна на сатаната и неговите следбеници затоа што се толку многубројни? Треба ли да се придружиме на престапниците на Божјиот закон? Напротив, молитвата на секој од нас нека биде: ’Господе, стави непријателство помеѓу мене и змијата!‘ Ако не сме во постојано непријателство со сатаната и неговото мрачно делување, тој ќе нè привлече во својата силна прегратка, подготвен во секој момент да го зарие своето отровно осило во нашето срце; и затоа треба како на свој смртен непријател секогаш да му се спротивставиме во Христово име. Нашето дело сè уште треба да продолжи. ... Сите кои се повикуваат на Христовото име треба да се вооружат со сето оружје на правдата. ... {МАР 127.5}

Дојде време кога сами мораме да знаеме зошто сме ги прифатиле учењата на нашата вера. ... Мораме себеси да си поставиме добар темел за времето кое доаѓа, за да можеме да се одржиме и да стекнеме вечен живот. Мораме да работиме, не во своја сила, туку во силата на нашиот распнат и воскреснат Господ. Што сме подготвени да направиме и да жртвуваме за Христа?“ (Сведоштва за црквата, том 4, стр. 594–597) {МАР 127.6}

30 април

Небото те чека

„А Исус пак им рече: ’Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам.‘“ (Јован 20:21) {МАР 128.1}

„За апостолите е напишано: ’Тие, пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ го поткрепуваше словото нивно со чуда, што се јавуваа‘ (Марко 16:20). Како некогаш што ги пратил своите ученици, така Христос и денеска ги праќа верниците на својата црква. Истата онаа сила што ја имале апостолите, ни стои на располагање и нам денеска. Ако и ние помош и сила бараме од Бога, Тој ќе работи со нас и во нас и нашиот труд нема да биде напразен. Секогаш да имаме на ум дека работата на која сме ѝ се посветиле е работа врз која Господ става свој печат. Бог му рекол на Еремија: ’Не вели: – млад сум; – зашто до сите до кои ќе те испратам ќе одиш и сè што ќе ти заповедам ќе кажеш. Не плаши се од нив; зашто Јас сум со тебе, за да те избавам‘. Тогаш Господ ја подал раката и ги допрел усните на својот слуга, велејќи: ’Ете, Јас ги ставив Моите зборови во устата твоја‘ (Еремија 1:7-9). Тој и нас нè повикува да станеме и да ги пренесуваме зборовите што ни ги дава Тој, чувствувајќи го неговиот свет допир на нашите усни. {МАР 128.2}

Христос на својата црква ѝ доверил света задача. Секој верник треба да претставува канал низ кој Бог Христовото свето и безмерно богатство на својата милост може да го излева врз овој свет. Повеќе од што било друго, Спасителот сака човечките орудија да бидат претставници кои пред овој свет ќе го откријат неговиот карактер и неговиот Дух. На светот ништо не му е толку потребно како објавувањето на љубовта на Спасителот преку човечките орудија. Цело небо со копнеж бара мажи и жени преку кои Бог ќе може да ја открие силата на христијанството. {МАР 128.3}

Црквата е Божјо застапништво за проповедање на вистината; таа лично од него е ополномоштена да изврши посебна задача; и ако остане предана и верна само кон него, покорувајќи им се на сите негови заповеди, во неа ќе се наоѓа сето изобилство и сета превозвишеност на божествената милост. Ако остане верна во својата приврзаничка послушност и преданост, почитувајќи го Израеловиот Господ Бог, нема да постои сила која би можела да ѝ се спротивстави. {МАР 128.4}

Ревноста за Бога и за неговото дело ги движела учениците со голема сила да сведочат за евангелието. Не треба ли иста таква ревност и нашето срце да го проникнува со решителност да зборуваме за историјата на таа љубов која спасува, за распнатиот Христос? Привилегија на секој христијанин е не само да го очекува, туку и да го забрза доаѓањето на Спасителот.“ (Делата на апостолите, стр. 599, 600) {МАР 128.5}

1 мај

Бог ќе го води Својот народ

„Преку води ли ќе минуваш – Јас сум со тебе; преку реки ли – тие нема да те потопат; ако тргнеш преку оган, нема да се изгориш, и пламенот нема да те обгори.“ (Исаија 43:2) {МАР 129.1}

„Бог има црква на земјата, Свој избран народ што ги пази Неговите заповеди. Тој не води некакви случајни издвоени групи, еден тука, друг таму, туку народ. {МАР 129.2}

Нема потреба од сомневање, од страв дека делото нема да успее. Бог стои на чело на ова дело и Тој ќе доведе сè во ред. Ако биде потребно да се доведат работите во ред кај оние што се на чело на ова дело, Бог ќе се погрижи за тоа и ќе направи да се исправи сè што е погрешно. Да имаме вера дека Бог ќе управува со бродот што сигурно го носи Неговиот народ кон пристаништето. {МАР 129.3}

Кога патував од Портланд, во државата Мејн, кон Бостон пред многу години, нè затекна бура и големите бранови нè фрлаа наваму-натаму. Лустерите паднаа, а куферите се тркалаа од едната страна на другата како топки. Патниците беа преплашени и мнозина врескаа очекувајќи ја смртта. {МАР 129.4}

По извесно време на палубата дојде кормиларот. Кога го презеде кормилото, капетанот застана покрај него и изрази загриженост за правецот на бродот. ’Сакате ли вие да го преземете кормилото?‘ праша кормиларот. Капетанот не беше подготвен за тоа, зашто знаеше дека му недостига искуство.

Потоа исплашено станаа некои од патниците, велејќи дека се плашат кормиларот да не ги насочи кон карпите. ’Сакате ли можеби вие да го преземете кормилото?‘ праша кормиларот, но тие знаеја дека не можат да управуваат со него. {МАР 129.5}

Кога мислите дека делото е во опасност, молете се: ’Господе, застани на кормилото. Води нè низ неволјите. Доведи нè сигурно во пристаништето.‘ Зар немаме причина да веруваме дека Господ победоносно ќе нè проведе низ нив? ... {МАР 129.6}

Со својот ограничен ум не можете да ги сфатите сите дела на Божјото провидение. Да Му дозволиме на Господа Тој да се грижи за Своето дело.“ (The Faith I Live By, стр. 282) {МАР 129.7}

2 мај

Сатаната ги удвојува своите напори

„Ангел Господов се улогорува околу оние, кои се бојат од Него, и ги спасува.“ (Псалми 34:7) {МАР 130.1}

„Силата и злобата на сатаната и на неговите чети би можеле со право да нѐ тревожат кога не би имале заштита и засолниште во надмоќната сила на нашиот Избавител. Ние ги обезбедуваме нашите куќи со рези и брави за да го заштитиме нашиот имот и нашиот живот од злите луѓе, но ретко мислиме на злите ангели кои постојано се обидуваат да најдат пристап до нас и од чиишто напади сме немоќни да се одбраниме со своја сила. Кога би им било дозволено, тие би ни го растроиле умот, би го уништиле нашето здравје, би го уништиле нашиот имот и нашиот живот. Нивна единствена радост е да донесуваат неволја и пропаст. Страшна е состојбата на оние што го отфрлаат Божјото влијание и им попуштаат на искушенијата на сатаната додека Бог не ги препушти на власта на злите духови. Оние, пак, што го следат Христа, секогаш се сигурни под Неговата заштита. Силни ангели се испратени од небото да ги заштитат. Силите на злото не можат да ја пробијат стражата што Бог ја поставил околу Својот народ. ... {МАР 130.2}

Големата борба меѓу Христа и сатаната, што трае веќе речиси шест илјади години, набргу ќе биде завршена и затоа кнезот на злото ги удвојува своите напори да го осуети Христовото дело што се врши во корист на луѓето и да ги заплетка душите во своите стапици. Негова цел е народот да го држи во темнина и непокајание додека не се заврши Христовата посредничка служба и нема повеќе жртва за грев. {МАР 130.3}

Ако не се вложат посебни напори да ѝ се спротивстават на неговата сила, ако во црквата и во светот владее рамнодушност, тогаш сатаната е безгрижен, зашто нема опасност да ги загуби оние што ги ’уловил живи за да ја исполнуваат неговата волја‘ (2. Тимотеј 2:26). Но, ако луѓето почнат да обрнуваат внимание на вечните работи и ако се прашуваат: ’што треба да направам, па да се спасам‘, тогаш тој се јавува и се обидува својата сила да ѝ ја спротивстави на Христовата сила и да го осуети влијанието на Светиот Дух. ...

Со иста цел тој присуствува секогаш таму каде што се собираат луѓето на богослужение. Иако скриен од човечкиот поглед, тој сепак работи со сета сила да завладее со мислите на оние што му служат на Бога.“ (Големата борба, стр. 517, 518) {МАР 130.4}

3 мај

Пред нас е решавачката битка

„А Петар и апостолите одговорија и рекоа: ’Повеќе треба да Му се покоруваме на Бога отколку на луѓето.‘“ (Дела 5:29) {МАР 131.1}

„На Божјиот народ му претстои голема криза. На светот исто така му претстои криза. Најзначајната борба на сите времиња е токму пред нас. ... Предметот на наметнување на неделата стана предмет од национален интерес. Ние знаеме какви ќе бидат последиците на ова движење. Но дали сме подготвени да ги дочекаме? Дали верно ги исполнуваме должностите што Бог ни ги довери, односно да укажуваме на народот на опасноста која му се заканува? ... {МАР 131.2}

Има мнозина кои никогаш не ги сфатиле библиските барања во поглед на саботата и лажните темели на кои е заснована институцијата на неделата. Секое движење во корист на религиозното законодавство всушност е едно отстапување пред папството, кое со векови се борело против слободата на совеста. Празнувањето на неделата, како таканаречена христијанска установа, настанало поради ’тајната на беззаконието‘; кога ќе се наметне присилно, тоа ќе биде вистинско признавање на начелата кои се камен темелник на католицизмот. Кога нашата земја ќе се одрече од своите уставни начела до таа мера што ќе го озакони празнувањето на неделата, протестантизмот со тој чин ќе му испружи рака на папството. Тоа не значи ништо друго освен повторно да ѝ се даде живот на тиранијата, која долго чекала шанса повторно да се појави во активниот деспотизам. ... {МАР 131.3}

Кога ќе се поврати првобитната власт и сила на папството и на неговите начела, тогаш повторно ќе се запали огнот на прогонство против оние што нема да сакаат да ја жртвуваат својата совест и вистина и да им попуштат на популарните заблуди. Ова зло се заканува да стане реалност. {МАР 131.4}

Бидејќи Бог ни подари светлина во поглед на опасностите кои ни претстојат, како ќе останеме чисти пред Него, ако не се трудиме со сите сили таа светлина да ја објавиме на народот? Можеме ли да го оставиме неопоменат да се соочи со овие значајни настани? ... {МАР 131.5}

Кога законите на земните власти се во судир со законите на Највисокиот Законодавец во вселената, тогаш тие што се верни поданици на Бога ќе Му останат верни Нему.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 711–713) {МАР 131.6}

4 мај

Извртување на Светото Писмо

„Како што зборува за тоа и во сите свои посланија, во кои има некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат, како и другите Писма, за своја погибел.“ (2 Петрово 3:16) {МАР 132.1}

„Тврдењето дека не е важно во што веруваат луѓето е една од најуспешните измами на сатаната. Тој знае дека вистината, ако е прифатена со љубов, ја посветува душата на оној што ја прифаќа; затоа секогаш се обидува вистината да ја замени со лажни теории, со прикаски - со друго евангелие. ... {МАР 132.2}

Нејасните и чудни толкувања на Светото Писмо, како и многуте противречни теории за библиската вера што постојат во христијанскиот свет, се дело на нашиот голем непријател кој сака со тоа душите да ги збуни за да не можат да ја распознаат вистината. Неслогата и раздорот што постојат во христијанските цркви треба во голема мера да му се припишат на обичајот на извртување на Светото Писмо за да се поддржи некоја омилена теорија. Наместо Божјото слово да го проучуваат грижливо и со понизно срце за да ја запознаат Божјата волја, мнозина го истражуваат само затоа за во него да откријат нешто необично и оригинално. {МАР 132.3}

За да ги поддржат лажните учења или нехристијанските практики, некои земаат одделни текстови од Писмото и ги вадат од контекст и наведуваат само половина од стихот за да го докажат своето тврдење, иако другиот дел на стихот има сосема спротивно значење. Со змиско лукавство, се вгнездиле зад неповрзани изрази, така исконструирани за да одговараат на нивните телесни желби. Така мнозина свесно го извртуваат Божјото слово. Други, кои имаат бујна мечта, земаат слики и симболи од Светото Писмо и ги толкуваат како што тоа ѝ одговара на нивната фантазија, не осврнувајќи се на Божјото слово кое се толкува самото себеси, и потоа своите неправилни толкувања ги изнесуваат како учење на Библијата. {МАР 132.4}

Секогаш кога Светото Писмо се проучува без молитва и без кроток и понизен дух, ќе се изврти вистинската смисла како на оние наједноставни и најјасни места, така и на оние најтешките. ...

Божјото слово е јасно за сите што го проучуваат со искрена молитва. Секоја искрена душа ќе ја прими светлината на вистината. ’Светлина засветли над праведниот‘ (Псалм 97:11). И ниедна црква не може да напредува во светоста ако нејзините верници не ја бараат вистината како скриено богатство.“ (Големата борба, стр. 520–522) {МАР 132.5}

5 мај

Лажни теории за Бога

„Зашто, кога Го познаа Бога, тие не Го прославија како Бог, ниту пак, Му благодарија, туку се заблудија во своите помисли, и нивното неразумно срце им се помрачи;“ (Римјаните 1:21) {МАР 133.1}

„Теоријата дека Бог е суштина што ја проникнува сета природа е една од најлукавите сатански измами. Таа лажно Го претставува Бога и ги обесчестува Неговата сила и величество. {МАР 133.2}

Божјата Реч не ги поддржува пантеистичките теории. Светлината на Неговата вистина открива дека тие се погубни за човечката душа. Темнината е нивниот составен елемент, а развратот нивното подрачје на дејствување. Тие му угодуваат на телесното срце и ги одобруваат неговите склоности. Последицата од прифаќањето на овие теории е одвојување од Бога. ... {МАР 133.3}

Постои само една сила, која може да ја скрши власта на злото во срцето на луѓето, а тоа е силата на Бога во Исуса Христа. Само во крвта на Распнатиот има очистување од гревот. Само Неговата милост може да нѐ оспособи да им се спротивставиме и да ги потчиниме склоностите на нашата паднатa природа. Спиритистичките теории во врска со Бога го уништуваат дејството на Неговата милост. Кога Бог би бил суштина проткаена во природата, тогаш Тој би престојувал во сите луѓе; и за да постигне светост, човекот би требало само да ги развива силите што се во него. {МАР 133.4}

Овие теории, проследени со своите логични заклучоци, ја бришат целата христијанска наука. Тие ја исклучуваат неопходноста од помирување и прават од човекот свој спасител. Овие теории за Бога ја поништуваат Божјата Реч и оние, кои ги прифаќаат, се во голема опасност на крајот да бидат заведени да гледаат на целата Библија како на измислица. Тие можеби ќе сметаат дека доблеста е подобра од порокот; но, со тоа што Го отстраниле Бога од сувереното место што Му припаѓа, тие ги полагаат своите надежи во човечка сила, која без Бога е безвредна. Непотпомогната, човечката волја нема вистинска сила да му се спротивстави и да го победи злото. Одбраната на душата е скршена. Човекот нема ограда против злото. Кога еднаш ќе ги отфрлиме ограничувањата на Божјата Реч и Неговиот Дух, не знаеме колку длабоко можеме да потонеме. {МАР 133.5}

Оние што и понатаму ќе се држат до овие спиритистички теории сигурно ќе го уништат своето христијанско искуство, ќе ја прекинат врската со Бога и ќе го загубат вечниот живот.“ (Evangelism, стр. 601, 602) {МАР 133.6}

6 мај

Опасноста од лажното учење

„О Тимотеје, пази го она што ти е предадено и бегај од нечисти и празни разговори и од расправии на лажната наука,“ (1 Тимотеј 6:20) {МАР 134.1}

„Во Њу Хемпшир некои активно шириеа лажни претстави за Бога. Добив светлина дека овие луѓе, користејќи ги своите идеи, од кои некои водеа кон застапување на теоријата за ’слободна љубов‘, направиле вистината да ја загуби сета сила. Ми беше покажано дека овие луѓе ги заведуваат душите, изнесувајќи шпекулативни теории за Бога. ... {МАР 134.2}

Меѓу другите свои сфаќања, тврдеа дека оние што еднаш се посветени повеќе не можат да грешат; тоа го изнесуваа како евангелска храна. Нивните лажни теории, со сета тежина на своето измамничко влијание, им нанесуваа голема штета и ним самите и на другите. Тие стекнуваа спиритистичка моќ над оние што не можеа да ја забележат злокобната природа на овие убаво облечени теории. Поради тоа настанаа страшни зла. Учењето дека сите луѓе се свети доведе до верување дека чувствата на посветените никогаш не се во опасност да тргнат по погрешен пат. Последицата на ова верување беше исполнување на злите желби на срцата кои, иако наводно посветени, беа далеку од чистотата на мислите и животот. {МАР 134.3}

Ова е само еден од примерите кога бев повикана да ги укорувам оние што го изнесуваа учењето за безличен бог што се наоѓа во природата, како и учењето за свето тело. {МАР 134.4}

Во иднина човечките правила и учења ќе ја имитираат вистината. Лажните теории ќе бидат претставувани како сигурни учења. Лажното учење е едно од средствата со кои сатаната се служел во небесните дворови, а со кое се служи и денес. ... {МАР 134.5}

Ги преколнувам оние што работат за Бога да не ја прифаќаат лагата како вистина. Целата Библија е полна со најдрагоцена вистина. Не ни се потребни никакви претпоставки ниту лажна возбуда. Во златната кадилница на вистината што ни е прикажана во Христовото учење го имаме она што ќе ги увери и обрати душите. Со Христова едноставност изнесувајте ги вистините што Тој дошол да му ги објави на овој свет; силата на вашата порака сама ќе го најде патот до срцето. Не проповедајте теории или мерила што немаат поткрепа во Библијата.“ (Evangelism, стр. 600, 601) {МАР 134.6}

7 мај

Ремек-делото на сатанските измами

„Она што е тајно, Му припаѓа на Господ, нашиот Бог, а она што е јавно – нам и на синовите наши довека, за да ги извршуваме сите зборови на овој закон.“ (Второзаконие 29:29) {МАР 135.1}

„Човечкото знаење, како во материјалните така и во духовните работи, е делумно и несовршено и затоа мнозина не се во состојба своите научни ставови да ги усогласат со библиските извештаи. Некои ги прифаќаат обичните теории и шпекулации како научни факти и мислат дека Божјото слово мора да биде во согласност со ’лажната наука‘ (1. Тимотеј 6:20). Творецот и Неговите дела го надминуваат нивното сфаќање; и бидејќи тие не можат да ги објаснат со природните закони, тие историјата на Библијата ја сметаат за несигурна. Оние што се сомневаат во веродостојноста на извештаите на Стариот и Новиот завет, честопати одат еден чекор понатаму и се сомневаат во постоењето на Бога, а на природата ѝ припишуваат бесконечна моќ. Бидејќи ја отфрлиле својата котва, препуштени се да се скршат на карпата на неверувањето. {МАР 135.2}

На овој начин мнозина се оддалечуваат од верата и сатаната лесно ги заведува. ... Човечката мудрост се обидувала да ги сознае и да ги објасни тајните што нема да бидат откриени ниту во вечноста. Кога луѓето би сакале да го истражуваат и да го разберат она што го објавил Бог за Себе и за Своите намери, би добиле такво откровение за Господовата слава, за Неговото величество и моќ, со кое би ја увиделе својата лична безначајност и би биле задоволни со она што им е откриено ним и на нивните деца. ... {МАР 135.3}

Ремек-дело на сатанското измамување е тоа што ги поттикнува луѓето да изградат претпоставки во врска со она што Бог не го открил и нема намера да ни го разјасни. На тој начин Луцифер го загубил своето место на небото. Тој бил незадоволен што не му биле доверени сите тајни на Божјите планови, а целосно го запоставил она што му било откриено во врска со неговото лично дело на толку високата положба што ја заземал. Предизвикувајќи го истото незадоволство и во срцето на ангелите што му биле подредени, тој бил причината за нивниот пад. Сега се обидува луѓето да ги вдахне со истиот дух и исто така да ги наведе да ги презрат јасните Божји заповеди.“ (Големата борба, стр. 522, 523) {МАР 135.4}

8 мај

Времиња и прилики

„И Тој им одговори: ’Не е ваше да ги знаете времињата или часот што Отецот ги поставил во Своја власт;‘“ (Дела 1:7) {МАР 136.1}

„Бог ги држи времињата и приликите во Својата власт. Зошто не ни дал да ги знаеме? Затоа што не би го употребиле тоа знаење на правилен начин. Кога би знаеле кога ќе биде тоа, меѓу нашиот народ би завладеала состојба што значително би го забавила Божјото дело на подготвување на народот да опстане во големиот ден што доаѓа. ... Исус им рекол на Своите ученици да ’бдеат‘, но не за некое определено време. Неговите следбеници треба да бидат како оние што ги слушаат заповедите на својот Поглавар. Треба да бдеат, да чекаат, да се молат и да работат додека се приближуваат кон времето на Господовото доаѓање. Но никој не ќе може да предвиди точно кога ќе се случи тоа, зашто ’за тој ден и час никој не знае‘. Не ќе можете да кажете дека Тој ќе дојде за една, две или пет години, ниту смеете да го одложувате Неговото доаѓање тврдејќи дека нема да дојде за десет или дваесет години. ... Не е наше да го знаеме точното време на излевањето на Светиот Дух или на Христовото доаѓање.“ (Evangelism, стр. 221) {МАР 136.2}

„Потоа ми беше укажано на поединци кои се наоѓаат во голема заблуда верувајќи дека им е должност да одат во стариот Ерусалим*, мислејќи дека таму имаат задача која мора да се изврши пред да дојде Господ. Таквото сфаќање е сведено на тоа мислите и интересирањето да се одвратат од сегашното Божјо дело и објавувањето на веста на Третиот ангел; затоа што оние кои ќе сметаат дека треба да се оди во Ерусалим постојано ќе мислат само на тоа па своите средства ќе ги ускратат за делото на сегашната вистина за да обезбедат едно такво патување за себе и другите. Видов дека таквата мисија не би постигнала никакво вистинско добро, дека би требало многу време за само некои од Евреите да можат да поверуваат во првото Христово доаѓање, а колку би требало време и труд да се вложат за тие да се уверат во Неговото второ доаѓање.“ (Рани списи, стр. 75) {МАР 136.3}

** Ова е напишано во почетокот на педесеттите години на деветнаесеттиот век, кога поборниците на таканаречената „време што доаѓа“ учеле дека стариот Ерусалим ќе биде изграден како средиште на христијанско сведочење, со што ќе се исполнат некои пророштва од Стариот завет.*

9 мај

„Како што беше во Ноевите дни“

„Како што беше во Ноевите дни, така ќе биде и во деновите на Синот Човечки:“ (Лука 17:26) {МАР 137.1}

„Ми беше покажана страшната состојба во која се наоѓа светот. Ангелот на милоста ги собира своите крилја подготвен да замине. ...

Божјиот закон се смета за невалиден. Гледаме и слушаме за збрки и забуни, немаштија и глад, земјотреси и поплави. Луѓето се впуштаат во страшни злосторства; со нив повеќе не владее разумот, туку страста. Божјиот гнев само што не се излеал на жителите на светот кој набргу ќе стане толку расипан како што биле жителите на Содом и Гомор. Огнот и водата веќе уништуваат илјадници животи и богатства кои себично биле натрупувани со угнетување на сиромасите. Господ наскоро ќе го заврши Своето дело и ќе му стави крај на гревот. О, кога сцените на беззаконие во овие последни денови што ми беа покажани, би можеле да остават длабок впечаток на срцето на народот кој тврди дека е Божји! Како што било во деновите на Ное, така ќе биде и кога ќе се појави Синот човечки. Господ го повлекува од земјата Своето ограничување (задржување на четирите ветришта) и наскоро смрт и уништување, сè поголеми злосторства и свирепи одмазди ќе ги снајдат богатите кои се издигнале над сиромашните. Тие што нема да имаат Божја заштита нема да бидат сигурни на ниедно место и на каква било положба. Луѓето се обучуваат и ги користат своите пронаоѓачки способности за да измислат што поубиствени направи и орудија за уништување. ... {МАР 137.2}

Мои браќа и сестри ... јас ве повикувам. ... Мнозина живеат премногу нежен и префинет живот. ... Се сметаат себе за христијани, а не знаат што значи практичен христијански живот. ... Што значи да се биде христијанин? Тоа значи да се биде сличен на Христа. {МАР 137.3}

Соработувајте со Бога работејќи во согласност со Него. Исфрлете го од храмот на душата сето она што е слично на некој идол. Сега е Божјо време; а Неговото време е и ваше време. Борете се во добрата борба на верата, отфрлувајќи ја секоја помисла или разговор за неверувањето. Светот треба да ја слушне последната вест на предупредување.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 49–53) {МАР 137.4}

10 мај

Големата неволја наскоро ќе дојде

„Мислам дека нас апостолите Бог нè прикажа најпоследни, како осудени на смрт, бидејќи станавме глетка за светот – на ангелите и на луѓето.“ (1 Коринтјаните 4:9) {МАР 138.1}

„Светот е театар. Неговите жители се актери кои се подготвуваат да ја одиграат својата улога во последната голема драма. Кај повеќето луѓе нема никакво единство, освен кога ќе се здружат заради некоја себична цел. Бог го посматра тоа. Ќе се оствари тоа што Тој го наменил во поглед на Своите бунтовнички поданици. Светот не е потполно препуштен во човечки раце, иако Бог допушта за одредено време да завладеат елементи на збрка и неред. Пеколните сили работат на тоа да ги забрзаат последните големи сцени во таа драма - доаѓањето на сатаната како Христос и неговата работа со секоја измама на неправедноста во тие што се поврзуваат во тајни друштва. Тие што се оддаваат на страсти со стапувањето во сојузи ги остваруваат плановите на непријателот. По причината ќе дојдат последиците. {МАР 138.2}

Престапот речиси ја достигнал својата крајна граница. Светот е исполнет со збрка и голем ужас наскоро ќе наиде на човечките суштества. Крајот е мошне близу. Ние што ја знаеме вистината треба да се подготвуваме за тоа што наскоро ќе наиде на светот како вчудовидувачко изненадување. ... {МАР 138.3}

Дали ние како народ спиеме? О, кога младите мажи и жени во нашите институции кои денес се неподготвени да го дочекаат Господа, непогодни да станат членови на Господовото семејство, би можеле да ги распознаат знаците на времето, каква промена би се видела на нив! Господ Исус повикува самопожртвувани работници, за да појдат по Неговите стапки, да живеат и работат за Него, да го земат својот крст и да појдат каде што Тој ги води. {МАР 138.4}

Мнозина се задоволуваат со приложување на незначајна служба за Господа. Нивното христијанство е слабо. Христос се дал Себеси за грешниците. Со какво само неспокојство за спасение на душите треба да бидеме исполнети кога ги гледаме човечките суштества како пропаѓаат во гревот! Тие души се купени со неизмерно голема цена. Смртта на Божјиот Син на Голгота е мерило за нивната вредност. Тие секој ден се одлучуваат или за вечен живот или за вечна смрт.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 27–29) {МАР 138.5}

11 мај

Младоста и зависноста

„Весели се во младоста своја, момче, и срцето твое да вкусува радост во дните на твојата младост; и оди каде што срцето те влече и каде што очите ти гледаат; само знај дека за сето тоа Бог ќе те изведе на суд.“ (Проповедник 11:9) {MAP 139.1}

„Сатаната бил првиот бунтовник на небото и откако бил исфрлен оттаму, настојува секој припадник на човечкото семејство да го направи отпадник од Бога, каков што е и самиот. Тој ги спроведува своите планови против паднатиот човек и преку попуштањето на апетитот, кое е спротивно на Божјиот закон, го наведува да ја прекрши божествената заповед. Ги навел Адам и Ева да го наберат забранетиот плод и така успеал да го предизвика нивниот пад и протерување од Едем. Колкумина велат: ’Да бев јас на Адамовото место, никогаш не би згрешил во толку едноставно искушение.‘ Но вие што така се фалите имате можност да ја покажете силата на својата волја и верноста кон начелата кога ќе бидете испитани. ... Дали Бог навистина не гледа грев во вашиот живот? ... {MAP 139.2}

На сите страни сатаната се обидува да ги наведе младите на патеката на која ќе се изгубат. Ако еднаш успее да ги наведе на неа, ги брза да се стрмоглават, водејќи ги од еден во друг раскалашен начин на живот, сè додека неговите жртви не ја загубат чувствителноста на совеста и стравопочитта кон Бога. Сè помалку и помалку се воздржуваат. Стануваат зависни од вино, алкохол, тутун и опиум и така паѓаат сè подлабоко. Тие се робови на апетитот. Советите што некогаш ги почитувале почнале да ги презираат. Се однесуваат надмено и се фалат со слободата, додека всушност се робови на расипаноста. Под слобода го подразбираат тоа што се робови на себичноста, изопачениот апетит и разузданоста. ... {MAP 139.3}

Сатаната наумил да го потчини човечкиот род како свои поданици, но Христос платил бескрајна цена за човекот да може да биде спасен од непријателот и Божјиот морален лик повторно да се обнови во паднатиот човечки род. ... Паднатите луѓе можат преку Христос да најдат пристап до Отецот и да добијат благодат што ќе ги оспособи да победат преку заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител.“ (Temperance, стр. 273, 274) {MAP 139.4}

12 мај

Надворешниот сјај на незнабожечката сила

„Зашто ќе дојде време кога луѓето нема да го слушаат здравото учење, но, водени по своите похоти, ќе си изберат учители да им го залажат слухот;“ (2 Тимотеј 4:3) {MAP 140.1}

„Луѓето брзо се редат под знамето што го избрале, неспокојно чекајќи и следејќи го движењето на своите водачи. Има и такви што бдеат, чекаат и работат за доаѓањето на нашиот Господ, додека другата страна со голема брзина влегува во редовите под заповедништвото на првиот голем отпадник. Тие го бараат Бога во човечката природа, а сатаната го имитира оној кого го бараат. Мноштвото ќе биде толку заведено поради своето отфрлање на вистината, што ќе ја прифати измамата. Човечката природа се смета за Бог.“ (The Faith I Live By, стр. 322) {MAP 140.2}

„Како што се приближуваме кон крајот на времето, надворешниот сјај на незнабожечката сила ќе станува сè поголем. Незнабожечките божества ќе ја покажуваат својата моќ и ќе се појавуваат пред градовите на овој свет, а тоа веќе почнало да се исполнува. Преку различни сцени Господ Исус му ги прикажал на Јован грешниот карактер и привлечните влијанија на оние што се истакнувале како прогонувачи на Божјиот народ. На сите им е потребна мудрост внимателно да ја истражуваат тајната на расипаноста, која има толку значајна улога во завршувањето на земната историја. ...

Токму во ова време во кое живееме Господ го повикал Својот народ и му дал порака што треба да ја носи. Го повикал да укаже на безбожноста на човекот на беззаконието, кој на неделниот закон му дава посебна сила и помислува да ги промени празниците и Законот, и да му се спротивстави на Божјиот народ, кој стои цврсто, прославувајќи Го Бога со држењето на единствената вистинска сабота, саботата на создавањето. ... {MAP 140.3}

Опасностите на последните денови се надвиснуваат над нас и наша задача е да ги предупредиме луѓето за опасноста во која се наоѓаат. Да не дозволиме свечените сцени што ги откриле пророштвата да останат незабележани. Кога нашиот народ би бил барем наполу буден, кога би ја сфатил близината на настаните опишани во Откровението, би настапила обнова во нашите цркви и многу повеќемина би поверувале во пораката. Немаме време за губење. Бог нè повикува да бдееме над душите на луѓето, зашто ќе треба да положиме сметка.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 117, 118) {MAP 140.4}

13 мај

Метеж во градовите

„А лошите луѓе и лажливците ќе напредуваат во злото, како заблудувачи и заблудени.“ (2 Тимотеј 3:13) {МАР 141.1}

„Не била Божја намера Неговиот народ да се натрупува во градовите и да се стиснува во куќите згуснати една до друга и по зградите. Тој на почетокот ги поставил нашите прародители во градина, покрај прекрасните глетки и привлечните звуци на природата и Тој сака и денес човекот да ужива во тие глетки и звуци.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 87) {МАР 141.2}

„Дадена ми е светлина дека градовите ќе бидат исполнети со збрка, насилство и злосторство и дека тоа ќе се шири до крајот на историјата на Земјата.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 84) {МАР 141.3}

„Време е нашиот народ да ги повлече своите семејства од градовите и да оди во помирни места, бидејќи непријателот мнозина од младите, а исто така и старите ќе ги фати во своите стапици и ќе ги зароби.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 101) {МАР 141.4}

„’Излезете од градовите, излезете од градовите!‘ — ова е Господовата порака што ми ја даде.“ (Life Sketches of Ellen G. White, стр. 409) {МАР 141.5}

„Метежот и збрките во тие градови, можностите кои ги создале синдикатите и штрајковите, во голема мера ќе ја попречуваат нашата работа. Луѓето се трудат работниците кои се вработени во разни занаети да ги вовлечат во оковите на синдикатот. Тоа не е Божји план, туку план на силата која во никој случај не треба да ја признаеме. Се исполнува Божјата Реч; безбожниците се поврзуваат во снопови за да бидат запалени. {МАР 141.6}

Сега треба да ги употребиме сите способности кои ни се дадени за да му ја објавиме на светот последната вест на опомена. Во тоа дело мораме да ја сочуваме својата индивидуалност. Не смееме да се обединуваме со тајни здруженија, ниту со синдикати. Мораме да останеме слободни во Бога, очекувајќи постојано налози од Христа.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 84) {МАР 141.7}

„Метлата на уништување ќе ги очисти безбожните градови на нашиот свет. Во неволјите кои се случуваат денес во големите градби и големите делови на градот, Бог ни покажува што ќе се случи на целата Земја. Тој ни кажал: ’Со смоквата направете споредба: штом ќе се подмладат нејзините гранки и пуштат лисја, знаете дека е близу летото; Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, пред вратата‘ (Матеј 24:32, 33).“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 83) {МАР 141.8}

14 мај

Предрасудите се зголемуваат

„Не чудете се, браќа мои, ако светот ве мрази. Ние знаеме дека преминавме од смрт во живот, бидејќи ги љубиме браќата свои; оној што не го љуби братот свој, тој останува во смртта.“ (1 Јованово 3:13,14) {МАР 142.1}

„Тој што е блиску поврзан со Христа се издига над расните и класните предрасуди. Неговата вера цврсто се држи за вечните вистини. Мораме да Го издигаме божествениот Зачетник на вистината. Нашите срца мора да бидат исполнети со вера што делува преку љубовта и ја чисти душата. Делото на милостивиот Самарјанин е пример на кој треба да се угледаме.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 209) {МАР 142.2}

„Нема да биде можно сите прашања поврзани со бојата на кожата да се усогласат со Господовата заповед сè додека оние што веруваат во вистината не бидат толку блиску поврзани со Христос што ќе бидат едно со Него. И белите и црните членови на нашите цркви треба да се обратат. Во двете групи има неразумни луѓе, и кога се расправа за прашањето на бојата на кожата, тие покажуваат непосветени, необратени карактерни црти. Лесно доаѓа до кавга кај оние што се тврдоглави и непопустливи, зашто никогаш не научиле да го носат Христовиот јарем. Таквите со врева и непосветена решителност бараат првенство.“ (Letter 105, 1904) {МАР 142.3}

„Како што одминува времето и како што расните предрасуди ќе се умножуваат, во многу места на белите работници речиси ќе им биде оневозможено да работат за обоените луѓе. Понекогаш белите луѓе, кои не се наклонети на нашата работа, ќе им се придружат на обоените во противењето, тврдејќи дека нашето учење има за цел да ги разбие другите цркви и да создава тешкотии заради прашањето на саботата. Проповедниците од другите цркви и бели и обоени, ќе изнесуваат лажни тврдења, што кај луѓето ќе предизвикаат такви чувства на противење и нетрпеливост, што ќе бидат подготвени да уништуваат и убиваат. {МАР 142.4}

Силите на пеколот ја употребуваат целата своја остроумност за да го оневозможат објавувањето на последната порака на милост на обоените. Сатаната се труди на сите можни начини на библиските проповедници и учители, надминувањето на предрасуди кои постојат помеѓу белите и обоените, да го направи најтешко. {МАР 142.5}

Да го следиме патот на мудроста, да не правиме ништо што без потреба би создало противење — ништо што би можело да го попречува објавувањето на евангелската вест.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 207, 208) {МАР 142.6}

15 мај

Похотта за голотија

„Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое.“ (Матеј 5:28) {МАР 143.1}

„Голем дел од младината лудува по книги. Читаат сè што ќе им дојде при рака. Возбудливите љубовни романи и нечисти слики вршат лошо влијание на младината. Многумина читаат романи кои создаваат нечиста фантазија. По возовите често се нудат фотографии на жени во голотија. Овие одвратни слики ... се наоѓаат по оние работилници кои тргуваат со бакрорез. Ова е време кога расипаноста насекаде преовладува. Со сликите се будат лоши страсти. Фантазијата го изопачува срцето. Луѓето сакаат да набљудуваат сцени кои будат ниски, животински страсти. Тие порочни слики кои делуваат на изопаченото вообразување, ги расипуваат добрите обичаи и ги поттикнуваат заслепените, измамени луѓе да се препуштат на својата страст. Потоа доаѓаат гревот и злосторството кои ги спуштаат суштествата создадени според Божје обличје на ниво на животните и конечно ги одвлекуваат во пропаст. Не читајте и не гледајте го она што предизвикува нечисти мисли. Развивајте морални и умни сили. Не дозволувајте тие благородни сили да ослабнат и да се изопачат со читање на романи. ... {МАР 143.2}

Невозможно е младината да поседува здрав ум и исправни верски начела ако не ја чита Божјата реч. Таа книга содржи најинтересна историја, укажува на патот на спасението преку Христа и претставува патоказ кон повозвишен и подобар живот. Сите би ја прогласиле за најинтересна книга која некогаш ја прочитале, ако нивната фантазија не е изопачена со читање на возбудливи, измислени романи. Вие кои очекувате вашиот Господ да дојде по втор пат за да ги вообличи вашите смртни тела според Своето славно тело, морате да се позанимавате со повозвишена дејност. Морате со делата да се издигнете на еден повозвишен став отколку досега, инаку нема да бидете меѓу оние кои ќе добијат бесмртност.“ (Сведоштва за црквата, том 2, стр. 410, 411) {МАР 143.3}

16 мај

Оние што објавуваат мир

„Дојдете – велат – ќе донесеме вино, ќе се напиеме жесток пијалак; и утре ќе биде истото она што и денес, дури и повеќе отколку денес.“ (Исаија 56:12) {МАР 144.1}

„Лошиот слуга вели во своето срце: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘. Тој не вели дека Христос нема да дојде. Тој не ја исмева идејата за Неговото второ доаѓање. Меѓутоа, во своето срце и со своите постапки и зборови тој зборува дека Господ нема уште долго да дојде. Во душите на другите тој го уништува уверувањето дека Господ брзо ќе дојде. Неговото влијание ги наведува луѓето да станат дрски и безгрижни во доцнењето и тие се зацврстуваат во нивната световност и тапост. Духот подлегнува на земните страсти и расипаните мисли. Лошиот слуга јаде и пие со пијаниците, се обединува со светот во барање на задоволства. Тој ги тепа другите слуги, обвинувајќи ги и осудувајќи ги оние кои се верни на својот Господ. ... {МАР 144.2}

Христовото доаѓање ќе ги изненади лажните учители. Тие зборуваат: ’Мир и безбедност!‘. Како и свештениците и учителите пред падот на Ерусалим, тие сакаат црквата да постигне земен просперитет и слава. Тие ги толкуваат знаците на времето како токму тоа да го претскажуваат. Но, што вели Речта на Вдахновението? ’Тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст‘. (1. Солунјаните 5:3) ... {МАР 144.3}

Луѓето го одложуваат Господовото доаѓање. Тие се потсмеваат на опомените. Горделиво се фалат: ’сè си стои така како од создавањето на светот‘. ’и утре ќе биде истото она што и денес, дури и повеќе отколку денес‘. (2 Петрово 3:4; Исаија 56:12) Сè подлабоко ќе тонеме во љубовта кон задоволство. Меѓутоа, Христос вели: ’Ете, Јас доаѓам како крадец‘. (Откровение 16:15) Знаците се исполнуваат токму во моментот кога светот во исмејување прашува: ’Каде е ветувањето на Неговото доаѓање?‘ ’И додека уште велат: „Мир и безбедност!“, Тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст‘ (1. Солунјаните 5:3). Кога оние што се потсмеваат и ја отфрлаат вистината ќе станат самоуверени, кога рутината на работата во разните методи за заработка на пари се одвива не водејќи сметка за начелата, кога ученикот желно бара знаење насекаде освен во Библијата — тогаш Христос ќе дојде како крадец.“ (The Faith I Live By, стр. 342) {МАР 144.4}

17 мај

Глетки, звуци и злосторства

„Нема да ставам пред очите мои ништо пакосно; ги мразам делата на отпадниците – тие нема да се прилепат за мене. Развратно срце нема да се прилепи до мене; за лукавиот не сакам да знам.“ (Псалми 101:3,4) {МАР 145.1}

„Имаме причина да бидеме длабоко загрижени за нашите деца, кои на секој чекор се соочуваат со искушенија. За нив е невозможно да ја избегнат средбата со лошото друштво... Тие гледаат сцени, слушаат звуци и се изложуваат на влијанија кои го расипуваат моралот и кои ако сериозно не им се спротивстават, незабележително, но сигурно ќе го расипат срцето и ќе го упропастат карактерот. ... {МАР 145.2}

Некои родители се толку рамнодушни, толку невнимателни, што им е сеедно во кое училиште одат нивните деца. Тие велат: ’Ние сме во светот и не можеме да го напуштиме‘. Но родители, ние можеме делумно да излеземе од светот, ако така одлучиме. Ние можеме да избегнеме да видиме многу зла кои толку брзо се множат во овие последни денови. ... {МАР 145.3}

Во живиот ум на децата и младите глетките прикажани во измислени откритија за иднината изгледаат како реалност. Претскажувањето на насилствата и опишувањето на постапките кои ги рушат оградите на законот и на самосовладувањето, влијаат на нивниот дух. Така се наведени да направат злосторства, кои често се поужасни од оние кои овие писатели ги прикажале. Со такво влијание се расипува општеството. Со голем замав се сее семето на беззаконијата. Никој не треба да се чуди што последица на ова е жетва на злосторствата. ... {МАР 145.4}

Одлучно кажи: ’Нема да поминам ниту еден скапоцен момент во читање на она што нема да ми користи, а што само ќе ме онеспособи да им служам на другите. Своето време и своите мисли ќе ги посветам на оспособување за служба на Бога. Ќе ги затворам очите за она што е лесноумно и грешно. Моите уши му припаѓаат на Господа и нема да ги слушам лукавите непријателски дошепнувања. Мојот глас во ништо нема да се покорува на волјата која не е под влијание на Божјиот Дух. Моето тело е храм на Светиот Дух и сите сили на своето битие ќе ги посветам на чесните настојувања‘.“ (Адвентен дом, стр. 406–409) {МАР 145.5}

18 мај

Спиритизам и револуција

„Тој одговори и рече: ’Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си!‘“ (Лука 10:27) {МАР 146.1}

„Кога младите зачекоруваат во светот за да се соочат со неговото мамење на грев - со страста за натрупување пари, со забавите и попустливоста, со разметливоста, со изобилството и настраностите, со надмудрувањата, подлостите, искористувањата и упропастувањето - со какви учења ќе се сретнат во него? {МАР 146.2}

Спиритизмот тврди дека луѓето се безгрешни полубогови; дека ’секоја душа ќе си суди сама на себе‘; дека ’вистинското сознание го издигнува човекот над сите закони‘; дека ’сите сторени гревови се безопасни‘; дека е ’добро сѐ што се прави‘ и дека ’Бог не осудува‘. Најподлото човечко суштество тој го претставува како да е на Небото и таму ужива висока почест. Така, тој на сите луѓе им објавува: ’Не е важно што правите; живејте како што сакате, небото е ваш дом‘. Мнозина на тој начин се наведени да веруваат дека желбата е највисокиот закон, дека раскалашноста е слобода и дека човекот одговара единствено пред себеси. {МАР 146.3}

Како да се заштити доблеста на младите кога тие се сретнуваат со едно такво учење на самиот праг од животот, тогаш кога нагоните се најсилни, а потребата за зауздување и непорочност најголема? Што ќе го спречи светот да не стане втор Содом? {МАР 146.4}

Во исто време анархијата се обидува да ги отстрани сите закони, не само божествените, туку и човечките. Централизација на богатството и моќта; големи здружувања за збогатување на малцинството на сметка на мнозинството; здружувања на сиромашните класи за одбрана на сопствените интереси и барања; дух на немири, побуна и крвопролевање; ширење на истите учења кои довеле до француската револуција по целиот свет - сето тоа се стреми да го вмеша светот во борба слична на онаа што ја протресе Франција. {МАР 146.5}

Денешната младина мора да се соочи со вакви влијанија. За да може да се одржи среде такви пресврти, таа треба сега да ги положи темелите на карактерот. {МАР 146.6}

Во секоја генерација и во секоја земја вистинскиот темел и пример за изградба на карактерот беше ист. Божествениот закон: ’Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце... и својот ближен како себе си‘ (Лука 10:27), големиот принцип кој се одразил во животот и карактерот на нашиот Спасител, е единствениот сигурен темел и единствен сигурен водич.“ (Воспитување, стр. 227–229) {МАР 146.7}

19 мај

Пазете се од човечки измислени мерила

„Чувајте се од кучињата, чувајте се од лошите работници, чувајте се од лажно обрезување, зашто вистинското обрезување сме ние, кои со Духот Му служиме на Бога и се гордееме со Христос Исус, и не се надеваме на телото,“ (Филипјаните 3:2,3) {MAP 147.1}

„Има луѓе чии срца треба да бидат допрени од влијанието на божествениот Дух. Тогаш пораката за ова време ќе ја сметаат за своја одговорност. Нема да бараат човечки мерила, ниту нешто ново и необично. Саботата, денот за одмор од четвртата заповед, е мерилото, каменот на проверката за ова време.“ (Evangelism, стр. 213) {MAP 147.2}

„Божјата заповед што речиси насекаде била отфрлена е испит на верноста за ова време. ... Доаѓа време кога сите што Му служат на Бога ќе се препознаваат според тој знак. Според ова обележје на верност кон небото ќе се препознаат Божјите слуги. Меѓутоа, сите човечки мерила ќе ги одвраќаат мислите на луѓето од големите и важни факти што ја сочинуваат сегашната вистина. {MAP 147.3}

Желбата и планот на сатаната се меѓу нас да воведе луѓе што одат во големи крајности — луѓе со тесни сфаќања, склони кон критикување и остри зборови, многу упорни во застапувањето на сопствените замисли за тоа што е вистина. Ќе бидат немилосрдни во своите барања и ќе настојуваат со сила да спроведат некои свои груби замисли. Се задржуваат на помалку важни факти, а истовремено ги занемаруваат поважните нешта од Божјиот закон — судот, милоста и Божјата љубов. Поради дејствувањето на неколкумина од ваквите, празнувачите на саботата како целина ќе бидат означени како нетрпеливи ... и фанатици. {MAP 147.4}

Бог има посебна работа за луѓето со искуство. Тие треба да го чуваат Божјото дело. Треба да внимаваат Божјото дело да не им се довери на луѓе што сметаат дека имаат право да работат според своето независно расудување, да го проповедаат она што им се допаѓа и да бидат слободни никому да не одговараат за своето учење и работа. Ако дозволиме макар и во еден меѓу нас да завладее овој дух на самозадоволство, ќе исчезнат складното дејствување, единството во духот, сигурноста во работата и здравото напредување на делото. ... Христос се молел Неговите следбеници да бидат едно, како што Тој и Отецот се едно. Оние што сакаат да го видат одговорот на таа молитва треба да се спротивстават и на најмалиот стремеж кон разединување и да настојуваат меѓу браќата да го одржат духот на единство и љубов.“ (Evangelism, стр. 212, 213) {MAP 147.5}

20 мај

И сатаната може да лекува

„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта;“ (1 Петрово 5:8) {MAP 148.1}

„Сатанските измами сега се умножуваат толку многу што оние што ќе се оддалечат од патеката на вистината ќе го загубат правецот. Без ништо на кое би го насочиле погледот и за кое би се фатиле, ќе бидат носени од една заблуда кон друга, додека ветровите на непознати и чудни учења ќе ги фрлаат наваму-натаму. Сатаната слегол со голема сила. Мнозина ќе бидат заведени од неговите чуда.“ (Evangelism, стр. 362) {MAP 148.2}

„Наложено ми е да кажам дека во иднина ќе биде потребно многу бдеење. Меѓу Божјиот народ не смее да има духовно незнаење. Злите духови активно се вклучени во обидите да завладеат со човечкиот ум. Луѓето се врзуваат во снопови, подготвени да ги проголта огнот на последните денови. Оние што ги отфрлаат Христос и Неговата праведност ќе ги прифатат мудрувањата што го преплавуваат светот. Христијаните треба да бидат разумни и претпазливи, истрајно одбивајќи го својот непријател ѓаволот, кој обиколува како лав што рика, барајќи некого да проголта. Под влијание на зли духови луѓето ќе прават чуда. ... {MAP 148.3}

Нема потреба да бидеме измамени. Наскоро ќе се одиграат восхитувачки сцени зад кои ќе стои сатаната. Божјата Реч зборува дека сатаната ќе прави чуда. Ќе направи луѓето да се разболат, а потоа ненадејно ќе ја повлече од нив својата сатанска сила. Тогаш ќе се смета дека се исцелени. Овие случаи на привидно исцелување ќе ги стават адвентистите на седмиот ден на проверка. ... {MAP 148.4}

Ако оние преку кои се случуваат исцелувања го оправдуваат своето отфрлање на Божјиот закон со овие појави и продолжуваат во непослушноста, тоа не значи дека поседуваат Божја сила, колку и да изгледа неограничена нивната сила. Напротив, тоа е чудотворната моќ на големиот измамник. Тој го прекршил моралниот Закон и го употребува секое средство што може за да ги заслепи луѓето да не го видат вистинскиот карактер на Законот. Предупредени сме дека во последните денови ќе прави знаци и лажни чуда. И ќе ги прави тие чуда сè до крајот на времето на проверката, како доказ дека е ангел на светлината, а не на темнината.“ (Revival and Beyond, стр. 48, 49) {MAP 148.5}

21 мај

Земјата пред уништување

„И видов, кога се крена шестиот печат. И, ете, настана голем земјотрес, и сонцето стана црно како вреќа од кострет, и месечината стана како крв;“ (Откровение 6:12) {МАР 149.1}

„Пророштвото не зборува само за начинот и целта на Христовото доаѓање, туку ги дава и знаците со кои луѓето можат да знаат дека тој настан е близу. ... А Јован во Откровението, првите знаци што ќе му претходат на второто Христово доаѓање ги опишува вака: ’настана голем земјотрес, и сонцето стана црно како вреќа од кострет, и месечината стана како крв‘ (Откровение 6:12). {МАР 149.2}

Овие знаци се забележани пред почетокот на деветнаесеттиот век. Како исполнување на ова пророштво (Откровение 6:12) во 1755. година се случил најстрашниот земјотрес кој кога и да е, е забележан. Иако е познат како лисабонски земјотрес, тој се проширил и на поголемиот дел од Европа, Африка и Америка. Се почувствувал во Гренланд, во Западна Индија, на островот Мадеира, во Норвешка и Шведска, Велика Британија и Ирска. Опфатил површина поголема од десет милиони квадратни километри. Во Африка земјотресот се почувствувал речиси исто толку силно како во Европа. Голем дел од Алжир бил уништен, а недалеку од Мароко едно гратче кое имало околу осум до десет илјади жители било проголтано. Огромен бран го зафатил брегот на Шпанија и Африка, поплавувајќи градови и предизвикувајќи голема пустош. {МАР 149.3}

Во Шпанија и Португалија потресот бил најразорен. Во Кадис еден бран, велат очевидците, достигнал речиси осумнаесет метри. ’Некои од највисоките планини во Португалија се потресле речиси до темел...‘

’Земјотресот се случил на денот на еден празник, кога црквите и манастирите биле полни со посетители; и малку луѓе се спасиле‘. Се проценува дека околу деведесет илјади луѓе ги загубиле своите животи во тој кобен ден.“ (Големата борба, стр. 304, 305) {МАР 149.4}

„Колку често слушаме за земјотреси и урагани, за пожари и поплави кои нанесуваат големи загуби во имотите и животите! Наизглед тие несреќи се само изблици на непостојани, неорганизирани и несредени природни сили, сосема надвор од човечката контрола; но во сето тоа се наѕира Божјата намера. Тие спаѓаат во средства со помош на кои Бог настојува во луѓето да разбуди свест за лична опасност.“ (Пророци и цареви, стр. 277) {МАР 149.5}

22 мај

Знаци на небото

„Сонцето ќе се преобрати во темнина, а месечината – во крв, пред да настапи денот Господов, великиот и страшниот.“ (Јоил 3:4) {МАР 150.1}

„Во разговорот со Своите ученици на Маслиновата Гора, опишувајќи го долгиот период на искушенија за црквата, 1260-те години на папските прогонства, за кој ветил дека ќе биде скратен - Спасителот спомнува некои настани што треба да му претходат на Неговото доаѓање и го одредува времето кога првиот од нив треба да се појави: ’Во тие дни, по маките, сонцето ќе потемни и месечината нема да ја дава својата светлина‘ (Марко 13:24). Споменатите 1260 дена или години завршуваат во 1798. година. Четврт век порано, прогонствата речиси сосема престанале. По овие прогонства, според Христовите зборови, сонцето треба да се затемни. Ова пророштво се исполнило на 19. мај 1780. година. {МАР 150.2}

’Речиси осамен меѓу феномените од овој вид стои таинствениот и до денес неразјаснет мрачен ден, 19. мај 1780. година - неразјаснетото затемнување на целото видливо небо и на атмосферата во Нова Англија‘. {МАР 150.3}

’Сонцето изутрината излезе сјајно, но набргу почна да го губи сјајот. Облаците се спуштија многу ниско, а од нивната темнина злокобно светкаа молњи, се слушна грмеж и почна да паѓа ситен дожд. Околу девет часот облаците станаа посветли и добија бакарен изглед; а земјата, карпите, дрвјата, зградите, водата и луѓето изгледаа сосема поинаку од оваа чудна необична светлина. Неколку минути подоцна, целото небо го покри тежок црн облак, со исклучок на тесниот венец на хоризонтот, и темнината стана толку густа, како што тоа обично се случува околу девет часот навечер во летно време...‘ {МАР 150.4}

Описот на овој настан, како што ни го даваат очевидците, е само одглас на Господовите зборови што ги објавил пророкот Јоил две илјади и петстотини години пред да се исполнат: ’Сонцето ќе се преобрати во темнина, а месечината – во крв, пред да настапи денот Господов, великиот и страшниот‘ (Јоил 3:4). {МАР 150.5}

Христос го предупредил Својот народ да внимава на знаците на Неговото доаѓање и да се радува кога ќе ги види знаците за доаѓањето на својот Цар.“ (Големата борба, стр. 306–308) {МАР 150.6}

23 мај

Ѕвездите паѓаат од небото

„И веднаш, по маките на тие дни, сонцето ќе потемни и месечината нема да ја дава својата светлина, и ѕвезди ќе паѓаат од небото, и силите небески ќе се разнишаат.“ (Матеј 24:29) {МАР 151.1}

„Во 1833 година ... се појави последниот знак што го претскажал Исус за Своето второ доаѓање. Исус рекол: ’Ѕвезди ќе паѓаат од небото‘ (Матеј 24:29). И Јован, гледајќи ги во визија сцените што ќе му претходат на денот Господов, пишува: ’ѕвездите, пак, небесни паднаа на земјата, како што смоквата лулана од силен ветар, ги исфрла пупките свои‘ (Откровение 6:13). Ова пророштво се исполни на видлив и необичен начин со метеорскиот дожд на 13. ноември 1833. година. Тоа беше величествена сцена на паѓање на ѕвезди каква што историјата никогаш порано не забележала. ’Целиот небесен свод над Соединетите Држави со часови беше во огнено движење. Никогаш во таа земја, откако била населена, не се појавил природен феномен кој бил набљудуван со толкав восхит од едни, а во исто време со страв и возбуда од други луѓе‘. ’Мнозина уште живо се сеќаваат на таа величествена и свечена глетка... Никогаш не постоел толку густ пороен дожд каков што беше паѓањето на метеори тој ден. На исток, на запад, на север и на југ насекаде се гледаше иста слика. Со еден збор, целото небо беше во движење... Таа сцена, како што ја опишува професорот Силиман во своите весници, можеше да се види над цела Северна Америка... Почнувајќи во два часот изутрината, па сè до јасна дневна светлина, небото беше ведро и без облак и на него можеше да се набљудува постојана игра на блескотни тела‘. {МАР 151.2}

Така се исполни последниот од знаците на Неговото доаѓање за кои Исус им рекол на Своите ученици: ’Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, пред вратата‘ (Матеј 24:33). По овие знаци Јован видел како ’и небото исчезна како свиткана хартија, и секоја гора и секој остров се поместија од местата свои‘, а грешниците со страв се обидувале да побегнат пред доаѓањето на Синот Човечки (Откровение 6:12-17).“ (Големата борба, стр. 333, 334) {МАР 151.3}

„Но Христос не го открил денот и часот на Своето доаѓање. ... Точното време на второто доаѓање на Синот Човечки е Божја тајна.“ (The Faith I Live By, стр. 344) {МАР 151.4}

24 мај

Отоманското Царство во пророштвата

„Кој му зборуваше на шестиот ангел, кај кого беше трубата: ’Ослободи ги четирите ангели, врзани кај големата река Еуфрат!‘ И беа одврзани четирите ангели, кои беа приготвени за часот и денот, за месецот и годината, за да убијат една третина од луѓето.“ (Откровение 9:14,15) {MAP 152.1}

„Историјата на народите кои еден по друг го заземале своето одредено време и простор, несвесно сведочејќи во прилог на вистината чија смисла самите не можеле да ја сфатат, ни се обраќа и на нас. На секој народ и на секој поединец денес, Бог му одредил место во Својот голем план. Денес луѓето и народите се мерат со висулецот во раката на Оној кој не прави грешки. Сите тие со својот сопствен избор ја одредуваат својата судбина, а Бог сè води на начин на кој се исполнуваат Неговите намери. ... {MAP 152.2}

Сè што пророштвото објавило дека ќе се случи сè до нашите денови, е забележано на страниците на историјата, и ние можеме да бидеме сигурни дека по својот ред ќе се исполни и сè она што сè уште треба да се случи.“ (Воспитување, стр. 178) {MAP 152.3}

„Во 1840. година се исполни едно важно пророштво кое го привлече вниманието на луѓето. Две години пред тоа Јосиф Лич, еден од главните проповедници што го објавуваа второто Христово доаѓање, го објави толкувањето на деветтата глава од Откровението која предвидува пад на Отоманската империја. Според неговите пресметки, оваа сила требаше да биде соборена во август 1840. година. Неколку дена пред тоа тој пишуваше: ’Ако прифатиме дека првиот период од 150 години точно се исполнил, пред Константин XI, со дозвола на Турците, да стапи на престол, и дека 391 година и 15 дена почнуваат кога завршува првиот период, тогаш тие треба да завршат на 11. август 1840. година, кога може да се очекува пад на Отоманската власт во Цариград. И јас цврсто верувам дека така ќе биде‘. {MAP 152.4}

Точно во одреденото време Турција, преку свој пратеник, прифати заштита од големите европски сили и така беше ставена под контрола на христијанските народи. Со овој настан пророштвото точно се исполни ... Кога беше објавено тоа, мнозина се осведочија дека се исправни начелата на толкувањето на пророштвата усвоени од Милер и неговите соработници, што придонесе адвентното движење да добие голем поттик.“ (Големата борба, стр. 334, 335) {MAP 152.5}

25 мај

Ниско ниво на моралот

„А блудство и секаква нечистота или, пак, користољубивост воопшто да не се спомнуваат меѓу вас, како што им прилега на светии,“ (Ефесјаните 5:3) {МАР 153.1}

„Она што денес загрижува е вулгарноста во разговорите, а тоа покажува ниско ниво на размислувањето и моралот. Многу ретко може да се најде вистинско достоинство на карактерот, како и вистинска скромност и воздржаност. Малкумина се чисти и неизвалкани. ... Нечистите мисли што се негуваат стануваат навика, па душата е посрамотена и осквернета. Кога еднаш ќе се направи грев, таа дамка ништо не може да ја избрише освен Христовата крв. Ако навиката не се совлада со цврста одлука, душата останува расипана и од тој нечист извор течат потоци што ги расипуваат и другите. {МАР 153.2} {МАР 153.3}

Има мажи и жени што ги повикуваат искушенијата; се изложуваат на места каде што ќе бидат искушувани, каде што не можат да избегнат искушение додека се во лошо друштво. Најдобриот начин да се држат подалеку од гревот е претпазливо да одат во вистинската насока во секое време и во сите околности, и никогаш да не постапуваат според моментните чувства. Одете во Божји страв и ќе бидете сигурни дека постапувате правилно.“ (In Heavenly Places, стр. 197) {МАР 153.4}

„Секој ден се зголемуваат моралните опасности на кои се изложени и старите и младите. Моралната растроеност, која ја нарекуваме порочност, наоѓа доволно простор за своето дејствување, а влијанието на мажите, жените и младите што се претставуваат како христијани е ниско, телесно и ѓаволско. ... {МАР 153.5}

Оние што ја запознале вистината, а не вршат дела во согласност со своето исповедање на верата, се подложни на сатанските искушенија. На секој чекор се среќаваат со опасности. Доаѓаат во допир со злото, гледаат глетки и слушаат звуци што ќе ги разбудат нивните нескротени страсти. Подложни се на влијанија што ги наведуваат да го изберат злото наместо доброто, зашто срцата не им се исправни. ... {МАР 153.6}

Ништо не ни е толку потребно како подготвувањето на младите мажи и жени да бидат морално чесни и да ги исчистат своите души од секоја дамка, нечистотија и морална осквернетост.“ (In Heavenly Places, стр. 196) {МАР 153.7}

26 мај

Фанатизам и зборување на јазици

„И пророчките духови им се покоруваат на пророците; зашто Бог не е Бог на безредие, туку на мирот. Како што е по сите цркви меѓу светиите," (1 Коринтјаните 14:32,33) {МАР 154.1}

„Одреден број на верници на Истокот е заразен со духот на фанатизмот. Од Изворот на вистината тие добиле само по некоја голтка и многу малку знаат за пораката на Третиот ангел. За таквите не може ништо да се направи сè додека не се ослободат од своите фанатички гледишта. ... {МАР 154.2}

Поединци од тоа движење имаат наводно и некои дарови добиени од Бог. Тие испуштаат некои неартикулирани гласови што ги нарекуваат странски јазици, а кои се потполно неразбирливи не само за луѓето, туку и за Господ и целото небо. Овие дарови ги измислуваат мажите и жените потпомогнати од големиот измамник. Фанатизмот, лажното возбудување, неразбирливите јазици и дигањето врева, тие ги сметаат за дарови што Бог ги дал во Својата црква. На тој начин уште некои се вовлечени во таа заблуда, и плодовите од сето тоа се многу зли. ... {МАР 154.3}

Има многу немирни духови кои не се подготвени да се потчинат на дисциплината и не прифаќаат никаков систем и поредок. Тие сметаат дека да се подреди сопственото сфаќање на расудувањето на поискусните значи ограничување на личната слобода. Божјото дело нема да напредува сè додека сите не покажат подготвеност да се потчинат на редот и поредокот, а неодговорниот и нескротлив дух на фанатизмот не биде протеран од нашите богослужења. Површните впечатоци и чувства не се сигурен доказ дека некои личности се водени од Бог. Слични впечатоци и чувства, ако во тоа не го спречиме, може да предизвика и сатаната. Затоа не можеме со сигурност да се потпреме на емоциите. Сите треба со внимателно проучување добро да се запознаат со доказите на нашата вера, за своето исповедање да можат да го украсат со донесување соодветни плодови на слава на Бога. ...

Треба да се отфрли ситничарењето, несериозноста и немарноста. Не е никаков знак дека Божјата благодат го трогнала срцето на некоја личност, што на собирите зборува така талентирано и толку убаво се моли, кога штом ќе го напушти богослужението се однесува грубо и немарно. ... {МАР 154.4}

Божјата вистина никогаш не понижува, туку напротив, го воздигнува оној што ја прима, го облагородува неговиот вкус, го посветува неговото расудување и го усовршува за друштво со светите и чисти ангели во Божјото царство." (Сведоштва за црквата, том 1, стр. 411–415) {МАР 154.5}

27 мај

Сè проверувајте

„Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат во овча кожа, а одвнатре се волци грабливи.“ (Матеј 7:15) {МАР 155.1}

„Во делото на кое Божјото провидение нè повика мојот сопруг и мене, уште од самиот почеток во 1843 и 1844 година, Господ размислуваше и планираше за нас и ги извршуваше Своите намери преку Своите живи орудија. Често ни беа покажувани погрешните патеки, а вистинските и сигурни патеки беа јасно определени во секој потфат поврзан со делото што ни беше доверено, па со сигурност можам да кажам дека не сум во незнаење за орудијата на сатаната, ниту за Божјите патишта и дела. Моравме да ги напрегнеме сите сили на својот ум, потпирајќи се на Божјата мудрост да нè води во нашите истражувања, бидејќи моравме да ги разгледуваме различните теории што ни го привлекуваа вниманието, мерејќи ги нивните добри и лоши страни во светлината што зрачи од Божјата Реч и сведоштвата, за да не бидеме измамени или да не ги измамиме другите. Својата волја и својот животен пат Му ги предадовме на Бога и најискрено се молиме за Неговата помош, која никогаш не ја бараме напразно. Многуте години болно искуство во работата за Бога ме запознаа со сите видови лажни движења. Многупати бев испратена на различни места со пораката: ’Имам работа за тебе на тоа место; Јас ќе бидам со тебе.‘ Кога ќе дојдеше времето, Господ ми даваше порака за оние што имаа лажни соништа и виденија, а јас во Христовата сила го изнесував своето сведоштво на Господовиот повик. ... {МАР 155.2}

Во изминатите четириесет и пет години морав да се среќавам со луѓе што тврдеа дека добиле од Бога предупредувачки пораки за другите. Овој облик на верски фанатизам се шириле уште од 1844 година. Сатаната работеше на многу начини за да ги утврди погрешните учења. Некои нешта изнесени во овие виденија се исполнија, но многу од она што се однесуваше на времето на Христовото доаѓање, на крајот на времето на проверката и на настаните што требаше да се случат, се докажа како целосно лажно. ... {МАР 155.3}

’Пазете како слушате‘ (Лука 8:18) е Христовото предупредување. ... Внимателно испитувајте, ’Сè испитувајте‘ (1 Солунјаните 5:21). ... Ова е Божјиот совет; дали ќе го послушаме?“ (Selected Messages, книга 2, стр. 75–79) {МАР 155.4}

28 мај

Фалсификати!

„Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина.“ (Исаија 8:20) {МАР 156.1}

„Божјиот народ е упатен на Писмото како заштита од влијанието на лажните учители и измамничките сили на духовите на темнината. Сатаната го употребува секое можно средство за да ги спречи луѓето да стекнат знаење од Библијата, зашто нејзините едноставни изјави ги откриваат неговите измами. При секое оживување на Божјото дело кнезот на злото станува уште поактивен. Тој сега ги вложува своите крајни напори за последната битка против Христос и Неговите следбеници. Последната голема измама наскоро ќе се покаже пред нас. Антихристот треба да ги изврши своите восхитувачки дела пред нашите очи. Фалсификатот толку ќе личи на оригиналот што ќе биде невозможно да се разликува, освен со помош на Светото Писмо. Тоа мора да ја потврди вистинитоста на секоја изјава и на секое чудо. ... {МАР 156.2}

Човекот што ја проверува својата вера преку правењето чуда ќе открие дека сатаната може измамнички да прави чуда што изгледаат вистински. {МАР 156.3}

Сатаната е лукав работник и ќе се послужи со подмолни заблуди за да го помрачи и збуни умот и да го искорне од него учењето за спасението. Оние што не ја прифаќаат Божјата Реч и она што е напишано во неа ќе бидат фатени во неговата стапица. {МАР 156.4}

Злите демони во секој миг се на нашиот пат. ... Тие подготвуваат нов терен и прават чуда пред нашите очи. ... Некои ќе бидат искушувани да ги прифатат овие чуда како да се од Бога. Болните ќе бидат исцелувани пред нас. Чуда ќе се случуваат пред нашите очи. {МАР 156.5}

Дали сме подготвени за искушенијата што нè очекуваат кога ќе има уште повеќе лажни сатански чуда? Зар мнозина нема да бидат фатени во стапица и заведени? Оддалечувајќи се од едноставните прописи и Божјите заповеди и обрнувајќи внимание на басни, умовите на мнозина се подготвуваат да поверуваат во овие лажни чуда. Сите ние сега мораме да се вооружиме за битката во која наскоро ќе учествуваме. Верата во Божјата Реч, проучувана со молитва и применувана во животот, ќе биде наш штит од сатанската сила и ќе нè направи победници преку Христовата крв.“ (Revival and Beyond, стр. 47, 48) {МАР 156.6}

29 мај

Пазете се од оние што негуваат дух на поделба!

„И им рече Исус на учениците Свои: ’Доаѓањето на соблазните е неизбежно, но тешко на оној преку кого доаѓаат;‘“ (Лука 17:1) {МАР 157.1}

„Бог ги собира луѓето и ги подготвува да бидат како еден, обединети, да зборуваат исто и да ја остварат Христовата молитва за Неговите ученици. ... ’за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно...‘ {МАР 157.2}

Постојано се појавуваат групи што веруваат дека Бог е само со неколкумина, со ретките, а нивното влијание треба да го разурне и растрои она што го градат Божјите слуги. ... Луѓето што вложуваат секаков напор да бидат едно во согласност со Божјата Реч и што се утврдени во третата ангелска порака, тие ги гледаат со сомневање затоа што ја извршуваат својата задача и ги собираат душите кон вистината. Ги сметаат за световни затоа што имаат влијание во светот. ... {МАР 157.3}

Еден човек станува и изјавува дека Бог го води, а го застапува кривото учење дека нема воскресение за безбожните. ... Други изнесуваат погрешни гледишта за иднината. ... Сите сакаат целосна верска слобода, секој е независен од другиот, а сепак изјавуваат дека Бог посебно работи во нивните редови. ... Овие луѓе не се разумни. Живеат во лажна возбуда, а ние знаеме дека ја немаат вистината. ... Да даде Бог да се поправат или да го напуштат празнувањето на саботата. Тогаш не би им биле пречка на неверниците. ... {МАР 157.4}

Бог се гневи на оние што упорно настојуваат светот да ги замрази. Ако христијанинот е мразен поради своите добри дела и затоа што Го следи Христос, ќе добие награда. Но ако го мразат затоа што не сака да биде сакан, затоа што е неучтив и се кара со своите соседи околу прашањата на вистината и затоа што настојува саботата да им ја направи што е можно понеподнослива, тој е камен за сопнување на грешниците, срам за светата вистина, и сè додека не се покае, подобро би му било да врзе воденички камен околу вратот и да се фрли во морето.“ (Spiritual Gifts, том 4, стр. 158–160) {МАР 157.5}

30 мај

Последици од лажните виденија

„Секое дрво, што не дава добар плод, го сечат и го фрлаат во оган. И така, по нивните плодови ќе ги познаете.“ (Матеј 7:19,20) {МАР 158.1}

„Неколкумина што сега живеат (1890) се сомневачи, не веруваат во даровите на црквата, немаат вера во вистината и воопшто не се религиозни. Ми беше покажано дека станале такви како последица на лажните виденија. ... {МАР 158.2}

Сатаната ... постојано лаже за да ги оддалечи од вистината. Последната сатанска измама ќе биде сведоштвото на Божјиот Дух да не влијае врз никого. ’Без откровение одозгора народот е нескротлив‘ (Изреки 29:18). Сатаната вешто ќе работи на различни начини и преку различни орудија за да ја поколеба довербата на Божјиот остаток во вистинското сведоштво. Ќе дава лажни виденија за да измами, ќе ја меша лагата со вистината и ќе им омрази на луѓето сè што го носи името видение како пример за фанатизам; но искрените души, споредувајќи го лажното со вистинското, ќе можат да ја забележат разликата. ... {МАР 158.3} {МАР 158.4}

Ништо не е поштетно за душата, за нејзината чистота, вистинољубивост и свето разбирање на Бога, на светите и вечни нешта, отколку величењето и упорното обрнување внимание на она што не е од Бога. Тоа го труе срцето и го расипува расудувањето. Чистата вистина доаѓа од божествениот Извор и со своето влијание го воздигнува, облагородува и посветува карактерот на оној што ја прима. Зачетникот на вистината вака Му се молел на Својот Отец: ’Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил‘ (Јован 17:20,21). {МАР 158.5}

Постојано ќе се случува нешто што ќе предизвикува разединетост и ќе ги оддалечува луѓето од вистината. Сомневањето, критикувањето, обвинувањето и осудувањето на другите не се доказ за Христовата благодат во срцето. Тоа не донесува единство. Такво нешто се случувало во минатото, кога луѓето изјавувале дека имаат прекрасна светлина, а биле длабоко потонати во грев.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 78, 79) {МАР 158.6}

31 мај

Застанување во редовите

„Нека го видат тоа оние што страдаат и нека се зарадуваат. Нека ви живнат срцата вам, кои Го барате Бога.“ (Псалми 69:32) {MAP 159.1}

„Ваша предност е да се радувате во Господа и да уживате во познавањето на Неговата благодат што ве одржува во живот. Неговата љубов нека ги обземе умот и срцето. Бдејте да не станете преморени, изедени од грижи, потиштени. Изнесувајте сведоштво што воздигнува. Тргнете го својот поглед од она што е мрачно и обесхрабрувачко и гледајте кон Исус, нашиот голем Водач, под Чиј буден надзор сегашната вистина, на која ѝ го даваме својот живот и сè друго, е предодредена славно да победи. ... {MAP 159.2}

О, нека се види ... дека Исус живее во срцето, ве поддржува, ве зајакнува, ве теши. Ваша предност е од ден на ден да примате богата мерка од Неговиот Свет Дух и да имате широк поглед врз значењето и опсегот на пораката што му ја објавуваме на светот. Господ сака да ви открие чудесни нешта од Својот закон. Чекајте Го со понизно срце. Молете се најискрено за разбирање на времето во кое живееме, за поцелосно познавање на Неговата намера и за поголема делотворност во спасувањето на душите. ... {MAP 159.3}

Добро би било за нас да сфатиме што наскоро ќе дојде врз земјата. Ова не е време за безначајни нешта и себичност. Ако времето во кое живееме не може сериозно да влијае врз нашиот ум, што тогаш може? ... {MAP 159.4}

Сега се потребни луѓе со здраво расудување. Бог ги повикува на целосна реформа оние што сакаат да бидат водени од Светиот Дух. Ја гледам кризата што е пред нас, а Господ ги повикува Своите работници да застанат во редовите. Секоја душа треба да развива подлабока, повистинска посветеност на Бога отколку досега. ... {MAP 159.5}

Длабоко ме трогнаа сцените што неодамна ми беа покажани во ноќно видение. Се чинеше дека се одвива големо движење — дело на оживување што напредуваше на многу места. Нашиот народ застануваше во редовите, одзивајќи се на Божјиот повик. ... Зар нема да обрнеме внимание на Неговиот глас? Зар нема да ги подготвиме своите светилки и да дејствуваме како луѓе што сакаат нивниот Господ да дојде? Времето е такво што повикува на носење светлина, на дејствување.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 399–402) {MAP 159.6}

1 јуни

Идните настани се јасно откриени

„Зашто Господ Бог не прави ништо додека не им ја открие тајната Своја на Своите слуги – пророците.“ (Амос 3:7) {МАР 160.1}

„Настаните што се поврзани со крајот на времето на милоста и со делото на подготовката за времето на неволјата јасно ни се изнесени. Но постојат илјадници такви кои не ги сфаќаат овие важни вистини, како никогаш да не им биле откриени. Сатаната будно внимава за да спречи секакво влијание кое би можело да ги вразуми на спасение; и така времето на неволјата ќе ги најде неподготвени.“ (Големата борба, стр. 594) {МАР 160.2}

„Како што се приближуваме кон крајот на историјата на овој свет, пророштвата што се однесуваат на последните денови бараат посебно да ги проучуваме. Последната книга на Новиот завет е полна со вистини што мораме да ги разбереме.“ (Христовите параболи, стр. 133) {МАР 160.3}

„Свечените вести кои со својот ред се дадени во Откровението треба да го заземат првото место во мислите на Божјиот народ. ... {МАР 160.4}

Драгоценото време бргу минува и постои опасност мнозина да бидат лишени од времето кое би требало да го посветат на објавување на веста која Бог ја испратил на паднатиот свет. На сатаната му е угодно кога ќе види дека вниманието кое треба да се посвети на проучување на вистината за вечните стварности се обрнува на некој друг предмет. {МАР 160.5}

На светот мора да му се објави Христовото сведоштво кое има најсвечено обележје. Низ целата книга на Откровението се наоѓаат најдрагоцени, највозвишувачки ветувања, а исто така и предупредувања кои имаат страшно и сериозно значење. Зар оние кои тврдат дека ја познаваат вистината нема да го проучат сведоштвото кое самиот Христос го дал на Јован? Тука нема нагаѓање, нема научни измами. Тука се наоѓаат вистини кои се однесуваат на нашата сегашна и идна благосостојба. Што е сламата во споредба со житото?“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 302) {МАР 160.6}

„Само оние кои вредно го проучуваат Светото Писмо и кои имаат љубов кон вистината, ќе бидат заштитени од оваа моќна измама што ќе го зароби сиот свет. Со помош на сведоштвата на Светото Писмо тие ќе го откријат маскираниот измамник. Сите ќе бидат ставени на проба. Решетањето предизвикано од ова искушение ќе ги открие вистинските христијани. Дали Божјиот народ денес е толку цврсто втемелен во Неговото слово за да не се потпира врз своите сетила? Дали во таквата криза ќе се потпира врз Библијата, и само врз Библијата?“ (Големата борба, стр. 625) {МАР 160.7}

2 јуни

Подготовка за она што следи

„Побарајте Го Господа, сите скромни на земјата, вие што ги извршувате законите Негови; побарајте ја правдата, побарајте ја понизноста; можеби ќе бидете заштитени во денот на гневот Господов.“ (Софонија 2:3) {МАР 161.1}

„Збрката го исполнила светот, а голем страв наскоро ќе го зафати човечкиот род. Крајот е многу близу. Божјиот народ треба да се подготвува за она што како големо изненадување ќе се урне врз овој свет.“ (Совети за детето, стр. 555) {МАР 161.2}

„Наскоро ќе настапи ’време тешко, какво што немало откако постојат луѓето‘ (Даниел 12:1), и тогаш ќе ни биде потребно искуство што сега го немаме, а кое мнозина занемаруваат да го стекнат. Често се случува очекуваната неволја да ја преувеличуваме повеќе отколку што е во стварноста, но тоа не е случај со кризата што е пред нас. Ниту најбујната мечта не може да замисли колку тешко ќе биде искушението. Во тоа време на искушение секоја душа ќе мора да стои сама за себе пред Бога. Ако Ное, Даниел и Јов беа на земјата: ’жив сум Јас, вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни ќерките; со својата праведност тие би ги спасиле само своите души‘ (Езекиел 14:20).“ (Големата борба, стр. 622, 623) {МАР 161.3}

„Последниот голем судир меѓу вистината и заблудата е само последната битка на долготрајната борба против Божјиот закон. Во овој судир ние сега влегуваме - судир меѓу човечките закони и прописите на Јехова, меѓу религијата што е втемелена на Библијата и религијата што е втемелена на приказни и преданија.“ (Големата борба, стр. 582) {МАР 161.4}

„Треба да ги проучуваме големите патокази што укажуваат на времето во кое живееме. ... Сега треба најсесрдно да се молиме да бидеме подготвени за битките на големиот Божји ден.“ (Our High Calling, стр. 340) {МАР 161.5}

„Оние кои се стават под Божја власт, Тој да ги води и упатува, ќе го увидат текот на настаните кои треба да следат онака како што се одредени од Него. Вдахновени со Духот на Оној Кој го дал Својот живот за светот, тие нема веќе немоќно да стојат, укажувајќи на тоа што тие не можат да направат. Ставајќи го на себе небесниот оклоп, тие ќе одат во борба, со волја да работат и да се излагаат на опасност за Бога, знаејќи дека Неговата семоќ ќе им даде сè што им е потребно.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 14) {МАР 161.6}

3 јуни

Подготовката на сатаната за последниот судир

„И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури ќе си помисли да ги измени празниците нивни и закони, па тие ќе бидат предадени во раката негова за време од три и пол години.“ (Даниел 7:25) {МАР 162.1}

„Големиот непријател на човековата среќа во вековите на христијанската ера најжестоко ја нападнал саботата од четвртата заповед. Сатаната вели: ’Ќе ја осуетам Божјата намера. Ќе ги овластам своите следбеници да го тргнат Господовиот спомен — саботата, седмиот ден. Ќе му прикажам на светот дека денот кој Бог го осветил и благословил е променет. Тој ден не смее да живее во мислите на луѓето. Ќе го избришам и споменот за него. На негово место ќе го поставам денот кој не носи Божји печат, ден кој не може да биде знак помеѓу Бога и Неговиот народ. И ќе ги наведам оние кои го прифаќаат тој ден да му ја придаваат онаа иста светост која Бог ја дал за седмиот ден. {МАР 162.2}

Со помош на својот намесник ќе се воздигнам себеси. Ќе го уважувам првиот ден и така протестантите ќе ја прифатат лажната сабота наместо вистинската. Преку непочитување на саботата која Бог ја воспоставил ќе ги наведам луѓето да го презрат Неговиот закон. Зборовите ’знак меѓу Мене и вас од колено до колено‘, ќе направам да служат во чест на мојата сабота. {МАР 162.3}

Така светот ќе ми припаѓа мене. Ќе владеам со земјата и ќе бидам господар на светот. Јас така ќе ги контролирам умовите коишто се под моја контрола така што Господовата сабота ќе стане предмет на посебен презир. Каков знак ќе биде тоа? Ќе направам празнувањето на саботата да претставува знак на непокорност кон власта. Човечките закони ќе бидат така строги што луѓето нема ни да се осмелуваат да ја празнуваат саботата како седми ден. Од страв да не останат без храна и облека, тие ќе се приклучат на светот кој го престапува Божјиот закон. Земјата ќе биде целосно под моја власт‘.“ (Пророци и цареви, стр. 183, 184) {МАР 162.4}

„Саботата ќе биде голем тест на верноста, зашто таа е точка на вистината што е посебно оспорувана. Кога луѓето ќе бидат ставени пред последната проба, тогаш ќе биде повлечена линија на разграничување меѓу оние што Му служат на Бога и оние што не Му служат.“ (Големата борба, стр. 605) {МАР 162.5}

4 јуни

Ѓаволската стратегија против празнувачите на саботата

„Па зар до Тебе ќе се приближи престолот безбожнички, оној што работи спротивно на законот Твој? Ја ловат душата на праведниот и осудуват невини на смрт.“ (Псалми 94:20,21) {MAP 163.1}

„Како што Божјиот народ се приближува кон опасностите на последните денови, сатаната сериозно се советува со своите ангели за да го смислат најуспешниот план за уништување на неговата вера. ... Големиот измамник вели: ’... Саботата е големото прашање околу кое ќе се решава судбината на душите. Мораме да ја издигнеме саботата што ја создадовме ние. Направивме да ја прифатат и световните луѓе и членовите на црквата. Сега треба да ја наведеме црквата да се соедини со светот и да ја добие неговата поддршка. Мораме да употребуваме знаци и чуда за да им ги заслепиме очите за вистината и да ги наведеме да ги остават настрана разумот и стравопочитта кон Бога и да ги следат обичаите и преданието. {MAP 163.2} {MAP 163.3}

Ќе влијаам врз угледните проповедници да го одвратат вниманието на своите слушатели од Божјите заповеди. ... Но наша најитна грижа е да ја замолчиме оваа секта што ја почитува саботата. Мораме да го разбудиме гневот на луѓето против нив. Ќе ги придобиеме на своја страна големите и мудрите луѓе и ќе ги поттикнеме оние што се на власт да ги извршат нашите намери. Тогаш саботата што ја воспоставив јас ќе биде наметната со најстроги и најтешки закони. Оние што ќе ги отфрлат ќе бидат протерани од градовите и селата, да гладуваат и да живеат во немаштија. Штом ја добиеме власта, ќе покажеме што можеме да правиме со оние што нема да сакаат да ја напуштат својата заедница со Бога. ... Сега, кога ги доведуваме протестантските цркви и светот во согласност со оваа наша силна десница, конечно ќе имаме закон со кој ќе ги уништиме сите што нема да сакаат да ѝ се покорат на нашата власт. Кога ќе биде донесена смртната казна за прекршување на нашата сабота, мнозина што сега се во редовите на оние што ги држат заповедите ќе преминат на наша страна. {MAP 163.4} {MAP 163.5}

Но пред да преминеме кон овие крајни мерки, мораме ... да ги фатиме во стапица празнувачите на вистинската сабота. Мнозина можеме да ги одвоиме од Христос преку световноста, похотта и гордоста. Можат да мислат дека се сигурни затоа што веруваат во вистината, но попуштањето на апетитот или на ниските страсти, кои ќе им го помрачат расудувањето и ќе им ја уништат способноста за разликување, ќе го предизвика нивниот пад.‘“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 472, 473) {MAP 163.6}

5 јуни

Поставување на ликот на sверот

„И ги мамеше земните жители со чудата што му беа дадени да ги врши пред sверот, велејќи им на земните жители да му направат биста на sверот, кој имаше рана од меч и остана жив.“ (Откровение 13:14) {МАР 164.1}

„Ликот на sверот ќе се појави пред да заврши времето на проверката; тоа ќе биде најголемиот испит за Божјиот народ, на кој ќе биде решена неговата вечна судбина. ... Во Откровение 13 ова прашање е јасно прикажано: ’И видов друг sвер како излегува од земјата. Тој имаше два рога како кај јагне и зборуваше како змевот. Ја извршува сета власт на првиот sвер во негово присуство и ја присилува целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот sвер, чија смртна рана се беше исцелила‘. Тогаш се открива силата што прави чуда: ’И ги мамеше земните жители со чудата што му беа дадени да ги врши пред sверот, велејќи им на земните жители да му направат биста на sверот, кој имаше рана од меч и остана жив. И му се даде да вложи дух во бистата на sверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат пред бистата на sверот. И ќе направи на сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови – да им се стави белег на десната рака или на челата нивни, та никој да не може ни да купува, ниту да продава, освен оние што го имаат тој белег, или името на sверот, или бројот на името негово‘. {МАР 164.2} {МАР 164.3}

Ова е испитот на кој Божјиот народ мора да биде подложен пред да биде запечатен. Сите што ќе ја докажат својата верност кон Бога, почитувајќи го Неговиот закон и одбивајќи да ја прифатат лажната сабота, ќе застанат под знамето на Господ Бог Јехова и ќе го примат печатот на живиот Бог. Оние што ја отфрлаат вистината од небесно потекло и ја прифаќаат неделата како сабота ќе го примат жигот на sверот. ...“ (Letter 11, 1890) {МАР 164.4}

„Додека Јован ги гледал последните големи борби на Црквата со земните сили, исто така му било дозволено да ја види крајната победа и ослободувањето на верните. ... Меѓутоа, погледнувајќи над димот и борбената викотница на оваа битка, тој на гората Сион со Јагнето видел поворка спасени кои, наместо белегот на sверот ’го имаа на челата свои напишано името на Неговиот Отец‘ (Откровение 14:1).“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 752) {МАР 164.5}

6 јуни

Отпадништвото го подготвува патот

„Никој да не ве измами на ниеден начин; зашто оној ден нема да настапи додека најнапред не дојде отпаѓање и не се открие Човекот на гревот, Синот на погибелта,“ (2 Солунјаните 2:3) {МАР 165.1}

„Кога црквата на почетокот се расипала, оддалечувајќи се од едноставноста на евангелието и прифаќајќи ги незнабожечките обичаи и обреди, таа го загубила Духот и Божјата сила; а за да може да владее над совеста на луѓето, таа барала поддршка од државните власти. Како резултат на тоа се појавило папството - се појавила црква која владеела над државата и истата ја користела за постигнување на своите цели, особено за казнување на ‘еретиците’. ... {МАР 165.2}

Секогаш кога црквата во свои раце ја имала државната власт, таа ја употребувала да ги казни оние кои не го прифаќале нејзиното учење. Протестантските цркви, кои оделе по стапките на Рим, соединувајќи се со световните власти, покажале слична желба да ја ограничат слободата на совеста. Пример за тоа е Англиканската црква која долго време ги прогонувала оние што не се согласувале со нејзиното учење. Во текот на шеснаесеттиот и седумнаесеттиот век илјадници проповедници, што се осмелиле да мислат поинаку, биле присилени да ги напуштат своите цркви, и многу пастори и членови биле изложени на казни, затвор, тортура и маченичка смрт. {МАР 165.3}

Токму отпадот уште во почетокот ја навел црквата да побара помош од државата, а тоа го подготвило патот за развојот на папството, sверот. Павле рекол: ’зашто оној ден нема да настапи додека најнапред не дојде отпаѓање и не се открие Човекот на гревот‘ (2. Солунјаните 2:3). Значи, отпадот во црквата ќе му го подготви патот на ликот на sверот.“ (Големата борба, стр. 443, 444) {МАР 165.4}

„Укажувајќи на тоа време, Светото писмо кажува дека сатаната ќе работи со сета сила и ’секакво неправедно измамување‘. (2. Солунјаните 2:9,10). Неговото дејствување се огледува во сѐ поголемата темнина, во многуте заблуди, ереси и измами во последните денови. Не само што сатаната го поробува светот, туку неговите заблуди се протегаат и во црквите кои исповедаат дека се Христови. Големото отпадништво ќе се претвори во полноќна темнина. За Божјиот народ тоа ќе биде ноќ на искушенија, плач и прогонство заради вистината. Но од таа мрачна ноќ ќе заблеска Божјата светлина.“ (Пророци и цареви, стр. 717) {МАР 165.5}

7 јуни

Улогата на спиритизмот во измамата

„Возљубени, не верувајте му на секој дух, туку проверувајте ги духовите: дали се од Бога, бидејќи многу лажни пророци се јавија во светот.“ (1 Јованово 4:1) {МАР 166.1}

„Многумина ќе се фатат во стапица верувајќи дека спиритизмот е само обична човечка измама, но кога ќе се соочат со појави кои ќе мораат да ги признаат за натприродни, тие ќе бидат измамени и наведени да ги прифатат како голема Божја сила.“ (Големата борба, стр. 553) {МАР 166.2}

„Кога црквите еднаш ќе го прифатат учењето на спиритизмот, тогаш ќе бидат отстранети бариерите што му биле наметнати на телесното срце, а исповедањето на верата станува само наметка која ќе ги покрива најниските пороци. Верувањето во спиритистичките манифестации ги отвора вратите за ’измамнички духови и злодуховски учења‘ (1. Тимотеј 4:1), и на тој начин во црквите ќе се почувствува влијанието на злите ангели.“ (Големата борба, стр. 603, 604) {МАР 166.3}

„Популарните проповедници не се во состојба успешно да се спротивстават на спиритизмот. Тие немаат ништо со што би можеле да го заштитат своето стадо од неговото разорно влијание. Одговорноста за жалните последици од спиритизмот, во голема мерка е на проповедниците на нашето време, бидејќи ја отфрлиле вистината, а место неа прифатиле човечки измислици.“ (Сведоштва за црквата, том 1, стр. 344) {МАР 166.4}

„Сатаната одамна се подготвува за својот последен напор да го измами светот. Тој поставил темел за својата работа со уверувањето што ѝ го дал на Ева во Едем: ’Не, нема да умрете! Но... оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло‘ (Создавање 3:4,5). Малку по малку го подготвил патот за својата најголема измама во развојот на спиритизмот. Тој сè уште не ги остварил во целост своите намери, но ќе ги оствари во последното време. Пророкот вели: ’И видов... три нечисти духа, како жаби; зашто тоа се ѓаволски духови кои прават чуда; тие одат кај царевите на целиот свет, за да ги соберат за војна во оној голем ден на Бог Седржителот‘ (Откровение 16:13,14). Со исклучок на оние што ќе ги сочува Божјата сила со вера во Неговото слово, во оваа измама ќе биде вовлечен цел свет. Народот, успиен во кобна сигурност, ќе се разбуди дури тогаш кога врз него ќе почне да се излева Божјиот гнев.“ (Големата борба, стр. 561, 562) {МАР 166.5}

8 јуни

Духовите и прашањето на неделниот закон

„Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина.“ (Исаија 8:20) {MAP 167.1}

„Чудотворната моќ што се манифестира преку спиритизмот, ќе го употреби своето влијание против оние што ќе изберат повеќе да Му се покоруваат на Бога отколку на луѓето. Во своите соопштенија, духовите ќе нагласуваат дека самиот Бог ги испратил да ги осведочат противниците на неделата дека се во заблуда и да потврдат дека земните закони треба да се почитуваат како Божјиот закон. Тие ќе го оплакуваат големиот неморал и расипаноста што владеат во светот, поддржувајќи го тврдењето на верските учители дека опаѓањето на моралот е предизвикано со сквернавењето на неделата. Оние кои ќе одбијат да го прифатат нивното сведоштво против себе ќе предизвикаат страшно негодување.“ (Големата борба, стр. 590, 591) {MAP 167.2}

„Оние што ќе му се спротивстават на учењето на спиритизмот, за противници ќе ги имаат не само луѓето, туку и сатаната и неговите ангели. Тие влегуваат во борба против властите и против силите на темнината од овој век. Сатаната нема да даде ниту еден центиметар од земјата, освен ако биде потиснат со силата на небесните гласници. Божјиот народ треба да биде способен да му се спротивстави како и нашиот Спасител со зборовите: ’Пишано е!‘ Сатаната и денес може, како и во Исусово време, да го цитира Светото Писмо, и тој ќе го изопачува неговото учење за да ги поткрепи своите заблуди. Оние што сакаат да опстанат во ова време на опасност, мораат самите добро да го познаваат сведоштвото на Светото Писмо. {MAP 167.3}

Мнозина ќе се соочат со ѓаволските духови што ќе им се појават како нивни мили роднини и пријатели објавувајќи им најопасни заблуди. Овие посетители ќе влијаат врз нашите најнежни чувства и ќе прават чуда за да ги поткрепат своите тврдења. Мораме да бидеме подготвени да им се спротивставиме со библиската вистина дека мртвите не знаат ништо и дека тие што се јавуваат така всушност се ѓаволски духови.“ (Големата борба, стр. 559, 560) {MAP 167.4}

„Сатанските поданици во човечко обличје ќе учествуваат во овој последен голем судир за да се спротивстават на воспоставувањето на Божјото царство. Но и небесните ангели, преправени во човечко обличје, ќе бидат на бојното поле. Двете спротивставени страни ќе постојат сè додека не се затвори и последното големо поглавје од историјата на светот.“ (Review and Herald, 5 август 1909) {MAP 167.5}

9 јуни

Лажно будење

„Тогаш ќе се открие и беззаконикот, кого што Господ (Исус) ќе го убие со здивот на устата Своја и преку појавата на Своето доаѓање ќе го истреби. Доаѓањето на тој беззаконик ќе биде по дејство на сатаната, со секаква сила и знаци и лажни чудеса,“ (2 Солунјаните 2:8,9) {MAP 168.1}

„Во своето второ послание до Солунјаните Павле го опишува дејствувањето на сатаната низ спиритизмот како нешто што ќе се случува непосредно пред второто Христово доаѓање. Зборувајќи за манифестацијата на ова зло токму пред второто Христово доаѓање, Павле меѓу другото кажува: ’Доаѓањето на тој беззаконик ќе биде по дејство на сатаната, со секаква сила и знаци и лажни чудеса‘ (2. Солунјаните 2:9).“ (Патријарси и пророци, стр. 686) {MAP 168.2}

„Пред Бог да ги излее своите судови на светот, меѓу Неговиот народ ќе се јави такво оживување на вистинска побожност, какво што не се видело од времето на апостолите. Врз Божјите деца ќе се излеат Неговиот Дух и Неговата сила. Во тоа време мнозина ќе ги напуштат црквите во кои љубовта кон светот го зазела местото на љубовта кон Бога и кон Неговото слово. Многу проповедници и верници со радост ќе ги прифатат оние големи вистини што ќе ги даде Бог да се објавуваат во тоа време за да го подготват народот за второто Господово доаѓање. Непријателот на душите ќе сака да го спречи ова дело; и пред да настапи времето на тоа движење, ќе се обиде да го осуети со подигање на свои лажни движења. Во оние цркви во кои сатаната ќе може да ја покажува својата лажна моќ ќе предизвика уверување дека врз нив е излеан посебен Божји благослов; во нив ќе се покаже навидум големо религиозно будење. Мнозина ќе ликуваат што Бог работи толку чудесно за нив, а всушност тоа дело потекнува од сосем друг дух. Сатаната ќе се обидува под плаштот на религијата да го прошири своето влијание врз целиот христијански свет.“ (Големата борба, стр. 464) {MAP 168.3}

„Ќе се појават млади мажи и жени што ќе тврдат дека уживаат посебна наклоност и дека се повикани да направат некои големи нешта. Ќе има многу обратувања од необичен вид, но тие нема да го носат божествениот потпис. Ќе се појават неморал и претерување, и мнозина ќе доживеат бродолом на својата вера.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 59) {MAP 168.4}

10 јуни

Како ќе настане ликот на sверот

„Ја извршува сета власт на првиот sвер во негово присуство и ја присилува целата земја и жителите нејзини да му се поклонат на првиот sвер, чија смртна рана се беше исцелила;“ (Откровение 13:12) {МАР 169.1}

„За да можат Соединетите Држави да му направат лик (икона) на sверот, црковната власт мора во голема мера да ја контролира граѓанската власт, со што црквата ќе може да ја употреби државната власт за постигнување на своите цели. ... {МАР 169.2}

’Ликот на sверот‘ го претставува оној облик на отпаднатиот протестантизам што ќе се развие кога протестантските цркви ќе бараат помош од државата принудно да ги наметнат своите догми. ... {МАР 169.3}

Но, кога празнувањето на неделата ќе биде наметнато со закон, и кога светот потполно ќе биде упатен и просветлен во врска со должностите кон вистинската сабота, тогаш сите што ќе ја прекршат Божјата заповед за да ја послушаат наредбата зад која што не стои поголем авторитет од оној на Рим, со тоа ќе му оддадат поголема почит на папството отколку на Бога. Тие го почитуваат Рим и власта што наметнува да се почитува установата што ја вовел Рим. Тие му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик (икона). Кога луѓето ќе ја отфрлат установата за која Бог рекол дека е знак на Неговиот авторитет, а наместо неа ја почитуваат онаа што ја избрал Рим да биде знак на неговата врховна власт, тие на тој начин примаат знак на верност кон Рим - ’жиг на sверот‘. Дури тогаш, кога сето тоа ќе им биде јасно на луѓето, и тие ќе се најдат во положба да бираат меѓу Божјите и човечките заповеди, тогаш оние што ќе останат во својот престап, ќе примат ’жиг на sверот‘. ... {МАР 169.4}

На крајот на борбата целото христијанство ќе биде поделено на два големи дела - едните кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, и другите кои му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик (икона) и го примаат неговиот жиг. Иако црквата и државата ќе ја соединат својата моќ да ги присилат ’сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови‘ да примат ’жиг на sверот‘ (Откровение 13:16), сепак, Божјиот народ нема да го прими. Пророкот уште на Патмос ги видел ’оние што го победија sверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име, стоеја на тоа стаклено море и имаа харфи Божји. И ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот слуга, и песната на Јагнето‘ (Откровение 15:2,3).“ (Големата борба, стр. 443, 445, 449, 450) {МАР 169.5}

11 јуни

Саботата се објавува во уште поголема мера

„И видов друг ангел како лета среде небото, кој имаше вечно Евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ. Тој зборуваше со висок глас: ’Имајте страхопочит кон Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори!‘“ (Откровение 14:6,7) {МАР 170.1}

„И на почетокот на времето на неволјите ние ќе бидеме исполнети со Светиот Дух за да можеме во уште поголема мерка да ја објавиме саботата.“ (Рани списи, стр. 33) {МАР 170.2}

„’Почетокот на времето на неволјите,‘ кое тука се споменува, не се однесува на времето кога седумте зла ќе почнат да се излеваат, туку на краткиот период непосредно пред тоа, додека Христос сè уште се наоѓа во светињата. Во тоа време, кога делото на спасување ќе се приближи кон крајот, неволјите ќе наидат на земјата и народите ќе се разгневат, но ќе бидат задржани за да не го попречат делото на Третиот ангел. Во тоа време ќе дојде ’позниот дожд‘ или освежувањето од Господовото лице, за да даде сила на гласниот вик на Третиот ангел и да ги подготви светиите да се одржат во периодот на излевање на седумте последни зла.“ (Рани списи, стр. 85, 86) {МАР 170.3}

„Ангелот од Откровение 14 изнесува порака што треба да му биде објавена на светот пред Христос да дојде на небесните облаци. ... Непосредно пред тоа време вниманието на луѓето треба да биде насочено кон погазениот Божји закон, кој се чува во ковчегот на заветот. ... {МАР 170.4}

Тие гледаат дека наместо да го празнуваат седмиот ден, денот што Бог го посветил и заповедал да се почитува, го празнуваат првиот ден во седмицата. Но искрено сакаат да ја извршуваат Божјата волја и почнуваат да го истражуваат Светото Писмо за да ја најдат причината за промената. Бидејќи не успеваат да најдат ниту еден доказ од Светото Писмо за тој обичај, се наметнуваат прашањата: Дали ќе ја прифатиме вистината што станала непопуларна и ќе ги послушаме Божјите заповеди, или ќе останеме со светот и ќе ги слушаме човечките заповеди? Со отворени Библии тие плачат, се молат и споредуваат писмо со писмо сè додека, осведочени во вистината, свесно не го заземат своето место меѓу оние што ги почитуваат Божјите заповеди.“ (Signs of the Times, 5 мај 1887) {МАР 170.5}

12 јуни

Втората ангелска вест треба да се повтори

„И друг ангел се појави по него, велејќи: ’Падна, падна Вавилон, големиот град, зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство!‘“ (Откровение 14:8) {MAP 171.1}

„Втората ангелска вест од Откровение 14. глава првпат се проповедаше летото во 1844. година и истата се однесуваше особено на црквите во Соединетите Држави каде што опомената за судот најмногу се објавуваше и главно беше отфрлена и каде што опаѓањето на црквата беше најбрзо. Но, веста на вториот ангел не се исполни целосно во 1844. година. Тогаш црквите што се противеа да ја прифатат светлината на адвентната вест доживеаја морален пад, но сепак, тој пад не беше целосен. Бидејќи тие продолжија да ги отфрлаат посебните вистини одредени за тоа време, паѓаа сè подлабоко. Сепак, уште не можеше да се каже: ’Падна Вавилон... зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство‘. Вавилон уште не ги опил сите народи.“ (Големата борба, стр. 389) {MAP 171.2}

„Но Бог сè уште има Свој народ во Вавилон и пред Вавилон да биде казнет со Божјите судови, верните треба да бидат повикани да излезат од него ’за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини‘.“ (Големата борба, стр. 604) {MAP 171.3}

„Оваа порака е истоветна со пораката што ја објавил вториот ангел: ’Падна, падна Вавилон, големиот град, зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство‘. Што е, всушност, тоа вино? Неговото лажно учење. Вавилон му дал на светот лажна сабота наместо саботата од четвртата заповед и ја повторил лагата што сатаната првпат ѝ ја кажал на Ева во Едем за вродената бесмртност на душата. Надалеку и нашироко проширил многу слични заблуди, ’проповеда човечки повелби‘. ... {MAP 171.4}

Во последната опомена на светот им се упатуваат два различни повика на црквите. Пораката на вториот ангел гласи: ’Падна, падна Вавилон, големиот град, зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство‘. А во гласниот вик на третиот ангел од небото се слуша глас: ’Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини; бидејќи гревовите нејзини стигнаа до небото, и Бог си спомна за неправдите нејзини‘.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 985) {MAP 171.5}

13 јуни

Саботата наспроти неделата

„И трет ангел по него наиде, зборувајќи со висок глас: ’Кој ќе му се поклони на ѕверот и на бистата негова, и прими белег на челото свое или на раката своја, тој ќе пие од виното на јароста Божја, вино неразводнето, излеано во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур пред светите ангели и пред Јагнето.‘“ (Откровение 14:9,10) {МАР 172.1}

„Порано оние што ги проповедале вистините на третата ангелска вест често биле сметани само како паничари. Нивните предвидувања дека во Соединетите Држави ќе завладее верска нетрпеливост, дека црквата и државата ќе се обединат да ги прогонуваат оние што ги држат Божјите заповеди, биле прогласени како неосновани и апсурдни. ... Но кога нашироко ќе биде расправано за прашањето на принудното празнување на неделата, ќе се види дека се приближува настанот во кој толку долго се сомневало и во кој не се верувало, а третата ангелска вест ќе произведе таков впечаток каков што порано не можела да има. ... {МАР 172.2}

Луѓе од вера и молитва ќе бидат поттикнати да појдат со света ревност и да ги проповедаат зборовите што Бог им ги дава. Гревовите на Вавилон ќе бидат разоткриени. Страшните последици од присилното наметнување на црковните обичаи со посредство на граѓанските власти, навлегувањето на спиритизмот, тајниот, но брз развој на папската власт - сето тоа ќе биде демаскирано. Овие свечени предупредувања ќе го разнишаат народот. ... Кога народот желен да ја дознае вистината ќе им се обрати на своите поранешни учители со прашањето: ’Дали навистина тоа е така?‘, тогаш нивните проповедници ќе им кажуваат приказни, ќе им зборуваат мили работи со цел да ја смират нивната загриженост и да ја стивнат нивната разбудена совест. Но, бидејќи мнозина ќе одбијат да се задоволат само со човечкиот авторитет барајќи го она јасно ’Така вели Господ‘, популарните проповедници, како и фарисеите во старо време, гневни затоа што е доведен во прашање нивниот авторитет, ќе објават дека оваа вест е од сатаната и ќе го поттикнуваат народот кој го сака гревот да ги исмејува и прогонува оние што ја објавуваат. {МАР 172.3}

Штом борбата се проширува на нови подрачја и кога вниманието на народот се насочува кон погазениот Божји закон, ни сатаната не мирува. Силата што ја придружува веста само ќе ги разгневи сите што ѝ се противат. Свештениците ќе употребат речиси натчовечки напори да ја засолнат светлината за да не им свети на нивните стада. Ќе се трудат со сите средства што им стојат на располагање да ги спречат дискусиите околу овие важни прашања. Црквата ќе се потпре врз силната рака на граѓанската власт и во тоа католиците и протестантите ќе се обединат.“ (Големата борба, стр. 605–607) {МАР 172.4}

14 јуни

Симболиката на трите ангелски вести

„Ете, Јас ќе го пратам кај вас пророкот Илија, пред да настапи денот Господов – голем и страшен.“ (Малахија 3:23) {MAP 173.1}

„Треба да се спроведе голема реформа за да се подготви еден народ кој ќе може да се одржи во Божјиот ден. Бог видел дека мнозина, кои тврдат дека се Негов народ, не градат за вечност и во Својата милост Тој им испраќа порака на предупредување за да ги разбуди од нивното мртвило и да ги наведе да се подготват за Христовото доаѓање. {MAP 173.2}

Ова предупредување се наоѓа во 14-тата глава на Откровението. Овде тројната ангелска порака е прикажана како да ја објавуваат небесни суштества, а веднаш потоа следи доаѓањето на Синот Човечки да го пожнее ’житото на земјата‘.“ (Големата борба, стр. 311) {MAP 173.3}

„Ангелите се прикажани како летаат среде небото објавувајќи му ја на светот веста на предупредување. Нивната порака непосредно се однесува на луѓето што живеат во последните денови од историјата на оваа планета. Никој не го слуша гласот на овие ангели, зашто тие го претставуваат Божјиот народ кој работи во согласност со небото и вселената.“ (Life Sketches of Ellen G. White, стр. 429) {MAP 173.4}

„Пораките на тројцата ангели треба да се испреплетуваат, давајќи му ја на светот својата тројна светлина. Во Откровение Јован вели: ’А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот‘ ... Тоа значи објавување на тројната и последна опомена на светот.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 985) {MAP 173.5}

„Откровение 18. глава укажува на времето кога црквата, затоа што ќе ја отфрли тројната опомена од Откровение 14:6-12, во целост ќе ја достигне состојбата што ја изнел вториот ангел, а Божјиот народ, кој сè уште е во Вавилон, ќе биде повикан да излезе од своите цркви. Ова е последна вест што ќе му биде објавена на светот и таа ќе ја изврши својата задача. Кога оние ’кои не поверуваа во вистината, а ја засакаа неправдата‘ (2. Солунјаните 2:12), ќе бидат предадени на силата на измамата да ѝ веруваат на лагата, тогаш светлината на вистината ќе ги осветли оние чиишто срца се подготвени да ја примат, и сите Божји деца што се наоѓаат во Вавилон ќе го прифатат повикот: ’Излезете од неа, луѓе Мои‘ (Откровение 18:4).“ (Големата борба, стр. 390) {MAP 173.6}

15 јуни

Вооруженият судир во последните денови

„Така вели Господ Савaот – ете, злото ќе мине од народ кон народ, и голем виор ќе се подигне од краиштата земни.“ (Еремија 25:32) {МАР 174.1}

„Наскоро меѓу народите ќе се подигнат страшни неволји, неволји што нема да престанат сè додека Исус не дојде. Треба да се зближиме и обединиме како никогаш порано, служејќи Му на Оној што го поставил Својот престол на небесата и чие царство ќе владее над сè. Бог не го заборавил Својот народ, а и нашата сила лежи во тоа ни ние да не Го заборавиме Него. {МАР 174.2}

Божјите судови се на земјата. Војните и гласовите за војни, уништувањата со оган и вода, јасно зборуваат дека времето на неволјата, која кон крајот ќе станува сè поголема, е мошне близу, на дофат на раката. Немаме време за губење. Светот е вознемирен од воениот дух. Пророштвата од 11. глава на Даниел речиси целосно се исполниле.“ (Welfare Ministry, стр. 136) {МАР 174.3}

„Наскоро ќе избувне борба меѓу народите со таква жестокост каква што сега не можеме ни да замислиме. Живееме во време кога сè што се случува предизвикува огромен интерес. Вниманието на владетелите и државниците, на луѓето што заземаат положби на доверба и авторитет, и на жените и на мажите, е насочено кон настаните што се одигруваат околу нас. Тие ги набљудуваат затегнатите односи меѓу народите, кои предизвикуваат вознемиреност. Ја гледаат напнатоста што зема замав во секој дел од земниот живот и сфаќаат дека треба да се случи нешто големо и решавачко, дека светот е на работ на голема криза. {МАР 174.4}

Бог во Својата милост ни дал време на одложување. Секоја сила што небото ни ја позајмило сега треба да се употреби во работа за оние што гинат во незнаење. Не смее да има одложување. Вистината мора да се објави во оние места на земјата што ги покрива мрак. ... Треба да се изврши големо дело, а тоа им е доверено на оние што ја познаваат вистината за ова време.“ (Review and Herald, 17 ноември 1910) {МАР 174.5}

„Во последните сцени од историјата на оваа земја ќе беснее војна. Ќе има епидемии, помор и глад. Водите од длабочините ќе ги прелеваат своите граници. Имотот и животите ќе бидат уништени со оган и вода. Треба да се подготвуваме за живеалиштата што Христос отиде да им ги подготви на оние што Го љубат. Таму има одмор од земните судири.“ (Review and Herald, 19 октомври 1897) {МАР 174.6}

16 јуни

Времето на неволјата е непосредно пред нас

„Потоа видов четири ангела како стојат на четирите агли од земјата, држејќи ги четирите земни ветрови, за да не дува ветар ни на земјата, ни по морето, ниту на некое дрво.“ (Откровение 7:1) {МАР 175.1}

„Четири силни ангели сè уште ги држат четирите земни ветрови. Спречуваат страшното уништување да се изврши во целост. Ветровите ќе ги разбрануваат народите да тргнат во смртоносна битка, додека ангелите ги задржуваат четирите ветрови и не дозволуваат страшната сатанска сила да се нафрли со сета жестокост сè додека Божјите слуги не бидат запечатени на своите чела.“ (Review and Herald, 7 јуни 1887) {МАР 175.2}

„Знаците на времето сведочат дека небесниот суд се излева и дека Господовиот ден е близу. Дневните весници се полни со претчувства за жестоки судири во иднина. Дрски грабежи се случуваат често. Штрајковите се вообичаена појава. Кражби и убиства се случуваат на секој чекор. Луѓе опседнати со демони им го одземаат животот на мажи, жени и мали деца. Сето тоа сведочи дека Господовото доаѓање е близу. {МАР 175.3}

Божјиот Дух, Кој го задржува злото, веќе се повлекува од овој свет. Урагани, бури, виори, несреќи на морето и на копното следуваат едни по други со голема брзина. Знаците што се натрупуваат околу нас, зборувајќи за приближувањето на Божјиот Син, се припишуваат на сè друго освен на вистинската причина. ... {МАР 175.4}

Непосредно пред нас е времето кога со светот ќе завладее тага што никаков човечки мелем нема да може да ја излекува. Уште пред големото уништување што доаѓа врз светот, горделивите споменици на човечката величина ќе бидат здробени во прав и пепел. Божјите одмазднички судови ќе се излеат врз оние што, и покрај големата светлина со која се соочиле, продолжиле да живеат во грев. Се подигаат скапи градби за кои се претпоставува дека се отпорни на пожар. Но како што Содом бил уништен во пламенот на Божјата одмазда, така и овие горделиви градби ќе се претворат во пепел. Видов бродови со огромна вредност како се борат со моќниот океан, обидувајќи се да им се спротивстават на разбеснетите бранови. Меѓутоа, со сите свои ризници полни со злато и сребро и со сите луѓе на нив потонаа во водениот гроб. ... Но во сета таа вознемиреност, возбуда и збунетост насекаде, Божјото дело треба да се изврши во светот.“ (Signs of the Times, 9 октомври 1901) {МАР 175.5}

17 јуни

Божјиот народ е обвинет за несреќите

„Затоа веселете се, небеса, и вие, кои живеете на нив! Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време!“ (Откровение 12:12) {МАР 176.1}

„Додека човекот сè повеќе се оддалечува од Бога, на сатаната му е дозволено да има власт над непослушните деца. Тој предизвикува уништување меѓу луѓето. Се случуваат несреќи на морето и на копното. Имотот и животите ги уништуваат пожари и поплави.

Сатаната решава за ова да ги обвини оние што одбиваат да му се поклонат на идолот што го поставил. Неговите слуги посочуваат на адвентистите на седмиот ден како на причина за несреќите. ’Овие луѓе му се спротивставуваат на законот‘, велат тие. ’Тие ја обесветуваат неделата. Ако бидат принудени да го почитуваат законот за неделата, ќе престанат овие страшни судови.‘“ (Review and Herald, 16 јули 1901) {МАР 176.2}

„Ќе дојдат најстрашни и најмалку очекувани несреќи; овие пустошења ќе се нижат едно по друго. Ако луѓето ги послушаат опомените што Бог ги дал, а црквите се покаат и се вратат на својата верност, другите градови ќе бидат поштедени уште извесно време. Но ако оние што биле заведени продолжат по патот по кој оделе, не обѕирајќи се на Божјиот закон и изнесувајќи им заблуди на другите, Бог ќе дозволи врз нив да дојдат неволји за да се разбудат нивните сетила.“ (Evangelism, стр. 27) {МАР 176.3}

„Судовите ќе бидат соодветни на грешноста на народот и на познавањето на вистината што го имал. Ако ја имале вистината, и казната ќе биде во согласност со тоа знаење.“ (Manuscript 173, 1902) {МАР 176.4}

„Сатаната изнесува свое толкување на настаните и тие [водечките луѓе] мислат, како што сака тој, дека несреќите што ја пустошат земјата се последица од кршењето на неделата. Мислејќи дека ќе го смират Божјиот гнев, овие влијателни луѓе создаваат закони што принудуваат на празнување на неделата. Тие мислат дека со издигањето на овој лажен ден за одмор, на лажната сабота, Му служат на Бога. На оние што Го прославуваат Бога празнувајќи ја вистинската сабота се гледа како на луѓе што не Му се верни на Бога, а токму такви се оние што така ги оценуваат: самите се неверни, зашто ја газат со своите нозе саботата што потекнува уште од Едем.“ (Manuscript 85, 1899) {МАР 176.5}

18 јуни

На празнувачите на саботата им е потребна мудрост

„Ете, Јас ве праќам како овци меѓу волци: бидете мудри како змии и незлобни како гулаби.“ (Матеј 10:16) {МАР 177.1}

„Кога практичниот живот на луѓето не доаѓа во судир со Божјиот закон, можете да се усогласите со нив. Ако работниците не постапат така, не само што ќе ја забават својата работа, туку ќе постават и камења на сопнување на патот на оние за кои работат и ќе им пречат да ја прифатат вистината. Неделата е добра можност кога мисионерите можат да држат неделна школа, да ги посетуваат луѓето и на што поненаметлив начин да им зборуваат за Исусовата љубов кон грешниците и да ги поучуваат од Светото Писмо. ... {МАР 177.2}

Денес празнувањето на неделата не е испит. Ќе дојде време кога луѓето не само што ќе забранат работа во недела, туку ќе се обидат да ги принудат другите да работат во сабота и да потпишат дека ќе ја празнуваат неделата, или ќе ги загубат слободата и животот. Но времето кога ова ќе се случува сè уште не дошло, зашто вистината мора поцелосно да им биде изнесена на луѓето како сведоштво. ... {МАР 177.3}

Добив светлина дека Божјите слуги треба тивко да ја вршат работата, проповедајќи ги големите, драгоцени библиски вистини — Христос, и тоа распнатиот, Неговата љубов и неизмерната жртва — покажувајќи дека Христос умрел затоа што Божјиот закон е непроменлив и вечен. За саботата мораме јасно да поучуваме, но бидете внимателни како се однесувате кон незнабожечката недела. На мудриот му е доволен и еден збор. ... {МАР 177.4}

Воздржувањето од работа во недела не значи примање на жигот на ѕверот. Кога таквото воздржување придонесува за напредокот на делото, треба да се применува. Не треба намерно да бараме повод да работиме во недела. ... {МАР 177.5}

Кога оние што ја слушаат и гледаат светлината за саботата ќе застанат во одбрана на празнувањето на Божјиот свет ден, ќе се појават тешкотии. Против нив ќе бидат вложени напори и мажите и жените ќе бидат принудувани да го кршат Божјиот закон. Тогаш мораат да останат цврсти за да не го прекршат Божјиот закон. Ако противењето и прогонството одлучно продолжат, нека обрнат внимание на Христовите зборови: ’Ако ве бркаат од еден град, бегајте во друг‘.“ (Review and Herald, 6 април 1911) {МАР 177.6}

19 јуни

Мисионерска работа во недела

„Проповедај го словото, настојувај во погодно време и во невреме, укорувај, забранувај, советувај со голема долготрпеливост и поука.“ (2 Тимотеј 4:2) {МАР 178.1}

„Да се противиме на законот за празнување на неделата би значело само уште повеќе да се охрабрат верските поборници во нивното настојување да го наметнат тој закон. Немојте да им давате можност да ве нарекуваат престапници. ... Вие само продолжете ја својата мисионерска работа со Библијата во раце, и непријателот ќе увиди дека уште повеќе си наштетил на сопствената работа. Никој нема да го прими жигот на ѕверот заради тоа што увидува дека е мудро да го сочува мирот ако се воздржува од работа која може да предизвика негодување и ако истовремено извршува дело кое е од најголемо значење. ... {МАР 178.2}

Ако неделата ја посветиме за мисионерска работа, ќе го земеме камшикот од рацете на самоволните фанатици кои би се радувале да ги понижат адвентистите на седмиот ден. ... {МАР 178.3}

Неделата може да се искористи за разновидна работа која многу ќе придонесе за Господовата работа. Тој ден може да се одржуваат состаноци под ведро небо и по домовите. Можете да работите од куќа до куќа. Тие што пишуваат тој ден можат да го посветат на пишување на статии. Кога тоа ќе биде можно треба да се одржуваат верски служби во недела. Овие состаноци нека бидат мошне интересни. Пејте вистински оживувачки песни и зборувајте силно и со уверување за љубовта на Спасителот. Зборувајте за умереноста и за вистинскиот верски живот. На тој начин ќе добиете големо искуство во работата и ќе придобиете многу души. ... {МАР 178.4}

Законот за празнување на првиот ден во седмицата е производ на отпаднатото христијанство. Неделата — тоа папско дете — таканаречениот христијански свет ја издигнал над Божјиот свет ден за одмор. Божјиот народ во никој случај не треба да му оддава почит и признавање на тој ден. Сепак, јас сакам Божјиот народ да сфати дека не ја исполнува Божјата волја ако им се спротивставува на противниците; Бог сака тоа да се избегнува.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 232, 233, 235) {МАР 178.5}

„Пред нас се отвораат прекрасни сцени. Во ова време треба да се роди живо сведоштво во животот на народот што се претставува како Божји, за светот да види дека во ова време, кога злото владее на сите страни, сè уште има луѓе што ја оставаат настрана својата волја и сакаат да ја извршуваат Божјата волја — народ во чии срца и животи е запишан Божјиот закон.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 322) {МАР 178.6}

20 јуни

Божјиот закон укинат во Америка

„Време е, Господи, да се дејствува: Твојот закон го оскверниј а.“ (Псалми 119:126) {МАР 179.1}

„Доаѓа време кога Божјиот закон, во посебна смисла, ќе биде укинат во нашата земја [Соединетите Држави]. Водачите на нашата нација со законски одредби ќе го наметнат законот за неделата и така Божјиот народ ќе биде доведен во голема опасност. Кога нашата нација во своите законодавни совети ќе пропише закони за да ја присили совеста на луѓето во врска со нивните верски права, наметнувајќи празнување на неделата и воспоставувајќи угнетувачка сила против оние што ја празнуваат саботата, Божјиот закон целосно ќе биде укинат во нашата земја.“ (Review and Herald, 18 декември 1888) {МАР 179.2}

„Кога земјата што Господ ја подготвил како прибежиште за Својот народ за тој да може да Го слави според сопствената совест, земјата над која многу години бил штитот на Семоќниот, земјата на која Бог ѝ покажал наклоност правејќи ја место на чистата Христова религија — кога таа земја преку своите законодавци ќе се откаже од начелата на протестантизмот и ќе му даде поддршка на римското отпадништво во извршувањето на неовластените промени во Божјиот закон, тогаш ќе биде откриено завршното дело на човекот на гревот. Протестантите во целост ќе го употребат своето влијание и својата сила во полза на папството. Со државниот закон што ја наметнува лажната сабота ќе ѝ дадат живот и сила на расипаната римска вера, прифаќајќи ја нејзината тиранија и угнетувањето на совеста. Тоа ќе биде време кога Бог ќе дејствува со моќна сила за да ја одбрани Својата вистина. {МАР 179.3}

Пророкот вели: ’А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот. И извика силно, зборувајќи со висок глас: ‘Падна, падна великиот Вавилон’... И чув друг глас од небото како вели: ‘Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини; бидејќи гревовите нејзини стигнаа до небото, и Бог си спомна за неправдите нејзини’‘.

Кога нејзините гревови ќе стигнат до небото? Кога Божјиот закон конечно ќе биде укинат од законодавците, очајната состојба на Божјиот народ ќе биде можност Бог да покаже кој е владетел на небото и земјата. Кога сатанската сила ќе ги придвижи силите од подземјето, Бог ќе му испрати светлина и сила на Својот народ, за веста на вистината да може да му се објави на целиот свет.“ (Signs of the Times, 12 јуни 1893) {МАР 179.4}

21 јуни

Знак за напуштање на големите градови

„Па така, штом го видите гнасниот пустошник како стои на светото место, за кој зборува пророкот Даниел – кој чита нека разбере, тогаш оние, што се наоѓаат во Јудеја, нека бегаат по планините;“ (Матеј 24:15,16) {МАР 180.1}

„Не е далеку времето, кога, како првите ученици, ќе бидеме принудени да бараме прибежиште во пусти и осамени места. Како што опсадата на Ерусалим од страна на римската војска им била знак за бегство на јудејските христијани, така и заканата со сила од страна на нашата нација во декретот со кој присилно се наметнува задолжително празнување на папскиот ден за одмор ќе биде предупредување за нас. Тогаш ќе дојде време да ги напуштиме големите градови, подготвени да ги напуштиме и помалите, подготвувајќи се за осамените престојувалишта во зафрлените места по планините.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 464, 465) {МАР 180.2}

„Со години ми е давана посебна светлина дека не треба да ја сосредоточуваме својата работа во градовите. Метежот и збрките во тие градови, можностите кои ги создале синдикатите и штрајковите, во голема мера ќе ја попречуваат нашата работа. Луѓето се трудат работниците кои се вработени во разни занаети да ги вовлечат во оковите на синдикатот. Тоа не е Божји план, туку план на силата која во никој случај не треба да ја признаеме. Се исполнува Божјата Реч; безбожниците се поврзуваат во снопови за да бидат запалени.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 84) {МАР 180.3}

„Синдикатите и светските здруженија се замка. Држете се подалеку од нив, браќа и сестри. Немојте да имате ништо со нив. Поради овие синдикати и здруженија, наскоро на нашите институции ќе им биде многу тешко да ја продолжат својата работа во градовите. ... Едуцирајте го нашиот народ да ги напушти градовите и да оди во средини во кои може да добие мало парче земја и тука да изгради дом за себе и за своите деца... Но, во градовите ќе настанат такви судири и конфузии, така што оние кои ќе сакаат да ги напуштат, нема да можат.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 142) {МАР 180.4} {МАР 180.5}

„Ние не треба да се населиме таму каде што ќе бидеме принудени да одржуваме блиски врски со оние кои не го почитуваат Бога... Кризата наскоро ќе дојде во врска со почитувањето на неделата... Поддржувачите на неделата зајакнуваат во своите лажни тврдења, а тоа значи угнетување на оние кои одлучиле да ја празнуваат Господовата сабота. ... Ако според Божјо провидение можеме да обезбедиме станови подалеку од градовите, Господ би сакал да го стори тоа... Пред нас се бурни времиња.“ (Живот на село, стр. 20, 21) {МАР 180.6} {МАР 180.7} {МАР 180.8}

22 јуни

Храна и имот во последните денови

„И затоа, немојте да се грижите за утре, зашто утрешниот ден ќе се грижи за своето; на секој ден доволна е неговата неволја.“ (Матеј 6:34) {MAP 181.1}

„Господ повторно ми покажа во видение дека е спротивно на Библијата да се прават залихи за нашите привремени потреби во времето на неволјата. Видов дека ако светиите имаат храна кај себе или на полињата во времето на неволјата, кога меч, глад и епидемии ќе ја пустошат земјата, насилнички раце ќе им ја одземат, а туѓинци ќе ги пожнеат нивните полиња. Тоа ќе биде време целосно да се потпреме на Бога и Тој ќе нè храни. Видов дека во тоа време ќе ни бидат обезбедени леб и вода, така што нема да оскудеваме ниту да гладуваме. Господ ми покажа дека некои од Неговите деца ќе се исплашат кога ќе видат како растат цените на храната и ќе купуваат храна и ќе ја складираат за времето на неволјата. Тогаш, во времето на неволјата, ги видов како одат по својата храна, која се црвосала и е полна со живи суштества, па затоа не е за употреба.“ (To Those Who Are Receiving the Seal of the Living God, летоκ, 31 јануари 1849) {MAP 181.2}

„Во времето на неволјите, куќите и земјата нема да им бидат од никаква корист на светиите, бидејќи ќе мораат да бегаат од разбеснетата толпа; нивниот имот тогаш нема да може да се употреби за унапредување на делото на сегашната вистина. ... {MAP 181.3}

Видов дека доколку некои се држат за својот имот и не прашуваат од Господа што треба да направат, Тој нема ни да им укаже на должноста. На нив ќе им биде дозволено да го задржат она што го имаат, но во времето на неволјите тоа ќе им се испречи на нивниот пат и како планина ќе им се закани дека ќе ги сотре; тие тогаш ќе се обидат да го распродадат својот имот, но нема да бидат во состојба тоа да го направат. ... меѓутоа, ако тие сакаат да бидат поучени, тогаш Тој ќе ги поучи кога и колку да продадат.“ (Рани списи, стр. 56, 57) {MAP 181.4}

„Во последниот голем судир на борбата со сатаната, оние кои се верни на Бога ќе бидат лишени од секаква земна помош. Бидејќи ќе одбијат да го прекршат Божјиот закон покорувајќи се на земните сили, ним ќе им биде забрането да купуваат и продаваат. На крај, со општ декрет ќе бидат осудени на смрт. ... Но, на послушните им е ветено: ’тој ќе живее на висините: засолниште му се непристапните карпи; ќе му се даде леб; водата негова нема да пресуши‘. (Исаија 33:16)“ (Копнежот на вековите, стр. 121, 122) {MAP 181.5}

23 јуни

Работнички синдикати и здруженија

„Бидете трпеливи, браќа мои, до доаѓањето на Господ! Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен.“ (Јаков 5:7) {МАР 182.1}

„Работничките синдикати ќе бидат меѓу силите кои на земјата ќе донесат време на неволја какво што немало откако настанал светот.“ (Живот на село, стр. 10) {МАР 182.2}

„Во сите наши големи градови создадените сојузи и синдикати ќе се поврзуваат меѓусебно. Луѓето ќе владеат над други луѓе и ќе поставуваат пред нив големи барања. Животите на оние што ќе одбијат да пристапат кон овие синдикати ќе бидат во опасност.“ (Manuscript 145, 1902) {МАР 182.3}

„Работата на Божјиот народ е да се подготви за идните настани кои наскоро ќе дојдат врз нив со заслепувачка сила. Во светот ќе бидат формирани гигантски монополи. Луѓето ќе се поврзат со синдикатите кои ќе ги обвиткаат во прегратките на непријателот. Неколку луѓе ќе се здружат да ги приграбат сите средства што можат да се добијат во одредени подрачја на дејствување. Ќе се формираат работнички синдикати и оние што ќе одбијат да им се придружат ќе бидат обележани. ... {МАР 182.4}

Овие синдикати се еден од знаците на последните денови. Луѓето се врзуваат во снопови подготвени да бидат запалени. Тие можат да бидат членови на црквата, но сè додека припаѓаат на овие синдикати, тие не можат да ги држат Божјите заповеди; бидејќи припаѓањето на овие синдикати значи непочитување на целиот Декалог. {МАР 182.5}

’Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си‘ (Лука 10:27). ... И како можат луѓето да ги следат овие зборови и да создаваат комбинации кои ги лишуваат посиромашните класи од нивните предности кои им припаѓаат, спречувајќи ги да купуваат или продаваат, освен под одредени услови?“ (Живот на село, стр. 10–12) {МАР 182.6}

„Оние кои тврдат дека се Божји деца во никој случај не треба да се поврзуваат со синдикатите кои се формирани или ќе бидат формирани. Господ го забранува ова. Зар оние кои ги проучуваат пророштвата не можат да видат и разберат што ни претстои?“ (Живот на село, стр. 12) {МАР 182.7}

„Наскоро ќе мораме да се соочиме со важни прашања, а ние сакаме да бидеме скриени во пукнатината на карпата, за да можеме да Го гледаме Исуса и да бидеме охрабрени од Неговиот Свети Дух. Немаме време за губење, ниту еден миг.“ (Counsels to Writers and Editors, стр. 113) {МАР 182.8}

24 јуни

Забрана за купување и продавање

„Та никој да не може ни да купува, ниту да продава, освен оние што го имаат тој белег, или името на ѕверот, или бројот на името негово.“ (Откровение 13:17) {МАР 183.1}

„Доаѓа време кога нема да можеме да продаваме по никоја цена. Наскоро ќе се донесе закон кој ќе го забрани купувањето или продажбата на секој човек освен на оние што ќе го примат жигот на ѕверот.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 152) {МАР 183.2}

„Во последниот голем судир на борбата со сатаната, оние кои се верни на Бога ќе бидат лишени од секаква земна помош. Бидејќи ќе одбијат да го прекршат Божјиот закон покорувајќи се на земните сили, ним ќе им биде забрането да купуваат и продаваат.“ (Копнежот на вековите, стр. 121, 122) {МАР 183.3}

„Верските власти кои изјавуваат дека се поврзани со небото и тврдат дека ги имаат особините на Јагнето, со своите постапки ќе покажат дека срцето им е како на ламјата и дека ги поттикнува и води сатаната. Доаѓа време кога Божјиот народ ќе ја почувствува раката на прогонство, само затоа што го празнува седмиот ден.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 229) {МАР 183.4}

„Доаѓа време кога оние што ги држат Божјите заповеди нема да можат ни да купуваат ни да продаваат. Побрзајте да ги откопате своите закопани таланти. Ако Бог ви доверил пари, покажете дека сте достојни за довербата. Отстранете ја својата крпа и однесете ги своите таланти кај менувачите на пари, за Христос, кога ќе дојде, да може да го прими Своето со камата.

На крајот, пред да заврши ова дело, илјадници со радост ќе бидат положени на олтарот. Мажите и жените ќе чувствуваат дека е благословена предност да учествуваат во подготвувањето на душите да опстанат во големиот Божји ден. Ќе даваат стотици долари со иста подготвеност со која сега даваат еден долар.

Кога Христовата љубов би горела во срцата на народот што вели дека е Негов, и денес би го виделе појавувањето на истиот дух. Кога би сфатиле колку е близу крајот на работата за спасување на душите, доброволно би го жртвувале својот имот токму како што правеле членовите на раната црква. Би работеле за напредокот на Божјото дело исто толку сериозно колку што работат луѓето во светот за да се збогатат. Би ја вежбале својата тактичност и би ги развивале способностите, а сериозната и несебична работа би ја проширила на прибирање средства, за да ги даваат во Господовата ризница, а не да ги натрупуваат за себе.“ (Historical Sketches of the Foreign Missions of the Seventh-day Adventists, стр. 292) {МАР 183.5}

25 јуни

Во градовите треба да се работи од надворешни центри

„Затоа излезете од нивната средина и одделете се!‘ Вели Господ, и ’Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам!“ (2 Коринтјаните 6:17) {МАР 184.1}

„Ние, како Божји народ кој ги држи заповедите, мораме да ги напуштиме градовите. Како и Енох, и ние мораме да работиме во градовите, но не да живееме во нив.“ (Живот на село, стр. 31) {МАР 184.2}

„Доколку е можно, нашите институции треба да се наоѓаат надвор од градовите. ... Но, Божја волја не е Божјиот народ да се насели во градовите, каде што има постојани превирања и конфузија. Нивните деца треба да бидат поштедени од ова; бидејќи целото тело се расипува од брзањето и бучавата. Господ сака Неговиот народ да се пресели на места, каде може да се насели на земја и да одгледува сопствено овошје и зеленчук, и каде што нивните деца можат да бидат доведени во директен контакт со Божјите дела во природата. Изведете ги вашите семејства подалеку од градовите, тоа е мојата порака. ... {МАР 184.3}

Вистината треба да биде објавена без оглед дали луѓето ќе сакаат да ја слушнат или ќе ја избегнуваат. Градовите се полни со искушенија. Ние треба да ја планираме нашата работа така што колку е тоа можно да ги оддалечиме нашите млади луѓе од расипаноста. {МАР 184.4}

Во градовите треба да се работи од надворешни места. Божјиот гласник рече: ’Зарем нема да бидат предупредени градовите? Да, но не од страна на Божјиот народ кој живее во нив, туку со тоа што ќе ги посетуваат, за да ги предупредат за она што доаѓа на земјата‘.“ (Живот на село, стр. 30) {МАР 184.5}

„Кога некој народ ќе изобилува со беззаконие, секогаш треба да се чуе еден глас кој предупредува и советува, како што гласот на Лот се слушал во Содом. Сепак, Лот можел да го сочува своето семејство од многу зла, ако не направел свој дом во овој злобен, расипан град. Сè што Лот и неговото семејство направиле во Содом, можело да биде направено од нив дури и ако живееле на некое место оддалечено од градот. Енох одел со Бога, но сепак не живеел среде некој град, осквернет со секаков вид на насилство и злоба, како Лот во Содом.“ (Evangelism, стр. 78) {МАР 184.6}

„Енох не избрал живеалиште меѓу злите. ... Се населил со своето семејство таму каде што атмосферата била колку што е можно почиста. Потоа оттаму повремено одел меѓу жителите на светот, пренесувајќи им ја пораката што му ја дал Бог. ... Откако ќе му ја објавел на светот својата порака, секојпат со себе во своето осамено и повлечено живеалиште водел и некого од оние што ја примиле опомената.“ (The SDA Bible Commentary, том 1, стр. 1087, 1088) {МАР 184.7}

26 јуни

Ослободување од телесните страдања

„И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно; болни лекувајте, лепрозни очистувајте, мртви воскреснувајте, демони изгонувајте! Бесплатно добивте, бесплатно давајте!“ (Матеј 10:7,8) {MAP 185.1}

„Времето на неволјите е пред нас. Целиот свет ќе биде зафатен од метеж и тегоба. Болести од секаков вид ќе го нападнат човечкиот род, а незнаењето што сега владее во врска со законите на здравјето ќе ги покаже своите последици во големи страдања и загуба на многу животи што можеле да бидат зачувани. ... {MAP 185.2}

Додека верската агресија ја руши слободата на нашата нација, оние што се залагаат за слобода на совеста ќе се најдат во неповолна положба. За свое добро треба, додека имаат можност, да стекнат разумно познавање на болестите, нивните причини, спречување и лекување. Оние што го прават тоа насекаде ќе најдат поле за работа. Ќе има болни, многумина на кои им е потребна помош, не само меѓу нашите верници, туку главно меѓу оние што не ја познаваат вистината.“ (Counsels on Health, стр. 504–506) {MAP 185.3}

„Здравственото дело што се извршува во врска со објавувањето на третата ангелска вест треба да даде прекрасни резултати. Тоа треба да биде работа што посветува и обединува, каква што прилега на делото што големиот Поглавар на црквата им го доверил на првите ученици. ... {MAP 185.4}

Собирајќи ги сите Свои ученици, Христос им дал налог: ’И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно; болни лекувајте, лепрозни очистувајте, мртви воскреснувајте, демони изгонувајте! Бесплатно добивте, бесплатно давајте!‘ ’Ете, Јас ве праќам како овци меѓу волци: бидете мудри како змии и незлобни како гулаби‘ (Матеј 10:7,8,16). {MAP 185.5}

Добро е за нас да ја читаме оваа глава и да дозволиме нејзините упатства да нè подготват за нашата задача. Првите ученици оделе по Христов налог, под Негово водство. Неговиот Дух требало да го подготви патот пред нив. Требало да чувствуваат дека со таква порака што ја носат, со такви благослови што ги делат, ќе бидат добредојдени во домовите на луѓето.“ (Counsels on Health, стр. 540, 541) {MAP 185.6}

„Бог допира до срцето преку ослободување од телесните страдања. Семето на вистината е посеано во умот и Бог го полеал. Потребно е многу трпение пред семето да почне да покажува знаци на живот, но на крајот ќе никне и ќе донесе плодови за вечен живот. {MAP 185.7}

Колку бавно луѓето ја сфаќаат Божјата подготовка за денот кога ќе ја покаже Својата сила!“ (Medical Ministry, стр. 246) {MAP 185.8}

27 јуни

Наметнат закон за неделата

„Тогаш ќе ве предадат на мачење и ќе ве убијат; и ќе бидете мразени од сите народи, заради Моето име.“ (Матеј 24:9) {МАР 186.1}

„Кога движењето за задолжително празнување на неделата ќе биде посмело и порешително, тогаш и законот ќе биде повикан на помош против оние што ги држат Божјите заповеди. Ќе им се заканууваат со парични казни и со затвор, а на некои ќе им се понудат влијателни места и положби, како и други награди и предности, како поттик да се откажат од својата вера. Но нивниот непоколеблив одговор ќе гласи: ’Докажете ни ја со Божјото слово нашата заблуда‘ ... Оние што ќе бидат доведени пред судовите ќе ја одбранат вистината силно и убедливо, и некои од оние што ги слушаат ќе бидат поттикнати да се решат да ги држат сите Божји заповеди. На овој начин светлината ќе осветли илјадници такви кои инаку никогаш не би дознале за овие вистини. {МАР 186.2}

Совесната послушност кон Божјото слово ќе се толкува како бунт. Заслепени од сатаната, родителите ќе постапуваат строго и сурово со своите деца кои му се верни на Бога; господарите и господарките ќе ги угнетуваат своите слуги кои ги држат заповедите. Љубовта ќе олади; децата ќе бидат лишени од наследството и истерани од дома. Зборовите на Павле: ’А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети‘ (2. Тимотеј 3:12), буквално ќе се исполнат. Бидејќи бранителите на вистината ќе одбијат да ја почитуваат неделата на местото на саботата, некои од нив ќе бидат фрлени во затвор, некои ќе бидат прогонети, а со некои ќе се постапува како со робови. ... {МАР 186.3}

Во ова време на прогонство ќе биде испитана верата на Божјите слуги. Тие верно ќе ги објавуваат опомените гледајќи само на Бога и на Неговото слово. Божјиот Дух, кој дејствува во нивните срца, ќе ги натера да зборуваат. ... Но, кога ќе ги зафати бурата на противење и срамотење, некои, совладани од силното изненадување, ќе бидат готови да извикнат: ’Да знаевме какви ќе бидат последиците на нашите зборови, ние би молчеле‘. Тие ќе бидат опколени со тешкотии. Сатаната ќе ги напаѓа со жестоки искушенија. Делото што го презеле ќе изгледа дека ги надминува нивните способности да го извршат. Ќе им се заканува опасност да бидат уништени. Поранешниот ентузијазам кој ги оживувал, го снемува; а враќање нема. Тогаш, свесни за својата немоќ, ќе прибегнат кон Семожниот барајќи сила.“ (Големата борба, стр. 607–609) {МАР 186.4}

28 јуни

Протестантизмот се обединува со папството

„А десетте рогови, што ги виде, се десет цареви, кои царства уште не примија, туку како цареви ќе добијат власт само за извесно време заедно со ѕверот. Тие имаат една мисла, и силата и власта своја ќе му ја предадат на ѕверот.“ (Откровение 17:12,13) {МАР 187.1}

„Како што се приближуваме кон последната криза, од најголемо значење е меѓу Господовите претставници да владее хармонија и единство. Светот е полн со бури, војни и судири. Меѓутоа, под едно раководство - под папската сила - светот се обединува против Бога во лицето на Неговите сведоци.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 182) {МАР 187.2}

„Кој е тој што ќе ѝ ја предаде својата власт на оваа сила? Протестантизмот — силата која, додека тврди дека го има карактерот и духот на јагне и дека е сојузник на небото, проговорува со гласот на змев. На тоа го придвижува и поттикнува силата од бездната.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 983) {МАР 187.3}

„’Тие имаат една мисла...‘ Тоа ќе биде сеопшто обединување, сојуз на сатанските сили. ’... и силата и власта своја ќе му ја предадат на ѕверот‘. На тој начин се појавува истата тиранија и угнетувачка сила против верската слобода, против слободата да Му се служи на Бога според сопствената совест, каква што појавувало папството кога во минатото ги прогонувало сите што не сакале да се приспособат на обредите и верските церемонии на римокатолицизмот. {МАР 187.4}

Во борбата што во последните денови ќе се води против Божјиот народ ќе се обединат силите на сите што се одвоиле од Бога преку непризнавање на Неговиот закон. Големата причина за спорот во тој судир ќе биде саботата од четвртата заповед, зашто токму во таа заповед големиот Законодавец се покажува како Создател на небото и земјата.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 983) {МАР 187.5}

„Преку двете големи заблуди - бесмртноста на душата и светоста на неделата - сатаната ќе успее да го прелаже протестантскиот свет. Додека првата заблуда поставува темел за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим. Протестантите во Соединетите Држави ќе бидат први кои ќе подадат рака преку бездната за да ја прифатат раката на спиритизмот. Тие ќе ја прифатат раката на римската власт и под влијание на овој троен сојуз, оваа земја ќе појде по стапките на Рим во газење на правата на совеста.“ (Големата борба, стр. 588) {МАР 187.6}

29 јуни

Две големи групи христијани

„И видов дека една од главите негови како да беше смртно ранета, но таа смртна рана му заздраве. Тогаш се зачуди целата земја и тргна по sверот;“ (Откровение 13:3) {МАР 188.1}

„Соединетите Држави нема да бидат единствените што ќе му се поклонат на папството. Далеку од тоа дека е скршено влијанието на Рим во земјите што некогаш ја признале неговата власт.“ (Signs of the Times, 15 февруари 1910) {МАР 188.2}

„Во последниот судир саботата ќе биде посебен предмет на борба низ целиот христијански свет. Световните владетели и верските водачи ќе се обединат за да го наметнат празнувањето на неделата. Она што нема да го постигнат со поблаги мерки, ќе го постигнат со најсуровите закони што ќе ги донесат. Ќе бараат да нема попуштање пред малкутемина што ѝ се противат на црковната установа и на земните закони. ... Римокатоличката вера во Стариот свет и отпаднатиот протестантизам во Новиот ќе се однесуваат на сличен начин кон оние што ги почитуваат божествените одредби.“ (The Spirit of Prophecy, том 4, стр. 444, 445) {МАР 188.3}

„Таканаречениот христијански свет ќе биде сцена на големи и решавачки дејства. Луѓе со авторитет што имаат законодавна власт ќе донесат закони со кои ќе се овозможи владеење над совеста на луѓето, како што правело и папството. Со отровното вино на своето блудство Вавилон ќе ги опие сите народи. Во тоа ќе бидат вовлечени сите народи на светот. [Цитирано Откровение 18:3–7.] Предупредувањето на третиот ангел [од Откровение 14] ... во пророштвото е прикажано со ангел што лета среде небото и објавува со силен глас, а тоа ќе го привлече вниманието на светот.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 949) {МАР 188.4} {МАР 188.5}

„На крајот на борбата целото христијанство ќе биде поделено на два големи дела - едните кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, и другите кои му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик (икона) и го примаат неговиот жиг. Иако црквата и државата ќе ја соединат својата моќ да ги присилат ’сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови‘ да примат ’жиг на sверот‘ (Откровение 13:16), сепак, Божјиот народ нема да го прими. Пророкот уште на Патмос ги видел ’оние што го победија sверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име, стоеја на тоа стаклено море и имаа харфи Божји. И ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот слуга, и песната на Јагнето‘ (Откровение 15:2,3).“ (Големата борба, стр. 450) {МАР 188.6}

30 јуни

Збрка од многу гласови

„И чув друг глас од небото како вели: ’Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини;‘“ (Откровение 18:4) {MAP 189.1}

„Во последната опомена на светот, на црквите им се упатуваат два различни повика. Пораката на вториот ангел гласи: ’Падна, падна Вавилон, големиот град, зашто сите народи ги напои со жестокото вино на своето блудство‘. Во гласниот вик на третиот ангел од небото се слуша еден глас: ’Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини; бидејќи гревовите нејзини стигнаа до небото, и Бог си спомна за неправдите нејзини‘.“ (Review and Herald, 6 декември 1892) {MAP 189.2}

„Како што Бог ги повикал Израеловите деца да излезат од Египет за да можат да ја празнуваат Неговата сабота, така го повикува и Својот народ да излезе од Вавилон, за да не му се поклонува на ѕверот и на неговиот лик. ... {MAP 189.3}

Откако вистината ќе биде објавена како сведоштво на сите народи, сите сили на злото ќе дејствуваат, а умовите на луѓето ќе бидат збунети од многуте гласови што ќе велат: ’Погледнете, Христос е овде; гледајте, Христос е таму. Ова е вистината, јас имам порака од Бога. Тој ме испрати со голема светлина.‘ Тогаш ќе дојде до отстранување на граничните камења и до обид да се урнат столбовите на нашата вера. Уште поодлучен ќе биде напорот да се издигне лажната сабота и да се презре самиот Бог со отстранување на денот што Тој го благословил и посветил. Оваа лажна сабота треба да биде наметната со тирански закон. ...

Но додека сатаната ги прави своите лажни чуда, ќе се исполни времето претскажано во Откровение и моќниот ангел што ја осветлуваше земјата со својата светлина ќе го објави падот на Вавилон и ќе го повика Божјиот народ да излезе од него.“ (Review and Herald, 13 декември 1892) {MAP 189.4}

„Кога нејзините гревови ќе стигнат до небото? Кога Божјиот закон конечно ќе биде укинат од законодавците. Тогаш очајната состојба на Божјиот народ ќе биде можност Бог да покаже кој е владетел на небото и земјата. Кога сатанската сила ќе ги придвижи силите од подземјето, Бог ќе му испрати светлина и сила на Својот народ, за веста на вистината да може да му се објави на целиот свет.“ (Signs of the Times, 12 јуни 1893) {MAP 189.5}

1 јули

Троен верски сојуз

„И видов кога од устата на змевот и од устата на ѕверот и од устата на лажниот пророк излегоа три нечисти духа, како жаби; зашто тоа се ѓаволски духови кои прават чуда; тие одат кај царевите на целиот свет, за да ги соберат за војна во оној голем ден на Бог Седржителот.“ (Откровение 16:13,14) {MAP 190.1}

„Со овој декрет со кој насилно ќе се наметне тој закон на папството и ќе се прекрши Божјиот закон, нашата нација целосно ќе се одрече од праведноста. Кога протестантизмот ќе ја испружи раката преку бездната за да се поврзе со римската сила, и кога таа ќе посегне преку бездната за да се поврзе со спиритизмот, и кога под влијание на овој троен сојуз нашата земја ќе го отфрли секое начело на нејзиниот устав, и кога ќе почне со подготовките да ги шири папските лаги и измами - тогаш знаеме дека е дојдено времето за сатанското дело на чуда и дека се приближува крајот.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 451) {MAP 190.2}

„Преку двете големи заблуди - бесмртноста на душата и светоста на неделата - сатаната ќе успее да го прелаже протестантскиот свет. Додека првата заблуда поставува темел за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим. Протестантите во Соединетите Држави ќе бидат први кои ќе подадат рака преку бездната за да ја прифатат раката на спиритизмот. Тие ќе ја прифатат раката на римската власт и под влијание на овој троен сојуз, оваа земја ќе појде по стапките на Рим во газење на правата на совеста. ... {MAP 190.3}

Католиците, протестантите и световните луѓе ќе прифатат форма на побожност, без духовна сила, и тие во овој сојуз ќе видат големо движење за преобраќање на светот и за воспоставување на долго очекуваниот милениум (илјадагодишно царство).“ (Големата борба, стр. 588) {MAP 190.4}

„Кога нашата земја ќе се одрече од своите уставни начела до таа мера што ќе го озакони празнувањето на неделата, протестантизмот со тој чин ќе му испружи рака на папството. Тоа не значи ништо друго освен повторно да ѝ се даде живот на тиранијата, која долго чекала шанса повторно да се појави во активниот деспотизам.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 712) {MAP 190.5}

2 јули

Сатаната и тројниот сојуз

„И му се поклонија на змевот, кој му беше дал власт на сверот; му се поклонија и на сверот, велејќи: ’Кој е како сверот, и кој може да војува со него?‘“ (Откровение 13:4) {МАР 191.1}

„’Тој имаше два рога како кај јагне и зборуваше како змевот‘. Иако се изјаснуваат како следбеници на Божјото Јагне, луѓето сè повеќе ги вдахновува духот на змевот. За себе зборуваат дека се кротки и понизни, но зборуваат и донесуваат закони во сатански дух, покажувајќи со своите дела спротивно од она што го тврдат. Оваа сила слична на јагне се соединува со змевот во војување против оние што ги држат Божјите заповеди и го чуваат сведоштвото на Исус Христос. Сатаната се обединува со протестантите и католиците, дејствувајќи во соработка со нив како бог на овој свет, управувајќи со луѓето како да се поданици на неговото царство, владеејќи над нив и контролирајќи ги како што му се сака. Ако луѓето не се согласат да ги погазат Божјите заповеди, ќе се покаже духот на змевот. Ќе бидат затворани, изведувани пред совети и осудувани на парични казни. ’И ќе направи на сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови – да им се стави белег на десната рака или на челата нивни‘. ’И му се даде да вложи дух во бистата на сверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат пред бистата на сверот‘. Така сатаната ги присвојува правата на Јехова. Човекот на гревот седи на Божјото место, прогласувајќи се себеси за Бог и издигајќи се над Бога. {МАР 191.2}

Впечатлива е спротивноста меѓу оние што го носат Божјиот печат и оние што му се поклонуваат на сверот и на неговиот лик. Божјите верни слуги ќе ги доживеат најлошите прогонства од лажните учители, кои не сакаат да го слушнат Божјото слово и кои се подготвуваат да постават камења на сопнување на патот на оние што би сакале да го слушнат. Но Божјиот народ не треба да се плаши. Сатаната не може да оди подалеку од определената граница. Господ ќе биде бранител на Својот народ. Навредите што им се нанесуваат на Неговите слуги поради вистината Тој ги доживува како да Му се нанесени Нему. Кога ќе биде донесена последната одлука, кога секој ќе биде на определена страна, било на страната на Христос и заповедите или на страната на големиот отпадник, Бог ќе стане во Својата сила и устите на оние што хулеле на Него ќе бидат засекогаш затворени. Секоја сила што се противи ќе ја добие својата казна.“ (Letter 28, 1900) {МАР 191.3}

3 јули

Изопачена вистина

„Тогаш, ако ви каже некој: ‚Еве, овде е Христос‘ или ‚таму е‘ – не верувајте!“ (Матеј 24:23) {MAP 192.1}

„Пред последната појава на отпадништвото ќе настане збрка во прашањето на верата. Претставите за Божјата тајна ќе бидат нејасни и неодредени. Една вистина по друга ќе биде изопачувана.“ (Signs of the Times, 28 мај 1894) {MAP 192.2}

„Кога вистината ќе биде објавена како сведоштво на сите народи, сите можни сили на злото ќе бидат активирани и умовите на луѓето ќе бидат збунувани од многу гласни извици: ’Еве, овде е Христос‘, или: ’Таму е. Овде е вистината, јас имам порака од Бога. Тој ме испрати со голема светлина.‘ Потоа ќе се отстрануваат ’старите меѓи‘ и ќе се вложуваат смислени напори да се урнат столбовите на нашата вера. Ќе се преземаат уште поодлучни напори да се воспостави лажната сабота и самиот Бог да биде изложен на презир со потиснување на денот што Тој самиот го посветил и благословил. Оваа лажна сабота ќе биде принудно наметната со силата на законот.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 985) {MAP 192.3}

„Во иднина ќе се појават секакви измами. Затоа мораме да имаме цврста почва под нозете и силни столбови на градбата. Ниту една ситница не смее да се одземе од она што Господ го воспоставил. Непријателот ќе шири лажни теории, како што е тврдењето дека светилиште не постои. Ова е една од точките поради кои некои ќе отстапат од верата.“ (Evangelism, стр. 224) {MAP 192.4}

„Ќе има лажни соништа и лажни виденија што ќе содржат нешто вистина, но ќе оддалечуваат од вистинската вера. Господ им дал на луѓето правило според кое ќе ги препознаат: ’Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина‘ (Исаија 8:20).“ (Selected Messages, книга 2, стр. 98) {MAP 192.5}

„Колку повеќе се приближуваме кон крајот, лагата толку ќе се меша со вистината што само оние што се под постојано водство на Светиот Дух ќе можат да ја забележат разликата меѓу вистината и заблудата. Мораме да вложиме секаков напор цврсто да се држиме за Господовиот пат. Во никој случај не смееме да го напуштиме Неговото водство потпирајќи се врз човек. Божјите ангели добиле задача будно да бдеат над оние што својата доверба ја полагаат во Господа, и тие ангели треба да ни бидат посебна помош во секоја наша потреба. Секој ден треба да доаѓаме кај Господа со цврста вера и од Него да бараме мудрост. ... Оние што се раководат според Господовото слово јасно и со сигурност ќе ја забележуваат разликата меѓу вистината и лагата, меѓу гревот и праведноста.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 907) {MAP 192.6}

4 јули

Соединетите Држави во пророштвото

„И видов друг звер како излегува од земјата. Тој имаше два рога како кај јагне и зборуваше како змевот.“ (Откровение 13:11) {MAP 193.1}

„Само една единствена нација одговара на податоците на ова пророштво. Тоа јасно упатува на Соединетите Американски Држави.“ (Големата борба, стр. 440) {MAP 193.2}

„Ова е впечатлив опис на нашата нација што се подига и расте. Роговите слични на јагнешки, симболи на невиност и кроткост, добро го прикажуваат карактерот на нашата влада, кој се појавува во двете основни начела, републиканизмот и протестантизмот.“ (The Spirit of Prophecy, том 4, стр. 277) {MAP 193.3}

„Господ направил за Соединетите Држави повеќе отколку за која било друга држава под сонцето. Овде обезбедил прибежиште за Својот народ, каде што можел да Му се поклонува според својата совест. Овде христијанството напредувало во својата чистота. Слободно се поучувало животворното учење за еден Посредник меѓу Бога и човекот. Бог уредил оваа земја засекогаш да остане слободна, за сите луѓе да можат да Го слават според сопствената совест. Нејзините граѓански установи во својот развој требало да ја застапуваат слободата на евангелието. {MAP 193.4}

Меѓутоа, непријателот на секоја праведност има свои планови за оваа држава. Ќе се обиде да ги наведе луѓето да заборават дека Бог постои. Световноста и алчноста, која е идолопоклонство, ќе завладеат под влијание на стариот измамник сè додека Божјиот закон во секој поглед не биде прогласен за неважечки.“ (Manuscript 17, 1906) {MAP 193.5}

„Ми беше покажано дека сатаната постојано ни се прикрадува. Тој ќе го прогласи Божјиот закон за ништовен. Токму во нашата земја, која се фали со слободата, ќе дојде крајот на верската слобода.“ (Evangelism, стр. 236) {MAP 193.6}

„Кога нашата нација со своите законодавни акти ќе наметне закони со кои ќе се ограничува совеста на луѓето во поглед на нивните верски права, кога празнувањето на неделата ќе биде принудно наметнувано и кога оние што ја празнуваат саботата како седми ден ќе бидат немилосрдно угнетувани, Божјиот закон ќе биде прогласен за неважечки во нашата земја, а како последица на таквото национално отпаднишство ќе следува национална пропаст.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 977) {MAP 193.7}

5 јули

Прогонство од протестанти и католици

„И ќе бидете намразени од сите заради Моето име, но, кој претрпи до крај, ќе биде спасен.“ (Матеј 10:22) {MAP 194.1}

„Нема потреба да мислиме дека не можеме да го издржиме прогонството. Ќе мораме да поминеме низ страшни времиња.“ (Review and Herald, 29 април 1890) {MAP 194.2}

„Прогонствата на протестантите од римокатолиците, кои речиси ја уништиле верата на Исус Христос, ќе бидат надминати кога протестантизмот и папството ќе се обединат.“ (Manuscript 30, 1889) {MAP 194.3}

„Божјиот народ што ги држи заповедите наскоро ќе биде ставен на најголеми искушенија, но оние што оделе во светлината и ја ширеле ќе сфатат дека Бог посредува во нивна полза. Кога сè ќе изгледа како голема опасност, Господ ќе им ја открие Својата сила на верните. Кога нацијата за која Бог работел на толку чудесен начин и над која го раширил штитот на Семоќниот ќе ги напушти протестантските начела и преку својата законодавна власт ќе му даде помош и поддршка на католицизмот во ограничувањето на верската слобода, Бог силно ќе дејствува за Својот народ што Му останал верен. Рим ќе ја спроведува својата тиранија, но Христос е нашето прибежиште.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 206) {MAP 194.4}

„Кога водечките цркви во Соединетите Држави, обединувајќи се во оние точки на учење кои им се заеднички, ќе почнат да влијаат врз државата да ги наметне нивните прописи и да ги поддржи нивните институции, тогаш протестантска Америка ќе ѝ направи лик (икона) на римската хиерархија, а неизбежна последица на тоа ќе биде наметнување на граѓански казни за оние што веруваат поинаку.“ (Големата борба, стр. 445) {MAP 194.5}

„Светото Писмо учи дека папството треба да ја поврати својата изгубена превласт и дека огновите на прогонството повторно ќе се распламтат кога таканаречениот протестантски свет ќе направи отстапки. Во ова опасно време можеме да опстанеме само ако ги имаме вистината и Божјата сила. ... Можноста некој да се најде во опасност и неволја не треба да предизвика малодушност, туку треба да ја оживее силата и надежта кај Божјиот народ, зашто времето на неговата неволја е можност Бог да му даде појасно откривање на Својата сила.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 367–370) {MAP 194.6}

6 јули

Прогонувани заради Христос

„А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети.“ (2 Тимотеј 3:12) {МАР 195.1}

„Како што Христос бил мразен иако за тоа немало причина, така ќе бидат мразени и припадниците на Неговиот народ затоа што им се покоруваат на Божјите заповеди. Ако Оној што бил чист, свет и неизвалкан, што му правел на светот добро и само добро, бил изедначен со најлошиот злосторник и осуден на смрт, и Неговите следбеници можат да очекуваат само сличен однос, без оглед колку нивниот живот може да биде беспрекорен. {МАР 195.2}

Човечките одредби и законите што ги создале сатанските поданици под изговор да се заштити доброто, а злото да се ограничи и спречи, ќе бидат издигнувани, додека Божјите свети заповеди ќе бидат презирани и фрлени под нозе. И сите што својата верност кон Бога ја докажуваат со покорување на Јеховиниот закон мораат да бидат подготвени да бидат лишени од слобода и изведувани пред совети и судови на оние што за свое мерило не го земаат возвишениот и свет Божји закон.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 977) {МАР 195.3}

„Оние што живеат во последните денови од земната историја ќе дознаат што значи да се биде гонет поради вистината. Во судовите ќе владее неправда. Судиите нема да сакаат да ги сослушаат причините на оние што им се верни на Божјите заповеди, зашто знаат дека фактите одат во прилог на четвртата заповед, на што немаат одговор. Ќе речат: ’Ние имаме закон и според нашиот закон тој или таа треба да умре.‘ Божјиот закон за нив не значи ништо. ’Нашиот закон‘ за нив е највисокото мерило. На оние што ги почитуваат овие човечки закони ќе се гледа благонаклоно, а за оние што нема да сакаат да ѝ се поклонат на идолската сабота нема да има милост.“ (Signs of the Times, 26 мај 1898) {МАР 195.4}

„Преку лето не се гледа видлива разлика меѓу зимзелените и другите дрвја, но кога ќе настапат зимските луњи, зимзелените дрвја остануваат неизменети, додека останатите дрвја ги губат своите зелени лисја. Така и сега, таканаречените христијани не се разликуваат од вистинските христијани, но токму пред нас е времето кога ќе се покаже разликата. Нека се подигнат противниците, нека се распалат пак верскиот фанатизам и нетрпеливоста, нека настанат прогонства - полухристијаните и лицемерите ќе се поколебаат и ќе се откажат од својата вера, а вистинскиот христијанин ќе стои цврсто како карпа со посилна вера и со посветла надеж отколку во деновите на благосостојба.“ (Големата борба, стр. 602) {МАР 195.5}

7 јули

Најлошите прогонувачи — поранешните браќа

„Тогаш мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат и еден со друг ќе се мразат;“ (Матеј 24:10) {МАР 196.1}

„Штом ќе се приближи бурата, мнозина кои тврдат дека веруваат во третата ангелска вест, но не биле посветени со послушност кон вистината, ќе се откажат од своите ставови и ќе преминат во редовите на противниците. Соединувајќи се со светот и учествувајќи во неговиот дух, тие работите ги посматраат речиси во иста светлина, а кога ќе настапи искушението, ќе бидат готови да ја изберат полесната, популарната страна. Луѓе, надарени и со привлечно однесување, кои некогаш ѝ се радувале на вистината, ќе вложат максимални напори да ги измамат и да ги заведат душите. Тие ќе станат најголеми непријатели на своите некогашни браќа. Кога оние што ја почитуваат саботата ќе бидат доведени пред судови да одговараат поради својата вера, тогаш овие отпадници ќе бидат најуспешното орудие на сатаната да ги клеветат и да ги обвинуваат и со лажни извештаи и инсинуации ќе го поттикнуваат гневот на владетелите против нив.“ (Големата борба, стр. 608) {МАР 196.2}

„Во времето на неволјите кое му претстои на Божјиот народ ќе биде потребна непоколеблива вера. Неговите деца мораат да покажат дека Му служат единствено на Бога и дека ништо, дури ни животната опасност, не може да ги натера да направат и најмала отстапка кон идолопоклонство.“ (Пророци и цареви, стр. 512) {МАР 196.3}

„Во тоа време златото ќе се одвои од троскотот. Вистинската побожност јасно ќе се разликува од лажната и привидната. Ќе потонат во мракот многу ѕвезди на чиј сјај сме се восхитувале. Оние кои се кителе со украсите на светилиштето, но не се облекле со Христовата праведност, ќе се покажат во својата голотија. {МАР 196.4}

Помеѓу жителите на земјата, растурени по сите краишта на светот, живеат луѓе кои не ги свиткале колената пред Ваал. Како небесни ѕвезди кои се појавуваат само ноќе, овие верници ќе блескаат кога мракот ќе ја покрие земјата и темнината народот. ... А во часот на најдлабок отпад, кога сатаната со сите сили ќе се труди да ги наведе ’сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови‘ (Откровение 13:16) под закана на смртна казна да го примат знакот на потчинетост на лажниот ден за одмор, оние верни, ’прави и чисти, непорочни чеда Божји‘, ќе блескаат ’како светила во светот‘ (Филипјаните 2:15). Колку ноќта е помрачна, толку тие појасно ќе блескаат.“ (Пророци и цареви, стр. 188, 189) {МАР 196.5}

8 јули

Предадени од пријателите и роднините

„И непријатели на човека ќе бидат неговите домашни.“ (Матеј 10:36) {MAP 197.1}

„Кога Божјиот закон ќе биде прогласен за неважечки, а црквата ќе биде просеана со огнените искушенија на кои ќе бидат подложени сите што живеат на земјата, голем број од оние што се сметаат за искрени ќе се свртат кон измамливи духови и ќе станат предавници на светите вистини. Ќе се покажат како нашите најлоши прогонувачи. ’а и од вас самите ќе произлезат луѓе, што ќе зборуваат искривено, за да ги одвлечат учениците заедно со себе‘; и мнозина ќе се свртат кон измамливи духови.“ (Review and Herald, 8 јуни 1897) {MAP 197.2}

„Оние што отпаднале во времето на неволјата ќе сведочат лажно и ќе ги предадат своите браќа за да си ја обезбедат сопствената сигурност. Ќе дојавуваат каде се кријат нивните браќа, доведувајќи ги волците на нивната трага. Христос нè предупредил за ова за да не бидеме изненадени од суровото, неприродно однесување на нашите пријатели и роднини.“ (Review and Herald, 20 декември 1898) {MAP 197.3}

„Треба да сфатиме дека мораме да се ослободиме од сите раце освен од раката на Исус Христос. Ќе се покаже дека сме имале лажни пријатели што ќе нè предадат. Роднините што непријателот ги измамил ќе мислат дека Му служат на Бога со тоа што ни се противат и вложуваат најголеми напори да нè доведат во тешки положби, надевајќи се дека ќе се откажеме од својата вера. Но можеме да ѝ веруваме на Христовата рака, која нè држи во мракот и опасноста.“ (Manuscript 21, 1889) {MAP 197.4}

„Христовите следбеници мораат да очекуваат дека ќе се соочат со потсмев. Ќе бидат исмевани. Нивните зборови и вера ќе бидат погрешно прикажувани. Студенилото и презирот можат да бидат потешки од самото маченичество. ... {MAP 197.5}

Родителите сурово ќе се свртат против своите деца што ќе ја прифатат непопуларната вистина. Оние што совесно Му служат на Бога ќе бидат обвинети за бунт. Имотот што со завештание им бил оставен на децата или на други роднини што веруваат во сегашната вистина ќе биде предаден во други раце. Старателите ќе го ограбат она што им припаѓа на сираците и вдовиците. Оние што ќе се одделат од злото ќе станат плен поради законите донесени за насилно влијание врз совеста. Луѓето ќе присвојуваат имоти на кои немаат право. Зборовите на апостолот ќе се исполнат во блиска иднина: ’А и сите, што сакаат да живеат побожно во Христос Исус ќе бидат гонети‘.“ (Letter 30a, 1892) {MAP 197.6}

9 јули

Под смртна закана

„Ако ти премолчиш во ова време, тогаш слободата и спасението на Јудејците ќе дојде од друго место, а ти и домот на таткото твој ќе загинете. И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство?“ (Естира 4:14) {МАР 198.1}

„Наскоро пред светот ќе се одиграат величествени настани. Крајот на сè е близу. Врз Божјиот народ доаѓа време на неволја. Во тоа време ќе биде издаден проглас со кој на празнувачите на Господовата сабота ќе им се забрани да купуваат или да продаваат, под закана со казна, дури и со смрт, ако не го почитуваат првиот ден од седмицата како сабота.“ (Review and Herald, 19 ноември 1908) {МАР 198.2}

„Декретот кој ќе биде издаден против Божјиот народ ќе биде сличен на оној во времето на Естира кој го издал Артарксеркс против Евреите. ... Сатаната го поттикнал овој план со намера да ги истреби од лицето на земјата оние кои во себе го чувале сознанието за вистинскиот Бог. Но неговите намери биле осуетени од една сила која владее меѓу синовите човечки. ... Протестантскиот свет денес во малиот собир на оние кои ја празнуваат саботата гледа еден Мардохеј пред вратата. Нивниот карактер и живот во кои се огледа почитување кон Божјиот закон претставуваат постојан укор за оние кои Го отфрлиле Христа и Неговата сабота ја газат под нозете. Несаканиот натрапник кој го нарушува нивниот мир мора да биде отстранет по секоја цена. {МАР 198.3} {МАР 198.4}

Истиот мајсторски дух кој во минатите векови правел завери против верните и денес сè уште се труди да ги отстрани од лицето на земјата оние кои се бојат од Бога и го држат Неговиот закон. Сатаната копнее да предизвика огорченост против понизното малцинство кое доследно одбива да ги прифати популарните обичаи и традиции. Луѓето со високи положби и углед ќе се придружат на беззаконициte и неугледните за заедно со нив да се борат против Божјиот народ. ... Бидејќи против бранителите на саботата нема да можат да се повикаат на ’така вели Библијата‘, тие ќе прибегнат кон притисок за да го надоместат овој недостаток. ... На тоа боиште ќе дојде до последната голема борба меѓу вистината и заблудата. И ние не сме оставени во незнаење во поглед на исходот на овој судир. Сега, како и во деновите на Мардохеј, Господ ќе ја одбрани Својата вистина и Својот народ.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 450, 451) {МАР 198.5}

10 јули

Маченици во последните денови

„Ќе ве исклучуваат од синагогите. Па уште и ќе настапи време кога секој што ќе ве убие, ќе мисли дека на Бога Му принесува служба.“ (Јован 16:2) {MAP 199.1}

„Секој поединец во нашиот свет ќе се подреди под едно од двете знамиња.“ (In Heavenly Places, стр. 48) {MAP 199.2}

„Ќе се одделат две различни војски, а оваа разлика ќе биде толку видлива што мнозина, осведочени во вистината, ќе преминат на страната на оние што го почитуваат Божјиот закон. Бидејќи ова големо дело треба да се одигра за време на битката, пред последниот и завршен судир, мнозина ќе бидат уапсени, мнозина ќе побегнат од големите и помалите градови за да си ги зачуваат животите, а мнозина ќе бидат маченици за Христос, стоејќи во одбрана на вистината.“ (Manuscript 6, 1889) {MAP 199.3}

„Со овој декрет со кој насилно ќе се наметне тој закон на папството и ќе се прекрши Божјиот закон, нашата нација целосно ќе се одрече од праведноста. ... {MAP 199.4}

Како што приближувањето на римската војска за учениците на Христа било знак дека му претстои пропаст на Ерусалим, така и ова отпаднишство за нас ќе биде знак дека е помината границата на Божјото трпение, дека нашата нација ја наполнила чашата со неправда и дека ангелот на милоста се подготвува да замине и никогаш повеќе да не се врати. Божјиот народ тогаш ќе западне во маки и неволи кои пророците ги опишувале како време на Јакововите маки. Лелекањето на прогонетите верници ќе стига до небото. Како што крвта на Авел викала од земјата, така и гласовите на маченицте од гробовите, - од морските длабочини, од планинските пештери и под манастирските темели ќе викаат кон Бога: ’До кога, Севишен, свети и вистинити, нема да судиш и да им се одмаздуваш за нашата крв на оние што живеат на земјата?‘ (Откровение 6:10).“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 451) {MAP 199.5}

„Кога бил отворен петтиот печат, Јован во Откровението видел под жртвеникот група што била заклана за Божјото слово и за сведоштвото на Исус Христос. Потоа му биле покажани сцените од 18. глава, кога оние што се верни и вистинити ќе бидат повикани да излезат од Вавилон.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {MAP 199.6}

„Христос ќе ги обнови животите на оние што загинале, зашто Тој е Животодавецот. Тој ќе ги награди праведниците со бесмртен живот.“ (Review and Herald, 7 декември 1897) {MAP 199.7}

11 јули

Време на просејување

„И бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади.“ (Матеј 24:12) {MAP 200.1}

„Штом Божјиот народ биде запечатен на своите чела — тоа не е никаков видлив печат или знак, туку утврденост во вистината, умствено и духовно, така што ништо повеќе нема да може да ги поколеба — штом Божјиот народ биде запечатен и подготвен за просејувањето, тоа ќе дојде. Всушност, тоа веќе почнало; Божјите казни веќе ја снаоѓаат земјата и нè опоменуваат за да знаеме што доаѓа.“ (The SDA Bible Commentary, том 4, стр. 1161) {MAP 200.2}

„Бргу се приближуваат деновите на голема забуна и збрка. Сатаната, облечен во ангелска облека, ќе ги измами, ако е можно, дури и избраните. Ќе има многу богови и господари. Ќе дува секој ветар на науката. ... {MAP 200.3}

Принудното давање на белегот е токму пред нас. Тие што чекор по чекор им попуштале на барањата на светот нема да се стеснуваат да ѝ попуштат на таа сила, за да не бидат изложени на потсмев, навреди, закани за затвор и смрт. Борбата се води меѓу Божјите и човечките заповеди. Во тоа време во црквата ќе се одвои златото од троскотот. Вистинската побожност јасно ќе се разликува од лажната. Ќе потемнат многу ѕвезди на чиј сјај се восхитувавме. Ветрот ќе ја разнесе плевата, дури и оттаму каде што гледаме гумна со богата пченица. Сите кои ги присвојуваат украсите на светилиштето, а не се облечени во Христовата праведност, ќе се појават во срамот на својата голотија.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 80, 81) {MAP 200.4}

„Меѓутоа, има луѓе што ќе ја примат вистината и ќе ги заземат местата на оние што заминале затоа што биле навредени и ја напуштиле вистината. ... {MAP 200.5}

Луѓе со цврсти христијански начела ќе го заземат нивното место и ќе станат верни, предани управители, достојни за доверба. Ќе го застапуваат Божјото слово онакво какво што е, во неговата едноставност. Господ ќе направи незадоволниците да бидат одвоени од искрените и верните. ... Редовите нема да се проретчат. Оние што се цврсти и верни ќе ги заземат испразнетите места што ги ослободиле оние што се навредиле и отпаднале.“ (Manuscript 97, 1898) {MAP 200.6}

12 јули

Просејувањето

„И во Мојата ревност, во огнот на Моето негодување, Јас реков: навистина во оној ден ќе настане голем потрес во земјата израелска.“ (Езекиел 38:19) {МАР 201.1}

„Видов како некои од Божјиот народ со силна вера и повици во агонија, викаат кон Бога во молитва. Нивните лица беа бледи и обележани со длабока загриженост, изразувајќи ја нивната внатрешна борба, но и одлучност и голема сериозност, додека големи капки пот паѓаа од нивните чела. ... {МАР 201.2}

Злите ангели се насобираа околу нив, притискајќи темнина врз нив за да го исклучат Исуса од нивниот поглед, така што нивните очи да бидат привлечени кон темнината којашто ги окружуваше, и така да бидат водени да ја загубат довербата во Бога и да мрморат против Него. Нивната единствена безбедност се наоѓа во тоа својот поглед постојано да го насочуваат нагоре. На Божјите ангели им е наредено да бдеат над Неговиот народ и додека отровната атмосфера на злите ангели притискаше врз овие вознемирени души, небесните ангели постојано лебдеа со своите крилја над нив за да ја растераат густата темнина. {МАР 201.3}

Додека тие продолжуваа со своите срдечни повици, одвреме-навреме зраци на светлина од Исус доаѓаа врз нив, за да ги охрабрат нивните срца и да ги осветлат нивните лица. Јас видов дека некои не учествуваа во тоа дело на агонија и молитва. Тие изгледаа рамнодушни и безгрижни. ... Божјите ангели ... отидоа во помош на срдечните молители. ... Меѓутоа Неговите ангели ги напуштија оние кои не вложуваа никаков напор за да добијат помош, и повеќе не ги видов. {МАР 201.4}

Јас запрашав за значењето на решетањето кое го видов и ми беше покажано дека тоа ќе биде предизвикано од отвореното сведоштво кое се заснова на советот на Верниот Сведок упатен до Лаодикеја. ... {МАР 201.5}

Моето внимание беше тогаш посочено кон групата којашто ја имав видено, којашто беше силно решетана. ... Бројот на ангели чувари околу нив се беше удвоил и тие беа облечени со оклоп од нивната глава до нивните стапала. ... {МАР 201.6}

Јас слушнав дека тие облечените во ’сето оружје Божјо‘ ја објавуваа вистината со голема сила и силен ефект. ... Запрашав што е причина за оваа голема промена. Еден ангел одговори: ’Позниот дожд, освежувањето од лицето Господово, гласниот вик на третиот ангел‘.“ (Рани списи, стр. 269–271) {МАР 201.7}

13 јули

Единство и одвојување за време на гласниот вик

„Дигни се, заблескај Ерусалиме, зашто дојде твојата светлина, и славата Господова изгреа над тебе. Зашто, ете, темнина ќе ја покрие земјата, и мрак – народите; а над тебе ќе засветли Господ, и славата Негова ќе се јави над тебе.“ (Исаија 60:1,2) {МАР 202.1}

„Кога околу нас ќе се натрупаат испити, во нашите редови ќе се покаже и одвојување и единство. Некои кои денес се подготвени да го прифатат оружјето за борба, ќе покажат во часовите на вистинска опасност дека не граделе на вистинска карпа и ќе попуштат пред искушенијата. Оние кои имале голема светлина и драгоцени предности, но не ги искористиле добро ќе се одвојат од нас под овој или оној изговор. Бидејќи не ја примиле љубовта на вистината, ќе подлегнат на измамите на непријателот. Ќе се поведат по заводливи духови и ѓаволски науки, ќе отстапат од верата. Од друга страна, кога бурата на прогонства навистина ќе се сруши на нас, верната овца ќе го слушне гласот на вистинскиот Пастир. Полни со самооткажување, луѓето ќе се трудат да ги спасат изгубените и многумина кои заскитале од стадото, ќе се вратат да го следат Големиот Пастир. Божјиот народ меѓусебно ќе се приближи и ќе истапи против непријателот во една единствена предна (фронтна) линија. Пред заедничката опасност ќе престане борбата за превласт; нема веќе да се води расправија кој треба да се смета за најголем. Ниту еден од вистинските верници нема да каже: ’Јас сум Павлов... А јас сум Аполосов... Јас сум на Кифа‘. Сведоштвото на сите ќе биде: ’Се припоив кон Христа и се радувам во Него како во свој личен Спасител‘.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 400, 401) {МАР 202.2}

„Кога веста на Третиот ангел ќе нарасне во гласен вик, нејзиното објавување ќе биде проследено со голема сила и слава. Лицата на Божјиот народ ќе сјаат со небесна светлина.“ (Сведоштва за црквата, том 7, стр. 17) {МАР 202.3}

„Мнозина од властодршците се под контрола на сатаната; но Бог дури и помеѓу нив има свои орудија. И некои од нив ќе се обратат и ќе ја прифатат вистината. ... Неколкумина такви кои претставуваат орудија во Божјите раце ќе имаат сила да ја надвладеат огромната маса на зли луѓе. Така делото ќе продолжи сè додека пораката на третиот ангел не ја одигра својата улога, и при гласниот вик на третиот ангел овие луѓе што претставувале орудија во Божјите раце ќе имаат прилика да ја прифатат вистината. Некои од нив ќе се обратат и заедно со светите ќе го издржат времето на неволјите.“ (Сведоштва за црквата, том 1, стр. 203, 204) {МАР 202.4}

14 јули

Изгледа дека црквата ќе падне

„А Сион велеше: ’Ме остави Господ, мојот Бог ме заборави!‘ Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам.“ (Исаија 49:14,15) {МАР 203.1}

„Сатаната ќе прави чуда за да ги заведе луѓето; ќе ја истакнува својата сила како надмоќна. Понекогаш ќе изгледа дека црквата е толку ослабена што само што не паднала, но таа нема да падне. Таа останува, додека грешниците во Сион ќе бидат просеани — плевата ќе се одвои од драгоценото зрно. Ова е страшно искушение, но сепак мора да се случи. Никој освен оние што победиле со крвта на Јагнето и со словото на своето сведоштво нема да остане предан и верен, без недостаток или нечистотија на гревот и без измама во устата. ... Остатокот што ги чисти своите души преку послушност кон вистината собира сила во мачниот процес на искушување и проверување, покажувајќи ја убавината на светоста, иако од сите страни е опкружен со отпаднишство.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 911) {МАР 203.2}

„Знам дека Господ ја сака Својата црква. Не смееме да бидеме неорганизирани или да се распаднеме во независни делчиња. Во тоа нема ни најмалку доследност, ниту најмал доказ дека ќе се случи такво нешто. Оние што ѝ обрнуваат внимание на лажната порака и се обидуваат да ги променат другите ќе бидат измамени и подготвени да ги примат идните измами, па така ќе пропаднат.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 68, 69) {МАР 203.3}

„Охрабрена сум и благословена, зашто знам дека Израеловиот Бог сè уште го води Својот народ и дека ќе биде со него до крајот.“ (General Conference Bulletin, 27 мај 1913, стр. 165) {МАР 203.4}

„Сега не можеме да отстапиме од темелите што Бог ги поставил. Не можеме да влеземе во некаква нова организација, зашто тоа би значело отпаднишство од вистината.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 390) {МАР 203.5}

„Црквата, која наскоро ќе влезе во својот најостар судир, ќе биде најдрагоценото нешто за Бога на земјата. Силите од подземјето ќе придвижат сојуз на злото и сатаната ќе фрли секакви обвинувања врз избраните што нема да може да ги измами и заведе со своите ѓаволски измислици и лаги. Но дали Христос, нашиот Претставник и Поглавар, возвишен како ’Зачетникот и Спасителот, за да му даде покајание и простување на гревовите на Израел‘, ќе го затвори Своето срце, ќе ја повлече Својата рака или ќе ги прекрши Своите ветувања? Не, никогаш, никогаш.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 20) {МАР 203.6}

15 јули

Чистење на црквата

„Па ќе седне Тој како пречистувач на сребро, и ќе ги очисти синовите на Левиј и ќе ги претопи како злато и како сребро, за да Му принесат жртва со правда.“ (Малахија 3:3) {MAP 204.1}

„Пред нас е времето кога сигурно ќе се открие силата со која стариот измамник прави чуда. Неговите заводливи измами ќе се умножуваат, така што ќе збунуваат и, ако е можно, ќе ги измамат и избраните. Кнезот на темнината со своите зли ангели дејствува во христијанскиот свет, наведувајќи ги оние што го признаваат Христовото име да застанат под знамето на мракот и да војуваат против оние што ги држат Божјите заповеди и ја имаат Исусовата вера. {MAP 204.2}

Отпаднатата црква ќе се обедини со властите на земјата и пеколот за да го стави на челото или на раката жигот на sверот и да го наговори Божјиот народ да му се поклонува на sверот и на неговиот лик. Ќе се обидуваат да ги принудат да се откажат од својата верност кон Божјиот закон и да му се поклонат на папството. Тогаш ќе дојде времето кога ќе бидат испитани човечките души. Сојузот на отпадништвото ќе бара верните Божји поданици да се откажат од Јеховиниот закон и да ја отфрлат вистината на Неговото слово. Тогаш златото ќе биде одвоено од троската; ќе биде очигледно кој е побожен, кој е верен и вистинит, а кој не е, кој е троска и кој е површен. Колкави облаци плева тогаш ќе одвее Божјото веало! Таму каде што сега нашите очи гледаат само богати класови пченица, Божјото веало ќе ја одвее плевата. Никој што не е утврден во Христос нема да го издржи испитот ни Божјиот суд во тој ден. Додека оние што се облечени во Христовата праведност ќе стојат цврсто покрај вистината и должноста, оние што се потпирале на својата праведност ќе се подредат под црното знаме на кнезот на темнината. Тогаш ќе се види кој го избрал Христос, а кој Велијар. {MAP 204.3}

Оние, пак, што биле несигурни во себе, во такви околности што не се осмелувале да се соочат со срамот и укорите, на крајот јавно ќе се изјаснат за Христос и за Неговиот закон, додека мнозина што изгледале како расцутени дрвја, но не донеле плод, ќе му се придружат на мноштвото во правење зло и ќе го добијат жигот на отпадништвото на челото или на раката.“ (Review and Herald, 8 ноември 1892) {MAP 204.4}

16 јули

Сатаната го имитира Христос — прв дел

„Тој рече: ’Внимавајте да не ве прелажат! Зашто мнозина ќе дојдат под Мое име и ќе зборуваат дека сум Јас, и дека времето се приближи. Но, не одете по нив!‘“ (Лука 21:8) {MAP 205.1}

„Во ова време антихристот ќе се појави како вистинскиот Христос, а тогаш Божјиот закон целосно ќе биде прогласен за неважечки меѓу сите народи во светот. Бунтот против Божјиот свет закон целосно ќе созрее. Но вистинскиот водач на сите овие бунтови е сатаната, облечен како ангел на светлината. Луѓето ќе бидат измамени и ќе го издигнуваат како Бог и ќе му се поклонуваат. Меѓутоа, Семоќниот ќе се вмеша, а отпаднатите цркви што се обединуваат во издигањето на сатаната ќе ги стигне казна: ’Затоа во еден ден ќе ја сполетаат казните; смрт, жалост и глад, и ќе биде изгорена во оган, зашто силен е Господ Кој ја суди‘.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 62) {MAP 205.2}

„Преправен во ангел на светлината, сатаната ќе оди по земјата како чудотворец. Со прекрасен јазик ќе изнесува возвишени чувства. Ќе изговара мили зборови и ќе прави добри дела. Ќе го имитира Христос, а разликата ќе се гледа само во една точка. Сатаната ќе ги одвраќа луѓето од Божјиот закон.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 471, 472) {MAP 205.3}

„Ќе изјави дека саботата е променета од седмиот на првиот ден од седмицата. Како господар на првиот ден од седмицата, ќе ја прикаже оваа лажна сабота како испит на верност кон него.“ (Manuscript 153, 1902) {MAP 205.4}

„Невозможно е да се замислат доживувањата на народот Божји кој ќе се затекне жив на земјата кога во исто време ќе се појави небесната слава (доцниот дожд) и ќе се повторат прогонствата од минатото. Тие ќе чекорат во светлина која ќе доаѓа од Божјиот престол. Со посредство на ангелите ќе се одржува нераскинлива врска помеѓу небото и земјата. А сатаната, опкружен со злите ангели, ќе тврди дека тој е Бог, и ќе прави чуда од секаков вид за, ако е можно, да ги прелаже дури и избраните. Божјиот народ нема да наоѓа сигурност во правење на чуда, бидејќи сатаната ќе ги имитира чудата кои ќе се прават. Искушаниот и проверен Божји народ ќе ја најде својата сила во знакот за кој се зборува во Излез 31:12-18. Тие ќе мора да се потпрат на живата реч ’Пишано е‘. Тоа е единствен темел на кој ќе можат да стојат без опасност.“ (Сведоштва за црквата, том 9, стр. 16) {MAP 205.5}

17 јули

Сатаната го имитира Христос — втор дел

„И не е за чудење! Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината;“ (2 Коринтјаните 11:14) {MAP 206.1}

„Сатаната ги подготвува своите измами така што во неговиот последен поход против Божјиот народ тој да не може да препознае дека всушност се работи за него. ’И не е за чудење! Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината‘ ... Сатаната ќе ја употреби сета своја моќ за да го мачи, искушува и заведува Божјиот народ. Оној што се осмелил да го искушува и исмејува нашиот Господ, оној што имал сила да Го земе во своите раце и да Го одведе на врвот на храмот, на многу висока планина, ќе ја покаже својата моќ во најголема мера врз сегашното поколение, кое е далеку послабо од Господ во поглед на мудроста и кое речиси ништо не знае за неговата лукавост и сила. На зачудувачки начин ќе влијае врз телата на оние што по природа се склони да ги извршуваат неговите заповеди.“ (Messages to Young People, стр. 51, 52) {MAP 206.2} {MAP 206.3} {MAP 206.4}

„Тој ќе се претставува како Исус Христос, правејќи силни чуда, така што луѓето ќе паѓаат пред него и ќе му се поклонуваат како на Христос. И од нас ќе се бара да му се поклониме на тоа суштество што светот ќе го слави како Христос. Што ќе правиме тогаш? Ќе кажеме дека Христос нè предупредил да се чуваме токму од таков противник, кој е најлошиот човечки непријател, иако за себе тврди дека е Бог. Кога Христос ќе дојде, тоа ќе биде со голема слава и сила, придружуван од илјадници илјади и десет илјади по десет илјади ангели. Кога ќе дојде, ќе го препознаеме Неговиот глас.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1105, 1106) {MAP 206.5} {MAP 206.6}

„Доаѓа време кога сатаната ќе прави чуда токму пред вашите очи, тврдејќи дека е Христос, и ако не сте цврсто втемелени врз Божјата вистина, ќе се поколебате и ќе го напуштите своето стојалиште.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 911) {MAP 206.7}

„Сатаната е решен да војува до крај. Појавувајќи се како ангел на светлината и тврдејќи дека е Христос, ќе го заведе светот. Но неговата победа ќе биде краткотрајна. Никакви бури на искушенија нема да ги поместат оние чии стапала се утврдени врз начелата на вечната вистина. Тие ќе се одржат во тоа време на речиси сеопшто отпадништ во.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1106) {MAP 206.8}

18 јули

Чудата на сатаната — прв дел

„Зашто ќе се појават лажни месии и лажни пророци, и ќе покажат големи знаци и чуда, за да ги прелажат, ако е можно, дури и избраните.“ (Матеј 24:24) {MAP 207.1}

„Непријателот се подготвува да го измами целиот свет со својата моќ да прави чуда. Ќе се осмели да имитира ангели на светлината и Исус Христос.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 96) {MAP 207.2}

„Во границите на неговата моќ, тој ќе прави вистински чуда. Светото Писмо вели: ’И ги мамеше земните жители со чудата што му беа дадени да ги врши‘ (Откровение 13:14), не само оние за кои тој се преправа дека ги прави. Со овие зборови Светото Писмо укажува на нешто повисоко од проста измама. Меѓутоа, има граница после која сатаната не може да направи ништо. И тогаш тој се користи со измама и ги фалсификува делата за кои нема моќ да ги прави. Во последните денови тој ќе се појави на таков начин што луѓето ќе поверуваат дека е Христос кој по втор пат доаѓа на земјата. Тој ќе се претвори во ангел на светлината.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 698) {MAP 207.3}

„Ќе дојде имитирајќи го Исус Христос и правејќи силни чуда. Луѓето ќе се поклонуваат и ќе го обожаваат како да е Исус Христос. И нам ќе ни биде наредено да му се поклонуваме на ова суштество што светот ќе го велича како Христос.“ (Review and Herald, 18 декември 1888) {MAP 207.4}

„Токму пред нас е ’часот на искушението кое ќе дојде над целиот свет, за да ги искуша оние што живеат на земјата‘ (Откровение 3:10). Сите оние чијашто вера не е цврсто втемелена на Божјото слово, ќе бидат измамени и совладани. Сатаната се труди ’со секакво неправедно измамување‘ целосно да загосподари со човечките синови. Но тој својата цел може да ја оствари само тогаш кога човекот доброволно се потчини на неговите искушенија. Оние кои сериозно сакаат да ја спознаат вистината и се стремат преку послушност да ја исчистат својата душа, правејќи сè што е во нивна моќ да се подготват за овој судир, ќе најдат сигурна заштита во Бога, кој е извор на вистината. ’Бидејќи ти го запази словото на трпението Мое, и Јас ќе те запазам‘ (Откровение 3:10), гласи ветувањето на Спасителот. Тој побргу ќе ги испрати сите небесни ангели за да го заштитат Неговиот народ, отколку да му дозволи на сатаната да совлада една душа која се надева на Него.“ (Големата борба, стр. 560) {MAP 207.5}

19 јули

Чудата на сатаната — втор дел

„И правеше големи чуда, па дури и оган симнуваше од небото на земјата пред луѓето.“ (Откровение 13:13) {МАР 208.1}

„Како што Божјиот народ се приближува кон опасностите на последните денови, сатаната сериозно се советува со своите ангели, усовршувајќи го планот да ја уништи нивната вера. Тој гледа дека многу цркви веќе се успиени од неговата лажна сила. Со привлечни мудрувања и лажни чуда ги држи под своја власт. Затоа особено им заповеда на своите ангели да им постават стапици на оние што го чекаат второто Христово доаѓање и настојуваат да ги држат сите Божји заповеди.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 472) {МАР 208.2}

„Предупредени сме дека во последните денови ќе прави знаци и лажни чуда. Сатаната ќе продолжи со овие чуда сè до крајот на времето на проверка, за да нè убеди дека е ангел на светлината, а не на темнината.“ (Review and Herald, 17 ноември 1885) {МАР 208.3}

„Сатаната ќе се обиде да ги измами, ако е можно, и избраните. Ќе тврди дека е Христос, преправајќи се дека е големиот лекар мисионер. Ќе направи и оган да слезе од небото пред луѓето, за да докаже дека е Бог.“ (Medical Ministry, стр. 87, 88) {МАР 208.4}

„Светот ќе биде заробен од лажните чуда на ѓаволот и тој ќе направи оган да слезе од небото пред луѓето. Ќе прави чуда, а оваа зачудувачка сила што прави чуда ќе се прошири низ светот.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 51) {МАР 208.5}

„Некои ќе паднат во искушение тие чуда да ги прифатат како да доаѓаат од Бога. Ќе се прават големи чуда, и болни ќе бидат исцелувани пред нашите очи. Дали сме подготвени за искушенијата што нè очекуваат кога сатаната ќе ги покажува своите лажни чуда со уште поголема сила? Нема ли мнозина да бидат изненадени и фатени во таа стапица? Отстапувајќи од јасните прописи, од Божјите заповеди и прифаќајќи човечки измислици, мнозина несвесно се подготвуваат да ги прифатат тие лажни чуда. Сега е време да се вооружуваме за борбата што наскоро ни претстои. Верата во Божјата реч, трудољубивото проучување на Библијата со молитва и нејзината практична примена ќе бидат наша заштита од силата на сатаната и ќе нè направат победници преку Христовата крв.“ (Сведоштва за црквата, том 1, стр. 302) {МАР 208.6}

20 јули

Божјиот народ на испит

„Мнозина ќе Ми речат во оној ден ‚Господи, Господи, нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И нели во Твое име многу чуда правевме?‘ И тогаш Јас ќе им кажам: ‚Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!‘“ (Матеј 7:22,23) {МАР 209.1}

„Нема потреба да бидеме измамени. Наскоро ќе се одиграат чудесни сцени со кои сатаната ќе биде тесно поврзан. Божјото слово објавува дека сатаната ќе прави чуда. Ќе предизвикува луѓето да се разболат, а потоа одеднаш ќе ја отстрани од нив својата ѓаволска сила. Тогаш ќе бидат прогласени за здрави. Овие наводни исцелувања ќе ги стават адвентистите на седмиот ден на испит. Мнозина што имале голема светлина нема да успеат да одат во неа, зашто не станале едно со Христос.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 53) {МАР 209.2}

„Го видов нашиот народ во голема тегоба, плачејќи и молејќи се врз основа на сигурните Божји ветувања, додека безбожниците беа насекаде околу нас, исмевајќи нè и заканувајќи се дека ќе нè уништат. Ја исмеваа нашата немоќ, тоа што сме малубројни; ни се подбиваа со смислени зборови што длабоко навредуваа. Нè обвинуваа што сме зазеле независна положба во однос на целиот останат свет. Ни го запреа снабдувањето, така што не можевме ни да купуваме ни да продаваме, и посочуваа на нашата сиромаштија и бедни услови. Не гледаа како би можеле да живееме без светот; зависни сме од светот, па мораме да им се покориме на обичаите, практиките и световните закони или да излеземе од него. Ако сме биле единствениот народ во светот на кој Господ му укажува наклоност, надворешните околности силно зборувале против нас. Тие изјавуваат дека ја имаат вистината, прават чуда, ангели од небото разговараат и одат со нив, дека поседуваат голема сила, а знаци и чуда се случуваат во нивната средина. Тоа бил земниот милениум што толку долго го очекувале. Целиот свет се преобратил и се усогласил со законот за неделата. А овој мал и слаб народ им се спротивставувал на законите на земјата и на Божјите закони, тврдејќи дека единствено тој на земјата е во право.“ (Letter 6, 1884) {МАР 209.3}

„Божјиот народ нема да најде сигурност во правење чуда, зашто сатаната ќе имитира кое било чудо што ќе биде направено. ... Тој треба да заземе цврст став заснован врз живото Слово — ’Пишано е‘.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 55) {МАР 209.4}

21 јули

Натприродни сцени

„А на некои места ќе има и големи потреси, и глад и помор; ќе има страотни појави и големи знаци на небото.“ (Лука 21:11) {МАР 210.1}

„Како што ќе се приближуваме кон крајот на времето, ќе има сè повеќе надворешни појавувања на незнабожечка моќ. Незнабожечките божества ќе ја покажуваат својата необична сила и ќе се појавуваат пред градовите на светот. Нешто од тоа веќе почнало да се исполнува.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 117, 118) {МАР 210.2}

„Пророштвото на Спасителот во врска со казнувањето кое го снашло Ерусалим, треба да има уште едно исполнување, според кое оваа ужасна сцена на пустошење е само слаба сенка. Во судбината на избраниот град можеме да ја видиме судбината на светот кој ја отфрлил Божјата милост и го газел Неговиот закон.“ (Големата борба, стр. 36) {МАР 210.3}

„Како некоја кобна најава на претстојната несреќа и пропаст се појавиле знаци и чудеса. На полноќ, над храмот и олтарот, се појавила неприродна светлина. На зајдисонце, на облаците се појавиле бојни коли и војници подготвени за битка.“ (Големата борба, стр. 29) {МАР 210.4}

„Минатиот петок наутро [24 август 1906], непосредно пред да се разбудам, ми беше прикажана многу впечатлива сцена. Изгледаше како да се будам од сон, но не во својот дом. Од прозорецот можев да видам страшен пожар. Големи огнени топки паѓаа врз куќите, а огнени стрели летаа во сите насоки. Беше невозможно да се изгасне огнот, а многу места беа уништени. Стравот на луѓето беше неопислив.“ (Evangelism, стр. 29) {МАР 210.5}

„Наскоро на небото ќе се видат страшни појави со натприроден карактер, како знак на моќта на демоните кои прават чуда. Духовите ѓаволски ќе одат кај земните цареви по целиот свет да ги измамат и да ги поттикнат да се здружат со сатаната во неговата последна битка против небесното владеење. Така со помош на овие орудија, владетелите и нивните поданици ќе бидат измамени. Ќе се појават луѓе кои ќе се преправаат дека се Христос и ќе бараат чест и обожавање што му припаѓаат само на Спасителот на светот. Тие ќе извршат чудесни исцелувања и ќе тврдат дека од небото добиле откровенија кои се во спротивност со сведоштвата на Светото Писмо.“ (Големата борба, стр. 624) {МАР 210.6}

22 јули

Божјиот печат и жигот на sверот

„Врзи го свидетелството и запечати го откровението пред своите ученици.“ (Исаија 8:16) {MAP 211.1}

„Пред крајот на времето на проверка живите праведници ќе го добијат Божјиот печат.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 66) {MAP 211.2}

„Белегот или Божјиот печат се открива во празнувањето на саботата, седмиот ден, што Бог го поставил како спомен на создавањето. ...

Белегот на sверот е спротивен на ова - празнување на првиот ден во седмицата.“ (Сведоштва за црквата, том 8, стр. 117) {MAP 211.3}

„Празнувањето на неделата сè уште не е жиг на sверот и нема да биде сè додека не стапи во сила проглас со кој луѓето ќе бидат принудувани да ја празнуваат таа идолска сабота. Ќе дојде време кога тој ден ќе биде испит, но тоа време уште не дошло.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 977) {MAP 211.4}

„Никој сè уште не го примил жигот на sверот. Времето на испитот уште не настапило. Искрени христијани има во секоја црква, не исклучувајќи ја ни Римокатоличката. Никој нема да биде осуден додека не ја прими светлината и не ги согледа обврските од четвртата заповед. Но кога ќе излезе наредбата што ќе го наметнува лажниот ден за одмор и кога гласниот вик на третиот ангел ќе ги предупреди луѓето да не му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик, тогаш ќе биде повлечена јасна линија меѓу лагата и вистината. Тогаш оние што и понатаму ќе грешат ќе го примат жигот на sверот.“ (Evangelism, стр. 234, 235) {MAP 211.5}

„Ако сте ја примиле светлината што го истакнува денот за одмор од четвртата заповед и покажува дека во Божјото слово нема основа за празнување на неделата, а сепак се држите за лажниот ден за одмор, одбивајќи да ја празнувате саботата што Бог ја нарекува ’светиот Мој ден‘, ќе го примите жигот на sверот. Кога ќе се случи тоа? Кога ќе ја послушате наредбата што заповеда да не работите во недела и тогаш да Му се молите на Бога, иако знаете дека Библијата со ниту еден збор не ја спомнува неделата поинаку освен како обичен работен ден, вие го примате жигот на sверот, а го отфрлате Божјиот печат.“ (Evangelism, стр. 235) {MAP 211.6}

„Наскоро секое Божјо дете ќе го добие Неговиот печат. О, кога би можел да биде ставен на нашите чела! Кој може да ја поднесе помислата дека ангелот ќе го одмине кога ќе оди и ќе ги запечатува Божјите слуги на нивните чела?“ (Review and Herald, 28 мај 1889) {MAP 211.7}

23 јули

Запечатувањето и позниот дожд

„Но Божјата цврста основа стои непоколебливо, имајќи го овој печат: ’Ги познава Господ оние кои се Негови‘ и ’Да отстапи од неправда секој што го изговара името Господово!‘“ (2 Тимотеј 2:19) {MAP 212.1}

„Пред да заврши делото и да се доврши запечатувањето на Божјиот народ, Божјиот Дух ќе се излее врз нас. Меѓу нас ќе има небесни ангели.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 111) {MAP 212.2}

„Нашиот небесен Татко не поставува пред нас барања што не можеме да ги извршиме. Тој сака Неговиот народ сериозно да работи за да ја оствари Неговата намера. Треба да молат за сила, да ја очекуваат и да ја примат, за да можат да растат како мажи и жени до полната висина на растот на Исус Христос. {MAP 212.3}

Не сите членови на црквата негуваат лична побожност. Затоа не разбираат која е нивната одговорност. Не сфаќаат дека нивна предност и должност е да го достигнат високото мерило на христијанското совршенство. ... Дали му се радуваме на позниот дожд, очекувајќи со доверба подобри денови, кога црквата ќе биде дарувана со сила одозгора и подготвена за работа? Позниот дожд никогаш нема да ги освежи ниту да ги закрепне рамнодушните што не ја користат силата што Бог им ја дал. {MAP 212.4}

Навистина ни е потребна чиста, животворна атмосфера што го негува и закрепнува духовниот живот. Ни е потребна поголема ревност. Возвишената порака што ни е дадена треба да му ја објавиме на светот со поголем жар, дури со сила што ќе влијае врз неверниците да видат дека Највозвишениот работи со нас, дека Тој е изворот на нашето дејствување и сила. ... {MAP 212.5}

Дали ги користите сите свои сили во напорот да ги вратите загубените овци во трлото? Има илјадници и илјадници што се во незнаење и што треба да бидат предупредени. Молете се како никогаш порано за силата што ја дава Христос. Молете се Неговиот Дух да ве вдахнови и да ве исполни со желба да ги спасите оние што гинат. Нека се издигнува кон небото молитвата: ’Боже, биди милостив кон нас и благослови нè; осветли нè со лицето Свое, за да се спознае на Земјата патот Твој, и меѓу сите народи спасението од Тебе‘ (Псалм 67:1,2).“ (In Heavenly Places, стр. 338) {MAP 212.6}

24 јули

Остатокот и запечатувањето

„И му рече Господ на сатаната: 'Господ да те укори сатано, Господ да те укори, Оној Кој го избра Ерусалим. Зар не е Тој гламја истргната од оган?'“ (Захарија 3:2) {МАР 213.1}

„Црквата на остатокот мора да помине преку големи проблеми и неволи. Оние кои ги држат Божјите заповеди и ја имаат верата Исусова ќе го почувствуваат гневот на змевот и неговите војски. Сатаната целиот свет го смета за негови поданици. Тој задобил власт над отпаднатите цркви, но постои една мала црква која се спротивставува на неговата надмоќност. Неговата победа би била целосна кога би можел да ја збрише од лицето на земјата. Како што во минатото ги поттикнувал незнабожечките народи да го уништат Израел, така и во блиска иднина ќе ги поттикнува безбожните сили на земјата да го уништат Божјиот народ. Од сите ќе се бара да се покоруваат на човечките закони со кои се прекршува божествениот закон. Тие што ќе бидат предани на Бога и на должноста ќе бидат изложени на прогонства, обвинувања и презир. Ќе бидат предавани од родителите и браќата, роднините и пријателите. {МАР 213.2}

Нивна единствена надеж ќе биде Божјата милост, а единствена одбрана молитвата. Како што Исус се молел пред ангелот, така и црквата на остатокот со понизно срце и непоколеблива вера ќе бара простување и ослободување преку Исус, нејзиниот Бранител. ... {МАР 213.3}

Сатаната пред Бога изнесува обвинувања против нив, тврдејќи дека тие со нивните гревови го загубиле правото на Негова заштита и бара право над нив за да ги уништи како престапници. ... {МАР 213.4}

Меѓутоа, иако грешеле, Христовите следбеници не се предале на силата на злото. Тие ги отфрлиле своите гревови и во понизност Го побарале Господа и божествениот Бранител посредува во нивна корист. ... {МАР 213.5}

Божјиот народ воздивнува и плаче заради гнасотиите што се прават на земјата. Тој во солзи ги опоменува безбожниците за опасноста која им се заканува затоа што со нозете го газат Неговиот закон и со неискажлива тага се понижува самиот себеси пред Господа заради сопствените престапи. Безбожниците се смеат на нивната болка, на нивните повици, и, како што велат тие, на нивните слабости. Но стравот и понизноста на Божјиот народ се несомнени докази дека тој повторно ја стекнува силата и благородноста на карактерот што ги загубил заради гревот. ... {МАР 213.6}

Додека сатаната ги изнесувал своите обвинувања и се трудел да ги уништи, невидливите ангели биле околу нив и на нив го ставале белегот на живиот Бог.“ (Review and Herald, 9 јануари 1908) {МАР 213.7}

25 јули

Сите народи го следат американското водство

„Затоа, кога го чуја звукот од трубата, од свирката, од харфата и од другите свирки, паднаа на колена сите народи, племиња и јазици и му се поклонија на златниот идол што го беше поставил царот Навуходоносор.“ (Даниел 3:7) {MAP 214.1}

„Историјата ќе се повтори. Лажната религија ќе биде издигната. Првиот ден од седмицата, обичен работен ден што никогаш не бил посветен, ќе биде издигнат како некогашниот вавилонски лик. На сите народи, јазици и племиња ќе им биде заповедано да ѝ се поклонуваат на оваа лажна сабота. Ова е планот на сатаната за да го омаловажи денот што самиот Бог го прогласил за свет и му го оставил на светот како спомен на создавањето. {MAP 214.2}

Прогласот за принудно празнување на овој ден ќе се прошири низ целиот свет.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 976) {MAP 214.3}

„Како што Америка, земјата на верската слобода, ќе се обединува со папството, вршејќи притисок на совеста и принудувајќи ги луѓето да го празнуваат лажниот ден за одмор, народите од сите земји на светот ќе бидат наведени да тргнат по нејзиниот пример.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 18) {MAP 214.4}

„Странските земји ќе се угледаат на примерот на Соединетите Држави. Иако Соединетите Држави први ќе ја започнат, истата криза ќе го зафати нашиот народ во сите делови на светот.“ (Сведоштва за црквата, том 6, стр. 395) {MAP 214.5}

„Народите ќе бидат потресени до својата срцевина. Ќе им биде ускратена поддршката на оние што го истакнуваат единственото Божјо мерило на праведноста, единствениот сигурен испит на карактерот. Сите што нема да сакаат да се покорат на одредбите на државните парламенти и на законите што ја издигаат саботата воспоставена од човекот на гревот за да го обезвредни Божјиот свет ден, ќе ја почувствуваат тиранската сила не само на самиот папа, туку и на протестантскиот свет, ликот на ѕверот.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 380) {MAP 214.6}

„Во времето на неволјите кое му претстои на Божјиот народ ќе биде потребна непоколеблива вера. Неговите деца мораат да покажат дека Му служат единствено на Бога и дека ништо, дури ни животната опасност, не може да ги натера да направат и најмала отстапка кон идолопоклонство. За верното срце, заповедите на грешен, смртен човек стануваат безначајни во споредба со речта на вечниот Бог. Вистината ќе биде почитувана дури и последиците да бидат затвор, прогонство или смрт.“ (Пророци и цареви, стр. 512, 513) {MAP 214.7}

26 јули

Почетокот на крајот

„Така вели Господ Бог: несреќа врз несреќа ќе те снајде! Свршетокот дојде, дојде свршетокот, се крена против тебе: ете дојде!“ (Езекиел 7:5,6) {МАР 215.1}

„Страшен е крајот кон кој во пресрет оди овој свет. Земните сили, обединети во борбата против Божјите заповеди, ќе издадат декрет ’сите – мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови‘ (Откровение 13:16), да се усогласат со обичаите на црквите празнувајќи ја лажната сабота. Сите што ќе одбијат да се усогласат, ќе бидат изложени на граѓански казни, а најпосле ќе биде објавено дека заслужуваат смрт. Од друга страна, Божјиот закон, налагајќи да се празнува денот во кој и самиот Творец се одморал, бара послушност и се заканува со гнев против сите оние кои ги кршат Неговите прописи. {МАР 215.2}

Кога ова прашање на луѓето ќе им се изнесе јасно, тогаш секој оној кој ќе го гази Божјиот закон за да ги послуша човечките наредби, ќе го прими жигот на ѕверот. Тој прима знак на верност кон власта што сака да ја слуша наместо Бога. ... {МАР 215.3}

Саботата ќе биде голем тест на верноста, зашто таа е точка на вистината што е посебно оспорувана. Кога луѓето ќе бидат ставени пред последната проба, тогаш ќе биде повлечена линија на разграничување меѓу оние што Му служат на Бога и оние што не Му служат. Додека празнувањето на лажната сабота (неделата) во согласност со земните закони, спротивно на четвртата Божја заповед, ќе претставува знак на верност на онаа сила што му се противи на Бога, празнувањето на вистинската сабота, во согласност со Божјиот закон, ќе претставува доказ за верност кон Творецот. Додека една група луѓе, примајќи го знакот на покорност на земните власти, ќе го прими жигот на ѕверот, другата, избирајќи го знакот на верност кон божествениот авторитет, ќе прими Божји печат. {МАР 215.4}

Порано оние што ги проповедале вистините на третата ангелска вест често биле сметани само како паничари. ... Но кога нашироко ќе биде расправано за прашањето на принудното празнување на неделата, ќе се види дека се приближува настанот во кој толку долго се сомневало и во кој не се верувало, а третата ангелска вест ќе произведе таков впечаток каков што порано не можела да има.“ (Големата борба, стр. 604–606) {МАР 215.5}

27 јули

Пропаста на народот го следи неговото отпадништво

„И земјата е осквернета под жителите свои, зашто тие ги прекршија законите, го изменија уставот, го нарушија вечниот завет.“ (Исаија 24:5) {МАР 216.1}

„Народот на Соединетите Држави е привилегиран народ, но кога ќе ја ограничи верската слобода, ќе се откаже од протестантизмот и ќе му даде поддршка на папството, мерката на неговата вина ќе се наполни, а ’отпадништвото на народот‘ ќе биде запишано во небесните книги. Последица на ова отпадништво ќе биде пропаста на нацијата.“ (Review and Herald, 2 мај 1893) {МАР 216.2}

„Со овој декрет со кој насилно ќе се наметне тој закон на папството и ќе се прекрши Божјиот закон, нашата нација целосно ќе се одрече од праведноста. Кога протестантизмот ќе ја испружи раката преку бездната за да се поврзе со римската сила, и кога таа ќе посегне преку бездната за да се поврзе со спиритизмот, и кога под влијание на овој троен сојуз нашата земја ќе го отфрли секое начело на нејзиниот устав, и кога ќе почне со подготовките да ги шири папските лаги и измами - тогаш знаеме дека е дојдено времето за сатанското дело на чуда и дека се приближува крајот.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 451) {МАР 216.3}

„Со помош на спиритизмот сатаната се појавува како добротвор на човечкиот род; тој ги лекува болестите на луѓето и се претставува како оној што донесува нова и повозвишена религија, а во исто време работи како рушител. ... Додека сатаната им се претставува на човечките синови како голем лекар кој може да ги исцели сите нивни болести, во исто време тој ќе ги обремени со болести и несреќи и цели градови ќе претвори во урнатини и пустош. ... И тогаш големиот измамник ќе се обиде да ги убеди луѓето дека причина за овие несреќи се оние што му служат на Бога.“ (Големата борба, стр. 589, 590) {МАР 216.4} {МАР 216.5} {МАР 216.6}

„Колку повеќе луѓето се оддалечуваат од Бога, толку поголема власт му е дозволена на сатаната над непослушните деца. Тој предизвикува уништување меѓу луѓето. Несреќи се случуваат и на копното и на морето. Пожари и поплави уништуваат имот и животи. Сатаната решава за ова да ги обвини оние што одбиваат да му се поклонат на идолот што го поставил. Неговите поданици посочуваат на адвентистите на седмиот ден како на причина за нивните неволји. ’Овие луѓе не го почитуваат законот‘, велат тие. ’Тие ја обесветуваат неделата. Кога би биле принудени да го почитуваат законот за неделата, би престанале овие страшни судови.‘“ (Review and Herald, 16 јули 1901) {МАР 216.7}

28 јули

Светот против Божјиот народ

„И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос.“ (Откровение 12:17) {MAP 217.1}

„Луѓето го сметаа нашиот народ за премногу безначаен за да му посветуваат некакво внимание, но ова ќе се промени. Во христијанскиот свет сега се појавуваат движења кои неодминливо ќе предизвикаат да се истакне народот кој го држи Божјиот закон.“ (Сведоштва за црквата, том 5, стр. 546) {MAP 217.2}

„Целиот свет ќе стане непријателски расположен кон адвентистите на седмиот ден затоа што нема да сакаат да му оддадат почит на папството со празнување на неделата, таа установа на силата на антихристот. Намерата на сатаната е да ги избрише од лицето на земјата за да не може да биде оспорена неговата надмоќ над светот.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 37) {MAP 217.3}

„Секоја точка на вистината што ја застапува нашиот народ ќе може да се одбрани од критиката на најсилните умови. Најголемите луѓе на светот ќе дојдат во допир со вистината и затоа секое свое стојалиште да го испитаме критички и да го провериме врз основа на Светото Писмо. Засега изгледа дека никој не нè забележува, но нема секогаш да биде така. Определени случувања ќе нè изнесат во преден план, и ако историчарите и големите луѓе на светот можат да ја урнат нашата вистина, ќе го направат тоа. {MAP 217.4}

Мораме, секој за себе, да знаеме што е вистина и да бидеме подготвени да ја дадеме причината за својата надеж, кротко, понизно, во Христовиот дух, а не со горделива, надуена самоувереност. Се приближуваме кон времето кога секој ќе стои сам и ќе ја дава причината за својата вера.“ (Evangelism, стр. 69) {MAP 217.5}

„Ќе бидеме напаѓани во секоја точка, искушувани до крајните граници. Не сакаме да се држиме за нашата вера само затоа што сме ја примиле од нашите татковци. Таквата вера нема да го издржи страшниот испит што е пред нас. Сакаме да знаеме зошто сме адвентисти на седмиот ден и која е вистинската причина што сме се одделиле од светот како поинаков народ. ... {MAP 217.6}

Силите на темнината ќе го отворат својот оган врз нас, и сите што се рамнодушни и безгрижни, што својата љубов ја насочуваат кон земното богатство и не сакаат да го разберат Божјото дејствување, ќе бидат нивни жртви. Не моќта, туку познавањето на вистината каква што е во Исуса ќе нè направи цврсти; и со таа вистина еден ќе може да изгони илјада, а двајца да натераат десет илјади да отстапат.“ (Review and Herald, 29 април 1884) {MAP 217.7}

29 јули

Ангелот од Откровение 18

„А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот.“ (Откровение 18:1) {МАР 218.1}

„Наскоро ќе се исполнат пророштвата од 18. глава на Откровението. За време на објавувањето на третата ангелска вест ’друг ангел‘ треба да слезе од небото; ’имаше голема власт: и земјата светна од неговиот болскот‘. Господовиот Дух толку милостиво ќе ги благослови посветените човечки орудија, што мажи, жени и деца ќе ги отворат своите усти во слава и пофалба, исполнувајќи ја земјата со познавање на Бога и Неговата ненадминлива слава, како што водите го покриваат морето. {МАР 218.2}

Оние што ја задржале својата доверба од почетокот до крајот ќе бидат сосема будни во времето кога третата ангелска вест ќе се објавува со голема сила. За време на гласниот вик, црквата, помогната од провидението и посредувањето на својот возвишен Господ, ќе го шири знаењето за спасението толку изобилно, што светлината ќе го осветли секој град и место. Земјата ќе биде исполнета со познавање на учењето за спасението. Божјиот Дух што обновува толку богато ќе ги круниса со успех активните работници, што светлината на вистината за сегашното време ќе свети насекаде.“ (Review and Herald, 13 октомври 1904) {МАР 218.3}

„Во ова време треба да се случи цела низа настани што ќе откријат дека Бог владее со состојбата. Вистината ќе биде објавувана со јасен јазик и со непогрешлива точност. Како народ мораме да го подготвиме Господовиот пат под водство на Светиот Дух. Евангелието треба да се објавува во својата чистота. Потокот на живата вода треба да го продлабочи и прошири својот тек. На сите полиња, блиски и далечни, луѓе ќе бидат повикани од плугот и од занимањата што им го зафаќаат умот, и ќе ги поучуваат искусни луѓе. Кога ќе научат активно да работат, ќе ја објавуваат вистината со сила. Со најчудесните дела на божественото провидение, планини од тешкотии ќе бидат преместени и фрлени во морето. Ќе се чуе и разбере пораката што толку многу им значи на жителите на земјата. Луѓето ќе знаат што е вистина. Делото ќе напредува сè повеќе, додека целата земја не биде предупредена, а тогаш ќе дојде крајот.“ (Review and Herald, 5 јули 1906) {МАР 218.4}

30 јули

Раниот и позниот дожд

„А и вие, чеда Сионови, радувајте се и веселете се во Господ, вашиот Бог; зашто Тој ви дава умерен дожд, па ќе ви праќа дожд – пролетен дожд и есенски дожд, како и порано.“ (Јоил 2:23) {МАР 219.1}

„Во црквите треба да дојде до величествено појавување на Божјата сила, но тоа нема да ги придвижи оние што не се понизиле пред Господ и не ја отвориле вратата на своите срца со признавање и покајание. Во појавувањето на таа сила што ја осветлува земјата со Божјата слава тие ќе видат само нешто што во нивното слепило ќе им изгледа опасно, нешто што ќе ги уплаши, па ќе се поврзат едни со други за да се одбранат. Ќе му се противат на делото затоа што Господ не дејствува според нивните замисли и очекувања. ’Па‘, ќе речат, ’зар не би требало ние да го препознаеме Божјиот Дух, кога толку многу години сме поминале во работа?‘ Причината е што не одговориле на предупредувањата, преколнувањата и Божјите пораки, туку упорно велеле: ’Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба‘. {МАР 219.2}

Ниту талентите ниту долгогодишното искуство нема да ги направат луѓето канали на светлината сè додека не се изложат на светлите зраци на Сонцето на праведноста и не бидат повикани, избрани и подготвени со дарот на Светиот Дух. Кога луѓето што ракуваат со светите нешта ќе ѝ се покорат на моќната Божја рака, Господ ќе ги подигне. Ќе ги направи остроумни луѓе, богати со благодатта на Неговиот Дух. Нивните силни себични црти на карактерот и нивната непопустливост ќе се видат во светлината што свети од Светлината на светот. ’скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово, ако не се покаеш‘. Ако Го барате Господа со сето свое срце, ќе Го најдете.“ (Review and Herald, додаток, 23 декември 1890) {МАР 219.3}

„Не смее да се отфрла благодатта претставена со раниот дожд. Само оние што живеат во светлината ќе примат уште поголема светлина. Сè додека секојдневно не напредуваме во покажувањето на дејствителните христијански доблести со својот пример, нема да го препознаеме појавувањето на Светиот Дух во позниот дожд. Тој може да се излева врз срцата насекаде околу нас, а ние да не Го препознаеме ниту да Го примиме.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 507) {МАР 219.4}

31 јули

Крајно време е да се разбудиме!

„И тоа правете го, знаејќи го ова време: веќе дојде часот да се разбудите од сонот, зашто спасението е сега поблиску до нас отколку кога поверувавме. Ноќта одминува, а денот се приближи; да ги отфрлиме, пак, сите дела на мракот и да се облечеме во оружјето на светлината.“ (Римјаните 13:11,12) {MAP 220.1}

„Големата борба се приближува кон крајот. Сите извештаи за несреќи на морето или на копното сведочат за фактот дека крајот на сѐ е близу. Војните и гласовите за војни го објавуваат тоа. Има ли некој христијанин чие срце не чука побрзо додека ги очекува големите настани што се одигруваат пред нас? Господ доаѓа. Веќе ги слушаме Божјите чекори што се приближуваат.“ (Our High Calling, стр. 346) {MAP 220.2}

„Не смееме да дозволиме оваа свест за близината на Христовото доаѓање да ја загуби својата сила, а ние да станеме немарни, невнимателни и да западнеме во дремка — во нечувствителност и рамнодушност кон стварноста. Додека дремеме, се наоѓаме во нереален свет и не сме чувствителни за нештата што се случуваат околу нас. ... {MAP 220.3}

Има такви околу кои насекаде свети силната светлина на вистината, а сепак се нечувствителни за неа. Непријателот ги маѓепсал, држејќи ги под обвивката на својата волшебна моќ. Не се подготвени за големиот ден што наскоро ќе дојде врз нашиот свет. Изгледаат целосно нечувствителни за верската вистина. {MAP 220.4}

Зар нема барем млади што се будни? Оние што гледаат дека ноќта се приближува, а по неа утрото, треба неуморно и енергично да работат за да ги разбудат своите заспани пријатели. Зар не можат да ја почувствуваат опасноста што им се заканува на нивните пријатели, да се молат за нив и со сопствениот живот и карактер да им покажат дека и самите веруваат оти Христос наскоро ќе дојде? ... Брзото намалување на временското растојание меѓу нас и вечноста треба да нѐ направи сериозни. Со секој изминат ден ни останува еден ден помалку да ја довршиме својата работа на усовршување на карактерот. ... {MAP 220.5}

Голем број луѓе се успиени; мнозина ги трошат драгоцените мигови во безгрижна рамнодушност, како да не се на самиот раб на вечноста. Оние што навистина веруваат мораат да бидат трезвени, будни, сериозни, трудољубиви и да бдеат со молитва. ... {MAP 220.6}

Драги млади, дали вашите светилки светат и горат?“ (Our High Calling, стр. 346) {MAP 220.7}

1 август

„Во ова време на проба“

„Зашто се вели: ’Во благопријатно време те услишав и во денот на спасението ти помогнав.‘ Еве, сега е времето благопријатно; ете, сега е денот на спасението!“ (2 Коринтјаните 6:2) {МАР 221.1}

„Ние веруваме без никакво сомнение дека Исус наскоро ќе дојде. Тоа за нас не е бајка, тоа е реалност. Ние не се сомневаме, ниту сме се сомневале, дека науката која денес ја исповедаме е сегашна вистина и дека ние се ближиме кон страшниот суд. Ние се подготвуваме да го дочекаме Оној Кој во придружба на светите ангели ќе се појави на небесните облаци за да им подари бесмртност на праведните и верните. Кога ќе дојде, Тој нема да нè чисти од гревот, да ги отстранува недостатоците на нашиот карактер ниту ќе нè лекува од нашите слабости и склоности. Ако воопшто тоа дело се изврши за нас, тоа ќе биде завршено пред тоа. Кога Господ ќе дојде, оние кои се свети ќе останат свети. Оние кои го сочувале своето тело и својот дух во светост, ќе добијат бесмртност. Но оние кои се неправедни, непосветени и валкани, ќе останат такви засекогаш. Тогаш за нив нема да се изврши никакво дело за да се отстранат нивните недостатоци и да добијат свет карактер. Пречистувачот нема тогаш да го продолжи Своето дело на прочистување и да ги отстранува нивните гревови и расипаност. Сето тоа треба да се изврши во овие часови на проба. Сега тоа дело мора да се изврши за нас. {МАР 221.2}

Ние ја прифаќаме Божјата вистина такви какви што сме, со различни особини и кога ќе паднеме под влијание на таа вистина, таа за нас ќе го изврши делото кое е потребно за морално да се подготвиме за царството на славата и друштвото на светите ангели. Ние сега се наоѓаме во Божјата работилница. Многумина меѓу нас се груби камења од каменолом. Меѓутоа, кога ќе ја прифатиме вистината, таа влијае на нас. Таа нè издигнува и ја отстранува од нас секоја несовршеност и грев, какви и да се. Така ќе се подготвиме да го здогледаме Царот во сета Негова убавина и конечно да се обединиме со чистите и небесни ангели во царството на славата. Овде тоа дело мора да се изврши за нас; овде нашето тело и дух мораат да се подготват за бесмртност.“ (2. Сведоштво, стр. 355,356) {МАР 221.3}

2 август

Сржта на карактерот

„Не се фалиме безмерно со туѓите напори. А се надеваме дека со растењето на вашата вера меѓу вас и ние, по нашата мерка, ќе пораснеме во изобилие,“ (2 Коринтјаните 10:15) {МАР 222.1}

„Треба да се чувате за да не стапите на маѓепсаната почва на сатаната и не смеете да дозволите вашите умови да бидат одвоени од верноста кон Бога. Преку Христа треба и можете да бидете среќни, а и да се научите да владеете со себеси. Вие морате дури и вашите мисли да ги потчините на Божјата волја, а своите чувства на контролата на разумот и верата. Вам не ви е дадена моќта за мечтаење за целосно да ѝ се предадете без да ја дисциплинирате и контролирате. Ако мислите се лоши и чувствата ќе бидат негативни, а чувствата и мислите го сочинуваат моралниот карактер. ... Ако им дозволите на своите мисли и впечатоци да станат канали за сомнежи и огорчувања, ќе бидете најнесреќните смртници ... {МАР 222.2}

Драга сестро Ф., твојата мечта е болна и ти Го обесчестуваш Бога дозволувајќи твоите чувства целосно да завладеат со твоите мисли и расудување. Ти имаш решителна волја, заради што твојот дух влијае на телото, предизвикувајќи пореметена циркулација и натрупување на крв во некои органи. Ти го жртвуваш своето здравје на чувствата. {МАР 222.3}

Ти правиш грешка, која, доколку не ја исправиш, нема да ја уништи само твојата среќа; бидејќи со тоа не наштетуваш само на себе туку и на другите членови на твоето семејство. ... Ти дозволи мечтата да завладее со разумот. Тоа не би бил грев кога не би имала власт над своите чувства, но вака немаш оправдување што си му се предала на непријателот. Твојата волја треба да се посвети и да се покори, а не да се издига во противење кон Бога. ... {МАР 222.4}

Човекот дошол на свет полн со грижи, тага и проблеми. Тој е доведен на тој свет за да се испита и испроба, како што тоа било со Адам и со Ева, за да го развие својот вистински карактер и од раздорот и збрката да создаде хармонија. Ние имаме уште многу да направиме ... А постојат и многу нешта од она во кое ние можеме да уживаме. Христос нè поврзал со Бога. Неговото милосрдие постојано нè обврзува. Чувствувајќи се недостојни за Неговата благонаклоност, ние мораме да Му бидеме благодарни дури и за најмалиот зрак на истата.“ (5. Сведоштво, стр. 310,311) {МАР 222.5}

3 август

Карактерот — особина на душата

„А за корал и бисер нема што ни да се спомнува, зашто здобивање со мудрост чини повеќе од скапоцен камен.“ (Јов 28:18) {МАР 223.1}

„Карактерот, обликуван според божествениот лик е единственото богатство што ќе можеме да го понесеме од овој свет на небото. Сите кои во овој свет биле во Христовата школа, ќе ги понесат сите свои духовни достигнувања во своите небесни станови. Но и на небото ќе продолжат да се усовршуваат.... {МАР 223.2}

Умствената способност и генијалноста не претставуваат карактер, затоа што нив честопати ги поседуваат оние кои поседуваат карактер спротивен на добриот. Репутацијата исто така не е карактер. Вистинскиот карактер е квалитет на душата што се открива преку однесувањето. {МАР 223.3}

Добриот карактер е капитал со многу поголема вредност од златото или среброто. На него не влијаат паниките на берзата и падовите. Во денот кога земните добра ќе бидат збришани, тој ќе донесе богата добивка. Чистотата, цврстината и постојаноста се особини што секој треба сериозно да ги бара и негува. Тие му даваат на оној што ги поседува неодолива сила — сила што го прави моќен да прави добро, решителен да му се спротивстави на злото и силен да ги поднесе неволјите. {МАР 223.4}

Силата на карактерот се состои од две работи: силата на волјата и силата на самоконтрола. Многу млади мислат погрешно дека неконтролираните страсти ја составуваат силата на карактерот; меѓутоа, вистината е дека оној со кого господарат неговите страсти е вистински слабак. Вистинската големина и благородност на еден човек се мерат според силата на чувствата кои тој може да ги совлада, а не според силата на чувствата кои него го совладуваат. Најсилен е оној човек, кој иако е чувствителен на неправда, може да се совлада себеси и да им прости на своите непријатели. {МАР 223.5}

Кога би се сметало како исто толку важно младите да поседуваат прекрасен карактер и наклонетост кон љубезност како што се смета дека е важно имитирањето на модата на светот во облеката и однесувањето, денес, наместо еден, би виделе стотици млади што стапуваат во активен живот, подготвени да вршат благородно влијание врз општеството.“ (Совети за детето, стр. 161,162) {МАР 223.6}

4 август

Христос — нашиот Помошник и Откупител

„Зашто, како што преку непослушноста на еден човек мнозина станаа грешни, така исто и преку послушноста на еден, мнозина ќе станат праведни.“ (Римјаните 5:19) {МАР 224.1}

„Откако човекот паднал и не можел да го победи сатаната со својата човечка сила, Христос дошол од царските дворови на небото за да му помогне со Својата човечка и божествена сила. Христос знаел дека Адам во Едем, со сите предности што ги уживал, можел да им се спротивстави на сатанските искушенија и да го победи. Исто така знаел дека надвор од Едем, одвоен од Божјата светлина и љубов по падот, човекот нема да може со сопствената сила да им се спротивстави на сатанските искушенија. За да му донесе надеж и да го спаси од целосно уништување, се понизил Себеси и ја зел човечката природа. Со Својата божествена и човечка сила можел да допре до човекот таму каде што се наоѓал. На паднатите Адамови синови и ќерки им обезбедил сила што самите ја немале. Со таа сила, во Негово име, тие можат да ги победат сатанските искушенија. ... {МАР 224.2}

Адам и Ева живееле во Едем во најповолни околности. ... Не биле под осудата на гревот. ... Создателот на нивното постоење бил нивни учител. Но тие им подлегнале на искушенијата на лукавиот непријател и потпаднале под неговата власт. Четири илјади години сатаната дејствувал против Божјото владеење и стекнал сила и искуство преку практиката. Паднатите луѓе ги немале предностите што ги имал Адам во Едем. Четири илјади години биле одвоени од Бога. Мудроста да ги препознаат сатанските искушенија и силата да им се спротивстават се намалувале, сè додека не изгледало дека сатаната победоносно владее со земјата. Апетитот и страстите, љубовта кон светот и дрските гревови биле големите гранки на злото, од кои се умножувала секоја расипаност.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 279,280) {МАР 224.3}

„Нашиот живот може да ни изгледа многу замрсен, но ако се довериме на грижата на мудриот Бог, Тој ќе креира модел на живот и карактер, кои ќе бидат на Негова слава. И оној карактер, кој одразува слава — Христовиот карактер — ќе биде примен во Божјиот рај.“ (Копнежот на вековите, стр. 331) {МАР 224.4}

„Секој што со вера ги слуша Божјите заповеди ќе ја достигне безгрешната состојба во која живеел Адам пред својот престап.“ (Signs of the Times, 23. јули 1902.) {МАР 224.5}

5 август

Високата духовна состојба е достижна

„А на Оној, Кој може да ве запази да останете безгрешни и без порок, и да ве постави пред славата Своја во радост –“ (Јуда 1:24) {MAP 225.1}

„Христос бил послушен кон сите барања на законот. ... Со својата совршена послушност Христос на секое човечко суштество му овозможил да ги слуша Божјите заповеди. Кога ќе му се покориме на Христа, срцето се соединува со неговото срце, волјата се слева со неговата волја, умот станува едно со неговиот ум, мислите му се покоруваат нему; ние живееме негов живот. Тоа значи дека сме облечени во облеката на неговата праведност. И тогаш, кога Господ нè гледа нас, не гледа престилка од смоквини лисја, не ја гледа голотијата или изопаченоста на гревот, туку облеката на неговата праведност со која е означена совршената послушност кон Господовиот закон.“ (The Faith I Live By, стр. 113) {MAP 225.2} {MAP 225.3}

„Преку планот на откупувањето Бог обезбедил средства за совладување на секоја грешна особина и за победа над секое искушение, колку и да е силно.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 82) {MAP 225.4}

„Ни најсилното искушение не е изговор за грев. Колку и да е голем притисокот врз нашата душа, престапот е наше сопствено дело. Ниту земјата ниту пеколот немаат власт да присилат некого да згреши. Волјата мора да се потчини и срцето мора да дозволи; инаку страста не може да го совлада разумот, ниту расипаноста да ја победи праведноста.“ (Signs of the Times, 15. април 1913.) {MAP 225.5}

„Ако застанете под знамето на Кнезот Емануел, облеано со крв, верно извршувајќи ја Неговата служба, никогаш нема да мора да му се предадете на искушението, зашто на ваша страна стои Оној што може да ве запази од паѓање.“ (Our High Calling, стр. 19) {MAP 225.6}

„Не мораме да задржиме ниту една склоност кон гревот. (Ефесјаните 2,1-6) ... {MAP 225.7}

Како учесници во божествената природа, ќе ги отфрлиме сите наследени и стекнати склоности кон злото и ќе станеме жива сила за добро. Учејќи постојано од божествениот Учител, учествувајќи секојдневно во Неговата природа, соработуваме со Бога во совладувањето на искушенијата што сатаната постојано ни ги подметнува. Бог работи и човекот работи, и така човекот станува едно со Христа, како што Христос е едно со Отецот. Така седиме заедно со Христа на небесата. Умот почива во мир и сигурност во Исуса.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 943) {MAP 225.8}

6 август

Како да се достигне висината на христијанското совршенство

„А на Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сè што ќе побараме или помислиме,“ (Ефесјаните 3:20) {МАР 226.1}

„Ако извор на својата сила најдете во Бога, ќе можете и под околности кои најмногу обесхрабруваат да се издигнете до онаа висина на христијанскиот карактер за која сте мислеле дека е недостижна. Вашите мисли ќе станат возвишени, желбите благородни, сфаќањето на вистината јасно и во побудите кои ве поттикнуваат нешто да направите нема да има ништо што е ниско и нечисто. {МАР 226.2}

За да се постигне совршенство на карактерот потребно е да се мисли на тоа, но и да се работи на тоа. Бидејќи сте во постојан контакт со луѓето од овој свет, морате да внимавате да не копнеете премногу за нивното одобрување и да не живеете за тоа тие да ве фалат и издигнуваат. ... негувајте во себе особина на понизност и секогаш во беспомошноста на својата душа со вера потпирајте се на Христа. ... Сред конфузијата и искушенијата кои владеат во светот, вие можете во совршена смиреност да ја сочувате потполната независност на својата душа. {МАР 226.3}

Ако секој ден во молитва одржувате врска со Бога ќе научите и да ги цените луѓето и со задоволство ќе одговорите на секој повик да ги ублажите страдањата на болните и унесреќените. Вие не сте само свои; вашиот Господ со право ги бара вашите најсветли чувства и највозвишената служба на вашиот живот. Тој со полно право очекува целото свое битие: духот, душата и телото во потполност да ги посветите на слава и чест на Неговото име. Колку и да е тежок крстот кој треба да го носите, ... сето тоа треба да го прифатите без мрморење. ... {МАР 226.4}

Многумина на овој свет се без Бога и без никаква надеж. Тие се грешни, изопачени и понижени, немоќни робови на сатанското лукавство. Сепак и поради нив Христос се симнал од небото за да ги откупи. Токму таквите треба да бидат предмет на најнежно сочувство, љубов и неуморни напори, бидејќи се наоѓаат на самиот раб на пропаста. Тие страдаат поради неостварените желби, неконтролираните страсти и осудите на својата сопствена совест; тие се несреќни во полна смисла на тој збор, бидејќи им се чини дека изгубиле сè и дека немаат никаква надеж ниту за овој ниту за идниот живот. {МАР 226.5}

Пред вас е многу значајно поле на работа и вие морате да бидете исклучително активни и будни, одѕивајќи се со задоволство и без никаков приговор на повикот на својот Учител.“ (4. Сведоштво, стр. 567,568) {МАР 226.6}

7 август

Совршенство во рамките на човечката природа

„Но бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен.“ (Матеј 5:48) {МАР 227.1}

„Нашиот Спасител совршено ја познавал човечката природа и на секое човечко суштество му вели: ’Бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен‘. Како што Бог е совршен во Својот делокруг, така и човекот треба да биде совршен во својот делокруг. Оние што Го примаат Христа се меѓу оние на кои им се упатени зборовите полни со надеж: ’А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име – им даде моќ да станат чеда Божји‘. Овие зборови ни кажуваат дека треба да се стремиме кон совршен и највозвишен карактер, карактер сличен на божествениот. Кога некој поседува таков карактер, животот, посветеноста и чистотата на верата се поучен пример за другите.“ (Medical Ministry, стр. 112,113) {МАР 227.2}

„Но оние што мислат дека ќе доживеат волшебна промена на карактерот без да вложат напор да го совладаат гревот, ќе бидат разочарани. Немаме причина за страв сè додека гледаме кон Исуса, немаме причина да се сомневаме дека Тој може да ги спаси сите што доаѓаат кај Него. Меѓутоа, секогаш постои опасност нашата стара природа повторно да надвладее и непријателот да подготви некаква стапица, со која повторно би станале негови заробеници. Своето спасение треба да го изградуваме со страв и трепет, зашто Бог прави во нас и да сакаме и да дејствуваме според Неговата добра волја. Со нашите ограничени сили треба да бидеме свети во својот делокруг, како што е Бог во Својот. Во границите на нашите способности треба да ја покажуваме вистината, љубовта и совршенството на божествениот карактер. Како што восокот го прима отпечатокот на печатот, така душата треба да го прима Божјиот Дух и да го одразува Христовиот лик. {МАР 227.3}

Секојдневно треба да растеме во духовна убавина. Често нема да успеваме во нашите напори да го следиме божествениот пример. Често ќе мора да се поклониме пред Христовите нозе и да плачеме поради своите недостатоци и грешки, но да не се обесхрабруваме. Мораме уште посрдечно да се молиме, поцелосно да веруваме и повторно да се обидуваме со поголема сила да растеме во Господовиот лик. Бидејќи не се потпираме на сопствената сила, ќе се потпираме на силата на нашиот Откупител и ќе Му оддаваме слава на Бога, Кој е здравјето на нашето битие и нашиот Бог.“ (Selected Messages, книга 1, стр. 336,337) {МАР 227.4}

8 август

Чесни во побудите и делата

„Бидете еден спрема друг добри и милосрдни, проштавајќи си еден на друг, како што и Бог ви прости во Христос.“ (Ефесјаните 4:32) {МАР 228.1}

„Начелноста, правдата и чесноста треба секогаш да се негуваат. Чесноста не може да опстане таму каде што се кријат лукавство и човечко надмудрување. Тие две спротивни особини никогаш не можат да се сложат. Едната е Божје начело, а другата е определување за Ваал. Господ бара од Своите слуги чесност не само во постапките, туку и во побудите. ... Оние кои се определени за чесност го покажуваат тоа во сите свои постапки. На многумина таквите не им се по волја, но затоа на Бога Му се исклучително драги. {МАР 228.2}

Сатаната настојува да се пикне секаде и во сè. Тој ги раздвојува најдобрите пријатели. Има поединци кои постојано зборувајќи, секогаш некого оговараат, лажно сведочат, сеат семе на раздор и неслога и предизвикуваат кавга. Небото ги смета таквите за најделотворни слуги на сатаната. Но оние на кои на тој начин им се прави неправда и им се нанесува навреда, се наоѓаат во далеку побезопасна положба отколку да им ласкаат и да ги издигнуваат поради некои мали напори кои се покажале успешни. Пофалбите и комплиментите од страна на привидните пријатели се поопасни од прекорите и срамот. {МАР 228.3}

Секој човек кој самиот себе се издигнува и фали, го намалува со тоа сјајот на своите најдобри напори. Човек со вистински благороден карактер нема воопшто да запира за навредено да негодува поради лажните обвинувања на злобните непријатели. Секој така изговорен збор немоќно паѓа на земја, не причинувајќи му никаква штета, бидејќи всушност само ја зајакнува силата на она што не може да се сруши. Господ сака како Негов народ уште посилно да се поврземе со Него, покажувајќи ја во својот живот Христовата љубов и Неговото бескрајно трпение. Никој нека не се осмелува да го омаловажува угледот или ставот на другите; тоа е самољубие. ... {МАР 228.4}

Никогаш не зборувајте со презир ниту за еден човек; бидејќи можеби токму тој е голем во Божјите очи, додека оние луѓе кои се сметаат големи пред Бога ќе се најдат лесни поради изопаченоста која ја кријат во своето срце. Наша единствена сигурност е да паднеме ничкум кај крстот, да бидеме мали во своите очи, потпирајќи се само на Бога; зашто само Тој може да нè направи големи. ... {МАР 228.5}

Неопходни се способностите и расудувањето на сите. Задачата на секој поединец е доволно значајна за да мора да ѝ се пристапи сериозно, совесно и со полна одговорност. Ниту еден човек не може да работи за сите. Секој има свое одредено место и своја посебна задача, и секој мора да има на ум дека на Божјиот суд ќе мора да полага сметка како и на кој начин ја извршувал својата должност.“ (4. Сведоштво, стр. 607,608) {МАР 228.6}

9 август

Да ги совладаме лошите навики

„Раце на никого не полагај пребрзо, ниту, пак, на туѓи гревови да стануваш соучесник! Пази се себе чист!“ (1 Тимотеј 5:22) {МАР 229.1}

„Значаен дел од воспитувањето е знаењето за тоа што ја сочинува чистотата на умот, душата и телото. {МАР 229.2}

Кога на карактерот му недостига чистота, кога гревот ќе стане дел од карактерот, тоа е маѓепсувачка сила еднаква на чаша опоен алкохолен пијалак. Силата на самосовладувањето и разумното однесување се потиснати од навиката што го осквернува целото битие. Ако овие грешни постапки продолжат, мозокот слабее, станува болен и ја губи својата рамнотежа. Таквите луѓе им носат несреќа на себеси и на сите што имаат каква било врска со нив. ... {МАР 229.3}

Многу полесно се создаваат лоши отколку добри навики. Лошите навики се совладуваат со многу поголем напор. Расипаноста на срцето го објаснува добро познатиот факт дека е потребен многу помал труд морално да се расипат младите и да се изопачат нивните претстави за моралниот и верскиот карактер, отколку во нивниот карактер да се всадат истрајност, чистота и чистите доблести на праведноста и вистината. Попуштањето себеси, љубовта кон задоволствата, омразата, гордоста, вообразеноста, завистa и љубомората ќе растат сами, без пример и поука. Во нашата сегашна падната состојба доволно е умот и карактерот да ги препуштиме на нивните природни склоности. Во природата, оставете ја нивата необработена и наскоро ќе обрасне со плевел и трње; но ако сакате да роди драгоцено жито и да растат прекрасни цвеќиња, мора да се зафатите со обработување и постојана работа. {МАР 229.4}

Сега пред вас ја поставуваме потребата од постојано спротивставување на злото. Целото небо се интересира за мажите и жените што Бог толку ги ценел што Го дал Својот возљубен Син да умре за да ги спаси. Ниедно друго суштество што Бог го создал не е способно за таков напредок, таква благородност, таква чест како човекот. А кога луѓето ќе затапат во своите расипани страсти и ќе потонат во гревот, како може Бог да ги гледа такви! Човекот не може да си замисли што може да биде и што може да стане. Благодарение на Христовата милост тој може постојано умствено да напредува. Ако дозволи светлината на вистината да засвети во неговиот ум и Божјата љубов да се излее во неговото срце, преку благодатта на Христа, Кој умрел за да му даде живот, може да стане силен човек — дете на земјата, но и наследник на бесмртноста.“ (In Heavenly Places, стр. 195) {МАР 229.5}

10 август

Посветување на целиот човек

„За да се обновите со духот на својот ум и да се облечете во новиот човек, создаден според Бога во вистинска праведност и светост.“ (Ефесјаните 4:23,24) {МАР 230.1}

„Вистината мора да го посвети целото битие — умот, мислите, срцето и сите сили. Животните сили повеќе не се трошат на сетилни и недозволени задоволства. Човекот мора да го победи сето тоа, или тоа ќе го победи него. ... Мислите треба да бидат чисти. Што сè можеле да станат мажите и жените кога би сфатиле дека постапувањето со телото има решавачко влијание врз силата и чистотата на умот и срцето! {МАР 230.2}

Вистинскиот христијанин стекнува искуство што донесува светост. Нема ниедна дамка и чувство на вина на својата совест, ниту каква било трага од изопаченост во душата. Духот на Божјиот закон, со начелата што поставуваат граници, е вткаен во самиот негов живот. Светлината на вистината го просветлува неговото разбирање и свест. Жарот на совршената љубов кон Откупителот ја растерува отровната атмосфера што ја одвојувала неговата душа од Бога. Божјата волја, која сега станала и негова, го издигнува, го чисти, го облагородува и го посветува. Неговото лице ја одразува небесната светлина. Телото му станува соодветен храм на Светиот Дух. Светоста го краси неговиот карактер. Бог може да одржува блиска врска со него, зашто и со душата и со телото е во целосна согласност со Бога. ... {МАР 230.3}

Бог сака да сфатиме дека има право на умот, душата, телото и духот — на сè што поседуваме. Негови сме преку создавањето и преку откупувањето. Како наш Создател, Тој сака да Му служиме со целосна преданост. Како Спасител, има право на нашата љубов, на љубов што не може со ништо да се спореди. За ова Негово право треба да бидеме свесни во секој миг од својот живот. ... Нашето тело, душа и живот Му припаѓаат Нему не само затоа што се Негов бесплатен дар, туку и затоа што нè опсипува со Своите благослови и ни дава сила да ги користиме своите способности. ... Тој вели: ’А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име – им даде моќ да станат чеда Божји‘. ... {МАР 230.4}

Оние што навистина се Божји деца ќе Го претставуваат Христа со својот карактер. Нивните дела ќе зрачат со нежноста, сочувството, љубовта и чистотата на Божјиот Син. И колку поцелосно духот, душата и телото ќе Му се потчинат на Светиот Дух, толку попријатен ќе Му биде на Господа мирисот на нашиот принос.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 909) {МАР 230.5}

11 август

Во согласност со Законот

„Поучи ме, и ќе се држам за законот Твој и ќе го пазам со сето срце свое.“ (Псалми 119:34) {МАР 231.1}

„Со новото раѓање срцето стапува во хармонија со Бога и во хармонија со Неговиот закон. Кога кај грешникот ќе настане оваа голема промена, тогаш тој преминал од смртта во живот, од гревот во светост, од престапот и бунтот во послушност и верност. ... {МАР 231.2}

Погрешните теории за посветувањето, кои се резултат на занемарувањето или отфрлањето на Божјиот закон, исто така заземаат истакнато место во денешните верски движења. Овие теории се неточни во доктрините (учењата) и се опасни во своите практични резултати; а фактот дека тие наидуваат на топол прием кај луѓето, уште еднаш ја нагласува итната потреба да се разјаснат учењата на Светото Писмо во врска со ова прашање. {МАР 231.3}

Вистинското посветување е библиско учење. Апостол Павле во своето послание упатено до црквата во Солун изјавува: ’Ова е волјата Божја, вашата светост‘. И тој се молел: ’А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè‘ (1. Солунјаните 4:3; 5:23). Библијата јасно учи што е тоа посветување и како може да се постигне. Спасителот се молел за Своите ученици: ’Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина. ... И за нив јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината‘ (Јован 17,17.19). А Павле учи дека верните ќе бидат посветени со Светиот Дух (Римјаните 15:16). Што е задача на Светиот Дух? Исус им рекол на учениците: ’А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина‘ (Јован 16:13). И псалмистот вели: ’Сите Твои заповеди се вистина‘ (Псалм 119:86). Преку Божјото слово и Божјиот Дух на човекот му се откриваат големите начела на правдата што се отелотворени во Божјиот закон. Бидејќи Божјиот закон е ’свет, справедлив и добар‘, а тој е одраз на божественото совршенство, тоа значи дека и карактерот што се формира преку послушноста на овој Закон исто така ќе биде свет. Христос е совршен пример на еден таков карактер. Тој кажал: ’Јас ги запазив заповедите на Мојот Отец‘. ’Секогаш го вршам она што Му е угодно‘ (Јован 15:10; 8:29). Христовите следбеници треба да станат како Него - со Божја благодат треба да формираат карактер кој ќе биде во хармонија со начелата на Неговиот свет закон. Ова е библиско посветување. {МАР 231.4}

Ова дело може да се изврши само со вера во Христа и со силата на Божјиот Дух.“ (Revival and Beyond, стр. 13,14) {МАР 231.5}

12 август

Лажно посветување

„Кој вели: ’Го познав‘, а заповедите Негови не ги чува, тој е лажливец и во него нема вистина; а кој го пази словото Негово, во него Божјата љубов навистина е совршена: по тоа знаеме дека сме во Него.“ (1 Јованово 2:4,5) {МАР 232.1}

„Посветувањето што денес се истакнува во религиозниот свет носи во себе дух на самовозвишување и непочитување на Божјиот закон, што го прави туѓо во однос на библиската религија. Застапниците на оваа теорија учат дека посветувањето е дело со кое, единствено со вера, одеднаш, се постигнува совршена светост. ’Само верувај‘, велат тие, ’и ќе примиш благослов‘. Не се потребни никакви натамошни напори од оној што ги прима благословите. Тие во исто време ја негираат важноста на Божјиот закон и тврдат дека се ослободени од обврските да ги држат заповедите. Но, зарем е можно луѓето да станат свети и да бидат во склад со волјата и карактерот Божји без да се усогласат со начелата што се израз на Божјата природа и волја и кои покажуваат што Му е Нему угодно? ... {МАР 232.2}

Заради желбата за една лесна религија, која не бара никаков напор, самосовладување ниту напуштање на лудостите на светот, доктрината за вера, и само вера, станала многу популарна. Но што вели Божјото слово? Апостол Јаков вели: ’Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а дела нема? Може ли верата да го спаси?‘ ’Не сакаш ли да разбереш, о суетен човеку, дека верата без дела е мртва?‘ {МАР 232.3}

Сведоштвото на Божјото слово се противи на ова лажно учење за вера без дела. Да се бара небесна наклоност, а да не се исполнуваат условите под кои милоста се одобрува, тоа не е вера туку дрска претпоставка; зашто вистинската вера има свој темел во ветувањата и во прописите на Светото Писмо. {МАР 232.4}

Никој нека не се лаже верувајќи дека може да стане свет додека намерно престапува некоја Божја заповед. Гревот што свесно го правиме го замолкнува гласот на Светиот Дух и ја одвојува душата од Бога.... ’Кој вели: ‘Го познав’, а заповедите Негови не ги чува, тој е лажливец и во него нема вистина; а кој го пази словото Негово, во него Божјата љубов навистина е совршена: по тоа знаеме дека сме во Него‘ (1 Јованово 2:4,5).“ (Revival and Beyond, стр. 15—17) {МАР 232.5}

13 август

Впечатоци, чувства и наркотици

„Преку твоите заповеди станав разумен; затоа го замразив секој лажен пат.“ (Псалми 119:104) {МАР 233.1}

„Има многу немирни духови што не сакаат да се потчинат на дисциплина, организација и ред. Тие мислат дека ќе им биде скратена слободата ако го остават своето расудување настрана и му се потчинат на расудувањето на искусните луѓе. Божјото дело нема да напредува додека таквите не решат да му се потчинат на редот и да го отфрлат лекомисленио т, неуреден дух на фанатизам од своите состаноци. {МАР 233.2}

Впечатоците и чувствата не се сигурен доказ дека некого го води Господ. Сатаната ќе дава чувства и впечатоци ако никој не се сомнева во него. Тие не се сигурни водачи. Сите треба целосно да се запознаат со доказите на својата вера и да проучуваат како можат да го украсат своето исповедање на верата и да донесуваат плодови за Божја слава. ... {МАР 233.3}

Извесно време тој [пациент во санаториумот во Батл Крик] мислеше дека добива нова светлина. Беше многу болен и требаше наскоро да умре. ... Оние на кои им го изнесуваше своите гледишта го слушаа со нетрпение, а некои мислеа дека е вдахновен. ... На мнозина им изгледаше дека неговото размислување нема ниедна мана. Зборуваа за силните поттици што ги слушнале во неговата болничка соба. Пред него поминуваа најубави сцени. Но кој беше изворот на неговото вдахновение? Тоа беше морфиумот што го добиваше за да му се олеснат болките.“ (Revival and Beyond, стр. 52–54) {МАР 233.4}

„Во многу таканаречени лекови има отрови што создаваат навики и апетити кои ги уништуваат и душата и телото. Многу од надрилековите, наречени патентирани лекови, па дури и некои лекови што ги препишуваат лекарите, дејствуваат така што создаваат основа за зависност од алкохол, опиум и морфиум, тие страшни проклетства за човештвото.“ (Здравје и среќа, стр. 127) {МАР 233.5}

„Ако благословот, за кој оние што тврдат дека се посветени велат дека го примиле, ги наведува да се потпираат на некакво особено чувство, и ако изјавуваат дека нема потреба да го истражуваат Светото Писмо за да ја дознаат Божјата откриена волја, тогаш наводниот благослов всушност е измама; зашто ги наведува оние што го поседуваат да расудуваат врз основа на своите непосветени чувства и фантазија и да ги затворат ушите за Божјиот глас во Неговото слово.“ (Revival and Beyond, стр. 55) {МАР 233.6}

14 август

Тапани, танцување и бучава

„Сè нека биде достојно и уредно.“ (1 Коринтјаните 14:40) {MAP 234.1}

„Она што ми го опишавте ... Господ ми покажа дека ќе се случува и непосредно пред крајот на времето на милоста. Секакви претерувања ќе дојдат до израз. Ќе има викање, удирање во тапани, музика и танцување. Сетилата на разумните луѓе ќе бидат толку растроени што нема да можат правилно да расудуваат. Ова се нарекува движење водено од Светиот Дух. {MAP 234.2}

Светиот Дух никогаш не се открива со такви методи — со луда бучава. Ова е сатански изум за да ги прикрие своите добро смислени методи со кои сака да ја направи неделотворна чистата, искрена вистина за ова време, која издигнува, облагородува и посветува. ... Лудата бучава ги потресува сетилата и го изопачува она што би можело да биде благослов ако правилно се употребува. Влијанијата на сатанските сили се мешаат со викотниците и бучавата и се претвораат во карневал, а сето тоа се нарекува дејствување на Светиот Дух. ... Учеството во такво наводно будење ги наведува луѓето да се препуштат на ветерот и брановите. Тие не можат да кажат што претходно знаеле за библиските начела. {MAP 234.3}

Таков вид богослужение не треба да се одобрува. Ист таков вид влијание се вовлече по 1844 година. Се гледаа истите сцени. Луѓето беа восхитени и дејствуваа со сила за која мислеа дека е од Бога. ... {MAP 234.4}

Мажи и жени што мислеа дека ги води Светиот Дух одржуваа состаноци голи. Зборуваа за свето тело. Кажуваа дека се надвор од досегот на силата на искушението. Пееја, викаа и правеа врева на сите можни начини. ... Сатаната ги поттикнуваше, а последицата беше блуд. Божјото име беше осрамотено. Луѓето ја соборија во прав вистината, светата вистина. ... {MAP 234.5}

Го изнесував своето сведоштво, објавувајќи дека овие фанатични движења, оваа бучава и викање се вдахновени од сатански дух, кој правеше чуда за да ги измами, ако е можно, и избраните. {MAP 234.6}

Треба да бдееме и да одржуваме блиска заедница со Христа за да не бидеме измамени. Господ сака во Неговата служба да владеат ред и дисциплина, а не возбудување и збрка.“ (Revival and Beyond, стр. 50—52) {MAP 234.7}

15 август

Нема место за фалење

„И реков: ’Тешко мене, зашто сум човек со нечиста уста и живеам среде народ исто така со нечиста уста, – а очите мои Го видоа Царот, Господ Саваот!‘“ (Исаија 6:5) {МАР 235.1}

„Оние што од лично искуство знаат што е библиско посветување, ќе покажат дух на понизност. Како и Мојсеј, и тие го виделе прекрасното величество на светоста и ја согледале својата лична недостојност во споредба со чистотата и со возвишеното совршенство на Вечниот. {МАР 235.2}

Пророк Даниел е пример на вистинско посветување. Неговиот долг живот бил исполнет со благородна служба на Господа. Тој за небото бил ’сакан човек‘ (Даниел 10:11). Но, наместо да тврди дека е чист и свет, овој почитуван пророк себеси се вбројува меѓу навистина грешниот Израел кога посредувал пред Бога за својот народ: ’Ние ги принесуваме молењата свои пред Тебе, надевајќи се не на нашата праведност, туку на Твојата голема милосрдност‘. ’Згрешивме, постапивме нечесно‘. Понатаму продолжува: ’Додека зборував и се молев и ги исповедав гревовите свои и гревовите на мојот народ Израел‘.... (Даниел 9,18.15.20) {МАР 235.3}

Кога Јов го слушнал Господовиот глас од виорот, извикнал: ’Затоа јас се откажувам и се покајувам во прав и пепел‘ (Јов 42:6). Кога Исаија во свое време ја видел славата Господова и херувимите што ликувале: ’Свет, свет, свет е Господ Саваот!‘, извикнал: ’Тешко мене‘ (Исаија 6:3,5). Кога Павле бил однесен до третото небо и кога слушнал неискажливи зборови, што не може да ги изговори ниту еден човек, самиот за себе зборувал како за ’најмалиот од сите светии‘ (2. Коринтјаните 12:2-4; Ефесјаните 3:8). А омилениот Јован, кој лежел на Исусовите гради и ја видел Неговата слава, паднал како мртов пред нозете на ангелот (Откровение 1:17). {МАР 235.4}

Оние што живеат во сенката на крстот од Голгота никогаш не се воздигаат и кај нив не може да има фалбаџиско тврдење дека се без грев. Тие се свесни дека нивниот грев предизвикал душевни страдања што го скршиле срцето на Божјиот Син, и таа помисла ги води кон понизност. Тие што живеат најблиску до Исуса најдобро ги распознаваат слабостите и гревовите на човештвото, а нивната единствена надеж е во заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител.“ (Revival and Beyond, стр. 14,15) {МАР 235.5}

16 август

Спасение од ден на ден

„Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне.“ (1 Коринтјаните 10:12) {МАР 236.1}

„Падот на Петар не настанал одненадеж и наеднаш, туку постепено. Самоувереноста кај него создала сигурност дека е спасен, па тој чекор по чекор тргнал по удолница, сè додека не се откажал од својот Учител. Никогаш не можеме без опасност да се потпреме врз себе, ниту да помислиме, додека сме уште на оваа земја, оти сме сигурни од искушенијата. Сите што ќе го прифатат Спасителот, колку и да е искрено нивното преобратување, никогаш не смеат да тврдат или да мислат дека се спасени. Тоа може да ги заведе од вистинскиот пат. Секој треба да биде поучуван да не губи надеж и вера; но дури и тогаш, кога себеси ќе му се предадеме на Христа и кога знаеме дека Тој нè прифатил, не сме надвор од досегот на искушенијата. ... Само оној што ќе го издржи искушението ќе го добие венецот на животот (Јаков 1,12). {МАР 236.2}

Оние што Го прифаќаат Христа и во својата прва љубов велат: ’Спасен сум‘, се во опасност да се потпрат на себеси. ... Зборовите во 1. Коринтјаните 10,12 нè советуваат: ’Кој мисли дека стои, нека гледа да не падне!‘ Наша единствена сигурност е непрекинатата недоверба во себе и постојаното потпирање врз Христа. {МАР 236.3}

Има многу такви што Го проповедаат Христа, но никогаш не станале зрели христијани. Тие признаваат дека човекот паднал, дека неговите способности ослабеле и дека не е способен за морални достигнувања; меѓутоа, велат дека Христос го понел целиот товар, сите страдања и самооткажување и сакаат Нему да Му остават и понатаму да ги носи. Велат дека тие не треба да прават ништо освен да веруваат; но Христос рекол: ’Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи‘ (Матеј 16,24) ... {МАР 236.4}

Никогаш не смееме да си дозволиме состојба на самозадоволство и опуштеност, ниту да престанеме да напредуваме велејќи: ’Спасен сум‘. Кога ја негуваме оваа мисла, престануваат да постојат причините за бдеење, молитва и сериозно настојување кон повисоки достигнувања. Ниеден посветен јазик нема да ги изговори овие зборови сè додека Христос не дојде и не влеземе низ портите во Божјиот град. Тогаш, сосема соодветно, ќе можеме да Му оддадеме слава на Бога и на Јагнето за вечното спасение.“ (Revival and Beyond, стр. 42,43) {МАР 236.5}

17 август

Значењето на обратувањето

„И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото.“ (2 Коринтјаните 5:17) {MAP 237.1}

„Старата природа, родена од крв и од волјата на телото, не може да го наследи Божјото царство. Старите патишта, наследените склоности и поранешните навики мора да се отфрлат, зашто Божјата благодат не се стекнува со наследство. Новото раѓање се покажува во нови побуди, нов вкус и нови склоности. Оние што преку Светиот Дух се преродени за нов живот стануваат учесници во божествената природа и во сите свои навики и постапки даваат очигледни докази за својата жива поврзаност со Христа. Ако оние што тврдат дека се христијани ги задржат сите свои мани и склоности, по што тогаш се разликуваат од светот? Тие не ја прифатиле вистината како нешто што ја посветува и облагородува душата. Не се родени повторно. ... {MAP 237.2}

Вистинското обратување ги менува вродените и стекнатите склоности кон злото. Божјата вера е како цврста ткаенина составена од безброј вешто испреплетени нишки. Само мудроста што доаѓа од Бога го прави ова дело толку целосно. Има многу видови ткаенини што на прв поглед изгледаат многу убави, но не можат да го издржат испитот. При перењето се покажува дека нивните бои не се постојани. На летната горештина бледеат и го губат својот изглед. Таквите ткаенини не можат да издржат грубо ракување. {MAP 237.3}

Така е и со верата на мнозина. Кога основата и јатокот на карактерот не можат да го издржат испитот на искушението, материјалот од кој се направени се покажува безвреден. Напорите на старата ткаенина да се стават нови закрпи ќе бидат неуспешни, зашто старата, излижана ткаенина се кине од новата и отворот станува уште поголем. Крпењето нема да помогне. Единствен начин е старото целосно да се отфрли и да се замени со сосема ново. {MAP 237.4}

Христовиот план е единствениот сигурен. Тој изјавува: ’Ете, сè ново создавам‘. ’Кој е во Христос, тој е ново создание‘. ... Крпената вера нема ни најмала вредност пред Бога. Тој го бара целото срце.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1101) {MAP 237.5}

„Исус го дал Својот живот ... за нас. Зар ние нема да Му ги дадеме своите најдобри чувства, најсветите желби, најцелосната служба?“ (In Heavenly Places, стр. 350) {MAP 237.6}

18 август

Посветување предвидено за оние што ја празнуваат саботата

„Помни го саботниот ден, за да го празнуваш. Шест дена работи, и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни добитокот твој, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе.“ (Исход 20:8,9,10) {МАР 238.1}

„Бог објавил во Своето слово дека седмиот ден е знак меѓу Него и Неговиот избран народ — знак на неговата верност. ... {МАР 238.2}

Седмиот ден е денот што Бог го избрал. Бог не го оставил ова прашање да го преиначуваат свештеници или владетели. Тоа е премногу значајно за да му биде препуштено на човечкото расудување. Бог видел дека луѓето ќе ја бараат својата корист и удобност и ќе изберат ден што најмногу ќе им одговара на нивните желби, ден што нема да има божествен авторитет, па затоа јасно објавил дека седмиот ден е Господовата сабота. {МАР 238.3}

Секој човек во светот што Бог го создал е под законите на Неговото владеење. Бог ја поставил саботата во средиштето на Десетте заповеди и ја направил мерило за послушноста. Преку неа можеме да учиме за Неговата моќ што се покажува во Неговите дела и е откриена во Неговото слово. ... {МАР 238.4}

Луѓето не можеле поочигледно да им се спротивстават на Божјото дело и Неговиот закон отколку со тоа што поддржале ден за кој нема ниеден доказ дека е свет и објавиле дека Бог треба да се слави во тој ден. Оние што го измениле Законот заменувајќи ја Божјата света сабота со лажна сабота и што го наметнале празнувањето на оваа лажна сабота, се издигнале себеси над Бога и го величаат лажното наместо вистинското. {МАР 238.5}

Оние што го отфрлаат Божјиот свет ден за одмор поради лажната сабота, тие наводни христијани, зборуваат за посветување. Но Бог изјавува дека ги посветува само оние што Му оддаваат чест единствено Нему со тоа што ги пазат Неговите заповеди. Посветувањето за кое зборуваат оние што и понатаму упорно грешат е лажно посветување. Така светот, кога станува збор за верата, е измамен од непријателот на Бога и на човекот. ... {МАР 238.6}

Луѓето трагаат по нови откритија. Зеле обичен ден што Бог не го посветил ниту го благословил. Го прогласиле за свет ден, но со тоа не му се дава ни најмалку светост. Го навредуваат Бога прифаќајќи човечки установи и прикажувајќи му на светот како христијанска сабота ден за кој не постои ’Така вели Господ‘.“ (Signs of the Times, 31. март 1898.) {МАР 238.7}

19 август

Чујте ја веста на тревога

„По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки.“ (Изреки 3:6) {МАР 239.1}

„На сите свои патишта треба да Го признаваме Бога и Тој ќе ги управува нашите патеки. Треба да се обраќаме кон Неговото слово со понизни срца, да го бараме Неговиот совет и да се откажеме од својата волја за да ја извршуваме Неговата. Без Бога не можеме да направиме ништо. {МАР 239.2}

Имаме најголема причина да ја празнуваме вистинската сабота и да застанеме во нејзина одбрана, зашто таа е знак што го одвојува Божјиот народ од светот. Токму затоа што светот ја направил неважечка, Божјиот народ на оваа заповед ќе ѝ укаже најголема чест. Кога неверните ќе го отфрлат со презир Божјото слово, ќе бидат повикани верните Халеви. Тогаш ќе стојат цврсто на местото на својата должност, без покажување и без повлекување поради укорите. Неверните извидници биле готови да го уништат Халев. Ги видел камењата во рацете на оние што донеле лажен извештај, но тоа не го уплашило; имал порака и сакал да ја пренесе. Истиот дух ќе го покажат и оние што Му се верни на Бога. {МАР 239.3}

Псалмистот вели: ’Твојот закон го оскверниј а. Затоа ги засакав заповедите Твои и од топаз и од злато повеќе‘. (Псалм 119,126.127) Кога луѓето ќе се приближат до Исуса, кога Христос преку вера престојува во нивните срца, нивната љубов кон Божјите заповеди расте сè посилно, сразмерно со презирот што светот го натрупува врз Неговите свети прописи. Во ова време вистинската сабота мора да му биде објавена на светот со перо и со глас. Бидејќи четвртата заповед и оние што ја празнуваат се отфрлаат и презираат, верните чувствуваат дека е време да не ја кријат својата вера, туку да го возвишат Господовиот закон, да го развеат знамето на кое е испишана пораката на третиот ангел, Божјите заповеди и верата во Исус. {МАР 239.4}

Оние што ја имаат вистината каква што е во Исуса нека не го одобруваат, дури ни со своето молчење, дејствувањето на тајната на беззаконието. Нека никогаш не престанат да ја објавуваат тревогата. ... Вистината не смее да се крие, отфрла или маскира, туку треба целосно да се признае и храбро да се објавува.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 369,370) {МАР 239.5}

20 август

Вистинскиот знак на вистината

„И му рече Господ: ’Мини по средината на градот, по средината на Ерусалим, и стави им знак на челата на луѓето, оние што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат во него.‘“ (Езекиел 9:4) {MAP 240.1}

„Обрнете внимание: оние што го примаат печатот на вистината со силата на Светиот Дух, а ова дело на запечатување овде е претставено со човекот облечен во лен, се оние ’што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат‘ во црквата.“ (3. Сведоштво, стр. 267) {MAP 240.2}

„Оние кои не чувствуваат никаква тага заради сопственото духовно опаѓање ниту плачат заради гревовите на другите, нема да го примат Божјиот печат. ... {MAP 240.3}

Нема да бидат запечатени сите кои тврдат дека ја празнуваат саботата. Постојат мнозина, дури и меѓу оние кои поучуваат други за вистината, а кои нема да го примат Божјиот печат на своите чела. Тие ја примиле светлината на вистината, ја знаат волјата на својот Господар, ја сфаќаат секоја точка на нашата вера, но немаат дела кои се соодветни на ова. ... {MAP 240.4}

Никој од нас нема да го прими Божјиот печат сè додека на својот карактер има барем и една дамка. Ние треба да ги исправиме недостатоците на нашиот карактер, да го очистиме храмот на нашата душа од секоја нечистотија. Тогаш позниот дожд ќе се излие на нас како што раниот дожд се излеал на учениците на Духовден. ... {MAP 240.5}

Што правите браќа во ова големо дело на подготвување? Тие кои се соединуваат со светот примаат световен карактер и се подготвуваат да го примат белегот на sверот. Додека оние кои немаат доверба во самите себе, кои се понизни пред Бога и кои ги чистат своите души преку послушност на вистината – тие примаат небесен карактер и се подготвуваат да го примат Божјиот печат на своите чела. Кога декретот ќе стапи на сила и кога белегот ќе биде втиснуван, нивниот карактер ќе остане чист и беспрекорен за вечноста. {MAP 240.6}

Сега е време да се подготвиме. Божјиот печат нема да биде ставен на челото на некој нечист маж или жена. Тој нема да биде ставен на челото на славољубив маж или жена кои го сакаат овој свет. Тој никогаш нема да биде ставен на челата на мажите и жените со лажлив јазик или измамливи срца. Сите што сакаат да го примат печатот мора да бидат беспрекорни пред Бога – кандидати за небото.“ (5. Сведоштво, стр. 211,213—216) {MAP 240.7}

21 август

Кој го прима печатот?

„И во устата нивна измама не се најде; тие се непорочни пред престолот Божји.“ (Откровение 14:5) {MAP 241.1}

„Само оние што ќе го примат печатот на живиот Бог ќе имаат влезница со која ќе можат да минат низ портите на светиот град. ... {MAP 241.2}

Печатот на живиот Бог ќе биде ставен само на челата на оние што по карактер се слични на Христа. {MAP 241.3}

Како што во восокот останува отпечатокот на печатот, така во душата се втиснува Божјиот Дух и таа го задржува Христовиот лик. {MAP 241.4}

Мнозина нема да го примат Божјиот печат затоа што не ги пазат заповедите и не донесуваат плод на праведноста. {MAP 241.5}

Голем број таканаречени христијани ќе доживеат горчливо разочарување на денот на Божјиот суд, зашто на своите чела нема да го имаат печатот на живиот Бог. Со својата млакост и половичност во верата тие Го обесчестуваат Бога многу повеќе од отворените неверници. Талкаат во темнина, иако би можеле да одат како на пладне во блескавата светлина на Божјото слово, под водство на Оној што никогаш не греши. ... {MAP 241.6}

Оние што Јагнето ќе ги води кон изворите на живата вода и од чии очи Самиот Бог ќе ја избрише секоја солза, ќе бидат само оние што сега црпат спознание и знаење од откровението запишано во Библијата, Божјото слово. ... {MAP 241.7}

Ниедно човечко суштество не треба да ни биде пример. Нема човечко суштество доволно мудро за да ни биде мерило. Треба да гледаме кон Христа, Кој, земајќи ја врз Себе човечката природа, останал совршен во праведноста и светоста. Тој е Началникот и Завршителот на нашата вера. Ни оставил совршен пример. Неговиот живот е мерилото што треба да го достигнеме. Неговиот карактер е нашиот пример. Затоа да ги одвратиме своите мисли од збрката и тешкотиите на секојдневниот живот и да ги насочиме кон Него, за, гледајќи Го, да се преобразуваме во Неговиот лик. Со таа цел треба да се угледуваме на Него. Со сигурност можеме во сè да се угледуваме на Христа, зашто Тој е изворот на секоја мудрост. И додека така Го гледаме Христа и мислиме за Него, Тој се населува во нас како надеж на славата. {MAP 241.8}

Да се бориме и трудиме со сите сили што Бог ни ги дал, за да се најдеме меѓу сто четириесет и четирите илјади.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 970) {MAP 241.9}

22 август

Времето на запечатувањето наскоро завршува

„Јас треба да ги вршам делата на Оној што Ме прати додека е уште ден; зашто настапува ноќ кога не ќе може никој да работи.“ (Јован 9:4) {MAP 242.1}

„Времето на запечатување е многу кратко и брзо ќе заврши. Сега, додека четирите ангели сè уште ги држат ветровите, време е својот повик и избор да ги утврдиме.“ (Рани списи, стр. 58) {MAP 242.2}

„Јас бев пренесена во духот низ времето кога пораката на третиот ангел се приведуваше кон крај. Силата Божја почиваше врз Неговиот народ; тие го завршија своето дело и беа подготвени за часот на испитувањето кој беше токму пред нив. Тие го беа примиле доцниот дожд или освежувањето од лицето Господово и живото сведоштво заживува. Последното големо предупредување одекнуваше насекаде и ги беше возбудило и разлутило жителите на земјата кои не сакаа да ја примат пораката. {MAP 242.3} {MAP 242.4}

Видов како ангелите заминуваат и повторно се враќаат од небото. Еден ангел со перо при неговата страна се врати од земјата и го извести Исуса дека неговата работа е завршена и дека светиите беа избројени и запечатени. Тогаш го видов Исуса, ... како го спушта кадилникот. Тој ги подигна Своите раце и со висок глас рече: ’Свршено е‘.“ (Рани списи, стр. 279) {MAP 242.5}

„Исто така видов дека мнозина не разбираат какви мораат да бидат во времето на неволјите, за да живеат пред Бога, без првосвештеник во светилиштето. Кај оние што ќе го примат печатот на живиот Бог и кои во времето на неволјите ќе бидат заштитени, мора потполно да се огледа Исусовиот лик. {MAP 242.6}

Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека ’освежувањето‘ или ’позниот дожд‘ ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита!“ (Рани списи, стр. 71) {MAP 242.7}

„Кога Исус ќе ја напушти светињата, тогаш оние кои ќе се затекнат свети и праведни и понатаму ќе останат свети и праведни; сите нивни гревови ќе бидат избришани а тие ќе бидат запечатени со печатот на Живиот Бог. Меѓутоа, неправедните и нечистите засекогаш ќе останат неправедни и нечисти, зашто повеќе нема да има Свештеник кој нивните жртви, признанија и молитви би ги принел пред престолот на Отецот. Оттука она што треба да се направи за да се спасат душите од бурата на гневот којшто надоаѓа, мора да биде направено пред Исус да ја напушти светињата над светињите од небесното светилиште.“ (Рани списи, стр. 48) {MAP 242.8}

23 август

Ангелите можат да го прочитаат Божјиот знак

„И видов друг ангел како се подигаше од исток кој имаше печат на живиот Бог. И тој извика со висок глас кон четирите ангели, на кои им беше дадено да ѝ пакостат на земјата и морето, велејќи: 'Не пакостете ѝ на земјата, ниту на морето, ниту, пак, на дрвјата, додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог!'" (Откровение 7:2,3) {MAP 243.1}

„Целиот свет е во состојба на вознемиреност. Народите се разгневени и се прават големи подготовки за војна. Се создаваат меѓународни заговори, народ станува против народ и царство против царство. Големиот ден на Божјиот суд брзо се приближува. Но иако народите на светот ги собираат своите сили за војна и крвопролевање, сè уште е на сила заповедта дадена на ангелите да ги задржуваат четирите ветрови додека Божјите слуги не бидат запечатени на своите чела." (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {MAP 243.2}

„Четирите ветрови се задржуваат додека Божјите слуги не бидат запечатени на своите чела. Тогаш силите на овој свет ќе ги постројат своите војски за последната голема битка. Колку грижливо треба да го користиме ова малку преостанато време на проба!" (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {MAP 243.3}

„Умот што се препуштил на распуштени мисли треба да се промени. ... Мислите мора да бидат сосредоточени на Бога. Сега е време да се вложат најсериозни напори за да се совладаат природните склоности на телесното срце." (The Faith I Live By, стр. 336) {MAP 243.4}

„Непосредно пред да влеземе во времето на неволјата, сите го примаме печатот на живиот Бог. Тогаш ги видов четирите ангели како престануваат да ги задржуваат четирите ветрови. Видов глад, епидемии и меч; народи станаа против народи и целиот свет беше во метеж." (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {MAP 243.5}

„Што е печатот на живиот Бог што се става на челата на Неговиот народ? Тоа е знак, невидлив за човечките очи, обележје што можат да го прочитаат само ангелите, зашто ангелот на уништувањето мора да го забележи тој знак на откупувањето. Неговиот ум го гледа знакот на голготскиот крст врз Господовите посвоени синови и ќерки. Гревот на престапувањето на Божјиот закон е отстранет. Тие ја имаат свадбената облека и верно им се покоруваат на сите Божји заповеди." (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {MAP 243.6}

„Господ нема да ги оправда оние што ја знаат вистината ако не ги почитуваат Неговите заповеди со зборови и со дела." (The Faith I Live By, стр. 336) {MAP 243.7}

24 август

Знакот по кој се разликува Божјиот народ

„Им ги дадов исто така и Моите саботи, за да бидат знак меѓу Мене и нив, па да знаат дека Јас сум Господ што ги осветува.“ (Езекиел 20:12) {МАР 244.1}

„Како што саботата била знак по кој Израелците се разликувале кога излегле од Египет за да влезат во земниот Ханан, така и денес е знак што го одвојува Божјиот народ кој излегол од светот за да влезе во небесниот одмор. {МАР 244.2}

Празнувањето на саботата е средство што Бог го воспоставил за да се зачува знаењето за Него и да се види разликата меѓу Неговите верни поданици и оние што го престапуваат Неговиот закон. {МАР 244.3}

Саботата Му припаѓа на Христа. ... Бидејќи Тој создал сè, ја создал и саботата. Тој ја изделил како спомен на делото на создавање. Таа посочува кон Него и како Творец и како Оној, Кој посветува. Таа објавува дека Оној, Кој ги создал сите нешта на Небото и на Земјата, и преку Кого сите нешта опстојуваат, е Глава на црквата и преку Неговата сила ние сме помирени со Бога. Зборувајќи за Израел, Тој рекол: ’Им ги дадов исто така и Моите саботи, за да бидат знак меѓу Мене и нив, па да знаат дека Јас сум Господ што ги осветува‘ — ги правам свети. (Езекиел 20:12) Саботата е знак на Христовата моќ да нè направи свети. Таа е дадена на сите што Христос ги прави свети. Како знак на Неговата посветувачка сила, саботата е дадена на сите, кои преку Христа стануваат дел од Божјиот Израел. ... {МАР 244.4}

Саботата ќе биде задоволство за сите оние што ја примаат како знак на Христовата создавачка и откупителна моќ. Гледајќи го Христа во неа, тие наоѓаат задоволство во Него. Саботата им укажува на делата на создавање, како на доказ на Неговата силна моќ во откупувањето. Саботата потсетува на загубениот Едем и истовремено укажува на мирот, кој е повторно вратен преку Христа. И секој предмет во природата го повторува Неговиот повик: ’Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам‘. (Матеј 11:28) {МАР 244.5}

Саботата е златната врска што ги соединува Бога и Неговиот народ.“ (The Faith I Live By, стр. 33) {МАР 244.6}

25 август

Важноста и славата на саботата

„Тогаш ќе имаш радост во Господ, а Јас ќе те искачам на височини земни и ќе ти дадам да вкусиш од наследството на Јаков, твојот татко: устата на Господ го изрече тоа.“ (Исаија 58:14) {MAP 245.1}

„Во саботата поминавме пријатно, славно време. ... Бевме поттикнати да се радуваме и да Го славиме Бога поради Неговата неизмерна добрина кон нас. ... Бев вознесена во видение. ... {MAP 245.2}

Видов дека многу малку чувствуваме и сфаќаме од важноста на саботата, чија важност и слава треба да ги разбираме и познаваме. Видов дека сè уште не знаеме што значи да се биде изведен на височините на земјата и да се биде хранет со Јакововото наследство. Но кога освежувачкиот позен дожд ќе дојде од Господовото присуство и од славата на Неговата моќ, ќе знаеме што значи да се биде изведен на височините на земјата и да се биде хранет со Јакововото наследство. Тогаш ќе ги видиме вистинската важност и слава на саботата. Меѓутоа, нема да ја видиме во нејзината полна слава и значење сè додека Божјиот глас не склучи со нас завет на мир, додека бисерните порти на Новиот Ерусалим не се отворат и не се занишаат на своите блескави шарки, и прекрасниот, радосен глас на милиот Исус, поубав од секоја музика што смртното уво некогаш ја чуло, не нè повика да влеземе внатре. Ми беше покажано дека ќе имаме целосно право на градот, зашто сме ги пазеле Божјите заповеди, а небото, милото небо, е нашиот дом.“ (Letter 3, 1851) {MAP 245.3}

„На нив [камените плочи] ги видов десетте заповеди испишани со Божјиот прст. На едната плоча имаше четири, а на другата останатите шест заповеди. Но четвртата блескаше повеќе од сите, затоа што саботата беше издвоена да се свети во чест на Божјото свето име. Светата сабота изгледаше величествено опкружена со ореол на слава. Видов дека заповедта за саботата не е прикована на крстот, зашто кога таа би била прикована, тогаш тоа би било и случај со останатите заповеди, и ние би можеле сите да ги престапуваме како и четвртата. ... {MAP 245.4}

Видов дека светата сабота била и останува знак кој го одвојува вистинскиот Божји Израел од неверниците, дека саботата е прашање од големо значење кое ќе ги соедини срцата на Божјите мили светии кои Него го чекаат.“ (Рани списи, стр. 32,33) {MAP 245.5}

26 август

Саботата е Божји знак

„Празнувајте ги Моите саботи за да бидат знак меѓу Мене и вас, па да знаете дека Јас сум Господ, вашиот Бог.“ (Езекиел 20:20) {МАР 246.1}

„Израелците, за да покажат дека Му припаѓаат на Господа, ставале знак од крв на своите довратници. Така и Божјите деца во овој век, усогласувајќи го својот живот со Божјиот свет закон, ќе го носат знакот што Самиот Бог го одредил. Знакот што се става на секој поединец од Божјиот народ, како и знакот што бил ставан на довратниците на еврејските куќи, треба да ги заштити луѓето од општото уништување. Бог објавува: ’Им ги дадов исто така и Моите саботи, за да бидат знак меѓу Мене и нив, па да знаат дека Јас сум Господ што ги осветува‘.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 968) {МАР 246.2}

„Секоја душа во нашиот свет е Божја сопственост преку создавањето и преку откупувањето. Секој поединец е искушуван и испитуван во овој живот. Дали Му го дал на Бога она што со право Му припаѓа? Дали Му предал сè што е Негово како откупена сопственост? Оние на кои Господ им е сè во животот ќе ѝ се потчинат на Неговата власт и ќе го примат Божјиот знак или печат, по кој ќе се види дека се Негова посебна сопственост. Христовата праведност ќе оди пред нив и Господовата слава ќе им биде задна стража. Господ го штити секое човечко суштество што го носи Неговиот печат. {МАР 246.3}

’И пак му рече Господ на Мојсеј, велејќи: ‘Кажи им на синовите на Израил така: пазете ги саботите Мои, зашто тоа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува. Пазете ја саботата, бидејќи таа е света за вас. ... Шест дена нека се работи; а седмиот ден е сабота, ден за одмор, посветен на Господ: секој, кој ќе работи во саботен ден, нека се предаде на смрт. Затоа синовите израилски нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во родовите свои како вечен завет. Тоа е знак меѓу Мене и синовите на Израил довека; зашто во шест дена ги создаде Господ небото и земјата, а во седмиот ден си отпочина и се одмори.’‘ {МАР 246.4}

Ова Божјо признавање има најголема вредност за секое човечко суштество. Сите што Го љубат и Му служат се многу драгоцени во Неговите очи. Тој сака да ги постави таму каде што ќе бидат достојни претставници на вистината каква што е во Исуса.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 969) {МАР 246.5}

27 август

Проучувајте го прашањето за Светилиштето

„Другиот му рече: ’Две илјади и триста вечери и утрини; и тогаш светилиштето ќе се очисти.‘“ (Даниел 8:14) {MAP 247.1}

„Треба да бидеме сериозни истражувачи на пророштвата. Не смееме да запреме сè додека добро не го разбереме прашањето за Светилиштето, откриено во виденијата на пророците Даниел и Јован. Ова прашање фрла голема светлина врз нашата сегашна состојба и задача и ни дава непогрешлив доказ дека Бог нè водел во минатото. Тоа го објаснува нашето разочарување во 1844 година, покажувајќи ни дека Светилиштето што требало да биде очистено не била земјата, како што претпоставуваме, туку дека Христос тогаш влегол во најсветиот дел на небесното Светилиште, каде што се извршува завршното дело на Неговата свештеничка служба, како исполнување на зборовите на ангелот упатени до пророкот Даниел. {MAP 247.2}

Било утврдено дека 2300-те пророчки денови започнале кога стапила во сила заповедта на Артаксеркс за обнова и за изградба на Ерусалим есента 457. година пред Христа. Ако го земеме ова како појдовна точка, тогаш гледаме совршен склад при толкувањето на сите настани што се означени во Даниел 9:25-27. ... Седумдесетте седмици или 490 години требало да се однесуваат особено на Евреите. На крајот од овој временски период оваа нација го запечатила своето отфрлање на Христа со прогонството на Неговите ученици, и апостолите 34-та година по Христа почнале да им проповедаат на незнабошците. Бидејќи истекле првите 490 од 2300 години, преостанале уште 1810 години. Овие 1810 години се протегаат од 34-та година по Христа сè до 1844. година. ’Тогаш‘, според зборовите на ангелот, ’Светилиштето ќе се очисти‘. {MAP 247.3}

Нашата вера во однос на првата, втората и третата ангелска вест била исправна. Големите патокази покрај кои поминавме не се поместуваат. Иако војските на пеколот може да се обидат да ги искорнат од нивните темели, нема да успеат. Овие столбови на вистината остануваат цврсти како вечните планини, кои не можат да бидат поместени со никакви напори на луѓето здружени со сатаната и неговата војска. Можеме многу да научиме и треба постојано да го истражуваме Светото Писмо за да видиме дали е тоа така.“ (The Faith I Live By, стр. 208) {MAP 247.4}

28 август

Чистење на Светилиштето

„Видов во ноќните виденија, а тоа на небесните облаци како да идеше Синот Човечки, дојде до Старецот и застана пред Него.“ (Даниел 7:13) {МАР 248.1}

„По Своето вознесување нашиот Спасител го започнал Своето дело како наш Првосвештеник. Павле вели: ’Зашто Христос не влезе во ракотворено светилиште, кое е само образец на вистинското, туку во самото небо, за да се јави сега пред лицето на Бога за нас‘. (Евреите 9,24) {МАР 248.2}

Осумнаесет векови е вршена оваа служба во првото одделение на Светилиштето. Христовата крв ги застапувала покајаните грешници, осигурувајќи им проштевање и прифаќање кај Отецот, но сепак нивните гревови сè уште останале запишани во небесните книги. Како што во симболичната служба на крајот од годината било извршено чистење, така пред Христос да го доврши откупот на човекот, треба исто да се изврши чистење, да се отстранат гревовите од Светилиштето. Тоа е онаа служба што почна кога истекоа предвидените 2300 дена. ... во тоа време нашиот Првосвештеник влегол во светињата над светињите да го изврши последниот дел од Својата свечена служба - да го исчисти Светилиштето. ... {МАР 248.3}

Доаѓањето на Христа како наш Првосвештеник во светињата над светињите да го исчисти Светилиштето, опишано во Даниел 8:14; доаѓањето на Синот човечки кај Старецот опишано во Даниел 7:13 и доаѓањето Господово во Неговиот храм, претскажано во Малахија - сето тоа се описи на еден ист настан; тој настан е претставен и со доаѓањето на младоженецот на свадбата, како што го опишал тоа Христос во параболата за десетте девојки во Матеј 25. глава. {МАР 248.4}

Чистењето на Светилиштето ... вклучува дело на истрага — судење. Ова дело мора да се изврши пред Христос да дојде да го откупи Својот народ; зашто кога ќе дојде, ќе му донесе награда на секој човек според неговите дела. {МАР 248.5}

Во денот на последната пресметка, положбата, влијанието или богатството нема ни најмалку да го променат нечиј случај. Сезнајниот Бог ќе им суди на луѓето според нивната чистота, благородност и љубов кон Христа.“ (The Faith I Live By, стр. 207) {МАР 248.6}

29 август

Пораци од небесното Светилиште

„Затоа да пристапиме со искрено срце, во полна вера, откако ќе ги очистиме срцата од зла совест со попрскување и откако ќе го измиеме телото со чиста вода.“ (Евреите 10:22) {MAP 249.1}

„’А тоа на небесните облаци како да идеше Синот Човечки, дојде до Старецот и застана пред Него.‘ (Даниел 7,13) ... Христовото доаѓање што е опишано овде не е Неговото второ доаѓање на земјата. Тој доаѓа пред Старецот на небото да прими власт, слава и царство што ќе му бидат дадени на крајот на Неговата посредничка служба. Ова доаѓање, а не Неговото второ доаѓање на земјата, според пророштвото ќе се случи на крајот од 2300 години, односно во 1844. година. Во придружба на небесните ангели, нашиот голем Првосвештеник влегол во светињата над светињите и таму се појавува пред Бога ... да го изврши делото на истражниот суд и да изврши помирување за сите што се најдени достојни за Неговата милост.“ (The Faith I Live By, стр. 209) {MAP 249.2}

„Нека ни даде Господ да ја видиме потребата од водата на животот од живиот извор. Нејзините чисти потоци ќе нѐ освежат и исцелат, а ќе ги освежат и оние што доаѓаат во допир со нас. О, кога нашите срца би Му биле потчинети на Божјиот Дух! Кога нашиот поглед би бил насочен единствено кон Божјата слава, каква буица небесна светлина би се излеала врз душата! Оној што зборувал како ниеден човек бил Учител на земјата. По Своето воскресение им бил Учител на осамените, разочарани ученици што оделе за Емаус, и на собраните во горната соба. Им укажал на Светото Писмо што зборувало за Него и им ги исполнил срцата со света и нова надеж и радост. {MAP 249.3}

Од светињата над светињите доаѓаат пораци. Божјите ангели комуницираат со луѓето. Христос ја извршува службата во Светилиштето. Ние не Го следиме таму како што треба. Христос и ангелите дејствуваат во срцата на луѓето. Црквата на небото, соединета со онаа на земјата, ја води добрата борба на земјата. Мора да дојде до чистење на душите овде на земјата, во согласност со Христовото чистење на Светилиштето на небото.“ (Letter 37, 1887) {MAP 249.4}

„Божјиот народ сега треба да го насочи својот поглед кон небесното Светилиште, каде што ... нашиот Првосвештеник ... посредува за Својот народ.“ (The Faith I Live By, стр. 209) {MAP 249.5}

30 август

Судот над живите

„Спомни си за она што си го примил и чул, и послушај го, и покај се. Ако не бидеш буден, ќе дојдам против тебе како крадец, и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе.“ (Откровение 3:3) {MAP 250.1}

„Во времето одредено за суд - на крајот од пророчките 2300 дни во 1844 година - почна истражното дело и бришењето на гревовите. Сите што кога и да е го признале Христовото име, ќе бидат предмет на истрагата. На живите и мртвите ќе им биде судено ’според запишаното во книгите, според делата нивни‘ (Откровение 20:12). {MAP 250.2}

Судијата вели: ’Сите ќе бидат оправдани преку својата вера и судени според своите дела‘. {MAP 250.3}

Гревовите за кои не сме се покајале и кои не сме ги напуштиле, нема да бидат простени и избришани од книгата, туку на денот на Божјиот суд ќе сведочат против грешникот. ... {MAP 250.4}

Сите што сакаат да ги победат лошите склоности што настојуваат да завладеат со нив, ги чека уште потешка борба. Подготовката е лична работа. Ние нема да бидеме спасени групно. Побожноста и чистотата на едни не можат да ги надоместат овие доблести кај други. Иако сите народи мораат да дојдат на суд пред Бога, Тој сепак, случајот на секој поединец ќе го испита со таква точност како да не постои ниту едно друго суштество на земјата. Секој ќе биде испитан и ќе мора да биде пронајден без мана и недостаток. {MAP 250.5}

Сега заседава судот во небесното Светилиште. Ова дело е во тек веќе многу години. Наскоро - никој не знае кога - ќе се премине на случаите на живите. Нашиот живот ќе се испитува во свето присуство на Бога. Во ова време, повеќе од кога и да е, секоја душа треба да ја прифати опомената на Спасителот: ’Внимавајте, бидете будни и молете се, зашто не знаете кога ќе биде часот‘ (Марко 13:33). ’Ако не бидеш буден, ќе дојдам против тебе како крадец, и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе‘ (Откровение 3:3).“ (The Faith I Live By, стр. 211) {MAP 250.6}

31 август

Истражниот суд

„Гревовите на некои луѓе се јасни и однапред ги водат на суд, а на некои по нив одат.“ (1 Тимотеј 5:24) {МАР 251.1}

„Истражниот суд и бришењето на гревовите треба да завршат пред второто Христово доаѓање. Бидејќи на мртвите ќе им биде судено според она што е запишано во книгите, не е можно гревовите на луѓето да бидат избришани пред крајот на судот на кој ќе се испитува нивниот живот. ... Кога истражниот суд ќе заврши, Христос ќе дојде и со себе ќе му донесе награда секому според неговите дела. {МАР 251.2}

На сите ќе им биде судено според она што е запишано во небесните книги и секој ќе прими награда според своите дела. Овој суд не се одвива при смртта. {МАР 251.3}

Првосвештеникот, во симболичката служба на Стариот завет, завршувајќи го обредот на помирување за Израелот, излегувал и го благословувал народот. Така и Христос ќе се појави на крајот од својата посредничка служба ’не веќе како жртва за грев на оние што Го очекуваат, туку за нивно спасение‘ (Евреите 9:28). Како свештеникот што ги отстранувал од светињата гревовите исповедајќи ги врз главата на јарецот за грев, така и Христос сите признати гревови ќе ги натовари на сатаната, причинителот и поттикнувачот на гревот. Јарецот што ги носел гревовите Израелови бил одведен ’во пустината‘ (Левит 16:22). Така и сатаната, врз кого ќе падне вината за сите гревови на кои го навел Божјиот народ, ќе биде заточен илјада години на оваа Земја, која тогаш ќе биде пуста и без жители, и на крајот целосната казна за гревот ќе ја прими во огнот кој ќе ги уништи сите безбожници. {МАР 251.4}

Малкумина, да, само малкумина од огромното мноштво луѓе на земјата ќе бидат спасени за вечен живот, додека мноштвото што не ги усовршило своите души преку послушност кон вистината ќе биде одредено за втората смрт. {МАР 251.5}

Додека гревовите на покајаните верници се отстрануваат од Светилиштето, на земјата треба да се изврши посебно дело на чистење и отстранување на гревовите на Божјиот народ.“ (The Faith I Live By, стр. 213) {МАР 251.6}

1 септември

Кога ќе стоиме пред судови и совети

„И ќе зборувам за сведоштвата Твои пред царевите, и нема да се посрамам;“ (Псалми 119:46) {MAP 252.1}

„Во големото завршно дело ќе се сретнеме со сериозни тешкотии со кои нема да знаеме како да се справиме, но да не забораваме дека трите големи небесни сили дејствуваат, дека божествената рака е на кормилото и дека Бог ќе ги изврши Своите намери.“ (Evangelism, стр. 65) {MAP 252.2}

„Ќе дојде време кога поради Неговото име ќе бидеме изведени пред совети и пред илјадници луѓе, и секој ќе мора да ја образложи својата вера.“ (Review and Herald, 18. декември 1888.) {MAP 252.3}

„Секое гледиште на вистината што ја застапува нашиот народ ќе ја издржи критиката на најсилните умови. Најголемите луѓе на светот ќе дојдат во допир со вистината, затоа секој свој став критички да го испитаме и да го провериме врз основа на Светото Писмо. Сега ни се чини дека сме незабележани, но нема секогаш да биде така. Одредени настани ќе нѐ истакнат во прв план, и кога историчарите и големите луѓе на светот би можеле да ја соборат нашата вистина, би го сториле тоа.“ (Evangelism, стр. 69) {MAP 252.4}

„Господ Исус ќе им даде на учениците способност и мудрост на кои нивните непријатели нема да можат ниту да им противречат ниту да им се спротивстават. Оние што не можеле со расудување да ги совладаат сатанските измами ќе изнесуваат сигурни сведоштва што ќе ги збунат наводно учените луѓе. Зборовите ќе излегуваат од усните на неуките со таква убедлива сила и мудрост што луѓето ќе се обратат кон вистината. Илјадници ќе се обратат преку нивното сведоштво. {MAP 252.5}

Зошто неписмените луѓе ќе ја имаат оваа сила, а учените нема да ја имаат? Неукиот човек преку верата во Христа влегол во атмосферата на чистата, јасна вистина, а учениот се одвратил од вистината. Тој сиромашен човек е Христов сведок. Не може да се повика на историјата или на таканаречената висока наука, но собира силно сведоштво од Божјото слово. Вистината што ја кажува вдахновен од Светиот Дух е толку чиста и убедлива и носи таква неоспорна сила, што неговото сведоштво не може да се побие.“ (Manuscript 53, 1905) {MAP 252.6}

2 септември

Сведочење пред великаните на светот

„И ќе ве одведат пред управници и цареви заради Мене, за да сведочите пред нив и пред незнабошците.“ (Матеј 10:18) {МАР 253.1}

„Не е далеку времето кога Божјиот народ ќе биде повикан да го даде своето сведоштво пред земните владетели. Ниеден од дваесет верници не сфаќа колку брзо чекориме кон големата криза во нашата историја. ... Нема време за суета, ситници или за преокупирање на умот со безначајни работи.“ (Review and Herald, 26. април 1892.) {МАР 253.2}

„Царевите, управниците и великаните ќе чујат за вас преку извештаите на вашите непријатели, и вашата вера и карактер ќе им бидат погрешно прикажани. Но оние што ќе бидат лажно обвинети ќе имаат можност да се појават пред своите обвинители и сами да зборуваат. Ќе ја имаат предноста да им донесат светлина на оние што се сметаат за големи луѓе на земјата; а ако ја проучувате Библијата, ако сте подготвени со понизност и страв да му одговорите на секој што ве прашува за надежта во вас, вашите непријатели нема да можат да ја побијат вашата мудрост. {МАР 253.3}

Сега имате можност да постигнете најголема умствена сила проучувајќи го Божјото слово. Но ако сте мрзливи и не копате подлабоко во рудниците на вистината, нема да бидете подготвени за кризата што наскоро ќе дојде врз нас. О, кога би сфатиле дека секој миг е вреден како злато! Ако живеете од секој збор што излегува од Божјата уста, нема да се најдете неподготвени.“ (Review and Herald, 26. април 1892.) {МАР 253.4}

„Не знаете каде може да бидете повикани да го дадете своето сведоштво за вистината. Мнозина ќе мора да застанат пред законодавни судови, некои пред цареви и учени луѓе, за да сведочат за својата вера. Оние што имаат само површно разбирање на вистината нема да можат јасно да го протолкуваат Светото Писмо и да ги дадат вистинските причини за својата вера. Ќе бидат збунети и нема да бидат како оние работници што немаат од што да се засрамат. Никој нека не мисли дека не треба да учи затоа што не проповеда од проповедалницата. Не знаете што може Бог да побара од вас.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 217) {МАР 253.5}

3 септември

Приготви се да Го сретнеш својот Бог

„Затоа вака ќе постапам со тебе, Израеле; и бидејќи така ќе постапувам со тебе, приготви се да Го дочекаш твојот Бог, Израеле.“ (Амос 4:12) {MAP 254.1}

„Мнозина не разбираат какви мораат да бидат во времето на неволјите, за да живеат пред Бога, без првосвештеник во светилиштето. Кај оние што ќе го примат печатот на живиот Бог и кои во времето на неволјите ќе бидат заштитени, мора потполно да се огледа Исусовиот лик.“ (Рани списи, стр. 71) {MAP 254.2}

„Нивната облека ќе мора да биде беспрекорна, а нивниот карактер очистен од гревовите со Неговата крв. Со Божја милост и со трудољубиво настојување, мора да бидат победници во борбата со злото. Додека на небото се врши истражен суд и додека од Светилиштето се отстрануваат гревовите на покајаните верни, меѓу Божјиот народ на земјата мора да се изврши посебно дело на чистење и отстранување на гревот.“ (Големата борба, стр. 425) {MAP 254.3}

„Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека ’освежувањето‘ или ’позниот дожд‘ ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат ’освежувањето‘ кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог.“ (Рани списи, стр. 71) {MAP 254.4}

„Оние кои одбиваат да бидат ’кастрени‘ од страна на пророците, и не ја чистат својата душа покорувајќи се на целата вистина, и кои се наклонети да веруваат дека нивната состојба е далеку подобра отколку што навистина е, ќе се разбудат дури во времето на седумте зла и ќе увидат дека тоа ’кастрење‘ и обликување било неопходно за нив за да бидат подготвени за Божјата градба. ... {MAP 254.5}

Видов дека во ’освежувањето‘ ќе учествуваат само оние коишто ќе победат и ќе го оттргнат секој вкоренет грев: гордост, себичност, љубов кон светот и секој лош збор и постапка. Заради тоа мораме сè повеќе да се приближуваме кон Господа и сесрдно да настојуваме да извршиме неопходна подготовка којашто ќе ни овозможи да опстанеме во борбата во денот Господов. Да имаме сите на ум дека Бог е свет и дека никој со исклучок на светите битија не може да престојува во Негово присуство.“ (Рани списи, стр. 71) {MAP 254.6}

4 септември

Ветување за божествена помош

„Кога ќе ве предадат, не грижете се како или што ќе зборувате, зашто во тој час ќе ви биде дадено што да кажете.“ (Матеј 10:19) {MAP 255.1}

„Христовите слуги не треба да подготвуваат однапред утврдени говори кога ќе бидат изведени пред судовите поради својата вера. Треба да се подготвуваат од ден на ден, положувајќи ги во своите срца драгоцените вистини на Божјото слово. Треба да се хранат со Христовото учење и во молитва да ја зајакнуваат својата вера. Тогаш, кога ќе бидат изведени на суд, Светиот Дух ќе ги потсети на токму онаа вистина што ќе допре до срцата на оние што ќе дојдат да слушаат. Во вистинското време, кога ќе биде потребно, Бог ќе го осветли нивниот ум со знаењето што го стекнале со трудољубиво истражување на Светото Писмо.“ (Counsels on Sabbath School Work, стр. 40,41) {MAP 255.2}

„Сега треба да бидете подготвени за времето на испитувањето. Сега треба да знаете дали вашите стапала се утврдени на Вечната Карпа. Морате да имате свое лично искуство и да не зависите од другите за својата светлина. Кога ќе бидете изложени на искушение, како знаете дека нема да бидете сами, без ниеден земен пријател на ваша страна? Ќе можете ли тогаш да сфатите дека Христос е вашата поткрепа? Ќе можете ли да се сетите на ветувањето: ’Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот‘? Околу вас ќе има невидливи суштества што ќе ја посакуваат вашата пропаст. Сатаната и неговите помошници ќе се трудат на секој начин да ја разнишаат вашата цврстина и приврзаност кон Бога и Неговата вистина. Но ако го насочувате погледот кон Неговата слава, не треба да се грижите како ќе сведочите за Неговата вистина.“ (Review and Herald, 26. април 1892.) {MAP 255.3}

„Момчиња и девојки, растете ли до полната височина на мажи и жени во Христа, за во времето на неволјата да не бидете одвоени од Изворот на својата сила? За да опстанеме во тоа време на испитување, мораме сега, во времето на мир, да стекнеме живо искуство со Бога. Сега мораме да го почувствуваме длабокото дејствување на Светиот Дух. Христос мора да ни биде сè и во сè, Алфа и Омега, прв и последен, почеток и свршеток.“ (Review and Herald, 3. мај 1892.) {MAP 255.4}

5 септември

Доаѓа втора Педесетница!

„Ќе ги благословам нив и сè што е околу ридот Мој и ќе им праќам навреме дожд; тоа ќе бидат дождови благословени.“ (Езекиел 34:26) {МАР 256.1}

„Со симболичната претстава на раниот и позниот дожд, кој во источните земји паѓа за време на сеидбата и жетвата, еврејските пророци претскажале излевање на духовна благодат врз Божјата црква во извонредна мера. Излевањето на Духот во времето на апостолите претставувало почеток на раниот или првиот дожд и тоа донело величествени резултати. ...

Но пред крајот на земната жетва е ветено посебно излевање на духовна благодат со цел црквата да се приготви за доаѓањето на Синот човечки. Тоа излевање на Духот се споредува со позниот дожд. ...“ (Делата на апостолите, стр. 54,55) {МАР 256.2}

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток. Пророштвата што се исполниле со излевањето на раниот дожд во почетокот на евангелието пак ќе се исполнат со позниот дожд и при неговото завршување. ... {МАР 256.3}

Божјите слуги, со лица осветлени од свето помазание, ќе брзаат од едно до друго место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13:13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат. {МАР 256.4}

Веста ќе се шири не толку со докажување колку со длабоко осведочување на Божјиот Дух. Доказите се изнесени. Семето е посеано и сега ќе никне и ќе донесе плод. ... Меѓутоа, сега зраците на светлината проникнуваат насекаде и вистината се гледа кристално јасна, а искрените Божји деца ги кинат врските што ги задржувале досега. Семејните и црковните врски сега се немоќни да ги задржат. Вистината им е подрагоцена од сè друго. И покрај силите што се здружиле против вистината, голем е бројот на оние што ќе застанат на Господова страна.“ (Големата борба, стр. 611,612) {МАР 256.5}

6 септември

Започнува армагедонската битка

„Тие ќе војуваат против Јагнето, и Јагнето ќе ги победи, зашто Тој е Господар над господарите и Цар над царевите, и оние, што ќе се со Него, се повикани и избрани и верни.“ (Откровение 17:14) {МАР 257.1}

„Треба да го проучуваме излевањето на седмата чаша на Божјиот гнев. Силите на злото нема да се предадат без отпор во последниот судир. Но Провидението ќе ја одигра својата улога во армагедонската битка. Кога земјата ќе биде осветлена од славата на ангелот од осумнаесеттата глава на Јовановото Откровение, тоа ќе ги разбуди од сон сите верски сили, и на доброто и на злото, и војските на живиот Бог ќе излезат на боиштето.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 983) {МАР 257.2}

„Четири моќни ангели ги задржуваат силите на овој свет додека Божјите слуги не го примат печатот на своите чела. Народите на светот незапирливо се подготвуваат за судир, но овие ангели сè уште ги задржуваат. Кога ќе се отстрани таа воздржувачка сила, ќе настане време на неволја и страшна душевна мака. Ќе биде измислено смртоносно воено оружје. Бродови, заедно со својот жив товар, ќе бидат погребани во големите длабочини. Сите што не ги води Духот на вистината ќе се обединат под водството на сатанските помошници. Но сето тоа ќе биде задржувано додека не дојде времето за големата армагедонска битка.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 967) {МАР 257.3}

„Злото во сите можни облици е подготвено за силна активност. Злите ангели ги здружуваат своите сили со злите луѓе и, бидејќи во повеќевековниот судир стекнале искуство во најлукаво измамување и борби, очајнички ќе се борат и во големата последна битка. Целиот свет ќе биде на едната или на другата страна. Ќе дојде до армагедонската битка, а тој ден никого од нас не смее да го затече заспан. Мораме да бидеме сосема будни и, како мудрите девојки, да имаме масло во своите светилки. ... {МАР 257.4}

Врз нас мора да се излее силата на Светиот Дух, а Војсководецот на Господовата војска ќе стои на чело на небесните ангели за да раководи со таа битка. Сериозните настани што се пред нас допрва треба да се одиграат. Трубите треба да одекнат една по друга, чашите на гневот треба една по друга да се излеат врз жителите на земјата. Пред нас се одигруваат сцени од огромно значење.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 982) {МАР 257.5}

7 септември

Настаните се одвиваат по ред

„Но вие, браќа, не сте во темнина, та денот да може да ве затече како крадец.“ (1 Солунјаните 5:4) {МАР 258.1}

„Во таа прилика ми беше покажано дека Исус нема да ја напушти светињата над светињите сè додека случајот на секоја душа не се реши, за избавување или пропаст, и дека Божјиот гнев нема да дојде сè додека Исус не го заврши своето дело во светињата над светињите, додека не ја соблече Својата свештеничка облека и додека не облече одмаздничка облека. Тогаш Исус ќе го напушти местото на посредник помеѓу Отецот и човекот и Бог нема повеќе да молчи, туку ќе го излее Својот гнев врз оние кои ја отфрлиле Неговата вистина. Видов дека гневот на незнабошците, гневот Божји и времето на судењето на мртвите се различни и одвоени настани кои следат еден по друг, како и тоа дека Михаил, големиот Кнез сè уште не се подигнал и дека времето на неволјите какво што никогаш порано не било, сè уште не започнало. Народите веќе се гневат, но кога нашиот Првосвештеник ќе го заврши Своето дело во светилиштето, Тој ќе стане, ќе ја облече одмаздничката облека и тогаш ќе бидат излеани седумте последни зла. {МАР 258.2}

Видов дека ангелите ќе ги држат четирите ветра сè додека Исусовото дело во светилиштето не биде завршено, а потоа ќе следат седумте последни зла. Овие зла го разгоруваат гневот на злите против праведниците, затоа што тие сметаат дека ние сме ги навлекле Божјите казни врз нив и дека неволјите ќе престанат ако нè истребат од земјата. Па така издаваат декрет светиите да бидат погубени, што верните ги тера дење и ноќе да викаат кон Господа за избавување. Тоа е време на ’Јакововите маки‘. Тогаш сите светии извикнаа во душевни маки и беа избавени од Божјиот глас.“ (Рани списи, стр. 36,37) {МАР 258.3}

„Пред Своето распнување Спасителот им објаснил на Своите ученици дека ќе биде погубен и дека ќе воскресне од гробот. ... Но учениците очекувале слобода од римскиот јарем и не можеле да ја поднесат помислата дека Оној, во Кого се надевале, ќе мора да претрпи толку срамна смрт. ... Така и нам во пророштвата ни е откриена иднината исто толку јасно како што им била откриена на учениците со Христовите зборови. Настаните што се поврзани со крајот на времето на милоста и со делото на подготовката за времето на неволјата јасно ни се изнесени. Но постојат илјадници такви кои не ги сфаќаат овие важни вистини, како никогаш да не им биле откриени. Сатаната будно внимава за да спречи секакво влијание кое би можело да ги вразуми на спасение; и така времето на неволјата ќе ги најде неподготвени.“ (Големата борба, стр. 594) {МАР 258.4}

8 септември

Кратко време на мир

„И додека уште велат: 'Мир и безбедност!', Тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст и не ќе можат да избегнат.“ (1 Солунјаните 5:3) {MAP 259.1}

„Во тоа време, кога делото на спасување ќе се приближи кон крајот, неволјите ќе наидат на земјата и народите ќе се разгневат, но ќе бидат задржани за да не го попречат делото на Третиот ангел. Во тоа време ќе дојде 'позниот дожд' или освежувањето од Господовото лице, за да даде сила на гласниот вик на Третиот ангел и да ги подготви светиите да се одржат во периодот на излевање на седумте последни зла.“ (Рани списи, стр. 85,86) {MAP 259.2}

„Покажани ми се жителите на земјата во најголема збрка. Војни, крвопролевања, скудност, сиромаштија, глад и заразни болести ја преплавуваат Земјата. Опкружени со вакви појави, припадниците на Божјиот народ почнуваат да ги збиваат своите редови, заборавајќи на своите незначителни тешкотии. Длабока понизност го зазема местото на славољубивото истакнување на сопственото 'јас'. Страдањата, загриженоста и скудноста придонесуваат разумот повторно да го заземе своето владејачко место и избувливите и неразумните стануваат разумни, постапувајќи претпазливо и мудро. {MAP 259.3}

Моето внимание потоа беше оттргнато од оваа сцена. Како да имаше кратко време на мир. Уште еднаш ми беа покажани жителите на Земјата, и повторно сè се најде во страшна конфузија. Борби, војни, крвопролевања, пратени со глад и тешки епидемии - беснеат на сите страни. Гледајќи го сето тоа, 'луѓето, пак, ќе умираат од страв и од исчекување на она што ќе го снајде светот' (Лука 21:26).“ (1. Сведоштво, стр. 268) {MAP 259.4}

„Ангелите денес ги задржуваат ветровите на судирите сè додека светот не биде предупреден за пропаста што доаѓа, но се подига бура подготвена да се урне врз земјата. Кога Бог ќе им заповеда на Своите ангели да ги пуштат ветровите, ќе настанат сцени што ниедно перо не може да ги опише. ... {MAP 259.5}

Бог во Својата милост ни даде миг на здив. Да ја употребиме секоја сила што ни е дарувана од небото во извршувањето на делото што Господ ни го доверил за оние што пропаѓаат во незнаење.“ (Evangelism, стр. 704) {MAP 259.6}

9 септември

Објава на мир и безбедност

„Му ги лекуваат раните на Мојот народ лесномислено, велејќи: ’Мир! мир!‘ а мир нема.“ (Еремија 6:14) {МАР 260.1}

„Папистите, протестантите и световните луѓе ... во ова обединување ќе гледаат величествено движење за обратување на светот и почеток на долгоочекуваниот милениум.“ (Големата борба, стр. 588,589) {МАР 260.2}

„’И ќе дојде денот Господов, како крадец во ноќно време; тогаш небесата со голема бучава ќе ги снема, и стихиите ќе пламнат и ќе се разрушат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори.‘ (2 Петрово 3,10) Кога мислењата на филозофите ќе го отстранат стравот од Божјиот суд, кога верските учители ќе нагласуваат долго време на мир и напредок, и кога светот ќе биде обземен со работа и задоволства, со садење и градење, забави и веселби, отфрлајќи ги Божјите предупредувања и навредувајќи ги Неговите весници, тогаш ненадејно ќе ги стигне пропаст и нема да избегаат (1. Солунјаните 5,3).“ (Патријарси и пророци, стр. 104) {МАР 260.3}

„Слично на жителите на Сидимската долина, луѓето и денеска сонуваат за богатство и мир. ’Спасувај ја душата своја... не запирај‘, гласи опомената на Божјите ангели; но луѓето слушаат други гласови што велат: ’Не возбудувај се; нема никаква причина за тревога‘. Мнозина викаат: ’Мир е и нема од што да се плашиме‘ додека небото тврди оти на престапникот му претстои пропаст која само што не се урнала врз него. И онаа ноќ, непосредно пред својата пропаст, жителите на Сидимската долина не престанале да се оддаваат на разуздано уживање и да ги исмеваат стравувањата и опомените на Божјиот весник. Но сите тие хулници пропаднале во пламенот; токму таа ноќ засекогаш е затворена вратата на милоста пред безгрижните и безбожни жители на Содом. Бог нема довека да поднесува луѓето да го исмеваат и да го навредуваат; со него не треба да се шегуваме. ’Ете, денот Господов доаѓа лут, со гнев и пламната јарост, за да ја претвори земјата во пустина и да ги истреби од неа грешниците нејзини‘ (Исаија 13:9). Мнозинството на луѓето во светот ќе ја отфрлат Божјата милост и ќе бидат уништени со ненадејна и неизбежна пропаст. Но оние што ќе ја прифатат опомената, ќе бидат ’под закрилата на Севишниот‘ и ќе почиваат во ’домот на небесниот Бог‘. Неговата вистина за нив ќе биде ’штит и одбрана‘.“ (Патријарси и пророци, стр. 167) {МАР 260.4}

10 септември

Божјото дело е завршено

„И ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот.“ (Матеј 24:14) {MAP 261.1}

„Свечената, света порака на предупредување мора да биде објавена во најнепристапните краишта и во градовите закоравени во гревот, на секое место каде што сè уште не засветила светлината на значајната тројна евангелска порака. Секој треба да го чуе последниот повик за свадбената вечера на Јагнето. Пораката на сегашната вистина треба да се носи од град во град, од село во село, од земја во земја, и тоа со силата на Духот, без надворешно покажување.“ (Gospel Workers, стр. 27) {MAP 261.2}

„Веста за силата на Божјата благодат што обновува ќе се носи во секоја земја и секој крај, сè додека вистината не го опфати целиот свет. Меѓу запечатените ќе има луѓе од секој народ, племе и јазик. Од секоја земја ќе се соберат мажи и жени што ќе стојат пред Божјиот престол и пред Јагнето, извикувајќи: ’За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот, и на Јагнето!‘ (Откровение 7,10)“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 532) {MAP 261.3}

„Целата земја треба да биде осветлена со славата на Божјата вистина. Светлината треба да блеска во сите земји и меѓу сите народи, и таа треба да се шири преку оние кои ја примиле. Ѕвездата Деница се родила во нашите срца и со нејзината светлина ние треба да го осветлиме патот на оние кои се наоѓаат во темнина. {MAP 261.4}

Кризата е пред нас. Со силата на Светиот Дух мораме сега да ги проповедаме големите вистини во овие последни денови. За кратко време секој ќе ја чуе опомената и ќе донесе своја одлука. Тогаш ќе дојде крајот.“ (6. Сведоштво, стр. 24) {MAP 261.5}

„Вистината содржана во првата, втората и третата ангелска вест мора да допре до секој народ, племе и јазик. Таа мора да ја осветли темнината на секој континент и да се прошири до морските острови. Во ова дело не смее да има одлагање. {MAP 261.6}

Нашата лозинка треба да биде: Напред, секогаш напред! Небесните ангели ќе одат пред нас за да го подготват патот. Својата одговорност за оддалечените краишта не можеме да ја оставиме настрана сè додека целата земја не заблеска со Господовата слава.“ (Gospel Workers, стр. 470) {MAP 261.7}

11 септември

Бог станува во одбрана на Својот народ

„Чујте, сите народи, внимавај, земјо, и сè што те исполнува! Сведок нека е против вас Господ Бог, Господ од Својот свет храм! Зашто Господ, ете, излегува од Своето место, ќе слезе и ќе оди по земните височини,“ (Михеј 1:2,3) {MAP 262.1}

„Карактерот на секој човек се открива дури кога ќе настапи криза.... Голема конечна проверка ќе настапи дури при крајот од времето на милоста за човечкиот род, и тогаш навистина не ќе има веќе можност да се задоволат незадоволените потреби на човечката душа.“ (Христовите параболи, стр. 412) {MAP 262.2}

„Бог ќе се пресмета со народите. Преку сите векови на светската историја, злите луѓе натрупувале гнев за денот на гневот. И кога ќе дојде денот кога неправдата ќе ги премине границите на Божјата милост, Неговото трпение ќе заврши. Кога небесните книги ќе покажат дека престапите го достигнале врвот, Божјиот гнев ќе се излие, непомешан со милост и тогаш ќе се види колку е страшно да се злоупотребува божественото трпение. Таа криза ќе наиде кога народите ќе се обединат за Божјиот закон да го фрлат под нозете. {MAP 262.3}

Доаѓаат денови кога праведните поревно ќе се залагаат за Бога заради сè поголемото преовладување на беззаконието. Само божествената сила може да се спротивстави на сатанската дрскост соединета со злите луѓе. Меѓутоа, во миговите на најголема опасност за црквата, верниот остаток сесрдно ќе се моли за неа, и Бог ќе ги слушне и ќе ги услиши токму во моментот кога вината на престапниците ќе го достигне врвот. Тој ’ќе ги одбрани Своите избраници, што викаат кон Него дење и ноќе‘ (Лука 18:7).“ (5. Сведоштво, стр. 524) {MAP 262.4}

„Заменувањето на вистината со лага е последниот чин на драмата. Кога оваа замена ќе стане сеопшта, Бог ќе се открие. Кога човечките закони ќе бидат издигнати над божествените, кога земните сили ќе се обидат да ги принудат луѓето да го празнуваат првиот ден во седмицата, знајте дека дошло времето Бог да дејствува. Ќе стане во Своето величество и земјата страшно ќе се затресе. Ќе слезе од Своето место за да ги казни жителите на земјата поради нивната расипаност. Земјата ’ќе ја открие голтнатата од неа крв и повеќе нема да ги крие своите убиени‘.“ (Review and Herald, 23. април 1901.) {MAP 262.5}

12 септември

Завршува времето на милоста

„Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет, нека се осветува уште.“ (Откровение 22:11) {МАР 263.1}

„Кога ќе заврши истражниот суд, ќе биде решена судбината на сите луѓе — за живот или за смрт. Времето на милоста завршува непосредно пред Господовото појавување на небесните облаци.“ (Review and Herald, 9. ноември 1905.) {МАР 263.2}

„Подбивачите укажувале на природните појави: на непроменливиот ред на годишните времиња, на синиот небесен свод од кој уште никогаш не паѓал дожд, на плодните полиња, кои биле натопувани со блага ноќна роса; и бидејќи со презир изјавиле дека проповедникот на правдата е само обичен занесеник, продолжиле уште посилно од кога и да е да уживаат во развратот и во злото. Сепак, нивното неверство не можело да го спречи претскажаното зло. Бог долго го трпел нивното безбоштво и им дал доста време да се покаат, но во одреденото време праведниот Божји суд ги стигнал оние што ја отфрлиле Неговата милост. {МАР 263.3}

Христос рекол дека луѓето ќе покажат исто неверство во врска со Неговото второ доаѓање. Како Ноевите современици што ’не сфатија додека не дојде потопот и истреби сè‘, според Христовите зборови, ’така ќе биде и доаѓањето на Синот Човечки‘ (Матеј 24:39). Кога верниот народ ќе се соедини со светот и ќе почне да се изедначува со него и да ужива во неговите сетилни забави, кога световниот раскош ќе стане раскош на црквата, кога ќе ѕвонат сватовски ѕвона и кога сите ќе се надеваат на уште долги години напредок - тогаш одненадеж, како гром од ведро небо, ќе дојде крај на нивните илузии и лажни надежи.“ (Големата борба, стр. 338,339) {МАР 263.4}

„Настаните што се поврзани со крајот на времето на милоста и со делото на подготовката за времето на неволјата јасно ни се изнесени. Но постојат илјадници такви кои не ги сфаќаат овие важни вистини, како никогаш да не им биле откриени. Сатаната будно внимава за да спречи секакво влијание кое би можело да ги вразуми на спасение; и така времето на неволјата ќе ги најде неподготвени.“ (Големата борба, стр. 594) {МАР 263.5}

13 септември

Крајот на времето на милоста минува незабележано

„А за времињата и часовите, браќа, нема потреба да ви се пишува, бидејќи вие самите многу добро знаете: денот Господов ќе дојде како крадец во ноќно време.“ (1 Солунјаните 5:1,2) {MAP 264.1}

„Праведниците и грешниците сè уште ќе живеат на земјата како смртници. Луѓето ќе садат и ќе градат, ќе јадат и ќе пијат, сосема несвесни дека во небесното Светилиште е изречена конечната, неотповиклива одлука. Пред потопот, откако Ное и неговото семејство влегле во ковчегот, Бог ги затворил внатре, а безбожниците ги спречил да влезат. Сепак, луѓето, не знаејќи дека нивната судбина е запечатена, седум дена живееле безгрижно, исполнети со уживања, и им се потсмевале на предупредувањата за судот што се приближувал. Спасителот вели: ’Такво ќе биде доаѓањето на Синот Човечки‘. Тивко, незабележливо како крадец на полноќ, ќе дојде решавачкиот час кога ќе се запечати судбината на секој човек и кога милоста што им била понудена на грешните луѓе конечно ќе биде повлечена.“ (Review and Herald, 9. ноември 1905.) {MAP 264.2}

„Луѓето брзо се успиваат во кобна сигурност, а се будат дури кога ќе се излее Божјиот гнев.“ (Големата борба, стр. 562) {MAP 264.3}

„Господ, Кој суди на крајот на времето, ќе помине низ земјата и ќе почне да се излева страшен помор. Тогаш оние што го презирале Божјото слово и малку го ценеле ќе одат од море до море и од север до исток. Ќе трчаат на сите страни барајќи го Господовото слово, но нема да го најдат. ... Божјите проповедници веќе ќе ја имаат завршено својата последна задача, ќе ја имаат изговорено својата последна молитва и ќе ја имаат пролеано својата последна горчлива солза за бунтовната црква и за безбожниците.“ (Manuscript 1, 1857) {MAP 264.4}

„Христовиот поглед, насочен низ вековите, бил запрен врз нашето време кога рекол: ’Кога би можел во овој ден и ти да го дознаеш она што е потребно за твојот мир!‘ Сè уште е твојот ден, о Божја црквo, на која Тој ѝ го доверил Својот закон. Овој ден на доверена одговорност и испитување се ближи кон својот крај. Сонцето брза кон зајдисонцето. Може ли да зајде, а ти да не го разбереш ’она што е потребно за твојот мир‘? Ќе мора да биде изречена неотповикливата пресуда: ’Но тоа е сега сокриено од твоите очи‘ (Лука 19,42).“ (Letter 58, 1887) {MAP 264.5}

14 септември

Време на неволја какво што немало

„И во тоа време ќе се крене Михаил, големиот кнез, кој ги брани синовите на твојот народ, и ќе настане време тешко, какво што немало откако постојат луѓето, па сè до денес; но ќе се спасат во тоа време од твојот народ сите, кои ќе се најдат дека се запишани во Книгата.“ (Даниел 12:1) {МАР 265.1}

„Кога ќе заврши проповедањето на третата ангелска вест, милоста нема веќе да посредува за грешните жители на земјата. Божјиот народ го завршил своето дело. Тој го примил ’позниот дожд‘, ’од Господ времиња за освежување‘, и подготвен е за часот на искушението што е пред него. Ангелите брзаат насекаде на небото. Еден ангел, враќајќи се од земјата, објавува дека неговата работа е завршена. Светот е проверен и со последното искушение и сите оние што се покажале верни кон Божјите прописи го примиле ’печатот на живиот Бог‘. Тогаш Исус престанува со Својата посредничка служба во небесното Светилиште. Тој ги подига рацете и гласно изговара: ’Се сврши!‘. ... {МАР 265.2}

Кога Исус ќе го напушти Светилиштето, земните жители ќе ги покрие темнина. Во тоа страшно време праведниците мора да живеат без посредник пред светиот Бог. Силата која досега ги задржувала грешните е отстранета, и сатаната има целосна власт над грешниците кои не се покајале. Божјото трпение е завршено. Светот ја отфрлил Неговата милост, ја презрел Неговата љубов и го погазил Неговиот закон. Грешните ги пречекориле границите на времето на милоста што им било дадено. Божјиот Дух, на кого толку упорно му се противеле, најпосле се повлекол од нив. Незаштитени со Божјата милост, тие се без заштита пред нечестивиот. Тогаш сатаната земните жители ќе ги турне во голема, последна неволја. Кога Божјите ангели ќе престанат да ги задржуваат страшните ветришта на човечките страсти, ќе бидат ослободени сите елементи на судирот. Целиот свет ќе биде зафатен со пропаст пострашна од онаа што некогаш го снашла Ерусалим.“ (Големата борба, стр. 613,614) {МАР 265.3}

„Само оние со чисти раце и невино срце ќе опстанат во тоа време на испитување. ... Сега, додека четирите ангели ги задржуваат четирите ветрови, е време да ги утврдиме својот повик и избор.“ (Рани списи, стр. 58) {МАР 265.4}

15 септември

Четирите ветрови се пуштени

„Не пакостете ѝ на земјата, ниту на морето, ниту, пак, на дрвјата, додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог!“ (Откровение 7:3) {MAP 266.1}

„Ангелите кружат околу земјата побивајќи го сатанското тврдење дека има право на оваа земја затоа што мноштвото негови приврзаници е толку големо. Не ги слушаме нивните гласови, ниту со своите телесни очи можеме да ги видиме постапките на тие ангели, но нивните раце се цврсто споени околу земјата и тие будно ги задржуваат сатанските војски додека не заврши запечатувањето на Божјиот народ.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 967) {MAP 266.2}

„Јован ги гледа силите во природата — земјотресите, бурите и политичките судири — што ги задржуваат четирите ангели. Овие ветрови се под контрола сè додека Бог не им каже да дуваат. Божјата црква е безбедна. Божјите ангели ги извршуваат Неговите заповеди, задржувајќи ги ветровите да не дуваат на земјата, ниту на морето, ниту на кое било дрво, додека Божјите слуги не го примат печатот на своите чела.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 444) {MAP 266.3}

„Сега е време од особено значење за сите луѓе. Вниманието на владетелите и државниците, на луѓето на доверливи и влијателни положби, на жените и мажите што размислуваат, од сите слоеви, е насочено кон настаните што се случуваат околу нас. Тие ги набљудуваат затегнатите, немирни односи меѓу народите. Ја гледаат напнатоста што ја обзема секоја земна сила и сфаќаат дека ќе се случи нешто големо и значајно — дека светот е на работ на необична криза. {MAP 266.4}

Ангелите сега ги задржуваат ветровите на војната додека светот не биде предупреден за денот на судот што се приближува. Но бурата се подготвува, готова да се урне врз земјата; и кога Бог ќе им заповеда на Своите ангели да ги пуштат ветровите, ќе настанат сцени на судири што ниедно перо не може да ги опише. ... {MAP 266.5}

Бог милостиво го продолжил времето. Од небото ни е дадена секоја сила да ја извршиме задачата што Господ ни ја доверил заради оние што гинат во незнаење. Пораката на предупредување треба да одекне во сите делови на светот. ... Треба да се изврши големо дело, а тоа им е доверено на оние што ја знаат вистината за ова време.“ (Review and Herald, 23. ноември 1905.) {MAP 266.6}

16 септември

Почнува излевањето на седумте последни зла

„И чув од храмот висок глас како им вели на седумте ангели: ’Одете, излејте ги седумте чаши со гневот Божји на земјата!‘“ (Откровение 16:1) {МАР 267.1}

„Кога Христос ќе ја заврши Својата посредничка служба во небесното Светилиште, врз оние што му се поклонуваат на sверот и на неговиот лик, и кои го примиле неговиот жиг, ќе се излее неразводнет гнев (Откровение 14:9,10). Злата што се излеале врз Египет, кога Бог имал намера да го ослободи Израел, се слични по својот карактер со оние уште пострашни и поголеми казни што ќе го снајдат светот токму пред конечното ослободување на Божјиот народ. Писателот на Откровението, опишувајќи ги овие страшни казни, вели: ’И по луѓето, што го имаа белегот на sверот и се поклонуваа на неговата биста, се појавија лоши и лути рани‘. ’И тоа стана како крв од убиен човек; и сè живо изгина во морето‘. За реките и водните извори е кажано: ’и тие се претворија во крв‘. Колку и да се страшни овие судови, сепак, Божјата правда е сосема оправдана. Божјиот ангел кажува: ’Праведен си, Господи, ... зашто така пресуди, бидејќи тие пролеаја крв на светии и пророци, и Ти им даде да пијат крв – заслужуваат!‘ (Откровение 16:2-6). Осудувајќи го Божјиот народ на смрт, навлекле на себе вина за нивната крв како тие да ја пролеале со свои раце. ... {МАР 267.2}

Во казната што следи, на Сонцето ќе му биде дадена сила ’да ги жари луѓето со оган. И силна жега ги опфати луѓето‘ (Откровение 16:8,9). ... {МАР 267.3}

Овие зла нема да бидат сеопшти, зашто инаку сите земни жители би биле уништени. Сепак, тие ќе бидат најстрашни казни кои смртниците некогаш ги доживеале. Сите судови што ги снаоѓале луѓето пред крајот на времето на милоста биле помешани со милост. Христовата крв ги штителa грешниците да не ја примат целосната мерка за својата вина. Но во конечната пресуда, Божјиот гнев ќе се излее непомешан со милост.“ (Големата борба, стр. 627—629) {МАР 267.4}

„Стрелите на Божјиот гнев само што не полетале, и кога Тој ќе почне да ги казнува грешниците, нема да има прекин до крајот. Се подготвува бурата на Божјиот гнев, и само оние што се посветени преку вистината во Божјата љубов ќе бидат сокриени со Христа во Бога додека не помине пустошењето.“ (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, стр. 182) {МАР 267.5}

17 септември

Издаден е смртен декрет

„И му се даде да вложи дух во бистата на ѕверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат пред бистата на ѕверот.“ (Откровение 13:15) {МАР 268.1}

„Кога Исус ќе ја напушти светињата над светињите, Неговиот Дух што ги задржува силите ќе се повлече од владетелите и народите. Тие ќе ѝ бидат препуштени на власта на демоните. Тогаш, по сатански совет и упатство, ќе бидат донесени такви закони што ниедно тело не би можело да се сочува кога тие денови не би биле скратени.“ (1. Сведоштво, стр. 204) {МАР 268.2}

„Видов дека ангелите ќе ги држат четирите ветра сè додека Исусовото дело во светилиштето не биде завршено, а потоа ќе следат седумте последни зла. Овие зла го разгоруваат гневот на злите против праведниците, затоа што тие сметаат дека ние сме ги навлекле Божјите казни врз нив и дека неволјите ќе престанат ако нè истребат од земјата. Па така издаваат декрет светиите да бидат погубени, што верните ги тера дење и ноќе да викаат кон Господа за избавување. Тоа е време на ’Јакововите маки‘.“ (Рани списи, стр. 36,37) {МАР 268.3}

„Тогаш јас видов како земните водачи се советуваа еден со друг, и сатаната и неговите ангели беа зафатени околу нив. Јас видов еден запис чиишто копии беа растурени во различни делови на земјата, давајќи заповеди доколку светиите не се откажат од својата посебна вера, не се откажат од саботата и не го почитуваат првиот ден од седмицата, луѓето имаа слобода после некое одредено време да ги убијат.“ (Рани списи, стр. 282,283) {МАР 268.4}

„Иако со сеопшта наредба ќе биде утврдено времето кога треба да бидат убиени сите што ги држат Божјите заповеди, сепак, нивните непријатели во некои случаи и предвреме ќе се обидат да им го одземат животот. Но никој не ќе може да помине покрај силните чувари кои ја чуваат секоја верна душа. Некои, бегајќи од градовите и селата, ќе бидат нападнати, но мечевите што ќе се подигнат против нив ќе се скршат и ќе паднат на земјата како сламки. Други пак ангелите ќе ги штитат во лик на вооружени борци.“ (Големата борба, стр. 631) {МАР 268.5}

„Кога луѓето би можеле да гледаат со небесни очи, би виделе чети на силни ангели како ги опкружуваат оние што го одржале словото на Христовото трпение. Со нежност полна со сочувство, ангелите се сведоци на нивните неволји и ги слушаат нивните молитви. Тие чекаат заповед од својот Заповедник да ги избават од опасностите. Но тие мораат да чекаат уште малку. Божјиот народ мора да ја испие чашата и да биде крстен со страдалничко крштевање.“ (Големата борба, стр. 630,631) {МАР 268.6}

18 септември

Осудени на смрт

„И беа испратени писма преку брзоодци до сите царски области за да бидат убиени, погубени и истребени сите Јудејци, од најголем до најмал, деца и жени, во еден ден, во тринаесеттиот ден на дванаесеттиот месец, односно, месец адар, и имотот нивен да биде разграбен.“ (Естира 3:13) {MAP 269.1}

„Декретот што ќе биде прогласен против Божјиот народ на остатокот ќе биде сличен на прогласот што Ахасвер го издал против Евреите.“ (Пророци и цареви, стр. 605) {MAP 269.2}

„Кога оние што ги почитуваат Божјите заповеди ќе бидат лишени од заштитата на човечките закони, тогаш во разни земји истовремено ќе се појави движење за нивно уништување. Кога ќе наближи времето одредено во декретот, луѓето ќе направат заговор да ја истребат оваа омразена секта. Ќе решат во една ноќ да извршат одлучувачки удар кој засекогаш ќе го замолкне гласот на несогласување и прекор.“ (Големата борба, стр. 635) {MAP 269.3}

„Од нив, со општ декрет и закана со смртна казна, ќе се бара наместо саботата од четвртата заповед да го празнуваат првиот ден; но тие нема да се согласат со почитување на институцијата на папството да ја погазат Господовата сабота. Војските на сатанските ангели и безбожните луѓе ќе ги опколат од сите страни и ќе ликуваат над нив, бидејќи ќе изгледа дека се наоѓаат во потполно безизлезна положба.“ (1. Сведоштво, стр. 353,354) {MAP 269.4}

„Кога ќе настапи тоа време на неволи, секој случај ќе биде решен и нема повеќе да има време на проба ниту милост за тој што не сака да се покае. Печатот на живиот Бог ќе биде на Неговиот народ. Тој мал остаток, немоќен сам да се брани во смртниот судир со силите на земјата кои ги предводи змевот, ќе Го земе Бога во своја одбрана. Декретот издаден од највисоките земски власти од нив ќе бара, под закана на прогонства и смрт, да му се поклонат на sверот и да го примат неговиот белег.“ (5. Сведоштво, стр. 213) {MAP 269.5}

„Наскоро видов како светиите ги обзема голема душевна болка. Изгледаше како тие да се опкружени со злите жители на земјата. Сите нешта беа против нив. Некои почнаа да се плашат дека можеби Бог ги оставил за да загинат од рацете на злите. ... {MAP 269.6}

Тоа беше час на ужасна, силна агонија за светиите. Тие викаа ден и ноќ кон Бога за избавување. Според надворешноста не постоеше можност за излез. Злите веќе почнуваа да триумфираат, извикувајќи: ’Зошто вашиот Бог не ве избави од нашите раце? Зошто не се вознесете и не си ги спасите своите животи‘. Меѓутоа светиите не им обрнаа внимание.“ (Рани списи, стр. 283) {MAP 269.7}

19 септември

Ангелска заштита во времето на неволјата

„Ајде народе Мој, влези во покоите свои и затвори ги зад себе вратите свои, сокри се за миг, додека да мине гневот;“ (Исаија 26:20) {MAP 270.1}

„Во денот на тешкото искушение Христос ќе рече: ’Ајде народе Мој, влези во покоите свои и затвори ги зад себе вратите свои, сокри се за миг, додека да мине гневот‘. Какви се тие соби во кои треба да се скријат? Тие ја претставуваат Христовата заштита и заштитата на светите ангели. Божјиот народ во тоа време не е собран на едно место. Се наоѓа во разни групи, во сите делови на светот.“ (Historical Sketches of the Foreign Missions of the Seventh-day Adventists, стр. 158) {MAP 270.2}

„Јас видов како светиите ги напуштаат градовите и селата, групирајќи се и живеејќи во најосамени места. Ангелите ги снабдуваат со храна и вода, додека злите страдаа од глад и жед.“ (Рани списи, стр. 282) {MAP 270.3}

„Во текот на ноќта ми беше прикажана мошне впечатлива сцена. Изгледаше како да има голема збрка и судири меѓу војски. Господов весник застана пред мене и ми рече: ’Повикај ги своите домашни. Јас ќе те водам; следи ме‘. Ме водеше по темна патека, најпрвин низ шума, а потоа низ планински премини и рече: ’Тука си безбедна‘. Таму имаше и други што беа доведени во ова прибежиште. Небесниот весник рече: ’Времето на неволјата дојде како крадец во ноќта, како што ве предупреди Господ‘.“ (Manuscript 153, 1905) {MAP 270.4}

„Во времето на неволјата, непосредно пред второто Христово доаѓање, праведниците ќе бидат сочувани благодарение единствено на заштитата на небесните ангели, но за престапниците на Божјиот закон нема да има сигурност. Тогаш ангелите не ќе можат да ги штитат оние што занемариле макар една од Божјите заповеди.“ (Патријарси и пророци, стр. 256) {MAP 270.5}

„Како и во времето на Седрах, Мисах и Авденаго, Господ во последните денови на историјата на оваа земја силно ќе работи за спасение на оние коишто непоколебливо стојат на страната на правичноста. ... За време на неволјите — неволји какви што немало откако постојат народите — Неговите избраници ќе останат постојани. Сатаната со целата војска на злото не може да го уништи ни најслабиот од Божјите светии. Нив ги штитат ангели непобедливи по сила, и заради нив Господ ќе се открие како ’Бог над боговите‘, кој може да ги спаси целосно оние кои се надеваат на Него.“ (Пророци и цареви, стр. 513) {MAP 270.6}

20 септември

Безбожниците за време на злата

„Ете, настапуваат дните, вели Господ Бог, кога ќе испратам на земјата глад, не глад за леб, не жед за вода, туку жед за слушање зборови Господови. И ќе талкаат од море до море, ќе скитаат од север до исток, барајќи го словото Господово, и нема да го најдат.“ (Амос 8:11,12) {MAP 271.1}

„И како што слаткиот глас на милост изумре, страв и ужас ги обзеде злите. Со стравична јаснотија тие ги слушаат зборовите: ’Предоцна е! Предоцна е!‘“ (Рани списи, стр. 281) {MAP 271.2}

„Христос на крстот се чувствувал како што ќе се чувствуваат грешниците кога врз нив ќе се излее Божјиот гнев. Црн очај, како мртовечка покривка, ќе падне врз нивните грешни души и тогаш целосно ќе ја сфатат сета големина на гревот.“ (Signs of the Times, 15. февруари 1883.) {MAP 271.3}

„Оние кои не го вреднуваа Божјиот збор брзаат на сите страни, од море до море, од север до исток за да го бараат Зборот Божји. Ангелот рече: ’Тие нема да го најдат. Владее глад во земјата; не глад за леб, ниту жед за вода, туку за слушање на зборовите Господови. Што сè тие би дале за еден збор на Божјото одобрување!‘ ... {MAP 271.4}

Многу од злите, мошне се разбеснија страдајќи од ефектите на злата. Тоа беше сцена на ужасна агонија. Родителите горчливо ги укоруваа своите деца и децата своите родители, браќата своите сестри и сестрите своите браќа. ... Луѓето се свртеа кон своите проповедници со горчлива омраза, укорувајќи ги, велејќи им: ’Вие не нè предупредивте. Вие ни рековте дека светот ќе се обрати, и викавте: Мир, Мир за да го замолчите секој страв што беше подигнат. Вие не ни укажавте на овој час, и оние коишто нè предупредуваа вие ги прогласувавте за фанатици и зли луѓе, тврдејќи дека тие би нè упропастиле‘. Меѓутоа јас видов дека проповедниците не го одбегнаа гневот Божји. Нивните страдања беа десетпати поголеми од оние на нивните членови.“ (Рани списи, стр. 281,282) {MAP 271.5}

„Во времето кога Божјите судови ќе се излеат без милост, о, колку завидна ќе биде за грешниците положбата на оние што престојуваат ’под закрилата на Севишниот‘ — во шаторот во кој Самиот Бог ќе ги засолни сите што Го љубеле и ги пазеле Неговите заповеди!“ (The SDA Bible Commentary, том 3, стр. 1150) {MAP 271.6}

21 септември

Времето на Јакововата неволја

„О, тешко, голем е оној ден, нема сличен на него; тоа е мачно време за Јаков, но тој ќе биде избавен од него.“ (Еремија 30:7) {MAP 272.1}

„Видов дека ангелите ќе ги држат четирите ветра сè додека Исусовото дело во светилиштето не биде завршено, а потоа ќе следат седумте последни зла. Овие зла го разгоруваат гневот на злите против праведниците, затоа што тие сметаат дека ние сме ги навлекле Божјите казни врз нив и дека неволјите ќе престанат ако нè истребат од земјата. Па така издаваат декрет светиите да бидат погубени, што верните ги тера дење и ноќе да викаат кон Господа за избавување. Тоа е време на ’Јакововите маки‘.“ (Рани списи, стр. 36,37) {MAP 272.2}

„Како што сатаната влијаел врз Исава да тргне против Јакова, така тој ќе ги поттикнува и грешниците да го уништат Божјиот народ во времето на неволјата. И како што го обвинил Јакова, така ќе ги истакнува и своите обвинувања против Божјиот народ. Тој луѓето во светот ги смета за свои поданици, но малата група која ги држи Божјите заповеди му се спротивставува на неговата превласт. Кога би можел да ја истреби оваа група од земјата, неговиот триумф би бил целосен. Тој гледа дека светите ангели ги чуваат и врз основа на тоа заклучува дека нивните гревови се простени, но не знае дека нивните случаи се решени во небесното Светилиште. Тој точно ги познава гревовите на кои ги навел и ги изнесува пред Бога во зголемена светлина, тврдејќи дека тој народ заслужува да биде лишен од Божјата милост како и самиот тој. Тој тврди дека Господ не може во Својата праведност да им ги прости гревовите, а него и неговите ангели да ги уништи. Тој полага право над нив како на свој плен и бара да бидат предадени во негови раце за да ги уништи. {MAP 272.3}

Бидејќи сатаната го обвинува Божјиот народ поради неговите гревови, Господ му дозволува да ги искушува до крајни граници. Нивната доверба во Бога, нивната вера и решителност, ќе бидат тешко искушани. Кога гледаат во минатото, нивната надеж тоне, зашто во целиот свој живот можат да видат само малку добро. Тие се потполно свесни за својата слабост и недостојност. Сатаната настојува да ги заплаши со помислата дека нивниот случај е безнадежен и дека дамката на нивната нечистотија не може никогаш да се испере. Тој се надева дека на тој начин нивната вера ќе биде уништена до таа мера што ќе попуштат на неговите искушенија и ќе се откажат од својата верност кон Бога.“ (Големата борба, стр. 618,619) {MAP 272.4}

22 септември

Зошто постои време на неволја

„Бог ни е нам прибежиште и сила, докажан помошник, во неволја.“ (Псалми 46:1) {МАР 273.1}

„Иако Божјиот народ ќе биде опкружен со непријатели кои ќе настојуваат да го уништат, сепак, стравот што го поднесува не е страв од прогонство заради вистината; тој се плаши од тоа дека можеби не се покајал за секој свој грев и дека поради некоја своја грешка ќе биде лишен од ветувањето на Спасителот според кое ќе го ’запази од часот на искушението кое ќе дојде над целиот свет‘ (Откровение 3:10). Кога сигурно би знаеле дека гревовите им се простени, не би се плашеле од тортурата и од смртта; но, ако се покаже дека се недостојни и ако го загубат својот живот поради недостатоците во својот карактер, тогаш Господовото свето име ќе биде обесчестено. {МАР 273.2}

На секој чекор слушаат заговори за предавство и го гледаат активното бунтовничко делување; и кај нив се јавува силна желба, искрен копнеж на душата на ова големо отпаднишство и беззаконие на непокајаните веќе еднаш да му дојде крајот. Но, додека се молат на Бога да стави крај на бунтот, тие самите себеси си префрлаат што немаат сила да ѝ се спротивстават на моќната струја на злото и да ја запрат. Тие чувствуваат дека кога сите свои способности би ги употребиле во Христовата служба и кога постојано би напредувале во силата, силите на сатаната во својата борба против нив би биле помалку успешни. {МАР 273.3}

Тие ги мачат своите души пред Бога, укажувајќи на нивното поранешно покајание за многу свои гревови и повикувајќи се на ветувањето на Спасителот: ’Ако пребегне кон заштитата Моја и склучи мир со Мене. Тогаш нека склучи мир со Мене‘ (Исаија 27:5). Нивната вера не престанува затоа што на нивните молитви не им е веднаш одговорено. Иако поднесуваат најголем страв, ужас и неволја, сепак, не престануваат да се молат. Тие се потпираат на Божјата сила како што Јаков се држел за Ангелот, а зборови на нивната душа се: ’Нема да Те пуштам додека не ме благословиш‘.“ (Големата борба, стр. 619,620) {МАР 273.4}

„Времето на неволјата е испит низ кој треба да се изградат карактери слични на Христовиот. Тоа е време кога Божјиот народ треба да ги отфрли сатаната и неговите искушенија.“ (Review and Herald, 12. август 1884.) {МАР 273.5}

23 септември

Божјото око бдее над Неговиот народ

„Зарем Бог нема да ги одбрани Своите избраници, што викаат кон Него дење и ноќе; макар и да забави? Ви велам, ќе ги одбрани набргу. Но Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?“ (Лука 18:7,8) {MAP 274.1}

„Така и Божјиот народ за време на големата неволја би бил совладан кога би имал непокајани гревови од минатото што би излегувале пред него во миговите на страв и болка. Очајот би ја уништил нивната вера и тие не би имале смелост да Му се молат на Господа за избавување. Но, иако длабоко се свесни за својата недостојност, сепак, не можат да откријат ниту еден прикриен грев. Нивните гревови уште порано биле изнесени пред судот и избришани и затоа тие не се сеќаваат веќе на нив. ... {MAP 274.2}

Оние таканаречени христијани, кои во овој последен и страшен судир ќе влезат неподготвени, во својот очај ќе ги исповедаат своите гревови со зборови на длабока болка, додека злите ќе ликуваат поради нивната мака. ... {MAP 274.3}

Случајот на Јаков исто така е гаранција дека Бог нема да ги отфрли оние што биле измамени, искушувани и наведени на грев, но се вратиле кај Него со искрено покајание. Додека сатаната се обидува да ги уништи овие луѓе, Бог ги праќа Своите ангели да ги тешат и да ги заштитат во време на опасноста. Нападите на сатаната се жестоки и решителни и неговите измами страшни, но окото Господово бдее над Неговиот народ и Неговите уши ги слушаат нивните повици. Нивната болка е голема; се чини дека само што не ги проголтал пламенот на искушението; но Бог ќе ги спроведе низ огнот, како златото што се чисти во оган. Божјата љубов кон Неговите деца за време на нивното најтешко искушение е исто толку силна и нежна како и во деновите на нивната најголема благосостојба, но тие имаат потреба да поминат низ огнот на печката. Сè што е земно во нив мора да изгори, за да можат совршено да го одразуваат Христовиот лик. {MAP 274.4}

Времето на неволја и страв, какво што е пред нас, ќе бара вера што може да поднесе премореност, одлагања и глад, вера која нема да се поколеба иако ќе биде жестоко испробана. Времето на милоста им се дава на сите за да се подготват за тоа време.... Сите што се потпираат на Божјите ветувања, како и Јаков, и ја покажуваат истата сериозност и истрајност, ќе одолеат како што одолеал и тој.“ (Големата борба, стр. 620,621) {MAP 274.5}

24 септември

Големото време на неволја

„Зашто во тие дни ќе има мака, каква немало досега од почетокот на светов, што го создаде Бог, а и нема да има.“ (Марко 13:19) {MAP 275.1}

„Наскоро ќе настапи време на неволја какво што никогаш немало. Нам ни е потребно искуство што сега го немаме, а мнозина се премногу мрзливи за да го стекнат. Често се случува неволјата во очекувањето да изгледа поголема отколку во стварноста. Но не е така со неволјата што е пред нас. Ни најживиот опис не може да ја прикаже големината на тие маки. И сега, додека милостивиот Спасител врши помирување за нас, треба да се стремиме да станеме совршени во Христа. Божјото провидение е училиште во кое треба од Исуса да се научиме на кротост и понизност. Господ секогаш ни го покажува, не патот што самите би го избрале, кој е полесен и попријатен за нас, туку патот кон вистинските животни цели. Никој не смее да го отфрли или одложи ова дело ако не сака најстрашни последици за својата душа. {MAP 275.2}

Апостол Јован во видение чул продорен глас на небото што гласно зборувал: ’Тешко вам, кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време!‘ Страшни се сцените што го предизвикуваат овој небесен повик. Сатанскиот гнев расте како што се скратува времето, а неговото дело на измама и разурнување го достигнува врвот во времето на неволјата. Завршило времето на Божјото долготрпение. Светот ја отфрлил Неговата милост, ја презрел Неговата љубов и го погазил Неговиот закон. Грешниците ја пречекориле границата на своето време на проба, и Господ ја повлекува Својата заштита и ги остава на милост и немилост на водачот што самите го избрале. Сатаната ќе има власт над оние што ѝ се потчиниле на неговата власт и ќе ги вовлече жителите на земјата во големата, последна неволја. Кога Божјите ангели ќе престанат да ги задржуваат страшните ветрови на човечките страсти, сите сили на судирот ќе бидат пуштени. Целиот свет ќе биде вовлечен во пропаст пострашна од онаа што го снашла стариот Ерусалим.“ (The Spirit of Prophecy, том 4, стр. 440,441) {MAP 275.3}

„За време на неволјите — неволји какви што немало откако постојат народите — Неговите избраници ќе останат постојани. Сатаната со целата војска на злото не може да го уништи ни најслабиот од Божјите светии.“ (Пророци и цареви, стр. 513) {MAP 275.4}

25 септември

Крунскиот чин на измамата

„Бидејќи ти го запази словото на трпението Мое, и Јас ќе те запазам од часот на искушението кое ќе дојде над целиот свет, за да ги искуша оние што живеат на земјата.“ (Откровение 3:10) {МАР 276.1}

„Како што се приближува второто доаѓање на нашиот Господ Исус Христос, сатанските орудија се подигаат од длабочините на земјата. Сатаната нема да се појави само како човечко суштество, туку ќе Го имитира Исуса Христа. Светот што ја отфрлал вистината ќе го прими него како Господар над господарите и Цар над царевите.“ (The SDA Bible Commentary, том 5, стр. 1105,1106) {МАР 276.2}

„Гневот на сатаната расте сообразно со скратувањето на неговото време, а неговото дело на измама и уништување ќе го достигне својот максимум во времето на големата неволја. ... {МАР 276.3}

Како круна во големата драма на измама, самиот сатана ќе се прикаже како Христос. Црквата долго тврдела дека го чека доаѓањето на Спасителот како исполнување на нејзините надежи. Сега големиот измамник ќе создаде впечаток дека Христос веќе дошол. Во различни делови на светот, сатаната ќе се појави меѓу луѓето како величествено суштество со заслепувачки сјај, слично на описот на Божјиот Син во Јовановото Откровение (Откровение 1:13-15). Славата што ќе го опкружува ќе го надмине сето она што некогаш виделе смртните очи. Низ воздухот ќе одекнува победнички извик: ’Христос дошол, Христос дошол!‘ Народот ќе паѓа ничкум пред него; тој ќе ги подигне рацете и ќе ги благослови како Христос што ги благословувал Своите ученици кога живеел на Земјата. Неговиот глас ќе биде благ и придушен, но полн со мелодија. Со благ и чувствителен тон ќе изнесува некои прекрасни небесни вистини што ги изговорил Спасителот. Ќе лекува болести кај народот, а потоа, имитирајќи го Христовиот карактер, ќе тврди дека саботата ја променил во недела и на сите ќе им заповеда да го празнуваат денот кој Тој го благословил. Ќе каже дека оние кои упорно го празнуваат седмиот ден, го обесчестуваат неговото име, зашто одбиваат да ги слушаат неговите ангели што ги пратил кај нив со светлина и вистина. Ова ќе биде силна, речиси неодолива измама. Како и Самарјаните, кои биле измамени од Симон вражарот, народот, од најмалиот до најголемиот, ќе поверува во оваа магиска измама, велејќи: ’Овој е силата Божја, наречена Голема‘ (Дела 8:10). {МАР 276.4}

Но Божјиот народ нема да биде заведен. Учењата на овој лажен христос не се во согласност со Светото Писмо.“ (Големата борба, стр. 623—625) {МАР 276.5}

26 септември

Нема маченици по завршувањето на времето на милоста

„Ќе повика кон Мене, и ќе го чујам; со него ќе сум во неволја; ќе го избавам и ќе го прославам,“ (Псалми 91:15) {МАР 277.1}

„Божјиот народ нема да биде поштеден од страдања. Но, иако ќе биде прогонуван и угнетуван, иако ќе поднесува немаштија и ќе страда од недостиг на храна, сепак, нема да биде оставен да загине. ... {МАР 277.2}

Сепак, според човечко мислење, се чини дека Божјиот народ наскоро ќе мора да го запечати своето сведоштво со крв, како и мнозина маченици пред нив. И тој самиот ќе почне да се плаши мислејќи дека Бог го оставил да падне во рацете на своите непријатели. Тоа е време на ужасна душевна агонија. Дење и ноќе ќе викаат пред Бога за избавување. ... {МАР 277.3}

Божјото око, гледајќи низ вековите, било насочено токму на кризата која мора да наиде на Божјиот народ кога сите земни сили ќе се здружат против него. Слично на протераните заробеници, тие ќе се плашат од смрт со глад и насилство. Но Светиот, кој го раздвоил Црвеното Море пред Израелците, и сега ќе ја покаже Својата моќна сила и ќе го укине нивното ропство. ’Тие ќе бидат Мои, вели Господ Саваот, Моја сопственост во оној ден, што го готвам, и ќе бидам милостив кон нив како што татко е милостив кон синот свој, кој му служи‘ (Малахија 3:17). Кога крвта на верните Христови сведоци во тоа време би била пролеана, таа не би можела, како крвта на мачениците некогаш, да претставува семе кое требало да донесе род за жетва на Бога. Нивната верност не би била сведоштво кое другите би ги осведочило за вистината, зашто брановите на милоста се одбиле од закоравените срца за никогаш повеќе да не се вратат. Кога праведниците сега би биле препуштени да паднат како плен на своите непријатели, тоа би значело триумф за кнезот на темнината. Псалмистот вели: ’Зашто во злочест ден Тој би ме сокрил во Својата скинија, би ме сокрил под покривот на Своето живеалиште; би ме искачил на карпа‘ (Псалм 27:5). Христос рекол: ’Ајде народе Мој, влези во покоите свои и затвори ги зад себе вратите свои, сокри се за миг, додека да мине гневот; зашто, ете, Господ излегува од Своето живеалиште да ги казни жителите земни за нивното беззаконие‘ (Исаија 26:20,21). Славно ќе биде ослободувањето на оние кои стрпливо го чекале Неговото доаѓање, чиишто имиња се запишани во Книгата на животот.“ (Големата борба, стр. 629,630,634) {МАР 277.4}

27 септември

Божјиот народ е ослободен

„Да, така вели Господ: и секој заробен од јунак ќе биде одземен и грабежот од тиранинот ќе биде вратен; зашто Јас се борам со твоите противници и ќе ги спасам твоите синови;“ (Исаија 49:25) {МАР 278.1}

„Кога оние што ги почитуваат Божјите заповеди ќе бидат лишени од заштитата на човечките закони, тогаш во разни земји истовремено ќе се појави движење за нивно уништување. Кога ќе наближи времето одредено во декретот, луѓето ќе направат заговор да ја истребат оваа омразена секта. Ќе решат во една ноќ да извршат одлучувачки удар кој засекогаш ќе го замолкне гласот на несогласување и прекор. {МАР 278.2}

Божјиот народ - некои во затворски ќелии, а други скриени во осамените засолништа по шумите и планините - сè уште се моли за Божја заштита, додека насекаде групи вооружени луѓе, поттикнувани од страна на злите ангели, се подготвуваат за смртоносното дело. И токму сега, во часот на најголема опасност, ќе се вмеша Израеловиот Бог да ги избави Своите избраници. ... {МАР 278.3}

Со извици на триумф, исмевање и клетви, толпата на зли луѓе се упатува да се нафрли врз својот плен; но, на земјата паѓа густ мрак, погуст од најтемната ноќ. Тогаш над целото небо, како отсјај на славата која блескоти од Божјиот престол, се појавува виножито, оставајќи впечаток како да ја опкружува секоја група на верници затечени на молитва. Наеднаш разбеснетите толпи запираат. Нивните подбивни извици замолкнуваат. Предметот на нивниот убиствен бес е заборавен. Со страшно претчувство тие гледаат во симболот на Божјиот завет и сакаат што побргу да се сокријат од Неговиот силен сјај. {МАР 278.4}

Божјиот народ слуша јасен, мелодичен глас, кој кажува: ’Погледнете нагоре‘, и подигајќи ги очите кон небото, тие го гледаат виножитото на ветувањето. Црните, заканувачки облаци, што го прекриваат небесниот свод се разделуваат, и како некогаш Стефан, тие без здив гледаат во небото и ја посматраат Божјата слава и Синот човечки како седи на Својот престол.“ (Големата борба, стр. 635,636) {МАР 278.5}

„Додека целиот свет ќе биде обвиен во темнина, во секое живеалиште на светиите ќе свети светлина. Тие ќе ги видат првите зраци на Неговото доаѓање.“ (Пророци и цареви, стр. 720) {МАР 278.6}

28 септември

Полноќно ослободување

„Тие умираат ненадејно; среде ноќ народот ќе се побуни и тие ќе исчезнат; без рака да се подигне, моќниците паѓаат;“ (Јов 34:20) {MAP 279.1}

„Бог секогаш ги избирал крајните мигови за да ја покаже Својата сила, кога изгледало дека нема избавување од сатанското дејствување.“ (5. Сведоштво, стр. 714) {MAP 279.2}

„Точно е полноќ кога Бог ја открива Својата моќ да го ослободи Својот народ. Сонцето се појавува во својот целосен сјај. Бргу и последователно се редат знаци и чуда. Грешниците со страв и ужас ги гледаат овие сцени, а праведниците со свечена радост ги посматраат знаците на своето ослободување. Во природата се чини дека сè излегло надвор од својот нормален тек. Реките престануваат да течат. Темни, тешки облаци се појавуваат и се судираат едни со други. Среде гневното небо се гледа едно место на неопислива слава од каде што доаѓа Божјиот глас како звук на многу води, изјавувајќи: ’Се сврши!‘ (Откровение 16:17).“ (Големата борба, стр. 636) {MAP 279.3}

„На звукот на Божјиот глас силите небесни се затресуваат: сонцето, месечината и ѕвездите се задвижуваат од своите места; нив нема да ги снема туку само се затресуваат од Божјиот глас. {MAP 279.4}

Темни, густи облаци се собираат удирајќи се еден од друг. Атмосферата се одвои и замота така што низ тој отворен простор можевме да го видиме Орион, од каде што дојде Божјиот глас.“ (Рани списи, стр. 41) {MAP 279.5}

„Што се однесува до доаѓањето на Синот Човечки, тоа ќе се случи дури откако народот ќе го чуе Божјиот глас и земјата ќе ја погоди страшен земјотрес. Луѓето се наоѓаат во очај и неволја каква што немало откако постојат луѓето, а Божјиот народ ќе поминува низ мака. Небесните облаци ќе се судираат и ќе настапи темнина. Потоа доаѓа глас од небото, а облаците почнуваат да се свиткуваат како свиток. Се појавува светлиот, јасен знак на Синот Човечки. Божјите деца знаат што значи тој облак.“ (Manuscript 81, 1886) {MAP 279.6}

„Сто четириесет и четирите илјади ја слават победата, а лицата им ја одразуваат Божјата слава.“ (Рани списи, стр. 37) {MAP 279.7}

„Кога Божјиот глас ќе ја измени судбината на Неговиот народ, ќе настапи големо отрезнување меѓу оние што во големиот животен судир изгубиле сè.“ (Големата борба, стр. 654) {MAP 279.8}

„Денот на гневот за Божјите непријатели истовремено е ден на конечно избавување за Неговата црква.“ (Пророци и цареви, стр. 727) {MAP 279.9}

29 септември

Бог ги потресува природните сили

„Седмиот ангел ја изли чашата своја на воздухот; и од престолот на небесниот храм се пронесе силен глас кој извика: ’Се сврши!‘ И имаше светкавици, громови и гласови, и стана силен земјотрес, таков голем и силен потрес, каков што немало откако има луѓе на земјата.“ (Откровение 16:17,18) {MAP 280.1}

„Треба да го проучуваме излевањето на седмата чаша на Божјиот гнев. Силите на злото нема да се предадат без отпор во последниот судир.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 983) {MAP 280.2}

„Среде гневното небо се гледа едно место на неопислива слава од каде што доаѓа Божјиот глас како звук на многу води, изјавувајќи: ’Се сврши!‘ (Откровение 16:17). {MAP 280.3}

Овој глас ги потресува небесата и земјата. Настанува силен земјотрес, ’таков голем и силен потрес, каков што немало откако има луѓе на земјата‘ (Откровение 16:17,18). Се чини дека небото се отвора и затвора. Од Божјиот престол можат да се видат зраците на славата. Планините се тресат како трска на ветер, а на сите страни паѓаат одронети карпи. Се слуша татнеж на бура што доаѓа. Морето удира бесно. Се слуша завивање на ураган како глас на демони кога тргнуваат во поход да уништуваат. Сета Земја се подига и се набира како морски бранови. Нејзината површина пука. Се чини дека нејзините темели попуштаат. Тонат планински венци. Исчезнуваат населени острови. Морските пристаништа кои по злото станале како Содом, исчезнуваат во разбеснетите води. Големиот Вавилон се споменува пред Бога ’за да му се даде чашата со вино од јароста на Неговиот гнев‘ (Откровение 16:19). Град ’голем како талант‘ го довршува ова уништување (стих 21). Најграндиозните градови на земјата стануваат купишта урнатини. Раскошните палати, на кои световните големци го расфрлале своето богатство за да се прослават, се распаѓаат пред нивните очи. Ѕидовите на затворите се уриваат, а Божјиот народ, кој се држи во ропство поради својата вера, се ослободува.“ (Големата борба, стр. 636,637) {MAP 280.4}

30 септември

Посебно воскресение

„И многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат – едни за живот вечен, а други за вечен срам.“ (Даниел 12:2) {MAP 281.1}

„На полноќ Бог одлучи да го избави Својот народ. Како што злите се исмеваа околу нив, одеднаш на полноќ додека месечината сè уште свети, се појавува сонцето во својот полн сјај. ... Темни, тешки облаци се насобираат и се судираат еден со друг. Меѓутоа на едно место се запазува сјај на неопислива слава откаде допира Божјиот глас сличен како жубор од многу води. Настанува голем земјотрес. Гробовите се отвораат и оние кои умреа со вера во третата ангелска вест, држејќи ја саботата, излегоа од своите правливи кревети, прославени, за да го слушнат заветот на мирот кој Бог ќе го направи со оние кои го одржаа Неговиот закон.“ (Рани списи, стр. 285) {MAP 281.2}

„Оние што спијат во Исуса ќе бидат повикани од своите темници ... во славна бесмртност. ... Тој воскреснал, мили пријатели, и во својата безнадежност знајте ... дека Исус е покрај вас за да ви даде мир. {MAP 281.3}

Знам за што зборувам. Поминав низ време кога мислев дека брановите ќе ме совладаат. Тогаш почувствував колку ми е драгоцен Спасителот. Кога умре мојот најстар син, чувствував голема болка, но Исус дојде кај мене и тогаш го почувствував Неговиот мир во душата. Чашата на утехата ги допре моите усни. {MAP 281.4}

А потоа умре и оној што беше покрај мене триесет и шест години. ... Заедно работевме во делото, но моравме да ги склопиме рацете на овој борец и да го положиме да почива во тивкиот гроб. Повторно мојата болка беше страшна, но по сето тоа дојде чашата на утехата. Исус ми е драгоцен. Беше покрај мене ... а ќе биде и покрај вас. Кога нашите пријатели заминуваат во гробот, за нас тие и понатаму се убави. Можеби ќе се разделиме со својот татко или мајка: кога повторно ќе дојдат, брчките ќе исчезнат, но ликот ќе остане и ќе ги препознаеме. ... {MAP 281.5}

Да бидеме подготвени да се сретнеме со овие драги пријатели кога ќе се појават во утрото на воскресението. ... Ќе се држиме ли за надежта што се наоѓа во евангелијата, дека ќе бидеме како Него, зашто ќе Го видиме каков што е?“ (In Heavenly Places, стр. 353) {MAP 281.6}

1 октомври

Посебното воскресение на неправедните

„Ете, иде со облаци, и ќе го види секое око, и оние што Го прободоа; и ќе се расплачат пред Него сите племиња на земјата. Да. Амин!“ (Откровение 1:7) {МАР 282.1}

„’И оние што Го прободоа‘ (Откровение 1:7), како и оние што му се потсмевале на Христа во Неговите претсмртни маки, и најогорчените противници на Неговата вистина и на Неговиот народ, стануваат да Го видат во Неговата слава и да ги посматраат почестите што ќе им се дадат на верните и послушните.“ (Големата борба, стр. 637) {МАР 282.2}

„[На судењето на Исус] Кајафа ја подигнал својата десна рака кон небото и се обратил на Исуса со зборови на свечена заклетва: ’Те заколнувам во живиот Бог да ни кажеш: Ти ли си Христос, Синот Божји?‘ ... {МАР 282.3}

Секое уво било напрегнато да слушне и сите погледи биле вперени во Неговото лице, кога одговорил: ’Ти рече!‘. Изгледало дека небесна светлина го осветлувала Неговото бледо лице, кога додал: ’Ви велам отсега ќе Го гледате Синот Човечки како седи оддесно на Силата и како доаѓа на небесните облаци‘. {МАР 282.4}

За миг низ Неговата човечка природа блеснало Христовото божество. Првосвештеникот се тресел пред проникливиот поглед на Спасителот.... За миг видел страшна сцена: гробовите ги враќаат своите мртви со тајните за кои мислеле дека засекогаш ќе останат скриени. {МАР 282.5}

Сцената исчезнала пред очите на свештеникот. ... Кинејќи ја својата облека ... барал ... затвореникот да биде осуден за богохулење. ’Каква потреба имаме повеќе од сведоци?‘, рекол. ’Ете, сега го чувте Неговото хулење! Како ви се чини?‘ И сите Го осудиле.“ (Копнежот на вековите, стр. 706—708) {МАР 282.6}

„Така еврејските старешини го направиле својот избор. Нивната одлука е забележана во книгата што ја видел Јован во раката на Оној кој седи на престолот, во книгата што не може да ја отвори ниту еден човек. Со сета своја обвинувачка сила оваа одлука ќе се појави пред нив оној ден кога книгата ќе ја отвори Лавот од племето на Јуда.“ (Христовите параболи, стр. 294) {МАР 282.7}

„Кога Христос ќе дојде по вторпат, нема да Го видат како затвореник опкружен со толпа. Ќе Го видат како небесен Цар. ... Тогаш свештениците и владетелите јасно ќе се сетат на сцената во судницата. Секоја подробност ќе се појави пред нив како напишана со огнени букви.“ (Signs of the Times, 17. јануари 1900.) {МАР 282.8}

2 октомври

Стихиите се топат од силната горештина

„И ќе дојде денот Господов, како крадец во ноќно време; тогаш небесата со голема бучава ќе ги снема, и стихиите ќе пламнат и ќе се разрушат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори.“ (2 Петрово 3:10) {МАР 283.1}

„Во Господовиот ден, непосредно пред Христовото доаѓање, Бог во Својот гнев ќе прати молњи од небото, кои ќе се соединат со огнот на земјата. Планините ќе горат како печка и ќе исфрлаат страшни порои лава, уништувајќи градини, полиња, села и градови; и додека ќе исфрлаат растопена руда, карпи и вжештена кал во реките, ќе прават тие да вријат како котли, а одронетите парчиња масивни карпи ќе ги расфрлаат по земјата со неопислива сила. Реките целосно ќе пресушат. Земјата ќе се тресе и насекаде ќе има страшни ерупции и земјотреси. Бог ќе ги погоди грешните жители на земјата со зла сè додека не бидат целосно уништени.“ (Spiritual Gifts, том 3, стр. 82,83) {МАР 283.2}

„Земјата ќе се ниша наваму-натаму како пијан човек и ќе се помести како колиба. Стихиите ќе бидат во пламен, а небесата ќе се свиткаат како свиток.“ (The SDA Bible Commentary, том 5, стр. 1110) {МАР 283.3}

„Земјината кора ќе биде расцепена од избивањето на силите скриени во нејзината утроба. Овие сили, еднаш ослободени, ќе го збришат богатството на оние што со години го собирале, натрупувајќи имот на сметка на своите изгладнети работници.“ (Manuscript 24, 1891) {МАР 283.4}

„Пред нас е големиот сеопшт пожар, кога сето ова напразно животно дело ќе биде збришано за една ноќ и еден ден.“ (4. Сведоштво, стр. 49) {МАР 283.5}

„Ќе дојде ... до големо уништување на човечки животи. Но како што во деновите на големиот потоп Ное бил сочуван во ковчегот што Бог го подготвил за него, така и во овие денови на уништување и несреќа Бог ќе им биде прибежиште на оние што веруваат во Него. Преку псалмистот Тој објавува: ’Зашто, Господ ти е засолниште, надеж моја, Севишниот го избра за свое прибежиште; зло нема да ти се случи, и неволја нема да се приближи до шаторот твој‘. ’Зашто во злочест ден Тој би ме сокрил во Својата скинија, би ме сокрил под покривот на Своето живеалиште; би ме искачил на карпа‘. Зар тогаш нема да Го направиме Господа своја сигурност и одбрана?“ (Letter 258, 1907) {МАР 283.6}

„Треба да се подготвуваме за становите што Христос ги подготвил за оние што Го љубат. Таму нема да има судири меѓу луѓето.“ (Review and Herald, 19. октомври 1897.) {МАР 283.7}

3 октомври

Приказ на седмото зло

„Си влегувал ли ти во местата на снегот и си ги видел ли сокровиштата на градот, што Јас ги чувам за смутно време, за денот на битка и војна?“ (Јов 38:22,23) {MAP 284.1}

„Бајрон Белден, Сара Белден и сестра Меј Лејси ме придружуваа на закажаниот состанок во Проспект, Австралија. Штом ја напуштивме куќата во која беше одржан состанокот, видовме дека доаѓа бура. ... Изгледаше толку заканувачки што ја возевме кочијата со младите коњи најбрзо што се осмелувавме. Кога веќе бевме близу до дома, бурата се разбесни. Почна да паѓа крупен град — голем како кокошкино јајце. ... Тоа го уплаши младиот коњ, зашто градот паѓаше врз него со страшна сила. Реков: ’Бајрон, веднаш излези. ... Оди кај коњот, зборувај му. Нека знаат коњите дека не си ти оној што ги удира‘. На мојот предлог, тој скокна надвор. Потоа реков: ’Меј Лејси и Сара, излезете‘. Тие го сторија тоа ... а потоа излегов и јас, додека Меј Лејси и Сара ми помагаа. ... Ветерот дуваше толку силно што шеширите ни одлетаа од главите, а и перниците беа однесени од кочијата. Тешките перници, чадорите и тешките покривки од кочијата одлетаа во полето на сите страни. ... {MAP 284.2} {MAP 284.3}

Каква сцена! Сестра Белден, Меј Лејси и јас стигнавме дома без шешири. ... Бајрон беше со кутриот, млад, исплашен коњ. ... Единствено што можевме беше да Му се обратиме на Бога за помош. ... {MAP 284.4}

Ова е најлошото искуство што сум го доживеала во кочија за време на бура. ... Размислував за денот кога Божјиот суд ќе се урне врз светот, кога темнина и страшен мрак ќе ги покријат небесата како вреќа од козина. ... Во мислите насетив што ќе се случи кога моќниот Господов глас ќе им заповеда на Своите ангели: ’Излејте ги седумте чаши со гневот Божји на земјата‘. ... {MAP 284.5}

Шестата и седмата глава од Откровението се полни со значење. Опишаните Божји судови се страшни. Седум ангели стојат пред Бога за да примат наредби. Ним им се дадени седум труби. Господ тргнал да ги казни жителите на земјата. ... {MAP 284.6}

Кога Божјите зла ќе ја погодат земјата, врз грешниците ќе паѓа град тежок еден талант.*“ (Manuscript 59, 1895) {MAP 284.7}

* Еден талант = 34 kg (белешка во приложениот извор).

4 октомври

Земјата бега од својот Творец

„Затоа ќе го затресам небото, земјата ќе се помести од местото свое поради јароста на Господ Саваот, во денот на пламнатиот гнев Негов. Тогаш секој како подгонета срна и како напуштена овца ќе се врати кон народот свој, секој ќе избега во земјата своја.“ (Исаија 13:13,14) {MAP 285.1}

„Густите облаци сè уште го покриваат небото, но понекаде се пробива сонцето слично на одмаздничкото око на Јехова. Жестоки молњи го пробиваат небото, обвиткувајќи ја земјата во пламен. Посилно од татнежите на громовите се слушаат таинствени и страшни гласови, најавувајќи ја судбината на грешниците. Сите нема да ги разберат изговорените зборови, но лажните учители добро ќе ги разберат. Оние кои до пред малку беа толку безгрижни, фалбаџии и пркосни, кои ликуваа во својата свирепост кон народот кој ги држи Божјите заповеди, сега се збунети и треперат од страв. Нивното лелекање ја надвикува бучавата на ослободените стихии на природата. Демоните го признаваат Христовото божество и се тресат пред Неговата сила, додека луѓето преколнуваат за милост и од страв ползат по правот. ... {MAP 285.2}

Низ пукнатина во облаците блескоти ѕвезда чијшто сјај е четирикратно посилен поради темнината што ја опкружува. Таа на верните им најавува надеж и радост, а на престапниците на Божјиот закон суровост и гнев. Оние што жртвувале сè за Христа, сега се сигурни, скриени како во скривница во Господовиот шатор. Тие се проверени, и пред светот и пред противниците на вистината ја докажале својата верност кон Оној кој умрел за нив. Каква чудесна промена се случи кај оние кои, и покрај тоа што се соочија со смртта, останаа верни на своето убедување. Тие одеднаш се ослободуваат од мрачната и страшната тиранија на луѓето претворени во демони. Нивните лица, до пред малку бледи, загрижени и преплашени, сега се озарени од восхит, вера и љубов. Нивните гласови се издигаат во триумфална песна: ’Бог ни е нам прибежиште и сила, докажан помошник, во неволја. Затоа нема да се уплашиме, па макар и земјата да се разниша, и горите да се срушат во срцето морско. И ако бучат и се креваат водите нивни, и да се тресат горите од жестината нивна‘ (Псалм 46:1-3).“ (Големата борба, стр. 637,639) {MAP 285.3}

5 октомври

Божјиот закон се појавува на небото

„И небесата ќе ја огласат Неговата праведност, зашто Бог е судија.“ (Псалми 50:6) {МАР 286.1}

„Додека овие зборови на света доверба се издигнуваат кон Бога, облаците се разидуваат и се покажува ѕвезденото небо со неопислива убавина во спротивност со мрачниот и гневен свод на двете страни. Низ полуотворената врата блеска славата на небесниот град.“ (Големата борба, стр. 639) {МАР 286.2}

„Во храмот ќе се види ковчегот на заветот со двете камени плочи на кои е испишан Божјиот закон. Тие две камени плочи ќе бидат изнесени од своето тајно скривалиште и на нив ќе се видат Десетте заповеди напишани со Божјиот прст. Овие камени плочи, кои сега лежат во ковчегот на заветот, ќе бидат убедливо сведоштво во прилог на вистината и обврзноста на сите барања на Божјиот закон.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 972) {МАР 286.3}

„Луѓето со богохулни мисли и срца сметале дека се доволно силни да ги изменат Господовите времиња и закони, но безбеден во небесните архиви, во Божјиот ковчег, се наоѓа оригиналот на Божјите заповеди испишан на две камени плочи. Нема таков силник на земјата што би можел да ги земе тие плочи од нивното свето скривалиште, под престолот на милоста.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 972) {МАР 286.4}

„Тогаш на небото се појавува рака која држи две камени плочи составени заедно. Пророкот кажува: ’И небесата ќе ја огласат Неговата праведност, зашто Бог е судија‘ (Псалм 50:6). Овој свет Закон, Божјата правда, кој е објавен на Синај среде грмотевици и пламен за да биде водич во животот, сега на луѓето им се открива како мерило на суд. Раката ги отвора плочите и се гледаат прописите на Десетте заповеди, како да се напишани со пламено перо. Зборовите се толку јасни, што секој може да ги прочита. Се буди сеќавањето, од секое срце исчезнува мракот на суеверието и ересот, а десетте кратки, разбирливи и авторитативни Божји зборови јасно им се предочени на сите жители на земјата. {МАР 286.5}

Невозможно е да се опише ужасот и очајот на оние што ги газеле светите Божји прописи. ... {МАР 286.6}

Непријателите на Божјиот закон, од проповедниците па сѐ до најмалиот меѓу нив, сега имаат нова концепција за вистината и должноста. Премногу доцна увидуваат дека саботата од четвртата заповед е печат на живиот Бог.“ (Големата борба, стр. 639,640) {МАР 286.7}

6 октомври

Објавени се денот и часот на Христовото доаѓање

„А за тој ден и час никој не знае, ниту ангелите небесни, туку само Мојот Отец;“ (Матеј 24:36) {MAP 287.1}

„Од небото се слуша Божјиот глас, како го објавува денот и часот на Исусовото доаѓање и го прогласува вечниот завет со Својот народ. Како тресок од најгласна грмотевица, Неговите зборови се шират низ земјата.“ (Големата борба, стр. 640) {MAP 287.2}

„Тој изговараше реченица по реченица, а потоа запираше додека зборовите се разнесуваа низ земјата. Божјиот Израел стоеше со своите очи насочени нагоре, слушајќи ги зборовите коишто дојдоа од устата на Јехова и се тркалаа низ земјата како удари од најгласен гром. Беше страотно свечено. На крајот на секоја реченица светиите извикуваа: ’Слава! Алелуја!‘“ (Рани списи, стр. 285,286) {MAP 287.3}

„Живите светии, 144.000 на број, го познаа и го разбраа гласот, додека злите мислеа дека тоа беше грмотевица и земјотрес.“ (Рани списи, стр. 15) {MAP 287.4}

„Божјиот Израел стои и слуша со очи насочени нагоре. Нивните лица се осветлени со Неговата слава и блескаат како лицето на Мојсеј кога слегувал од Синај. Грешниците не можат да гледаат во нив. И кога ќе биде изречен благослов над оние кои го почитувале Бога држејќи ја Неговата света сабота, се слуша силен извик на победа.“ (Големата борба, стр. 640) {MAP 287.5}

„Тогаш започнува славењето, зашто земјата треба да се одмори.“ (Рани списи, стр. 35) {MAP 287.6}

„Величествена светлина ги осветлуваше нивните лица. Колку убаво сега тие изгледаа! Секоја црта на грижа и умореност исчезна и здравје и убавина беа видени на секое лице. Нивните непријатели, незнабошците насекаде околу нив паѓаат како мртви, затоа што не можеа да опстојат пред светлината која светлеше врз избавените светии. Оваа светлина и слава останува на нив сè додека Исус не се појави на облаците небесни.“ (Рани списи, стр. 272,273) {MAP 287.7}

„Видов како пламенен облак доаѓа до местото каде што стоеше Исус. Потоа Исус ... го зазеде Своето место на облакот, кој Го понесе кон исток, каде што првпат им се покажа на светиите на земјата — мал, црн облак што беше знак на Синот Човечки. Додека облакот патуваше од светињата над светињите кон исток, што траеше со денови, сатанската синагога се поклонуваше пред нозете на светиите.“ (To the Little Remnant Scattered Abroad (леток), 6. април 1846.) {MAP 287.8}

7 октомври

Зраци на светлина од златното утро

„Зашто, како што молњата излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човечки.“ (Матеј 24:27) {МАР 288.1}

„Додека целиот свет ќе биде обвиен во темнина, во секое живеалиште на светиите ќе свети светлина. Тие ќе ги видат првите зраци на Неговото доаѓање.“ (Пророци и цареви, стр. 720) {МАР 288.2}

„Наскоро на исток се појавува мал темен облак, со големина на половина човечка дланка. Тоа е облак кој го опкружува Спасителот и кој оддалеку изгледа како да е обвиткан во мрак. Божјиот народ знае дека тоа е знакот на Синот човечки и во свечена тишина тие внимателно гледаат како тој се приближува кон земјата и станува сè посветол и повеличествен, додека не прерасне во голем бел облак, чијашто основа личи на оган кој проголтува, а над него се надвива виножитото на заветот. Исус оди напред како моќен победник. Тој сега не доаѓа како ’човек на болки‘ (Исаија 53:3), да ја пие горчливата чаша на срам и јад, туку како победник на небото и на земјата, да им суди на живите и мртвите. ’Тој се вика Верен и Вистинит; и Тој праведно суди и војува‘. ’А небесните војски, облечени во бел и чист висон, врвеа по Него на бели коњи‘ (Откровение 19:11,14). Со мелодии на небесни химни, светите ангели, огромно и безбројно мноштво, го придружуваат на Неговиот пат. Небесниот свод изгледа како да е преполн со блескави суштества, ’илјадници и милиони‘. Ниту едно човечко перо не може да ја опише оваа сцена; ниту еден ум на смртен човек не е способен да го сфати тој сјај. ’Величието Негово ги покри небесата, и славата Негова ја исполни земјата. Болскотот Му е како сончева светлина‘ (Авакум 3:3,4). Бидејќи живиот облак се приближува, секое око го гледа Кнезот на животот. Неговата света глава не ја нагрдува веќе трнов венец; на Неговото свето чело почива славен венец. Неговото лице свети посилно од заслепувачкиот сјај на пладневното сонце. ’На облеката и на бедрото Негово беше напишано името: ‘Цар над царевите’ и ‘Господар над господарите’‘ (Откровение 19:16).“ (Големата борба, стр. 640,641) {МАР 288.3}

„Со подигнати глави, осветлени од светлите зраци на Сонцето на праведноста, радосни што нивното избавување е близу, тие [живите светии] излегуваат во пресрет на Младоженецот, велејќи: ’Еве, Тој е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Тој нè спаси!‘.“ (Our High Calling, стр. 367) {МАР 288.4}

8 октомври

Второто Христово доаѓање

„Доаѓа нашиот Бог, и нема да молчи; пред Него ќе има оган што проголтува, околу Него бура. Тој ќе ги повика небото горе и земјата, за да му суди на Својот народ:“ (Псалми 50:3,4) {MAP 289.1}

„Набргу нашите очи беа привлечени од појавата на еден мал црн облак со големина отприлика колку половина од една човечка тупаница, за кој сите ние знаевме дека е тоа знакот на Синот човечки. Сите во свечена тишина гледаме како облакот се приближува и станува сè посветол и повеличествен, за конечно да се претвори во голем бел облак. Долната страна му изгледаше како пламен; над него се издигаше виножито, додека околу него се наоѓаа десетици илјади ангели кои пееја најубава песна; и врз облакот седеше Синот човечки.“ (Рани списи, стр. 15,16) {MAP 289.2}

„Кога на почетокот се појави во далечина, овој облак изгледаше многу мал. Ангелот рече дека тоа е знакот на Синот човечки. Кога се приближи до земјата, ние можевме да ја гледаме прекрасната слава и величество Исусово како Тој јаваше како победник.“ (Рани списи, стр. 286) {MAP 289.3}

„Неговата коса беше бела и кадрава, спуштајќи му се до раменици, а на главата имаше многу круни. Неговите стапала изгледаа како оган, во Неговата десна рака имаше остар срп, а во левата сребрена труба. Неговите очи беа како огнен пламен, кои ги испитуваат Неговите деца до дното на душата. На сите насобрани лицата им побледеа, а на оние кои Бог ги отфрли им беа поцрнети. Тогаш сите гласно извикавме: ’Кој може да опстане? Дали облеката ми е беспрекорно чиста?‘ Ангелите престанаа да пеат и за момент владееше ужасна тишина, кога Исус прозборе: ’Ќе опстанат само оние кои имаат чисти раце и чисто срце; Мојата благодат е доволна за вас‘. На тие зборови нашите лица повторно се облеаја во сјај и радост го исполни секое срце. И ангелите запеаја повторно еден тон повисоко, додека облакот се приближуваше сè поблиску до земјата.“ (Рани списи, стр. 16) {MAP 289.4}

„Земјата трепереше пред Него, небото го снема како свиток кога се смотува; и сите гори и сите острови се поместија од своите места. ’И царевите земни, и благородниците, и богатите, и војводите, и силните, и секој роб и слободен се скрија во пештери и горски камењари‘.“ (Рани списи, стр. 286,287) {MAP 289.5}

9 октомври

Во јами и пештери

„И ќе влезат луѓето во карпести пештери и во земни јами од страв пред Господ и од славата на Неговото величие, кога ќе се крене Тој да ја потресе земјата.“ (Исаија 2:19) {МАР 290.1}

„Оние што биле скриени се распрснале поради човечкото непријателство кон Господовиот закон. Биле угнетувани од сите земни сили. Биле расеани по земните јами и пештери додека траело насилството на нивните противници, затоа што биле верни и послушни на Господовите закони. Но избавувањето на Божјиот народ доаѓа од Бога. На Своите непријатели Бог ќе им се покаже како Бог на правдата и казната. ... {МАР 290.2}

Од земните јами и пештери, од своите тајни и скриени прибежишта, Божјиот народ е повикан да излезе како Негов вистински и верен сведок. {МАР 290.3}

Луѓето што биле смели во својот бунт ќе го исполнат описот во Откровение 6,15-17. Во овие пештери и јами ќе ја сфатат вистината дека писмата и записите сведочат токму против нив. Пастирите што ги воделе овците по лажни патеки ќе ги чујат обвинението упатени против нив: ’Вие ја омаловажувавте светлината на вистината. Ни рековте дека Божјите закони се укинати и дека се ропски јарем. Ни објавувавте лажни учења кога бевме убедени дека овие адвентисти на седмиот ден ја имаат вистината. Крвта на нашите души е на вашите свештенички облеки. ... Па сега, ќе го платите ли откупот за нашите души? ... Што да правиме ние што го слушавме вашето искривено толкување на Светото Писмо и вашето извртување на вистината, која, кога би ја послушале, ќе нѐ спасеше?‘ {МАР 290.4}

Кога Христос ќе дојде да им се одмазди на оние што ги поучувале и подготвувале луѓето да ја газат Божјата сабота, да го отфрлат споменот за Него и со нозете да ја газат храната од Неговите пасишта, плачот ќе биде напразен. Оние што им верувале на лажните пастири можеле да го истражуваат Божјото слово и да откријат дека Бог ќе му суди на секој човек што ја знаел вистината, но се одвратил од светлината затоа што таа барала самооткажување и крст. Карпите и планините не можат да ги заштитат од гневот на Оној што седи на престолот и од гневот на Јагнето.“ (Letter 86, 1900) {МАР 290.5}

10 октомври

Христовата појава при Неговото второ доаѓање

„А нашето жителство е на небесата, од каде што Го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос. Тој ќе го преобрази нашето понизено тело да стане подобно на Неговото славно тело, со силата преку која Тој може да потчинува под Себе сè.“ (Филипјаните 3:20,21) {MAP 291.1}

„Христос се вознел на небото во човечки облик. Учениците виделе облак кој Го прифатил. Оној Исус, Кој некогаш пешачел, разговарал и се молел со нив, Кој го кршел лебот, седел заедно со нив во нивниот чамец на езерото и Кој со нив тој ден напорно се искачувал на Маслиновата гора — тој Исус, сега заминал да го дели престолот на Својот Татко. Ангелите им дале уверување дека токму тој Исус, Кого Го виделе како заминува на небо, повторно ќе дојде на истиот начин како што заминал.“ (Копнежот на вековите, стр. 832) {MAP 291.2}

„Славата на Христовата човечка природа не се гледала додека Тој бил на земјата. ... Сега се појавува во истата човечка природа кога се враќа од небото, облечен во слава, како победник, возвишен.“ (In Heavenly Places, стр. 358) {MAP 291.3}

„Христос ќе дојде во Својата слава, во славата на Својот Отец и во славата на светите ангели. Десет илјади по десет илјади и илјадници илјади ангели, прекрасни, победоносни Божји синови со ненадминлива убавина и слава, ќе Го придружуваат на Неговиот пат. Наместо трнов венец, ќе носи круна на слава — круна во круна. Наместо некогашната пурпурна облека, ќе биде облечен во најбела облека, ’какви што белило на земјата не може да избели‘ (Марко 9,3). На Неговата облека и на бедрото ќе биде напишано името: ’Цар над царевите и Господар над господарите‘ (Откровение 19,16).“ (Our High Calling, стр. 367) {MAP 291.4}

„Сето небо ќе биде испразнето од ангели, додека светиите кои го очекуваа, ќе гледаат во небото кон Него како некогаш луѓето од Галилеја, кога Тој од Маслиновата Гора се вознел на небото. Тогаш само оние коишто се свети, коишто целосно го следеле кроткиот Пример, радосно и одушевено ќе воскликнат гледајќи Го: ’Еве, Тој е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Тој нè спаси!‘ И тие ќе се преобразат ’одеднаш, за еден миг на око, на последната труба‘ која ќе ги разбуди заспаните светии и ќе ги повика да станат од своите постели од земниот прав. Тие излегуваат облечени во славна бесмртност и воскликнуваат: ’Победа! Победа над смртта и гробот!‘“ (Рани списи, стр. 110) {MAP 291.5}

11 октомври

Судот при второто Христово доаѓање

„И така, те заколнувам пред Бога и нашиот Господ Исус Христос, Кој ќе им суди на живите и мртвите, кога ќе дојде Тој и Неговото царство:“ (2 Тимотеј 4:1) {MAP 292.1}

„Сцената на судот ќе се одвива во присуство на сите светови, зашто на овој суд Божјото владеење ќе биде оправдано, а Неговиот закон прогласен за ’свет, праведен и добар‘. Тогаш секој случај ќе биде решен и на секого ќе му биде изречена пресуда. Гревот тогаш нема да биде привлечен, туку ќе се види во сета своја ужасна големина.“ (Sons and Daughters of God, стр. 361) {MAP 292.2}

„Ниеден човечки јазик не може да ги опише сцените на второто доаѓање на Синот Човечки на небесните облаци. Ќе дојде во Својата слава, во славата на Отецот и во славата на светите ангели. Ќе дојде облечен во облеката на светлина што ја носел од вечноста. Ќе Го придружуваат ангели. Десет илјади по десет илјади ќе Го придружуваат на Неговиот пат. Ќе се чуе звукот на труба, повикувајќи ги од гробовите мртвите што спијат. Христовиот глас ќе допре до гробовите и ќе проникне до ушите на мртвите, ’сите, кои се во гробовите, ... ќе излезат‘. {MAP 292.3}

’Ќе се соберат пред Него сите народи.‘ Оној што умрел за човекот треба да му суди во последниот ден, зашто Отецот ’целиот суд Му го предаде на Синот; ... и Му даде власт да суди, зашто Тој е Синот Човечки‘. Каков ден ќе биде тоа за оние што Го отфрлиле Христа и чии гревови Го проболе!“ (Review and Herald, 5. септември 1899.) {MAP 292.4}

„При Неговото второ доаѓање секое срце ќе биде осведочено. Оние што се одвратиле од Него кон безначајните работи на овој свет, барајќи себична добивка и световна чест, во денот на Неговото доаѓање ќе ја признаат својата грешка. За нив зборувал писателот на Откровението: ’И ќе се расплачат пред Него сите племиња на земјата‘. ... {MAP 292.5}

’И оние што Го прободоа.‘ Овие зборови не се однесуваат само на луѓето што Го проболе Христа кога висел на голготскиот крст, туку и на оние што Го прободуваат денес со зли зборови и лоши дела.“ (Signs of the Times, 28. јануари 1903.) {MAP 292.6}

12 октомври

Оние што Го прободоа

„Исус рече: ’Јас сум; и ќе Го видите Синот Човечки како седи од десната страна на Силата и како иде на облаците небески.‘“ (Марко 14:62) {MAP 293.1}

„Додека [еврејските водачи] ја гледаат Неговата слава, пред нив се јавува споменот за Синот Човечки облечен во облеката на човечката природа. Се сеќаваат како постапувале со Него, како Го отфрлиле и застанале на страната на големиот отпадник. Сцените од Христовиот живот се појавуваат пред нив во сета своја јасност. Сè што направил, сè што кажал и понижувањето на кое бил изложен за да ги спаси од заразата на гревот, излегува пред нив за да ги осуди. {MAP 293.2}

Го гледаат како влегува во Ерусалим јавајќи и Го гледаат скршен од душевна болка и солзи за закоравениот град што ја отфрла Неговата вест. Неговиот глас, кој ги повикувал, ги молел и им се обраќал со нежна грижа, како повторно да одекнува во нивните уши. Пред нив се појавува сцената од Гетсиманската градина и ја слушаат Христовата потресна молитва: ’Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша‘. {MAP 293.3}

Повторно го слушаат Пилатовиот глас: ’Јас не најдов во Него ништо што заслужува смрт‘. Ја гледаат понижувачката сцена во судницата, кога Варава стоел покрај Христа, а тие можеле да Го изберат Невиниот. Повторно ги слушаат Пилатовите зборови: ’Кого сакате да ви го пуштам: Варава ли, или Исус, наречен Христос?‘ Го слушаат и одговорот: ’Не Овој, туку Варава.‘ На Пилатовото прашање: ’А што да правам со Исус, наречен Христос?‘, доаѓа одговорот: ’Распни Го!‘ {MAP 293.4}

Повторно ја гледаат својата Жртва како го носи срамот на крстот. Ги слушаат гласните, победнички гласови со подбивните извици: ’Ако си Син Божји, симни се од крстот!‘ ’Други спасуваше, а Сам Себе не може да се спаси!‘ {MAP 293.5}

Сега не Го гледаат во Гетсиманската градина, ниту во судницата, ниту на голготскиот крст. Знаците на Неговото понижување поминале, а тие гледаат во Божјото лице — лицето што го плукале, лицето што свештениците и водачите го удирале со своите дланки. Сега вистината им е откриена во сета своја јасност.“ (Review and Herald, 5. септември 1899.) {MAP 293.6}

13 октомври

Грешниците се убиваат едни со други

„И по сите Мои планини ќе повикам меч против него, вели Господ Бог; мечот на секој човек ќе биде против братот негов.“ (Езекиел 38:21) {МАР 294.1}

„Грешниците се исполнети со жалење, но не поради грешното занемарување на своите должности кон Бога и кон ближните, туку затоа што Бог победил. Плачат поради настанатите последици, но тие не се каат поради своите гревови. Би употребиле секакво средство да победат, само кога би можеле. ... {МАР 294.2}

Проповедниците и народот гледаат дека не одржувале вистинска врска со Бога. Тие согледуваат дека се бунеле против Творецот на сите добри и праведни закони. Отстранувањето на божествените прописи било повод за илјадници зла: раздор, омраза, беззаконие, сè додека земјата не станала една огромна сцена на судири, бездна на расипаност. Тоа е сликата што се појавува сега пред оние што ја отфрлиле вистината и ја избрале лагата. Ниту еден јазик не може да го изрази копнежот што сега го чувствуваат непослушните и неверните за она што го загубиле засекогаш - вечен живот. Луѓето кои светот ги обожувал заради нивните способности и нивната речитост сега го гледаат сето ова во вистинско светло. Сфаќаат што загубиле со престапот, и паѓајќи пред нозете на оние чијашто верност ја презирале и ја исмевале, признаваат дека Бог ги љубел. {МАР 294.3}

Луѓето увидуваат дека биле измамени. Тие се обвинувале еден со друг дека ги довеле до уништување; но сите се соединуваат во најогорчена осуда на проповедниците. Неверните пастири пророкувале само мили работи. Тие ги навеле своите слушатели да го отфрлат Божјиот закон и да ги прогонуваат оние кои го сметале за свет. Сега, во својот очај, овие учители ја признаваат пред светот својата измама. Народот, исполнет со гнев, вика: ’Ние сме загубени, а вие сте причина за нашата пропаст!‘ Тие се свртуваат против своите лажни пастири. Врз оние, на кои некогаш најмногу им се восхитувале, изговараат најстрашни клетви. Рацете што некогаш ги крунисале со почести, ќе се подигнат за да ги уништат. Мечевите со кои требало да се убие Божјиот народ, сега се употребени против неговите непријатели. Насекаде има борби и крвопролевање.“ (Големата борба, стр. 654—656) {МАР 294.4}

14 октомври

Гневот на Јагнето

„И царевите земни, и благородниците, и богатите, и војводите, и силните, и секој роб и слободен се скрија во пештери и горски камењари, велејќи им на планините и на карпите: 'Паднете врз нас и скријте нè од лицето на Оној Кој седи на престолот и од гневот на Јагнето,'" (Откровение 6:15,16) {MAP 295.1}

„Погрдните потсмевања престанаа. Замолкнуваат усните што лажеле. Замолкнува sвекотот на оружјето, борбениот вик; 'секоја војничка обувка во време на војна и облека, извалкана од крв, ќе бидат предадени на изгорување, за храна на огнот' (Исаија 9:4). Сега не се слуша ништо, освен гласот на молитвата и звукот на плачење и тажење. Од усните на оние кои пред малку се подбиваа им се испушта извикот: 'Дојде големиот ден на Неговиот гнев и кој може да опстане?' Грешниците повеќе сакаат да паднат врз нив горските карпи отколку да се сретнат лице в лице со Оној што го презреле и отфрлиле. {MAP 295.2}

Тие го познаваат тој глас кој продира до ушите на мртвите. Колку често со Својот тажен, нежен глас ги повикувал на покајание. Колку често го слушнале гласот на Спасителот во трогателните молби на пријателот и братот! За оние што ја отфрлиле Неговата милост, ниту еден друг глас не може да биде толку полн со осуда и толку тежок во пресудата, како оној кој толку долго ги преколнувал: 'Вратете се, вратете се од вашите лоши патишта; зошто да умирате' (Езекиел 33:11). О, кога тоа за нив би бил глас на туѓинец! Исус кажува: 'Јас викав, а вие не послушавте; ја протегав својата рака, но никој не ја забележа; вие ги отфрливте моите совети, не внимававте кога ве изобличував' (Изреки 1:24,25). Овој глас ги буди сеќавањата кои тие сега со задоволство би сакале да ги избришат - презрените опомени, одбиените повици и занемарените предности. {MAP 295.3}

Тука се оние кои му се подбивале на Христа во Неговото понижување. Со неодолива сила на ум им доаѓаат зборовите на Мачениkот, кога на заколнувањето на Првосвештеникот свечено изјавил: 'Отсега ќе Го гледате Синот Човечки како седи оддесно на Силата и како доаѓа на небесните облаци' (Матеј 26:64). Сега Го гледаат во Неговата слава, и допрва ќе Го видат 'како седи од десната страна на Силата' (Марко 14:62). ... Во животот на сите оние кои ја отфрлаат вистината, постојат моменти кога совеста се буди, кога сеќавањето ги изнесува на виделина мачните спомени за лицемерниот живот, а душата ја мачи залудно каење. Но, што е сето тоа во споредба со грижата на совеста во оној ден кога 'ќе ве нападне ужас како бура, и зло како виор ќе мине над вас, кога ќе ве снајде неволја и мака' (Изреки 1:27). Оние што решиле да го убијат Христа и Неговиот верен народ, сега ја гледаат славата што ги опкружува." (Големата борба, стр. 642,644) {MAP 295.4}

15 октомври

Бог се вмешува во Армагедон

„Писок ќе одекнува по сите краишта земни, бидејќи Господ им суди на сите народи: Тој ќе му суди на секое тело, а нечесните ќе ги предаде на меч, вели Господ.“ (Еремија 25:31) {MAP 296.1}

„Шест илјади години трае големата борба. Божјиот Син и Неговите небесни гласници биле во судир со силите на злото за да ги предупредат, да ги просветлат и да ги спасат синовите човечки. Сега секој ја донел својата одлука; грешниците потполно се соединиле со сатаната во неговата борба против Бога. Настапило време Бог да го одбрани авторитетот на Својот погазен закон. Сега не се води борба само со сатаната, туку и со луѓето. ’Господ им суди на сите народи‘, ’нечесните ќе ги предаде на меч‘. {MAP 296.2}

Знак на ослободување е поставен врз оние ’што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите што се вршат‘. Ангелот на смртта оди напред, прикажан во видението на Езекиел како луѓе со смртно оружје во раката, на кого му е заповедано: ’старец, момче и девојка, дете и жена, бијте ги до смрт, но не гибајте ни еден од луѓето кои имаат знак, а почнете од моето светилиште‘. Пророкот вели: ’И тие почнаа од старешините што стоеја пред домот‘ (Езекиел 9:1-6). Уништувањето започнува од оние што тврделе дека се духовни чувари на народот. Лажните стражари се првите кои паѓаат. Ангелот на смртта нема никого да сожали или да го поштеди. Мажи, жени, девојки и деца - сите ќе загинат. {MAP 296.3}

’Зашто, ете, Господ излегува од Своето живеалиште да ги казни жителите земни за нивното беззаконие, и земјата ќе ја открие голтнатата од неа крв и повеќе нема да ги крие своите убиени‘ (Исаија 26:21). ... Во таа ужасна борба на сопствените жестоки страсти и од страшното излевање на Божјиот непомешан гнев, паѓаат грешните жители на Земјата - свештеници, владетели и народ, богати и сиромаси, големи и мали. ’А во оној ден ќе има погубени од Господ од едниот крај на земјата до другиот; тие нема да бидат оплакани, ниту прибрани, ниту погребани‘ (Еремија 25:33).“ (Големата борба, стр. 656,657) {MAP 296.4}

16 октомври

Природата на последната битка

„Господ ја отвори ризницата Своја и оттаму го зеде оружјето на гневот Свој, зашто тоа е дело на Господ Седржителот во земјата халдејска.“ (Еремија 50:25) {MAP 297.1}

„Бог по своја волја ги повикува сите сили на природата да ја поразат и да ја уништат моќта на неговите непријатели: ’огнот и градот, снегот и мразот, и ти, бурен ветру, кој го исполнуваш словото Негово‘ (Псалм 148:8). Кога незнабожечките Аморејци се подигнале да ги спречат Божјите намери, Тој интервенирал, фрлајќи озгора ’големи камења‘ врз непријателите на Израел. За големата битка што ќе се одигра во последните сцени на светската историја, пророкот кажува: ’Господ ја отвори ризницата Своја и оттаму го зеде оружјето на гневот Свој‘ (Еремија 50:25). ’Си влегувал ли ти во местата на снегот и си ги видел ли сокровиштата на градот, што Јас ги чувам за смутно време, за денот на битка и војна?‘ (Јов 38:22,23). {MAP 297.2}

Опишувајќи го уништувањето што ќе следи кога ќе одекне ’силен глас кој извика: ‘Се сврши’‘, писателот на Откровението кажува: ’И град, голем како талант, падна од небото на луѓето‘ (Откровение 16:17,21).“ (Патријарси и пророци, стр. 509) {MAP 297.3}

„Во последните сцени од историјата на оваа земја ќе беснее војна.“ (Review and Herald, 19. октомври 1897.) {MAP 297.4}

„Силите на злото нема да се откажат без борба. Но Провидението има своја улога во армагедонската битка.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 983) {MAP 297.5}

„Заповедникот на Господовата војска ќе стои на чело на небесните ангели за да раководи со битката.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 982) {MAP 297.6}

„Оној на чија облека е напишано името Цар над царевите и Господар над господарите ги води небесните војски на бели коњи. Тие се облечени во ленени облеки, чисти и бели.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 982) {MAP 297.7}

„Кога повторно ќе дојде на Земјата, Тој ќе ја потресе ’не само Земјата, туку и небото‘. ’Земјата се ниша како пијана и се лула како лулка‘. ’небото ќе се свитка како книжен свиток‘; ’стихиите ќе пламнат и ќе се разрушат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори‘. Но, ’Господ ќе му биде заштита на Својот народ и одбрана за синовите Израелови‘. (Евреите 12:26; Исаија 24:20; 34:4; 2 Петрово 3:10; Јоил 4:16)“ (Копнежот на вековите, стр. 780) {MAP 297.8}

17 октомври

Бидете подготвени

„Затоа и вие треба да бидете подготвени, зашто Синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате.“ (Матеј 24:44) {МАР 298.1}

„Кога Христос денес би се појавил на небесните облаци, кој ... би бил подготвен да Го сретне? Да претпоставиме дека ќе бидеме пренесени во небесното царство такви какви што сме. Би биле ли подготвени да им се придружиме на Божјите светии, да живееме во согласност со царското семејство, со децата на небесниот Цар? Како сте се подготвиле за судот? Сте се помириле ли со Бога? ... Се трудите ли да им помогнете на оние околу вас, на оние во вашиот дом, во вашето соседство, на оние со кои доаѓате во допир, а кои не ги пазат Божјите заповеди? ... Запомнете дека исповедањето е безвредно без спроведување во секојдневниот живот. Бог знае дали навистина го пазиме Неговиот закон. Знае што правиме, што мислиме и што зборуваме. Подготвени ли сме да Го сретнеме Царот? Кога ќе дојде на небесните облаци со сила и голема слава, ќе можете ли да речете: ’Еве, Тој е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Тој нè спаси!‘ (Исаија 25,9) На оние што ќе можат да го кажат тоа, Христос ќе им рече: ’Дојдете. На оваа земја Ме љубевте. Сакавте да ја извршувате Мојата волја. Сега можете да влезете во светиот град и да го примите венецот на вечниот живот‘. {МАР 298.2}

Кога би било можно да бидеме примени на небото такви какви што сме, колкумина од нас би можеле да погледнат во Бога? Колкумина ја имаат свадбената облека? Колкумина се без дамка и брчка или каков било недостаток? ... {МАР 298.3}

Ова е времето на нашето чистење и обликување — времето кога треба да ги очистиме облеките на својот карактер во крвта на Јагнето. Јован вели: ’Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!‘ (Јован 1,29) ... Зар нема да се ослободиме од своите гревови? ... {МАР 298.4}

Ве преколнувам, браќа и сестри, сериозно да работите за да го добиете венецот на вечниот живот. За оваа награда вреди да се бориме, вреди да вложиме напор. ... Во трката во која трчаме секој може да ја добие наградата — венецот на вечниот живот. Јас го посакувам овој венец. Решен сум со Божја помош да го добијам. Имам намера цврсто да се држам за вистината за да можам да Го видам Царот во Неговата убавина.“ (In Heavenly Places, стр. 356) {МАР 298.5}

18 октомври

Општото воскресение на праведните

„Твоите мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат! Разбудете се и ликувајте вие, соборените во прав; зашто Твојата роса е роса на светлина, и земјата ќе ги даде мртовците.“ (Исаија 26:19) {MAP 299.1}

„Царот над царевите слегува на облак, опкружен со огнен пламен. Небесата се виткаат како свиток, земјата се тресе пред Него, а сите гори и острови се поместуваат од своите места. ... {MAP 299.2}

Среде лулањето на земјата, блесокот на молњите и татнежот на громовите, гласот на Божјиот Син ги повикува светите што спијат. Тој гледа кон гробовите на праведниците и тогаш, подигајќи ги рацете кон небото, извикнува: ’Разбудете се, разбудете се, разбудете се, вие, што спиете во правот и станете!‘ По целата должина и ширина на земјата, мртвите ќе го слушнат овој глас и, оние што ќе го чујат, ќе оживеат. Целата земја одзвонува од чекорите на огромното мноштво од секоја нација, колено, јазик и народ. Тие доаѓаат од темнината на смртта, облечени во бесмртна слава, извикувајќи: ’О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?‘ (1. Коринтјаните 15:55). А живите праведници и воскреснатите свети ги соединуваат своите гласови во долг и радосен извик на победа. {MAP 299.3}

Сите излегуваат од своите гробови со иста висина како кога биле закопани.... Но, сите стануваат со свежина и сила на вечна младост.... Смртното, распадливо тело, лишено од убавината, некогаш опогането со грев, станува совршено, убаво и бесмртно. Сите недостатоци и деформитети се оставени во гробот.... {MAP 299.4}

Живите праведници ’одеднаш, за еден миг на око‘ (1. Коринтјаните 15:52), се изменуваат. На Божјиот глас тие се прославени; сега стануваат бесмртни и со воскреснатите свети се земени за да се сретнат со својот Господ во воздухот. Ангелите ги собираат ’Своите избрани од четирите ветра, од крајот на земјата до крајот на небото‘ (Марко 13:27).“ (Големата борба, стр. 641,644,645) {MAP 299.5}

„И додека малите деца стануваат во бесмртност од своите постели во правот, веднаш го наоѓаат патот до раширените раце на своите мајки.“ (Selected Messages, книга 2, стр. 260) {MAP 299.6}

„Пријателите, кои толку долго смртта ги разделувала, пак се среќаваат за никогаш повеќе да не се разделат и со песни на радост се искачуваат заедно во Божјиот град.“ (Големата борба, стр. 645) {MAP 299.7}

19 октомври

Победата на светиите што заспале во Господа

„Не чудете се на ова, зашто иде часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување.“ (Јован 5:28,29) {MAP 300.1}

„Дарителот на животот ќе ги повика Своите откупени при првото воскресение, а до тој победнички миг, кога ќе одекне последната труба и големата војска ќе тргне кон вечната победа, сите светии што спијат во гробот ќе бидат безбедни и чувани како бесценети скапоцености што Бог ги познава по име. Со силата на Спасителот што престојувала во нив додека биле живи и затоа што биле учесници во божествената природа, тие се подигнати од мртвите.“ (Sons and Daughters of God, стр. 359) {MAP 300.2}

„’Иде часот‘, рекол Христос, ’кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји, и ќе излезат‘. Тој глас повторно треба да одекне низ сите гробови, и сите светии што спијат во Исуса ќе се разбудат и ќе излезат од своите темници. Тогаш доблестите на карактерот што сме ги примиле од Христовата праведност ќе нè соединат со вистинската големина од највисок ред.“ (Sons and Daughters of God, стр. 359) {MAP 300.3}

„Во утрото на воскресението победата на светиите што спијат ќе биде величествена. ... Дарителот на животот ќе ги круниса со бесмртност сите што ќе излезат од гробовите.“ (Sons and Daughters of God, стр. 359) {MAP 300.4}

„Таму стои војската на воскреснатите. Нивната последна мисла била за смртта и болката што таа ја носи. Последните мисли им биле за гробот и погребот, но сега извикуваат: ’О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?‘ ... Стојат и го примаат последниот допир на бесмртноста, а потоа заминуваат во пресрет на Господа во воздухот. ... Од двете страни ги опкружуваат редови ангели ... тогаш ангелскиот хор ја започнува победничката химна; ангелите поделени во два реда ја прифаќаат песната, а им се придружува и откупеното мноштво, како да ја пееле таа песна на земјата, како што навистина и ја пееле. О, каква музика! Нема нескладни тонови. Сите гласови извикуваат: ’Достојно е закланото Јагне‘. Христос го гледа трудот на Својата душа и е задоволен.“ (Sons and Daughters of God, стр. 359) {MAP 300.5}

20 октомври

Тајните на воскресението

„Но јас знам: Заштитникот мој е жив; Тој го има последниот збор на оваа земја. И кога ќе се распадне кожата моја, во телото мое ќе Го видам Бога. Јас сам ќе Го видам; моите очи, не очите на друг, ќе Го видат Него. Срцето ми се топи во градите мои!“ (Јов 19:25,26,27) {МАР 301.1}

„При воскресението ќе биде зачуван нашиот личен идентитет, иако не истите честички на материјата или материјалната супстанција што била положена во гробот. Чудесните Божји дела се тајна за човекот. Духот, човечкиот карактер, се враќа кај Бога за Тој да го зачува. При воскресението секој поединец ќе го има својот сопствен карактер. Бог во Свое време ќе ги подигне умрените, повторно ќе им вдахне животен здив и ќе ги оживее сувите коски. Воскреснатите ќе станат од гробот во истиот облик, но без болести и недостатоци. Повторно живеат, носејќи ја истата индивидуалност во цртите на лицето, така што пријателот ќе го препознае пријателот. Во природата нема Божји закони што покажуваат дека Бог ги враќа истите, идентични честички на материјата што го сочинувала телото пред смртта. На воскреснатите праведници Бог ќе им даде тело според Неговата волја. {МАР 301.2}

Павле го илустрира ова со сеењето семе во земјата. Посеаното зрно изгнива, но од земјата излегува ново зрно. Никогаш не се појавува истата материја на зрното што изгнило во природата, но Бог му дава тело какво што сака. Човечкото тело ќе биде составено од многу посовршена материја, зашто тоа ќе биде ново создавање, ново раѓање. ’Се сее тело душевно – воскреснува тело духовно‘.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1093) {МАР 301.3}

„Верникот може да умре како што умрел и Христос, но во него е животот на Спасителот. Неговиот живот е скриен со Христа во Бога. ’Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие.‘ Тој ги води верниците низ голем процес во кој стануваат едно со Него во овој сегашен живот, за да бидат едно со Него низ целата вечност. ... {МАР 301.4}

Во последниот ден Тој ќе ги воскресне како дел од Себеси. ... Христос станал едно со нас за ние да можеме да станеме едно со Него во божеството.“ (Review and Herald, 18. јуни 1901.) {МАР 301.5}

21 октомври

Вечниот живот почнува сега

„А сведоштвото е тоа дека Бог ни дарувал живот вечен; и тој живот е во Неговиот Син.“ (1 Јованово 5:11) {МАР 302.1}

„Исусовото воскресение било слика на конечното воскресение на сите што спијат во Него.“ (Signs of the Times, 26. септември 1878.) {МАР 302.2}

„Христијанинот може да умре, но Христовиот живот е во него и при воскресението на праведните ќе стане во нов живот.“ (Review and Herald, 1. октомври 1901.) {МАР 302.3}

„’Во Него [Словото] беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето.‘ Овде не е нагласен физичкиот живот, туку бесмртноста, животот што е исклучиво Божја сопственост. Словото што било кај Бога и што било Бог го имало овој живот. Телесниот живот е нешто што секој поединец го прима. Тој не е вечен или бесмртен, зашто Бог, Дарителот на животот, повторно го зема. Човекот нема власт над својот живот. Но Христовиот живот не бил позајмен. Никој не може да Му го одземе животот. ’Јас Сам од Себе го давам‘, рекол Тој. Во Него бил животот — изворен, непозајмен, непримен од друг. Овој живот не му е својствен на човекот. Може да го поседува само преку Христа.“ (Signs of the Times, 8. април 1897.) {МАР 302.4}

„Додека ја носел човечката природа, Христовиот живот зависел од Семожниот. Во Својата човечка природа се држел за божеството, а во тоа секој член на човечкото семејство има иста предност. ... {МАР 302.5}

Ако се покаеме за своите гревови и Го примиме Христа како Животодавец ... стануваме едно со Него и нашата волја се усогласува со божествената волја. Стануваме учесници во Христовиот живот, кој е вечен. Бесмртноста ја добиваме од Бога примајќи го Христовиот живот, зашто во Христа живее сета полнота на Божеството. Овој живот е таинствена заедница и соработка на божественото со човечкото.“ (Signs of the Times, 17. јуни 1897.) {МАР 302.6}

„Христос станал едно во телото со нас, за и ние да станеме едно во духот со Него. Благодарение на тоа единство, ние ќе излеземе од гробот, не само затоа што тоа ќе биде манифестирање на Христовата сила, туку и затоа што преку вера, Неговиот живот ќе стане наш живот. Вечен живот имаат оние, кои го гледаат Христа во Неговиот вистински карактер и кои го примаат во своето срце. Христос престојува во нас преку Духот, а Духот Божји, примен во срцето преку вера, претставува почеток на вечниот живот.“ (Копнежот на вековите, стр. 388) {МАР 302.7}

22 октомври

Ќе се препознаеме едни со други

„Сега гледаме како низ огледало, нејасно, а тогаш – лице в лице; сега спознавам делумно, а тогаш ќе спознаам совршено како што и сум спознаен.“ (1 Коринтјаните 13:12) {МАР 303.1}

„Ние ќе ги знаеме своите пријатели, како што учениците Го познавале Исуса. Во овој живот подложен на смрт, тие можеби биле изобличени, болни или унакажени, но ќе воскреснат совршено здрави и складни. Меѓутоа, и во тоа совршено тело, целосно ќе ја задржат својата личност. ... Во ликовите кои ќе зрачат со светлина од Исусовото лице, ќе ги препознаеме цртите на оние што ги сакаме.“ (Копнежот на вековите, стр. 804) {МАР 303.2}

„Искупените ќе ги сретнат и препознаат оние што нивното внимание им го насочиле кон Спасителот. Каков ли разговор ќе водат со тие души! ’Бев грешник‘, ќе рече еден, ’без Бога и без никаква надеж во светот, а ти дојде и ми го насочи вниманието на Спасителот, како на моја единствена надеж. ...‘ Другиот ќе вели: ’Јас бев незнабожец. Ти ги напушти своите и удобноста на својот дом, и дојде да ме научиш како да Го најдам Христа и да поверувам во Него. Ги уништив своите идоли, и одлучив да Му служам на вистинскиот Бог, а сега Го гледам лице в лице. Спасен сум, спасен за вечноста, засекогаш да Го гледам Оној што Го љубам. ...‘ Други ќе им изразат благодарност на оние што ги нахраниле гладните и ги облекле голите. {МАР 303.3}

Други, својата благодарност ќе ја изразуваат со зборовите: ’Кога очајот ја опкова мојата душа со неверие, самиот Бог те прати да ми кажеш зборови на утеха и надеж. Носејќи ми храна за да ми ги задоволиш моите телесни потреби, ми го отвори Светото Писмо, укажувајќи ми и на моите духовни потреби. Ме прифати како брат. Сочувствуваше со мене во моите страдања, и го поврати животот на мојата скршена и ранета душа, така што можев цврсто да се фатам за Христовата рака, која беше испружена за да ме спаси. Стрпливо во моето незнаење ме учеше дека на небото имам Татко Кој и за мене се грижи. Ми читаше драгоцени ветувања од Божјото слово. Ја разбуди во мене верата дека Бог и мене сака да ме спаси. ... Сега сум овде, спасен сум, засекогаш спасен во присуството на Оној Којшто го дал животот заради мене‘. {МАР 303.4}

Каква радост ќе доживеат тие спасени кога ќе се сретнат и ќе се поздрават со оние кои се залагале за нив! А со какво задоволство ќе заиграат срцата на оние кои живееле, не да си угодуваат себеси, туку да бидат благослов за оние коишто во овој живот имале толку малку радост!“ (Мојот живот денес, стр. 353) {МАР 303.5}

23 октомври

Блажената надеж

„Да чекаме да се исполни блажената надеж и да се јави славата на великиот Бог и Спасител, нашиот Исус Христос,“ (Тит 2:13) {МАР 304.1}

„Исус рекол дека ќе замине и ќе подготви станови за нас, за и ние да бидеме таму каде што е Тој. Засекогаш ќе живееме и ќе уживаме во светлината на Неговото драгоцено лице. Моето срце потскокнува од радост поради блажената надеж. Речиси сме дома. Небото, милото небо! Тоа е нашиот вечен дом. Среќна сум секој миг што Исус живее; и затоа што Тој живее, и ние ќе живееме. Мојата душа вели: Славете Го Господа. Во Исуса е полнотата, поткрепа за секого, за сите; тогаш зошто да умираме за леб или да гладуваме во туѓи земји? {МАР 304.2}

Гладна сум и жедна за спасение, за целосна согласност со Божјата волја. Имаме вистинска надеж во Исуса. Таа е сигурна и непоколеблива и ’влегува дури зад завесата‘. Нè теши во болката, ни дава радост во стравот, ја растерува темнината околу нас и прави низ неа да ги гледаме бесмртноста и вечниот живот. ... Земните богатства не нè привлекуваат додека ја имаме оваа надеж, која јасно ја покажува минливоста на земното богатство и се држи за бесмртното наследство, богатството што е трајно, чисто, вистинско и неминливо. ... {МАР 304.3}

Нашите смртни тела може да умрат и да бидат положени во гробот. Сепак блажената надеж и понатаму живее до воскресението, кога Исусовиот глас ќе ги повика оние што спијат во правот. Тогаш ќе се радуваме во полнотата на блажената и славна надеж. Знаеме во Кого сме поверувале. Не трчаме напразно, ниту работиме напразно. Пред нас е богата, славна награда. Тоа е наградата за која трчаме, и ако храбро истраеме, сигурно ќе ја добиеме. ... {МАР 304.4}

Ни е понудено спасение; зошто да останеме далеку од изворот? Зошто да не дојдеме и да пиеме, за нашите души да се освежат, да се закрепнат и да се зајакнат во Бога? Зошто толку се врзуваме за земните работи? Да зборуваме и размислуваме за она што има поголема вредност од земното. Нашите мисли нека се движат во небесните предели. О, да размислуваме за прекрасниот, беспрекорен Исусов карактер, зашто гледајќи Го, ќе се преобразуваме во истиот лик! Бидете храбри. Имајте вера во Бога.“ (In Heavenly Places, стр. 352) {МАР 304.5}

24 октомври

Вознесување на праведните на небото

„Бидејќи Сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господ.“ (1 Солунјаните 4:16,17) {MAP 305.1}

„Потоа се покажува голем бел облак. Изгледаше поубав од кога и да е претходно. На него седеше Синот човечки. Не го запазуваме веднаш Исуса, но како облакот се приближува кон земјата, сè појасно го гледаме Неговиот драг лик. ... Гласот на Божјиот Син ги повикува заспаните светии, кои се појавуваат облечени во бесмртна слава. Живите светии беа преобразени во еден момент и заедно со нив беа земени во кола сочинета од облак, која издигнувајќи се кон небото изгледаше многу величествено. На секоја страна од колата имаше крилја, а одоздола тркала. Тркалата при искачувањето извикуваа: ’Свет,‘ додека крилјата во движење извикуваа: ’Свет‘. Светите ангели придружници кои го опкружуваат облакот извикуваа: ’Свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот‘. А спасените на облакот воскликнуваат: ’Слава! Алелуја!‘“ (Рани списи, стр. 35) {MAP 305.2}

„Сите заедно на облакот се вознесувавме седум дена до Стакленото море каде што Исус ги донесе круните и со сопствената десница ги постави врз главата на секого од нас. Исто така ни даде и златни харфи и палми на победа, тука, на стакленото море 144.000 стојат во совршен четириаголник. Некои имаа многу блескави круни, а други не толку сјајни. Некои имаа круни полни со ѕвезди, додека некои имаа само неколку. Сите беа целосно задоволни со своите круни. И сите од глава до пети беа облечени во славни бели облеки. Ангелите беа насекаде околу нас додека преку Стакленото море чекоревме кон вратите на Градот. Исус ја подигна Својата моќна, славна рака, се фати за бисерните порти и ги отвори наназад на нивните блескави шарки велејќи ни: ’Вие ги оправте своите облеки во Мојата крв и цврсто стоевте заради Мојата вистина; влезете внатре‘. И сите влеговме внатре чувствувајќи дека имаме целосно право на Градот.“ (Рани списи, стр. 16,17) {MAP 305.3}

„Глас помилозвучен од секоја музика што смртното уво некогаш ја чуло тогаш ќе рече: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘.“ (Counsels on Stewardship, стр. 350) {MAP 305.4}

25 октомври

Опустошената земја

„Ја гледам земјата – и ете, таа е разорена и пуста, – небесата, и нема на нив светлина. Ги гледам горите – и ете, тие треперат, и сите ридови се нишаат. Гледам – и ете, нема човек и сите небески птици одлетале.“ (Еремија 4:23,24,25) {МАР 306.1}

„При Христовото доаѓање грешниците ќе бидат избришани од лицето на целата земја - убиени со духот на Неговата уста и уништени со светлината на Неговата слава. Христос Својот народ ќе го поведе во Божјиот град и земјата ќе остане без своите жители. ’Ете, Господ ја опустошува земјата и ја прави неплодна; ја изобличува и ги распрснува оние што живеат на неа‘. ’Земјата ќе опустоши до крај и целата ќе биде ограбена, зашто Господ го изрече тоа слово‘. ’И земјата е осквернета под жителите свои, зашто тие ги прекршија законите, го изменија уставот, го нарушија вечниот завет. Затоа проклетство ја јаде земјата, а жителите нејзини трпат казна; затоа се намалени жителите земни, малку луѓе останаа‘ (Исаија 24:1,3,5,6). {МАР 306.2}

Цела земја се претвора во ненаселена пустина. На површината на земјата лежат расфрлени урнатини од градовите и селата разурнати од земјотреси, искорнати дрвја, карпи исфрлени од морето или одронети од планините, додека огромни бездни ги обележуваат местата каде што стоеле планините. {МАР 306.3}

И сега се одвива настанот кој симболично бил претставен со последната свечена служба на Денот на помирувањето. Откако била завршена службата во светињата над светињите, а гревовите на Израел отстранети од неа со крвта на жртвата за грев, тогаш бил доведен јарецот жив пред Господа, и во присуство на народот, првосвештеникот ги исповедал над него ’сите беззаконија на синовите израилски, и сите нивни престапи, и сите нивни гревови‘ (Левит 16:21), и ги пренел врз главата на јарецот. Исто така, кога ќе заврши делото на помирување во небесното Светилиште, во присуство на Бога, на светите ангели и на мноштвото откупени, гревовите на Божјиот народ ќе бидат пренесени врз сатаната. Тој ќе биде прогласен за виновен за сите зла кои ги навел да ги изврши.“ (Големата борба, стр. 657) {МАР 306.4}

26 октомври

Сатаната е врзан

„Потоа видов како од небото слегуваше ангел кој го имаше клучот од бездната и голема верига во раката своја: го фати змевот, древната змија, која е ѓаволот и сатаната – и го врза за илјада години;“ (Откровение 20:1,2) {МАР 307.1}

„Писателот на Откровението претскажувајќи го прогонството на сатаната како и состојбата на хаос и пустош во која ќе се наоѓа земјата, кажува дека оваа состојба ќе трае илјада години. По опишувањето на сцените на второто Христово доаѓање и уништувањето на грешниците, пророштвото продолжува: ’Потоа видов како од небото слегуваше ангел кој го имаше клучот од бездната и голема верига во раката своја: го фати змевот, древната змија, која е ѓаволот и сатаната - и го врза за илјада години; потоа го фрли во бездната и го заклучи, ставајќи печат врз него за да не ги лаже веќе народите до завршувањето на илјада години; по ова време тој треба да биде пуштен за малку време‘ (Откровение 20:1-3). {МАР 307.2}

Дека изразот ’бездна‘ ја означува земјата во состојба на безредие и мрак, потврдуваат и други стихови во Светото Писмо. Во врска со состојбата на Земјата ’во почетокот‘, библискиот извештај кажува дека таа ’беше неоформена и пуста; имаше темнина над бездната‘ (Создавање 1:2). Пророштвото најавува дека земјата, барем делумно, ќе се врати во таква состојба. Гледајќи го во визија големиот Божји ден, пророкот Еремија кажува: ’Ја гледам земјата - и ете, таа е разорена и пуста, - небесата, и нема на нив светлина. Ги гледам горите - и ете, тие треперат, и сите ридови се нишаат. Гледам - и ете, нема човек и сите небески птици одлетале. Гледам - и ете, плодното поле е пустина, и сите негови градови се сосипани од лицето Господово, од јароста на гневот Негов‘ (Еремија 4:23-26). {МАР 307.3}

Тука ќе престојуваат сатаната и неговите зли ангели илјада години. Ограничен само на Земјата, тој ќе нема пристап до другите светови да ги искушава и да ги вознемирува оние што никогаш не згрешиле. Во оваа смисла тој е врзан; нема повеќе над кого да ја покажува својата моќ. Тој е целосно отсечен од делото на измама и пропаст, што со векови било негово единствено задоволство.“ (Големата борба, стр. 658,659) {МАР 307.4}

27 октомври

Семејствата повторно ќе бидат заедно

„Така вели Господ: задржете го гласот свој од плачење и очите свои – од солзи, зашто за трудот твој има награда, вели Господ, и тие ќе се вратат од непријателската земја. И надеж има за твојата иднина, вели Господ, и твоите синови ќе се вратат во пределите свои.“ (Еремија 31:16,17) {MAP 308.1}

„Христос ќе дојде на облаците и со голема слава. Околу Него ќе се наоѓаат многубројни блескави ангели. Тој ќе дојде да ги подигне мртвите, а живите светии да ги промени од слава во слава. Ќе дојде да им укаже почест на оние кои Го љубеле и ги држеле Неговите заповеди и да ги земе кај Себе. Тој не заборавил на нив ниту на Своето ветување. Семејниот синџир повторно ќе ги поврзе.“ (Копнежот на вековите, стр. 632) {MAP 308.2}

„Божјиот ден ќе открие колку светот им должи на побожните мајки. ... {MAP 308.3}

Кога судот ќе заседава и книгите ќе се отворат, кога големиот Судија ќе ги изговори зборовите ’Убаво‘ и круните на бесмртната слава ќе бидат ставени на челата на победниците, мнозина ќе ги подигнат своите круни пред собраните жители на вселената и, покажувајќи кон своите мајки, ќе речат: ’Таа, со Божјата благодат, ме направи она што сум. Нејзините поуки, нејзините молитви беа благослов за моето вечно спасение.‘“ (Signs of the Times, 11. октомври 1910.) {MAP 308.4}

„Родителите со неискажлива радост ги гледаат круните, облеките и харфите што им се дадени на нивните деца. Деновите на надеж и страв завршија. Можеби изгледало дека напразно го сееле семето со солзи и молитви, но на крајот со радост го пожнеале родот. Нивните деца се откупени.“ (Signs of the Times, 1. јули 1886.) {MAP 308.5}

„Прекрасно избавување! Колку долго зборувавме за него, долго му се надевавме, размислувавме за него со нестрпливо очекување, а сепак никогаш не го разбравме целосно!“ (Големата борба, стр. 645) {MAP 308.6}

„На своите верни следбеници Христос им бил секојдневен другар и близок пријател. Тие живееле во тесна врска, во постојана заедница со Бога. Врз нив навистина се покажала Господовата слава. Врз нив се одразувала светлината на познавањето на Божјата слава во лицето на Исуса Христа. А сега се радуваат за блескотните зраци и за славата и величеството на Царот над царевите. Тие се подготвени за заедница со Небото, зашто Небото веќе живее во нивните срца.“ (Христовите параболи, стр. 421) {MAP 308.7}

28 октомври

За верните се подготвуваат круни

„Добро се борев, патот го завршив, верата ја запазив. Понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото појавување.“ (2 Тимотеј 4:7,8) {MAP 309.1}

„Кога Господ ќе ги собере Своите скапоцености, со задоволство ќе гледа на верните, искрените и чесните. Ангелите се задолжени да направат круни за таквите и од тие круни украсени со ѕвезди ќе отсјајува величествената светлина која блеска од Божјиот престол.“ (5. Сведоштво, стр. 96) {MAP 309.2}

„Зборувајте за небесните работи. Зборувајте за Исус, за Неговата убавина и слава, за Неговата бесмртна љубов кон вас, и вашето срце нека се исполни со љубов и благодарност кон Оној што умре за да ве спаси. О, бидете подготвени да се сретнете со својот Господ во мир. Оние што се подготвени наскоро ќе ја примат круната на животот, која не го губи својот сјај, и засекогаш ќе живеат во Божјото царство со Христос, со ангелите и со оние што се откупени со скапоцената Христова крв.“ (Sons and Daughters of God, стр. 362) {MAP 309.3}

„Круната на славата ... е подготвена за нас, кои го очекуваме, се радуваме и копнееме по доаѓањето на Спасителот. {MAP 309.4}

Оние што чекаат треба да бидат крунисани со слава, чест и бесмртност. Не треба да зборувате ... за почестите на светот или за славата на великаните. Сето тоа е само суета. Кога наскоро ќе ги допре Божјиот прст, повторно ќе се вратат во прав. Посакувам чест што е трајна, чест што е бесмртна, чест што никогаш нема да пропадне; круна што е побогата од која било друга што некогаш го украсувала челото на некој владетел.“ (Review and Herald, 17. август 1869.) {MAP 309.5}

„Во тој ден откупените ќе светат во славата на Отецот и на Неговиот Син. Небесните ангели, свирејќи на своите златни харфи, ќе Му посакаат добредојде на Царот и на трофеите на Неговата победа — оние што се измиле и обелиле во крвта на Јагнето. Ќе одекнува победничка песна, исполнувајќи го небото. Христос победил. Тој влегува во небесните дворови придружуван од Своите откупени, сведоци дека Неговата мисија на страдање и жртвување не била напразна.“ (Sons and Daughters of God, стр. 362) {MAP 309.6}

29 октомври

Секое Божјо дете добива круна

„Блажен е оној човек кој издржува искушение, бидејќи откако ќе биде проверен, ќе добие венец на животот, што Господ им го ветил на оние кои Го сакаат.“ (Јаков 1:12) {MAP 310.1}

„Видов голем број ангели како носат од градот славни круни — круна за секој светец, со неговото име напишано на неа. Кога Исус ги побара круните, ангелите Му ги подадоа и Тој со Својата десна рака ги ставаше на челата на светиите. Исто така ангелите донесоа харфи, а Исус им ги даде на светиите. Ангелите заповедници први почнаа да свират, а потоа сите гласови се издигнаа во благодарна, радосна пофалба, и секоја рака вешто ги допираше жиците на харфата, создавајќи милозвучна музика во богата и совршена хармонија. ... {MAP 310.2}

Во градот сè беше такво што очите не можеа да се одвојат од глетката. Насекаде се гледаше раскошна слава. Тогаш Исус погледна кон Своите откупени светии. Нивните лица блескаа од слава. Кога ги насочи Своите очи полни со љубов кон нив, рече со богат, милозвучен глас: ’Го гледам трудот на Својата душа и задоволен сум. Оваа величествена слава е ваша, за вечно да уживате во неа. На вашите таги им дојде крај. Смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе.‘ ... {MAP 310.3}

Потоа го видов Исус како го води Својот народ до дрвото на животот. ... На дрвото на животот растеа најубави плодови, од кои светиите можеа слободно да јадат. Во градот беше поставен најславниот престол, од кој течеше чиста река со вода на животот, бистра како кристал. Од двете страни на таа река беше дрвото на животот, а на речните брегови имаше и други прекрасни дрвја што раѓаа плодови. ... {MAP 310.4}

Јазикот е премногу сиромашен за да го опише небото. Додека пред мене минуваат овие сцени, се губам во восхит. Обземена од ненадминливиот сјај и извонредната слава, го оставам перото и извикувам: ’О, каква љубов! Каква чудесна љубов!‘ Ни највозвишениот јазик не може да ја опише небесната слава и неспоредливата длабочина на љубовта на Спасителот.“ (The Story of Redemption, стр. 413,414) {MAP 310.5}

30 октомври

Нашето избавување е близу

„А кога ќе почне тоа да станува, исправете се и подигнете ги главите свои, зашто се приближува вашето избавување.“ (Лука 21:28) {МАР 311.1}

„Христовото доаѓање е поблиску отколку кога првпат поверувавме. Големата борба се ближи кон својот крај. Божјите казни ја снаоѓаат земјата. Тие сериозно предупредуваат, говорејќи: ’Бидете подготвени, зашто Синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате‘ (Матеј 24:44). ... {МАР 311.2}

Живееме во завршните денови од историјата на земјата. Пророштвото брзо се исполнува. Часовите на искушенија брзо поминуваат. Ниту за еден момент не смееме да губиме време. Да не дозволуваме да бидеме затекнати како спиеме на стража. Нека никој не говори во своето срце или со своите дела: ’Господарот мој уште за долго време нема да дојде‘. Веста за скорото Христово доаѓање треба да се објави со сериозни зборови и предупредувања. Да ги уверуваме насекаде мажите и жените да се покајат и да бегаат од гневот што иде.... {МАР 311.3}

Господ наскоро ќе дојде и мораме да се подготвуваме да Го дочекаме во мир. Мораме да решиме да направиме сè што е во наша моќ да им ја пренесеме светлината на оние кои се околу нас. Да не бидеме тажни, туку радосни и секогаш да Го имаме пред очи Господ Исус. Тој наскоро доаѓа и мораме да бидеме подготвени и да го чекаме Неговото појавување. О, колку ќе биде славно кога ќе Го видиме и кога ќе бидеме поздравени со добредојде како оние кои Тој ги искупил! Долго чекавме, но нашата надеж не смее да се угаси. Кога ќе Го видиме Царот во Неговата убавина ќе бидеме засекогаш благословени! Чувствувам дека морам гласно да извикам: ’Си одиме дома!‘ Се приближуваме до времето кога Христос ќе дојде во сила и голема слава за да ги одведе Своите откупени во нивниот вечен дом. ... {МАР 311.4}

Долго чекавме на враќањето на нашиот Спасител. Но ветувањето сепак е сигурно. Наскоро ќе бидеме во ветениот дом. Таму Исус ќе нè води покрај живата река, која тече од Божјиот престол, и ќе ни го објасни засега несфатливото провидение со кое нè водел на оваа земја за да го усоврши нашиот карактер. Таму со непомрачен поглед ќе ги посматраме убавините на повторно воспоставениот Едем. Полагајќи ги пред нозете на Откупителот круните ставени на нашите глави од Неговата рака, и допирајќи ги жиците на златните харфи, ние целото небо ќе го исполниме со песна на благодарност на Оној што седи на престолот.“ (8. Сведоштво, стр. 252—254) {МАР 311.5}

31 октомври

Наградата е со Него

„И еве, ќе дојдам скоро, и платата Моја е со Мене, за да му дадам на секого според делата негови.“ (Откровение 22:12) {MAP 312.1}

„Нашата работа на овој свет наскоро ќе заврши, и секој ќе прими награда според своите дела. Покажано ми е дека наградата на светите ќе биде непропадливото наследство, и дека оние што претрпеле најмногу заради вистината нема да сметаат дека имале тежок живот, туку ќе дојдат до сигурен заклучок дека небото може лесно да се добие.“ (1. Сведоштво, стр. 381) {MAP 312.2}

„Секој ден го зголемува својот извештај за неисполнетите должности, за немарноста, себичноста, измамата, прикривањето и нечесноста. Колку многу зли дела се натрупуваат за последниот суд! Кога Христос ќе дојде, ’наградата Му е со Него, а отплатата Му е пред лицето Негово‘. Тој ќе го награди секого според неговите дела. Што сè ќе се открие тогаш! Колку многумина ќе се вчудоневидат кога ќе се покажат делата на нивниот живот!“ (2. Сведоштво, стр. 160) {MAP 312.3}

„Оној кој го испитува срцето го бележи секое добро и лошо дело и нивното влијание на другите; Нему секоја тајна му е откриена. А наградата ќе биде во склад со побудите кои го поттикнале човекот на постапката.“ (2. Сведоштво, стр. 520) {MAP 312.4}

„Христовото доаѓање е на прагот и брзо се приближува. За работа ни останува уште малку време, а луѓето пропаѓаат.... {MAP 312.5}

Потребно е Божјата сила, која има моќ на преобразување да делува на нас, за да можеме да ги сфатиме потребите на светот кој пропаѓа. Подгответе се, подгответе се да се сретнете со Господа — тоа е бремето на веста која ви ја упатувам. Пригответе ги своите светилници, за светлината на вистината да светли на патиштата и меѓу оградите. Светот треба да се опомене дека крајот на сè се приближува. ... {MAP 312.6}

Да настојуваме наново да се обратиме. Потребна ни е присутност на Божјиот Свети Дух, за да ни ги омекне срцата и да не бидеме груби во својата работа. Мојата молитва е Светиот Дух целосно да завладее со нашето срце. Да работиме како Божји деца кои од Него бараат совет, подготвени секогаш да ги извршуваме Неговите намери. Нашиот народ на тој начин ќе Го прослави Бога, а оние што ќе бидат сведоци на нашата ревност ќе кажат: ’Амин и Амин‘.“ (9. Сведоштво, стр. 105—108) {MAP 312.7}

1 ноември

Заробеништвото на сатаната и неговите ангели

„Ангелите, пак, што не се покоруваа на своето началство, и го напуштија живеалиштето, ги стави во вечни окови, во мрак за суд на големиот ден.“ (Јуда 1:6) {МАР 313.1}

„Земјата изгледаше како ненаселена пустина. Градови и села, изрушени од земјотрес, лежеа во рушевини. Планините беа поместени од своите места, оставајќи големи шуплини. Нерамни карпи, исфрлени од морето, или откинати од самата земја, беа расфрлани насекаде на површината. Големи дрвја беа откорнати и растурени низ земјата. Тука треба да биде домот на сатаната и неговите зли ангели за илјада години. Тука тој ќе биде ограничен, да талка горе и долу над изобличената површина на земјата и да ги гледа резултатите од својот бунт против Божјиот закон. Илјада години тој може да ужива во плодот на проклетството кој самиот го има причинето. Ограничен сам на земјата тој нема да има привилегија да талка по другите планети, да ги искушува и вознемирува оние што не паднале. За време на тој период сатаната страшно страда. Од неговиот пад, тој не престанал да ги развива своите зли особини и бил во непрекината активност. Но тој сега треба да биде лишен од својата сила, оставен да размислува за улогата што ја играл од неговиот пад, и во треперење и ужас да ја очекува ужасната судбина, кога тој ќе мора да страда за сето зло коешто го извршил и да биде казнет за сите гревови кои тој ги причинил да бидат извршени. {МАР 313.2} {МАР 313.3}

Јас слушнав извици на триумф од ангелите и откупените светии, кои звучеа како десет илјади музички инструменти, затоа што тие веќе нема да бидат попречувани и искушувани од сатаната и заради тоа што жителите на другите светови беа избавени од неговото присуство и неговите искушенија.“ (Рани списи, стр. 290) {МАР 313.4}

„На Божјиот народ заробеништвото на сатаната ќе му донесе веселба и радост. Пророкот кажува: ’Во оној ден, кога Господ те оттргна од скрбта твоја, од стравот и од тешкото ропство, под кое беше заробен, ти ќе запееш победничка песна против вавилонскиот цар (ова се однесува на сатаната) и ќе речеш: како исчезна мачителот и прекина тиранијата! Господ го скрши жезолот на нечесните, скиптарот на владетелите, кој јаросно ги поразуваше народите со бескрајни удари, гневно владееше над племињата свои со незадржливо прогонување‘ (Исаија 14:3-6).“ (Големата борба, стр. 660) {МАР 313.5}

2 ноември

Ќе се сретнеме со својот ангел чувар

„Затоа што ќе им заповеда на ангелите Свои за тебе, да те чуваат на сите патишта твои.“ (Псалми 91:11) {МАР 314.1}

„Кога Божјото провидение ќе го набљудуваме во светлината на вечноста, дури тогаш ќе разбереме што должиме за грижата и залагањето на Божјите ангели. Небесните суштества активно учествувале во работите на луѓето. Тие се појавувале во облека која светлела како молња; доаѓале како луѓе, во лик на патници. Го прифаќале гостопримството на човечките домови; служеле како водичи за патниците кои ноќта ги затекнала на пат. Тие ги попречувале намерите на крадецот и го свртувале ударот на убиецот. {МАР 314.2}

Иако владетелите на овој свет не го знаат тоа, сепак ангелите често зборувале во нивните собранија. Нив ги гледале човечки очи. Човечките уши ги слушале нивните говори. Во собранијата и судниците небесните гласници ги застапувале прогонетите и потчинетите. Тие ги соборувале намерите и ги запирале злата кои можеле да им нанесат страдања и штета на Божјите деца. На учениците во небесното училиште сето тоа ќе им биде објаснето. {МАР 314.3}

Секоја спасена душа ќе дознае каква служба извршувале ангелите во нејзиниот живот. Како ли ќе биде кога таа ќе разговара со ангелот кој бил нејзин чувар од нејзините најрани денови; со ангелот кој бдеел над нејзините чекори и ја засолнувал нејзината глава во денот на опасност; со ангелот кој бил со неа во долината на смртната сенка, кој го обележал местото на нејзината починка и кој прв ќе ја поздрави во утрото на воскресението - кога ќе ја дознае историјата на божественото посредување во животот на поединецот, историјата на работата на целото Небо во сè што е направено за човечкиот род!“ (Воспитување, стр. 304,305) {МАР 314.4}

„Со Божјата Реч во својата рака, секое човечко суштество, без оглед на тоа во каква положба животот го фрлил, може да го одбере друштвото што го сака. Со помош на нејзините страници тоа може да разговара со најблагородните и најдобри претставници на човечкиот род, може да го слуша гласот на Вечниот додека зборува со луѓето. Додека ги проучува темите во кои ’копнеат да sирнат ангелите‘, и размислува за нив, тој може да биде со нив.“ (Воспитување, стр. 127) {МАР 314.5}

3 ноември

Добредојдовте во Божјиот град!

„Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘“ (Матеј 25:23) {МАР 315.1}

„Со неискажлива љубов Исус ги поздравува Своите верни во ’радоста на својот Господар‘. Радоста на Спасителот се состои во тоа што во царството на славата ги гледа душите кои се спасени со Неговото страдање и понижување. А откупените ќе учествуваат во Неговата радост кога меѓу спасените ќе ги видат оние што ги придобиле за Христа со своите молитви, со својот труд и пожртвувана љубов. Собрани околу големиот бел престол, нивните срца ќе бидат исполнети со неискажлива радост кога ќе ги видат душите кои ги придобиле за Христа и кога ќе видат дека тие придобиле други, а овие пак други, и сите се доведени во пристаништето на мирот, тука да ги положат своите круни пред Исусовите нозе и да Го слават низ бесконечните времиња на вечноста. {МАР 315.2}

Кога спасените ќе бидат поздравени со добредојде во Божјиот град, низ воздухот се разнесува радосен извик на воодушевување. Првиот и вториот Адам се среќаваат. Божјиот Син стои со раширени раце да го пречека таткото на нашиот род - суштеството што Тој го создал, кое згрешило против својот Творец и поради чијшто грев Спасителот ги носи знаците на распнувањето. Кога Адам ќе ги забележи трагите од страшните клинови, тој не паѓа на градите на својот Господ, туку понизно се фрла пред Неговите нозе, извикувајќи: ’Достојно, достојно е Јагнето што е заклано!‘ Спасителот нежно го подига и го повикува повторно погледот да го насочи кон Едем од кој толку долго бил протеран. {МАР 315.3}

По неговото протерување од Едем, Адамовиот живот на земјата бил исполнет со тага. Секој овенат лист, секоја принесена жртва, секое несовршенство во природата, која некогаш била толку убава, секоја дамка во човековиот карактер, постојано го потсетувале на неговиот грев. Страшна била болката на каење кога видел како беззаконието се шири и кога како одговор на неговите предупредувања добивал само прекор дека тој го предизвикал гревот. Речиси илјада години трпеливо и понизно ја поднесувал казната на својот престап. Искрено се покајал за својот грев и се потпирал врз заслугите на ветениот Спасител и така умрел со надеж во воскресението. Божјиот Син го откупил човековиот неуспех и пад, и сега, благодарение на делото на помирување, Адам повторно го добива ’поранешното владение‘ (Михеј 4:8).“ (Големата борба, стр. 647,648) {МАР 315.4}

4 ноември

Неискажлива радост

„Имајќи Го пред очи Зачетникот и Довршителот на верата – Исус, Кој, поради Неговата идна радост претрпе крст, занемарувајќи го срамот, и седна од десната страна на престолот Божји.“ (Евреите 12:2) {MAP 316.1}

„’Ова ви го реков‘, рекол Исус — ’за да остане радоста Моја во вас и радоста ваша да биде полна‘. (Јован 15:11) {MAP 316.2}

Христос секогаш го имал на ум резултатот на Својата мисија. Неговиот живот на земјата бил толку полн со тешка работа и самопожртвуваност, што го разведрувала само помислата дека не се мачи толку за ништо. Давајќи го Својот живот за животите на луѓето, Тој требал да го обнови Божјиот лик во човештвото. Требал да нè издигне од правот, да го преобрази карактерот според образецот на Својот карактер и да го разубави со Сопствената слава. {MAP 316.3}

Христос го видел измачувањето на Својата душа и бил задоволен. Ја опфатил широчината на вечноста со поглед и ја видел среќата на оние што преку Неговото понижување ќе добијат простување и вечен живот. Тој бил ранет за нивните гревови, мачен за нивните беззаконија. Врз Него паднала казната за нивниот мир и тие биле излекувани со Неговите рани. Го слушнал воскликот на откупените. Ги слушнал откупените како ја пеат песната на Мојсеј и на Јагнето. Иако морал прво да прими крваво крштевање, иако гревовите на светот морале да паднат на Неговата невина душа, иако врз Него лежела сенка на неискажлива мака, но сепак, поради радоста што ја гледал пред Себе, Тој одлучил да го поднесе крстот и да го презре срамот. {MAP 316.4}

Сите Негови следбеници треба да ја делат таа радост. Колку и да е славна и голема нашата иднина, ние нема да ја примиме целата награда, туку ќе ја примиме дури во времето на конечното избавување. Со вера ние уште тука треба да влеземе во радоста на Спасителот. Како Мојсеј и ние треба да истраеме, како да Го гледаме Невидливиот.“ (Здравје и среќа, стр. 504) {MAP 316.5}

„На оние кои ќе Го примат, Тој им дава власт да станат синови Божји, за Бог на крајот да може да ги прими како Свои, да престојуваат со Него низ целата вечност. Ако за време на овој живот бидат верни на Бога, тие на крајот ’ќе го гледаат лицето Негово, а името Негово ќе им биде на челата нивни‘ (Откровение 22:4). А што може да претставува поголема небесна среќа отколку да се види Бог? Има ли поголема радост за грешникот, кој е спасен преку Христовата благодат, отколку да го види Божјото лице и да Го запознае како Татко?“ (8. Сведоштво, стр. 267,268) {MAP 316.6}

5 ноември

Благодарноста на откупените

„А Царот ќе им одговори и ќе рече: ‚Вистина, ви велам: доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле.‘“ (Матеј 25:40) {МАР 317.1}

„Секое наше дело со кое му помагаме на Божјиот народ ќе биде наградено како да Му е направено Нему.“ (Мојот живот денес, стр. 364) {МАР 317.2}

„Какво задоволство ќе има секој жетвар кога ќе се слушне ѕвонливиот, мелодичен Исусов глас кој вели: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘. ’сподели ја радоста со својот господар!‘ {МАР 317.3}

Откупителот го величаат зашто не умрел напразно. Со весели, радосни срца, оние што биле Божји соработници го гледаат плодот на својата душевна мака за грешниците кои пропаѓале и умирале, и сега се задоволни. Заборавени се грижите низ кои поминале, замрсените околности со кои морале да се соочат, тагата во срцето поради оние што одбиле да го примат она што било за нивниот мир. Веќе не се сеќаваат на самоодрекувањето со кое работеле во делото. Кога ќе ги погледнат душите кои настојувале да ги придобијат за Исуса и ќе видат дека се спасени, спасени за вечноста — споменици на Божјата благодат и на љубовта на Откупителот — тогаш низ небесните сводови ќе одекнат извици на пофалба и благодарност.“ (Review and Herald, 10. октомври 1907.) {МАР 317.4}

„Пред нас е Небото, а меѓу неговите жители нема да има судири. ... {МАР 317.5}

Ќе го поздравиме светото семејство на откупените и ќе ги слушнеме Христовите зборови: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘. Ќе ги допреме своите златни харфи и Небото ќе одѕвонува со прекрасна мелодија. Ќе ги положиме своите блескави круни пред Неговите нозе и ќе Му оддадеме слава на Оној што победил заради нас. {МАР 317.6}

Можеби има нешта што тука не ги разбираме. Можеби некои нешта од Библијата ни изгледаат недостижни зашто се надвор од нашето ограничено разбирање. Но додека нашиот Спасител нè води покрај живата вода, ќе му го разјасни на нашиот ум она што не ни било сосема јасно.“ (Review and Herald, 8. август 1907.) {МАР 317.7}

6 ноември

Небото е премногу евтино

„Но волјата Господова беше да Го казни, и Го предаде на мачење; а кога ќе го принесе Својот живот како милостивна жртва, Тој ќе види долговечно потомство, и волјата Господова ќе напредува преку Неговата рака. Ќе се зарадува поради трудот на душата Своја и ќе види светлина. Праведниот Слуга Мој ќе ги оправда мнозина и гревовите нивни врз Себе ќе ги понесе.“ (Исаија 53:10,11) {MAP 318.1}

„Божјата љубов е неизмерна, неспоредлива! Таа е бесконечна. ... Кога размислуваме за Христовото достоинство и слава, гледаме колку голема била љубовта која Го навела да се жртвува на голготскиот крст за откупување на изгубениот свет. Оваа тема ќе ги исполнува светиите со чудење и восхит низ бескрајните векови; зошто тогаш и ние да не размислуваме за неа тука, на овој свет? ... {MAP 318.2}

Колкава е тајната на побожноста — Бог се јави во тело! Оваа тајна станува сè поголема колку повеќе се трудиме да ја разбереме. Таа е несфатлива, а сепак човечките суштества дозволуваат световните, земни работи да го попречуваат и онака слабото разбирање на смртните суштества за Исуса и за Неговата неспоредлива љубов. ... Како можеме да се воодушевуваме од земните, обични нешта, а да не нè трогне сликата на голготскиот крст, љубовта откриена во смртта на Божјиот мил Син ...? {MAP 318.3}

Сето ова понижување и страдање било поднесено за да ги врати залутаните, виновните и неблагодарните во домот на Отецот. О, доме на блажените — не можам да дозволам да те загубам! Ако бидам спасена во Божјото царство, постојано ќе истражувам нови длабочини во планот на спасението. Сите откупени светии ќе ја видат и ценат љубовта на Отецот и на Синот како никогаш порано, а бесмртните јазици ќе пеат песни на пофалба. Тој нè љубеше и го даде Својот живот за нас. Во прославени тела, со големи способности, чисти срца и неизвалкани усни ќе пееме за богатството на откупителната љубов. На Небото нема да има страдалници, нема да има скептици кои ќе мора да ги убедуваме во вечните стварности, ниту вкоренети предрасуди; сите ќе бидат отворени за таа љубов што го надминува знаењето.

Одмор, фала Му на Бога, одмор го чека Божјиот народ кога Исус ќе ги води откупените по зелените пасишта, покрај потоците на жива вода кои го красат градот на нашиот Бог. Тогаш Отецот ќе одговори на молитвата на Својот Син: ’Сакам и оние што си Ми ги дал да бидат со Мене, каде што сум Јас.‘“ (That I May Know Him, стр. 371) {MAP 318.4}

7 ноември

Најпосле дома!

„Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘“ (Матеј 25:21) {MAP 319.1}

„Додека вашите сетила уживаат во привлечната убавина на Земјата, мислете на светот кој ќе дојде, светот кој никогаш не ќе ја запознае злокобната пламеница на гревот и смртта, во кој лицето на природата нема да биде покриено со сенката на проклетството. Обидете се да го замислите домот на спасените, но имајте на ум дека тој ќе биде многу прославен од сè што би можело да го наслика дури и најразиграната мечта. Во разновидните Божји дарови во природата го гледаме најслабиот отсјај на Неговата слава. Напишано е: ’Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат‘ (1. Коринтјаните 2:9).“ (Патот кон Христа, стр. 86,87) {MAP 319.2}

„Набргу, вратите на Небото ќе се отворат да ги примат Божјите деца, а од усните на Царот на славата, како најубава музика, ќе одекнат зборовите на благослов: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘ (Матеј 25:34). {MAP 319.3}

И тогаш откупените ќе бидат пречекани со добредојде во домот што Христос им го подготвува.“ (Патот кон Христа, стр. 125,126) {MAP 319.4}

„Тогаш јас го видов Исус како ја води откупената група до портите на градот. При допирот на Неговата рака бисерните порти се придвижуваат на своите блескави шарки и ширум се отвораат, народот што ја држеше вистината влегува внатре. Во градот сите нешта пружаат задоволство за окото. Богата слава се гледа на сите страни. Тогаш Исус погледна кон Своите откупени светии, нивните лица блескаа со слава; и додека Тој не го симнува од нив Својот умилен поглед, Тој рече со својот богат милозвучен глас: ’Јас ја гледам маката на Мојата душа, и задоволен сум. Сето ова богатство и слава е ваше да уживате во неа засекогаш. Вашите тагувања се завршени. Веќе нема да има смрт ниту жал ниту плачење, ниту ќе има повеќе болка‘. ... {MAP 319.5}

Јазикот е целосно премногу слаб во обид да се опише небото. Кога сцената се подигнуваше пред мене, јас се изгубив во воодушевување. Однесена со ненадминливиот сјај и извонредната слава, јас го спуштив своето перо и воскликнав: ’Ох, каква љубов! Каква прекрасна љубов!‘ Највозвишениот јазик не може да ја опише славата на небото и љубовта на Спасителот која со ништо не може да се спореди.“ (Рани списи, стр. 288,289) {MAP 319.6}

8 ноември

Изненадувања на Небото

„Но Господ му рече на Самоил: ’Не гледај на лицето негово и високиот негов раст; Јас го отфрлив. Јас не гледам така, како што гледа човек, зашто човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето.‘“ (1 Царства 16:7) {МАР 320.1}

„Често токму тие што Христос сака да ги привлече кон себе, ние ги прогласуваме за безнадежни случаи. ... На небото ќе се најдат многу такви кои нивните соседи ги сметале за недостојни за небото. Луѓето судат според изгледот, а Бог суди според срцето.“ (Христовите параболи, стр. 71,72) {МАР 320.2}

„Некои од откупените ќе Го примат Христа во последните часови од својот живот; и оние што заминале во смрт без совршено да го разберат планот на спасението, на Небото ќе добијат поуки и упатства за него.“ (The SDA Bible Commentary, том 5, стр. 1124) {МАР 320.3}

„На Исуса, во Неговата агонија на крстот, Му дошол зрак на утеха. Тоа била молбата на разбојникот што се каел. ... Во ранетиот, исмеван и прикован Исус на крст, тој го видел Божјото Јагне, Кое на Себе ги зема гревовите на светот. Со глас кој истовремено изразувал надеж и болка, оваа беспомошна душа, која била пред смрт, Му се доверила на Спасителот: ’Сети се на мене, Господи‘, рекол тој, ’кога ќе дојдеш во царството Свое!‘.

Одговорот бргу дошол. Гласот бил мек и милозвучен, а зборовите полни со љубов, сожалување и сила: ’Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот!‘.“ (Копнежот на вековите, стр. 750,751) {МАР 320.4}

„Таквата вера може да се прикаже со параболата за работниците кои дошле во единаесеттиот час и примиле иста плата како оние што работеле цел ден. Разбојникот на крстот се молел со вера, покајание и понизност. Се молел најсрдечно, како целосно да сфатил дека Исус, ако сака, може да го спаси.“ (The SDA Bible Commentary, том 5, стр. 1125) {МАР 320.5}

„Оние што Христос ги пофалува на судот можеби малку ја познавале теологијата, но ги негувале Неговите начела. ... Меѓу незнабошците има луѓе кои, без да знаат, Му служат на Бога, луѓе на кои светлината никогаш не им била пренесена преку некое човечко орудие, но кои сепак нема да пропаднат. Иако не знаеле за пишаниот Божји закон, тие Го слушнале Неговиот глас како им зборува во природата и го правеле она што го барал Законот. Нивните дела говорат дека Светиот Дух ги допрел нивните срца и тие ќе бидат признаени како Божји деца. ... {МАР 320.6}

Колкумина ќе бидат изненадени и колку ќе се израдуваат неистакнатите и понизни луѓе меѓу разните незнабожечки народи, кога од усните на Спасителот ќе ги слушнат зборовите на признание: ’доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле‘. Колку радосно ќе заигра срцето на Бескрајната љубов, кога со зборови на одобрување ќе ги изненади и израдува Своите следбеници!“ (Копнежот на вековите, стр. 638) {МАР 320.7}

9 ноември

Одговори што задоволуваат

„Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли.“ (Исаија 55:9) {МАР 321.1}

„Нашите планови не се секогаш Божји планови. ... Во Својата голема љубов и грижа, Оној што нè разбира подобро отколку што се разбираме самите себеси, често не ни дозволува себично да бараме задоволство во сопствените стремежи. ... Често нашите планови пропаѓаат за да можат Божјите планови за нас да успеат. ... {МАР 321.2} {МАР 321.3}

Тајните, кои тука нè вознемирувале и разочарувале, ќе ни бидат разјаснети во идниот живот. Ќе видиме дека нашите навидум неуслишени молитви и неисполнети надежи биле меѓу нашите најголеми благослови.“ (Здравје и среќа, стр. 473,474) {МАР 321.4}

„Не сме напреднале доволно во духовното знаење за да ги разбереме Божјите тајни. Но кога ќе станеме составен дел од небесното семејство, тие тајни ќе ни бидат откриени. ... {МАР 321.5}

Тогаш ќе бидат откриени и разјаснети многу прашања за кои Бог сега молчи, зашто не го собираме и не го цениме правилно она што ни е откриено за тие вечни тајни. Патиштата на Провидението ќе бидат разјаснети, тајните на Христовата благодат ќе бидат откриени. Она што умот сега не може да го сфати, што е толку тешко да се разбере и прифати, тогаш ќе стане сосема јасно. Ќе ја видиме целта на она што сега ни изгледа сосема необјасниво; мудроста во она што ни било ускратено, добрината и неизмерната милост во сето она што ни било дарувано. Вистината ќе заблеска во умот на спасените без никакви нејаснотии, и тие ќе бидат способни да го поднесат сјајот на нејзината светлина. Срцето ќе биде исполнето со радосни песни, зашто борбата и сите тешкотии засекогаш ќе завршат.“ (The SDA Bible Commentary, том 6, стр. 1091) {МАР 321.6}

„Во идниот свет сето тоа што нè збунувало во Божјото Провидение конечно ќе ни стане јасно. Тогаш ќе бидат објаснети појавите кои денес е тешко да се разберат. Пред нас ќе се открие тајната на благодатта. Таму каде што нашиот ограничен ум гледал само збрка и неисполнети ветувања, ќе забележиме најсовршена и најубава хармонија. Ќе увидиме дека токму бескрајната љубов одредила да го преживееме она што ни изгледало потешко од сè. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа на Оној кој прави сè што ќе нè снајде да биде за наше добро, тогаш ќе почувствуваме неискажана радост и благодарност.“ (9. Сведоштво, стр. 286) {МАР 321.7}

10 ноември

Вашите мисли нека се занимаваат со небесното

„Мислете за небесното, а не за земното.“ (Колосјаните 3:2) {MAP 322.1}

„Кога Божјиот народ ќе престане да гледа на работите од овој свет и ќе ги насочи своите очи кон Небото и небесните нешта, ќе изгледа необичен, зашто ќе ги гледа милоста, добрината и сочувството што Бог ги покажува кон човечките синови. Неговата љубов ќе предизвика одговор кај нив, а тие со својот живот ќе им покажат на оние околу себе дека со нив управува Божјиот Дух, дека нивните мисли се занимаваат со небесното, а не со земното. {MAP 322.2}

Размислувајќи за Небото, можеме да ја употребиме сета своја мечта, вложувајќи најголеми напори и негувајќи ги највозвишените мисли за кои сме способни, а сепак нашиот ум ќе се умори во настојувањето да ја разбере широчината, длабочината и височината на темата. Нашиот ум не може да проникне во големите теми на вечноста. Не е можно ниту да се напрегнеме за да ги разбереме овие нешта, а тоа да не влијае врз целиот наш карактер на добро и да не го издигне нашиот ум. Кога размислуваме како Христос дошол на нашиот свет да умре за паднатиот човек, сфаќаме нешто од цената платена за нашето откупување и разбираме дека нема вистинска добрина или величина без Бога. {MAP 322.3}

Само со помош на светлината што свети од голготскиот крст можеме да знаеме до какви длабочини човечкиот род е понижен и паднат во грев. Само според должината на синџирот спуштен од Небото за да нè извлече можеме да дознаеме до какви длабочини сме потонале. И само ако ги имаме на ум стварностите што не ги гледаме, можеме да го разбереме она што е поврзано со прекрасните теми на откупувањето.“ (In Heavenly Places, стр. 368) {MAP 322.4}

„Речиси сме дома. Наскоро ќе го слушнеме гласот на Спасителот, пораскошен од која и да е музика, како вели: ’Вашата борба заврши. Влезете во радоста на својот Господар.‘ Блажени, блажени зборови; сакам да ги слушнам од Неговите бесмртни усни. Сакам да Го славам, сакам да Му оддадам чест на Оној што седи на престолот. Сакам мојот глас одново и одново да одекнува низ небесните дворови. Сакате ли и вие да бидете таму? ... Боже, помогни ни; исполни нè со сета полнота и сила за да ја почувствуваме радоста на светот што ќе дојде.“ (In Heavenly Places, стр. 368) {MAP 322.5}

11 ноември

Наградата на откупените

„И, ако делото на оној што ѕидал остане, тој ќе прими награда.“ (1 Коринтјаните 3:14) {МАР 323.1}

„Величествена ќе биде наградата на верните работници кои еднаш ќе се соберат околу престолот на Бог и на Јагнето. Кога Јован во својата смртна состојба ја видел Божјата слава, паднал како мртов бидејќи не можел да ја поднесе таа сцена. Меѓутоа, кога Божјите деца ќе се облечат во бесмртност, за нив ќе се исполни ветувањето: ’ќе Го видиме каков што е‘ (1 Јованово 3:2). Тие ќе стојат пред престолот прифатени од Возљубениот. Сите нивни гревови ќе бидат простени, сите нивни престапи избришани. Тогаш ќе можат да ја гледаат сета слава на Божјиот престол. Тие учествувале со Христа во Неговите маки, соработувале со Него во планот за откупување и затоа со Него ќе ја делат радоста кога во Божјото царство ќе ги видат спасените кои таму ќе Го слават Бога низ целата вечност.“ (9. Сведоштво, стр. 285) {МАР 323.2}

„Тој ден откупените ќе засветлат во славата на Таткото и Синот. Ангелите ќе свират со своите златни харфи поздравувајќи Го Царот и трофеите на Неговата победа - оние кои ги испрале и ги избелиле своите облеки во крвта на Јагнето. Ќе се заори песна на победа која ќе го исполни сето небо. Христос победил. Тој ќе влезе во небесните дворови, пратен од Своите откупени, како живи сведоци дека Неговата мисија на страдања и жртви не била напразно. ... {МАР 323.3}

Постојат домови за оние кои на Земјата биле само патници и придојдени. Бели облеки со круни на слава и палми на победа ги очекуваат праведниците. Во идниот свет сето тоа што нѐ збунувало во Божјото Провидение конечно ќе ни стане јасно. Тогаш ќе бидат објаснети појавите кои денес е тешко да се разберат. Пред нас ќе се открие тајната на благодатта. Таму каде што нашиот ограничен ум гледал само збрка и неисполнети ветувања, ќе забележиме најсовршена и најубава хармонија. Ќе увидиме дека токму бескрајната љубов одредила да го преживееме она што ни изгледало потешко од сѐ. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа на Оној кој прави сѐ што ќе нѐ снајде да биде за наше добро, тогаш ќе почувствуваме неискажана радост и благодарност.“ (9. Сведоштво, стр. 285,286) {МАР 323.4}

„Ве повикувам да се подготвите за доаѓањето на Спасителот на небесните облаци. ... Подгответе се за судот, за во мир да се сретнете со Христа, кога Тој ќе дојде да се прослави во оние кои веруваат.“ (9. Сведоштво, стр. 285) {МАР 323.5}

12 ноември

Што око не видело и уво не чуло

„Но, како што е напишано: ’Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат.‘“ (1 Коринтјаните 2:9) {МАР 324.1}

„Оние кои вистински Го љубат Бога ќе сакаат да ги умножат талантите што Тој им ги дал, за да им бидат благослов на другите. Во иднина небесните порти ќе бидат широко отворени за да ги примат, а благословот што нивните уши ќе го слушнат од усните на Царот на славата ќе биде како најубава музика: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘ (Матеј 25,34). Така откупените ќе бидат пречекани со добредојде во домовите што Исус ги подготвува за нив. Таму нивни другари нема да бидат злите од Земјата, туку оние кои со божествена помош оформиле совршен карактер. Секоја грешна наклоност и секоја несовршеност се отстранети со Христовата крв. Ним сега им се даваат совршенството и светлината на Неговата слава, која далеку ја надминува светлината на Сонцето во неговиот пладневен сјај. Од нив блескаат моралната убавина и совршенството на Неговиот карактер, што се повредни од надворешниот сјај. Тие се без вина пред големиот бел престол, учествувајќи во достоинството и предностите на ангелите. {МАР 324.2}

’Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат‘ (1. Коринтјаните 2,9). Кога ќе го земеме предвид славното наследство што нè очекува, ’каков откуп ќе даде човек за својата душа‘ (Матеј 16,26)? Тој може да биде сиромашен, а сепак да поседува богатство и достоинство што овој свет никогаш не би можел да му ги даде. Душата откупена и очистена од гревот, со сите свои благородни сили посветени на службата за Бога, има извонредна вредност.“ (In Heavenly Places, стр. 367) {МАР 324.3}

„Вечно да престојуваме во таа блажена татковина, со душата, телото и духот совршено да му прилегаме на нашиот Творец, наместо да ги носиме мрачните траги на гревот и проклетството; низ бескрајните времиња на вечноста да напредуваме во мудроста, знаењето и светоста, откривајќи секогаш нови тајни, нови чуда и нови убавини на кои ќе им се восхитуваме, постојано да растеме во способноста да сознаваме, да уживаме и да љубиме, знаејќи дека пред нас сè уште е бескрајна радост, љубов и мудрост — тоа е целта кон која постојано укажува христијанската надеж.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 55) {МАР 324.4}

13 ноември

Плодовите на дрвото на животот

„Сред главната улица и од двете страни на реката – дрвото на животот, што раѓа плодови дванаесет пати, давајќи плод секој месец; а лисјата на дрвото служат за исцелување на народите.“ (Откровение 22:2) {МАР 325.1}

„Плодот на дрвото на животот во Едемската градина имал натприродна сила. Да се јаде од него значело да се живее вечно. Тој претставувал лек против смртта. ... По појавата на гревот, небесниот Домаќин го пресадил дрвото на животот во небесниот рај.“ (8. Сведоштво, стр. 288) {МАР 325.2} {МАР 325.3}

„Откупените светии кои тука Го љубеле Бога и ги држеле Неговите заповеди ќе влезат низ портите во градот и ќе имаат право на дрвото на животот. Ќе јадат слободно од него како нашите прародители пред падот. Лисјата од тоа бесмртно разгрането дрво ќе служат за исцелување на народите. Тогаш ќе исчезнат сите нивни маки. Никогаш повеќе нема да почувствуваат болест, тага и смрт, зашто ги исцелуваат лисјата на дрвото на животот. Исус ќе го види трудот на Својата душа и ќе биде задоволен кога откупените, кои стенкале под проклетството, ќе бидат собрани околу дрвото на животот и ќе ги јадат неговите бесмртни плодови, врз кои нашите прародители го загубиле правото со прекршувањето на Божјите заповеди. Нема да постои опасност повторно да го загубат правото на дрвото на животот, зашто оној што ги искушувал нашите прародители ќе биде уништен со втората смрт.“ (Мојот живот денес, стр. 355) {МАР 325.4}

„Послушноста кон сите Божји заповеди била услов да смеат да јадат од плодовите на дрвото на животот. Адам паднал поради непослушност. ... Послушноста преку Исуса Христа му дава на човекот совршен карактер и право на дрвото на животот. Условите за повторно стекнување на правото на дрвото на животот се јасно истакнати во Христовото сведоштво упатено до Јован: ’Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите‘ (Откровение 22,14).“ (The SDA Bible Commentary, том 1, стр. 1086) {МАР 325.5} {МАР 325.6}

„Бидејќи ќе имаат пристап кон дрвото на животот во одамна загубениот Едем, откупените ќе растат до мерата на висината на човечкиот род во неговата првобитна слава. Ќе бидат отстранети последните преостанати траги од проклетството на гревот, а Христовите верни ќе се појават во убавината на Господа, нашиот Бог, по духот, душата и телото, одразувајќи ја совршената слика на својот Господ. О, прекрасен откуп, за кој одамна се зборувало, желно се очекувал, но никогаш целосно не бил сфатен!“ (Големата борба, стр. 645) {МАР 325.7}

14 ноември

Виножитото над престолот

„И веднаш бев обземен од духот. И ете, на небото стоеше престол, и на престолот седеше Некој. Оној што седеше изгледаше како камен јаспис и сардис, а околу престолот виножито, кое прилегаше на смарагд.“ (Откровение 4:2,3) {MAP 326.1}

„Виножитото над престолот стои како вечно сведоштво дека ’Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот‘. ... {MAP 326.2}

Бидејќи виножитото во облаците се создава со соединување на сончевата светлина и дождот, виножитото што го опкружува престолот ја претставува соединетата сила на милоста и правдата. Не треба да се истакнува само правдата, зашто така би се засенила славата на виножитото на ветувањето над престолот. Луѓето би можеле да ја видат само казната на Законот. Ако немаше правда ниту казна, немаше да има ни постојаност во Божјото владеење. {MAP 326.3}

Соединувањето на судот и милоста го прави спасението целосно. ... Милоста нѐ повикува да влеземе низ портите во Божјиот град, а правдата со задоволство ѝ ги дава на секоја послушна душа сите права на член на царското семејство, на дете на небесниот Цар. Ако имаме недостатоци во карактерот, не би можеле да поминеме низ портите што милоста ги отворила за послушните, зашто правдата стои на влезот и бара светост од сите што ќе Го видат Бога. {MAP 326.4}

Ако правдата би била укината и божествената милост би можела да им ги отвори портите на сите луѓе без оглед на карактерот, на Небото би дошло до полоша непослушност и побуна отколку тогаш кога сатаната бил исфрлен. Би биле нарушени небесниот мир, среќа и хармонија. Преминувањето од Земјата на Небото нема да го промени човечкиот карактер. Среќата на откупените на Небото произлегува од карактерот сличен на Христовиот, оформен во овој живот. Светиите на Небото најнапред ќе бидат светии на Земјата. {MAP 326.5}

Единствено спасението што Христос го постигнал со Својата жртва за човекот има вредност, зашто тоа спасува од гревот. ... Според тоа, Евангелието не го ослабува Божјиот закон, туку ја крши силата на гревот и му го подава жезолот на милоста на покајаниот грешник. ... Бог никогаш нема да го заборави Својот народ во неговата борба против злото. Исус нека биде предмет на нашите разговори.“ (Review and Herald, 13. декември 1892.) {MAP 326.6}

15 ноември

Ќе Го видиме Царот

„Очите твои ќе го видат Царот во Неговата убавина, ќе гледаат непрегледна земја;“ (Исаија 33:17) {МАР 327.1}

„Ако сакаме да Го гледаме Царот во Неговата убавина, мораме тука да се однесуваме достојно. Мораме да ја надраснеме својата детинестост. Ако некој нè предизвикува, да бидеме тивки. Има време кога молчењето е најдобриот говор. Мораме да покажеме трпение, добрина и воздржување за да бидеме достојни да се наречеме Божји синови и ќерки. Треба да Му веруваме, да имаме доверба и да се потпираме врз Него. Треба да одиме по Христовите стапки. ’А на сите им зборуваше: ‘Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе самиот, нека го земе крстот свој и секој ден нека Ме следи!’‘ (Лука 9,23) ... Можеби е тежок крст да се молчи кога е потребно. Тоа може да биде болно, но ве уверувам дека молчењето прави повеќе за совладување на злото отколку порој од гневни зборови. {МАР 327.2}

Тука, на овој свет, мораме да научиме какви треба да бидеме за да добиеме место во небесните дворови. Мораме да ги совладаме поуките на кои Христос сака да нè научи, за да бидеме подготвени за повисокото училиште во небесните дворови, каде Спасителот ќе нè води покрај реката на животот, објаснувајќи ни многу нешта што тука не сме можеле да ги разбереме. ... Таму ќе ја видиме Божјата слава што тука не сме ја виделе. Сега гледаме само одблесок од славата, зашто не продолжуваме да Го запознаваме Господа.“ (In Heavenly Places, стр. 365) {МАР 327.3}

„Секое исправно начело и секоја вистина научени во земното училиште ќе нè унапредат за исто толку во небесното училиште. Како што Христос, додека одел и разговарал, ги поучувал Своите ученици за време на Својата мисија на Земјата, така ќе нè поучува и нас во небесното училиште, водејќи нè покрај реката на животот и откривајќи ни ги вистините што во овој живот мора да останат тајна поради ограниченоста на човечкиот ум, толку осакатен од гревот. Во небесното училиште ќе имаме можност постепено, чекор по чекор, да се издигнуваме до најголемите височини на знаењето и учености. Таму, како деца на небесниот Цар, вечно ќе престојуваме со членовите на царското семејство и ќе Го гледаме Царот во Неговата убавина, во Неговата неспоредлива привлечност.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 208,209) {МАР 327.4}

„Долго чекавме, но нашата надеж не смее да згасне. Кога ќе Го видиме Царот во Неговата убавина, ќе бидеме засекогаш благословени.“ (8. Сведоштво, стр. 253) {МАР 327.5}

16 ноември

Сто четириесет и четири илјади

„Потоа видов: ете, Јагнето стои на гората Сион, и со Него сто четириесет и четири илјади, што го имаа на челата свои напишано името на Неговиот Отец.“ (Откровение 14:1) {МАР 328.1}

„На кристалното море пред престолот - на тоа стаклено море, кое во толкава мера ја одблеснува Божјата слава, што се чини како море измешано со оган - стои собрано мноштво, стојат ’оние што го победија ѕверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име‘ (Откровение 15:2). Сто четириесет и четири илјади, кои се откупени од луѓето, стојат на гората Сион со Јагнето, ’имаа харфи Божји‘, и како бучава на силни води, како татнеж на силна грмотевица, се слуша ’глас на харфисти што свират на харфите свои‘. Тие ’пеат нова песна‘ пред престолот, песна што не може никој да ја научи, освен оние сто четириесет и четири илјади. Тоа е песната на Мојсеј и на Јагнето, песна на ослободувањето. Никој, освен овие сто четириесет и четири илјади не може да ја научи таа песна, зашто во неа се внесени нивните искуства - такви искуства какви што немала ниту една друга група. ’го следеа Јагнето каде и да оди‘. Земени од земјата меѓу живите, тие се сметаат како ’првенци на Бога и на Јагнето‘ (Откровение 15:3; 14:1-5). ’Тие се што дојдоа од големи маки‘; тие поминале низ времето на страдање ’какво што немало откако постојат луѓето‘ (Даниел 12:1); го вкусиле стравот на маките на Јакова. За време на последното излевање на Божјите судови биле без Посредник. Но тие се ослободени, зашто ’ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето‘. ’и во устата нивна измама не се најде; тие се непорочни‘ (Откровение 14:5). ’Затоа се пред престолот на Бога, Кому Му служат во Неговиот храм и дење и ноќе; и Оној, Кој седи на престолот, ќе се всели во нив‘. Тие ја виделе земјата опустена со глад и помор, сонцето кое ги печело луѓето со силна жега, а и самите тие претрпеле страдања, глад и жед. Но ’нема веќе да огладнат, ниту, пак, да ожеднат; нив нема да ги пече сонцето и никаква горештина‘ (Откровение 7,14–16).“ (Големата борба, стр. 648,649) {МАР 328.2} {МАР 328.3} {МАР 328.4}

17 ноември

Големото мноштво откупени

„Потоа видов, и ете, големо мноштво народ, кое никој не можеше да го преброи, – од сите племиња и колена, народи и јазици; тие стоеја пред престолот и пред Јагнето, облечени во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете.“ (Откровение 7:9) {МАР 329.1}

„Сите слоеви, сите народи, племиња, колена и јазици ќе стојат пред престолот на Бога и на Јагнето, облечени во чисти облеки, со круни украсени со скапоцени камења. Ангелот рече: Овие се оние што доаѓаат од големата неволја; тие ги испраа своите облеки и ги избелија во крвта на Јагнето, додека оние што ги сакале уживањата повеќе од Бога, што им угодувале на своите желби и биле непослушни, ги загубиле двата света. Тие го немаат ниту овој живот, ниту бесмртниот. {МАР 329.2}

Мноштвото што слави победа со победнички песни, круни и харфи, поминало низ огнената печка на земните неволји кога било најтешко. Доаѓаат од оскудица, глад и мачење, од длабоко самоодрекување и горки разочарувања. Погледнете ги сега како победници, повеќе не сиромашни, ниту во тага и мака, ниту омразени од сите луѓе заради Христа. Погледнете ги нивните небесни облеки, бели и блескави, пораскошни од која и да е царска одежда. Со вера гледајте ги нивните круни со скапоцени камења. Таква круна никогаш не го красела челото на кој и да е земен цар. {МАР 329.3}

Слушајте ги нивните гласови како силно пеат ’осана‘ и ги веат палмовите гранчиња на победата. Раскошна музика го исполнува Небото додека нивните гласови ги пеат зборовите: ’Достојно, достојно е Јагнето што беше заклано и повторно воскресна засекогаш. Спасението е од нашиот Бог, Кој седи на престолот, и од Јагнето!‘ А војските на ангели, архангели, херувими засолнувачи и славни серафими го повторуваат како ехо припевот на таа радосна, победничка песна, велејќи: ’Амин! Благослов и слава, мудрост и благодарност, чест и сила и моќ на нашиот Бог во сите векови. Амин!‘ (Откровение 7,12) {МАР 329.4}

О, во тој ден ќе се открие дека праведниците биле мудри, а грешните и непослушните биле безумни. ... Срамот и вечниот прекор се нивниот дел. Оние што соработувале со Христа тогаш ќе бидат близу до Божјиот престол, опашани со чистота и облечени во вечна праведност.“ (In Heavenly Places, стр. 371) {МАР 329.5}

18 ноември

Наградата на оној што придобива души

„Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда – како ѕвездите, во веки, засекогаш.“ (Даниел 12:3) {MAP 330.1}

„Кога размислувам за овие Даниелови зборови, се наоѓам како се будам ноќе и ги повторувам одново и одново: ’Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда – како ѕвездите, во веки, засекогаш‘. Погледнете ги Сонцето и ѕвездите наредени на небото, секоја со своето име. Господ вели: ’оние што мнозина повратиле кон правда – како ѕвездите, во веки, засекогаш‘.“ (In Heavenly Places, стр. 364) {MAP 330.2}

„За да можеме да ја сфатиме важноста на обратувањето на душата од заблудата во вистината, мораме прво да ја сфатиме вредноста на бесмртноста. Мораме да согледаме колку се страшни страдањата на втората смрт и да сфатиме колкава е славата и среќата што ги очекуваат откупените и што значи тоа да се живее во присуство на Оној што умрел за да го издигне и облагороди човекот и на победникот да му даде царска круна. {MAP 330.3}

Ограниченият ум не е во состојба да ја процени вистинската вредност на душата. Со каква благодарност спасените и откупените ќе се сеќаваат на оние што биле орудие за нивното спасение. Никој тогаш нема да ги жали своите несебични напори, истрајно залагање, трпеливо поднесување и сесрдниот копнеж на своето срце за душите, што можеле да бидат изгубени ако тој ја занемарил својата должност или ако се изморил правејќи добро. {MAP 330.4}

Сега тие што ќе бидат облечени во бели облеки се собрани во стадото на Големиот Пастир. Јагнето на престолот ќе го поздрави верниот работник и душите кои се спасени со неговите напори и ќе ги води кон дрвото на животот и изворот на жива вода. Каква радост ќе чувствува Христовиот слуга гледајќи ги овие откупени кои ќе учествуваат во славата на Откупителот! Колку подрагоцено ќе им биде небото на оние што верно работеле во делото за спасување на душите! ’Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда – како ѕвездите, во веки, засекогаш‘ (Даниел 12:3).“ (5. Сведоштво, стр. 620,621) {MAP 330.5}

„Она што е постигнато со соработката на луѓето со Бога никогаш нема да пропадне, туку ќе трае низ целата вечност.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 199) {MAP 330.6}

19 ноември

Мислете на небесните нешта

„А јас му одговорив: ’Ти знаеш, господине.‘ А тој ми рече: ’Тие се што дојдоа од големи маки; тие ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето.‘“ (Откровение 7:14) {МАР 331.1}

„Во видение Јован видел луѓе облечени во бели облеки. ... Тие се наоѓале во Божјиот храм. Меѓу нив ќе бидат оние кои се потпираат врз Христовите заслуги и ги исprале своите облеки во Неговата крв. Сè е подготвено за да можеме да седиме со Христа на Неговиот престол, но условот е да бидеме во согласност со Божјиот закон. ... {МАР 331.2}

Не можеме да си дозволиме да го загубиме Небото. Нашите разговори треба да бидат поврзани со небесните нешта. Таму нема смрт ниту болка. Зошто толку се противиме да разговараме за овие предмети? Зошто се задржуваме на земните работи? Апостолот нè опоменува нашите разговори да ги водиме за Небото. ’А нашето жителство е на небесата, од каде што Го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос.‘ (Филипјаните 3,20) ... Христос наскоро ќе се врати да ги собере подготвените и да ги одведе на славното место. ’така и Христос, откако еднаш се принесе Самиот Себе како жртва, за да ги однесе гревовите на мнозина, вторпат ќе им се јави не веќе како жртва за грев на оние што Го очекуваат, туку за нивно спасение‘ (Евреите 9,28). {МАР 331.3}

Сакаме ли да размислуваме за овој настан или го оставаме настрана? ... Колку повеќе зборуваме за Исуса, толку повеќе ќе го одразуваме Неговиот божествен лик. Гледајќи, се преобразуваме. Христос треба да биде дел од нашето верско искуство. Кога ќе се соберете, поведете разговор за Христа и за Неговото спасение. ... Колку повеќе зборуваме за Исуса, толку повеќе ќе ја забележуваме Неговата неспоредлива убавина.“ (In Heavenly Places, стр. 370) {МАР 331.4}

„Оние кои не наоѓаат задоволство во размислувањето и разговорот за Бога во овој живот, нема да уживаат ни во животот што ќе дојде, каде Бог засекогаш ќе престојува меѓу Својот народ. Но оние кои сакаат да размислуваат за Бога ќе ја дишат небесната атмосфера. Оние кои на Земјата сакаат да размислуваат за Небото ќе бидат среќни во небесното друштво на светиите и во неговите радости. ... ’И нема веќе да има никакво проклетство; престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во градот; Неговите слуги ќе Му служат и ќе го гледаат лицето Негово, а името Негово ќе им биде на челата нивни‘ (Откровение 22,3.4).“ (In Heavenly Places, стр. 370) {МАР 331.5}

20 ноември

Славата на небесниот свет

„Зашто од века не се чуло, до уво не допрело, и никое око не беше видело друг бог, освен Тебе, Кој направил толку многу за оние, кои на Него се надеваат.“ (Исаија 64:3) {MAP 332.1}

„Мнозина сакаат да sирнат во славата на идниот свет и да ги дознаат вечните тајни што не им се откриени, но залудно тропаат. Она што е откриено е за нас и за нашите деца. ... Оној што открива му отворил на нашиот ум многу сознанија потребни за да можеме да ги разбереме небесните убавини и да ја цениме наградата. ... {MAP 332.2}

Она што Исус го открил за небесните нешта може да го цени само духовниот ум. Можеме до крајни граници да ја напрегнеме мечтата за да ја опишеме небесната слава, но ’Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат‘ (1. Коринтјаните 2,9). Небесните суштества се насекаде околу нас. ... Ангелите на светлината создаваат небесна атмосфера околу душата, издигнувајќи нè кон невидливото и вечното. Не можеме да ја видиме нивната појава со овие наши очи. Само со духовен вид можеме да ги распознаеме небесните вистини. Нашите човечки сили би згаснале пред неискажливата слава на ангелите на светлината. Само духовното уво може да ја препознае хармонијата на небесните гласови. Христовата намера не е да ги возбудува чувствата со блескави описи. ... Тој јасно истакнува дека Тој, патот, вистината и животот, е единствениот пат по кој можеме да добиеме спасение. Не се бара ништо повеќе од тоа. {MAP 332.3}

Тој може да нè доведе на прагот на Небото и низ отворените порти да ни ја покаже внатрешната слава која го преплавува небесното Светилиште и свети низ неговите влезови; но тоа мораме да го гледаме со вера, а не со смртни очи. Тој не заборава дека ние сме Негови човечки орудија кои го извршуваат Божјото дело во свет обележан и уништен од проклетството. Во овој свет обвиен во морална темнина како во мртовечки покров, каде мракот ја покрива Земјата и густа темнина народите, ние треба да одиме во небесната светлина.“ (In Heavenly Places, стр. 366) {MAP 332.4}

21 ноември

Поглед кон вечното

„Зашто ние не целиме кон видливото, туку кон невидливото, бидејќи видливото е времено, а невидливото – вечно.“ (2 Коринтјаните 4:18) {МАР 333.1}

„Црквата ако се облече во облеката на Христовата праведност и ако се ослободи од секоја приврзаност кон овој свет, пред неа ќе осамне зора на светол и величествен ден. Божјото ветување што ѝ е дадено ќе остане сигурно за навек. Вистината триумфално ќе помине крај оние што ја презреле и ја отфрлиле. Иако понекогаш се чини забавено, нејзиното напредување никогаш нема да биде запрено. Кога Божјата порака ќе наиде на противење, Тој ѝ додава нова сила за да го засили нејзиното влијание. Надарена со божествена сила, таа ќе си расчисти себеси пат низ најсилните бариери и триумфално ќе совлада секоја пречка. {МАР 333.2}

Што му помагало на Божјиот Син во текот на неговиот напорен и пожртвуван живот? Тој ги видел резултатите на трудот на својата душа и бил задоволен. Насочувајќи го погледот во иднината на вечноста, Тој ја видел среќата на оние на кои, благодарение на неговото понижување, им било простено и добиле вечен живот. До неговото уво допрел радосниот и одушевен триумф на откупените. Чул како тие ја пеат песната на Мојсеја и на Јагнето. {МАР 333.3}

И ние можеме во нашата мечта да ја видиме сликата на иднината - небесното блаженство. Во Библијата се откриени идеалите на идната слава, сцените што ги насликала Божјата рака и што ѝ се мили на неговата црква. Со вера уште сега можеме да стоиме на прагот на вечниот град и да ги слушаме милозвучните зборови на добредојде упатени на оние кои во овој живот соработувале со Христа и кои сметале дека е чест да страдаат заради него. Кога ќе бидат изговорени зборовите: ’Дојдете, благословени од Мојот Отец‘ (Матеј 25:34), тие ќе ги положат своите круни пред нозете на Спасителот триумфирајќи: ’Достојно е закланото Јагне да прими сила и богатство, мудрост и моќ, чест, слава и благослов! ... На Оној Кој седи на престолот, и на Јагнето – благослов и чест, слава и владеење во сите векови!‘ (Откровение 5:12,13). {МАР 333.4}

Таму откупените ќе ги поздравуваат оние што ги довеле кај Спасителот и заедно ќе го слават Оној кој умрел за смртните човечки суштества да добијат живот кој, според долговечноста, може да се спореди со Божјиот живот. Вековниот судир е завршен. На страдањата и на борбите им дошол крај. Низ целото небо се одгласуваат победоносни песни, додека откупените своите гласови ги придружуваат кон радосниот акорд: Достојно, достојно е Јагнето кое беше заклано, и кое повторно живее како славен победник.“ (Делата на апостолите, стр. 601,602) {МАР 333.5}

22 ноември

Блажени се оние што ги перат своите облеки

„Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите.“ (Откровение 22:14) {МАР 334.1}

„Очекуваме ли на крајот да влеземе на Небото и да му се придружиме на небесниот хор? Што се однесува до нашиот карактер, какви што одиме во гробот, такви и ќе излеземе од него. ... Сега е времето за перење и пеглање. ... {МАР 334.2}

Гледајќи го Божјиот престол и мноштвото околу него, Јован прашал: Кои се овие? Одговорот гласел: Оние кои ’ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето‘. (Откровение 7,14) Христос ги води кон изворите на жива вода, каде што се дрвото на животот и драгоцениот Спасител. Тука ни е прикажан живот што се мери со Божјиот живот: таму нема болка, жалост, болест ниту смрт. Насекаде има мир, хармонија и љубов. ... {МАР 334.3}

Сега е време да ја примаме благодатта, поткрепата и силата што треба да се соединат со нашите човечки напори за да оформиме карактер за вечниот живот. Кога го правиме тоа, ќе откриеме дека ни служат Божјите ангели и ќе бидеме Божји наследници и сонаследници со Исуса Христа. Кога ќе затруби последната труба и мртвите ќе бидат повикани од своите темници, кога за еден миг ќе бидат преобразени, главите на победниците ќе бидат крунисани со круни на бесмртна слава. Бисерните порти ќе се отворат за народот што ја запазил вистината и тој ќе влезе. Борбата завршила. {МАР 334.4}

’Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот‘ (Матеј 25,34). Го сакаме ли тој благослов? Јас го сакам и верувам дека го сакате и вие. Бог нека ни помогне да се бориме во битките на овој живот и да извојуваме победа од ден на ден, за на крајот да бидеме меѓу оние што ќе ги положат своите круни крај Исусовите нозе, ќе ги земат златните харфи и ќе го исполнат целото Небо со најпрекрасна музика. Сакам да Го љубите мојот Исус. ... Не отфрлајте Го Спасителот, зашто Тој платил бесконечна цена за вас. Во Исуса гледам неспоредлива привлечност и сакам и вие да ја видите таа привлечност.“ (In Heavenly Places, стр. 369) {МАР 334.5}

23 ноември

Судот во текот на илјада години

„Не знаете ли дека ангели ќе судиме, а не, пак, она секојдневното?“ (1 Коринтјаните 6:3) {МАР 335.1}

„За време на овие илјада години, меѓу првото и второто воскресение, ќе им се суди на грешниците. Апостол Павле укажува на овој суд како на настан што се случува по второто Христово доаѓање. ’Не судете ништо предвреме, додека не дојде Господ, Кој ќе го изнесе на видело сокриеното во мракот и ќе ги објави намерите на срцата‘ (1. Коринтјаните 4:5). Даниел кажува дека, кога ќе дојде Старецот, ќе им го даде судот ’на светиите од Севишниот‘ (Даниел 7:22). Во ова време праведниците ќе владеат како цареви и свештеници на Бога. Јован во Откровението кажува: ’И видов престоли и седнати на нив, на кои им беше дадено да судат... Ќе бидат свештеници на Бога и ќе царуваат со него илјада години‘ (Откровение 20:4,6). Во ова време, како што предвидел Павле, ’светиите ќе го судат светот‘ (1. Коринтјаните 6:2). Заедно со Христа тие ќе им судат на грешниците споредувајќи ги нивните дела со Книгата на законот, со Библијата, и ќе го решат случајот на секој поединец според делата што ги направил во животот. Тогаш казната што мора да ја искусат грешниците ќе биде одмерена според нивните дела и запишана покрај нивното име во книгата на смртта. {МАР 335.2}

Христос и Неговиот народ ќе им судат на сатаната и на неговите зли ангели. Павле кажува: ’Не знаете ли дека ангели ќе судиме?‘ (1. Коринтјаните 6:3). А апостол Јуда изјавува: ’Ангелите, пак, што не се покоруваа на своето началство, и го напуштија живеалиштето, ги стави во вечни окови, во мрак за суд на големиот ден‘ (Јуда 6). {МАР 335.3}

По истекот на овие илјада години, ќе настапи второто воскресение. Тогаш грешниците ќе воскреснат од мртвите и ќе се појават пред Бога за над нив да се изврши ’напишаниот суд‘ (Псалм 149:9). Така писателот на Откровението, откако го опишал воскресението на праведниците, вели: ’Другите, пак, од умрените не оживеаја додека не се навршија илјада години‘ (Откровение 20:5). А Исаија, за грешниците, изјавува: ’И ќе бидат собрани наедно како затвореници во затвор, и ќе бидат заклучени во темница и по многу денови ќе бидат казнети‘ (Исаија 24:22).“ (Големата борба, стр. 660,661) {МАР 335.4}

24 ноември

Христос повторно се враќа на Земјата

„А за овие пророкуваше и Енох, седмиот од Адам, зборувајќи: ’Ете, доаѓа Господ со илјадници Свои свети ангели, за да изврши суд над сите и за да ги разобличи сите безбожници за сите нивни нечисти дела, што ги беа направиле со своето беззаконие, и за сите лоши зборови, што ги изрекле за Него безбожните грешници.‘“ (Јуда 1:14,15) {МАР 336.1}

„По истекот на илјада години (Откровение 20:7), Христос во придружба на мноштвото откупени и илјадници ангели, повторно се враќа на Земјата. Додека се спушта во Својата неопислива величественост, Тој ги повикува мртвите грешници да станат за да ја чујат својата пресуда. Тие излегуваат од гробовите во огромно мноштво, безбројни како морскиот песок. Каква разлика меѓу нив и оние што станале во првото воскресение! Праведниците беа облечени во бесмртна младост и убавина. Грешниците ги носат на себе трагите на болеста и смртта. {МАР 336.2}

Секое око на ова огромно мноштво е насочено кон славата на Божјиот Син. Едногласно грешниците извикнуваат: ’Благословен е Оној, Кој иде во името Господово!‘ Тие не го изговараат тоа од љубов кон Исуса. Силата на вистината ги тера да ги изговорат овие зборови спротивно на нивната волја. Какви што отишле во своите гробови, грешниците такви и излегуваат од нив: со истото непријателство кон Исуса и со истиот бунтовнички дух. Тие нема да имаат ново време на милост за да можат да ги исправат грешките на својот поранешен живот. Со тоа ништо не би се постигнало. Целиот живот исполнет со престапи, не ги омекнал нивните срца. Кога би им се дало уште едно време на милост, тие, исто како и првото, би го поминале во презирање на Божјите заповеди и во предизвикување на бунт против Него. {МАР 336.3}

Христос се спушта на Маслиновата Гора од каде што по Своето воскресение се вознел на небото, и каде што ангелите го повториле ветувањето за Неговото враќање. Пророкот вели: ’ќе дојде Господ, мојот Бог, и сите светии со Него‘. ’И ќе застанат нозете Негови на Маслиновата Гора во оној ден, што се наоѓа спроти Ерусалим од источната страна: и ќе се расцепи Маслиновата Гора од исток кон запад со многу голема долина‘. ’И Господ ќе биде Цар над целата земја‘ (Захарија 14:5,4,9). Кога новиот Ерусалим во својот блескав сјај ќе се спушти од небото, ќе се постави на место исчистено и подготвено за тоа, а Христос со Својот народ и ангелите ќе влезе во Светиот град.“ (Големата борба, стр. 662,663) {МАР 336.4}

25 ноември

Сатаната е ослободен од заробеништвото

„А кога ќе се навршат илјада години, сатаната ќе биде пуштен од затворот свој, и ќе излезе да ги лаже народите по четирите краишта на земјата, Гог и Магог, и да ги собере за војна; нивниот број е колку морскиот песок.“ (Откровение 20:7,8) {МАР 337.1}

„По истекот на овие илјада години, ќе настапи второто воскресение. Тогаш грешниците ќе воскреснат од мртвите и ќе се појават пред Бога за над нив да се изврши ’напишаниот суд‘ (Псалм 149:9). Така писателот на Откровението, откако го опишал воскресението на праведниците, вели: ’Другите, пак, од умрените не оживеаја додека не се навршија илјада години‘ (Откровение 20:5). А Исаија, за грешниците, изјавува: ’И ќе бидат собрани наедно како затвореници во затвор, и ќе бидат заклучени во темница и по многу денови ќе бидат казнети‘ (Исаија 24:22).“ (Големата борба, стр. 661) {МАР 337.2}

„Сега сатаната се подготвува за последната битка за превласт. Додека бил лишен од својата моќ и немал кого да измамува, кнезот на злото бил несреќен и огорчен. Но штом ќе воскреснат мртвите грешници, и тој на своја страна ќе види толкаво мноштво, неговите надежи пак оживуваат и тој одлучува да не ја напушти големата борба. Тој под своето знаме ќе ја собере сета војска на изгубените и со нивна помош ќе се обиде да ги оствари своите планови. Грешниците се робови на сатаната. Отфрлајќи го Христа, тие ја прифатиле власта на бунтовниот лидер. Тие се готови да ги прифатат неговите предлози и да ги извршат неговите наредби. Но, верен на своето поранешно лукавство, тој не признава дека е сатана. Тој тврди дека е вистински господар на светот, на кого му е одземено наследството на незаконит начин. Тој на своите заведени приврзаници им се претставува како спасител, уверувајќи ги дека неговата моќ ги подигнала од гробовите и дека тој сега сака да ги спаси од најсуровата тиранија. Бидејќи Христос е отсутен, сатаната прави чуда за да го поткрепи своето тврдење. Тој слабите ги прави силни и сите ги инспирира со својот дух и енергија. Тој предлага да ги поведе во борба против таборот на светите и да го заземат Божјиот град. Со пеколен триумф укажува на безбројните милиони кои се воскреснати од мртвите и тврди дека тој како нивни водач е способен да го освои градот и повторно да го придобие својот престол и своето царство.“ (Големата борба, стр. 663) {МАР 337.3}

26 ноември

Безбожниците се подготвуваат за напад на Новиот Ерусалим

„А кога ќе се навршат илјада години, сатаната ќе биде пуштен од затворот свој, и ќе излезе да ги лаже народите по четирите краишта на земјата, Гог и Магог, и да ги собере за војна; нивниот број е колку морскиот песок.“ (Откровение 20:7,8) {MAP 338.1}

„Во оваа огромна толпа народ се наоѓаат многу од поколенијата на долговечните жители на претпотопниот свет, луѓе со висок раст и со силен ум, кои, препуштајќи ѝ се на власта на паднатите ангели, сета своја способност и знаење ги посветиле за да се издигнат себеси; луѓе кои со своите чудесни уметнички дела го навеле светот да ја обожува нивната генијалност, но нивната суровост и злите пронајдоци осквернувајќи ја земјата и изопачувајќи ја Божјата слика му дале на Господа повод да ги отстрани од лицето на земјата како Негови созданија. Тука се царевите и генералите кои покорувале народи, храбри луѓе кои никогаш не изгубиле битка; горделиви и амбициозни воини пред кои трепереле царствата. Тие ни во смртта не се промениле. Кога излегле од гробовите, го продолжиле текот на своите мисли токму таму каде што се прекинал. Истата желба за освојување што ги раководела кога паднале, ги поттикнува и сега. {MAP 338.2}

Сатаната се договара со своите ангели, а потоа и со овие цареви, освојувачи и силни луѓе. Набљудувајќи ја силата и бројот на нивната страна, изјавуваат дека војската во градот е мала во споредба со нивната и лесно може да се совлада. Прават планови како да го заземат богатството и славата на Новиот Ерусалим. Сите веднаш почнуваат да се подготвуваат за борба. Прочуените мајстори изработуваат воени орудија. Генералите, познати по своите успеси, ги организираат многубројните борци во чети и дивизии. {MAP 338.3}

Најпосле се дава заповед за тргнување, и безбројното мноштво трга напред, војска каква што никогаш не собрале земните освојувачи, со неа не можат да се споредат ниту сите обединети сили на сите времиња откако почнала војна на земјата. Најмоќниот воин, сатаната, ги предводи, а неговите ангели ги обединуваат своите сили за последната битка. Царевите и војниците се во негова непосредна придружба, а народот ги следи во организирани формации, секоја предводена од својот лидер. Со воена прецизност се движат збиените редови преку испуканата и нерамна земна површина, кон Божјиот град. На Исусова заповед се затвораат портите на Новиот Ерусалим, а војската на сатаната го опколува градот и се подготвува за напад.“ (Големата борба, стр. 664) {MAP 338.4}

27 ноември

Конечниот суд

„Потоа ги видов мртвите, мали и големи, како стојат пред Бога; се отворија книги, и друга книга се отвори – книгата на животот; и судени беа мртвите според запишаното во книгите, според делата нивни.“ (Откровение 20:12) {МАР 339.1}

„Сега Христос повторно се покажува на видикот на Своите непријатели. Високо над градот, на темел од блескаво злато, стои престол, величествен и возвишен. На овој престол седи Божјиот Син, а околу Него се поданиците на Неговото царство. Исусовата моќ и величество не можат да се опишат со ниту еден јазик, со ниедно перо. Славата на вечниот Отец го опкружува Неговиот Син. Сјајот на Неговото присуство го исполнува Божјиот град и се разлева надвор од градот распространувајќи ги своите зраци по целата земја. {МАР 339.2}

Најблиску до престолот се оние кои некогаш ревнувале за делото на сатаната, но кои, како гламни, биле истргнати од огнот и почнале да го следат Спасителот со длабока, искрена посветеност. По нив следат оние кои и покрај тоа што биле опкружени со лаги и неверство изградиле совршен христијански карактер, потоа оние кои го почитувале Божјиот закон кога христијанскиот свет го прогласил за безвреден и безначаен, и милиони верници од сите времиња кои заради својата вера претрпеле маченичка смрт. А зад нив се наоѓа ’големо мноштво народ, кое никој не можеше да го преброи, – од сите племиња и колена, народи и јазици; тие стоеја пред престолот и пред Јагнето, облечени во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете‘ (Откровение 7:9). {МАР 339.3}

Откупените го подигаат својот глас во песна на благодарност која одзвонува низ небесниот свод: ’За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот, и на Јагнето!‘ (Откровение 7:10). Небесните ангели со своите гласови им се придружуваат во славењето на Бога. ... {МАР 339.4}

Во присуство на собраните жители на небото и Земјата, конечно се извршува крунисувањето на Божјиот Син. И сега, облечен во врвно величество и сила, Царот над царевите ја изрекува пресудата над бунтовниците против Неговото владеење, и ја извршува правдата над оние што го престапувале Неговиот закон и го угнетувале Неговиот народ. ... {МАР 339.5}

Штом ќе се отворат книгите со извештаите и Исусовото око ќе ги погледне непокајаните, тие веднаш ќе станат свесни за секој свој грев што го направиле.“ (Големата борба, стр. 665,666) {МАР 339.6}

28 ноември

Секое дело ќе биде изведено на суд

„Зашто Бог ќе ја изведе на суд секоја работа, и што е тајно, било да е добро или лошо.“ (Проповедник 12:14) {МАР 340.1}

„Во случајот на секој поединец се одвива процес кој восхитува далеку повеќе од оној со кој цртите се пренесуваат врз полираната плоча на уметникот. Уметноста на фотографот само остава отисок на ликот врз распадлива материја, но во животниот извештај карактерот е верно прикажан, и тој извештај, колку и да е мрачен, никогаш не може да се избрише освен со крвта на Жртвата за помирување.“ (Review and Herald, 4. ноември 1884.) {МАР 340.2}

„Божјите ангели го забележуваат отисокот на карактерот толку прецизно како што уметникот ги пренесува цртите на човечкиот лик и ... врз основа на тоа ќе ни се суди!“ (Review and Herald, 2. февруари 1886.) {МАР 340.3}

„Кога судот ќе заседне и книгите ќе се отворат, ќе има многу зачудувачки откритија. Луѓето тогаш нема да изгледаат онака како што им изгледаат на човечките очи и на ограниченото човечко расудување. Тајните гревови тогаш ќе бидат видливи за сите. Ќе се откријат побудите и намерите скриени во мрачните одаи на срцето.“ (Review and Herald, 1. јануари 1884.) {МАР 340.4}

„Сè ќе се види токму онака како што се случило.“ (Review and Herald, 13. јануари 1891.) {МАР 340.5}

„Во тоа свечено и страшно време ќе се откријат неверството на мажот кон жената и неверството на жената кон мажот. Родителите тогаш првпат ќе видат каков е вистинскиот карактер на нивните деца, а децата ќе ги видат грешките што ги обележале животите на нивните родители. Оној што со измама го ограбил својот сосед нема да се извлече со својата нечесна добивка. Бог има точен извештај во Своите книги за секоја неправедна сметка и за секое нечесно дело.“ (Review and Herald, 27. март 1888.) {МАР 340.6}

„Сеќавањето ќе биде вистинско и живо во осудата на виновните кои во тој ден ќе се најдат лесни. Умот ќе се сети на сите мисли и дела од минатото; целиот живот ќе се одвива како сцени во панорама.“ (Review and Herald, 4. ноември 1884.) {МАР 340.7}

29 ноември

Христос е Судијата

„Отецот не суди никого, туку целиот суд Му го предаде на Синот;“ (Јован 5:22) {МАР 341.1}

„Во Своето учење Христос настојувал да остави длабок впечаток врз луѓето, зборувајќи за сигурноста на претстојниот суд и за неговиот јавен карактер. Тоа не е суд за неколку поединци, па дури ни за еден народ, туку суд за целиот свет, за сите разумни суштества. Тој треба да се одржи во присуство на другите светови, за човечката љубов, чесност и служба на Бога да ја добијат најголемата награда. Славата и честа нема да изостанат. ... Божјиот закон ќе биде откриен во сето свое величество, а оние кои упорно и дрско се бунтувале против неговите свети одредби ќе сфатат дека Законот што го отфрлале, презирале и газеле е Божјото мерило за карактерот. ... {МАР 341.2}

Кон оваа точка во вселената небесата покажуваат најголем интерес, зашто Исус платил бесконечна цена за душите на нејзините жители. ... Бог Му го доверил целиот суд на Синот, зашто несомнено Тој е ’Бог, Кој се јави во тело‘. {МАР 341.3} {МАР 341.4}

Бог определил Кнезот на страдањата, во човечки облик, да му суди на целиот свет. Оној што дошол од небесните дворови за да го спаси човекот од вечната смрт, ... Оној што се согласил да биде изведен пред земен суд и што претрпел срамна смрт на крст — Тој самиот треба да ја изрече пресудата за казна или награда. Оној што ги поднел страдањето и понижувањето на крстот треба во Божјиот совет да ја добие заслужената награда и да се искачи на престолот, зашто целата вселена Го признава како Цар на светиите. Тој го презел делото на спасението и покажал пред непаднатите светови и пред небесното семејство дека може да го доврши делото што го започнал. ... Во денот на конечната казна и награда, и светиите и грешниците ќе Го препознаат во Распнатиот Судијата на сите живи. ... {МАР 341.5}

Свечен ќе биде денот на конечната одлука. ... Времето на милоста ни дава можност и предност да ги утврдиме својот повик и избор. Колку треба да го цениме драгоценото време и да го умножуваме секој талант што Бог ни го дал, за да бидеме верни управители на самите себе!“ (Review and Herald, 22. ноември 1898.) {МАР 341.6}

30 ноември

Награди и казни

„Тогаш Царот ќе им каже на оние што Му се од десната страна: „Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот;“ (Матеј 25:34) {МАР 342.1}

„Спасителот ни ги прикажува сцените на конечниот суд, кога оние од Неговата десна страна ќе добијат награда, а оние од левата страна казна. Праведниците се прикажани како се чудат, не знаејќи што сториле за да бидат толку великодушно наградени. Христос постојано престојувал во нивните срца; биле проникнати со Неговиот Дух и без свесен напор од своја страна Му служеле на Христа служејќи им на Неговите светии, и така добиле сигурна награда. Но не очекувале никаква награда, па тоа не била побудата што ги поттикнувала на служба. Сè што направиле било од љубов кон Христа и кон нивните ближни, а Христос се поистоветува со напатеното човештво и смета дека сите дела направени од сочувство, сожалување и љубов кон луѓето Му се направени Нему. ... {МАР 342.2}

Наградата треба да ја цениме, но таа треба да стои на второ место во однос на љубовта кон Бога и кон ближните. Но ако го цениме ветувањето за благословите, треба да имаме совршена доверба во Исуса Христа, верувајќи дека Тој ќе постапи правилно и ќе ни даде награда според нашите дела. Божјиот дар е вечен живот, но Исус не би сакал премногу да се грижиме за наградите, зашто треба да ја извршуваме Божјата волја затоа што е исправно, без оглед на наградата. ... {МАР 342.3}

Оние кои во својата работа и ревност покажале нежно сочувство кон сиромашните, сираците, угнетените и несреќните ќе примат богата награда. ... Околу нас има луѓе со кроток и едноставен дух, со Христов дух, кои прават мали нешта за да им помогнат на луѓето околу себе, без воопшто да мислат на тоа. На крајот ќе бидат зачудени кога ќе дознаат дека Христос ги слушал љубезните зборови упатени кон обесхрабрените и го видел и најмалиот дар даден со самоодрекување за да се олесни товарот на сиромашните. Господ го мери духот и соодветно наградува, а чистиот, понизен дух на љубов, сличен на детскиот, ја прави жртвата драгоцена во Неговите очи.“ (Review and Herald, 3. јули 1894.) {МАР 342.4}

1 декември

Панорамска сцена над Светиот град

„Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил, според она што го извршил во телото свое, било добро или зло.“ (2 Коринтјаните 5:10) {МАР 343.1}

„Над престолот се појавува крст; и како панорамски поглед се прикажуваат сцените на Адамовото искушение и неговиот пад, како и последователните чекори преземени со големиот план на спасението. Раѓањето на Спасителот во понизност, Неговата едноставност и послушност во младоста, крштевањето во Јордан, постот и искушението во пустината; Неговата јавна служба што им ги открива на луѓето најдрагоцените небесни благослови, деновите исполнети со дела на љубов и милост, ноќите на молитва и бдеење на горите, во самотија; заговорите од завист, омразата и пакоста како возврат за сите Негови добри дела, страшната и таинствена агонија во Гетсиманија под притисок на товарот на гревовите на целиот свет; предавството во рацете на злосторничкиот џган; страшните настани, онаа ноќ на ужас - кога како затвореник не давајќи никаков отпор, бил напуштен од Своите сакани ученици и насилно влечен низ ерусалимските улици; изведувањето на Божјиот Син пред Ана и пред судот во палатата на првосвештеникот, потоа водењето во Пилатовата судница и пред кукавичкиот и свиреп Ирод; исмејуван, навредуван, малтретиран и најпосле осуден на смрт - сето тоа живописно е прикажано. {МАР 343.2}

А потоа, пред мноштвото што трепери, се откриваат последните сцени: трпеливиот Маченик чекори по патеката кон Голгота; небесниот Кнез виси на крстот; горделивите свештеници и злобниот народ ја исмеваат Неговата претсмртна агонија; натприродната темнина; земјотресот, одронетите карпи и отворените гробови го означуваат моментот кога Откупителот на светот издивнал. {МАР 343.3}

Страшните сцени се појавуваат токму онака како што се одиграле. Сатаната, неговите ангели и неговите поданици немаат сила да го одвратат својот поглед од сликата која толку верно ги прикажува нивните постапки. Секој актер се присетува на улогата што ја одиграл. ... Сите ја гледаат големината на својата вина. Залудно се обидуваат да се скријат пред божественото величество на Неговото лице кое го надминува сјајот на Сонцето, додека откупените ги стават своите круни пред нозете на Спасителот извикувајќи: ’Тој умре за мене!‘“ (Големата борба, стр. 666,667) {МАР 343.4}

2 декември

Историските личности на судот

„Се колнам во Себе Самиот: од устата Моја излегува правда, збор неизменлив, дека пред Мене ќе се преклони секое колено, во Мене ќе се колне секој јазик. Само во Господ, ќе велат за Мене, има правда и сила; при Него ќе дојдат и посрамени сите, што непријателствувале против Него.“ (Исаија 45:23,24) {MAP 344.1}

„Среде откупената толпа се наоѓаат и Христовите апостоли: храбриот Павле, ревниот Петар, саканиот и возљубен Јован и нивните верни и искрени браќа, и со нив големиот број маченици; додека надвор од ѕидовите, заедно со сите злобни и одвратни, се наоѓаат оние кои ги прогонувале, затворале и убивале. Тука е Нерон, чудовиште на суровоста и злосторството, кој сега ја гледа радоста и возвишеноста на оние кои некогаш ги мачел и во нивните најтешки маки наоѓал сатанско задоволство. Тука е и неговата мајка да ги види последиците на своето дело; да го види лошиот печат што го пренела врз карактерот на својот син, да види како страстите што ги поттикнувала и ги развивала во него со своето влијание и пример, донеле плод во злосторствата од кои целиот свет се грозел.“ (Големата борба, стр. 667,668) {MAP 344.2}

„Таму ... е гордиот, славољубив Наполеон, од чие приближување трепереле царства.“ (Рани списи, стр. 293) {MAP 344.3}

„Тука се папските свештеници и прелатите кои тврделе дека се Христови пратеници, но сепак употребувале направи за мачење, затвори и клади за да владеат со совеста на Неговиот народ. Тука се горделивите папи кои се издигале над Бога, осмелувајќи се да го менуваат Законот на Севишниот. Овие таканаречени црковни отци мора да дадат отчет пред Бога, кој толку би сакале да го избегнат. Премногу доцна увидуваат дека Сезнајниот ревнува за Својот закон и никого нема да го ослободи од вината. Сега согледуваат дека Христос Своите интереси ги изедначува со интересите на Својот изнамачен народ; и тие ја чувствуваат силата на Неговите зборови: ’доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле‘ (Матеј 25:40). {MAP 344.4}

Сиот грешен свет стои пред Божјиот суд обвинет за велепредавство против небесното владеење. Тие немаат никого кој би се залагал за нив; тие се без оправдување и над нив се изрекува пресуда за вечна смрт.“ (Големата борба, стр. 668) {MAP 344.5}

3 декември

Грешниците ја признаваат Божјата праведност

„А ти, зошто го осудуваш братот свој! Или ти, што го укоруваш братот свој? Зашто сите ќе застанеме пред судот Христов. Зашто е напишано: 'Јас сум жив, вели Господ, зашто пред Мене ќе се свитка секое колено и секој јазик ќе Го славослови Бога.'" (Римјаните 14:10,11) {МАР 345.1}

„Како хипнотизирани, грешниците го гледаат крунисувањето на Божјиот Син. Тие во Неговите раце ги гледаат плочите на Божјиот Закон, заповедите што ги презирале и престапувале. Тие ги набљудуваат изливите на восхит, воодушевување и длабока почит на спасените; и додека звуците на мелодиите како незадржливи бранови се разлеваат преку sидовите и допираат до безбројното мноштво кое се наоѓа надвор од градот, сите едногласно извикуваат: 'Големи и чудесни се делата Твои, Господи Боже Седржителе! Праведни и вистинити се Твоите патишта, Царе на народите!' (Откровение 15:3), и паѓајќи ничкум, му се поклонуваат на Кнезот на животот. {МАР 345.2}

Сатаната изгледа како парализиран додека ја набљудува славата на Христовото величество. Оној, кој некогаш бил херувим засолнувач, си спомнува од каде паднал. Сјајниот серафим, 'синот на зората', колку се променил, колку е деградиран! Тој засекогаш е исклучен од небесниот совет каде што некогаш бил почитуван. Сега гледа друг како стои близу до Отецот и ја засолнува Неговата слава. Тој гледа како круната на Христовата глава ја положува еден ангел со висока става и со величествен изглед и знае дека високата положба на овој ангел можела да биде негова. {МАР 345.3}

Тој си спомнува за домот на својата невиност и чистота ... Додека го набљудува своето царство и плодовите на својот труд, гледа само неуспех и пропаст. ... {МАР 345.4}

Но дошло време да се стави крај на бунтот, а историјата и карактерот на сатаната да бидат откриени. Во својот последен голем обид да го собори Христа од престолот, да го уништи Неговиот народ и да го заземе Божјиот град, големиот измамник е наполно разобличен. Оние што се здружиле со него го увидуваат целосниот неуспех на неговиот потфат. ... Тој е предмет на општ презир. {МАР 345.5}

Сатаната увидува дека неговиот самоволен бунт го направил недостоен за небото. Тој ги обучил своите сили да војуваат против Бога. Небесната чистота, мирот и хармонијата сега за него би биле најголема тортура. Неговите обвинувања против Божјата милост и правда сега се замолчени. Срамот што настојувал да го фрли врз Јехова паднал врз него. И сега сатаната се поклонува пред Бога и ја признава праведноста на својата осуда." (Големата борба, стр. 668–670) {МАР 345.6}

4 декември

Божјиот карактер е оправдан

„И ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот слуга, и песната на Јагнето, велејќи: ’Големи и чудесни се делата Твои, Господи Боже Седржителе! Праведни и вистинити се Твоите патишта, Царе на народите!‘“ (Откровение 15:3) {МАР 346.1}

„Секое прашање за вистината и заблудата во долготрајната борба, сега е разјаснето. Последиците на бунтот, плодовите на престапувањето на божествените прописи, сега отворено се изложени пред сите создадени суштества. Целата вселена ја гледа разликата меѓу сатанското владеење и Божјото владеење. Сатаната го осудиле неговите сопствени дела. Божјата мудрост, Неговата праведност и добрина, сега се целосно оправдани. Јасно се гледа дека сите Негови постапки во големата борба биле спроведени во интерес на вечното добро на Неговиот народ и на сите светови што ги создал. ... Историјата на гревот низ целата вечност ќе сведочи дека среќата на сите Божји созданија е неразделно поврзана со постоењето на Божјиот закон. Имајќи ги пред очи сите факти на големата борба, жителите на целата вселена, и оние што му останале верни на Бога и оние што се побуниле, едногласно изјавуваат: ’Праведни и вистинити се Твоите патишта, Царе на народите‘ (Откровение 15:3). {МАР 346.2}

Пред целиот универзум јасно е прикажана големата жртва што ја поднеле Отецот и Синот заради човекот. Дојде часот кога Христос ја зазема Својата заслужена положба и се прославува над сите царства, над сите сили и над секое име. Тој претрпел крст и поднел срам само заради радоста што му била ветена - дека многу души ќе доведе во славата. Иако претрпената болка и срамот биле несфатливо големи, сепак, радоста и славата се уште поголеми. Тој ги гледа откупените обновени во Неговиот лик, секое срце носи совршен отпечаток на божеството, и секое лице ја одразува сличноста со својот Цар. Тој во нив го гледа резултатот од трудот на Својата душа и е задоволен. Тогаш, со гласот што го слушаат собраните праведници и мноштвото грешници, изјавува: ’Еве го откупот на Мојата крв! За нив страдав, за нив умрев за да живеат во Мое присуство низ бескрајните времиња на вечноста‘. А од оние што се облечени во бели облеки собрани околу престолот, се издига песна на благодарност: ’Достојно е закланото Јагне да прими сила и богатство, мудрост и моќ, чест, слава и благослов!‘ (Откровение 5:12).“ (Големата борба, стр. 670,671) {МАР 346.3}

5 декември

Гревот и грешниците се уништени

„Зашто, ете, доаѓа ден, вжарен како печка; тогаш сите горди и оние, кои постапуваат нечесно, ќе бидат како слама, и ќе ги изгори денот што иде, вели Господ Саваот; и така, нема да остане од нив ни корен, ниту гранчиња.“ (Малахија 3:19) {МАР 347.1}

„Иако сатаната е присилен да ја признае Божјата праведност и да се поклони пред Христовиот врховен авторитет, неговиот карактер останува непроменет. Духот на бунтот, како моќен порој, повторно избувнува. Исполнет со бес, тој одлучува да не отстапи од големата борба. Дојде мигот за последната очајна битка против небесниот Цар. Тој се втурнува меѓу своите приврзаници и се обидува да ги поттикне со својот бес веднаш да тргнат во битка. Но меѓу безбројните милиони кои со измама ги вовлекол во побуна против Бога, нема повеќе ниеден кој ја признава неговата превласт. Неговата моќ е при крај. Грешниците се исполнети со иста омраза против Бога како и сатаната. Но тие увидуваат дека нивниот случај е безнадежен и дека не можат да се борат против Бога. Нивната омраза сега се распалува против сатаната и против оние што биле негови орудија во делото на измамата, и со демонски бес се свртуваат против нив. {МАР 347.2}

Господ вели: ’Бидејќи го изедначуваш твојот ум со умот на Бога, еве, Јас ќе доведам против тебе туѓинци, највешти меѓу народите, и тие ќе ги извадат своите мечеви против убавината на твојата мудрост и ќе го помрачат твојот блесок; тие ќе те турнат во гроб‘. ’те истерав тебе, херувиме – заштитник, среде огнени камења ... Јас те соборив на земја, те предадов на потсмев пред царевите ... Јас те претворив во пепел на земјата пред очите на сите, што те гледаат ... ти стана за ужас и исчезна засекогаш‘ (Езекиел 28:6-8,16-19). ... {МАР 347.3}

Од небото од Бога слегува оган. Земјата се отвора. Оружјето скриено во нејзините длабочини се исфрла надвор. Од секоја отворена бездна блика пламен што голта. И самите карпи горат. Дошол денот вжарен како печка. Стихиите се растопуваат во огнот, а Земјата и делата на неа изгоруваат.“ (Големата борба, стр. 671,672) {МАР 347.4}

6 декември

Само еден спомен на гревот

„Ако на праведникот му се плаќа на земјата, дотолку повеќе на нечестивиот и на грешниот.“ (Изреки 11:31) {МАР 348.1}

„Грешниците ја примаат својата плата на земјата (Изреки 11:31). Тие ќе бидат ’како слама, и ќе ги изгори денот што иде, вели Господ Саваот‘ (Малахија 3:19). Некои ќе бидат уништени во еден миг, додека други ќе страдаат повеќе денови. Сите ќе бидат казнети ’според своите дела‘. Бидејќи гревовите на праведниците се пренесени врз сатаната, тој мора да страда не само за своите лични гревови, туку и за сите гревови на кои го навел Божјиот народ. Неговата казна ќе биде далеку поголема од казната на оние што ги измамил. Кога ќе бидат уништени сите што подлегнале на неговите измами, тој и понатаму ќе биде жив и ќе се мачи. Најпосле сите грешници ќе бидат уништени со огнот што ги чисти и коренот и гранките - сатаната како корен, а неговите следбеници како гранки.“ (Големата борба, стр. 673) {МАР 348.2}

„Сатаната и сите што му се придружиле во бунтот ќе бидат уништени. ... Тогаш ’Уште малку, и грешникот ќе го нема; ќе го побараш местото негово и нема да го најдеш‘. ’и ќе бидат како никогаш да не биле‘ (Псалм 37,10; Авдија 16).“ (Копнежот на вековите, стр. 763) {МАР 348.3}

„Божјата правда е задоволена. Светиите и сите ангелски војски гласно велат: Амин. {МАР 348.4}

Додека Земјата е обвиена во пламенот на Божјата одмазда, праведниците живеат безбедно во Светиот град. Над оние што имале дел во првото воскресение втората смрт нема власт (Откровение 20,6). Додека за грешниците Бог е оган што голта, за Својот народ Тој е сонце и штит (Псалм 84,11).“ (The Story of Redemption, стр. 429) {МАР 348.5}

„Огнот кој ги уништува грешниците ја прочистува земјата. Секоја трага на проклетството е отстранета. Никаков вечен пекол нема да ги потсетува откупените на страшните последици на гревот. {МАР 348.6}

Останува само еден споменик: нашиот Откупител секогаш ќе ги носи лузните на Своето распетие. ... Сè што било загубено со гревот повторно е обновено. ... Божјата првобитна намера при создавањето е остварена кога Земјата станува вечен дом на откупените. ’Праведните ќе ја наследат земјата и ќе живеат на неа вечно‘ (Псалм 37,29).“ (Големата борба, стр. 674) {МАР 348.7} {МАР 348.8}

7 декември

Припаѓаме на царското семејство

„Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е.“ (1 Јованово 3:2) {МАР 349.1}

„Има ли некоја земна титула или чест еднаква на оваа — да се биде Божји син, дете на небесниот Цар, член на царското семејство? ... Земното благородништво го сочинуваат само луѓе. Тие умираат и се враќаат во правот. Нема трајно задоволство во пофалбите и почестите што ги добиваат. Но честа што доаѓа од Бога е вечна. Да се биде Божји наследник и сонаследник со Христа значи да се има право на неистражени богатства — богатства со толкава вредност, што во споредба со нив земното злато и сребро, бисерите и скапоцените камења исчезнуваат во својата безначајност.“ (Review and Herald, 10. јуни 1884.) {МАР 349.2}

„Да се биде во заедница со Таткото и Неговиот Син Исус Христос значи постојано да се издигнувате духовно и да бидете соучесници во неискажаните радости и во неминливата слава. Храната, облеката, положбата и богатството можат да имаат своја вредност, но најдрагоцена вредност е да се одржува заедница со Бога и да се биде соучесник во Неговата божествена природа. Нашиот живот треба да биде скриен со Христа во Бога, и тогаш иако ’уште не се покажа што ќе бидеме‘ - кога ќе се појави Христос Кој е наш живот, – ’ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е‘. Царското достоинство на христијанскиот карактер ќе блеска како сонце, а зраците на светлината од Христовото лице ќе се одразуваат јасно на оние кои ќе се очистат од гревовите и ќе бидат чисти како што е Тој. Предноста да станеме Божји синови е евтино платена, дури и ако поради тоа треба да жртвуваме сè што имаме, па и самиот живот.“ (4. Сведоштво, стр. 357) {МАР 349.3}

„Кога Јован во својата смртна состојба ја видел Божјата слава, паднал како мртов бидејќи не можел да ја поднесе таа сцена. Меѓутоа, кога Божјите деца ќе се облечат во бесмртност, за нив ќе се исполни ветувањето: ’ќе Го видиме каков што е‘ (1 Јованово 3:2). Тие ќе стојат пред престолот прифатени од Возљубениот. Сите нивни гревови ќе бидат простени, сите нивни престапи избришани. Тогаш ќе можат да ја гледаат сета слава на Божјиот престол. Тие учествувале со Христа во Неговите маки, соработувале со Него во планот за откупување и затоа со Него ќе ја делат радоста кога во Божјото царство ќе ги видат спасените кои таму ќе Го слават Бога низ целата вечност.“ (9. Сведоштво, стр. 285) {МАР 349.4}

8 декември

Работа што донесува задоволство

„А Исус им одговараше: ’Мојот Отец досега работи, и Јас работам.‘“ (Јован 5:17) {MAP 350.1}

„Небото е место на интересна дејност; за изнемоштените и обременетите кои се бореле во добрата борба на верата тоа ќе биде славен одмор, зашто ќе ги имаат младоста и силата на бесмртноста и повеќе нема да се борат против гревот и сатаната. За овие работници полни со сила состојбата на вечна неактивност би била заморна. Тоа за нив не би било Небо.“ (Совети за детето, стр. 354) {MAP 350.2}

„На жителите на Едем им била дадена задача да се грижат за градината. За Адам е кажано: ’да ја обработува и да ја чува‘. Нивната работа не била заморна, туку пријатна и освежувачка. Работата Бог ја определил за човекот, и таа за него претставува вистинска благодат: го занимава, му ги проникнува мислите, го засилува телото и ги развива способностите. Во духовната и во телесната работа Адам наоѓал едно од најголемите задоволства на својот свет живот. ... Во голема заблуда се оние кои работата ја сметаат за проклетство, па макар таа да е заморна и тешка. Богатите често со презир ја гледаат работничката класа. Меѓутоа, таквото однесување е наполно спротивно на намерата што ја имал Бог кога го создал човекот. Што се имотите на најголемите богаташи во споредба со наследството дадено на возвишениот Адам? Па сепак, Адам не го поминувал животот во безделничење. Премудриот Творец, кој најдобро знае што ја зголемува среќата на човекот, му определил на Адама што треба да прави. Само работливите мажи и жени наоѓаат вистинска животна радост.“ (Патријарси и пророци, стр. 50) {MAP 350.3} {MAP 350.4}

„На Небото постојано се работи. Таму нема безделници. ’Мојот Отец досега работи, и Јас работам‘, рекол Христос. Не можеме да си замислуваме дека, кога конечно ќе победиме и ќе ги добиеме домовите приготвени за нас, времето ќе го поминуваме во безделничење и блажено одморање, не правејќи ништо.“ (Review and Herald, 17. мај 1898.) {MAP 350.5}

„Божјата намера е сите да бидат работници. Дури и домашните животни што како товарен добиток им служат на луѓето повеќе одговараат на целта на своето создавање отколку мрзливиот и немарен човек. И Самиот Бог непрестајно работи. Ангелите се исто така работници; како Божји слуги, непрестајно се залагаат за човечките синови. Оние што очекуваат Небо во кое нема да се работи ќе се разочараат, зашто во небесниот поредок нема место за мрзливост. Одмор и мир им се ветени само на уморните и натоварените. Само верниот и добар слуга, по својата работа, ќе биде повикан со добредојде во радоста на својот Господар.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 280) {MAP 350.6}

9 декември

Ново небо и нова земја

„И така, бидејќи сето тоа ќе се разруши, каков треба да ви биде вашиот свет живот и побожноста ваша, додека го очекувате и посакувате скорото доаѓање на Божјиот ден, во кој небесата ќе се разрушат и основите во оган ќе се стопат? Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе се всели правда.“ (2 Петрово 3:11,12,13) {MAP 351.1}

„Стапалата на грешниците никогаш нема да ја обесчестат обновената Земја. Од Небото, од Бога, ќе слезе оган и ќе ги уништи — ќе изгорат и коренот и гранките. Сатаната е коренот, а неговите деца се гранките.“ (Рани списи, стр. 52) {MAP 351.2}

„Истиот оган што слезе од Бога и ги проголта непокајаните, истовремено ја очисти и целата Земја. Откинатите, распарчени карпи се стопија од силната жештина и се распаднаа, исто така и атмосферата, а сета стрнишка изгоре. Тогаш пред нас се појави нашето наследство, славно и прекрасно, и ја наследивме целата новосоздадена Земја.“ (Рани списи, стр. 54) {MAP 351.3}

„’И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина‘ (Откровение 21:1). Огнот кој ги уништува грешниците ја прочистува земјата. Секоја трага на проклетството е отстранета. Никаков вечен пекол нема да ги потсетува откупените на страшните последици на гревот.“ (Големата борба, стр. 674) {MAP 351.4}

„Морето ги разделува пријателите. Тоа создава пречка меѓу нас и оние што ги сакаме. Широкиот, пространиот океан го спречува нашето дружење. На новата Земја повеќе нема да има море; ’таму нема да влезе ниедна лаѓа со весла‘. Во минатото мнозина што Го љубеле Бога и Му служеле биле со синџири приковани за своите седишта на галиите, принудени да им служат на намерите на свирепи и бездушни луѓе. Господ со љубов и со најдлабоко сожалување ги гледал нивните страдања. Фала Му на Бога што на обновената Земја нема да има ни диви порои, ни бездни на океани, ниту разбранувани, немирни бранови.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 988) {MAP 351.5}

„Сè што е убаво во нашиот земен дом нека нè потсетува на кристалната река и зелените полиња, на дрвјата што се нишаат, на живите извори, на блескавиот град и пејачите во бели облеки во нашиот небесен дом — на светот на убавина кој ниту еден уметник не може да го наслика, ниту еден смртен јазик да го опише. ’Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат‘.“ (Review and Herald, 11. јули 1882.) {MAP 351.6}

10 декември

Смрт повеќе нема да има

„И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни писок, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина.“ (Откровение 21:4) {MAP 352.1}

„Кога ќе влеземе во Божјото царство за таму да ја поминеме вечноста, искушенијата, тешкотиите и збунетоста што сме ги доживувале тука ќе потонат како никогаш да не постоеле.“ (The Faith I Live By, стр. 371) {MAP 352.2}

„Во домовите на откупените нема да има солзи, жалост ниту погребна поворка. ’И ниеден од жителите нема да каже: ‘Болен сум’; а на народот што живее таму, ќе му бидат простени гревовите‘ (Исаија 33:24). Блаженство и среќа ќе потечат како пороjна силна река која во текот на бескрајните векови ќе станува сè подлабока и сè поширока. ... {MAP 352.3}

Сериозно да размислуваме за она што ги очекува блажените. Нашата вера нека ги пробие сите облаци на мракот и нека Го види Оној што умрел за гревовите на светот. Тој ја отвора ширум вратата на рајот на сите што ќе Го примат и веруваат во Него. Тој им дава сила и власт да станат Божји синови и ќерки. Неволјите кои толку болно нè рануваат, треба да ги прифатиме како поуки кои Господ ни ги испраќа, за да побрзаме ’кон наградата на горното призвание од Бога во Исус Христос‘. Да се тешиме и храбриме со мислата дека Господ наскоро ќе дојде и оваа надеж нека ги развеселува нашите срца. ... {MAP 352.4}

Ние се наоѓаме на пат кон својот дом. Оној кој толку нè љуби што умрел заради нас, ни подготвил еден град. Новиот Ерусалим е место на нашиот одмор и мир. Во Божјиот град нема да има тага. Никогаш повеќе нема да се чуе глас на болка ниту тажачки заради скршени надежи и погребани мили и драги. Наскоро облеките на тага ќе бидат заменети со свадбена облека. Наскоро ќе бидеме сведоци на крунисувањето на нашиот Цар. Оние чијшто живот бил сокриен во Христа, оние кои на оваа земја се бореле во добрата борба на верата, ќе заблескаат со славата на Откупителот во Божјото царство. {MAP 352.5}

Нема да помине уште многу време и ќе Го видиме Оној во Кого се сконцентрирани сите наши надежи на вечен живот. Во Негово присуство сите страдања и искушенија од овој живот ќе ни се чинат толку ништожни и безначајни. ... Подигајте го постојано својот поглед горе и вашата вера нека биде сè посилна и посилна. Таа вера нека ве води по оној тесен пат кој преку вратата на Божјиот град води во бескрајната слава на иднината, која таму ги очекува искупените.“ (9. Сведоштво, стр. 286–288) {MAP 352.6}

11 декември

Наследството на светиите

„Тогаш народот Мој ќе живее во мирни живеалишта и во безопасни села и во пребивалишта на блажените.“ (Исаија 32:18) {МАР 353.1}

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11:14-16). Таму небесниот Пастир го води Своето стадо на извори на жива вода. Дрвото на животот дава плод секој месец, а неговите лисја служат за здравје на народот. Таму течат потоци кои вечно жуборкаат, чисти како кристал, на чиишто брегови се нишаат дрвја кои ги фрлаат своите сенки врз патеките што Господ им ги подготвил на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни ритчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. Во овие тивки рамнини, покрај овие живи потоци, Божјиот народ, кој толку долго патувал и скитал, ќе го најде својот дом. ... {МАР 353.2}

’Ќе се развесели пустината и сувата земја, и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин‘. ’Место трн ќе израсне кипарис; место коприва ќе израсне мирта‘ (Исаија 35:1; 55:13). ’Тогаш волк ќе живее со јагне, леопардот ќе лежи заедно со јаре... и мало дете ќе ги води‘. ’Нема да прават зло и штета по целата Моја света гора‘ (Исаија 11:6,9).“ (Големата борба, стр. 675,676) {МАР 353.3}

„Таму на човекот ќе му биде вратено неговото загубено царско достоинство; и суштествата од понизок род повторно ќе ја признаат неговата власт; суровите ќе станат нежни, а плашливите полни со доверба.“ (Воспитување, стр. 304) {МАР 353.4}

„Во небесната атмосфера не може да постои болка. Нема да има повеќе солзи, ниту погреби, нема да има знаци на жалост. ’смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот ... бидејќи поранешното помина‘ (Откровение 21:4). ’И ниеден од жителите нема да каже: ‘Болен сум’; а на народот што живее таму, ќе му бидат простени гревовите‘ (Исаија 33:24).“ (Големата борба, стр. 676) {МАР 353.5}

„Таму ќе се живее едемски живот, живот во градина и во поле. ’Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг; зашто дните на народот Мој ќе бидат како дните на дрво, и моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои‘ (Исаија 65:21,22).“ (Воспитување, стр. 303,304) {МАР 353.6}

12 декември

Обновената Едемска градина

„Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на Црквите: – на оној што победува ќе му дадам да јаде од дрвото на животот што е сред Божјиот рај.“ (Откровение 2:7) {МАР 354.1}

„Едемската градина останала на земјата уште долго по изгнанството на човекот од нејзините пријатни патеки. Паднатиот човечки род уште долго можел да го набљудува родниот крај на својата безгрешност, чијшто влез сега го чувале ангели. Бог ја откривал својата слава пред вратата на рајот што ја чувале херувими. Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука тие ги обновувале своите завети дека ќе го почитуваат оној закон поради чијшто престап биле истерани од Едем. Кога светот бил преплавен со плима на беззаконие, и кога расипаноста на луѓето го запечатила нивното уништување со потоп, тогаш Едем го отстранила од земјата истата онаа рака која и го засадила. Но во конечното обновување, кога ќе бидат создадени ’ново небо и нова земја‘ (Откровение 21:1), и тој повторно ќе биде воспоставен и уште почудесно украсен отколку што бил на почетокот. Тогаш оние што ги држеле Божјите заповеди ќе уживаат под дрвото на животот и ќе имаат бесмртна сила; и низ бесконечните времиња на вечноста жителите на безгрешните светови, во таа градина на уживање и задоволство, ќе гледаат пример на совршеното дело на Божјото творештво, негибнато со проклетство на гревот — пример за она што можела да биде целата земја кога човекот би го прифатил величествениот план на својот Творец.“ (Патријарси и пророци, стр. 62) {МАР 354.2} {МАР 354.3}

„Адам, благодарение на делото на помирување, повторно ја добива својата поранешна власт.

Во занес од радост, тој ги набљудува дрвјата кои некогаш му причинувале радост - истите дрвја од кои некогаш кинел плодови во деновите на својата невиност и среќа. Ги гледа лозите што ги одгледувале неговите раце, истото цвеќе за кое некогаш со задоволство се грижел. Неговиот ум ја сфаќа сета реалност на сцената; тој сфаќа дека ова навистина е обновениот Едем ...“ (Големата борба, стр. 648) {МАР 354.4}

„Бидејќи ќе имаат пристап кон дрвото на животот во одамна загубениот Едем, откупените ќе растат до мерата на висината на човечкиот род во неговата првобитна слава. Ќе бидат отстранети последните преостанати траги од проклетството на гревот, а Христовите верни ќе се појават во убавината на Господа, нашиот Бог, по духот, душата и телото, одразувајќи ја совршената слика на својот Господ. О, прекрасен откуп, за кој одамна се зборувало, желно се очекувал, но никогаш целосно не бил сфатен!“ (Големата борба, стр. 645) {МАР 354.5}

13 декември

Славата на светот во вечноста

„Ти ми го покажа патот на животот; полнота од радост има пред Твоето присуство; вечно блаженство е во Твојата десница.“ (Псалми 16:11) {MAP 355.1}

„Пред мене се отвори слика на славата на вечниот свет. Сакам да ви кажам дека Небото вреди да се бориме за него. Целта на вашиот живот треба да биде да се подготвите за дружење со откупените, со светите ангели и со Исуса, Откупителот на светот. Кога би можеле само еднаш да погледнеме во небесниот град, никогаш повеќе не би посакале да живееме на Земјата. На Земјата има прекрасни предели и јас уживам во сите овие слики на природна убавина. Ги поврзувам со Творецот. Но знам дека, ако Го љубам Бога и ги држам Неговите заповеди, на Небото ме чека вечна и далеку поголема слава.“ (The Faith I Live By, стр. 364) {MAP 355.2}

„Оваа Земја ... очистена со оган, тогаш ќе биде многу поубава. Тревата ќе биде свежо зелена и никогаш нема да овене. Таму ќе има рози и кринови, како и секаков вид цвеќе. Тоа никогаш нема да биде уништено, ниту ќе овене, ниту ќе ја изгуби својата убавина и мирис. {MAP 355.3}

Лавот, од кого овде толку сме се плашеле, таму ќе лежи покрај јагнето, и сè на новата Земја ќе биде мирно и хармонично. Дрвјата на новата Земја ќе бидат исправени и величествени, без неправилности. {MAP 355.4}

Светиите ќе носат круни на слава на своите глави и златни харфи во рацете. Ќе свират на златните харфи и ќе пеат за откупителната љубов и ќе Му пеат на Бога. Нивните минати искушенија и страдања на овој свет ќе бидат заборавени и изгубени среде славата на новата Земја.“ (The Youth’s Instructor, октомври 1852.) {MAP 355.5}

„Сè што е убаво во овој наш дом на Земјата нека нè потсетува на кристалната река и зелените полиња, на дрвјата што се нишаат и живите извори, на блескавиот град, на пејачите облечени во бели облеки, на нашиот небесен дом — на светот на убавина кој ниту еден уметник не може да го наслика, ниту еден смртен јазик да го опише.“ (Мојот живот денес, стр. 175) {MAP 355.6}

„Вашата мечта нека го наслика домот на спасените, и сетете се дека тој ќе биде многу прославен отколку што може да го наслика и вашата најжива мечта.“ (Патот кон Христа, стр. 86) {MAP 355.7}

„Човечкиот јазик не е соодветно средство за да се опише наградата на праведните. Тоа ќе го разберат само оние што ќе ја видат.“ (The Story of Redemption, стр. 430,431) {MAP 355.8}

14 декември

Дома во Новиот Ерусалим

„А вие ќе се веселите и ќе се радувате довека за она што Јас го создавам: зашто, ете, Јас ќе го создадам Ерусалим за веселба, а народот негов – за радост.“ (Исаија 65:18) {MAP 356.1}

„Тука е Новиот Ерусалим, славната престолнина на новата земја, ’венец на слава во раката Господова и царска круна – врз дланката на твојот Бог‘ (Исаија 62:3). ’И имаше Божја слава; светлината негова прилегаше на најскапоцен камен, како светол камен јаспис‘. ’И спасените народи ќе одат по неговата светлина, и царевите земни ќе ја принесат во него својата слава и чест‘ (Откровение 21:11,24). Господ кажува: ’Ќе се радувам за Ерусалим и ќе се веселам за Мојот народ‘ (Исаија 65:19). {MAP 356.2}

Во Божјиот град ’ноќ нема да има таму‘. Никој нема да има потреба ниту ќе посака одмор. Нема да има замор при извршувањето на Божјата волја и прославувањето на Неговото име. Ние постојано ќе чувствуваме утринска свежина која никогаш нема да престане. ’не ќе има потреба од светило, ниту од сончева светлина, бидејќи Господ Бог ќе ги осветлува‘ (Откровение 22:5). Светлината на Сонцето ќе биде заменета со светлина чијшто блесок нема да им пречи на очите, а сепак, далеку ја надминува пладневната сончева светлина. Славата Божја и славата на Јагнето го исполнуваат Светиот Град со неизмерна светлина. Откупените ќе живеат во славата на вечниот ден и без сончева светлина. {MAP 356.3}

’Храм, пак, не видов во него, бидејќи Господ Бог Седржителот и Јагнето се неговиот храм‘ (Откровение 21:22). Божјиот народ ја има таа привилегија да биде во непосредна заедница со Отецот и со Синот. ’Сега гледаме како низ огледало, нејасно‘ (1. Коринтјаните 13:12). Ние сега го гледаме Божјиот лик како во некое огледало: во делата на природата и во Неговите постапки со луѓето; но тогаш ќе Го гледаме лице в лице, без темен превез меѓу нас. Ќе стоиме во Негово присуство и ќе ја гледаме славата на Неговото лице.“ (Големата борба, стр. 676,677) {MAP 356.4}

„Таму ќе знаеме како што сме познати. Таму љубовта и сочувството, што Бог ги всадил во душата, ќе најдат свој најдобар и најубав израз. Непорочната заедница со светите суштества, хармоничниот живот со блажените ангели и со верните од сите векови, посветеното пријателство кое го поврзува ’секој род на небесата и на земјата‘ - сето тоа се искуства кои ќе ги придобиваме во вечноста.“ (Воспитување, стр. 306) {MAP 356.5}

15 декември

Бесмртното наследство

„Благодарејќи Му на Бога и Отецот, Кој нè направи способни да учествуваме во наследството на светиите во светлината,“ (Колосјаните 1:12) {MAP 357.1}

„Откупнината е платена, и сите што доаѓаат кај Бога и живеат во послушност добиваат вечен живот. Колку е жално кога луѓето се одвраќаат од бесмртното наследство и живеат за да им угодуваат на гордоста, себичноста и самоистакнувањето, а ... го губат благословот што можеле да го имаат и во овој живот и во оној што ќе дојде. Можеле да дојдат во небесните дворови и слободно и рамноправно да се дружат со Христа, со небесните ангели и со Божјите кнезови, а сепак, колку и да изгледа неверојатно, се одвраќаат од небесната убавина. {MAP 357.2}

Творецот на сите светови ги љуби оние што веруваат во Неговиот Единороден Син како свој личен Спасител, токму како што Го љуби и Својот Син. Дури и тука Неговата милостива наклоност ни се дарува во таа чудесна мера. Тој им го дал на луѓето Дарот, Светлината и Величеството на Небото, а со Него ги подарил и сите небесни ризници. Освен што ни го ветил животот што ќе дојде, Тој обилно нè дарува и во овој живот, и како на поданици на Неговата благодат ќе ни даде да уживаме во сето она што ќе го облагороди, развие и издигне нашиот карактер. Неговиот план е да нè подготви за небесните дворови. {MAP 357.3}

Но сатаната се бори за човечките души. ... Тој не сака да здогледаат ни дел од идната чест, вечната слава подготвена за оние што ќе бидат жители на Небото, ниту да вкусат искуство што однапред им ја навестува небесната среќа. ... {MAP 357.4}

Оние што Го прифаќаат Христа како свој Спасител го имаат ветувањето и за животот што го живеат сега и за оној што ќе дојде. ... И најмалиот Христов ученик може да стане жител на Небото, Божји наследник на нераспадливо наследство што нема да овене. О, кога сите би можеле да го изберат небесниот дар, да станат Божји наследници на наследството што никој не може да го уништи, наследници на светот кој нема крај! О, не избирајте го светот, туку изберете го подоброто наследство! Напредувајте, брзајте кон целта, кон наградата на вашето возвишено призвание во Христа Исуса.“ (Fundamentals of Christian Education, стр. 234,235) {MAP 357.5}

16 декември

Победата на Црквата

„И видов нешто како стаклено море, измешано со оган; и оние што го победија sверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име, стоеја на тоа стаклено море и имаа харфи Божји.“ (Откровение 15:2) {MAP 358.1}

„Сега Црквата војува. Се судираме со светот на темнината, кој речиси целосно му се предал на идолопоклонството. Но доаѓа ден кога битката ќе биде извојувана и победата здобиена. Божјата волја ќе се исполнува на Земјата, како што се исполнува на Небото. Спасените народи нема да познаваат друг закон освен Небесниот. Сите ќе бидат едно среќно, обединето семејство, облечени во наметки на пофалба и благодарност - облека на Христовата праведност. Целата природа, во својата ненадминлива убавина ќе му оддава на Бога пофалба и обожување. Светот ќе се капе во Небесна светлина. Месечевата светлина ќе биде како онаа на сонцето, а сончевата светлина ќе биде седум пати посилна од сегашната. Годините ќе поминуваат во задоволство. Над оваа сцена, утринските sвезди заедно ќе пеат, а Божјите синови ќе воскликнуваат од радост, додека Бог и Христос заедно објавуваат: ’Нема да има веќе грев, ниту пак ќе има смрт‘. ... {MAP 358.2}

Застанете на прагот на вечноста и слушнете го прекрасното добредојде упатено до оние што во овој живот соработувале со Христа и страдањето за Него го сметале за предимство и чест. Заедно со ангелите, тие ги положуваат своите круни пред нозете на Откупителот, воскликнувајќи: ’Достојно е закланото Јагне да прими сила и богатство, мудрост и моќ, чест, слава и благослов! ... На Оној Кој седи на престолот, и на Јагнето – благослов и чест, слава и владеење во сите векови!‘. (Откровение 5:12,13) {MAP 358.3}

Таму откупените ги поздравуваат оние, кои ги упатиле кон вознесениот Спасител. Тие заедно го славаат Оној, Кој умрел, за да можат човечките суштества да имаат живот, кој според должината може да се спореди со Божјиот живот. Борбата е завршена. Сите маки и судири се зад нив. Песни на победа го исполнуваат целото Небо, додека откупените стојат околу Божјиот престол. Сите со радост пеат: ’Достојно е Јагнето што беше заклано‘ и нè откупи за Бога.“ (Здравје и среќа, стр. 504–507) {MAP 358.4}

17 декември

Неочекувана награда

„Знаејќи дека секој, па било тоа роб или слободен, ќе добие од Господ според доброто, што го направил.“ (Ефесјаните 6:8) {МАР 359.1}

„Нашата работа за Бога во овој живот често изгледа речиси бесплодна. Нашите напори за добро можат да бидат сесрдни и истрајни, а сепак можеби нема да ни биде дозволено да ги видиме нивните резултати. Можеби ќе ни се чини дека тие напори се залудни. Но, Спасителот нѐ уверува дека нашата работа е забележана на небото и дека наградата нема да изостане.“ (6. Сведоштво, стр. 305) {МАР 359.2}

„Сиротата вдовица која дала две лепти во Господовата ризница малку знаела што направила со тоа. Нејзиниот пример на самопожртвување влијаел на илјадници срца во сите земји и сите векови. Тој донел во Божјата ризница дарови од мали и големи, богати и сиромашни. Тој придонел за одржување на мисии, основање на болници, хранење на гладни, облекување на голи, лекување на болни и проповедање на евангелието на сиромашните. Нејзиното несебично дело донело благослови на многумина. И неа на Божјиот ден ќе ѝ биде дозволено да го види дејството на сите тие добри дела. Тоа се однесува и на драгоцениот дар на Марија за Спасителот. Споменот на скршеното шише од алабастер поттикнал многумина на служба со љубов! Колку ќе се радува Марија кога ќе го види сето тоа!“ (6. Сведоштво, стр. 310) {МАР 359.3}

„’Вистина, ви велам‘, изјавил Христос, ’каде и да биде проповедано ова Евангелие, по цел свет ќе се прикажува тоа што го направи таа, за нејзин спомен‘. Гледајќи во иднината, Спасителот зборувал со сигурност за Своето евангелие. Тоа требало да се проповеда по целиот свет. Секаде каде што ќе се проповеда евангелието, дарот на Марија ќе го шири својот мирис и нејзината спонтана постапка ќе благослови многу срца. Царства ќе се создаваат и ќе пропаѓаат, имињата на владетелите и освојувачите ќе паѓаат во заборав, но делото на оваа жена ќе остане бесмртно на страниците на светата историја. Сè додека времето постои, скршениот алабастерски сад ќе ја раскажува приказната за огромната Божја љубов кон паднатиот човечки род.“ (Копнежот на вековите, стр. 563) {МАР 359.4}

„Секој поттик на Светиот Дух кој ги наведува луѓето на добро и ги приближува кон Бога се бележи во небесните книги, и на Божјиот ден ќе му се дозволи на секој кој бил орудие на Светиот Дух да види што е постигнато во неговиот живот.“ (6. Сведоштво, стр. 310) {МАР 359.5}

18 декември

Дејности на новата Земја

„Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг; зашто дните на народот Мој ќе бидат како дните на дрво, и моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои.“ (Исаија 65:21,22) {MAP 360.1}

„Не можеме да си замислуваме дека, кога конечно ќе победиме и ќе ги добиеме домовите приготвени за нас, времето ќе го поминуваме во безделничење и блажено одморање, не правејќи ништо.“ (Review and Herald, 17. мај 1898.) {MAP 360.2}

„Искупените на обновената земја ќе се занимаваат со разни работи и ќе ги уживаат задоволствата коишто на почетокот ги имале Адам и Ева. Ќе се живее Едемскиот живот, живот во градините и полињата. ’Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг; зашто дните на народот Мој ќе бидат како дните на дрво, и моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои‘. (Исаија 65:21,22).“ (Пророци и цареви, стр. 730,731) {MAP 360.3}

„Таму, јас видов највеличествени куќи, кои изгледаа како да се од сребро, потпрени врз четири столбови украсени со бисери највеличествени по изглед. Во нив треба да се вселат светиите. Секоја куќа има по една златна полица. Потоа видов како мнозина од светиите влегуваат во куќите, ги симнуваат своите блескави круни, ги стават врз полиците а потоа заминуваат во полето, веднаш во непосредна близина до куќата да ја работат земјата; но не вака како ние овде што мораме да работиме; не, не. Славна светлина блеска околу нивните глави и тие непрестајно воскликнуваат славејќи го Бога.“ (Рани списи, стр. 18) {MAP 360.4}

„Секоја дарба ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Учењето нема да го заморува умот ниту да ја исцрпува енергијата. Таму можат да се извршат најголемите потфати, да се постигнат највисоките стремежи, да се исполнат најпосакуваните желби, и сè уште ќе постојат нови цели да се постигнат, нови чуда за восхитување, нови вистини за разбирање, нови предмети да ги поттикнат на развој силите на умот, душата и телото.“ (Големата борба, стр. 677) {MAP 360.5}

19 декември

Неспоредлива музика

„Ќе се вратат избавените од Господ, ќе дојдат на Сион со радосни извици; и вечна радост ќе биде над нивната глава; тие ќе најдат радост и веселба, а жалоста и воздишката ќе си заминат.“ (Исаија 35:10) {МАР 361.1}

„Таму ќе има музика, и песна, таква музика и таква песна какви освен во виденијата дадени од Бога, ниту едно смртно уво не слушнало ниту умот замислил. {МАР 361.2}

’Оние што пеат се радуваат‘ (Псалм 87:7). ’Тие ќе го кренат гласот свој, ќе ликуваат во величието на Господ‘ (Исаија 24:14).

’Господ ќе го утеши Сион, ќе ги утеши сите негови урнатини и ќе ги направи пустините негови како рај и степите негови – како градина Господова; радост и веселба ќе има во него, славопои и пеење на песни‘ (Исаија 51:3).“ (Воспитување, стр. 307) {МАР 361.3}

„Бог ми го покажа редот и совршениот поредок на небото. Додека ја слушав совршената музика на ангелите, бев многу восхитена. Кога ја снема визијата, нашето пеење овде ми звучеше многу неизедначено и нескладно. Видов мноштво ангели како по групи се распоредуваат во затворен правоаголник. Секој во раката имаше златна харфа, со посебна направа за подесување на самиот инструмент и за промена на тоновите. Со своите прсти тие не поминуваа по инструментот како ќе им текнеше, туку со вешт допир на одредени жици произведуваа различни звуци. Ангелот што предводи во музиката секогаш прв ја зема харфата и го дава основниот тон, а потоа и сите останати му се придружуваат во беспрекорната изведба на милозвучни и совршено складни небесни мелодии. Таа музика не може да се опише со човечки зборови. Таа е небесно-божествена по своето потекло и делува толку мило и благотворно што на секое лице засветлува Исусовиот лик, блескајќи со неискажлива слава.“ (1. Сведоштво, стр. 146) {МАР 361.4}

„Каква ќе биде таа песна кога ќе се сретнат Господовите откупени ...! Целото Небо е исполнето со прекрасна музика и песни на пофалба на Јагнето. Спасени, засекогаш спасени во царството на славата! Животот што по своето бесконечно траење може да се мери со Божјиот живот ќе биде нивна награда.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 982) {МАР 361.5}

„Јазикот е целосно премногу слаб во обид да се опише небото. Кога сцената се подигнуваше пред мене, јас се изгубив во воодушевување. Однесена со ненадминливиот сјај и извонредната слава, јас го спуштив своето перо и воскликнав: ’Ох, каква љубов! Каква прекрасна љубов!‘ Највозвишениот јазик не може да ја опише славата на небото и љубовта на Спасителот која со ништо не може да се спореди.“ (Рани списи, стр. 288,289) {МАР 361.6}

20 декември

Најголемата чест на нашиот Спасител

„И ако некој го праша: а од што ти се раните на рацете твои? Тој ќе одговори: 'Раните ги добив од моите пријатели.'“ (Захарија 13:6) {MAP 362.1}

„'И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина' (Откровение 21:1). Огнот кој ги уништува грешниците ја прочистува земјата. Секоја трага на проклетството е отстранета. Никаков вечен пекол нема да ги потсетува откупените на страшните последици на гревот. ... {MAP 362.2}

Останува само еден споменик: нашиот Откупител секогаш ќе ги носи лузните на Своето распетие. На Неговата ранета глава, на Неговите ребра, на рацете и нозете, се наоѓаат единствените траги на свирепото дело што го предизвикал гревот. Гледајќи го Христа во Неговата слава, пророкот кажува: 'Болскотот Му е како сончева светлина, а од рацете Негови зрачи, и тука е скривалиштето на Неговата сила' (Авакум 3:4). Прободената страна на Христовото тело, од која течел црвен млаз кој го помирил човекот со Бога - ја претставува славата на Спасителот, таму е 'скривалиштето на Неговата сила'. 'Силен' да спасува преку жртвата за откуп, Тој исто така ќе биде моќен и да им суди на оние кои ја презреле Божјата милост. Знаците на Неговото понижување за Него претставуваат најголема чест; низ целата вечност раните добиени на Голгота ќе ја истакнуваат Неговата слава и ќе ја објавуваат Неговата моќ.“ (Големата борба, стр. 674) {MAP 362.3}

„Христовиот крст ќе биде главен предмет на проучување и песна на откупените низ сета вечност. Во прославениот Христос, ќе го видат распнатиот Христос. Никогаш нема да забораваат дека Оној, чијашто моќ ги создала и ги одржува безбројните светови во вселената, Божјиот возљубен Син, небесното Величество, Оној на кого херувимите и сјајните серафими во занес Му се поклонуваат - се понизил Себеси за да го подигне паднатиот човек; дека ги примил на Себе вината и срамот на гревот и доживеал лицето на Отецот да се скрие од Него сè додека болката поради еден изгубен свет не го скршила Неговото срце на крстот на Голгота. Сознанието дека Оној кој ги создал сите светови и кој е Судија на сите луѓе, ја напуштил Својата слава и се понизил од љубов кон човекот, секогаш ќе предизвикува чудење и восхит во вселената. Кога спасените ќе го видат својот Избавител и кога ќе ја забележат на Неговото лице вечната слава на Отецот; кога ќе го видат Неговиот престол кој е поставен од вечноста и кога ќе помислат дека Неговото царство нема да има крај, тие воодушевено ќе ја запеат песната: 'Достојно, достојно е Јагнето што е заклано и нè помири со Бога со Својата драгоцена крв!'“ (Големата борба, стр. 651,652) {MAP 362.4}

21 декември

Училиштето во иднината

„И чув висок глас од небото како зборува: ’Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив – нивниот Бог.‘“ (Откровение 21:3) {МАР 363.1}

„Помеѓу училиштето воспоставено во Едем во почетокот и училиштето во вечноста се протега целиот тек на историјата на овој свет - историја на човечки престапи и страдања, божествена жртва и победа над смртта и гревот. Училиштето во идниот живот нема да биде исто во сè како првото училиште во Едем. Никакво дрво за познавање на доброто и злото нема да дава можност за искушение. Таму нема никаков искушувач, никаква можност за зло. Секој карактер го издржал искушението со зло, и ниту еден не е веќе подложен на неговата моќ. ...

Кога ќе биде вратен во Божјата близина, човекот, како и во почетокот, повторно ќе биде поучуван од Бога.“ (Воспитување, стр. 301,302) {МАР 363.2}

„Нашето животно дело тука е подготовка за вечниот живот. Образованието што сме го започнале овде нема да го завршиме во овој живот. Тоа ќе продолжи низ целата вечност — секогаш ќе напредува и никогаш нема да заврши.“ (Здравје и среќа, стр. 466) {МАР 363.3}

„Секое исправно начело и секоја вистина научени во земното училиште ќе нè унапредат за исто толку во небесното училиште. Како што Христос, одејќи и разговарајќи, ги поучувал Своите ученици за време на Својата мисија на Земјата, така ќе нè поучува и нас во небесното училиште; ќе нè води покрај реката на животот, откривајќи ни вистини што во овој живот мора да останат тајна поради ограниченоста на човечкиот ум осакатен од гревот.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 208,209) {МАР 363.4}

„Историјата за постанокот на гревот; смртоносните измами во неговото изопачено делување; историјата на вистината која, ... ја победила заблудата - сето тоа ќе биде објавено. Велот што бил ставен помеѓу видливиот и невидливиот свет ќе биде повлечен настрана и ќе му бидат дадени прекрасни откровенија.“ (Воспитување, стр. 304) {МАР 363.5}

„Секоја дарба ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Учењето нема да го заморува умот ниту да ја исцрпува енергијата. Таму можат да се извршат најголемите потфати, да се постигнат највисоките стремежи, да се исполнат најпосакуваните желби, и сè уште ќе постојат нови цели да се постигнат, нови чуда за восхитување, нови вистини за разбирање, нови предмети да ги поттикнат на развој силите на умот, душата и телото.“ (Големата борба, стр. 677) {МАР 363.6}

22 декември

Христос ќе биде нашиот Учител

„Затоа Мојот народ ќе го познае името Мое; затоа ќе разбере во оној ден дека Јас сум истиот, Кој вели: ‚еве Ме!‘“ (Исаија 52:6) {МАР 364.1}

„Кога ќе биде вратен во Божјата близина, човекот, како и во почетокот, повторно ќе биде поучуван од Бога.“ (Воспитување, стр. 302) {МАР 364.2}

„Немаме претстава што тогаш ќе се отвори пред нашиот поглед. Со Христа ќе одиме покрај живата вода. Ќе ни ги открие убавината и славата на природата. Ќе ни открие што е Тој за нас и што сме ние за Него. Тогаш ќе ја дознаеме вистината што денес, поради својата човечка ограниченост, не можеме да ја сфатиме.“ (Counsels to Parents, Teachers, and Students, стр. 162) {МАР 364.3}

„Во светот што ќе дојде, Христос ќе ги води откупените покрај реката на животот и ќе ги поучува на прекрасни поуки за вистината. Ќе им ги открие тајните на природата. Ќе видат дека раката на Господарот го држи светот на неговото место. Ќе ја гледаат вештината на големиот Уметник во боите на полското цвеќе, ќе ги дознаат намерите на милостивиот Отец Кој го дава секој зрак светлина, и заедно со светите ангели, откупените со благодарни песни ќе ја признаат Божјата голема љубов кон овој неблагодарен свет.“ (Мојот живот денес, стр. 361) {МАР 364.4}

„Таму пред истражувачот ќе се отворат неограничени видици и неискажливите богатства на историјата. ... Историјата за постанокот на гревот; смртоносните измами во неговото изопачено делување; историјата на вистината која, ... ја победила заблудата - сето тоа ќе биде објавено. Велот што бил ставен помеѓу видливиот и невидливиот свет ќе биде повлечен настрана и ќе му бидат дадени прекрасни откровенија.“ (Воспитување, стр. 304) {МАР 364.5}

„Ние, со неискажано уживање, ќе учествуваме во радоста и мудроста на безгрешните суштества. На располагање ќе ни стојат богатствата стекнати во текот на многуте векови на размислување за делата на Божјите раце. А годините на вечноста, додека поминуваат, и понатаму ќе донесуваат сè пославни откровенија. ’изобилно сè што ќе побараме или помислиме‘ (Ефесјаните 3:20), ќе ни биде вечно дарувано како Божји дарови.“ (Воспитување, стр. 307) {МАР 364.6}

„Мораме тука да се образуваме за да можеме да живееме со Бога низ бескрајните векови. Образованието што го започнуваме тука ќе биде усовршено на Небото. Само ќе се запишеме на повисок степен.“ (Мојот живот денес, стр. 361) {МАР 364.7}

23 декември

Нашите истражувања во вековите што доаѓаат

„За да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус.“ (Ефесјаните 2:7) {MAP 365.1}

„Науката за откупувањето е поголема од сите науки; наука што ја проучуваат ангелите и сите разумни суштества од непаднатите светови; наука што го привлекува вниманието на нашиот Господ и Спасител; наука што навлегува во намерата која го занимавала умот на Бесконечниот — ’која била замолкната од вечни времиња‘; наука што ќе биде предмет на проучување на Божјиот откупен народ низ бескрајните векови. Ова проучување, како ниту едно друго, ќе го зајакне умот и ќе ја издигне душата. ... {MAP 365.2}

Откупувањето е тема во која и ангелите сакаат да вникнат. Тоа ќе биде тема за проучување и песна на откупените низ бескрајната вечност. Зар не е достојно за нашето внимателно проучување? ... {MAP 365.3}

Проучувањето на Христовото воплотување, Неговата жртва за помирување и Неговото посредничко дело ќе го занимава умот на трудољубивиот ученик сè додека постои времето; и гледајќи кон Небото, чии години не можат да се избројат, ќе извика: ’голема е тајната на побожноста‘. {MAP 365.4}

Во вечноста ќе го разбереме она за кое просветлувањето добиено тука на Земјата ни го отвора разбирањето. Темите на откупувањето ќе ги занимаваат срцата, мислите и јазикот на откупените низ бескрајните векови. Тие ќе ги разберат вистините што Христос сакал да им ги открие на Своите ученици, но за кои тие немале вера за да ги прифатат. Постојано ќе се појавуваат нови видици на Христовото совршенство и слава. Низ бескрајните векови верниот Господар ќе изнесува од Своите ризници нови и стари богатства.“ (Мојот живот денес, стр. 360) {MAP 365.5}

„Кога тука би можеле да стигнеме до целосно разбирање на Бога и Неговата вистина, за нас не би имало потреба од натамошно откривање на вистината, поголемо знаење или натамошно усовршување. ... Фала Му на Бога што не е така. Бидејќи Бог е бесконечен и во Него се сите ризници на мудроста, ќе можеме низ целата вечност да истражуваме и учиме, а сепак никогаш нема да го исцрпиме богатството на Неговата мудрост, добрина и сила.“ (Signs of the Times, 25. април 1906.) {MAP 365.6}

24 декември

Неисцрпни теми

„Тоа спасение го бараа и испитуваа пророците што прорекоа за вашата благодат. Откако испитаа, во кое или какво време им јавуваше Духот Христов однапред, Кој беше во нив, сведочејќи за Христовите страдања и славата која иде по нив; ним им беше откриено дека тие не за самите себе служат, туку за вас со она што ви се јави сега вам преку оние кои го проповедаа Евангелието од небото преку Светиот Дух, и во кое копнеат да sирнат ангелите.“ (1 Петрово 1:10,11,12) {MAP 366.1}

„Во овој живот можеме само да почнеме да ја сфаќаме прекрасната тема за откупот на нашиот род. Со нашиот ограничен ум можеме најискрено да размислуваме за срамот и славата, животот и смртта, праведноста и милоста што се сретнале на крстот, па сепак, ниту со најголемиот напор на нашите духовни сили не можеме да го сфатиме неговото целосно значење. Должината и ширината, височината и длабочината на спасоносната љубов, човекот може само донекаде да ги разбере. Планот на спасението нема да биде потполно сфатен дури ниту тогаш кога откупените ќе го видат неговото остварување со свои очи и кога ќе познаваат како што се познати; низ вечните времиња пред нивниот восхитен ум постојано ќе се откриваат нови вистини. И покрај тоа што земните грижи, страдања и искушенија се завршени и причината е отстранета, Божјиот народ секогаш ќе има јасна претстава за високата цена со која е платено нивното спасение. ... {MAP 366.2}

Тајната на крстот ги објаснува сите други тајни. Во светлината која свети од Голгота, Божјите особини кои нè исполнуваат со страв и стравопочит изгледаат убави и привлечни. Милоста, нежноста и родителската љубов се соединуваат со светоста, со праведноста и со моќта. Додека го посматраме Величеството на Неговиот престол, висок и возвишен, го гледаме Неговиот карактер во Неговите милостиви постапки, и како никогаш порано, го сфаќаме значењето на она љубезно ословување: ’Оче наш!‘ {MAP 366.3}

Ќе се види дека Оној, кој е бесконечен во мудроста, не можел да смисли ниеден друг план за нашето спасение освен да го жртвува Својот Син. Награда за оваа жртва е радоста што земјата ќе ја населат откупени, свети, среќни и бесмртни суштества. Исходот на борбата на нашиот Спасител со силите на темнината е радоста на откупените која на Божја слава ќе продолжи низ сета вечност. Вредноста на само една човечка душа е толку голема, што Отецот е задоволен со цената што е платена, а и самиот Христос, гледајќи ги плодовите на Својата голема жртва, е задоволен.“ (Големата борба, стр. 651,652) {MAP 366.4}

„Низ целата вечност мноштвото откупени ќе биде Негова најголема слава.“ (The Spirit of Prophecy, том 3, стр. 261) {MAP 366.5}

25 декември

Вселената — наше поле на истражување

„Колку се многубројни делата Твои, Господи! Сè си направил премудро; Земјата е полна со Твои созданија.“ (Псалми 104:24) {МАР 367.1}

„Со стекнување на знаење за Божјите дела и Неговите патишта можеме да започнеме на овој свет; тоа проучување ќе продолжи низ бескрајните времиња на вечноста. Бог им дал за размислување на луѓето такви предмети кои ги активираат сите способности на умот. Карактерот на Творецот можеме да го читаме во Неговите дела и на небото и на земјата, така што нашето срце секогаш ќе биде исполнето со благодарност. Секој наш нерв и секое сетило треба да одговараат на изразите на Божјата љубов во Неговите чудесни дела.“ (4. Сведоштво, стр. 581) {МАР 367.2}

„Какво ли подрачје за истражување ќе се отвори пред нас кога ќе биде отстранет велот што сега го замрачува нашиот видик, кога нашите очи ќе го здогледаат светот на убавина кој сега само делумно го гледаме со микроскоп; кога ќе ја гледаме славата на небесата која сега оддалеку ја набљудуваме со телескоп; кога ќе биде отстрането злокобното влијание на гревот, кога врз целата Земја ќе се покаже ’благоволението на нашиот Господ Бог‘? Тогаш секој истражувач на науката ќе може да ги чита извештаите за создавањето и да не открие ништо што би го потсетило на законот на злото. Ќе може да ја слуша музиката на гласовите на природата и да не открие ниту една нота на тагување, ниту еден призвук на жалост; во сè што е создадено ќе може да следи само еден ракопис - во бесконечната вселена ќе го гледа Божјото име напишано со големи букви, а ниту на земјата, ниту во морето, ниту на небото нема да види ниту една заостаната трага од злото.“ (Воспитување, стр. 303) {МАР 367.3}

„Откупените ќе патуваат од планета на планета и голем дел од своето време ќе посветуваат на истражувањето на тајните на откупувањето. Низ бескрајната вечност оваа тема постојано ќе биде нов поттик за нивните истражувања. Предностите на оние што победуваат ’со крвта на Јагнето и со словото на своето сведоштво‘ ја надминуваат моќта на нашето сегашно разбирање.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 990) {МАР 367.4}

„Божјите деца ќе можат да ги истражуваат сите сокровишта на вселената. Ние, со неискажано уживање, ќе учествуваме во радоста и мудроста на безгрешните суштества. На располагање ќе ни стојат богатствата стекнати во текот на многуте векови на размислување за делата на Божјите раце. А годините на вечноста, додека поминуваат, и понатаму ќе донесуваат сè пославни откровенија. ’изобилно сè што ќе побараме или помислиме‘ (Ефесјаните 3:20), ќе ни биде вечно дарувано како Божји дарови.“ (Воспитување, стр. 307) {МАР 367.5}

26 декември

Световите што ќе ги посетуваме

„Вака вели Господ, Светецот Израелов и неговиот Творец: ’Зар вие ќе Ме испрашувате за синовите Мои и ќе сакате ли да Ми се мешате во делото на рацете Мои? Јас ја создадов земјата и го создадов на неа човекот; Јас – Моите раце ги простреа небесата; и на сета нивна војска Јас им заповедам.‘“ (Исаија 45:11,12) {МАР 368.1}

„Мнозина мислат дека овој свет и небесните дворови ја сочинуваат вселената. Не е така.“ (The SDA Bible Commentary, том 7, стр. 990) {МАР 368.2}

„Бог има светови и светови кои се послушни на Неговиот закон. Овие светови се управуваат во согласност со славата на Творецот. Кога жителите на тие светови ќе видат колкава откупнина е платена за човекот, се исполнуваат со восхит.“ (Review and Herald, 25. септември 1900.) {МАР 368.3}

„Господ ми овозможи да видам и други светови. Ми беа дадени крилја и еден ангел ме придружуваше од Градот до едно блескаво, величествено место. Тревата тука беше свежо зелена, додека птиците црцореа милна песна. Жителите на тоа место беа од сите големини; благородни, величествени и прекрасни. Во нивните црти во потполност се согледува Исусовиот лик, а лицата им зрачеа со света радост, која ја изразуваше слободата и среќата на тој свет. Запрашав еден од нив зошто се тие толку многу попрекрасни од жителите на земјата. Одговорот гласеше: ’Ние сме живееле во потполна послушност кон Божјите заповеди; не сме паднале во непокорност како оние на земјата‘. Потоа забележав две дрвја; едното изгледаше многу слично на дрвото на животот во Градот. Плодовите на обете дрвја изгледаа прекрасно; меѓутоа, од едно им беше забрането да јадат. Тогаш ангелот придружник ми рече: ’Никој од овдешните жители не вкусил од плодот од забранетото дрво; да вкусиле, и тие би паднале‘. Потоа бев пренесена на една планета којашто имаше седум месечини. Таму го видов добриот, стар Енох кој беше земен на небото преобразен. ... Го прашав дали е тоа неговото постојано живеалиште откако се вознел од земјата. ’Не‘, одговори тој, ’Градот е моето живеалиште; овде дојдов само во посета‘. Сепак тој и тука толку слободно се движеше како да е во својот дом. Го замолив мојот ангел придружник да ми дозволи тука да останам. Не можев да ја поднесам помислата повторно да се вратам во овој мрачен свет. Но ангелот ми рече: ’Мораш да се вратиш и ако останеш верна, ќе имаш предимство заедно со 144.000-те да ги посетуваш сите светови и да ги набљудуваш делата на Божјите раце‘.“ (Рани списи, стр. 39,40) {МАР 368.4} {МАР 368.5} {МАР 368.6} {МАР 368.7}

27 декември

Претпоставки за новата Земја

„Зашто, кога ќе воскреснат од мртвите, ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат, туку се како ангели на небесата.“ (Марко 12:25) {MAP 369.1}

„Денес има луѓе кои веруваат дека на новата Земја ќе има бракови и раѓање деца, но оние што му веруваат на Светото Писмо не можат да прифатат такво учење. Учењето дека на новата Земја ќе се раѓаат деца не е дел од ’пророчкото слово‘. Христовите зборови се премногу јасни за да може да дојде до какво и да е недоразбирање. Тие треба еднаш засекогаш да го решат прашањето за бракот и раѓањето на новата Земја. Ни оние што ќе воскреснат од мртвите, ниту оние што ќе бидат вознесени на Небото без да вкусат смрт, нема да се женат или мажат, ниту ќе стапуваат во брак. Ќе бидат како Божјите ангели, членови на царското семејство. {MAP 369.2}

На оние што се држат до гледишта спротивни на оваа јасна Христова изјава би сакала да им кажам: За такви нешта подобро е да се молчи отколку да се зборува. Тоа би било нагаѓање и навлегување во претпоставки и теории поврзани со прашања што Бог не ни ги открил во Својата Реч. Нема потреба да навлегуваме во шпекулации за нашата идна состојба. ... {MAP 369.3}

’Проповедај го словото ... во погодно време и во невреме‘. Не вградувајте во темелот дрва, сено и слама, зашто вашите лични претпоставки и размислувања никому не можат да му донесат добро. {MAP 369.4}

Христос не ни ускратил ниедна вистина неопходна за нашето спасение. Откриеното е за нас и за нашите деца, но не смееме да ѝ дозволиме на својата мечта да создава учења врз основа на она што не ни е откриено.“ (Medical Ministry, стр. 99,100) {MAP 369.5}

„Ми беше покажано дека духовни измислици заробиле мнозина. ... На сите што дозволуваат со нив да владеат овие несвети фантазии им велам: ’Престанете! Во Христово име ви велам да престанете и да останете таму каде што сте. Се наоѓате на забранета почва.‘“ (Medical Ministry, стр. 101) {MAP 369.6}

„Господ обезбедил сè што ни е потребно за среќа во идниот живот. Но не дал никакви откровенија за овие планови, и ние не треба да нагаѓаме за нив, ниту да ги предвидуваме условите на идниот живот според условите на сегашниот.“ (Medical Ministry, стр. 100) {MAP 369.7}

28 декември

Христовото царство на љубовта

„А царството и власта и царското величие по целиот поднебесен свод ќе му се даде на народот од светиите на Севишниот, чие царство е царство вечно и сите великодостојници ќе Му служат и ќе Му се покоруваат Нему.“ (Даниел 7:27) {MAP 370.1}

„Владеењето на Христовото царство не личи на земните владеења. Тоа ги претставува карактерите на оние што го сочинуваат царството. ... Во Неговиот двор владее света љубов, а службите и должностите се украсени со милосрдно постапување. Христос им определува на Своите слуги да бидат сочувствителни и во сите свои работи да внесуваат љубов и добрина, Неговите особини. ... {MAP 370.2}

Само Христовата сила може да ги промени срцето и умот, а тоа мора да го доживеат сите што сакаат со Него да го делат новиот живот во Божјото царство. ... За да можеме правилно да Му служиме, мораме да се родиме од божествениот Дух. Тоа ќе го очисти срцето и ќе го обнови умот, и ќе ни даде нова способност да Го познаваме и да Го љубиме Бога. Ќе ни даде доброволна послушност кон сите Негови заповеди. Тоа е вистинско богослужение.“ (In Heavenly Places, стр. 372) {MAP 370.3}

„’Погледни го Сион, градот на вашите празнични собранија; очите твои ќе го видат Ерусалим, мирно живеалиште и непоколеблива скинија; столбовите нејзини никогаш нема да се помрднат, и ниедно од јажињата нема да се скине. Таму кај нас Великиот Господ ќе биде место реки, место широки канали ... Зашто Господ е наш судија, Господ е наш законодавец, Господ е наш цар: Тој ќе нè спаси ... И ниеден од жителите нема да каже: ‘Болен сум’; а на народот што живее таму, ќе му бидат простени гревовите‘ (Исаија 33,20–24). {MAP 370.4}

’А вие ќе се веселите и ќе се радувате довека за она што Јас го создавам: зашто, ете, Јас ќе го создадам Ерусалим за веселба, а народот негов – за радост. Ќе се радувам за Ерусалим и ќе се веселам за Мојот народ; и нема повеќе да се чуе во него глас од плачење и глас од пискот ... Ќе градат куќи и ќе живеат во нив, ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни. Нема да градат, за да живее друг, нема да садат, за да јаде друг; зашто дните на народот Мој ќе бидат како дните на дрво, и моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои ... тие нема да причинуваат зло и штета по целата Моја света гора, вели Господ‘ (Исаија 65,18–25).“ (In Heavenly Places, стр. 372) {MAP 370.5}

29 декември

Саботата во иднината

„Зашто, како што новото небо и новата земја, кои Јас ќе ги создадам, ќе бидат секогаш пред лицето Мое, вели Господ, така ќе постои и потомството ваше и името ваше. Тогаш од месец на месец, и од сабота во сабота ќе доаѓа секоја плот пред лицето Мое на поклонение, вели Господ.“ (Исаија 66:22,23) {МАР 371.1}

„Во почетокот, по создавањето, Таткото и Синот се одморале во саботата. Кога ’се довршија небото и земјата и сето нивно воинство‘ (Создавање 2:1), Творецот и сите небесни суштества се радувале додека ја набљудувале таа величествена сцена. Тогаш ’ликуваа утринските ѕвезди, ... сите Божји синови извикуваа од радост‘. (Јов 38:7) ... ’кога ќе се воспостави сè што беше рекол Бог преку устата на сите Свои пророци од создавањето на светот‘ (Дела 3:21), саботата на создавањето — денот во кој Исус почивал во Јосифовиот гроб — сè уште ќе биде ден за одмор и радост. Небото и Земјата ќе се обединат во славењето ’од сабота во сабота‘ (Исаија 66:23), а мноштвото спасени радосно ќе Му се поклонуваат на Бога и на Јагнето.“ (Копнежот на вековите, стр. 769,770) {МАР 371.2}

„Спасениот народ нема да познава друг закон освен законот на небото. Сите ќе бидат среќно и сложно семејство, облечено во облеки на пофалба и благодарност. Над таа сцена ќе запеат утринските ѕвезди, а Божјите синови радосно ќе воскликнуваат ... {МАР 371.3}

’Тогаш од месец на месец, и од сабота во сабота ќе доаѓа секоја плот пред лицето Мое на поклонение, вели Господ‘. ’и ќе се јави славата Господова, и сите луѓе ќе го видат спасението од Бога‘. ’Господ Бог ќе направи да никне правда и слава пред сите народи‘. ’Во тој ден Господ Саваот ќе биде убав венец и славна круна за остатокот од Својот народ‘.“ (Пророци и цареви, стр. 732,733) {МАР 371.4}

„Сè додека постојат небото и Земјата, саботата ќе биде знак на моќта на Творецот. Кога на Земјата повторно ќе процути Едем, Божјиот свет ден за одмор ќе го почитуваат сите под Сонцето. ’Од сабота во сабота‘ секој жител на прославената нова земја ќе доаѓа ’пред лицето Мое на поклонение, вели Господ‘. (Матеј 5:18; Исаија 66:23)“ (Копнежот на вековите, стр. 283) {МАР 371.5}

30 декември

Вечна сигурност

„И Господ ќе биде Цар над целата земја; во тој ден Господ ќе биде единствен и името Негово – едно единствено.“ (Захарија 14:9) {МАР 372.1}

„Со големиот план на спасението светот ќе биде вратен во својата првобитна состојба. Сè што било загубено со гревот, со Божјата милост повторно ќе биде вратено. Искупен е не само човекот, туку и целата земја да биде вечна татковина на послушните. Сатаната шест илјади години со сите сили се бори земјата да ја задржи под своја власт. Сепак, првобитната Божја цел, она заради што земјата и е создадена, конечно ќе се оствари. ’Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во векови‘ (Даниел 7:18). {МАР 372.2}

’Од исток до запад нека се прославува името на Господ‘ (Псалм 113,3). ’И Господ ќе биде Цар над целата земја‘ (Захарија 14,9). ’Верни се сите заповеди Негови, утврдени засекогаш‘ (Псалм 119,89; 111,7.8). Светите прописи што сатаната ги мразел и настојувал да ги уништи ќе бидат ценети и почитувани во целата безгрешна вселена. (Исаија 61,11)“ (Патријарси и пророци, стр. 342) {МАР 372.3}

„Преку Христовото дело на откупување е оправдана Божјата власт. Семоќниот е прикажан како Бог на љубовта. Сатанските обвинувања се побиени, а неговиот карактер откриен. Бунт веќе никогаш повторно не може да се подигне. Гревот веќе никогаш нема да се појави во вселената. Низ вечните времиња сите ќе бидат заштитени од отпаднишство. Со самопожртвуваноста на љубовта, жителите на Небото и на Земјата се поврзани со нераскинливи врски со својот Творец. ... {МАР 372.4}

На местото, каде што гревот изобилувал, Божјата милост ќе изобилува многу повеќе. Самата Земја, местото за кое сатаната тврди дека е негово, нема само да биде откупена, туку и возвишена. Нашиот мал свет, кој поради проклетството на гревот претставува единствена темна дамка во Неговото величествено дело на создавање, ќе биде издигнат над сите останати светови во Божјата вселена. Овде, каде што Божјиот Син престојувал во облик на човек, каде што Царот на славата живеел, страдал и умрел — овде, каде што Тој ќе создаде сè наново, ќе биде Божјиот шатор со луѓето, ’и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив – нивниот Бог‘. И низ бескрајните векови, додека спасените живеат во светлината на Господа, тие ќе Го фалат за Неговиот неискажлив Дар — за Емануел ’со нас е Бог‘.“ (Копнежот на вековите, стр. 26) {МАР 372.5}

31 декември

Што им подготвува вечноста на откупените

„Ќе му дадам многу денови и ќе му го јавам спасението од Мене.“ (Псалми 91:16) {МАР 373.1}

„Сите богатства на универзумот ќе им бидат достапни за проучување на откупените. Ослободени од смртта, тие ќе се вивнат со неуморен лет во далечните светови - светови кои, гледајќи ги човечките јадови, биле обземени од болка, а со песна ја прославувале радосната вест за некоја спасена душа. Со задоволство кое не се опишува, земните деца ќе се запознаат со радостите и со знаењето на оние суштества кои никогаш не паднале. Тие ќе земат учество во богатството на науката и знаењето што го стекнале овие суштества во текот на вековите проучувајќи ги Божјите дела. Слободно ќе ја набљудуваат славата на создавањето - Сонцето, ѕвездите и нивните системи, како сите по одреден ред кружат околу Божјиот престол. На сите созданија, од најмало до најголемо, е напишано името на Творецот и кај сите се гледа богатството на Неговата моќ. {МАР 373.2}

Како што годините на вечноста ќе поминуваат, ќе носат сè побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе растат и нивната љубов, стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, толку ќе биде поголемо нивното восхитување на Неговиот карактер. И додека Христос пред нив ќе ги отвора ризниците на новите сознанија, за делото на откупувањето и неверојатните достигнувања од големата борба со сатаната, така ќе се зголемуваат храброста и посветеноста на нивните срца. Со восхит и радост ќе ги земаат своите златни харфи и десет илјади по десет илјади и илјада илјади гласови ќе се слеат во силен хор на благодарност. {МАР 373.3}

’И секое создание на небото и на земјата, под земјата и во морето, и сè што е во нив, чув како зборува: ‘На Оној Кој седи на престолот, и на Јагнето – благослов и чест, слава и владеење во сите векови!’‘ (Откровение 5:13). {МАР 373.4}

Големата борба е завршена. Нема веќе грев и грешници. Целата вселена е чиста. Сè што создал Бог во бескрајната вселена, повторно чука со единствен пулс на хармонија и радост. Од Оној кој создал сè тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечниот простор. Од најмалиот атом, до најголемиот свет, сè што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост изјавува дека Бог е љубов.“ (Големата борба, стр. 677,678) {МАР 373.5}